**ВЛАДА НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

- **РЕВИЗИЈА** 2008 -

Скопје
Март 2008

**Напомена**: **Активностите во ревидираната програма започнуваат од** 01.01.2008 **година**

**Содржина**


1 **ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ** ..... 7

1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ..... 7
*1.1.1 СОБРАНИЕ* ..... 7
*1.1.2 ВЛАДА* ..... 7
*1.1.3 ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА* ..... 8
*1.1.4 ПРАВОСУДСТВО* ..... 10
*1.1.5 АНТИ-КОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА* ..... 11
1.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА ..... 13
1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ..... 16

2 **ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ** ..... 19

2.1 ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА ..... 19
2.2 СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОК ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ ..... 25

3 **СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ** ..... 35

3.1 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ ..... 35
*3.1.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ* ..... 35
*3.1.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ* ..... 35
*3.1.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ* ..... 40
*3.1.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ* ..... 44
*3.1.5 ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ* ..... 46
3.2 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ ..... 50
*3.2.1 ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД (ОПШТИ ПРИНЦИПИ) - ЕУРЕС* ..... 50
*3.2.2 ЕУРЕС* ..... 51
*3.2.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ* ..... 51
*3.2.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ* ..... 53
3.3 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ ..... 54
*3.3.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ* ..... 54
*3.3.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ* ..... 54
*3.3.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ* ..... 56
3.4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ ..... 59
*3.4.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ* ..... 59
*3.4.2 СИСТЕМИ НА ИСПЛАТА* ..... 60
*3.4.3 СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ* ..... 61
3.5 ЈАВНИ НАБАВКИ ..... 65
*3.5.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ* ..... 65
*3.5.2 КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО* ..... 65
*3.5.3 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ* ..... 66
*3.5.4 ПРАВНИ ЛЕКОВИ* ..... 67
3.6 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ..... 69
*3.6.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА* ..... 69
*3.6.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА* ..... 70
3.7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ..... 73
*3.7.1 АВТОРСКО И СРОДНИ ПРАВА* ..... 73
*3.7.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ* ..... 74
*3.7.3 СПРОВЕДУВАЊЕ* ..... 76
3.8 КОНКУРЕНЦИЈА ..... 78
*3.8.1 АНТИТРАСТОВИ ВКЛУЧУВАЈЌИ И СПОЈУВАЊА* ..... 78
*3.8.2 ДРЖАВНА ПОМОШ* ..... 79
*3.8.3 ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА* ..... 80
3.9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ..... 81
*3.9.1 БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ* ..... 81
*3.9.2 ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ* ..... 82
*3.9.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ* ..... 85
*3.9.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ* ..... 86
3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ ..... 88
*3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ* ..... 88
*3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО* ..... 91

*3.10.3 АУДИО ВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА ... 95*
3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ... 100
*3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА ... 100*
*3.11.2 ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ ... 102*
*3.11.3 РУРАЛЕН РАЗВОЈ ... 105*
*3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ... 106*
*3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ ... 108*
3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ... 109
*3.12.1 ОПШТО ... 109*
*3.12.2 ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТИКА ... 109*
*3.12.3 СТАВАЊЕ НА ПАЗАР НА ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА ... 111*
*3.12.4 ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА ... 112*
*3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА ... 115*
*3.12.6 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ... 115*
3.13 РИБАРСТВО ... 119
*3.13.1 УПРАВУВАЊЕ, ИНСПЕКЦИЈА И КОНТРОЛА НА РЕСУРСИ И ФЛОТИ ... 119*
*3.13.2 СТРУКТУРНИ АКТИВНОСТИ ... 119*
*3.13.3 ПАЗАРНА ПОЛИТИКА ... 120*
3.14 СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА ... 121
*3.14.1 ПАТЕН СООБРАЌАЈ ... 121*
*3.14.2 ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ... 123*
*3.14.3 ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ ... 126*
*3.14.4 КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ ... 127*
*3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ ... 127*
3.15 ЕНЕРГИЈА ... 131
*3.15.1 БЕЗБЕДНОСТ ПРИ СНАБДУВАЊЕ ... 131*
*3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА ... 132*
*3.15.3 ДРЖАВНА ПОМОШ ... 135*
*3.15.4 ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ... 135*
*3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ... 137*
*3.15.6 НУКЛЕАРНА ЕНЕРГИЈА ... 140*
*3.15.7 НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА ... 140*
3.16 ДАНОЦИ ... 143
*3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ... 143*
*3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ ... 145*
*3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ ... 147*
*3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА ... 148*
3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА ... 151
*3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА ... 151*
*3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА ... 153*
3.18 СТАТИСТИКА ... 156
*3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ... 156*
*3.18.2 КЛАСИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРИ ... 160*
*3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ ... 161*
3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ ... 169
*3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО ... 169*
*3.19.2 ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА ... 170*
*3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ... 172*
*3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД ... 173*
*3.19.5 СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ ... 177*
*3.19.6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ... 179*
*3.19.7 АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ... 181*
3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 184
*3.20.1 ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 184*
*3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 185*
*3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ ... 187*
3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ ... 190
*3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ ... 190*
*3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ ... 193*
3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ ... 197
*3.22.1 ПРАВНА РАМКА ... 197*
*3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ... 198*
*3.22.3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ... 200*
*3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ ... 201*

*3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ ........ 202*
*3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА ........ 202*
3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ........ 204
*3.23.1. СУДСТВО ........ 204*
*3.23.2. АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА ........ 209*
*3.23.3. ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ........ 213*
*3.23.4. ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ НА ЕУ ........ 215*
3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ........ 216
*3.24.1 МИГРАЦИЈА ........ 216*
*3.24.2 АЗИЛ ........ 219*
*3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА ........ 221*
*3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН – ЗОНАТА ........ 223*
*3.24.5 СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ ........ 227*
*3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ........ 230*
*3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ ........ 235*
*3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА ........ 238*
*3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА (види и Поглавје 29) ........ 240*
*3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО ........ 241*
3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 243
*3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ........ 243*
*3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ ........ 244*
*3.25.3 ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР ........ 245*
3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА ........ 246
*3.26.1 ПРОГРАМИ НА ЗАЕДНИЦАТА ........ 250*
*3.26.2 МЛАДИ ........ 250*
*3.26.3 КУЛТУРА ........ 251*
*3.26.4 ПРОГРАМИ НА ЗАЕДНИЦАТА ........ 252*
3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА ........ 255
*3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО ........ 255*
*3.27.2 ВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ ........ 261*
*3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ........ 264*
*3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА ........ 267*
*3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА ........ 270*
*3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ........ 273*
*3.27.7 ХЕМИКАЛИИ ........ 276*
*3.27.8 ГМО ........ 278*
*3.27.9 БУЧАВА ........ 279*
*3.27.10 ШУМАРСТВО ........ 281*
3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО ........ 285
*3.28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ........ 285*
*3.28.2 ЈАВНО ЗДРАВСТВО ........ 287*
3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА ........ 291
*3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА ........ 291*
*3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ........ 294*
3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ ........ 297
*3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА ........ 297*
*3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ ........ 298*
*3.30.3 РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА ........ 298*
*3.30.4 ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ........ 299*
3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА ........ 300
*3.31.1 ЕБОП ........ 300*
*3.31.2 ЗНБП ........ 300*
3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ........ 304
*3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА ........ 304*
*3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ ........ 308*
3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ ........ 312
*3.33.1 ТРАДИЦИОНАЛНИ СОПСТВЕНИ РЕСУРСИ ........ 312*

**4 АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ** ........ 315

4.1 Хоризонтални прашања – Реформа на јавната администрација ........ 315

**5 ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА A**CQUIS ........ 318

**6 ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА** ........ 321

**ВОВЕД**

Владата на Република Македонија во 2007 година ја донесе Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА).

Првата ревизија на НПАА – ревизијата за 2008 година - започна по објавувањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ, како и Предлогот на Партнерството за пристапување во ноември 2007 година. Владата ја утврдрди ревидираната НПАА на 4 март 2008 година. Владата, а исто така усвои и посебен план – Мерки и активности за реализација на одредниците (главните приоритети) од Партнерството за пристапување, што беше поддржан од Советот за евроинтеграција на Собранието на Република Македонија.

Методолошкиот пристап во ревизијата на документот е непроменет; тој ги опфаќа плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, потребната динамика за јакнење на институциите за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација.

Фокус на ревизијата на НПАА беше натамошна длабинска анализа на *acquis communautaire* и поврзување со националното законодавство, користејќи ги искуствата на државите кои минале низ скрининг процесот со ЕК. Се направи натамошен напор за посилно врзување и конзистентност на планирањето на активностите на НПАА со процесите на стратешко планирање, буџетско планирање и планирање на странската поддршка во државната администрација. Од технички аспект, ревизијата беше поддржана со посебно дизајнирана веб апликација, со што се овозможи натамошна надградба на базите на податоци поврзани со процесот на пристапување.

Во ревизијата на документот се вклучи целиот институционален механизам преточен во работни групи составени од претставници на министерствата и другите органи и институции на државната управа, за секое поглавје од *acquis communautaire*, вклучувајќи ги политичките и економските критериуми.

Клучни елементи при ревизијата на НПАА кои беа основа за проектирање на краткорочни и среднорочни приоритетни цели и активности беа:

- Наодите во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ
- Приоритетите наведени во Одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на ЕУ со Република Македонија
- Програмата за работа на Владата на Република Македонија (2006-2010)
- Стратешките планови на министерствата
- Буџетот на РМ за 2008 година
- Тековни и планирани проекти за странска помош

Програмата ја следи структурата на Копенхагенските и Мадридските критериуми, односно ги опфаќа следните делови:

- Политички критериуми,
- Економски критериуми,
- Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството,
- Административен капацитет
- Изготвување на Национална верзија на acquis communautaire
- Комуникација со јавноста

Програмата структурално е поделена на наративен дел и табеларен дел (анекси)

Наративниот дел ја претставува тековната состојба во сите поглавја (при што фокусот е на променетите околности во однос на НПАА 2007), како и клучните приоритети и задачи на легислативно и институционално ниво на краток рок (2008 година и среден рок 2009-2010 година).

Табеларниот дел е поделен во три прилози:
**Прилог** 1- Преглед на националните правни акти кои се предмет на усогласување со законодавството на ЕУ (со ЕУ мерките кои во нив ќе се транспонираат), со рокови за усвојување, надлежни институции и статус на постапката на нивното усвојување.
**Прилог** 2: Потребно кадровско зајакнување на институции
**Прилог** 3: Буџетски средства

Програмата е конципирана  земајќи го 1 јануари 2008 година како почетен датум за реализација на активностите.

Спроведувањето на НПАА редовно ќе се следи преку востановените механизми, кои се дополнително унапредени..

Секретаријатот за европски прашања на редовна основа ќе ја информира Владата на Република Македонија, Комисијата за европски прашања при Собранието на Република Македонија, Советот за евроинтеграција и релевантните служби на Европската комисија за статусот на реализација на програмата.

# 1 ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

## 1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

### 1.1.1 СОБРАНИЕ

Во Собранието на Република Македонија усогласени се целите и мерките на акцискиот план, насочен кон зајакнување на неговата улога. Утврдените цели ги опфаќаат: унапредувањето на улогата на Собранието и на пратениците, јакнење на ресурсите на Парламентот, поефикасен законодавен и контролен механизам, унапредена финансиска автономија на Собранието, унапредено планирање и организација на работата на Собранието, повисок степен на транспарентност и одговорност и поефикасен Деловник. Реализацијата на договорените мерки за остварување на утврдените цели ќе се остварува во целосна и континуирана консултација и координација на пратеничките групи во Собранието

Консензусот и структурите за европска интеграција во Собранието се зајакнати, по едногласното донесување на Резолуцијата за приоритетите на пристапувањето и формирањето на Национален совет за евроинтеграции, под претседателство на шефот на парламентарната опозиција и со вклученост на цивилниот сектор. Националниот совет, покрај постојната Комисија за европски прашања, ќе придонесува за висок степен на консензус за покрупните реформи потребни за исполнување потребните чекори на државата во 2008 година за добивање датум за отпочнување на преговори за пристапување во ЕУ во пресрет на донесување одлука за почеток на преговорите за членство.

Натаму ќе се продлабочува улогата во Собранието во програмирањето, реализацијата и контролата врз остварувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, базирана на согласноста за приоритетите на пристапниот процес.

Новодонесениот Закон за Комитетот за односи меѓу заедниците (Службен весник на РМ, бр.150/07) и интензивирањето на работата на Комитетот ќе придонесат за јакнење на меѓуетничката доверба и доследна примена на Бадинтеровото двојно мнозинство.

Во 2008 година ќе се пристапи кон измени и дополнувањата на Изборниот законик со цел да се надминат утврдените недоследности во поглед на дефинирање на изборната кампања и нејзиното финансирање, да се допрецизираат на одредбите за заштита на избирачкото право, да се подобри изборниот процес, како и да се усогласат прекршочните одоедби. Се планира преминување на целосната надлежност за водењето на Избирачкиот список и евиденцијата на избирачкото право на Државната изборна комисија. Се предвидува и уредување на начинот и постапката на гласањето на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа и престој во странство,

Во првиот квартал на 2008 година ќе се изврши изборот на упразнетите места за членови на Уставниот суд.

### 1.1.2 ВЛАДА

Ќе продолжи и ќе зајакне системот на постојани консултации и соработка меѓу Владата и претседателот на државата во остварувањето на нивните уставни функции.

Владата ќе продолжи интензивно да ја спроведува Програмата за работа и утврдените стратешки приоритети за 2008 година согласно Одлуката за утврдување на Стратешките приоритети на Владата во 2008 година (Службен весник на РМ, бр. 82/07): зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард на граѓаните на РМ, добивање на полноправно членство на РМ во НАТО; продолжување со активностите за започнување на преговори за членство на РМ во ЕУ.

Децентрализацијата ќе продолжи да се спроведува согласно донесените Програма за децентрализација и Акциски план за спроведување на Програмата за децентрализација 2008-2010. Фокусот на Програмата и планот е ставен на подобрувањето на условите за пренесување на веќе пренесените надлежности, како и на трансферот на преостанатите надлежности. Покрај продолжувањето на фискалната децентрализација, градењето на капацитетот на општините, подготовката на општините за пристапување во ЕУ и подобрувањето на условите за меѓуопштинска соработка, Програмата предвидува и редовна комуникација со јавноста, како и адекватен назор и мониторинг на вршењето на сите пренесени надлежности. Меѓу приоритетите на Програмата е помагање на општините кои не се квалификувале за втората фаза на фискалната децентрализација. Важен аспект на програмата е воведувањето минимум стандарди за услуги и

усогласување на доволно ресурси за нивна испорака на граѓаните, за што на краток рок се предвидува проценка и анализа на фискалниот капацитет на секоја општина. Со донесените програмски документи се предвидуваат и мерки за изградба на капацитетот на општините за управување со земјиштето во државна сопственост. Процесот на децентрализацијата ќе се остварува во целосна соработка меѓу Владата и Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС).

### 1.1.3 **ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА**

Приоритет во реформата на јавната администрација е целосното спроведување на Законот за државните службеници во сите негови аспекти, зајакнување на системот за напредување врз основа на заслуги, како и воспоставувањето координиран систем на континуирана обука.

Во оваа насока, доследно ќе се спроведува системот на работни места, вграден во постојниот ЗДС, според кој единствен начин за напредување во кариерата е преку објавување на јавен оглас отворен за влез на сите нивоа на кој легитимно можат да конкурираат и веќе вработените државни службеници.

Се предвидува во 2008 година да се обезбеди примена на Главата IV од ЗДС„ Систем на плати и надоместоци на плати на државните службеници", за да се овозможи примената на исклучителната компонента на платата, која овозможува додаток на плата за кариера, со што се вреднува професионалноста на државниот службеник. За операционализација на примената ќе се изработи Упатство за примената на Главата IV од ЗДС, а Министерството за финансии ќе направи проценка за обезбедување на средствата.

Процесот на оценување на државните службеници ќе се изврши навремено и целосно во согласност со соодветниот Правилник донесен од Агенцијата за државни службеници, при што ќе се надминат слабостите утврдени во Анализата за спроведениот процес на оценување во 2006  година.

Во насока на обезбедување доследно спроведување на Законот за државни службеници, Агенцијата за државни службеници ќе ги спроведува постапките за вработување и ќе дава согласност на актите за систематизација и внатрешна организација согласно донесените уредби за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа и за описот на звањата на државните службеници и ќе известува за одлуките на Второстепената комисија на АДС за жалби и преговори на државни службеници.

Во врска со ефективно спроведување на Етичкиот кодекс за државните службеници, АДС ќе известува за бројот и исходот на поведени дисциплински постапки против државните службеници и ќе воведе обврска за врачување на примерок од Етичкиот кодекс при вработувањето.

Натаму ќе се усовршуваат постапките за селекција и вработување на државните службеници, преку нивно поедноставување, преку надградби на софтверот за електронско пријавување и обработка на пријавите за вработување на државните службеници, подобрување на комуникацијата со кандидатите за државни службеници.

Во текот на 2008 година предвидена е и подготовка на Анализа на Законот за државните службеници со цел  детектирање на слабостите од примената на законот и утврдување на прашањата кои треба да се доуредат или поинаку да се уредат.

На крајот на третиот кварата на 2008 година ќе биде донесена Стратегија за обука на државните службеници, со која ќе се воспостави координиран систем на континуирана едукација на државните службеници. Доследно ќе се применуваат обврските за доставување на податоците за државните службеници (кои вклучуваат и обуки) пропишани од АДС, неопходни за обезбедување ажурирани податоци во единствениот Регистер на државни службеници.Понатаму, ќе се воспостави  поврзување на Ф-1 базата за плати на Министерството за финансии со Регистерот на државни службеници на АДС. (види и Поглавје IV Административен капацитет)

Ќе биде зајакнат капацитетот на Агенцијата за државни службеници, за да се обезбеди успешно спроведување на горенаведените мерки. Покрај тоа, ќе се обезбеди континуирана соработка и размена на податоци меѓу Министерството за финансии и Агенцијата за државни службеници. (види Поглавје IV Административен капацитет)

Приоритет ќе претставува формирањето и зајакнувањето на единиците за развој на човечки ресурси, чие формирање е задолжително согласно Уредбата за внатрешна организација на органите на државната управа, а ќе се развијат активностите на веќе формираната мрежа на одделнијата за човечки ресурси. Ќе се реализира посебна програма за обука на овие одделенија. (види Поглавје IV Административен капацитет)

Покрај корпусот на државните службеници, ќе се започне со регулирањето на единствени основи за статусот и условите за вработување на јавни службеници.

Ќе продолжи јакнењето на капацитетите за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа. По успешно спроведениот процес на стратешко планирање за 2007 година, кога сите министерства донесоа стратешки планови, според единствена методологија, се планира натамошно унапредување на процесот преку подобрување на методологијата на планирање, како и унапредување на обуките. Натамошната хармонизација на процесите на стратешко и буџетско планирање и Националната програма за усвојување на правото на ЕУ ќе се реализира преку воспоставениот механизам на координација, со подобрување на алатките на планирање и мониторинг. (Види Поглавје IV Административен капацитет).

Ќе се реализира Стратегијата и Акцискиот план за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, донесени во 2007 година. Стратегијата и планот содржат детални мерки и активности, групирани според следните стратешки цели: надградување на правната рамка, учество на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките, остварување меѓуинституционална соработка, остварување меѓусекторска соработка, вклученост на граѓанскиот сектор во процесот на интеграција на ЕУ, создавање услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор и постојан развој на граѓанскиот сектор. Во согласност со Стратегијата, Владата го донесе Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, кој е основа за финансирање на проекти на невладините организации од страна на Владата на транспарентен начин. Согласно Акцискиот план, ќе се донесе нов Закон за здруженија на граѓани и фондации.

За подобрување на системот на консултација на заинтересираните страни во подготовката на законодавството, че се измени и дополни на Деловникот за работа на Владата со обврска за достапност на предлогот на законите за јавноста преку интернет-страниците на министерствата.

Концептот е-влада ќе продолжи да се реализира преку повеќе проекти. (Види Поглавје IV Административен капацитет).

Ќе продолжи да се спроведува системот на квартално разгледување на извештаи за постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, министерствата и комисиите на Владата за решавање на управна постапка во втор степен, заради обезбедување целосна одговорност на органите на државната управа. Ќе се спроведува и механизмот Граѓански дневник заради мониторинг на остварувањето на функциите на државата кон граѓаните.

Со цел целосна имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, покрај јакнењето на капацитетите на Комисијата, се предвидува и интензивирање на обуките за имплементација на Законот. Комисијата ќе ја реализира и Програмата за соработка со единиците на локалната самоуправа.

Предвидено е и донесување на Закон за постапување по претставки и предлози во конктекст на имплементација на изменетата концепција на судска заштита од управните акти на извршната власт.

По воспоставувањето на нова организациона структура на полицијата, Стратегијата и Акцискиот план за реформа на полицијата се спроведуваат со висок степен на реализација; се оствари напредок во деконцентрацијата на полицијата, преку формирањето на осумте сектори за внатрешни работи.
Законот за полиција почна да се применува од 11.11.2007. Од предвидените 64 подзаконски акти од Законот за полиција, преостануваат да се донесат уште 7 кои ќе бидат донесени на почетокот на 2008 година. За практична имплементација на најважниот подзаконски акт - Правилникот за вршење на полициските работи (донесен во ноември 2007 година) се реализира посебен план на дисеминација и обуки, според кој до јуни 2008 година ќе бидат опфатени сите припадници на полицијата. Воедно, МВР ќе публикува и брошури во кои подетално ќе бидат објаснети одредбите од Законот за полиција, Правилникот за начинот на вршење на полициски работи и останатите законски и подзаконски акти со кои се регулира полициското работење.

Се предвидува до крајот на мај 2008 година да заврши постапката за избор на преостанатите 16 командири на полициски станици од општа надлежност (досега се избрани се 22 командири). Планирана е посебна обука за лидерство и менаџмент за новоназначените командири и нивните помошници, според веќе подготвена програма.

Согласно утврдените цели и приоритети во Стратешкиот план за 2008-2010 година, во текот на 2008 година ќе се зајакнат капацитетите на новоформираното одделение за управување со човечки ресурси во МВР, кое во координација со надлежните организациони единици во Министерството во првата половина од 2008 година ќе изготви Стратегија за управување со човечки ресурси и обука на полицијата. Со формирањето, пак, на Сектор за организација, стратешко

планирање и развој на полицијата, чија основна надлежност за зјакнува функцијата на поддршка во реформите на полицијата согласно европските стандарди и најдобри практики. Се предвидува и основање на посебна организациона единица во рамките на Министерството за внатрешни работи - Центар за обука, со што континуираното образование на припадниците на МВР, ќе се префрли од Полициската академија на Министерството за внатрешни работи. За таа цел, предвидени се измени на Законот за внатрешни работи и Законот за полициска академија. Во Центарот ќе се реализира основната обука за полицаец, специјалната обука и обука за раководење во подрачје на безбедноста (менаџмент во безбедноста) на работниците во Министерството за внатрешни работи врз основа на наставни планови и програми, кои ги донесува министерот за внатрешни работи. Обуките ќе се одвиваат согласно Годишниот план за обуки за 2008 година (донесен во декември 2007 година) кој предвидува основна и специјализирани обуки за полицијата и напредна и специјалистичка обука за граничната полиција. Основните обуки за полицаец ќе се одвиваат според усвоената Програма за основна обука на полицаец. Согласно Стратешкиот план на МВР ќе се реализира и програмата "Градење на партнерски однос граѓанин- полиција" која треба да придонесе за понатамошно зацврстување на довербата меѓу полицијата и граѓаните, како и информирање на граѓаните за сервисот на полицијата.

**(види и Поглавје** 24 **Правда**, **слобода и безбедност**, **подрачје Полициска соработка и борба против организиран криминал**)

Во насока на унапредено извршување на законите, зголемување на надзорот врз инспекциските служби и унапредување на координацијата, се предвидува донесување Закон за вршење инспекциски надзор, како и правилник за вршењето на надзорот од страна на управната инспекција. Јакнењето на капацитетите на управната инспекција ќе придонесе за унифицирање на постапките и практиките на инспекциски надзор.

Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија ќе ја зајакне својата централна и насочувачка улога во координација на политиките во насока на интеграција во ЕУ, за имплементација на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, за подготовки за преговори за членство во ЕУ (согласно утврдената Институционална платформа и принципи за преговори за членство на Република Македонија во ЕУ), спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и за координација за претпристапната помош на ЕУ и другата странска помош. Формираните сектори за ЕУ во министерствата и натаму ќе се зајакнуваат – преку нови вработувања, континуирани обуки и унапредување на работата на мрежата на секторите за ЕУ. Ќе се интензивира работата на работните групи за Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и за преговарачки стојалалишта, при што посебен акцент ќе се стави на вклучувањето на заинтересираните страни. Хармонизацијата на процесите на стратешко планирање и буџетирање, конзистентно со приоритетите на пристапувањето, за да се обезбеди навремена и квалитетна подготовка на прописите со кои се транспонира законодавството на ЕУ и се исполнуваат приоритети од Партнерството за пристапување ќе се остварува преку воспоставената координација на Секретаријатот за европски прашања, Генералниот секретаријат на Владата и Министерството за финансии. Базата на податоци за Националната програма за усвојување на правото на ЕУ ќе биде и натаму достапна за јавноста преку веб-страната на Секретаријатот, вклучувајќи ги и извештаите за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, за да се обезбеди транспарентност и вклученост. Натаму ќе се унапредува методологијата за транспонирање на законодавството за ЕУ, задолжителната потврда на усогласеноста од страна на Секретаријатот за законодавство и зајакнување на капацитетите на линиските министерства, преку континуирани обуки.

Ќе се спроведува редизајнираниот систем на мониторинг на имплементацијата на планираните и преземените обврски, кој вклучува поригорозорен мониторинг на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација  Воспоставениот систем на континуирано следење на обврските кои произлегуваат од Партнерството за пристапување на седницата на Владата на Република Македонија ќе продолжи преку редовните седмични седници, како и месечните тематски седници за приоритетите на пристапувањето.

### 1.1.4 **ПРАВОСУДСТВО** (**види**: **Поглавје** 23 **Правосудство и фундаментални права**)

Судскиот совет, конституиран согласно Амандманите на Уставот на Република Македонија во полн капацитет ја врши својата основна функција – избор на судиите и нивно разрешување..Советот, согласно донесениот правилник за следење и оценување на работата на судиите, ќе започне да ја остварува и оваа нова надлежност.

Донесени се Законот за Совет на јавни обвинители и Закон за јавното обвинителство. Се планира конституирање на Советот на јавни обвинители во привиот квартал на 2008 година. Согласно новиот закон, ќе се формираат и Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Вишо јавно обвинителство во Гостивар. По конституирањето на Советот ќе започне изборот на јавни обвинители за испразнетите места и за обвинителите на кои им е истечен мандатот. За да се поддржат зајакнатите надлежности на јавните обвинители во пред-истражната постапка

планирано е зголемување на бројот на обвинители, стручните обвинителски службеници и административен персонал во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција согласно зголемените надлежностии, како и обезбедување нови простории.

Се предвидува Советот за јавни обвинители да донесе и одлука за изградба на модел за база на податоци за истраги и негова имплементација.

Ќе се измени и дополни Законот за кривична постапка, со кои се предвидува за точно определени кривични дела во врска со корупцијата да биде овозможена употребата на специјалните истражни мерки.

За имплементација на Стратегијата за казненото законодавство донесена во јуни 2007 година, се предвидува донесување на нов Закон за кривична постапка и Кривичен законик со кој надлежноста за водење на истрагата во целост се префрла во рацете на јавните обвинители. Заедничка заложба на Владата на Република Македонија и на правосудните органи е до крајот на 2009 да започне да се применува новото кривично законодавство кое ќе предвидува истрагата да ја раководи јавното обвинителство.

Етаблирани се Управниот суд и Апелационен суд во Гостивар и истите се целосно функционални. Во Управниот суд се избрани 18 судии додека во во Апелациониот суд во Гостивар, 11 судии. Во тек е јакнење на стручно-админситративниот капацитет: предвидено е вработување на 24 судски службеници со Управниот суд (за дополнување на веќе преземените 8 вработени) и 16 судски службеници во Апелациониот суд во Гостивар. Согласно Стратегијата еден од непосредните цели од формирањето на посебен Управен суд е надминување на едно од тесните грла во судството односно ажурно решавање на предметите по управен спор за кои досега беше надлежен Врховниот суд. Критериум за успешност на функционирањето на Управниот суд ќе биде способноста на краток рок да се решат заостанатите предмети и ажурно да се започне со решавање на приливот од нови предмети.

Академијата за обука на судии и обвинители во текот на 2007 постигна целосна функционалност и започна со реализација на двете клуни цели – иницијална обука на судии и обвинители и континуирана обука на постоечките судки и обвинителски кадри. 27-те кандидати за судии и обвинители го завршија теоретскиот дел од обуката и го започнуваат практичниот дел под надзор на ментор кој ќе трае 10 месеци. Во 2007 Академијата започна со изведување на континуираната обука за чија цел беа изработени следниве програми: Програмата за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители, Програмата за постојано стручно усовршување на стручните службеници во судовите и обвинителствата, Програмата за постојано стручно усовршување на раководните службеници и стручно - административните службеници во судовите и јавните обвинителства, Програмата за првична интензивна обука на судиите избрани во Управниот суд

Во декември 2007 година во насока на реализација на Програмата за постојано стручно усовршување за 2008 година, Академијата изготви: Календар со планирани обуки за постојано стручно усовршување за 2008 година, Детален календар на планирани задолжителни обуки за постојано стручно усовршување на судии, јавни обвинители и стручни соработници за јануари – февруари 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки на претседатели на судови и шефови на јавни обвинителства за 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на стручни соработници за 2008 година, Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на раководни службеници и стручно административни службеници во судовите и јавните обвинителства за 2008 година и Рамковен календар на планирани обуки за постојано стручно усовршување на административни судски и обвинителски службеници за 2008 година.

До јуни 2008 година ќе се усогласат сите закони кои предвидуваат прекршочни одредби со Законот за прекршоци.
Се планира донесување на Упатство на Врховниот суд/Апелационите судови за ажурно постапување на судовите по прекршочните предмети кои се застарени (носење на решенија за застареност со што истите бе се избришале од евиденциите за заостатокот на предмети).

Непосредна краткорочна цел по однос на воведување на информатичка технологија во судството е ставање во функција на иновираниот Судски информациски систем (СИС) во сите судови. До септември 2008 година се очекува профункционирање на судскиот информациски систем во неколку избрани судови.

### 1.1.5 **АНТИ-КОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА** (**види**: **Поглавје** 23 **Правосудство и фундаментални права**)

Во јануари 2008 година се формираше Совет на Владата за спроведувањето на Акцискиот план за борба против корупцијата кој ќе биде надлежен за: координација, следење и обезбедување имплементација на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план на Владата за борба против корупцијата 2007-2011; следење на спроведувањето на анти-

корупциското законодавство од страна на органите и институциите кои се во надлежност на Владата; следење на спроведувањето на обврски од ратификуваните меѓународни договори во областа на анти-корупциската политика; координација на Владините анти-корупциски политики; усвојување на одлуки неопходни за спроведување на анти-корупциските мерки, особено за оние за кои се потребни финансиски алокации;оценка и предлагање ревизија на постоечкиот Акциски план на Владата за борба против корупцијата.

Со цел натамошно сузбивање на корупцијата, ќе продолжи импементацијата на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата на Државната комисија за спречување на корупцијата и Акцискиот план на Владата на РМ за борба против корупција, со вклучени буџетски импликации на Акцискиот план.

Во насока на спроведување на препораките на ГРЕКО (прв и втор круг на евалуација) ќе се спроведат следните активности:
- Воспоставување на критериуми за за постапување и одлучување по барања за одземање на имунитет на пратениците во Собранието преку измена на Деловникот за работа на Собранието;
- Обуки наменети за судии и јавни обвинители и органи за спроведување на законот за практична примена на одредбите за конфискација и заплена на приносите од криминал со цел имплементација на законската регулатива за конфискација и заплена на приносите од криминал;
- Усвојување на Етичкиот кодекс на членовите на Владата и носители на јавни функции и обуки за практична примена на Етичкиот кодекс за државните службеници во однос на обврската за пријавување на сомневање за корупција, како и воведување кодекси на однесување за сите јавни службеници, во кои ќе бидат вклучени и јасни правила за пријавување на сомневања за корупција.
- Со цел доусогласување со член 18 од Кривичната конвенција за корупција на Совет на Европа законски ќе се доуреди прашањето за одговорност на правните лица за кривичното дело противзаконско посредување.
- Усвојување на Закон за јавните службеници – во насока на воспоставувањето на регулативна рамка на модерни административни принципи за голем број јавни службеници кои не се државни службеници, а која ќе соодветствува, до степен кој е возможен, на прописите кои се применуваат во однос на државните службеници
- Обуки за полицијата, обвинителите и судиите за корпоративна одговорност на правните лица и спроведување кривични истраги против правни лица.

Ќе продолжи понатамошното зајакнување на целокупната соработка и координација меѓу надлежните органи за борбата против корупција и спроведување на Меморандумите за соработка и континуирана размена на податоци и доставување на одделни закони на мислење до ДКСК.
Во насока на подобрување на системот на електронско собирање и размена на податоци помеѓу надлежните институции за борба против корупцијата, ќе се воспостави мрежно поврзување на базите на податоци на овие институции.

Заради имплементација на Законот за спречување на судир на интереси ќе се донесе Програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.

За зголемување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии ќе се доуреди прашањето за финансирањето на изборните кампањи, спроведувањето надзор над материјално-финансиското работење на политичките партии и ревизија на добиените донации на политичките партии.

Во насока на успешна примена на новите измени на Законот за спречување на корупцијата во врска со имотната и материјалната состојба со измените на Законот за Управата за јавни приходи ќе им се дадат посебни овластувања на државните службеници. Со законската интервенција се овозможува ДКСК во соработка со УЈП да вршат проверка на имотно-материјалната состојба.

Со цел целосна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе се изготви Анализа во која ќе бидат содржани натамошни мерки и активности по однос на ова прашање и обуки за давателите на информации од јавен карактер.

Заради континуитет на ефикасното справување со корупцијата како резултат на обемот на работа, ќе се зајакнат институционалните и кадровските капацитетите ДКСК, МВР и ЈОРМ и ќе се обезбедат соодветни просторни услови и техничка опрема за примена на специјални истражни мерки. Со цел натамошна ефикасна борба против корупција ќе се продолжи со регионалната и меѓународната соработка со релевантите институции.

Заради, зајакнување на улогата на УЈП и ДКСК за евиденција на имотот и проверка на анкетните листови за имотната состојба предвидено е креирање и ажурирање на база на податоци во ДКСК за евиденција на имотот и мрежно

поврзување со базата на податоци на УЈП.  За користење на новиот систем за собирање и размена на податоци ќе се спроведат обуки за вработените во Секретаријатот на ДКСК и во УЈП.

## 1.2 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА

### ЧОВЕКОВИ ПРАВА

За период од 10 години[1], во кој **Европскиот суд за човекови права** (**ЕСЧП**) го следи и цени почитувањето на човековите права од страна на Република Македонија, против државата заклучно со 31 декември 2006 пред судот активни се 980 апликации. Согласно со критериумите за допуштеност, утврдени во член 35 на Конвенцијата, заклучно со 31 декември 2007 година, од ЕСЧП до Владата на Република Македонија  доставени се вкупно 100 предмети за одговор. Од вкупно 100-те комуницирани предмети, од ратификацијата па до денес 53 се доставени до Владата на РМ на одговор во текот на 2006 и 2007 година. ЕСЧП има донесено  31 пресуда, од кои во 27 пресуди констатирани се повреди на човековите права загарантирани со Европската конвенција. 20 пресуди се однесуваат на повреда на правото на судење во разумен рок предвидено во членот 6 став 1 од Конвенцијата. една (1) во членот 3 - немање на ефикасна истрага, четири (4) за нефер судење, две (2) за немање на ефективно домашно правно средство и две (2) за правото на сопственост. Темите поврзани со Европската Конвенција за човекови права, вклучително и јуриспириденцијата на ЕСЧП се инкорпорирани во курикулумот на Академијата за обука на судиии и јавни обвинители. Одлуките на ЕСЧП во предмети против Република Македонија редовно се објавуваат во превод на македонски јазик.

Согласно новите правила за следење на имплементацијата на пресудите од страна на Комитетот на министри, откако ќе биде предмет на анализа, за секоја пресуда со која е констатирана повреда на правата предвидени во Европската Конвенција за човекови права и основни слободи, потребно е да биде изготвен соодветен акционен план за имплементација, кој потоа ќе биде доставен до Комитетот на министри на Советот на Европа. Комитетот врз основа на понатамошни барања за информации за процесот на имплементација на предвидените акциони планови ќе го цени процесот и степенот на доследно извршување на пресудите на ЕСЧП од страна на Република Македонија.

Со цел извршување на пресудите на ЕСЧП против Република Македонија по однос на воведување на ефикасно средство за заштита на правото на судење во разумен рок, во тек е постапка за усвојување на  дополнувања на Законот за судовите.

Во согласност со ставовите на ЕСЧП по однос на ефикасни истраги и постапки во поглед на тортурата, а во функција на превенција и доследна имплементација на пресудите донесени од страна на Судот, ќе се изврши оцена на потребите и усвојување на соодветни измени во законската регулатива со цел обезбедување на ефикасни истраги во случај кога како сторители на кривичните дела се јавуваат вработени во органите на државната управа.

Со цел да се овозможи извршување на пресудите на ЕСЧП согласно новата пракса на Советот на Европа која наложува изготвување на детални акциони планови за секоја пресуда пооделно што создава потреба за поефикасна координација со други органи и институции во рамки на државата, ќе се редефинира статусот и делокругот на Меѓуресорското тело за човекови права при Владата на РМ.

Со цел ефикасно спроведување на активностите поврзани со предметите пред ЕСЧП, подготвувањео на обсервациите во однос на предметите кои се комуницирани, извршувањето на пресудите, нивниот превод и дисеминација, како и активностите околу законски и други измени неопходни со цел извршување на пресудите, но и континуирано усогласување со судската пракса на Европскиот суд за човекови права, предвидено е зајакннување на кадровските капацитетите на Одделението за поддршка на Владиниот агент, како и обука за процесот на следење на извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права и специјализирани обуки за судска пракса на ЕСЧП по одделни области.

Во правец на намалување на пресудите со констатирани повреди на правото за фер судење во разумен рок од ЕСЧП, во 2009 ќе се изготви Анализа за дејствија на надлежните судови кои не претставуваат оправдување за прекумерното траење на постапките, како и Анализа на законските решенија во процесните закони со кои се предвидува можност за повторување на постапката пред  домашните органи по пресуда на Европскиот суд за човекови права, и ефектите од истите. Заради зголемување на свеста на општата и стручната јавност за значењето на праксата и последиците од пресудите на ЕСЧП, ќе се изготват периодични изданија на коментари на судска пракса на Европскиот суд за човекови права, ќе се утврди методологија и воспостави механизам за континуирано следење и анализа на усогласеноста на домашното законодавство со судската пракса на Европскиот суд за човекови права

[1] Европската конвенција за човекови права и основните слободи од страна на Собранието на Република Македонија беше ратификувана на 10.04.1997 година

Во рамки на реформата на малолетничкото законодавство донесен е **нов Закон за малолетничка правда**, во кој се операционализирани стандардите утврдени во ратификуваните меѓународни конвенции и документи за правата на детето:[2] Имајќи ги предвид овие стандарди, Законот се заснова врз следните начела: заштита на малолетникот и неговите права, социјализација и помош во постапувањето со малолетникот, ресторативна правда и превенција на малолетничката деликвенција.

Со цел ефикасна имплементација на Законот за малолетничка правда донесен е Акциски план (2008-2009) во кој се утврдени активнотите, роковите и надлежните институции за негова реализација. Согласно Акцониот план предвидено е институционално и кадровско доекипирање на Центрите за социјална работа, формирање на Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво како самостоен и независен орган, составен од 15 члена избрани од Собранието на Република Македонија. Исто така, ќе се формира и Фонд за обештетување на малолетници – жртви на кривични дела, со кој ќе управува Државниот совет за превенција на малолетничко престапништво. Фондот се формира во износ од 2% од средствата што во Буџетот на Република Македонија се собираат од паричните казни изречени од страна на судовите за кривични дела или прекршоци, а се наплатени од претходната година.

Со цел заокружување на правната рамка утврдена со Законот за малолетничка правда предвидено е донесување на подзаконски акти, со кои ќе се ефектуира водењето на евиденција на децата во ризик и малолетните сторители на кривични дела во центрите за социјална работа, примената на мерките на помош и заштита и извршувањето на алтернативните мерки изречени на малолетните сторители на кривични дела. Согласно Законот за малолетничка правда ќе се воведе и единствена евиденција на изречените санкции за кривични дела и прекршочни санкции на малолетник и помладо полнолетно лице во Основниот суд Скопје I Скопје.

За имплементација на Законот, ќе се донесат и подзаконски акти за нормативите и стандардите за посебните простории за задржување на малолетникот во МВР и за работа со деца и малолетници во ризик во ЦСР.

Државниот совет за превенција од малолетничко престапништво во текот на 2009 година ќе донесе Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво со која треба да се утврдат принципи и насоки во превенцијата на малолетничкото престапништво.

Воедно, ќе се спроведе почетна обука за социјалните работнитци за новите концепти на Законот за малолетничка права, како и спроведување на општа и специјализирана обука на полициските службеници (унформирани и неуниформирани), овластените службени лица, стручните тимови при центрите за социјална работа, судиите, јавните обвинители, адвокатите.

Заводот за социјални дејности ќе работи на зајакнување на мрежата на едукативните центри за групна работа со родителите, во рамките на Центрите за социјална работа каде оваа форма на работа сеуште не е застапена, како вонинституционална форма на заштита на децата во ризик и малолетните сторители на кривични дела. Предвидено е зголемување на бројот на постоечките центри, односно до крајот на 2009 година ќе бидат воспоставени уште осум .

Исто, така за работа со деца (сведоци, жртви или престапници) во секој центар за социјална работа ќе се обезбедат и опремат соодветни простории.

Согласно Законот за малолетнички правда, а заради извршување на воспитната мерка „Упатување во Дисциплински центар за малолетници," односно за примена на соодветен, краткотраен и интензивен психо-социјален и педагошки третман на малолетникот до крајот на 2009 година ќе се отвори Дисциплински центар во Скопје. _Воедно, ќе се изврши релокација на воспитно поправниот дом за малолетници, со што истите ќе бидат во целост издвоени од полнолетните лица и каде што ќе има соодветни услови кои ќе ги обезбедат нивните специфични потреби, ментално и физичко здравје и ќе овозможат нивна целосна рехабилитација и реинтеграција во општеството. Континуирано ќе се спроведуваат специјализирани обуки за малолетничко престапништво за судии, јавни обвинители, адвокати, овластени службени лица на МВР и стручните тимови од центрите за социјална работа.

Во Република Македонија **пенитенцијарниот систем** е поставен во определена хоризонтална и вертикална поврзаност, како единствен и заокружен систем на казнено-поправни установи. Во така поставениот систем работите на извршувањето на санкции се во надлежност на Управата за извршување на санкциите. Казната затвор се извршува во казнено-поправни

[2] Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето со Протоколот за инволвирање деца во вооружени конфликти и Протоколот за трговија со деца, детска порнографија и детска проституција, Конвенцијата за борба против транснационален организиран криминал со Протоколот против трговија со луѓе особено жени и деца, Ријадските правила на Обединетите нации за превенција на малолетничка деликвенција од 1990 година и Препораката на Советот на Европа бр.П (87) 20 за социјална реакција на малолетничката деликвенција.

установи, додека воспитната мерка упатување во воспитно-поправен дом се извршува во воспитно-поправни установи. Сите установи имаат својство на правно лице. Казнено-поправните установи можат да бидат казнено-поправни домови и затвори, а според степенот на безбедност се делат на казнено-поправни установи од отворен, полуотворен и затворен вид. Во Република Македонија моментално функционираат 9 казнено-поправни и 2 воспитно-поправни установи, во кои редовно се вработени вкупно 525 лица.

Со цел заокружување на правната рамка за целосна имплементација на Законот за извршување на санкциите ќе се донесат преостанатите подзаконски акти заради подобрување на материјалните и безбедносните услови, како и контролните механизми во казнено – поправните установи.

Во насока на подобрување на условите на **казнено-поправните установи**, согласно Програмата за реконструкција во тек се градежни активности за формирање на уште една казнено-поправна установа од затворен вид - казнено-поправен дом Штип . Со цел инфраструктурното зајакнување на КПУ – Идризово и Прилеп во тек се градежни работи за подобрување на сместувачките капацитети. За останатите установи реконструкцијата и санацијата ќе продолжи по добивањето на кредит од ЕБРД за што веќе е започната процедурата во 2009 година а се планира подобрување на условите во, КПД Идризово, затворите во Штип, Струмица, Охрид, Куманово, Тетово, Битола, Гевгелија, и изградба и опремување на Дом-болница. Заради растоварување на притворскиот и осуденичкиот капацитет, предвидено е формирање на 3 казнено-поправни установи од полуотворен вид. Имено, затворот Прилеп веќе функционира, и целосната реконструкција е финализирана. Во првиот квартал на 2008 година треба да профункционира и затворот Струмица, а затворот Куманово се очекува да биде ставен во функција во првиот квартал 2009 година.
Во тек се активности за обезбедување на материјални и кадровски услови за перманентно функционирање на тренинг-центарот за обука на вработените. За зајакнување на административните капацитетите на УИС и КПУ ќе се изврши натамошно кадровско доекипирање, како и спроведување на континуирана обука во однос на обезбедувањето, здравствена заштита, превоспитување и ресоцијализација .

Во насока на унапредување на соработката со **Народниот правобранител** предвидено е спроведување на јавна кампања за запознавање на граѓаните со надлежностите на НП, одржување на тркалезни маси со локалната самоуправа и со државните службеници на централно ниво и вработените во самата институција, како и спроведување на соодветни обуки. Со цел мрежно поврзување на подрачните канцеларии на НП ќе се изготви нова софтверска апликација. За зајакнување на административниот капацитет ќе се доекипира НП.

**ПРАВА НА МАЛЦИНСТВАТА**

Стратегијата за правична застапеност донесена во 2007 година и Акцискиот план за нејзина реализација се основата за натамошното унапредување на правичната застапеност на заедниците кои не се во мнозинство. Согласно овие документи, ќе се подготват насоки и упатства за предвидување на работни места во систематизациите за кои е потребно познавање и на јазиците на заедниците кои не се во мнозинство, во однос на постапките за прием и селекција на кандидати за вработување, како и мерки за обука. Ќе се донесе план за вработување за соодветна и правична застапност. Во рамките на спроведувањето на Стратегијата за правична застапеност, ќе се спроведува и Стратегијата за комуникација со јавноста. Секторот за Рамковен договор прерасна во Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор. Секретаријатот, меѓу другото, ќе доставува до Владата редовни тримесечни извештаи за спроведување на Стратегијата, врз основа на утврдени процедури. За реализацијата на мерките за правична застапеност во 2008 година се предвидени 200.000.000,00 денари во Буџетот на Република Македонија.

Во рамките на имплементацијата на Стратегијата за Ромите, унапредувањето на пристапот на Ромите во образованието ќе се реализира преку зголемувањето на квотите за упис на високошколските установи од 2,66 на 4%, зголемување на бројот на запишаните студенти Роми на факултетите кои продуцираат наставнички кадар, обезбедување на стипендии, како и унапреден пристап на студентските доови.

Со цел унапредување на пристапот за вработување на Ромите, се предвидуваат следните мерки:

- Реинтеграција на пазарот на работна сила – преку нивно вклучување во реализација на активни мерки за вработување(јавни работи), како на пр. изградба на домови, сезонска работа и сл; вработување во државната и локалната администрација,
- Програми за развој на претприемништвото – создавање услови за поинтензивен развој на мали и средни претпријатија со акцент на самовработување; формирање на советодавни центри за поддршка на малите и средни претпријатија; преквалификација, доквалификација на заинтересираните за ваков вид дејност; овозможување пристап до информации за започнување сопствен бизнис(помош при регистрација, бесплатна подготовка на бизнис план, совети и сл.), развивање претприемачки вештини кај младите итн.

- Едукација и обука – особено за младите Роми и жените; обуки на лицата од кадровите одделенија во центрите за вработување за промоција на активните мерки за вработување.

Информации и партиципација – Ромите да бидат информирани за нивните права и должности при вработувањето, поттикнување на Ромските граѓански организации да соработуваат со приватниот сектор за унапредување на вработувањата на Ромската популација.

## 1.3 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

**РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА**

Република Македонија, во рамките на својата проактивна политика за развој на добрососедските односи и регионалната соработка, ќе продолжи со засилен ангажман во насока на натамошно унапредување и збогатување на соработката како на билатерален план, така и на планот на регионалните иницијативи.

Во таа смисла особено внимание ќе посвети на:

- засилувањето на соработката со соседните земји, пред сé во областа на прекуграничната соработка, борбата против организираниот криминал, недозволената трговија и шверцот, правната соработка, граничното управување, реадмисијата и животната средина;
- имплементација на приоритетите и обврските во рамките на Процесот за соработка во ЈИЕ (ПСЈИЕ), трансформацијата на Пактот за стабилност за ЈИЕ и новоформираниот Совет за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) и СЕКИ – центарот во Букурешт;
- активно учество и имплементација на одредбите од Договорот за изменување и пристапување во централно-европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006), Енергетската заедница за ЈИЕ (ЕЗЈИЕ) итн.
- активно учество и развој на соработката во рамките на Евро-регионите воспоставени со соседните земји.

Во функција на конкретен придонес во унапредувањето на регионалната соработка и развојот на регионалната сопственост, Република Македонија се кандидираше за седиште на Секретаријатот за регионална парламентарна соработка, Секретаријатот на ЦЕФТА 2006 и на административната структура на Регионалното училиште за високо образование на јавната администрација, но за жал, ниедна од нив не беше прифатена.

**Република Македонија останува посветена на развојот на билатералните односи со соседите и со земјите од Западен Балкан**

Билатералните односи со земјите од регионот во изминатиот период ги карактеризираше интензивен политички дијалог на различни нивоа, како и продлабочување на соработката во повеќе области.

РМ е определена да гради добри односи и да развива сестрана соработка со **Република Грција**. РМ е заинтересирана за продолжување на политичкиот дијалог со реализирање на посети на највисоко, високо и работно ниво, за што во повеќе наврати се упатени покани, како и за што поскоро усогласување и потпишување на билатералните договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, и за одбегнување на двојното оданочување, како и на спогодбите за научно-техничка соработка, за соработка во здравството, социјалното осигурување и за олеснување за малограничниот режим. Имплементацијата на Програмата за соседство со Р.Грција 2004-2006 придонесува за унапредување на прекуграничната соработка, а програмирана е и Оперативната програма за прекугранична соработка во рамките на ИПА.. Со цел развивање на пограничната соработка, останува нашиот интерес за отворање нови гранични премини кон Р.Грција: Маркова Нога - Герман (во функција на евро-паркот Преспа), Пулевац-Ардеа (со кој би се дефинирал еко-регионот меѓу Кавадарци-Ардеа), Битола-Лерин со ревитализација на железничката пруга, која во моментот не е во функција и Николиќ-Стар Дојран.

Во врска со прашањето за разликата за името, РМ во континуитет покажува конструктивен пристап кон истото, во рамките на процесот што се води под покровителство во ОН. Во насока на зајакнување на процесот на разговорите, МНР Милошоски беше домаќин на средбата на медијаторот М.Нимиц со двата преговарачи, одржана во јануари 2008 година во Охрид. Во оваа прилика македонската страна предложи одржување на редовни средби со грчката страна на сите нивоа. Воедно презентираше предлог текст на Декларација за пријателство и соработка, како и предлог за формирање заедничка образовно-историска комисија. Ниту едена од овие иницијативи, за жал, не беше прифатена.

Воспоставените солидни односи и континуиран политички дијалог со **Република Бугарија** и натаму ќе се интензивираат. Освен економската соработка, натаму ќе се развиваат прекуграничната соработка, соработката на планот на одбраната, внатрешните работи, правосудството, транспортот и врските, земјоделството, шумарството и водостопанството, локалната самоуправа, културата, заштитата на животната средина итн. Започнати се активности за уредување на прашањата поврзани со чистењето на теренот, обновувањето и замената на граничните ознаки долж државната граница меѓу РМ и

Р.Бугарија. Меѓу двете земји редовно се одржуваат експертски консултации за ЕУ интеграцијата, врз основа на Меморандумот за соработка во европската и евроатлантската интеграција. Новиот тригодишен Меморандум за соработка во овие области беше потпишан за време на политичките консултации на ниво на ЗМНР во Софија, јануари 2008.

Во наредниот период, предвидено е интензивирање на соработката во рамките на Евро-регионите и инфраструктурните проекти од заеднички интерес, како железничката пруга Скопје - Софија, автопатот Куманово-Деве Баир - Софија, нафтоводот АМБО и изградбата на трите гранични премини: Берово-Сандански (целосно завршен од македонска страна), Пехчево-Симитли и Делчево-Невестино, согласно потпишаните меѓудржавни спогодби.

Со **Република Албанија** се остваруваат добри и динамични односи, пред сé, на билатерален политички план, а се интензивира и соработката во областа на транспортот, одбраната, безбедноста, царините, културата, образованието и сл.. По деветгодишна пауза се одржа состанок на мешовитата комисија за обележување, одржување и обнова на државната граница мегу Република Македонија и Република Албанија (27 јануари 2007 год.). Во наредниот период предвидено е склучување на Договор за прекугранична полициска соработка, и Договор за железничко поврзување. Двете страни ги усогласија текстовите на Спогодбата за заемно патувања на граѓаните и Протоколот за регулирање на локалниот пограничен сообраќај на граѓаните во пограничната зона, кои треба да се формализираат за време на претстојната официјална посета на ПВРМ Груевски на РА, 18-19.2.2008. Соработката на планот на размената на искуства во процесот на евроинтеграцијата се одвива врз основа на потпишаниот билатерален Меморандум за разбирање од 17 јуни 2004. Во насока на ефикасно спроведување на одредбите на ССА кои се однесуваат на развивањето на регионалната соработка, иницирана е постапка за склучување на Спогодба за соработка согласно ССА.

Ќе продолжи со работа Заедничкиот македонско-албански комитет за басенот на Охридското езеро, согласно Спогодбата за заштита и одржлив развој на Охридското езеро и неговиот слив од 2004 година.

Во односите со **Република Србија**, во втората половина на 2007 дојде до интензивирање на меѓусебните контакти и средби на највисоко ниво. Иако односите се оценети како добри без отворени прашања, потребно е да се надминат состојбите во релациите меѓу МПЦ и СПЦ, како и прашањето за превземените обврски од српска страна согласно Договорот за опис и протегање на границата, што се однесуваат на манастирот "Св.Прохор Пчињски". Во договорната сфера, подолг период нема одговори на нашите предлози за потпишување на Договор за имотно правни односи, Договор за заштита и користење на културно-историските споменици и обележја на териториите на двете држави, Договор за заемно признавање на дипломите, Спогодба за основање на културно - информативни центри во Белград и Скопје и Протокол за користење на воено - медицински здравствени установи во двете земји.

Ќе продолжи интензивната соработка во разни области, а на економски план Србија и во наведениот период беше главен надворешно-трговски партнер на земјата.

РМ ги поддржува напорите на Србија за побрзо приклучување во европските процеси и во таа насока доставена е иницијатива за потпишување на Меморандум за соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Р.Србија во областа на европската интеграција. Во наредниот период се планира отворање на два нови гранични премини за малограничен промет и тоа Лојане – Миратовац и Огут – Трговиште.

Предвидено е адаптирање на насловот и текстот на „Спогодбата за заштита на македонското национално малцинство во СиЦГ и на српско-црногорското во РМ", согласно сегашната состојба и што поскоро формирање на комисии, надлежни за спроведување на оваа Спогодба.

РМ ги поддржува напорите на меѓународната заедница за финализирање на политичкиот процес за одредување на финалниот статус на Косово. Го поддржа предлогот на Специјалниот пратеник на Генералниот секретар на ОН М.Ахтисари како добра основа за статусно решение на линија на основните принципи на Контакт групата. РМ претпочита целиот процес да заврши со резолуција на Советот за безбедност, но ако тоа не се случи, како земја-кандидат за членство во ЕУ и НАТО, ќе ја следи политиката на ЕУ и НАТО. РМ инсистира во решението да биде вградено и прашањето за итно техничко обележување на нашата северна граница во делот кон Косово, на линија на елементите содржани во предлогот на СП Ахтисари.

Соработката со **Косово/УНМИК** бележи постојан подем на сите нивоа, особено по отворањето на Трговско-економско претставништво на РМ во Приштина (септември 2005), односно по подигнувањето на рангот во Канцеларија за врски на РМ во февруари 2006. Во континуитет се зголемува заемната економска соработка, како и соработка во областа на МВР, царината, транспортот и врските. Останува нашиот интерес за потпишување на Договорите за заштита на инвестициите и за одбегнување на двојното оданочување, како и на привремен Протокол со УНМИК за екстрадиција.

Билатералните односи на РМ со **Црна Гора** на сите нивоа се во подем. Досега се потпишани седум билатерални документи за соработка а во тек се активности за склучување на преостанатите спогодби и договори кои се од заеднички интерес за натамошното развивање на билатералните односи. Генералниот конзулат на РМ во Подгорица започна со своите активности во септември 2005 и со стекнувањето на независноста прерасна на ниво на Амбасада. РМ е подготвена да ги пренесе своите искуства во процесот на интеграција на ЦГ во европските и евроатланските структури и за таа цел започнати се активности за потпишување на меморандум за соработка.

Политичкиот дијалог со **Босна и Херцеговина** ќе продолжи да се одвива со континуирана динамика. Со заокружената договорна рамка се создаваат услови за интензивирање и унапредување на соработката. Усогласени и подготвени за потпишување се Спогодбата за реадмисија, Спогодбата за соработка на полето на образованието и науката, Спогодба за ослободување од двојно оданочување и Спогодбата за соработка во областа на борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволена трговија со наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори, нелегална миграција и др.кривични дела. РМ е подготвена да ги сподели своите искуства во процесот на интегрирање на БиХ во европските и евроатлантските структури.

Односите и соработката со **Република Хрватска** се во континуиран подем во сите области од заемен интерес, особено поради заедничките стремежи на двете земји кон европските и евроатлантските интегративни процеси. Одржаниот прв состанок на Заедничкот комитет во функција на операционализација на Спогодба за соработка во контекст на приближувањето и пристапувањето во ЕУ во јануари 2007 година дополнително ги зајакнува основите за соработката, особено во процесот на пристапување во ЕУ. Во октомври 2007 во Загреб, склучена е Спогодба за заштита на македонското национално малцинство во Хрватска и хрватското национално малцинство во РМ.

**МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ**

Република Македонија ќе продолжи со исполнувањето на меѓународните обврски, пред сé на планот на обезбедувањето целосна соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија во однос на предметите кои веќе се вратени од страна на МКТЈ.

Република Македонија изминатата година реализираше повеќе подготвителни активности за враќање на предметите од Трибуналот во надлежност на државата. Со цел уредување на постапката за предавање на предметите, како и постапување по предметите отстапени од Хашкиот трибунал на домашните органи,  во јуни 2007 година донесен беше Закон за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија. Согласно Законот , ќе продолжи следењето на сите постапки поврзани со предметите остапени од Хашкиот трибунал.

Заради унапредување на стручноста и искуството на судиите и јавните обвинители и нивната подготвеност за решавање на посложени случаи од областа на меѓународното  хуманитарно право во текот на 2007 година беа спроведени и поголем број на студиски посети и специјализирани обуки на судиите, јавните обвинители, стручни соработници, припадници на судската администрација , како и вработени од Министерството за правда,.

Во текот на 2008 година предвидено е донесување програма за имплементација на меѓународно хуманитарно право, вкклучувајќи го и Статутот на Меѓународниот кривичен суд во законодавството на РМ .

# 2 ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

Во текот на последните 16 години, Република Македонија постигна значителен напредок кон исполнување на економските критериуми од Копенхаген. Процесот на интеграција на Република Македонија во Европската Унија продолжува и земјата очекува да ги исполни сите аспекти од критериумите во следниот среднорочен период.

Поглавјето Економски критериуми е составено од две подпоглавја. Тие ги изложуваат во главни црти активностите/мерките на политиката што ќе се преземат од властите за целосно да ги исполнат економските критериуми од Копенхаген. Првото подпоглавје ги претставува активностите/мерките на политиката, фокусирани кон исполнување на приоритети што ќе се воведат со цел зајакнување на постоењето на функционална пазарна економија. Второто подпоглавје е фокусирано на активностите/мерките на политиката, во врска со приоритети кои имаат за цел зголемување на капацитетот на земјата за успешно справување со конкурентниот притисок и пазарните сили во рамките на ЕУ.

## 2.1 ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

### МАКРОЕКОНОМСКА СТАБИЛНОСТ

Економските резултати во Република Македонија во 2007 година се најдобри во досегашниот период на транзиција, при што беа забележани позитивни движења во сите сектори на економијата. Ваквите позитивни движења се резултат на амбициозната економска програма на Владата на Република Македонија, поддржана со дисциплинирана фискална политика и конзистентна монетарна политика.

Стапката на раст на бруто-домашниот производ (БДП) за првите три квартали од 2007 година изнесува 5.5%. Порастот е диверзифициран, во сите економски сектори. Тој беше поттикнат од услугите со придонес во растот од 4,1 процентни поени (п.п.), додека придонесот на индустријата беше од 1 п.п. Ваквата состојба главно е резултат на пониското производство на електрична енергија и нафта и нафтени деривати. Доколку се исклучи негативниот ефект на секторот за производство на електрична енергија, гас и вода, растот на БДП за првите три квартали изнесуваше 5,8%, во согласност со иницијалните проекции. Растот на БДП беше остварен во услови на непроменет трговски дефицит (раст на извозот од 40% и на увозот од 30%), низок дефицит на тековната сметка, низок буџетски суфицит од 0,6% од БДП, намалени каматни стапки на комерцијалните банки, како и намалена стапка на невработеност (на крајот од третиот квартал од 2007 година, стапката на невработеност изнесуваше 34,2%, што е за 2,1 процентен поен пониско во однос на третиот квартал од 2006 година). Позитивните економски движења во реалниот сектор се остварени во услови на ниска и стабилна инфлација, која во 2007 година изнесува 2,2%, пониско од очекуваното, а пред сé е резултат на намалувањето на Данокот на додадена вредност за лековите, јавниот транспорт и компјутерската опрема. Сепак, движењата во светот и регионот придонесоа за повисоки инфлаторни притисоци во втората половина од 2007 година, главно како резултат на покачувањето на цените на суровините и храната.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Реформските активности во 2007 година и оние планирани за 2008 година, како и бројните активности на Владата на Република Македонија за поттикнување на странските директни инвестиции, се основа за проекциите за економски раст во 2008 година од 6%. Поттикнувачи на економскиот раст од аспект на расходната страна на БДП ќе бидат личната потрошувачка и инвестициите (особено странските директни инвестиции - СДИ). Од производен аспект, пак, главниот двигател на растот ќе бидат услугите, поради нивното доминантно учество во создавањето на БДП, а нешто понизок пораст се очекува кај индустриското производство, со што ќе дојде до понатамошна промена на структурата на домашното производство кон услугите, слично на структурата кај понапредните земји во транзиција.

Придонесот на личната потрошувачка во растот на БДП во 2008 година се очекува да се движи помеѓу 3,5 и 4 процентни поени. Ваквата претпоставка се базира на:

- проектиран пораст на нето платите од 7,5% во 2008 година, како резултат на порастот на платите во јавниот сектор од 10% и пораст на платите во приватниот сектор кој ќе го следи растот на продуктивноста;
- пораст на кредитирањето на населението од 30%;
- очекувано стабилно ниво на приватни трансфери.

Во насока на пораст на личната потрошувачка ќе делува и воведувањето на рамниот данок, односно намалениот персонален данок на доход од 15%, 18% и 24% во 2006 година, на 12% во 2007 година, и 10% во 2008 година. Во согласност со заложбата на Владата на Република Македонија за дисциплинирана фискална политика (дефицит на општиот владин буџет до 1,5% од БДП), придонесот на јавната потрошувачка во БДП во 2008 година ќе се движи помеѓу 0,5 и 1 п.п., а се очекува и зголемување на процентот на искористување на капиталните инвестиции кои ќе придонесат за поинтензивен раст на БДП.

Во 2008 година се очекува интензивирање на инвестициската активност согласно со интензивираната реформска агенда на Владата на Република Македонија, подобрената бизнис клима, очекуваното членство во НАТО, како и очекувањето за започнување на преговори со ЕУ.

Намалувањето на данокот на добивка на 12% во 2007 година и на 10% од 2008 година, како и ослободувањето на оданочувањето на реинвестираната добивка претставува дополнителен импулс за поголема инвестициска активност. Во 2008 година се очекува бруто инвестициите просечно да се зголемат помеѓу 13 и 16% и да имаат придонес во растот на БДП од околу 2 до 2,5 процентни поени. Земајќи ја предвид увозната зависност на македонската економија, значително високиот очекуван прилив на СДИ (Johnson Matthey, Агрокор, ERA City итн.), како и очекуваната експанзија на личната потрошувачка, се очекува придонесот на нето извозот во идниот период да биде негативен, но стабилизиран на ниво од -1,5 до -2,0 п.п.

Во монетарната сфера, се очекува понатамошно продлабочување на финансиската интермедијација во услови на ниска стапка на инфлација и фиксен девизен курс, дисциплинирана фискална политика и зголемена конкуренција во банкарскиот сектор. Во 2008 година, се очекува каматните стапки на комерцијалните банки да забележат дополнително намалување од 1 до 1,5 п.п., додека порастот на кредитирањето на приватниот сектор да изнесува околу 30%, што ќе биде дополнителен импулс за поттикнување на економската активност.

Подобрувањето на целокупниот економски амбиент, зголемената економска активност на малите и средни претпријатија, како и бројните активни мерки на Владата на Република Македонија за намалување на невработеноста ќе придонесат за пораст на вработеноста од околу 4% на годишно ниво, со истовремено намалување на стапката на невработеност за 1,5 процентни поени, на 35,0%.

**СЛОБОДНО ВЗАЕМНО ДЕЈСТВО НА ПАЗАРНИТЕ СИЛИ**

**ПРИВАТИЗАЦИЈА**

Економските активности во земјата се засновани на доминантна приватна сопственост. Во 2007 година во процес на приватизација беа две друштва од ЈП Македонски железници. За едно од нив, Ремонт на пруги и нискоградба ДООЕЛ-Скопје, постапката е успешна и е во фаза на потпишување на договор со странски купувач, а за другото, Друштво Фабрика за шински возила ДООЕЛ-Велес, постапката беше неуспешна и се бара ново законско решение за продажба на државниот капитал. ЈП Македонски железници претрпе значителен процес на преструктуирање, при што извршена е поделба на две нови препријатија и тоа: Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници – Скопје и Акционерско друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје. Предвидена е изработка на четири студии поврзани со трансформацијата на ЈП Македонски Зелезници.

Од ЈП Македонски шуми во 2007 година беа издвоени 10 друштва, како несуштински дејности (7 пилани, 2 рибника и едно за производство на печурки). Едно од овие друштва ја заврши сопственичката трансформација, а останатите ќе бидат трансформирани во текот на 2008 година.

Во 2008, процесите на приватизација во секторот на услугите и јавните претпријатија ќе продолжи да се одвива со спроведување на фазите на преструктуирање, издвојување на деловите кои можат да функционираат успешно во услови на пазарен натпревар и приватизација.

**КОНЦЕСИИ**

Владата на Република Македонија одлучи да воведе концесионен модел за двата аеродроми со кои раководи ЈПАУ (Јавното претпријатие за аеродромски услуги). За таа цел, Министерството за транспорт и врски објави меѓународен ограничен повик за избор на консултант и како најповолен понудувач го избра NACO (Netherlands Airport Consultants B.V) со кој склучи договор. Временскиот рок за кој консултантот е ангажиран да ги изврши целокупните студии е 6 месеци (2+4) и е структуиран во две фази. Првата фаза опфаќа подготовка за Развојна студија за концесија, а втората фаза опфаќа подготовка на тендерска документација за концесија во согласност со националната легислатива. Целите на проектот е да се обноват и прошират постоечките аеродроми како и нивото на меѓународни услуги. Моделот за модернизација на двата аеродрома е подготвен од консултантот, по што во првиот квартал од 2008 година ќе се распише тендер за избор на партнер.

**НЕПОСТОЕЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ БАРИЕРИ ЗА ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ ОД ПАЗАРОТ**

Во текот на 2007 година ревидирани се и поедноставени голем број на формалности и прописи со кои се регулира вршењето бизнис во Република Македонија. Ревидирањето има за цел да ги елиминира сите неефикасни и антипазарни инструменти во законската регулатива кои содржат ценовни контроли и ограничувања за влез на пазарот.

Секторот за економски политики и регулаторна реформа во рамки на Кабинетот на Заменик претседателот на Владата на Република Македонија има координативна улога во реформата и ќе продолжи да ја следи имплеметацијата на препораките. По завршување на проектот, од јануари 2008 година ќе се воспостави Електронски регистар на прописи, во кој ќе бидат содржани сите закони, подзаконски акти и формалности кои се во важност и кои се неопходни за бизнисот.
Како втора фаза од регулаторната реформа, се подготвува правна рамка за воведување на механизмот за проценка на влијанието на новата регулатива (Regulatory Impact Assessment) со која на континуирана основа ќе се врши проверка и оценка на квалитетот на новата регулатива пред да биде доставена до Владата, од аспект на нејзиното влијание врз бизнис заедницата, граѓаните и останатите заинтересирани страни. Проценката на влијанието на регулативата ќе вклучува и задолжителни консултации со релевантните стејкхолдери.

Дополнителни измени на Законот за трговски друштва се предвидени за првата половина од 2008 година како продолжение на имплементацијата на препораките од ROSC - Report on the Observance of Standards and Codes (извештајот на Светска Банка за подобрување на правната рамка за корпоративното управување), но исто така и поради потребата од терминолошко усогласување со меѓународните сметководствени стандарди (ќе се воведе поимот меѓународни стандарди за финансиско известување).

Реформите спроведени во изминатата година говорат и за подобра бизнис клима во земјата и значителен пораст на странските директни инвестиции. Домашните и странските бизнисмени, го чувствуваат раздвижувањето во економијата и позитивните промени. Истото, се потврди во извештајот Doing Business на Светска банка каде за 2007 година сме рангирани на 4 место како топ реформатори по условите за вршење на бизнис, помеѓу 178 земји во светот. Во јануари 2008 година, Владата на Република Македонија подготви сет на мерки според Doing Business извештајот согласно утврдена динамика чија имплементација овозможува дополнително олеснување на условите за работење на фирмите во Република Македонија. Мерките се поделени во 10 области кои заедно претставуваат еден типичен процес на водење бизнис.

Во Република Македонија функционира едношалтерскиот систем при што континуирано се преземаат мерки за негово унапредување за што се планираат дополнителните измени на Законот за едношалетрски систем во првата половина од 2008 година. Со оглед дека постојниот капацитет на Централниот регистар овозможува уште побрза регистрација, како и поради потребата за воведување на општа клаузула за бизнис во Република Македонија, стапи на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем со кој времето на регистрација се скрати на четири часа. Со општата клаузула за бизнис се укинуваат бизнис формалностите кои досега се бараа при основањето и работењето со фирма (упишување и менување претежна дејност под закана од казнени санкции) и се овозможува секој субјект брзо и во зависност од условите на пазарот да биде постојано прилагоден да ја врши секоја дејност за која ќе се одлучи.
Се очекува реформата на правната рамка на едношалтерскиот систем да продолжи и во 2008 година за што е обезбедена техничка помош во делот на ревизија на Законот за едношалтерски систем во прилог на понатамошно усогласување со релевантното европско право.

Претстојат три поголеми активности кои се реализираат во Централниот регистар, а се поддржани со проектот БЕРИС: 1/ хардверско опремување заклучно со 2007 година 2/ воспоставување на систем за спас на податоци планиран за во 2008 година. 3/ во тек е развивање на софтвер, финансиран со проектот БЕРИС за електронско поднесување годишни сметки. Заклучно со февруари 2008 година кога и започнува законскиот рок за поднесување годишни сметки, се очекува да биде оперативен и функционален софтверот за обезбедување на оваа можност како и донесен подзаконскиот акт со кој правно ќе се уреди начинот, условите и постапката за поднесување годишни сметки по електронски пат.

Во процесот на отстранување на пречките за брз излез од пазарот, поточно областа на стечај и ликвидација значителни резултати се постигнати со новата регулатива. Новиот Закон за стечај е веќе во сила како и пет правилници и веќе се забележливи ефектите од новите законски решенија, во делот на забрзување на постапката, намалени трошоци, надзор над работата на стечајните управници. По спроведени курсеви за едукација на кандидати за полагање на испит за овластен стечаен управник, организирани се два испита кои со успех ги положиле 107 кандидати. За зајакнување на професионалните и етичките стандарди на стечајните управници за прв пат е основано нивно стручно здружение Комора на стечајни управници. За едукација на учесниците во стечајната постапка организирани се три работни средби со учество на стечајни судии, стечајни управници, доверители, деловни банки, ДЗГР, Државен архив и други учесници во стечајната постапка. Во тек е избор на консултанти кои ќе спроведуваат обука за учесниците во стечајната постапка за период од две години. За зголемување на професионалните капацитети согласно новиот Закон започнато е лиценцирање на стечајните управници. Стечајните управници кои нема да се здобијата со лиценца во иднина нема да можат да бидат именувани за стечајни управници, а согласно Законот судот по службена должност ќе ги разреши нелиценцираните стечајни управници и на нивно место ќе именува управници кои се стекнале со лиценца.

**СООДВЕТЕН ПРАВЕН СИСТЕМ**
**РЕГУЛИРАЊЕ НА ИМОТНИ ПРАВА**

Согласно Предлог законот за катастар на недвижности, кој беше усвоен од страна на Владата на Република Македонија, Државниот завод за геодетски работи се трансформира и продолжува да работи како Агенција за катастар на недвижности. Агенцијата, согласно предлог законот, својата работа ја базира на принципите на стручност, ефикасност, транспарентност и сервисна ориентираност, како и одговорност во работењето и постигнатите резултати.
Идните планови на Агенцијата се комплетирање, развој и одржување на катастарот на недвижности, развој на ГПС и гравиметриска мрежа и одржување на геодетски мрежи, производство и ажурирање на нови картографски производи, како основа за развојот на државна геопросторна база на податоци.

Со цел исполнување на плановите, ДЗГР ги усвои следните стратегии:

1. Покривање на целата територија на РМ со катастар на недвижности, активна ГПС и гравиметриска мрежа, со картографски производи и развивање на геопросторна база на податоци (стратегијата за востановување на КН која е опишана во Планот за имплементација на Проектот „ Катастар на недвижности и регистрација “);
2. Зголемување на пазарната ориентација и зголемување на повратокот на трошоци преку подобро запознавање на барањата на пазарот и развојот на нови производи и услуги со цел да се исполнат овие потреби;
3. Проактивен однос кон своите засегнати страни во процесот на создавање на земјишна политика и развојот на пазарот на недвижности;
4. Обезбедување на компетентност во катастарот, картографијата, геодетските работи, обезбедувајќи го пазарот со услуги и производи на начин соодветен на потребите на корисниците, и
5. Користење на современа информациска технологија и дигитални производи со цел да се задоволат потребите на клиентите (и на другите засегнати страни) и за подобрување на внатрешната ефикасност и работни услови истовремено фокусирајки се на зачувување на безбедноста, сигурноста и доверливоста на своите податоци.

Во врска со овие стратегии следните активности ќе се превземат во насока на нивно исполнување.
За воспоставување на Катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија согласно усвоениот план за востановување катастар на недвижности за 2007 година, интензивно се спроведува постапката на систематско запишување на правата на недвижностите. До крај на ноември 2007 година од вкупно 1692 катастарски општини во Република Македонија, катастар на недвижности е востановен на 1162 катастарски општини што претставува 68,8% од целата територија на Република Македонија. До крајот на 2007 година е опфатена 72% покриеност, до средината на 2008 година се предвидува 82% покриеност, а целосна 100% покриеност до крајот на 2009 година. Со ова ќе се обезбеди правна сигурност на инвеститорите и ќе се овозможи користење на имотните листови за недвижностите при обезбедување на заеми.

Согласно усвоениот план за востановување катастар на недвижности, паралелно се одвиваат и техничките-геодетски работи кои предходат на постапката на систематско запишување на правата на недвижностите. Се ажурираат податоците за недвижностите во предвидените катастарски општини преку постапката на реамбулација која е во надлежност на приватната геодетска пракса, со цел побрзо одвивање на самата постапка на запишување на правата на точни и ажурирани податоци за недвижностите.

Новиот закон за катастар на недвижности, чие донесување се очекува во 2008, предвидува и одредби кои ќе овозможат забрзување на постапката на систематско запишување на правата на недвижностите и одредби кои ќе овозможат поедноставување на постапката на промени во одржувањето на катастарот на недвижности.

Согласно новата ИКТ стратегија на ДЗГР, планот на ДЗГР е воспоставување на електронски геодетско-катастарски информационен систем како интегриран и единствен систем во Република Македонија кој овозможува управување, обработка, дистрибуција и пристап до ажурни податоци од катастарот на недвижностите, податоци од основните геодетски работи, државните топографски карти, регистарот на просторните единици и евиденција на недвижностите во државна сопственост.

Реализиран е проектот за web презентација (објава) на описните (атрибутните/алфанумеричките) податоци од катастарскиот операт на катастарот на недвижности за град Скопје. Овие податоци ќе бидат достапни до корисниците на услугите преку web страната на Државниот завод за геодетски работи. Треба да се нагласи дека нема да бидат објавени податоци за хипотеките. Планирано е да се објават податоци за Скопје и за оние катастарски општини на територијата на град Скопје во кои е во примена катастар на недвижности. Пребарувањето ќе се врши по број на катастарска парцела и по број на имотен лист. Првите два до три месеца ќе претставуваат тест период што подразбира дека пристапот до овие податоци за странките ќе биде бесплатен.

Во рамки на овој проект реализиран е и web сервисот за податоците за хипотеки наменет за професионалните корисници на услугите на Државниот завод за геодетски работи, а тоа се нотарите и банките. Овој проект започна да се имплементира од декември 2007 година и во првите две недели до еден месец ќе биде тест период во текот на кој овие корисници ќе ги добиваат податоците без да плаќаат надомест. По завршување на тест периодот за катастарските општини што се во надлежност на Секторот за катастар на недвижности Скопје, истиот проект ќе биде имплементиран и во другите 29 одделенија за катастар на недвижности во Република Македонија.

Спроведување на законите и договорите, и ефективност на судскиот систем во врска со економски прашања
Реализацијата на реформите во правосудниот систем продолжува со соодветни активности за практична имплементација на сите донесени закони, со покажување на видливи резултати во правец на јакнење на независноста и зголемување на ефикасноста на судството, што ќе придонесе кон ефикасно остварување на уставно загарантираните права на граѓаните, забрзување на судските спорови, обезбедување на правна сигурност и заштита на имотните права.

Предвидени се измени на Законот за судови со цел заштита на правото на судење во разумен рок кои се очекува да бидат усвоени во првиот квартал на 2008 година. Примената и ефектите од измените ќе бидат следени во континуитет и ќе се изготви анализа до крајот на 2008 година.

Еден од краткорочните приоритети на Република Македонија со цел утврдување на ефектите од примената на Законот за медијација, е да се изготви анализа врз основа на која ќе се предложат натамошни активности за зголемување на свеста на граѓаните за медијацијата како начин за алтернативното решавање на споровите. Предвидена е измена на Законот за медијација.

**ДОВОЛНО РАЗВИЕН ФИНАНСИСКИ СЕКТОР**
Во 2008година Банкарскиот сектор се наоѓа пред неколку предизвици.
Транзицијата кон пазарна економија во Република Македонија, слично како и во други земји во транзиција, бараше драстична промена на улогата на финансискиот сектор, а главниот предизвик во оваа област е развивање на ефикасен систем на финансиски пазари и институции.

На 30 септември 2007 година, банкарскиот сектор во Република Македонија го сочинуваа 18[3] приватни банки од универзален тип, 1 банка во државна сопственост со специфични функции поради кои не претставува конкуренција на деловните банки и 12 штедилници. Од гледна точка на сопственичката структура, на 30 јуни 2007 година[4] учеството на банките во државна сопственост изнесува 6,9% од вкупниот капитал на банкарскиот систем, додека странскиот капитал е присутен во 17 банки. Во 9 од овие банки странските сопственици го претставуваат акционерското мнозинство; учествуваат со 54,6% во вкупниот капитал односно со 58,0% во вкупната актива на ниво на банкарскиот сектор. Од овие 9 банки, 5 се подружници на странски банки. Во текот на 2007 година, Societe Generale Paris стана доминантен сопственик во една македонска банка.

На 30 септември 2007 година степенот на финансиско посредување пресметан како сооднос на вкупната актива, бруто кредитите и вкупните депозити во однос на БДП[5] на Република Македонија забележа пораст и изнесува 67,0%, 37,5% и 48,6%, соодветно. За споредба, на 31 декември 2006 година овие показатели изнесуваа 57,4%, 29,6% и 41,3%, соодветно. Сепак, нивото на банкарско посредување во земјата е сè уште прилично ниско ако се спореди со нивото во земјите членки на ЕУ. Заклучно со 30.09.2007 година, вкупната актива на банките во Република Македонија изнесува 207 милијарди денари, додека сопствените средства на банките изнесува 28,4 милијарди денари.

Резултатите на банкарскиот сектор во Република Македонија се прилично добри. Ова може да се потврди со зголемената доверба на населението што се одразува преку порастот на штедењето. На 30 септември 2007 година, депозитната база во банките достигна износ од 150 милијарди денари и се зголеми за 19,8% во споредба со 31 декември 2006 година. Позитивните резултати на македонскиот банкарски сектор, исто така, се одразуваат и во неговите показатели за профитабилноста. Во првата половина на 2007 година, секторот оствари позитивен финансиски резултат во вкупен износ од 2,9 милијарди денари, што е за 56% повеќе во однос на истиот период од 2006 година. Стапката на поврат на активата (ROA) изнесува 2,0% и стапка на поврат на капиталот (ROE) од 15,8%.

Кредитната активност набанките продолжи да расте (годишната стапка на пораст-септември 2007 во однос на септември 2006 година изнесува 41,1%, додека кварталниот пораст-септември 2007 во однос на јуни 2007 година, изнесува 10,1%). Најзначаен годишен пораст од 56,4% забележуваат кредитите на физичките лица, додека годишниот пораст на кредитите

[3] Во октомври 2007 година, е одземена дозволата за основање и работење на една банка, со што бројот на банки се намали за еден.
[4] Последниот расположив податок е со состојба 30 јуни 2007 година.
[5] БДП со 31,12,2006 година

на претпријатија изнесува 33,3%. Во текот на изминатиот период банките речиси подеднакво беа ориентирани кон кредитирање на долг и на краток рок (годишната стапка на раст на долгорочните кредити изнесуваше 46,8%, а на краткорочните 46,5%). И покрај интензивирањето на кредитната активност, квалитетот на кредитното портфолио на банките бележи перманентен тренд на подобрување. На 30,09,2007 година, учеството на кредитната изложеност на банките класифицирана во категориите на ризик В, Г и Д во вкупното кредитно портфолио на банките изнесува 6,4% и во споредба со 31,12,2006 година бележи намалување за 1,2 процентни поени. Просечната ризичност на кредитното портфолио (пресметана како однос помеѓу резервациите за потенцијални загуби и вкупната кредитна изложеност) бележи постојан тренд на подобрување. На 30.09.2007 година показателот бележи намалување (подобрување) од 1,5 процентни поени во однос на 31.12.2006 година и изнесува 5,8%.

Банките одржуваат релативно висока ликвидносна позиција. Во периодот јануари-септември 2007 година просечната ликвидна актива на банките учествува со 35,7% во вкупната актива, што обезбедува ниво на покриеност на вкупните обврски на банките од 41,7%.
И покрај значително зголемениот обем на активности, банките одржуваат релативно висока солвентна позиција. На 30.09.2007 година, просечната стапка на адекватност на капиталот на банките изнесува 17,2% и бележи намалување во однос на 31.12.2006 година, кога стапката на адекватност на капиталот изнесуваше 18,3% (законскиот минимум изнесува 8%).

Курсниот ризик на кој се изложени банките како резултат на валутната неусогласеност на нивните билансни позиции е релативно низок. Речиси сите банки се вклопуваат во рамките на пруденталните лимити за отворени девизни позиции. Останатите пазарни ризици имаат маргинално учество во спектарот на ризици со кои се соочуваат банките. Банките имаат незначително портфолио за тргување, со оглед на незначителните активности поврзани со работа со хартии од вредност и други активности кои генерираат пазарни ризици.

Зајакнување на капацитетот на банкарската супервизија има важна улога во зголемување на стабилноста на банкарскиот сектор. Народната банка на Република Македонија, како регулаторен орган на банкарскиот сектор, ја извршува оваа улога врз основа на одредбите пропишани во Законот за Народната банка и Законот за банки. Активностите на Народната банка во доменот на зајакнување на банкарската супервизија се во насока на заокружување на подзаконската регулатива врз основа на новиот Закон за банките, како и во успешно имплементирање на Планот за супервизија ориентирана кон ризиците.

Реформите во банкарскиот сектор се одвиваат континуирано и се во напредната фаза. Новиот Закон за банките е донесен на почетокот на јуни 2007 година. Мисијата на Европската комисија во доменот на финансиските услуги во РМ (Peer assessment evaluation mission on financial services issues), мошне позитивни го оцени донесувањето на новиот Закон за банките, укажувајќи дека тој претставува значаен чекор кон имплементација на европската регулатива и зајакнување на регулативната рамка за банките во РМ. Со новиот Закон за банките се изврши понатамошно зајакнување на критериумите за акционер, со можност Народна банка да врши продажба на акциите на акционер кој повеќе не ги исполнува критериумите за акционер или кој стекнал квалификувано учество без претходна согласност од Народна банка, зајакнување на корективните мерки кои Народна банка може да ги преземе спрема банка, зголемување на ефикасноста на постапката за излез на банка од банкарскиот систем. Исто така Законот, како и соодветната подзаконска регулатива обезбедуваат натамошно зајакнување на пруденталните стандарди, унапредување на корпоративното управување на банките, преку зајакнување на улогата и одговорностите на органите на управување, системите на внатрешна контрола, управувањето со ризиците, улогата на надворешниот ревизор, зголемување на транспарентноста во вршењето на финансиските активности, зајакнување на сметководствените стандарди и слично. Со регулативата за зајакнување на пазарната дисциплина на банките како и одредби за управување со ризиците согласно со видот и обемот на активностите на банка, се прави чекор за приближување кон новата базелска капитална спогодба.

Паралелно со постигнатиот напредок во доменот на регулативната рамка, засилено се одвиваат и активностите за реализација на Планот за развој на банкарската супервизија. Планот за развој на супервизијата предвидува транзиција од супервизија ориентирана кон оценка на усогласеноста со прописите кон супервизија базирана на оценка на ризиците и управувањето со нив. Реализацијата на Планот е во насока на имплементација на вториот столб од Новата капитална спогодба (Basel II). Планот за развој на супервизијата беше усвоен од страна на НБРМ во јануари 2006 година, а неговата имплементација отпочна во мај 2006 година, по отпочнувањето со работа на консултантот ангажиран од страна на ММФ. Методологиите и процедурите кои беа усвоени од страна на Управниот комитет (Steering committee) заклучно со мај 2007 година, беа предмет на тестирање при теренските супервизорски контроли на една голема и две средни банкиИзработката на методологии и процедури заврши во 2007 година и истите формално беа усвоени од страна на гувернерот на НБРМ во јануари 2008 година. Исто така усвоена е и листа на индикатори како ранопредупредувачки сигнали за банките.

Имплементацијата на Планот се очекува да се заокружи до крајот на 2009 година.

**ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД БАНКАРСКИОТ СЕКТОР**

Финансиската интермедијација во Република Македонија, и покрај нагорниот тренд во последните неколку години, сеуште е ниска, но остава можности за понатамошно зголемување. Зголемениот обем на активности на банките, како и значителниот простор за натамошно зголемување на финансиската интермедијација се очекува да привлече реномирани странски финансиски институции да влезат во банкарскиот сектор на Република Македонија. Со тоа, се очекува дека дополнително ќе се интензивира трендот на пораст на учеството на финансиски институции во сопственичката структура на банкарскиот сектор.

Либерализацијата на пазарот, преку можноста за влез на филијали на странски банки, е добра основа за поголеми раздвижувања во банкарскиот сектор. Исто така, банкарскиот сектор ќе треба соодветно да се подготви за предизвиците што ги носи идната либерализација на капиталната сметка на билансот на плаќања.
На краток рок (заклучно со март 2008 година) НБРМ треба да ја заокружи обемната подзаконска регулатива која произлегува од Законот за банките. Во тој процес особено внимание ќе се посвети на примената на штотуку донесената сметководствена регулатива базирана на меѓународните стандарди за финансиско известување (во временска рамка од околу 1 година).

Следен важен чекор е имплементацијата на новата капитална спогодба. Еден од главните предизвици за НБРМ, при имплементирањето на Базел II, е обезбедувањето на соодветна рамнотежа меѓу трите основни компоненти на оваа обемна регулативна рамка, обезбедување на потребно ниво на капитализираност на банките, зајакнување на системите за управување со ризици и зголемување на нивната ефикасност.

## 2.2 СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОК ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

**ДОВОЛНО КОЛИЧЕСТВО НА ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ**

Приоритетни цели на развојот на македонските човечки ресурси се:

1. континуирано инвестирање во развој на образовниот процес
2. подобрување на условите во училиштата и универзитетите и континуирани инвестиции во образовните институции
3. Подобрување на законската рамка за доживотно учење и флексибилност и мобилност на работната сила
4. зголемување на истражувањето како дејност и негова континуирана поддршка
5. поддршка на процесот на неформално образование и мобилност на младите.

Модерното образование е насочено кон подобрување на квалитетот, а не само квантитетот на човековите ресурси. Исто така се работи во подобрување не само на знаењето но и на вештините што ги добиваат учениците во текот на образовниот процес. Владин приоритет за исполнување на целите е спроведувањето на активности за подобрување на квалитетот на образованието и обуката, што ќе ги зголеми можностите за младите луѓе да најдат работа по завршување на образованието.

Од оваа учебна година почна со функционирање деветгодишното основно образование. Со новите наставни програми уште во текот на основното образование секој ученик треба да биде запознаен со другите култури и цивилизации и да владее со два странски јазици од кои еден е англискиот. За оваа цел воведен е Англискиот јазик од прво одделение и втор странски јазик од 6 одделение.

Со основањето на ВЕТ центарот е направен најзначајниот чекор за развој на средното стручно образование. Во Центарот за стручно образование и обука се усогласуваат и интегрираат државните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Република Македонија. Центарот ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука. Формиран е Совет за стручно образование и обука, како највисоко советодавно тело во кое ќе се креираат стратешките политики во стручното образование и обука. Во Советот со учество партиципираат претставници на државните органи, социјалните партнери (од работодавачите и од синдикатот на работниците) на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Агенцијата за вработување. ЦССО треба да допринесе за создавање на кадри кои се потребни на пазарот на трудот во својата локална средина и во Република Македонија.

Во тек е подготовка на национална рамка на квалификации и закон за доживотно учење. Законот ќе даде можност секој да има право за здобивање и продлабочување на знаења, вештини и способности потребни за слободен развој на личност и

за слободен избор на професијата. Целта на доживотното учење е да го одржи и зачува позитивниот и активен приод кон учењето на сите возрасти во текот на целиот живот.

Создавање Државен испитен центар. Целта на Државниот испитен центар ќе биде обезбедување на квалитет во образованието во Република Македонија преку валиден, доверлив, практичен и меѓународно признат систем на оценување и испити.

Република Македонија учествува во Седмата рамковна програма на Европската комисија како рамноправен партнер. Потпишан е меморандумот за соработка за 7та рамковна програма и уплатен е влезниот билет со што Македонските истражувачи, институции, организации и т.н. ќе можат на компетативна база да се натпреваруваат за добивање проекти од заедничкиот буџет на програмата. Оваа програма е насочена кон проекти во областа на истражувањето. Поттикнувањето научно-истражувачки проекти во различни области. За Седмата рамковна програма е формирано посебно одделение во МОН со цел подобра координација и поттикнување на програмата.
Како приоритетни за владата на Република Македонија се програмите на заедницата „Life-long learning" и „Youth in Action". За програмите Млади во акција и Доживотно учење, основана е Национална Агенција за европски образовани програми и мобилност. Националната Агенција претставува административен предуслов за користење на овие два програми на заедницата.

Избран е управниот одбор на Националната Агенција и назначен е директор. Во 2008 забрзано ќе се работи на подигање на капацитетите и целосно екипирање на агенцијата. Изработена е програма за работа во 2008 година.
Донесен е Законот за волонтерство. Содржината на предлог на Законот за волонтерство е усогласена со членот 11 од Директивата на Советот за условите за прием на граѓаните во трети земји со цел на студии, размена на ученици, неплатена обука или волонтерски услуги (2004/114/ЕЗ).

Направени се анализи според кои се вршат дополнителни приоритетни инвестиции во образованието кои што допринесуваат за квалитетно образование. Од направените анализи за бројот на учениците кои завршуваат основно образование во 2008 година, просторните капацитети на средните училишта, опремата, како и потребата од дополнително ангажирање на наставниот и друг кадар во средните училишта, утврдено е во кои општини може да се јави просторен проблем и предложени се мерки за нивно надминување: одредени објекти се адаптираат и пренаменуваат во средни училишта.

Една од поголемите задачи кои се реализираат во текот на претходната и оваа година е одржувањето на државната матура. Во месец декември 2007 година се одржа трета пробна државна матура во сите средни училишта во Република Македонија, при што се тестираа процедурите, инструментите и софтверот.

За осовременување на наставата во основното и средното образование Владата на Република Македонија со проектот ,,Компјутер за секој ученик,, изврши набавка на 100.000 компјутери. Компјутерите ќе бидат дистрибуирани во средните училишта до април 2008 година и во основните училишта до крајот на 2008 година. Компјутерите нема да бидат користени само за предметот информатика, туку во сите наставни предмети.

Со цел подигање на капацитетите на човечките ресурси од терцијарниот сектор и нивно зголемено ефектуирање во човечки капитал, во периодот од 2006 – 2007 година, се основаа две државни високо образовни институции, Универзитет Гоце Делчев во Штип и Факултетот за администрација и менаџмент на информациони системи во состав на Универзитетот Св.Климент Охридски во Битола. Матичните комисии формирани од Владата на Република Македонија, ги извршија потребните подготовки за почеток со работа на овие две државни високо образовни установи и истите започнаа со работа од Октомври 2007/2008 година.

Со предложениот закон за високото образование, се врши конкретно нормативно имплементирање на принципите на Болоњската декларација, особено по однос на: усвојување на систем на лесно препознатливи и споредливи степени на образование, воведување на студиските програми во три циклуси; вреднување на студиските програми со кредитни поени, како што е ЕКТС; воведувањето на задолжителна обврска на високообразовните установи за издавање на додаток на диплома; воведување модули, курсеви и студиски програми со европска содржина и ориентација и студиските програми за заеднички степени; обезбедување на механизми за зајакнувањето на вработливоста на дипломираните студенти на европскиот пазар на работна сила како што е доживотното учење;доградување на воспоставениот систем за обезбедување квалитет со вклучување на претставници на студентите, работодавците и социјалните партнери, вградување на меѓународна димензија во евалуационите процеси преку учество на странски експерти и асоцијации во евалуацијата, вклучување во Европската мрежа за обезбедување на квалитет - ENQA, како и усогласување со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во европскиот простор за високо образование; создавањето на

нормативно - правни претпоставки за нова организациска структура на државните универзитети и нивна трансформација во интегрирани универзитети, со функционално и организационо поврзување на факултетите во нивен состав.

Донесувањето на новиот Закон ќе наметне потреба од донесување на нови подзаконски и други општи акти.
Во текот на 2007 година се реализираше Оперативен план за активни мерки за вработување за 2007 година чија цел беше интегрирање во пазарот на трудот на одредени категории на невработени (млади до 27 години, самохрани родители, деца без родители, лица со посебни потреби, работно ангажирање на долгорочно невработени лица со ниска квалификација, поттикнување на самовработувањето и зголемување на обемот на обуки за познат работодавач). После позитивното искуство од 2007 година Владата на Република Македонија, а во рамки кои се зацртани во Националната стратегија за вработување и Националниот Акционен План за вработување, планира да реализира Проект за самовработување почнувајќи од 2008 година.

Со Проектот ќе се обезбедат кредитни средства за невработени лица кои се заинтересирани да започнат сопствен бизнис и за лица кои сакаат да го прошират својот бизнис со што ќе отворат нови работни места. Оваа мерка позитивно ќе влијае за намалување на сивата економија и поттикнување на нејзин трансфер во легална. Преку програмата за самовработување предвидени се поволни кредити и едукативна и техничка поддршка за започнување на бизнис, кои ќе бидат поврзани со регистрирање на деловната дејност.

Со реализација на Проектот за самовработување ќе се создадат услови за намалување на невработеноста и подобрување на животниот стандард. Проектот ќе резултира во отворање на нови претпријатија, нови работни места, зголемување на извозот, порамномерен регионален развој и други позитивни ефекти. Се очекуваат позитивни ефекти при решавањето на проблемот на стечајните работници и лицата кои ја изгубиле работата заради технолошки вишок. Исто така, ќе се поттикне развојот на микро и мали претпријатија кои имаат значаен придонес за зголемување на вработеноста и се еден од најважните двигатели на економскиот раст.

Во 2007 година се изработи ИПА Оперативната програма за развој на човечките ресурси каде се предвидени среднорочни проекти во насока на зголемување на вработувањата а кои би се спроведувале во рамките на следниве мерки: Модернизација на АВРМ; Поддршка за спроведување на стратегијата за вработување и Заедничкиот документ за проценка на приоритетите на политиките за вработување; трансфер на неформалната во формална економија; справување со состојбата на младите, жените и долгорочно невработените на пазарот на трудот.

**ДОВОЛНО КОЛИЧЕСТВО НА ФИЗИЧКИ КАПИТАЛ**
Стратегиска цел на Република Македонија е развојот на инфраструктурата и нејзината регионална поврзаност во секторот на енергијата, транспортот и други сектори. Ова би водело до сигурен и економичен развој на енергијата, транспортот и телекомуникациите, при што соодветно ќе се земе предвид безбедноста на понудата, безбедноста на населението, рационалната употреба на енергијата и заштитата на животната средина. Со обезбедување евтин транспорт, подобри комуникации и подобар пристап до чисти и евтини извори на енергија, инфраструктурните сектори ќе придонесат за зголемување на продуктивноста и според тоа, за зголемување на меѓународната конкурентност на земјата.

За постигнување на оваа цел, се подготвуваат и спроведуваат цела низа координирани политики и мерки. Целта на земјата е да ги спроведе проектите со регионална компонента што ќе доведе до подобрување и модернизирање на паневропските коридори VIII и X.

Двата Коридора X и VIII претставуваат стратегиски економски приоритети кои ќе направат Република Македонија да прерасне од географска во вистинска сообраќајна крстосница на Балканот. Стратегиската важност на овие Транс-национални оски е во тоа што ќе придонесат кон побрза и побезбедна заедничка комуникација и транспорт на патници и добра, што води до економска безбедност и стабилност.

Со тоа ќе се отворат вратите на Република Македонија кон подобра соработка со соседните земји и поширока соработка со земјите на ЕУ во сите сегменти на економијата. Нивен заеднички именител е поголемиот комерцијален пристап кон развојот на инфраструктурните сектори. Комерцијализацијата на инфраструктурните услуги се однесува на сите реформи со кои се стимулира деловниот пристап кон овие активности.

За успешно спроведување на овие реформи се предвидува бруто инвестициите во Република Македонија да се зголемат од сегашното ниво од 21% од БДП на околу 25% од БДП до 2010 година како резултат на програмата за структурни реформи насочена главно кон подобрување на деловната клима во земјата. Во рамките на вкупните инвестиции, јавните инвестиции имаат значително учество – 3,7% од БДП. Голем дел од инвестициите во јавниот сектор се насочувани во

инфраструктурниот сектор со цел зајакнување на инфраструктурните врски со сите соседни земји, бидејќи истото би дало придонес за успешно интегрирање на Република Македонија во ЕУ.

Врз основа на базата на податоци за Програмата за јавни инвестиции и согласно приоритетите утврдени од Владата на Република Македонија се очекува да се реализира значителен број инфраструктурни инвестиции во периодот 2008-2010 година.

Финансирањето на овие проекти ќе биде реализирано во согласност со можностите за понатамошно задолжување на земјата, наведено во Стратегијата за управување со јавниот долг, со меѓународните финансиски институции, како и со домашните буџетски средства што годишно се планираат за кофинансирање на странски заеми и кредити.

Владата на Република Македонија донесе одлука за избор на консултански тим по пат на меѓнароден тендер кој што ќе предложи модел за доделување концесија на дел од патната инфраструктура долж коридорите 10 и 8, како и кракот 10d во Република Македонија. Избрана е консултанската компанија, која до април 2008 година треба да достави Предлог-Студија за издавање под концесија  на дел од патната инфраструктура во Република Македонија ( со опфаќање на правците: сите делници од Коридор 8 што не се на ниво на автопат – Куманово-Деве Баир, Гостивар-Ќафасан, како и правците: Стенковец-Блаце, Битола- Охрид и Велс –Делчево.)

Владата на Република Македонија одлучи да воведе концесионен модел за двата аеродроми со кои раководи ЈПАУ(Јавното претпријатие за аеродромски услуги) Македонија. За таа цел, Министерството за транспорт и врски објави меѓународен ограничен повик за избор на консултант и како најповолен понудувач го избра NACO (Netherlands Airport Consultants B.V) со кој склучи договор. Временскиот  рок за кој Консултантот е ангажиран да ги изврши целокупните студии е 6 месеци (2+4) и  е структуиран во две фази. Првата фаза опфаќа подготовка за развојна Студија за концесија, а втората фаза опфаќа подготовка на тендерска документација за концесија во согласност со националната легислатива. Целите на проектот е да се обноват и прошират постоечките аеродроми како и нивото на меѓународни услуги. Моделот за модернизација на двата аеродрома е подготвен од консултантот, по што во првиот квартал од 2008 година ќе се распише тендер за избор на оператор на аеродромот (концесионер).

Во транспортниот сектор, јавните инвестиции во периодот 2008 – 2010 година ќе бидат насочени кон секторот патишта и секторот железници. Што се однесува до патиштата, завршувањето на коридорите VIII и X и понатаму е највисок приоритет. Во оваа фаза, се гради и обиколницата околу градот Скопје, проект вреден 120 милиони евра кој е заеднички финансиран од ЕИБ, ЕБОР и Фондот за магистрални и регионални патишта. Проширувањето на патот Е – 75 на делницата ''Смоквица – Гевгелија'' , финансиран од ЕБОР, е веќе завршен проект.

Предвидени се градежни активности за следниве делници од Коридорот X: Демир Капија - Удово, Удово - Смоквица, Табановце - Куманово, Битола - Меџитлија, како и на сите делници од коридорот 8 каде што градежните активности се уште не се започнати. Посебен акцент на Грчкиот план за економска обнова на Балканот (ГПЕОБ) е ставен на комплетирање на паневропскиот коридор 10, односно довршување на делниците во Република Македонија кои немаат автопатско решение: Демир Капија – Смоквица, на ист патен правец во вкупна должина од околу 28,5 километри. За финансирање на овој проект се вклучени средства од ГПЕОБ , ИПА-Компонента 3 за регионален развој и заеми.

За делницата Куманово-Табановце преговорите со Светска Банка се завршени. Потпишан е договор со Светска Банка за кредит во износ од 15 милиони евра. Во подготовка е започнување на изградбата на автопатот во должина од 7,3 км.

Со довршување на овие делници на ниво на автопат се очекува сигурен и квалитетен транспорт што ќе овозможи подобрување на протокот на сообраќај, како и зголемување на трговијата, превозот на патници и стока и генерално зголемување на социоекономскиот развој во земјата.

Во тек е реализацијата на втората фаза од реформите во железницата, со изработка  на Студијата за утврдување на надоместок за користење на железничката инфраструктура, Студија за услуги во превозот на патници и Студија за намалување на персоналот и трошоците за работа., финансирани со кредитот од Светската Банка. Во фаза е подготовка на избор на консултантска куќа која ќе ја изготвува Студијата за приватизација на транспортната компанија која ќе започне со релаизација во текот на 2008 година.  Владата на Република Македонија во јули 2007 година  ја донесе Национална Програма за железничка инфраструктура за период 2008-2012 година, со која во Буџетот се обезбедуваат средства за капитални инвестиции и редовно и инвестиционо одржување.

Инвестициите во железницата ќе бидат насочени кон ревитализација на железничката линија Табановце-Гевгелија (Коридор X) и подобрување на сигнализацијата и  телекомуникациите долж Коридорот X.

Инвестициските приоритети во секторот енергетика се во следните сегменти: производство на електрична енергија со отворање нов рудник за вадење јаглен во Брод – Гнеотино; изградба на 2 големи и околу 400 мали хидроцентрали според моделот на концесија; изградба на комбинирана електрична и топлинска гасна централа.

Приоритетите во енергетскиот сектор вклучуваат и инвестиции што имаат за цел енергетско поврзување со соседните земји. Во овој контекст, изградбата на 400 kW далноводи Штип – Червена Могила (Бугарија) и Битола –Флорина (Грција) се од големо значење бидејќи ќе ја зголеми стабилноста на системот на електрична енергија во Република Македонија.

**СООДВЕТНА СЕКТОРСКА СТРУКТУРА И СТРУКТУРА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Секторот на услуги во 2007 година е носител на динамизираниот раст на БДП , кој за првото полугодие изнесува 5,5%.Планираниот пораст на БДП во 2008 година од 6,0% исто така е заснован врз динамичниот раст на секторот услуги (трговија, сообраќај и комуникации, финансиско посредување).

Придонесот на производните сектори (индустрија и земјоделство) во растот на БДП во 2007 и планираниот за 2008 година ќе биде реалтивно понизок од секторот на услуги. Тоа укажува дека процесот на реструктуирање на македонската економија се остварува, со јакнење на секторот на услуги, кој реално се повеќе се промовира како носител на динамизираниот раст.

Активните политики на Владата на среден рок до 2010 година се очекува да придонесат за динамичен развој на секторот услуги, во услови на растечка конкуренција, остварена со либерализација на пазарот на услуги. Динамичниот развојот на ИТ секторот ќе содаде услови за подинамичен развој на економијата на знаење и економијата базирана на иновации.

Производните сектори ќе бидат поддржани со активни политики за зголемување на конкурентноста, врз основа на имплементација на среднорочни стратегии.

Со цел обезбедување на зголемена конкурентност на индустријата, подинамичен економски раст и развој започнати се активности за развивање на интегрирана индустриска политика во Република Македонија, преку:

1. Изготвување на Студија за мерење на индикатори за конкурентност на македонската индустрија
2. Развивање на Стратегија за индустриска политика и
3. Зголемување на можностите на администрацијата за развивање и имплементација на мерки на индустриска политика

Активностите ќе се одвиваат во неколку фази кој во дел се реализиран во 2007 година , а дел ќе се остваруваат во 2008 година како:

1. Во 2007 година подготвена е Бенчмаркинг студија со цел позиционирање и улога на креаторите и имлементаторите на индустриската политика во Република Македонија, меѓуинституционална соработка и подобрување на административниот капацитет.
2. Во 2008 година ќе се изготви Студија за мерење на индикатори за конкурентност на македонската индустрија - воспоставување на систем за мерење и евалуација кој ќе овозможи редовен мониторинг врз меѓународната позиција на конкурентност.
3. Во 2008 ќе се донесе Стратегија за индустриска политика како единствен документ кој ќе ги дефинира краткорочните и долгорочните приоритети за имплементација.
4. Во 2008 година ќе продолжи реализацијата на Националната програма за реструктуирање на челичната индустрија.

Во рамките на тригодишната програма 2008-2010 ќе се подржуваат развојот на кластерингот, преку работата на постојните кластери, формирањето на нови и нивна интернационализација.

Во 2008 година ќе се имплементира Стратегијата за преструктуирање на текстилната индустрија. Реструктуирањето на текстилната индустрија ќе ги опфати областите кои се идентификувани како пречка за развој, а тоа се:

Развој на пазарот; Комерцијална инфраструктура; Технолошки развој; Развој на човечки ресурси.

**Влијание на државата врз конкурентноста** (преку трговска политика, политиката на конкуренција, државната помош, СДИ и поддршка за мали и средни претпријатија)

Зголемувањето на конкурентноста на македонското стопанство се повеќе станува центар на различни и комплексни активности промовирани со владините политики и регулаторни реформи. Деловната конкурентност зависи од основните микроекономски услови што го дефинираат тековното одржливо ниво на продуктивност во земјата, според концептот дека богатството всучност се создава на микроекономско ниво и дека релевантните државни политики може да поттикнат или спречат продуктивно однесување на претпријатијата.

Трговската политика на земјата е фактор на конкурентноста на економијата. Во Извештајот за транзицијата на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) за 2006 година издаден во ноември 2006, се презентирани индикаторите на реформи на 29 земји во транзиција. Индикаторите ги вреднуваат постигнувањата на земјите во транзиција по области, каде 1 претставува мали или никакви промени во споредба со централно-планска економија, а 4+ претставува постигнат стандард на пазарна економија.

Во Извештајот од девет области Македонија има две највисоки ранг места за постигнати стандарди на пазарна економија, оценети со 4+. Тоа се областите трговија и девизен систем и либерализација на цените. Во овие две области, рангирани со постигнат стандард на пазарна економија, Република Македонија има ист индикатор со десет земји во транзиција-членки на ЕУ-Бугарија, Чешка, Естонија,Унгарија, Латвија,Литванија, Полска, Романија, Словачка и Словенија .

Примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ , мултилатералнитот трговски договор на земјите од Југоисточна Европа –ЦЕФТА 2006 и билатералните договори за слободна трговија преставуваат елементи на развој и унапредување на трговската политика во функција на јакнење на конурентноста во наредниот период.

Политиката на заштита на конкуренцијата во 2007 година се спроведуваше во функција на обезбедување на зголемен степен на слободна конкуренција на домашниот пазар. За зајакнување на правната рамка на заштитата на конкуренцијата донесени се: Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата со кој Комисијата за заштита на конкуренцијата стана надлежна да изрекува прекршочни санкции за сторителите на повреди на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата и донесени се насоки за примена на Законот и уредбите. Овие насоки беа објавени, а потоа и дистрибуирани на правната и бизнис заедницата, како и на пошироката јавност.

Во 2007 година беше зајакната меѓуинституционалната соработка помеѓу Комисијата за заштита на конкуренцијата и органите надлежни за регулација на одделни сектори. Комисијата потпиша Меморандум за соработка со Агенцијата за електронски комуникации, Регулаторната комисија за енергетика и Советот за радиодифузија. Изготвена е нацрт-верзијата на Меморандумот за соработка кој наскоро треба да биде потпишан со Бирото за јавни набавки.

Во 2007 година, Законот за државна помош беше изменет како би се добила правна основа за уредување на правилата и постапката за доделување на хоризонтална помош. Уредбата која ќе го регулира доделувањето на хоризонтална помош е донесена во декември 2007 година. Исто така, направена беше измена на Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реконструкција на претпријатија со потешкотии заради целосно усогласување на истата со европското законодавство.

Комисијата за заштита на конкуренцијата подготви делумен инвентар на доделената државна помош за периодот 2001-2006 година. Државната помош која беше доделена од страна на неколку владини институции, а која не беше благовремено нотифицирана, беше одобрена ретроактивно. Комисијата донесе 23 одлуки за компатибилна државна помош во периодот 2001-2006 година, 4 одлуки за 2007 година и 9 мислења по барање на даватели на државна помош. Од особена важност е фактот што одлуките на Комисијата се почитуваат од страна на другите владини институции. Комисијата го зголеми степенот на транспарентност и одговорност во својата работа преку објавување на донесените одлуки во Службен весник на Република Македонија и на својата веб-страна.
За периодот 2008-2010 година, предвидена е реализација на следните мерки:

- вработување на 2 лица во 2008 година;
- обука на вработените во Секторот за контрола на државна помош, членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и назначените лица во органите-даватели на државна помош и тоа во рамките на БЕРИС-проектот, ГТЗ-проектот и TAIEX семинари;
- усогласување на индустриските политики со правилата од областа на државната помош.

Во функција на презентација и промоција на новата проактивна инвестициона политика на земјата во 2007 година реализиран е систем на зајакнат институционален и персонален капацитет (Тим Македонија, два министри за странски инвестиции, Министерството за економија - Сектор за индустриска политика и инвестиции, Агенцијата за странски инвестиции на РМ - Инвест Македонија, Директоратот на ТИРЗ, Агенцијата за развој и инвестиции, назначување на првите пет економски промотори за одделни земји) а остварена е и соработката со невладините институции, вклучени во активностите за инвестирање.

Со реализацијата на новата *Програма за поттикнување инвестиции во Република Македонија за периодот 2007-2010 година*, што Владата на РМ ја донесе во јуни 2007 година се операционалираат, конкретизирани активности и мерки содржани во Акцискиот план на Програмата, за секоја година до 2010.

Предложените мерки се од  комплексен карактер (законски, институционални, финансиски, едукативни, програмски, физибилити студии и сл.), тие се насловени на конкретни носители и со прецизирана динамика  на реализација .Програмата се фокусира на 10 компоненти при што се дефинирани: 84 бариери-кои треба да се отстранат, 126 цели и 270 мерки за подобрување на климата за инвестирање во РМ.

Се цени дека преземените реформи за подобрување на инвестиционата клима, офанзивните промотивни активности ќе придонесат за динамизирање на странските директни инвестиции на среден рок.

Програмата на Владата предвидува **Агенцијата за странски инвестиции** - **Инвест Македонија** да преставува единствена развојна и инвестициона агенција во Република Македонија. Со целосна поддршка од Владата и меѓународни институции, кадровски и финансиски зајакната, таа активно работи на промовирање на Македонија како атрактивно место за инвестирање и привлекување на потенцијалните странски инвеститори во земјата. За поуспешно извршување на функцијата, покрај локалната канцеларија ќе биде формирана и сеопфатна мрежа од преставници во повеќе земји во светот. За таа цел во тек е постапка на избор на инвестициони промотори на Република Македонија во повеќе земји од светот. Планирани се 23 промотори кои ќе бидат распоредени во 21 земја. Тројца од промоторите веќе се одбрани.

Главни приоритети и задачи во работењето на Агенцијата за 2008 година се: квалитативно и квантитативно развивање Стратегија за привлекување СДИ и изготвување секторски студии; финансиско и кадровско зајакнување на Агенцијата; градење имиџ на земјата и промоција на инвестициските можности за потенцијалните странски инвеститори; давање на високо професионални услуги на инвеститорите во процесот на прединвестирање, инвестирање и реинвестирање, мониторинг и евалуација на инвестицискиот развој.

АППРМ учествува во реализацијата на Активната програма за вработување со која се обезбедува и ваучер во висина од околу 2000 евра за отпочнување со реализација на 500 бизнис планови – селектирани од 2500 барања.

Третата фаза од проектот - Фонд за развој на човечките ресурси во претпријатијата-  започна да се реализира во јануари 2007 година и ќе трае до крајот на 2008 година. До сега се едуцирани околу 300 менаџери од македонските претпријатија.
Покрај обуката на компаниите се врши и обука на обучувачите од страна на странски експерти и тоа на 20-тина сениор (постари) обучувачи како и на 12 помлади обучувачи насловена како "Академија за помлади тренери". Обуката на првите десет млади тренери заврши и истите се здобија со сертификати за обучувач. Со цел интегрирање на претприемништвото како клучна компонента на  политиката на секундарното образование, претприемништвото стана редовен предмет во наставните програми на средните училишта.

На почеток на 2008 година Владата на Република Македонија ќе започне со имплементација на проектот "Топ менаџмент". Проектот ќе се реализира во период од 2 години, при што ќе се селектираат околу 200 македонски менаџери, ќе се изврши нивна обука за менаџерски вештини и ќе бидат пратени на пракса во успешни светски компании од развиените земји. Во тој период тие ќе имаат можност да се стекнат со експертиза која е во согласност со современите менаџерски стандарди и принципи кои ги наметнува современиот пазар. Целта на проектот е подигнување на продуктивноста на македонската работна сила и зголемување на конкурентноста на македонската економија.

Формирани се два нови инкубатори. Во Скопје е основан "Бизнис инкубатор за млади" , а во Битола е отворен Инкубатор – "Центар за поддршка на бизнисите".
Преку Регионалните центри се вршат обуки за разни целни групи (невработени, жени, млади и други) и се врши промоција и јакнење на свеста за ИКТи воведување на стандардите за квалитет.

Поддршката на развојот на МСП секторот во 2008 година ќе биде насочена кон поефикасно работење на малите и средни претпријатија и поддршка на јакнењето на конкурентноста и иновативност преку:
- Зајакнување на институционалната инфраструктура со финансирање на активностите на АППРМ, Кофинансирање на нови бизнис центри, Обсерваторија за МСП, Форум за МСП, Инфо пулт -  проектот во соработка со регионалните центри за деловна поддршка, Кофинансирање на ИРЦ,  Кофинасирање на Фондот за развој на човечки ресурси.
- Подобрување на деловното опкружување и пристапот до финансии за МСП ќе се остварува со измена  на шемата за кредитни гаранции (Гарантен фонд); Основање на Кредит инфо бироа; обуки за алтернативни начини на финансирање,
- Подобрување на конкурентноста и иновативноста на МСП ќе се реализира со: кофинансирање на кластерите, кофинансирање на нови бизнис инкубатори, кофинансирање на трошоци на РЦ за проекти од нефинансиска поддршка на МСП, ваучерскиот систем за советување, претприемачки награди, претприемничко обазование, ЕУ ден на претприемачите, подигање на свеста за ИКТ, кампања за воведување на стандарди за квалитет, научно-иновативно поврзување, меѓународна научна соработка и подигање на свеста за права на интелектуална сопственост.

**ЗНАЧЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКО – КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ВО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ**

Примената на информациско - комуникациската технологија (ИКТ) директно го поттикнува зголемувањето на продуктивноста, што пак е предуслов за раст на БДП. На ниво на ЕУ, 25% од растот на БДП и 40% од растот на продуктивноста е резултат на употребата на ИКТ.

Одржлив економски развој е бенефит на развојот на Информатичкото општество, но истовремено е и поттикнувач на тој процес. Тој е и битен фактор во раните фази кога се создава критичната маса на заинтересирани учесници посветени на развојот на Информатичкото општество во Република Македонија.

Инфо-комуникациската технологија ја обезбедува глобализацијата, односно можноста за промовирање на локалниот пазар на светско ниво, односно еднаква партиципација во светската вмрежена економија.

Пристапот до ИКТ технологиите обезбедува балансиран економски развој на целата територија на државата, односно полицентричен развој што придонесува за добра децентрализација на единиците на локалната самоуправа, градење на транспарентни и одговорни локални администрации што како краен резултат кулминира со директно намалување на нееднаквоста, на невработеноста а со тоа и до постепено намалување на дигиталниот јаз внатре во државата. Воедно тоа доведува и до релативизирање на границите и зголемување на соработката и дијалогот во склоп на евро-регионите.
Инфо-комуникациските технологии (ИКТ) обезбедуваат поврзување на индивидуите, малите и средни компании, земјоделците или занаетчиите во посиромашните и во крајно изолираните делови на државата, и на сите им овозможува еднаква промоција на заедничкиот национален и глобален пазар.

Во моментов, во повеќе земји на ЕУ, помеѓу 30 и 40% на популацијата е исклучена од предностите на информатичкото општество. Во Македонија оваа бројка достигнува 50-70% (според повеќе истражувања само 50% од популацијата користи компјутер, а само 30% интернет). Овој дел од популацијата се соочува со потенцијални сериозни реперкусии врз можностите за вработување и општествена интеграција. Во случајот на Македонија, економската иднина на државата, особено транзицијата кон општество базирано на знаења, зависи од инклузијата на оваа група на луѓе во новото информатичко општество. Заради тоа на Македонија и претстои процес на масовно дигитално описменување.

Со цел да го спречи понатамошното зголемување на дигиталниот јаз, Владата на Република Македонија цврсто се определи за обезбедување на услови за брз развој на економијата со цел за краток временски рок да се достигне степенот на развојот на економиите што го имаат новите земји членки на Европската Унија и вклучување на Република Македонија во глобалната вмрежена економија.

Потребата Република Македонија за краток временски рок да оствари квантен скок во развојот на ИКТ секторот, бара разгледување и примена на нови иновативни решенија со кои ќе се создадат услови за остварување на предвидениот скок. Од тие причини, Владата на Република Македонија во 2007 година усвои Национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии (НСЕКИТ) во која се содржани нови иновативни решенија и мерки а со нивно ефикасно, ефективно и проактивно имплементирање се очекува да се обезбеди брз развој на ИКТ секторот. Со Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии, Владата на Република Македонија јасно ја дефинира и стратешката европска ориентација - развој на општество базирано на знаење (информатичко општество) т.е развој на дигиталната економија.

Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии (НСЕКИТ) целосно е во согласност со приоритетите и целите на иницијативата i2010 на Европската Унија (обврска за создавање на проактивен амбиент и околина за поддршка на развојот на информатичкото општество). Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии се базира на создавање на единствен информациски простор со отворен и конкурентен пазар на понуда на пристап до ИКТ и дигитални содржини; поттикнување на инвестиции во истражување и развој на ИКТ како моторна сила за развој на дигиталното општество, и создавање на инклузивно Информатичко општество.

Генерално кажано, НСЕКИТ има мисија да ја вклучи економијата на Република Македонија во светската карта на вмрежени економии, создавање на услови за скок во развојот на економијата (leap frogging) преку агресивно воведување и масовно ефикасно користење на електронските комуникации и информатички технологии, што ќе овозможи во следните 5 години Македонија да се приближи до просекот на новите земји членки на ЕУ, мерено спрема сите позначајни индикатори, како спрема ИКТ индикаторите така и спрема чисто економските индикатори.

Ефикасно и ефективно воведување на информатичкото општество во Република Македонија директно зависи од степенот на развиеноста на комуникациските инфраструктури и технологии и од степенот на користењето на услугите и содржините.

Степенот на развој на комуникациските инфраструктури, директно зависи од процесот на либерализацијата и развојот на конкуренцијата на пазарот на електронските комуникации и од таму политиките на Владата на Република Македонија кои произлегуваат од НСЕКИТ за идниот развој на информатичкото општество се целосно во насока на поддршка на развојот и процесот на либерализација на електронските комуникации, услуги достапни за секого по цени базирани на трошоци, масовно користење на широкопојасниот интернет.

Преку развојот на конкуренцијата и влезот на нови оператори ќе се воспостави неопходна инфраструктура за да се овозможи непречено, квалитетно, сигурно и навремено доставување на дигиталните содржини и услугите на информатичко општество.

2010 налага ЕУ во наредните неколку години да постигне позитивен раст и надминување на броудбенд јазот на географско, економско ниво и на ниво на атрактивни дигитални содржини и е-услуги. Имајќи го во предвид почетното заостанување тоа значи дека Република Македонија мора да направи дополнителни напори и со значително зголемена брзина да го постигне растот на броудбенд пенетрацијата и од таа причина во НСЕКИТ посебен акцент се става на развојот на широкопојасните брзи комуникациски мрежи.

Споредбата на податоците добиени од истражувањата покажува дека во најоптимистички услови само 1/3 од граѓаните во РМ го користат интернетот (без ограничување на видот на пристап - дома, на работа, интернет кафе, школа, универзитет, мобилен уред). Имајќи го во предвид мерењето на индикаторот „интернет пенетрација“ според стандардите на ЕУ, може да се заклучи дека овој процент на интернет корисници дополнително се намалува. Ова претставува значително доцнење во однос на растот на интернет корисници во ранг на ЕУ.

Предностите на широпојасниот интернет пристап во ЕУ се базира на примената во: телемедицина и е-здравство (рурални медицински центри кои ангажираат врвни експерти по потреба, неподвижни пациенти и онлајн мониторинг, далечинско дијагностицирање), е-Влада (суштинска децентрализација и е-демократија), е-образование (доживотно неформално учење, портали за е-учење, е-дневник, далечинско учење на универзитети низ цел свет), рурален развој (е-агро бизнис апликации, туризам, ИКТ ресурсни центри и е-точки), и е-бизнис.

Редистрибуцијата на знаења и капитал како суштинска децентрализација ќе биде можна само доколку конкуренцијата на бродбенд пазарот се поддржи и поттикне законски и инфраструктурно низ целата територија на Република Македонија.
Од аспект на користењето на услугите, круцијална улога има развивањето на широкопојасните мрежи преку политики кои ќе ја стимулираат побарувачката на различните типови на услуги на информатичкото општество. Овие политики можат да овозможат финансиски стимулации, подобрување на владините услуги преку Е-влада, Е-здравство, Е-образование, едуцирање на граѓаните, развивање на иновативни јавни услуги, обезбедување на системи на заштита и доверба, поврзување на јавната администрација, училиштата, болниците, малите и средни претпријатија итн.

Разликите на економските перформанси помеѓу земјите во голема мера се предизвикани од нивото на инвестиции во ИКТ истражување, развој и користење. Еден од приоритетите на Владата на Република Македонија (дефинирани во НСЕКИТ) е инвестирање во истражување и развој во информациско комуникацискиот сектор за промовирање на економски раст и зголемување на бројот и квалитетот на вработувањата. За таа цел неопходно е да се обезбеди финансиска поддршка, а како најдобар модел за тоа е креирање на Фонд за развој на информатичко општество од страна на Владата на Република Македонија.

**ТРГОВСКА ИНТЕГРАЦИЈА СО ЕУ**

Показателите на трговската соработка меѓу Република Македонија и ЕУ во 2007 година укажуваат дека истата значително се подобрува. Тоа ја прави објективна констатацијата дека степенот и динамиката на трговска интеграција на земјата во ЕУ бележи раст.

Анализата на обемот на вкупната надворешно-трговската размена на Република Македонија во периодот 2004-2006 покажува дека трговската размена е зголемена за 32,3%. Извозот е зголемен за 41,6% а увозот за 26,9%. Ваквите движења влијаеа учеството на извозот во вкупната надворешно трговска размена да се зголеми од 36,4%(2004) на 39%(2006), учеството на дефицитот во вкупната трговија да се намали од 27,2%(2004) на 22,1%(2006), и покриеноста на увозот да се зголеми од 57,2 (2004) на 63,8 (2006).

Позитивните движења на трговската размена кои се индикатор за конкуретноста на македонската економија продолжуваат и во првите 9 месеци од 2007 година. Учеството на извозот е зголемено на 41%, учеството на дефицитот е намалено на 17,9% покриеноста на увозот е зголемена на 69,6%

Движењата во надворешно-трговската размена со најважниот трговски партнер Европската унија се уште поповолни, што покажува на јакнење на конкурентната позиција на македонската економија на пазарот на ЕУ-25 и ЕУ -27 .Во периодот 2004-2006 трговската размена со ЕУ-25 е зголемена за 21,7% , извозот за 37,1%, увозот за 11,7%.

Како резултат на трикратно поголемиот пораст на извозот од порастот на увозот , учеството на извозот во вкупната размена е зголемено од 39,6%(2004) на 44,6% (2006) и 48,7% (2007), учеството на дефицитот е намалено од 20,9%(2004) на 10,9% (2006) и 2,5% (2007) и покриеноста на увозот е зголемена од 65,5(2004) на 80,4 (2006) и 95,0 (2007).

Со ЕУ- 27 податоците се слични, трговската размена е зголемена за 22,5%, извозот за 43,9 % и увозот за 10,4%. Учеството на извозот во вкупната размена е зголемено од 36,2% (2004) на 42,5% (2006) и 48,0% (2007), учеството на дефицитот е намалено од 27,7% (2004) на 15,1% (2006) и 4% (2007) и покриеноста на увозот е зголемена од 56,6 (2004) на 73,8 (2006) и 92,3 (2007).

Најголемо учество во вкупната надворешно-трговска размена имаат ЕУ 25 (ЕУ 27), земјите од ЈИЕ и земјите во развој. Учеството на ЕУ 25 во вкупната НТР се движи од 48,3% до 52,5% (ЕУ 27 од 55,6% до 60,6%). Учеството на земјите од Југоисточна Европа во вкупната НТР се движи од 18,5% до 27,1%, а учеството на земјите во развој од 13% до 19,5%.
Учеството во извозот на двете главни економски групации ЕУ 25 (ЕУ 27) и земјите од Југоисточна Европа е зголемено од 89,2 % (2004) на 93,9% (2006) и 95,2% (2007), а учеството во увозот е намалено од 72,2 %(2004) на 63,6 % (2006) и 61,6 % (2007).
Намалено е релативното учество на ЕУ 25 во вкупниот дефицит од 40,2% (2004) на 23,8% (2006) и 7,1% (2007), за ЕУ 27 на 12,7% (2007).

Најзначајни трговски партнери од ЕУ 27 во извозот се Германија, Грција, Италија и Бугарија со вкупно учество во вкупниот извоз во ЕУ 27 од 75,2% (2006) и 66,5% (2007). Во 2007 година значајни партнери се и Шпанија (9,3%) и Белгија (8,2%).
Најзначајни трговски партнери од ЕУ 27 во увозот се Германија, Грција, Бугарија, Италија и Словенија со вкупно учество во вкупниот увоз од ЕУ 27 од 65,1% (2006) и 65,2% (2007).
Зголемувањето на извозот во ЕУ 27(2006/2004) е повисоко од просекот (43,9%) во секторите:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Минерални горива, мазива и сл | 441,0 % |
| 2. | Суровини освен гориво | 178,6 % |
| 3. | Хемиски производи | 86,4 % |
| 4. | Пијалоци и тутун | 80,6 % |
| 5. | Производи класирани по материјалот | 68,3 % |
| 6. | Производи за храна | 47,4 % |

Зголемениот пораст на извозот во шест сектори укажува дека на среден рок можат да се очекува подобрување на обемот и структурата на македонскиот извоз во ЕУ.

Зголемувањето на увозот од ЕУ 27 (2006/2004) е повисоко од просекот (10,4%) во секторите:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Разни готови производи | 60,1 % |
| 2. | Производи класирани по материјалот | 60,0 % |
| 3. | Суровини освен гориво | 50,1 % |
| 4. | Хемиски производи | 21,7 % |
| 5. | Пијалоци и тутун | 18,4 % |

Процесот на зголемување на бројот на извозни сектори кои бележат тенеденција на надпросечен раст и кои се носители на извозот во ЕУ , покажува тенденција на диверзификација на извозната конкурентност на македонската економија. Како посебно позитивна за одбележување се цени тенденцијата што меѓу носечките извозни сектори во ЕУ се јавува секторот на производи за храна- кој е со голем инвестиционен и извозен потенцијал, и кој се очекува уште повеќе да се валоризира во конкурентен извоз на среден рок.

Постојат реални параметри да се предвиди дека позитивните трендови во трговската размена на земјата со ЕУ -27 и вкупно со светот ќе продолжат и во 2008 година и на среден рок.

# 3 СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ

## 3.1 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

### 3.1.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во рамки на Регулаторната гилотиња, во 2007 година, се пристапи кон пријавување на старите прописи кои престануваат да важат со донесување на новите хармонизирани прописи, како и старите прописи кои содржат конфликтни одредби. Координатор на Работната група за Слободно движење на стоки е Министерството за економија. Во рамки на работната група иницирани се активности за подготовка на Акционен план за сообразност со членовите 28-30 од Договорот на ЕЗ Други надлежни институции кои учествуваат во процесот се Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Институтите за акредитација, стандардизација, Биротот за метрологија, Министерството за Финансии_Царинска Управа и други.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во Република Македонија до крај на 2008 година се планира да се подготви акционен план за сообразност со членовите 28 до 30 од Договорот на ЕЗ со одредница за внатрешен screening на националното законодавство и административните практики, за воведување на клаузули за взаемно признавање и за потребните последователни измени во однос на компатибилност со овие членови од ДЕЗ, како и да се изготви листа на конфликтни прописи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на капацитетите на Министерството за економија и други надлежни институции кои учествуваат во процесот се Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Институтите за акредитација, стандардизација, Бирото за метрологија, Министерството за Финансии_Царинска Управа и други за потрвдување на усогласеноста со членовите 28 до 30 од Договорот на ЕЗ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Имплементација на Акциониот план сообразност со ченовите 28 до 30 од Договорот на ЕЗ.

### 3.1.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ

Правната рамка за регулирање на областите на акредитација, стандардизација, метрологија, надзор на пазарот и оцена на сообразноста е заокружена во Република Македонија. Во текот на 2007 година беа донесени Законот за изменување и дополнување на законот за безбедност на производите (Службен весник на Република Македонија бр. 63/2007) кој се усогласи со Законот за прекршоци а исто така се воведоа одредби за постпката за нотификација на технички прописи и стандарди. Исто така во 2007 година беше донесен и Законот за Државен Пазарен Инспекторат (Службен весник на Република Македонија бр. 24/2007). Законот за изменување и дополнување на законот за трговија (Сл.весник на РМ бр. 63/2007) и Законот за измененување и дополнување на законот за заштита на потрошувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 77/2007) беа усогласени со Законот за прекршоци.

**СТАНДАРДИЗАЦИЈА**

ИСРМ интензивно работи на исполнување на 9 те критериуми за полноправно членство во CEN и CENELEC.

Досега е полноправен член на Меѓународната организација за стандардизација – ISO (International Organization for Standardization), асоцијативен член на Меѓународната електротехничка комисија – IEC (International Electrotechnical Commission), придружен член во Европскиот комитет за стандардизација – CEN (European Committee for Standardization) и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација – CENELEC (European Committee for Electrotechnical Standardization). ИСРМ и ETSI потпишаа Меморандум за соработка (Memorandum of understanding) во областа на телекомуникациите. Вкупниот број на вработени во ИСРМ изнесува 13. Во текот на 2007 год. вработените континуирано учествуваа на семинари, обуки и тренинг работилници. На крајот од 2007 година е отпочната постапка за зајакнување на кадровскиот капацитет на ИСРМ. На 27.12.2007 год е распишан конкурс за вработување на нови извршители согласно Правилникот за систематизација на ИСРМ.. До крајот на 2007 година ИСРМ има усвоено 3146 европски и меѓународни стандарди и други стандардизациски документи како македонски од кои 2623 се хармонизирани стандарди од Директивите на Новиот приод. Во периодот од јануари 2006 до декември 2007 година усвоени со превод односно достапни на македонски јазик, се 47 стандарди. Бројот на повлечени конфликтни и неприменливи национални стандарди изнесува 54. Во ИСРМ формирани се 28 Технички „ мирор“ комитети (ИСРМ ТК) на CEN и CENELEC техничките комитети. Од нив четири технички комитети ја следат работата на „ мирор“ комитетите во европските и во меѓународните тела за

стандардизација. ИСРМ континуирано ги издава Месечните Огласници каде се објавува јавната расправа и усвојувањето на стандардите , ја ажурира веб-страната со актуелни информации од областа на македонската стандардизација. ИСРМ спроведе и неколку промотивни активности: Издавање на Леток за промоција на членството во ИСРМ како и попустите при купување на стандардите и Издавање и дистрибуција на постер и порака по повод Светскиот ден на стандардизацијата 14 Октомври и организација на две работилници под наслов „ Модалитети за поефикасно имплементирање на Еврокодовите како национални правилници“ и „ Ајде да работиме заедно“.

**АКРЕДИТАЦИЈА**

Правилата за акредитација во Република Македонија се потполно усогласени со европските и меѓународните стандарди (серија EN 45000 и серија ISO 17000), регулативата и упатствата на ЕА, IAF и ILAC, и европската добра пракса во таа област. Во ноември, 2007 година , на Генералното Собрание на ЕА, ИАРМ се стекна со статус на полноправна членка на ЕА. ИАРМ соработува со националните тела за акредитација на други држави пред се од регионот, засновано на формална или неформална соработка, и тоа со: SA, HAA, ATS, ATCG, ESYD, BAS и BATA. Веб страната на ИАРМ (www.iarm.gov.mk) постојано се ажурира и на јавноста и се ставаат на располагање сите актуелни информации од областа на акредитацијата. Вкупниот број на вработени изнесува 9. Во текот на 2007 година вработените учествуваа на повеќе семинари, обуки и работилници. Акредитирани се вкупно 17 тела за оцена на сообразност. А бројот на пријави за акредитација од ден на ден значително расте.

**МЕТРОЛОГИЈА**

Бирото за метрологија соработува со специјализирани меѓународни и регионални организации (OIML, CGPM, EUROMET, WELMEC) во кои Бирото ја претставува Република Македонија. Како стручно советодавно тело на Бирото за метрологија формиран е и работи метролошкиот совет. Во областа на метрологијата усвоени се 10 подзаконски акти. Бирото за метрологија е одговорно тело за имплементација на Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“, број 23/95 и 22/07) и во оваа област усвоени се 8 подзаконски акти за имплементација на Законот. На 14.11.2007 потпишан е MRA – Меѓународниот аранжман за признавање на сертификатите за калибрација издадени од националните метролошки институти, потписнички на MRA. Во рамките на Бирото за метрологија има девет лаборатории за калибрација на мерни инструменти (лабораторија за маса, притисок, должина и агол, зафатнина и проток, густина, фреквенција и време, температура, електрични големини и референтни материјали) од кои 4 се операбилни. За истите, во Бирото за метрологија се вработени единаесет инженери на технички науки. Заклучно со 2007 год. направени се вкупно 98 калибрации.

Спроведено е зајакнување на Бирото за метрологија со нови вработувања во 2007 година. Согласно Правилникот за организација и систематизација на вработени од 29.05.2007, има проширување во однос на претходната систематизација со ново Одделение за хомологација на моторни возила. Моменталната екипираност на БМ е 28 постојано вработени, а се планираат нови вработувања за работа во лабораториите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на **<u>стандардизацијата</u>** се планира:

- Зајакнување на кадровскиот капацитет со нови извршители согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите во ИСРМ;
- Обезбедување на средства за плаќање на членарините во европските и меѓународните тела за стандардизација
- Изработка на основи на стратегија за стандардизација како дел од националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот)
- Подготовка и реализација на Програма за усвојување на македонски стандарди за 2008 год (усвојување на меѓународни и европски стандарди и други стандардизациски документи со метод на индосирање, препечатување и со превод, повлекување на конфликтни и неприменливи национални стандарди)
- Забрзување на процесот за превод на европските стандарди на македонски јазик
- Зајакнување на национална техничка инфраструктура за стандардизација преку формирање на мирор технички комитети чиј делокруг на работа ќе го покрива делокругот на работа на техничките комитети во европските тела за стандардизација (CEN и CENELEC), а согласно потребите на македонската економија и стопанството и иницијативите од заинтересираните страни. Се предвидува вкупниот број на технички комитети до крајот на 2008 година да изнесува 35.
- Реализација на обуки за:
    - правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација
    - постапките за подготовка , усвојување на европските и меѓународните стандарди во европските и меѓународните технички работни тела

  - нотификациони процедури за сите стандардизациски проекти кои се планираат на национално ниво и процедури за мирување (standstill)
  - користење на софтвер за управување со докуменит и бази на податоци.
- Воспоставување информатички систем преку набавка на систем за управување со документи и бази на податоци
- Одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
- Промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации, плакати, летоци и нивна дистрибуција се со цел активно вклучување на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни во процесот на стандардизација;
- Издавање на Гласило на ИСРМ и Огласникот за усвоени македонски стандарди и нивна дистрибуција;
- Воспоставување на законска и интерна рамка за заштита на авторските права на МКС публикациите согласно интерните правила за правата на интелектуалната сопственост на CEN и CENELEC.

Од областа на **акредитација**:
Превидени се следните активности:
- акредитација на тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- зачленување во IAF, ILAC - меѓународните организации за акредитација;
- зајакнување на кадровскиот капацитет со нови извршители согласно Правилникот за систематизација и организација на ИАРМ
- реализација на обуки:
  - за оценувачи,
  - потенцијални клиенти
  - нови шеми на акредитација
- Зајакнување на соработка со министерствата во делот на овластување/ нотификација на телата за оцена на сообразност, односно јасно дефинирање на задачите помеѓу нив во однос на постапките за оцена на сообразност
- Подготовка на стратегија за акредитација како дел од националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет
- Зајакнување на техничката инфраструктура на ИАРМ преку формирање на технички комитети
- Промоција на ИАРМ, организирање на работилници, издавање на брошури, информатори, континуирано ажурирање на веб страната
- Набавка/изработка на софтвер за управување со податоци
- Потпишување на договори за соработка со телата за акредитација од регионот
- Аплицирање за членство во меѓународните организации за акредитација ILAC и IAF

Од областа на **метрологијата** се планира:
- да се заокружи правната рамка со донесување на подзаконски акти од страна на Министерството за економија. Транспонирањето на MID Директивата 2004/22/ЕС за мерни инструменти од хармонизираната област во Правилник за мерни инструменти ќе биде завршено во 2008 год., со што се заокружува законската рамка од техничката регулатива на законската метрологија од над 50% во однос на обемот на работи што ги врши Бирото во законската метрологија.
- Остварување на асоцијативно членство во европската организација за законска метрологија WELMEC.
- Искористување на подршката на УМЕ - националниот институт од Турција за калибрирање на еталоните и обука на лабораторискиот персонал на Бирото.
- Формирање на посебна фокусна група во рамките на техничкиот комитет за интердисциплинарна метрологија на ЕУРАМЕТ за поддршка на малите европски национални институти за метрологија меѓу кои е и Бирото за метрологија

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во областа на **стандардизација** се планира:
- Спроведување на националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот)
- Воспоставување на ефикасен систем за стандардизација во Република Македонија кој ќе овозможи следење и вклучување во стандардизацискиот систем на европско и меѓународно ниво;
- Целосно зајакнување на кадровски капацитет на ИСРМ
- Имплементација на европските интерни правила и процедури за работа на ИСРМ,
- Зајакнување на техничка инфраструктура – технички комитети и работни групи на ИСРМ;
- Усвојување на минимум 80 % од европските стандарди и повлекување на конфликтните национални стандарди;

- Обезбедување на соодветна IT и телекомуникациска опрема, нејзино инсталирање и ставање во целосна употреба.
- Воспоставување на нотификациони процедури за сите стандардизациски проекти кои се планираат на
- национално ниво и процедури за мирување (standstill).
- Примена на соодветна законска и интерна рамка на правила за интелектуална сопственост за стандардите и стандардизациските документи.
- Имплементирање на систем за квалитет во ИСРМ.

Во областа на **акредитација** се планира:

- зголемен број на акредитирани тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела)
- зголемен број на стручни оценувачи,
- потпишување на договори за билатерална соработка
- потпишување на договори за меѓусебно признавање на резултатите во рамките на ЕА (Multy Lateral Agreement- MLA)
- Имплементација на стратегијата за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет

Во областа на **метрологија** се планира:
Во текот на 2009 год. планирано е транспонирање на секторските директиви од табелата на ГАП анализата, а во текот на 2010 год. усвојување на останатите национални правилници за категории на мерила.

Според изготвената Среднорочна програма за развој на метролошката инфраструктура се планира:

- Максимално ангажирање за што поголемо искористување на проектот на PTB - Германскиот институт за метрологија за помош на националните метролошки институти од југоисточниот Балкан за нивно интегрирање во ЕУРАМЕТ со учество на Бирото во регионални интеркомпарации на еталоните и проекти од техничките комитети на ЕУРАМЕТ
- Искористување на подршката на UME - националниот институт од Турција за калибрирање на еталоните и обука на лабораторискиот персонал на Бирото
- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ во кои има Бирото назначено контакт лица за маса и сродни величини, за зафатнина и проток, за температура, за електрични величини и за должина;
- Воведување на систем за квалитет ИСО 17025 во лабораториите на Бирото за метрологија
- прогласување на национални еталони на мерните единици (маса, притисок, температура, густина, должина, зафатнина, низок напон, отпор);
- Заокружување на партнерските односи преку договори за верификација со корисниците на метролошката инфраструктура ;
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што Бирото за метрологија нема можности;
- активно учество за обезбедување на целисходно користење на средствата од MSTQ компонентата на БЕРИС програмата на Светската банка за натамошно доопремување и зајакнување на Бирото за метрологија;

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во мај 2007 година отпочна регионалниот проект CARDS 2006 Regional Quality Infrastructure Project (2007-2008), проект за инфраструктурата за квалитет. Во рамките на овој проект се планираат тренинзи, обуки и семинари од областа на стандардизација, акредитација, метрологија, надзор на пазарот, тестирање-сертификација –инспекција, RAPEX и за значењето и ефектите од ПЕКА протоколот.
Проектот за Реформа во бизнис окружувањето и институционално зајакнување (Business Environment Reform and Institutional Strengthening – BERIS), кој што е предвиден за период од три години (2007-2009) се однесува на воспоставување на ефикасен систем за стандардизација, акредитација во Република Македонија, со чија помош ќе се овозможи апроксимација и учество во системот на стандардизација, акредитација на европско и меѓународно ниво што ќе допринесе до конкурентност на македонските компании на странските пазари.

**ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ** (**ПРОВЕРКА/СЕРТИФИЦИРАЊЕ/КОНТРОЛА**)

Оценатa на сообразност е регулирана со Законот за безбедност на производи, при што министерот надлежен за донесување на техничките прописи ги овластува заинтересираните тела да вршат оцена на сообразност. Спроведената акредитација се смета за претпоставка за исполнетост на условите за овластување на телата. Во Република Македонија постои наследен систем на овластени тела и тие ќе продолжат со работа најдоцна од 1 до 2 години (од март 2008 година до декември 2008 година) сметано од денот на влегување во сила на соодветните технички прописи. Владата на РМ во документот „Националната политика во областа на акредитацијата“ ја има прифатено акредитацијата на телата за оцена на сообразност како алатка при постапката за овластување – нотификација на телата за оцена на сообразност во регулираната област. Во тек е акредитација на лаборатории, сертификациони и инспекциски (контролни) тела, согласно Законот за акредитација и соодветните меѓународни и европски стандарди. Дел од нив е веќе во постапка за добивање на

акредитација (повеќе од 15 апликации за акредитација). Во септември 2007 година, Министерството за економија со поддршка од ГТЗ во рамки на Меморандумот за разбирање за ,,транспозиција на техничките европски прописи во македонско законодавство,, спроведе обука за едукација на постоечките тела за оцена на сообразност од шест индустриски области (опрема под притисок, градежни производи, лифтови, машини, електромагнетна компатибилност и низок напон) со новите технички прописи во приема во Република Македонија и усвоените европски стандарди во македонски стандарди.

Заокружена е правната рамка за именување и нотификација на телата за оценка на сообразноста. Законот за безбедност на производи, претставува правна основа за регулирање на областа. Усвоена е Уредба за начинот и постапката за овластување на телата за оцена на сообразноста како и начинот и постапката за назначување на телата за оцена на сообразност во ЕК (Службен весник на РМ бр. 105/2007).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Овластување на телата за оцена на сообразноста се врши во согласност со утврдена постапка за овластување, од страна на Министерството за економија, согласно Законот за безбедност на производите. Исто така, во Министерството за економија се планира воспоставување на регистар на овластени тела за оцена на сообразност. Со цел реализација на предвидените активности се планира спроведување на интензивни обуки на телата за оцена на сообразност и дисеминација на информации. Обука на постоечките тела за оцена на сообразност за други индустриски области е договорено да се спроведе во јануари 2008 година. Целта на активностите кои се преземаат во оваа област е да се обезбедат услови за оцена на сообразност од страна на македонски тела за оцена на сообразност чии сертификати ќе бидат признати на европскиот и меѓународниот пазар; изградба на тела за оцена на сообразност, кои ќе работат согласно критериумите наведени во серијата на стандарди ISO 17000 и EN 45000 и чија компетентост ќе биде потврдена со сертификат за акредитација.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во областа на оцена на сообразноста се планира да се формира Совет за оцена на сообразност чија функција ќе биде координација на активностите кои ќе ги вршат овластените тела за оцена на сообразност и надлежните министерства. Во овој Совет се планира учество да имаат претставници од Владата на Република Македонија и ресорните министерства кои се надлежни за овластување на телата.

**НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**
Надзорот на пазарот во Република Македонија се спроведува заради следење на состојбата дали стоките пуштени на пазарот се во согласност со посебните правни прописи. Имено, надзорот на пазарот (инспекциски надзор) предвидува проверка дали производите ги исполнуваат барањата на соодветните прописи (со превземање на директивите или старите национални прописи онаму каде што се уште непостои хармонизација), потоа следат активности за усогласување на производите и на крајот изрекување на санкции кога тоа е потребно. Согласно последните измени во законот за трговија, за отпочнување на постапката за царинење, Царинската Управа на Република Македонија ја спроведува постапката, а Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор на стоките (непрехранбени производи) кога тие се пласираат на пазарот во Република Македонија, по однос на декларирањето и упатството за употреба кои треба да бидат напишани на македонски јазик и кирилско писмо на оригиналната амбалажа, што не ја исклучува можноста за истовремена употреба и на други јазици и знаци лесно разбирливи за купувачите. Размена на информациите помеѓу различните надлежни органи се врши континуирано и со постојани меѓусебни контакти. По донесувањето на новиот Закон за Државен пазарен инспекторат, донесени се 10 подзаконските акти во 2007 година.

Во Државниот технички инспекторат во 2007 година има еден нов вработен во Министерството за економија, и вкупниот број на вработени е 9 лица. За 2008 година, се планираат нови зајакнувања

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Со цел за непречено спроведување на одредбите кои произлегуваат од Законот за безбедност на производи и правилниците од новиот и стариот приод, во 2008-2009 година, на предлог на Министерот за економија од страна на Владата на Република Македонија, ќе се формира Комисија за безбедност на производи. Во Комисијата ќе учествуваат претставник од Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Организација на потрошувачи на Македонија и Стопанската комора на Република Македонија. Во 2007 донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производи, заради негово усогласување со Законот за прекршоци. Државниот пазарен инспекторат се јавува за прекршочен орган, за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција.

Во текот на 2007 година, усвоени се подзаконски акти, кои се работени со техничка поддршка од ГТЗ - Германска техничка помош, со кои се уредуваат: начинот, постапката и роковите за известување, како и начинот постапката критериумите и методите за процена на опасноста од страна на производителите и дистрибутерите; разменување на информации со ЕК за донесените инспекциски мерки за повлекување или целосно повлекување на производите од пазарот; известување преку системот RAPEX; начинот и постапката за овластување на телата за оцена на сообразноста како и начинот и постапката за нотификација на телата за оцена на сообразност во ЕК, начинот и постапката за укинување на решенијата за овластување, формата и содржината на регистарот за евидентирање на решенијата за овластување, односно решенијата за укинување на овластувањето; постапката за донесување на технички и нехармонизирани прописи и стандарди;

Со транспозиција на директивите од новиот приод во правилници во Република Македонија и нивна имплементација во април 2007 година, се спроведе национална промотивна кампања со цел за запознавање на потрошувачите со значењето на ознаката “ЦЕ”. Оваа кампања се реализира со странска техничка помош од ГТЗ-Германска техничка помош, која ја спроведе техничката поддршка за хармонизација на директивите од новиот приод.

По донесувањето на новиот Закон за Државен пазарен инспекторат, предвидено е донесување на подзаконските акти предвидени согласно овој закон, во првиот квартал на 2007 година:

- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација на инспекторите и начинот на издавање и одземање на истата;
- Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација на пазарните извршители и начинот на издавање и одземање на истата;
- Правилник за условите и начинот и постапката за купување на производи при вршење на инспекциски надзор;
- Правилник за начинот и постапката за уништување на производи;
- Правилник за форма и содржина на жигот за запечатување на простории;
- Правилник за форма и содржина на записник;
- Правилник за земање и проверка на примероци:.

Инспекциските служби во Република Македонија за надзор на пазарот, своите надлежности за надзор на пазарот во Република Македонија ќе ги спроведуваат согласно мерките и активностите кои ќе произлезат од Програмата за надзор на пазарот, каде што инспекциските служби во координиран и организиран настап ќе настапуваат на терен. Координативното тело ќе ја следи реализацијата на мерките и активностите од Програмата за надзор на пазарот, по кои постапуваат инспекциските служби. Се планираат нови вработувања (согласно новата систематизација на МЕ), дел во Секторот за внатрешен пазар, како и зајакнување во Државниот технички инспекторат и плус уште во Државниот пазарен инспекторат во рамки на Министерството за економија, кои ќе бидат одговорни за:

- следење на постоечката состојба во областа на стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот
- изготвување на правни прописи
- овластување на тела за вршење на оцена на сообразноста
- известување до ЕК
- надзор на пазарот на техничките прописи од новиот и стариот приод.

Во прва фаза со техничка поддршка на изработен е нов закон за техничка инспекција, а со кој ќе се обезбеди јасно дефинирање на надлежностите на техничката инспекција кои произлегуваат од хармонизираната област во ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усовршување на организационата поставеност на сите институции инволвирани во областа за надзор на пазарот;
- органите за надзор на пазарот да имаат соодветна правна сила и работни методи;
- воспоставување на целосно ефективен и ефикасен надзор на пазарот;
- обука за имплементација на усогласените прописи кон европското законодавство, усовршување на информативната опрема како и подобрување на комуникацијата.

### 3.1.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

**ХЕМИСКИ ПРОИЗВОДИ – Хемикалии**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Оваа област е регулирана со: Законот за хемикалии (Сл. весник на РМ бр.113/07) и Законот за превоз на опасните материи во железничкиот и сувоземен сообраќај. Со Законот за хемикалии се уредуваат условите и начинот на ставање на хемикалиите во промет, условите за производство на хемикалиите, правата и обврските на правните лица кои

произведуваат и вршат промет со хемикалии или ги употребуваат, тестирањето,оценувањето, класификацијата, означувањето и пакувањето на хемикалиите, како и надзорот со цел за заштита на здравјето на луѓето и заштита на животната средина. Одредбите на овој закон во однос на оценувањето и класификацијата се однесуваат и на биоцидите и на детергентите. Овој закон ги уредува и барањата и постапките за пријавување на нови супстанции и оценувањето на нови и постоечки супстанции, водење на хемиски регистар, постапките за нотификација, постапките за меѓусебно признавање на сертификатите, обврските за известување, утврдување на содржината, начинот и условите за размена на информации за хемикалиите во однос на нивниот степен на опасност, како и условите, обврските и начинот за сигурно ракување со хемикалиите.

Постапката за издавање на дозволи за увоз и извоз на хемикалиите, како и одобрението за вршење на дејност промет со опасни хемикалии ја врши Бирото за лекови. Процената на ризикот за опасност и класификацијата на хемикалиите ги врши Министерството за здравство, на предлог на Комисија за хемикалии. Министерот за здравство ја овласти Клиниката за токсикологија како јавна здравствена установа, која ќе ги врши работите на Центарот за информирање за труење од хемикалии. Центарот собира и обработува податоци за акутни труења и други несакани ефекти, врши документирање, информативни и консултативни активности, води регистар на несреќни случаи на труење, учествува во формулирање и контрола на централната берза на антидоти во Република Македонија и врши и други работи согласно со закон. Производителите, нотификаторите, односно предлагачите се должни да доставаат податоци на барање на Центарот. Содржината и начинот на водењето на регистарот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за здравство.

Инспекцискиот надзор на спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат преку инспекторите за хемикалии. Инспекцискиот надзор над прометот на хемикалиите наменети за заштита на растенијата го врши надлежниот орган на управата од Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство. Инспекцискиот надзор над исполнувањето на условите за производство и промет сохемикалии во поглед на заштита на животната средина од можни несакани дејства на хемикалиите го врши Државниот нинспекторат за животна средина. Инспекцискиот надзор над исполнувањето на условите за заштита при работа го врши Државниот инспекторат за труд.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период ќе се работи на подготовка за донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Интерсекторската соработка за спроведување на овој закон ја врши интерсекторско тело за хемикалии, кое го формира Владата на Република Македонија. Интер-секторското тело за хемикалии е составено од преставници на Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за финансии-Царинска управа и преставник на Здружението за хемиската индустрија. Задачата на Интерсекторското тело е да се обезбеди следењето на спроведувањето на законот, предлагање на измени и дополнувања на Законот врз основа на европските и светските препораки за управувањето со хемикалиите, давањето препораки и насоки за потребите за зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво и на индустријата согласно со европските и меѓународните препораки и соработување со релевантните тела.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Прилагодување на националното законодавство со REACH регулативата.
Со донесувањето на Законот за хемикалии се предвидува изготвување на Национална листа на нови и веќе класифицирани супстанции кои се во промет на територијата на Република Македонија , која ја донесува Министерот за здравство во согласност со Министерот за животна средина и просторно планирање и Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Се планира донесување на подзаконските акти за импелментација на Законот за хемикалии:

- Правилник за проценување на ризикот за опасност, класификацијата на хемикалиите и нивната безбедна употреба;
- Правилник за содржината и начинот на водење на регистерот за акутни труења и други несакани ефекти од хемикалиите;
- Правилник за начинот на тестирањето на физичко-хемиските, токсичните и екотоксичните својства на хемикалиите ;
- Правилник за проценка на ризикот од хемикалиите врз здравјето на луѓето и врз животната средина;

Правилник за постапката за утврдување на опасните својства на хемикалиите

- Правилник за методите за класификација на опасните супстанции;

- Правилник за начинот за класификација и означување на опасните хемикалии;
- Правилник за содржината на пријавата за нотификација на нови супстанции;
- Правилник за податоците кои треба да се содржани во техничкото досие, како и податоците потребни за техничкото досие за полимери;
- Листата на активните супстанции за вклучување во биоцидните производи, листата за вклучување во ниско-ризичните биоцидни производи, листата на базични супстанции, типот на биоцидни производи и нивниот опис;
- Правилник за начинот на ставање на биоцидите во промет преку постапка на одобрување или регистрација;
- Правилник за содржината на барањето и начинот на издавањето на одобрението за ставање во промет на биоцидите;
- Правилник за начинот на евалуација на досиејата, заради евалуација на ризикот за биоцидните производи;
- Правилник за пропишување на постапката за вклучување на активните супстанции во листите на активни и базични супстанции за вклучување во биоцидни производи и ниско-ризични биоцидни производи;
- Правилник за начинот за класификација, пакување и означување на биоцидните производи
- Правилник за утврдување на методите на биоразградивост на ПАС (површински активните супстанции) во детргентите, како и референтните методи за испитување и анализа на детергентите;
- Правилник што ја пропишува содржината на дополнителната проценка на ризикот од детергентите;
- Правилник за начинот на означување и начинот на пакување на опасните хемикалии;
- Правилник за содржината на упатството за мерките на безбедност неопходни за заштита на здравјето на луѓето и безбедноста на работното место како и заштита на животната средина;
- Начинот и содржината на предупредувањата од опасните својства на хемикалиите за корисниците на хемикалиите, поблиските услови по однос на простор опрема и кадар што треба да ги исполнуваат правните лица што вршат производство на опасни хемикалии, содржината и програмата за оспособување, начинот на оспособувањето, знаењата на работнико во зависност од видот на работата што ја врши, како и просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои го спроведуваат оспособувањето на работниците кои ракуваат и работат со опасните хемикалии во производствоточ
- Содржината и програмата за оспособување, начинот на оспособувањето, знаењата на работникот во зависност од видот на работата што ја врши, како и просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои го спроведуваат оспособувањето на правните лица што вршат промет на опасни хемикалии;
- Правилник за начелата на добрата лабораториска пракса;
- Правилник за начинот за спроведување на обуката и содржината на програмата за полагање на испитот за познавање на хемикалиите;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на интерсекторската соработка за спроведување на Законот за хемикалии усогласен со REACH регулативата и зајакнување на капацитетите на сите инволвирани страни.

**ДЕТЕРГЕНТИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Законот за хемикалии (Службен весник на РМ број 113/2007) во посебна глава се обработени општите услови за ставање во промет на детергентите, како и за нивното пакување и означување.

Министерството за здравство е надлежно за разгледување на барањата за дерогација, а контролата и надзорот ќе ја врши Државниот санитарен здравствен инспекторат. Републичкиот завод за здравствена заштита – Секторот за контрола на лекови врши контрола на квалитетот на детергентите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира донесување на подзаконски акти со кои ќе се утврдат методите за анализа на биоразградивост кај детергентите, тест методите и методите за анализа, како и посебните барања за означување на состојките заради целосно усогласување со Регулативата 648/2004.

Се планира кадровско зајакнување на постоечките институции - ДСЗИ и секторот за контрола на лекови во Републичкиот завод за здравствена заштита, како и обука на вработените за примена и контрола на новите прописи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира заокружување на правната рамка , како и на процесот на кадровско екипирање на лабораториите кои вршат контрола на квалитетот.

**ФАРМАЦЕВТСКИ И КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Со Законот за безбедност на козметичките производи (Службен весник на РМ бр. 55/2007). управувањето на областа на козметичките производи во целост е во надлежноста на Министерството за здравство. Државниот санитарен здравствен инспекторат врши контрола и надзор над процесот на производство и промет со козметички производи., додека контролата на квалитетот на козметичките производи се спроведува во Републичкиот завод за здравствена заштита кој е овластена државна институција за испитување и контрола на козметичките препарати

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во фаза на подготовка се подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за безбедност на козметичките производи, со кои ќе се утврдат листите на производи кои се сметаат за козметички производи, листите на производи кои не смеат да се користат во козметичките производи, листите на супстанции чија употреба во козметичките производи е дозволена, листите на бои, УВ филтри и конзерванси, начелата на добрата производна пракса, начелата на добрата лабораториска пракса, методите за анализа на козметичките производи, како и за содржината и начинот на означување на готовите козметички производи.

Планирано е зајакнување на административниот капацитет на ДСЗИ (обработено во поглавје 28.Заштита на потрошувачите и јавно здравје), а ќе следи и кадровско зајакнување на Секторот за контрола на лекови во РЗЗЗ каде се врши и контролата на квалитетот на козметичките производи.. За вработените од ДСЗИ ќе се спроведе обука во областите хигиена, добра производна практика за козметичките производи, спроведување на правни постапки и импликации од контролите. За потребите на РЗЗЗ- во контролната лабораторија на одделението за козметологија неопходно е да се набави и дополнителна опрема: еден апарат за течна хроматографија, еден атомски апсорпционен спектрофотометар и еден гасен хроматограф. За вработените во контролната лабораторија, планирано е да се спроведе обука во врска со воведувањето на новите методи за контрола на квалитетот на козметичките производи, за работа со опремата, како и обезбедување на субспецијализација за областа козметологија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Се планира довршување на процесот на зајакнување на административниот капацитет на ДСЗИ, (обработено во Поглавје 28) како и во Републичкиот завод за здравствена заштита за периодот 2009 и 2010 година.
Се планира и спроведување на континуирана обука на вработените во областите хигиена, добра производна практика за козметичките производи, правни постапки и импликации од контролите.

**МОТОРНИ ВОЗИЛА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Надлежна институција за областа моторни возила е: Министерството за економија а институции учесници се: Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за внатрешни работи. Со техничка поддршка од ГТЗ во рамки на Меморандумот за разбирање, од февруари 2007 година, започна изготвување на Закон за моторни возила и подзаконски акти, кој се планира да трае до средината на 2009 година. Се планира транспозиција на сите ЕУ директиви, а основната директива е 2007/46/ЕЦ. Министерството за внатрешни работи грижејќи се за безбедноста во патниот сообраќај во согласност Законот за безбедност во патниот сообраќај ги третира моторните возила односно нивното испитување, регистрација и технички преглед. Министерството за транспорт и врски го имплементира Законот за превоз во патниот сообраќај, грижејќи се за превозот и транспортот воопшто. Министерството за економија ги спроведува активностите кои произлегуваат од законот за безбедност на сообраќај, прикажани во правилници, а се однесува од областа на хомологација и масите и димензиите на осното оптоварување на моторните возила. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има надлежност врз земјоделските возила кои се употребуваат во земјоделието.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Се планира во 2008 година, да се донесе Законот за моторни возила, а потоа следат подзаконските акти.

Формиран **е** Ревизионен комитет кој работи на верификување на прописите во транспозиција на ЕУ мерките од областа моторни возила во текот на 2007, со помош на техничка поддршка од ГТЗ .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ќе се заокружува правната рамка од областа на моторните возила. Согласно Законот за моторни возила ќе бидат донесени подзаконските акти до средината на 2009 година.

**ТЕКСТИЛ И ОБУВКИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2006 година усвоени се следните подзаконски акти, врз основа на **Законот за безбедност на производите**:

- Правилник за одредување на суровинскиот состав и називите на текстилните производи;
- Правилник за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентните мешавини на текстилните влакна;
- Правилник за избор на методи за квантитативна анализа на трикомпонентните мешавини на текстилни влакна;
- Правилник за етикетирање на материјалите што се користат во главните компоненти на обувките што им се продаваат на потрошувачите.

Надлежно за оваа област е Министерство за економија - Сектор индустрија.

За оваа област усвоена е Спогодба за трговија со текстилни производи меѓу Европската заедница и Република Македонија (Сл.весник на РМ. бр.35/1998).

**СТАКЛО И ДРВО**

Правна основа за донесување на подзаконските акти од областа на стакло и дрво во Република Македонија ќе претставуваат следните правни прописи.

- Закон за градежни производи
- Законот за безбедност на производите

Во 2007 година, донесен е следниот правилник согласно законот за безбедност на производи:

- Правилник за кристално стакло (Сл.весник на РМ бр.70/2007)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **с**е надлежн**и** за донесување на правните прописи од областа на драво.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2008 година, се планира да се донесе Правилник за дрво и рамно стакло согласно законот за градежни производи.

**ЗАКОНОДАВСТВО**

Заокружување на правната рамка од оваа област и целосна имплементација на ЕУ мерките за стакло и дрво во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИИ**

Зајакнување на капацитетите во Министерството за економија и воспоставување на непречена соработка со сите инволвирани страни за имплементација на правните прописи од оваа област.

## 3.1.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Координација на активностите во правец на усогласување на националното законодавство и усвојување на европските технички норми и стандарди продолжува успешно да функционира преку работата на Работната група за Слободно движење на стоки и Работните подгрупи кои работат под координација на оваа работна група. Транспониран е значаен дел од директивите од новиот приод.

Усвоен е Законот за безбедност на производи (Сл.весник на РМ бр.33/06 и 63/07), во кој е транспонирана директивата на ЕУ 32001L0095, кој претставува правна основа за донесување на подзаконски акти за транспонирање на директивите од новиот приод:

- Усвоени се следниве правилници:
- Безбедност на машини (Сл.весник на РМ бр.64/06)
- Опрема и заштитни системи кои работат во потенцијално експлозивни атмосфери – АТЕКС (Сл.весник на Рм бр. 64/06)
- Електромагнетна компатибилност (Сл.весник на РМ бр.129/2006)
- Електрична опрема наменета за користење во определен напонски опсег (Сл.весник на РМ бр.127/2006)
- Пуштање на пазар на лична заштитна опрема (Сл. Весник на РМ бр. 13/2007)
- Барање на ефикасност на новите топловодни котли во кои согоруваат течни или гасовити горива (Сл.весник на РМ бр. 13/2007)

- Барање на енергетска ефикасност на домашните фрижидери, замрзнувачи и комбинација од нив (Сл.весник на РМ бр. 13/2007)
- Опрема под притисок (Сл.весник на РМ бр/ 17/2007)
- Пренослива опрема под притисок (Сл.весник на РМ бр. 17/2007)
- Пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови (Сл.весник на РМ бр. 23/2007)
- Безбедна употреба на лифтови и за технички преглед на лифотви (Сл.весник на РМ бр. 23/2007)
- Не-автоматски ваги (Сл.весник на РМ бр.56/2007)
- Пуштање на пазар на жичани постројки наменети за превоз на лица (Сл.весник на РМ бр. 59/2007)
- Апарати на гас (Сл.весник на РМ бр. 89/2007)
- Квалитет на нафтени деривати, објаснето во поглавје 15
- Известување за опасни производи пуштени на пазарот од страна на производителите и дистрибутерите (Сл.весник на РМ бр. 89/2007)
- Едноставни садови под притисок (Сл.весник на РМ бр. 144/07).

За спроведување на правилниците согласно Законот за безбедност на производи, Министерот за економија во 2007 година објави две листи на усвоени стандарди и тоа:

- Листа на хармонизирани европски стандарди во македонски стандарди за 5 области од слободно движење на стоки (опрема и заштитни системи, безбедност на машини, низок напон, електромагнетна компатибилност и лифтови) или вкупно 1315 стандарди (Сл.весник на РМ бр. 75/2007)
- Листа за дополнување на Листата на стандарди, со чија употреба се смета дека производот е безбеден (опрема и заштитни системи, безбедност на машини, низон напон, електромагнетна компатибилност опрема под притисок и опрема за лична заштита) или вкупно 483 стандарди (Сл.весник на РМ бр. 136/2007)

Законот за градежни производи (Сл. Весник на РМ бр.39/06), е целосно усогласен со директивата на ЕУ за градежни производи (89/106/ЕЕЗ), изменета со директивата за ЦЕ означување (93/68/ЕЕЗ). Во 2006 година донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за системи за атестирање, постапка за атестирање, означување на градежните производи и содржина на документите за сообразност, Правилник за потврдување на сообразноста и обележување на градежните производи и Правилник за суштински барања за градежни објекти кои треба да се почитуваат при утврдување на особините на градежните производи, објавени во Сл. Весник на РМ бр. 74/06.

За спроведување на правилниците согласно законот за градежни производи, Министерот за економија во 2007 година објави список на усвоени стандарди и тоа:

- Список на усвоени европски и меѓународни стандарди во македонски стандарди за градежни производи, или вкупно 231 стандард (Сл.весник на РМ бр. 136/2007)

При тоа, во 2007 година вкупно објавени усвоени стандарди од новиот приод се: 2129 стандарди за примена од страна на бизнис заедницата.

Во рамки на правилниците е пропишан начинот и димензијата на ЦЕ обележувањето.

Врз основа на Законот за заштита на потрошувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 38/2004), член 39 донесен е Правилник за својствата на детските играчки што се пуштаат во промет (Службен весник на Република Македонија бр 90/2004), кој е усогласен со Директива 31988L0078, од 3 мај 1988 година, за приближување на законите на земјите членки во врска со безбедноста на играчките. Правилникот е подготвен од страна на Министерството за економија, во соработка со Министерството за здравство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира усвојување на следните правилници во текот на 2008 година:

- Пакувани производи
- Рекреативни пловила
- Радио и телекомуникациска опрема за терминал, види поглавје 10-информатичко општество
- Класификација на дрво

Подзаконски акти кои се планираат во рамки на законот за градежни пориѕводи за 2008 година, се:

- Правилник за пожарна класификација на градежните производи

- Правилник за постапка за доделување на европска согласност на градежен производ, кои наоѓаат примена во градежништвото, согласно директивата 89/106 за градежни производи и за утврдување на сообразноста за поедини фамилии на гредежни производи

Основна цел на наведените правни прописи за градежни производи е почитување на техничките барања за производите присутни на европскиот пазар.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Целосна транспозиција и имплементација на директивите од новиот и глобалниот приод и воведување на клаузули во националното законодавството за взаемно признавање на резултатите.

**ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во септември 2007 година е донесен нов Закон за лековите и медицинските помагала ( Сл. весник на РМ бр. 106/2007) со кој е обезбедено усогласување со ЕУ Законодавството во најголем дел од поглавјата, освен оние за кои е дозволено национално уредување на конкретните прашања. Со законот се уредени условите и потребната документација во постапката за ставање во промет, условите и начинот на обезбедување на нивниот квалитет, безбедност и ефикасност, начинот и постапките на нивно производство, испитување, промет, формирање на цени, контрола на квалитет, огласување, како и надзорот над производството, прометот и контролата на квалитетот на лековите и медицинските помагала, како работи од јавен интерес.
Во преодните одредби согласно Законот е предвидено донесување на нови подзаконски акти во рок од 6 месеци од денот на стапување во сила.
Во однос на начинот на препишување и издавање на лекови постои “Правилник за начинот на препишување и издавање на лекови и медицински помагала на рецепт” (Сл.весник на РМ бр.17/2002). Во 2002 год. објавен е “Правилник за условите по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат промет на големо со лекови, помошни лековити средства и медицински помагала што се употребуваат во хуманата медицина” (Сл.весник на РМ 64/2002). Во 2004 год. објавена е “Инструкција за водење на постапката за издавање на одобрение за ставање во промет на готов лек” (Сл.весник на Р. Македонија бр. 49/04), и “Инструкција за испитување на биолошката расположивост и биоеквивалентност на лекови”(Сл.весник на Р.  Македонија бр. 68/04).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Новиот  Закон за лековите и медицинските помагала обезбедува соодветна правна рамка за изработка на новите правилници што треба подетално да ја пропишат соодветната материја.  Исто така треба да следи обука на вработените во врска со имплементација на новите законски одредби врзани со ИПА - проектите. Се планира донесување на следниве подзаконски акти: Правилник за издавање на одобрение за ставање на лек во промет, Правилник за обновување на одобрението, Правилник за промени на одобрението, Правилник за пренос на одобрението за ставање во промет, Правилник за регистрација на традиционални хербални лекови, Правилник за регистрација на хомеопатски лекови, Правилник за клиничко испитување на лековите Правилник за означување на лековите и упатство за пациент, Правилник за огласување на лекови, Правилник за увоз на лекови.

Министерство за здравство - Бирото за лекови за реализација на планираните активности и спроведување на утврдените задачи планира вработување на лица во 2008 год.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Се планира донесување на следниве подзаконски акти:
Правилник за начинот на пропишување и издавање на лекови, Упатства за ДПП, ДКЛП, ДЛП, ДКП, ДФП, Правилник за аналитичко испитување на лековите, Правилник за фармаколошко-токсиколошко испитување на лековите, Правилник за изработка на галенски лекови, Правилник за производство на лекови, Правилник за промет на големо, Правилник за промет на мало, Правилник за контрола на квалитетот на лековите, Правилник за фармаковигиланца.

Потребна е континуирана обука на вработените за новите постапки врзано со имплементација на правилниците, како и да се предвидат и обезбедат средства за тоа.

## 3.1.5 **ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ**

**ПОСТАПКИ ЗА НОТИФИКАЦИЈА**
**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Директивата 98/34/ЕЕЗ ги утврдува постапките за доставување на информации за стандарди, прописи и правила за услуги во информативното општество. За имплементирање на горespоменатите директиви се изработи Уредба за постапка за нотификации според правилата на ЕУ, која произлегува од Законот за безбедност на производи. Уредбата се усвои во четвтриот квартал на 2007 (Сл.весник на РМ бр.107/2007), а ќе се применува од денот на пристапување на РМ во ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Оваа проблематика ќе ја следи Секторот за внатрешен пазар при Министерството за економија и **Институтот за стандардзација на Република Македонија**. Се планира и воведување на посебно одделение со основна задача – контактна точка за директивата за нотификации 31998L0034 во нехармонизираната област. Исто така во Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, се планира да се обезбеди најмалку еден вработен со работи и работни задачи за нехармонизираното подрачје. За оваа цел ќе се извршат обуки на лица вработени во Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделие шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика.

**СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КУЛТУРНИ ДОБРА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

На 17 септември 2007 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ" бр.115/07).

Со измените на Законот во делот за реституција на културното наследство целосно се имплементираше Директивата 93/7/ЕЕЦ за враќање на културните добра незаконски изнесени од територијата на земја-членка, Директивата 96/100/ЕЦ на Европскиот парламент и на Советот од 17.02.1997 за дополнување на Анексот на Директивата 93/7/ЕЕЦ и Директивата на Европскиот парламент и на Советот 2001/38/ЕЗ од 05.06.2001 година за измена на Директивата.

Заради усогласување со цитираните Директиви во Законот се дефинираа поимите „јавна збирка" и „ предмети на колекции", а и се воведе посебна категорија на заштитени добра " национално богатство", аналогно на видовите на добра дефинирани во Анексот на Директивата. Директивата се однесува само на култирните добра незаконски изнесени од територијата на земја членка по 1 Јануари 1993 година.

Заради спроведување на надлежностите утврдени со Директивата, за централен орган за координација за враќање на движното културно наследство незаконски изнесено од територијата на РМ односно незаконски изнесено од територијата на друга држава, а се наоѓа на територијата на земја членка се определува Министерството за култура.

Со Законот, согласно цитираните Директиви детално се разработени постапките за враќање на незаконски изнесени добра од територијата на РМ, а се наоѓаат на територијата на земја-членка на Европската Унија и за враќање на незаконски извезени добра од земја-членка на Европската Унија што се наоѓаат на територијата на РМ.
Со измените на Законот постигната е целосна усогласеност со цитираните директиви.

Истовремено, со измените на Законот, во делот на Законот кој се однесува на контролни и други мерки за движното културно наследство имплементирана е Регулативата (ЕЕЗ) бр.3911/92 што се однесува на извоз на културни добра и Регулативата на Комисијата од 30.03.1993 година (ЕЕЗ) на Советот за извоз на културни добра.

Со измените на Законот постигната е делумна усогласеност со цитираните Регулативи. Доусогласувањето со цитираната Регулатива ќе се изврши со донесување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата и начинот на издавање на дозволите и уверенијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Министерството за култура функционира Секторот за заштита на културното наследство со вкупно 7 вработени и Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице со вкупно 34 вработени. Во Управата, во Секторот за превенција и инспекциски надзор –Одделение за превенција на културното наследство се следи состојбата околу недозволениот увоз/извоз и изнесување во странство на културното наследство и се преземаат превентивни мерки за намалување на можностите за појава на ризик од такви дејствија. Во таа смисла се остварува соработка со надлежните министерства за внатрешни и надворешни работи, како и со специјализирани институции во земјата и странство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Доусогласувањето со Регулативата (ЕЕЗ) бр.3911/92 што се однесува на извоз на културни добра и Регулативата на Комисијата од 30.03.1993 година (ЕЕЗ) на Советот за извоз на културни добра (делумно имплементирани во Законот) ќе се изврши со донесување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата и начинот на издавање на дозволите и уверенијата. Правилникот ќе се донесе најдоцна до крајот на септември 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на соработката со надлежните министерства за внатрешни и надворешни работи, како и со специјализирани институции во земјата и странство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со донесувањето на Правилникот за формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата и начинот на издавање на дозволите и уверенијата правната рамка за регулирање на предметната материја ќе се заокружи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Јакнење на административните капацитети на Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура за спроведување на утврдените надлежности, во смисла на создавање на предуслови за имплементација на донесената регулатива.

**ОРУЖЈЕ**

**ПРАВНА РАМКА**

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето (»Службен весник на РМ« бр. 47/2006) и на 04.04.2007 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето (»Службен весник на РМ« бр. 42/2007).

Во делот за краткорочни приоритети во делот за оружјето донесени се следните правилници:

- Правилник за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите на цивилните стрелишта (»Службен весник на РМ« бр.11/2007).
- Правилник за начинот на пренесување на оружје и муниција преку државната граница. (»Службен весник на РМ« бр.51/2007).
- Правилник за начинот на предавање, прием и чување на оружјето и муницијата во slučај на смрт на сопственикотна оружјето, како и формата и содрžината на потврдата за оружје и муниција кои се предаваат на надлеžниот орган. (»Службен весник на РМ« бр.51/2007).
- Правилник за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите во кои се врши производство и поправање, односно промет и складирање на оружјето и муниција(»Службен весник на РМ« бр./2007).
- Правилник за видовите на оружјето кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на одделни видови на оружје од А и Д категорија . (»Службен весник на РМ« бр.51/2007).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во однос на подготовката и имплементација на законските и подзаконски акти надлежно е Министерството за внатрешни работи. Одреден број на одредби од наведениот закон предвидуваат обврски и за други субјекти и тоа за:

- Судовите; Центри за социјална работа (член 10 став 1); јавни здравствени установи (Член 11 став 5); овластени правни лица за практично оспособување за ракување со оружје (член 14); Управа за заштита на културно наследство (член 27); Министерство за одбрана (член 46 став 3 и член 69 став 1); Министерство за економија (член 46 став 3);
- Министерство за надворешни работи (член 69 став 1)

Надлежни институции за имплементација на правилниците донесени врз основа на Законот за оружјето се: Министерството за внатрешни работи, овластени правни лица за практично оспособување за ракување со оружје, установи од примарна здравствена заштита кои вршат дејност медицина на трудот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Донесување на Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и европскиот документ за оружје (произлегува од Глава X од Законот, која ќе се применува по приемот на РМ во ЕУ). Овој правилник ќе биде донесен со започнување на примена на X од Законот за оружјето.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Национална стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО донесена на 16.062006) и Акционен план.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Донесување на Закон за жигосување и маркирање на оружјето и изработка на Правилник за образецот на одобрението за внесување оружје и европски документ за оружје.

**ПРОВЕРКА НА НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ**
**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Република Македонија ќе се подготвува за усогласување со Регулативата на Советот 339/93 од 8 февруари 1993 за проверки за сообразност со правилата за безбедност на производите во случај на производи увезени од трети земји. За таа цел ќе следат измени на Законот за безбедност на производите, **а измена на** Законот за трговија **во таа насока е извршена во** 2007 **година**.

За воспоставување на ваков нов систем контрола **веќе** се врши ревизија на надлежностите на инспекциските органи кои треба комплетно да го реорганизираат начин на работење, да развијат способност за вршење на контроли во внатрешноста наместо на царинските терминали, да бидат во можност да ги анализираат ризиците и за истото да воспоставаат соодветни механизми за размена на податоците со царинските органи, да креираат бази на податоци кои ќе бидат достапни за царинските органи.

Царинските органи ќе развијат механизими за користење на податоците добиени од надлежните органи при изградбата на сопствениот систем на анализа на ризик и ефикасни механизми на комуникација со другите инспекциски органи во случаите кога тие ќе одлучат да го одложат пуштањето на стоките за кои постои сериозно сомневање кое им дава причина да веруваат во постоење на сериозен и моментален ризик по здравјето или безбедноста во случај тие производи да се употребуваат во нормални и предвидливи услови и/или дека производ или група на производи не е придружуван со документ или не е означен во согласност со прописите за безбедност на производите.

Во рамки на Проектот надзор на пазарот – ИПА 2007, Прва компонента – обезбедена  е поддршка на Државниот пазарен инспекторат и Државниот технички инспекторат, вклучувајќи и ИТ опрема за спроведување на горенаведените активности..

## 3.2 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

### 3.2.1 ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД (ОПШТИ ПРИНЦИПИ) - ЕУРЕС

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Примената на Законот за вработување и работа на странци започна на 13.09.2007 година. Во функција на спроведување на новиот Закон за вработување и работа на странци (Сл. весник на РМ бр. 70/2007) Министерот за труд и социјална политика донесе Правилник за постапката за регистрација и завршување на работа која ја вршат странци и Правилник за постапките за издавање на работни дозволи и формата и содржината на посебните видови на работни дозволи (Сл. весник на РМ бр. 108/2007 од 10.09.2007 година). Со овој закон транспонирана е Директивата 96/71/ЕЗ што се однесува на преместени работници во рамки на давањето на услуги. Во законот исто така се имплементирани и одредени одредби од следниве ЕУ мерки: 2004/38/ЕЗ, 2003/86/ЕЗ, 2004/114/ЕС, 31996S0919/02. Во правилниците се пропишуваат постапките за издавање на работни дозволи и формата и содржината на посебните видови на работни дозволи (лична работна дозвола, дозвола за вработување и дозвола за работа), како и формата и содржината на образецот на сертификатот, како и постапката за регистрација и завршување на работата која ја вршат странци, доказите кои треба да се приложат кон барањето во оваа постапка, размена на податоците од посебните регистри меѓу одделните органи, упатствата за обработка и посредување на податоците од пријавите помеѓу одделни органи и служби.

За непречна примена на Законот и подзаконските акти Министерството за труд и социјална политика организираше презентации и обуки за вработените од Центрите за вработување. Министерството за надворешни работи подготви Упатство за процедурите во постапка за издавање на работна дозвола кое ќе се применува до стапувањето на сила на законот за странци.Со ова упатство се надминуваат некои прашања содржани во Законот за странци а кои во исто време се однесуваат со процесите за издавање на работна дозвола.

Надлежни институции за креирање на политиките, заокружување и спроведување на правната рамка од оваа област се: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни рабои, Министерството за правда и Министерството за надворешни работи. Имплементација на Законот за условите за засновање работен однос со странски државјани, како и на Законот за азил и привремена заштита, во областа на вработувањето на лицата со признат статус на бегалец и лицата под хуманитарна заштита, ја спроведува Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Со Законот за вработување и работа на странци и законот за странци е регулирано дека Собранието на РМ ќе донесе Резолуција за миграција. Овок документ ќе се подготви од Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјлна плолитика и Министерството за внатрешни работи. Заради подготовка на овој документ во тек е формирање на меѓуминистерско тело кое ќе ги следи миграционите текови а една од обврските ќе биде и подготовка на нацрт верзија на резолуцијата.
- Преземање на потребните мерки (организациски и технички) за постепено воспоставување на административен и технички капацитет во Агенцијата за вработување на Република Македонија и Центрите за вработување, заради нејзино учество во ЕУРЕС системот. За таа цел ќе се спроведе студија за оценка на потребниот институционален, административен и технички капацитет за учество во мрежата на ЕУРЕС.
- Во однос на правната рамка се планира транспонирање на следните ЕУ мерки , релевантни за ЕУРЕС: Регулативата 31968R1612 за слободно движење на работници во заедницата,Одлуката 32003D0008 за ослободување на работни места и аплицирање за вработување и EURES Charter: 52003XX0503(02)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Целосно закружување на процесот на усогласување на македонското законодавство, особено со одредбите од членот 39 од ДЕЗ. Се планира интензивна подготовка за учество во ЕУРЕС системот, кој е наменет за промовирање на слободното движење на работници, преку размена на информации за можностите за вработување.

Донесување на нов Закон за основно образование.
Со носење на овој закон ќе се обезбедат услови за образование на децата на жители на земјите на ЕУ согласно стандардите пропишани во Директива на Советот за образованието на децата на работници мигранти celex no. 31977Л0486 ( Council Directive 77/486/EEC of 25 July 1977 on the education of the children of migrant workers) Оваа директива ќе се имплементира во новиот Предлог на Закон за основно образование

Донесување на нов Закон за средното образование
Обезбедување на услови за образование на децата на жители на земјите на ЕУ согласно стандардите пропишани во. Директива на Советот за образованието на децата на работници мигранти CELEX no. 31977L0486 ( Council Directive

77/486/EEC of 25 July 1977 on the education of the children of migrant workers) Оваа директива ќе се имплементира во новиот Законот за основно образование и Законот за средно образование.
Се планира воспоставување на бази на податоци во РМ, кои ќе содржат општи податоци за пазарот на трудот и за условите за работа. Посебно внимание ќе се посвети на критериумите за избор и вработување на идните ЕУРЕС советници. Идните ЕУРЕС советници ќе се обучат за одредени прашања поврзани со acquis и новите бази на податоци.

Подготвителните активности ќе бидат направени во координација со Европската комисија. Во текот на месец декември одржан е и технички состанок со експерти од Европската комисија каде е разговарано за сите важни прашања околу функционирањето на ЕУРЕС во Република Македонија.

### 3.2.2 **ЕУРЕС**

**(Видете детали во дел** 3.19 **СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ**, 3.19.1 **Трудово право**)

### 3.2.3 **КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија активно се работи на склучување на билатерални договори. Во последниот период следните билатерални договори, влегоа во сила: Билатерален Договор за социјално осигурување со Кралството Холандија – влезен во сила од 1 април 2007 година (,, Службен весник на РМ„ бр. 20/2006), Билатерален Договор за социјално осигурување со Република Чешка – влезен во сила од 1 јануари 2007 година (,,Службен весник на РМ„ бр. 20/2006) и Билатерален Договор за социјално осигурување со Полска – влезен во сила од 1 јули 2007 година (,,Службен весник на РМ„ бр. 27/07). сто така потпишани и ратификувани од Собранието на Република Македонија се и договорите за социјално осигурување со: Кралството на Данска, Романија, Големото Војводство на Луксембург и Кралството на Белгија. Инициран е билатерален договор за социјално осигурување со Унгарија. На 2 ноември е инициран билатерален договор за социјално осигурување со Канада. Се работи за прекуокеански договор што регулира права од пензиско и инвалидско осигурување.

Во рамките на соработката во областа на социјалното осигурување, Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија на 4 мај 2007 година, потпиша договор за соработка во областа социјалното осигурување со Министерството за труд и социјална политика на Република Бугарија. Заради имплементирање на Договорот за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Министерството за труд, семејство и социјална заштита на Република Словенија потпишан во 2003 година, во април 2007 година се изготви Програма за работа во која подетално се разработени активности за соработка кои треба да се реализираат во текот на 2007-2008 година.

Со Законот за доброволното капитално финансирано пензиско осигурување се воспоставува и законска рамка за организирање професионални пензиски шеми и усогласување со европските текови. Клучна директива со која е усогласен овој Закон е Директивата 2003/41/ЕЗ. Еден дел од третиот столб ќе вклучи и обезбедување на пензии преку професионални шеми. Во доброволното капитално финансирано пензиско осигурување е забранета секаква дискриминација на членовите по пол, раса, боја на кожа, јазик, вера и религија, политичка или друга определба, национално или социјално потекло, припадност на национално или етничко малцинство, или пак врз основа на имот, семејство, здравствена состојба и возраст. Исто така овој закон обезбедува усогласеност со Директивата во однос на правилата на иневстирање, чување на средствата, известување за членовите и др.

Усвоен е Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во кој меѓудругото се дава правна можност на пензискиот фонд да ги собира сите социјални присонеси. Трите фонда во август 2007 година потпишаа договор за соработка врз основа на кој ќе се надоградува софтверот за електронска наплата на придонесите и ќе се разменуваат податоците.

Постигнато е зајакнување на **административниот и техничкиот капацитет** со нови вработувања во Секторот за пензиско и инвалидско осигурување во МТСП,, во рамки на Фонд на ПИОМ во секторот за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување, во МАПАС . Претставници на МАПАС во февруари 2007 година присуствуваа на едно-неделна обука во Комисијата за финансиски надзор на Република Бугарија заради унапредување на начинот на вршење на контрола.

Во рамките на активностите за имплементирање на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и поддршка на УСАИД/БЕА проектот, на 24 април 2007 година и 11 мај 2007 година организира презентација на тема ,,Дизајн на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб) на Република

Македонија. Презентацијата беше одржана пред работовачите, стопанските комори, банките, осигурителните друштва и Народната банка на РМ.

Во рамки на Проектот на Светска банка за имплементација на социјалната заштита беше направена целосна автоматизација на пензискиот систем преку мрежно поврзување на ФПИОМ, МАПАС, НБРМ и пензиските друштва. Во тек е имплементација на размена на електронски потпишани датотеки помеѓу ФПИОМ, МАПАС, НБРМ и пензиските друштва. Со цел да се обезбеди непречно функционирање на информатичкиот систем на ФПИОМ направено е негово соодветно опремување. Беа организирани поголем број на обуки за вработените во ИТ секторот на ФПИОМ. Во рамки на истиот проект беа дадени препораки за реформирање на системот на инвалидско осигурување, како и во делот на стажот што се смета со намалено траење. Со техничка подршка од холандската влада развиени се бизнис процеси во ФПИОМ на процесот на исплата на пензии и решавање на барањата за остварување на правата од пензиското осигурување.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Од 1 април 2008 година Фондот на ПИОМ ќе ги собира, контролира и распределува социјалните придонеси до останатите фондови, по електронски пат за секој осигуреник поединечно. Од 1 јули 2007 година придонесот за здравствено осигурување започна да се пресметува на иста начин како и останатите социјални придонеси на најниска основица од 50% од просечната плата а од 1јули 2008 година на 65% од просечната месечна нето плата.

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји, во текот на 2008 година, Министерството за труд и социјална политика планира да достави иницијатива до Владата на Република Македонија за започнување на преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Италија, Франција, Шведска, Словачка и Австралија.

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во соработка со странски екперти работи на подготовка на подзаконски акти за имплементација на Законот за капитално финансирано пензиско осигурување.

Се планира развивање на административен капацитет за целосна примена на Регулативите 31971R1408 и 31972R0574 за гранките на социјална сигурност и кадровско екипирање на Секторот за пензиско и инвалидско осигурување во Министарството за труд и социјална политика, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Приоритет во областа на пензиското осигурување е продолжување на започнатите реформи, пред се, заокружување на правната рамка со донесување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии, кој ќе се усогласи со европското законодавство. Имено,според член 149 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на корисник на пензија –странски државјанин кој ќе се исели на постојано живеење во земјата чиј е државјанин, пензијата му се исплатува во странство ако со односната држава е склучен меѓународен договор за плаќање на пензиите во странство,или ако постои реципроцитет. Со цел усогласување со Регулативата (ЕЕЗ) број 31971R1408 од 14 јуни 1971 и 31972R0574, ќе се извршат изменувања и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување во однос на: редефинирање на инвалидноста со давање на приоритет на професионалната рехабилитација како превентивна мерка, а правото на распоредување на друго работно место и скратеното работно време да се пренесат во надлежност на работодавецот. Исто така, ќе се изврши усогласување по пример на законодавствата на современите европски држави во однос на контролниот преглед на корисници на инвалидска пензија, од аспект на медицинските индикации и стажот со зголемено траење за работници кои работат на места штетни по здравјето.

Со Законот за исплата на пензии од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување се планира да се регулираат видовите на исплати на пензии од капиталното финансирано пензиско осигурување (ануитети, програмирани повлекувања, еднократни повлекувања), институциите за исплата на пензиите, начинот на пресметка на пензија од капиталното финансирано пензиско осигурување, и други прашања.
На среднорочен период предвидено е донесување на Закон за анутиети и програмирани повлекувања, .во кој, покрај постојните регулативи ќе биде транспонирана и новата Регулатива 32004P0883.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се продолжи со јакнење на административниот и техничкиот капацитет во институциите надлежни за имплементирање на правилата на Заедницата за координација на системите на социјална сигурност. Со донесување на Законот за доброволното капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензиите ќе се определат и надлежните институции за имплементација.

### 3.2.4 **ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија во изминатиот период презема бројни активности во правец на воведување на Европската картичка за здравствено осигурување. Утврден е моделот на електронската здравствена картичка а тоа ќе биде картичка со бар код која ќе претставува средство за идентификација и проверка на осигурителниот статус на пациентот и во исто време ќе содржи основни податоци за пациентот и дополнителни податоцинепоходни за неговата здравствена состојба.Електронската здравствена картичка ќе се однесува за сите граѓани на РМ.

Европската картичка за здравствено осигурување на Република Словенија се применува на територија на Република Македонија како побрз и поедноставен начин на словенечките осигурени лица за време на нивниот привремен престој на територија на Република Македонија, да ги остварат правата на здравствени услуги, во смисла на директна употреба на картичката во здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Во насока за продолжување на добрата меѓусебна соработка и во насока на приближување на Република Македонија кон Европската Унија, ФЗОМ достави иницијативи и до другите европски земји со кои има склучено или преземено Билатерален договор за социјално осигурување и тоа на Германија, Чешка, Полска, Италија, Франција, Луксембург, Белгија Романија и Холандија за склучување на Договор за примена на нивната европска картичка за здравствено осигурување на територија на Република Македонија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Врз основа на позитивното досегашно искуство што го имаме од примената на словенечката европската картичка за здравствено осигурување, во месец јануари 2008 година ќе се иницира со Република Бугарија потпишување на Договор за користење на бугарската европска картичка за здравствено осигурување на територија на Република Македонија.

За воведување на **електронската национална картичка за здравствено осигурување**, која би ја заменила здравствената легитимација ќе се работи на исполнување на следните услови:

- Донесување на подзаконски акт за утврдување на правна и техничка рамка за воведување на националната картичка за здравствено осигурување, во кој ќе бидат имплементирани следните ЕУ мерки: 32003D0751 за воведување на европската картичка за здравствено осигурување, за замена на формите неопходни за примена на Регулативите 1408/71 и 574/72 за пристап до здравствените услуги за време на привремен престој во ЗЧ различна од земјата на живеалиште; Одлуката 32003D0752 за техничките спецификации за Европската картичка за здравствено осигурување; и Одлуката 32003D0753 за замена на формите Е 111 и Е 111 В со Европската картичка за здравствено осигурување,
- Утврдување на основниот пакет на здравствени услуги,
- Обезбедување на соодветна информатичка технологија, која како пилот ќе се спроведе во Клинички центар во Скопје и во други општи болници во Република Македонија и ќе ги опфати сите категории на осигуреници.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира целосна имплементација на подзаконскиот акт за утврдување на правна и техничка рамка за воведување на националната картичка за здравствено осигурување, како и заживување на доброволното дополнително здравствено осигурување во праксата согласно Законот за здравствено осигурување и Законот за осигурување, заради покривање на трошоците за здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.

## 3.3 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ

### 3.3.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија основањето на трговски друштва, подружници и друштва - ќерки (subsidiaries) е уредено со Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/04, 84/05 и 25/07). Трговско друштво можат под еднакви услови да основаат домашни и странски лица.

Согласно одредбите на Законот за занаетчиска дејност („Службен весник на РМ“ бр. 62/04 и 55/07), занаетчиска дејност може да врши физичко лице кое е запишано во Регистарот на занаетчии. Не се прави разлика помеѓу домашно и странско физичко лице.

Занаетчиска дејност можат да вршат трговец поединец и трговско друштво под услови и на начин утврдени со Законот за трговски друштва и Законот за занаетчиска дејност.

За вршење на занаетчиска дејност со законот се предвидува исполнување на два услови: физичкото лице да е невработено и да има соодветна стручна оспособеност. Физичкото лице поднесува писмено барање до комората, за упис во Регистарот на занаетчии, во местото каде што се наоѓаат просториите каде што се врши занаетчиската дејност.
Комората во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето донесува решение за упис во Регистарот на занаетчии. Доколку комората не донесе решение во предвидениот рок, истото ќе се смета за донесено.

Изготвен е предлог закон за измени и дополнувања на Законот за девизно работење со кој ќе се овозможи во иднина уписот на странски инвестиции во Република Македонија и инвестициите во странство, наместо во Министерството за економија, да се вршат во Централниот Регистар на Република Македонија. Оваа измена ќе има за цел намалување на времето и трошоците за регистрација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Продолжува Регулаторната гилотиња, која има за цел да ги елеминира сите неоправдани барања во законските и подзаконските акти.

Главен приоритет е оцена на постоечката регулатива од аспект на обезбедување на правото на основање и можност давателите на услуги од земји членки на ЕУ да обезбедуваат услуги на територија на Република Македонија и оцена на потребата во одредени услужни сектори и понатаму услов да е реципроцитет.

Во насока на остварување на приоритетот планирана е анализа на законите и подзаконските акти во кои има одредби за право на основање на физички и правни лица од ЕУ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Врз основа на извршенатата процена се планираат измени и дополнувања на законите и подзаконските акти во врска со правото на основање на правни и физички лица од земјите членки на ЕУ.

### 3.3.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Усогласувањето на националното законодавство со acquis од ова подрачје подразбира измени и дополнувања на голем број закони и подзаконски акти. За таа цел формираната работна група за поглавје 03 која функционира како хоризонтално тело за меѓуресорска соработка составено од претставници од повеќе институции, превзема активности за утврдување на законите и подзаконските акти во кои е потребно да се извршат измени и дополнувања. Координатор на оваа работна група е Министерството за економија.

Подрачјето на слобода на уредување на услуги е регулирано со повеќе закони и подзаконски акти од кои се анализирани следните:

Закон за туристичка дејност („Службен весник на РМ“ бр.62/04), согласно кој туристичка дејност можат да вршат трговски друштва и трговци - поединци регистрирани во трговскиот регистар (вршители на туристичка дејност). Трговското друштво и трговецот - поединец во зависност од видот на услугата што ја дава може да биде туристичка агенција и туристичко биро. Основачи на туристички агенции и туристички бироа можат да бидат домашни и странски правни лица.

Физичките лица кои согласно одредбите на овој закон вршат туристичка дејност од мал обем се регистрираат во регистарот кој го води градоначалникот на општината, а во Градот Скопје во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на Градот Скопје.

Туристичките агенции за вршење на дејноста мораат да имаат лиценца за вршење на туристичката дејност (лиценца „А“, лиценца „Б“ и лиценца „В“). Туристичките агенции за добивање на лиценцата поднесуваат барање до давателот на лиценцата со наведување на фирмата и седиштето на барателот и видот на лиценцата што се бара. Лиценцата се издава во рок од осум дена од денот на поднесување на барањето од страна на вршителот на туристичката дејност и има важност од три години. Доколку лиценцата не биде издадена во рокот од осум дена, се смета дека на барањето е позитивно одговорено (молчењето значи одобрување).

За давање услуги на туристички водич, туристичкиот водич мора да ги исполнува следните услови:
1. да е државјанин на Република Македонија; и
2. да има живеалиште на територијата на Република Македонија.

Туристичкиот водич мора да има најмалку средна стручна подготовка и положен стручен испит за туристички водич.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност кој е во собраниска процедура, се предлагаат измени со кои ќе се допрецизираат правата и обврските на туристичките агенции заради квалитетна информираност и заштита на корисниците. Се поедноставува постапката за добивање на лиценца со помал број на документи кои се потребни да се приложат кон барањето и можност да се доставаат фотокопии од бараните документи.

Закон за угостителска дејност („Службен весник на РМ“ бр. 62/04), според кој угостителска дејност можат да вршат трговски друштва и трговци - поединци запишани во трговскиот регистар. Физичките лица кои согласно одредбите на овој закон вршат угостителска дејност од мал обем се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината.

Угостителската дејност во ноќен бар, кабаре и диско клуб се врши врз основа на лиценца.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на законот за угостителската дејност кој е во собраниска процедура, се предлагаат измени во насока на скратување на постапката за добивање решение за работа за вршење на угостителска дејност. Во член 6 од законот се дефинирани условите кои треба да бидат исполнети за вршење на угостителската дејност а угостителот со поднесување на пријавата за отпочнување на работа се изјаснува дека ги исполнува условите согласно Законот за угостителство.

Со предложените измените се утврдува рок од 8 дена за издавање на лиценци за ноќен бар, кабареа и диско клубови. Доколку надлежниот орган не издаде лиценца во наведениот рок, истото ќе се смета за позитивно одговорено. Со измените исто така се бришат членовите од постојниот закон со кои се бара угостителот, послужувањето и продажба на вино, алкохол и алкохолни напивки да го врши со лиценца. Ова е направено од причина што издавањето на вакви лиценци во поновите законски решенија надвор од нашата земја не е присутно и е во насока на намалување на трошоците.

Закон за ветеринарно здравство („Службен весник на РМ“ бр.113/07), според кој сите физички лица кои работат како доктори по ветеринарна медицина во РМ мора да бидат членови на Ветеринарната комора. Со цел да ги врши своите задачи на ефикасен, транспарентен и независен начин, средствата за работа Ветеринарната комора ги обезбедува од членарина, надомест за издавање на лиценци, донации, спонзорства и други извори согласно закон. Ветеринарната Комора ја утврдува висината на надоместокот за издавање на лиценци.

Професијата доктор по ветеринарна медицина може да ја врши лице кое ги исполнува следните услови:
1. да има дипломирано на Факултет по ветеринарна медицина;
2. да е член на Ветеринарната комора;
3. има лиценца за работа;
4. да е државјанин на Република Македонија.

Странски државјани можат да вршат ветеринарна професија во РМ како истражувачи, научници, предавачи или универзитетски професори, или како меѓународни консултанти со официјална покана од институција на РМ.

Закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатурата („Службен весник на РМ“ бр. 29/07) согласно кој се предвидува обезбедувањето на давање на правна помош и вршење на адвокатска дејност на територијата на РМ на адвокатите и адвокатските друштва од земјите членки на ЕУ, со одредби кои ќе се применуваат по приемот на РМ во ЕУ.

Измените на законот се во насока на спроведување на ефикасни и континуирани реформи во адвокатурата базирани на европските стандарди, усогласување со Законот за прекршоци („Службен весник на РМ“ бр. 62/06 ) и имплементирање на директивите 31998L005 и 31977L0249 кои се однесуваат на вршење на дејноста адвокат во земја членка што не е земја каде што е добиена таа квалификација и на давање адвокатски услуги од странски адвокати и адвокатски друштва.

Тргнувајќи од една од целите на внатрешниот пазар, укинување на пречките за слободно движење на лица и услуги помеѓу државите членки, земјите членки на ЕУ преку овие директиви им овозможуваат на нивните државјани, вршење на дејност, без разлика дали се работи за адвокат поединец или пак адвокат вработен кај друг, во друга земја членка, што не е земја во која ја стекнале таа квалификација.

Адвокатот што ги стекнал своите квалификации во една земја членка, може да бара признавање на својата диплома, во однос на негово регистрирање во друга земја - членка, со цел да ја врши дејноста адвокат со професионалната титула во таа земја, во согласност со 31989L0048 чија цел е да обезбеди интеграција на адвокатот во земјата домаќин.

Со 31977L0249 се овозможува одбрана или застапување во одредени предмети каде што странскиот адвокат и адвокатското друшто ќе имаат права и обврски еднакви со оние на адвокатите од РМ и ќе ја користи титулата под која ја врши адвокатската дејност во неговата држава по потекло.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел да се идентификуваат евентуалните бариери за слободата на давање на услуги и на систематски начин да се надминат овие бариери, хоризонталното владино тело за меѓуресорска соработка за поглавје 03 ќе подготви листа на закони и подзаконски акти кои содржат одредби со кои се ограничува слободата на давање на услуги. Се превземаат активности за поактивно вклучување на претставници на стопанските комори, професионалните асоцијации и здруженија во работата на хоризонталното тело со цел да се оцени оправданоста на одредени правни ограничувања при давањето на услуги.

Согласно утврдените активности за усогласување со 32006L0123 се анализира законодавството во услужниот сектор.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во текот на 2008 година потребна е експертска помош (во рамки на TAEIX) за обука на претставниците на хоризонтално тело за меѓуресорска соработка за понатамошни насоки во врска со усогласувањето со 32006L0123.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Продолжување на активностите на хоризонталното тело за меѓуресорска соработка на среден рок во насока на идентификација на бариерите за слободата на давање на услуги, проценување на системот за лиценцирање и неговата практична примена, со цел да се обезбеди усогласеност со законодавството на ЕУ, особено со 32006L0123.

## 3.3.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во Јјуни 2007 година донесена е Стратегијата за поштенски услуги (Службен весник на РМ бр. 70/07).

Подготвен е текст на новиот закон за поштенски услуги усогласен со Директивата 31997L0067 за заедничките правила за развој на внатрешниот пазар на поштенските услуги на Заедницата и подобрување на квалитетот на услугите и 32002L0039 за изменување и дополнување на Директивата 31997L0067 во однос на понатамошно воведување на конкуренција на пазарот на поштенски услуги на Заедницата. Законот предвидува основање на независно регулаторно тело за поштенските услуги.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за креирање на политиката во поштенскиот сообраќај односно за реализирање на политиката на РМ во областа на внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај. Во рамките на министерството, во Секторот за комуникации формирано е Одделение за поштенски сообраќај кое ги врши работите од оваа област. Во одделенито во редовен работен однос вработени се 2 стручни лица, а согласно актот за систематизација на работните места во ова одделение предвидни се вкупно 3 лица.

Акционерското друштво во државна сопственост „Македонска пошта“, согласно постојниот закон е надлежен оператор за вршење на работите во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај, вклучувајќи и вршење на универзалната поштенска услуга, со околу 2550 вработени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
1. **Донесување на нов закон за поштенски услуги**
Со законот делумно се транспонира 32002L0039 која се однесува на воведување на конкуренција на пазарот на поштенските услуги, со што се обезбедува постепена и контролирана либерализација на поштенскиот пазар.

Со одредбите на закон се регулира задолжително обезбедување на универзалната поштенска услуга, при што се осигурува постојано, редовно и непречено обезбедување на поштенски услуги со утврден квалитет на целата територија на РМ по пристапни цени за сите корисници.

Универзалната поштенска услуга ќе се врши во внатрешниот и во меѓународниот поштенски сообраќај и ги вклучува како минимум следните поштенски услуги:
- прием, транспорт и дистрибуција на поштенски пратки со тежина до 2 кг;
- прием, транспорт и дистрибуција на поштенски пакети со тежина до 20 кг;
- поштенски и телематски упатници, парични упатници;
- книжени услуги и услуги со означена вредност и
- прием и дистрибуција на поштенски пратки за слепи лица и за лица со делумно оштетен вид.

Согласно законот АД Македонска пошта врз основа на индивидуална дозвола е давател на универзалната поштенска услуга, вклучувајќи и обезбедување на резервираните поштенски услуги, како и поштенски услуги за слободниот поштенски пазар.

Тежината на резервираните поштенски услуги од сегашните 350 грама, треба да се намали во постапка за постепено укинување на тежината, на следниот начин :
- до 31.12.2008 година ќе се обезбедуваат резервирани поштенски услуги до 100 грама и цена 3 пати повисока од цената за транспорт на писмоносната поштенска пратка од стандардна категорија во првата тежинска стапка за внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај;
- од 1 јануари 2009 до 31 декември 2011 година ќе се обезбедуваат резервирани поштенски услуги до 50 грама и цена 2,5 пати повисока од цената за транспорт на писмоносната поштенска пратка од стандардна категорија во првата тежинска стапка за внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај и
- од 1 јануари 2012 година, нема да се обезбедуваат резервирани поштенски услуги.

Со законот се предвидува формирањето и воспоставувањето на Независно Регулаторно Тело - Агенција за пошти за регулирање на работите од областа на поштенските услуги, кое ќе биде правно одвоена и независна на оперативен план од поштенските оператори.

Како едно од најважните прашања кои и се доверени во надлежност на Агенцијата е издавањето на дозволи и одобренија за работа на давателите на поштенските услуги. Имено, Агенцијата на АД Македонска пошта за вршење на универзалната услуга со резервираната услуга со ограничена тежина за одреден период ќе издаде индивидуална дозвола за период не подолг од 15 години.

Стандардната дозвола,Агенцијата ќе ја издава на давателите на поштенските услуги за период не подолг од 5 години и тоа за обезбедување на универзална поштенска услуга, но надвор од резервираната поштенска услуга, додека за обезбедување на поштенски услуги кои се вршат на слободниот поштенски пазар, Агенцијата ќе издаде одобрение за период не подолг од 5 година на давателите на поштенските услуги.

2. **Подзаконски акти**
Од Законот за поштенски услуги произлегуваат 13 подзаконски акти со кои ќе се изврши целосно усогласување со 32002L0039:
- Правилник за Општите услови за обезбедување на универзална поштенска услуга;
- Правилник за Номенклатура на поштенските услуги;
- Правилник за утврдување на Подрачјата на единиците на мрежа на давателот на универзалната поштенска услуга;

- Правилник за утврдување на методологија за мониторинг на квалитетот на обезбедување на универзална поштенска услуга
- Правилник за методот на утврдување на трошоците што давател на универзаланата поштенска услуга може да ги вклучи во своите побарувања и начинот за пресметување на надоместокот за обезбедување на универзалната поштенска услуга;
- Формулар за остварени вкупни приходи на давателите на поштенски услуги за исполнување на обврската за плаќање на средства за надоместување на реалните трошоци за обезбедување на универзалната поштенска;
- Правилник за утврдување на техничките барања за квалитетот на универзалната поштенска услуга, техничките параметри и нивно мерење, како и потребни минимални услови за остварениот квалитет;
- Правилник за утврдување на содржината и формата на барањето за обезбедување на поштенски услуги, потребната документација и потврда за регистрација на барањето
- Правилник за утврдување на критериумите за пристап до универзалната поштенска услуга, за растојание помеѓу поштенски единици, број на поштенски сандачиња и сл;
- Правилник за утврдување на методологијата за пресметување на годишниот надоместок за вршење надзор на поштенскиот пазар;
- Правилник за начинот на водење на сметководството;
- Правилник за утврдување на формата и содржината на службената легитимација на инспекторот за поштенски сообраќај и
- Правилник за утврдување на содржината и формата на жиг за запечатување на простории и средствата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Формирање на Агенција за пошти за регулирање на поштенскиот сектор**.

1. Агенцијата ќе започне со работа со именување на членовите на Комисијата и на директорот на Агенцијата.
2. Собранието на Република Македонија ќе ги именува претседателот и членовите на Комисијата најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
3. Комисијата ќе го именува директорот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на нејзиното конституирање.
4. До започнување со работа на Агенцијата, Министерството за транспорт и врски продолжува да ги врши работите од нејзина надлежност.
5. Комисијата ќе донесе статут на Агенцијата во рок од 30 дена од денот на именувањето на претседателот и членовите на Комисијата.

Агенцијата треба да ги донесе подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за поштенски услуги како и општите акти за организација и систематизација.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Усогласување на Законот за поштенски услуги и подзаконските акти со Директивите на ЕУ доколку има одредени измени и дополнувања на истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Агенцијата за пошти за регулирање на поштенскиот сектор. Заради извршување на работите од областа на поштенските услуги предвидени се нови вработувања.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Потребна е експертска помош од Европската Комисија преку TAEIX програмата за подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за поштенски услуги.

## 3.4 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

### 3.4.1 ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со цел усовршување и унапредување на платниот систем во септември 2007 година донесен е нов **Закон за платниот промет** ("Службен весник на РМ" бр. 113/07) кој ќе се применува од 01.01.2008 година. Законот е изработен согласно Стратегијата за развој на платните системи на Република Македонија до 2011 година, донесена во август 2007 година од страна на Националниот Совет за платни системи.

Со овој закон се уредува платниот промет во земјата, односите помеѓу носителите на платниот промет и учесниците во платниот промет, односите меѓу носителите на платниот промет и НБРМ во делот на платниот промет, платните системи, порамнување на плаќањата, издавањето на електронски пари и надзорот на платните системи.

Носителите на платниот промет во земјата, НБРМ,,банките, филјали на странски банки и трезорот при МФ како посебен носител на платниот промет ги извршуваат работите на платниот промет дефинирани во законот. Законот за платниот промет е усогласен со директивата 31998L0026 во однос на конечноста на плаќањата меѓу учесниците во платниот промет извршени преку системот за порамнување.

Во насока на постапување по обврските дадени во Законот за платниот промет, во периодот септември - декември 2007 година се донесени следните подзаконски акти:

1. Одлука за пропишување на стандард за конструкција на сметките на учесниците во платниот промет и доделување на водечки број на носителите на платниот промет;
2. Одлука за определување на износот на мало меѓубанкарско плаќање;
3. Одлука за начинот на водењето и содржината на единствениот регистар на трансакциски сметки;
4. Одлука за доставување на податоци за извршените активности во платниот промет и
5. Упатство за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата.

Министерството за економија го води Регистерот за директните инвестиции на нерезиденти во РМ и резиденти во странство согласно Правилниците од Законот за девизно работење. Во Собраниска процедура е Законот за измени и дополнувања на Законот за девизно работење со кои регистрацијата на директните инвестиции се пренесува да се води во Централниот регистар.

Во 2007 година укината е обврската на банките за купување на правото за обезбедување на девизни средства кај НБРМ при тргување со хартии од вредност од страна на нерезиденти преку измена на подзаконските акти за девизно работење. Обврската е укината со донесување на Одлуката за престанување на важење на одлуката за начинот и условите за работа на нерезиденти со хартии од вредност во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 159/07) со примена од 01.01.2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Законот за платниот промет, со кој се уредува платниот промет во земјата го подготвува МФ. МФ и НБРМ ги донесуваат подзаконските прописи со кои се овозможува имплементацијата на законот. Надзорот над работењето на платните системи го врши НБРМ.

Законот за девизно работење го подготвува МФ. Подзаконските прописи со кои се обезбедува имплементацијата на Законот ги донесуваат МФ, НБРМ, МЕ и КХВ. Спроведувањето на Законот за девизно работење и прописите донесени врз основа на овој Закон, во рамките на своите надлежности ги вршат: НБРМ, МФ, Државниот девизен инспекторат, МЕ и КХВ. Наведените органи на надзор меѓусебно се известуваат за непочитување на одредбите од Законот и меѓусебно помагаат во врска со констатираните неправилности.

Со новите измени и дополнувања на Законот за девизно работење кои се во собраниска процедура, МЕ ги усогласи правилници согласно регулаторната гиљотина и по усвојувањето на измените од Законот, за регистрацијата на директните инвестиции ќе биде надлежен Централниот Регистер на Република Македонија.

Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари го подготвува МФ, а подзаконските акти ги донесува НБРМ. Надзорот над спроведувањето на Законот и подзаконските акти како и на работењето на давателите на услуги брз трансфер на пари и субагентите го врши НБРМ.

Во рамките на МФ, Секторот за финансиски систем е надлежен за подготвување на прописи од областа на банкарскиот систем, небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, девизниот систем, системот и супервизијата на осигурување, системот на платен промет и ревизија и сметководствениот систем. Секторот за финансиски систем е директно инволвиран во процесот на хармонизација на домашната регулатива од овие области со законодавството на ЕУ. Секторот е организиран во 5 (пет) одделенија: одделение за банкарски систем (2 вработени), одделение за пазар на капитал (2 вработени), одделение за систем на осигурување (2 вработени), одделение за супервизија на осигурување (3 вработени), одделение за платен промет и ревизија (2 вработени) и одделение за сметководствен систем (3 вработени). Двајца вработени во Секторот за финансиски систем се инволвирани во хармонизација на домашното со европското законодавство за поглавјето 04 Слободно движење на капиталот.

При подготовка на прописите, МФ соработува со НБРМ и другите инволвирани институции: МЕ, КХВ и Централниот Регистар на Република Македонија.

**Комисијата за хартии од вредност** е составена од Претседател и 6 члена од кои Претседателот е професионално ангажиран во нејзината работа. Согласно Законот за хартии од вредност (“Службен весник на РМ” бр. 95/05 и 25/07), по истекот на мандатот на сегашниот состав на Комисијата за хартии од вредност, предвидено е истата да биде составена од 5 (пет) члена од кои Претседателот и најмалку двајца членови ќе бидат професионално ангажирани во работата на Комисијата. Во рамките на Комисијата за хартии од вредност функционира Стручна служба со четири сектори: Сектор за општи и правни работи (3 вработени), Сектор за издавање одобренија (2 вработени), Сектор за контрола на пазарот на капитал (4 вработени) и Сектор за истражување и развој на пазарот на капитал и меѓународна соработка (3 вработени).

Вработен од Секторот за општи и правни работи е инволвиран во хармонизацијата на домашното со европското законодавство за поглавјето 04 Слободно движење на капиталот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2008 година ќе се изврши либерализација на капиталната сметка во делот на недвижности и градежно земјиште

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Продолжување на процесот на усогласувањето на националното законодавтсво со acquis согласно преземените обврски со ССА, во насока на либерализација на капиталната сметка. РМ, на среден рок, ќе направи понатамошни напори за отстранување на преостанатите ограничувања во однос на слободното движење на капиталот.

Среднорочниот приоритет за КХВ во врска со Директивата 31998Л0026 за конечност на порамнувања и системи за порамнување на хартии од вредност е продолжување на хармонизација на прописите и праксата со критериумите на ЕУ што се однесуваат на конечноста на порамнувањата и системите на порамнување на хартии од вредност, со оглед на тоа што најголем дел од директивата е имплементирана со законот за хартии од вредност и актите на Централниот Депозитар за хартии од вредност.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
**Агенција за странски инвестиции** -Во тек е реализација на проект за техничка помош на Светска банка “Инвестирајте во Западен Балкан”.

### 3.4.2 СИСТЕМИ НА ИСПЛАТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка за подрачјето на платен систем е детално обработена во делот 3.4.1.а. од ова поглавје.

Платниот промет во земјата е уреден во Законот за платниот промет (“Службен весник на РМ” бр. 113/07) и подзаконската регулатива која произлегува од одредбите на овој Закон.

До крајот на 2007 година донесени се подзаконските акти со кои согласно со одредбите од новиот Закон за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07) со кои подетално се регулира:

- начинот и методологијата на надзорот на платните системи;
- критериумите и стандардите за работењето на платните системи;
- начинот и постапката за отворање и затворање на трансакциска сметка;
- постапката за исправка на грешка направена од носител на платниот промет; и
- упатство за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата.

Платниот промет со странство е уреден со Законот за девизно работење ("Службен весник на РМ" бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
МФ е надлежна институција за подготвување на Законот за платен промет. Донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од овој Закон се во надлежност на Мф и НБРМ. Надзорот над работењето на платните системи го врши НБРМ.

НБРМ ги донесува подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за девизно работење, а се однесуваат на платниот промет со странство.

Институционалната рамка за платен систем детално е обработена во делот 3.4.1 од ова поглавје.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во МФ надлежен е  Сектор за финансиски систем , Одделение за сметководство, платен промет, и ревизија со пет вработени.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Целосно инкорпорирање на одредбите на 31997L0005 до крајот на 2010 година.

Инкорпорирање на одредбите на 32001R2560 до крајот на 2010 година.

## 3.4.3 СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Основен акт кој ја уредува постоечката правна рамка од областа на спречување на перење пари е **Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело** ("**Службен весник на Р**М" **бр**.46/04). Законот е усогласен со Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Конвенцијата од Палермо), 32001Л0097 за измени на 31991Л0308, како и препораките на ФАТФ.

Во мај 2006 година беше изготвена Анализа за измени на постоечкиот Закон, со цел за негово усогласување со 32005L0060, изменетата Стразбуршка Конвенција (Варшавска Конвенција 198) и со ревидираните 40+9 препораки на ФАТФ за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Врз основа на оваа анализа, во текот на 2007 подготвен е Предлог за донесување на Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам. Главните новини во овој Предлог се во насока на зајакнување на мерките за откривање и спречување на перење пари од страна на субјектите, пред се со воведување на обврската за анализа на клиентите во зависност од проценета на степенот на ризикот. Овие мерки ќе се применуваат и во случаи на превенција од финанисрање на тероризам. Како главна новина со воведување на овој Закон ќе биде преименувањето на Дирекцијата во Управа, со што таа ќе добие надлежности на правен субјект, потоа воведување на надзор од страна на вработените во Управата и нивна можност за директно запознавање на политиките на субјектите за спроведување на мерките за борба против перење пари и финансирање на тероризам. Друга новина во овој Закон е сублимирањето на кривичните дела од областа на финансирањето на тероризмот, со што се дава една целина која претходниот Закон ја немаше. Одредени измени има во делот на анализа на клиентите од страна на субјектите за ПЕП`с (политички експонираните личности) што е во согласност со Третата ЕУ Директива. Измени има и в о делот на меѓународната соработка во однос на спроведување

на одлуки на странски органи надлежни за спречување на перење пари и финансирање на тероризам што е во согласност со Варшавската Конвенција.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ**

Централно место во системот на превенција од перење пари и финансирање на тероризам во РМ има ДСПП. Дирекцијата е орган во состав на МФ, формирана во септември 2001 година, врз основа на Законот за спречување на перење пари ("Службен весник на РМ" бр. 70/01), а започна да функционира од 01.03.2002 година. Дирекцијата како административен модел на Финансиско разузнавачка единица (ФИУ) е организирана во три одделенија: Одделение за аналитика (3 вработени), Одделение за сомнителни трансакции (2 вработени) и Одделение за развој на системот и меѓународна соработка (2 вработени).Од јуни 2004 година ДСПП е членка на ЕГМОНТ Групата.

Покрај ДСПП, обврските од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело во рамките на своите законски надлежности ги спроведуваат и Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Јавното обвинителство, Царинската Управа, Народната Банка на РМ, Управата за јавни приходи, Државен девизен инспекторат, Комисија за хартии од вредност, Државната комисија за спречување на корупцијата и други државни органи. Со овие органи, како и со други институции и меѓународни тела за борба против перењето пари и против финансирањето на тероризмот, ДСПП соработува во извршувањето на своите надлежности. Со цел унапредување на соработката меѓу ДСПП и другите инволвирани институции, Владата на РМ формираше Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам, во кое членуваат претставници од Дирекцијата, МВР, Министерство за Правда, Јавно обвинителство на РМ, Финансиска полиција, Народна банка на РМ, Комисија за хартии од вредност, Царинска Управа и Управа за јавни приходи. Ова тело се состанува најмалку еднаш  месечно и ги разгледува прашањата и проблемите од тековното работење, врши размена на искуства, организира заеднички обуки и заеднички настап во меѓународната соработка и доставува до Владата на РМ годишен извештај за исполнувањето на стратешките цели утврдени со стратегијата.

Според Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, надзорот над примената на мерките и дејствијата од страна на субјектите го вршат следните институции: Народната банка на Република Македонија врз банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги брз трансфер на пари; Министерството за финансии-одделение за супервизија на осигурување врз осигурителните друштва; Комисијата за хартии од вредност врз берзата, брокерските друштва и инвестиционите фондови; Управата за јавни приходи врз другите финансиски институции, друштвата што приредуваат игри на среќа и други правни и физички лица, субјекти на таквите мерки и дејствија. Коморите на адвокатите и коморите на нотарите, односно другите професионални здруженија на ревизорите, сметководителите и другите лица што самостојно вршат правни и финансиски работи, во рамките на своите надлежности формираат комисии за вршење на надзор над примената на одредбите од овој закон од страна на нивните членови.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**:

**Усогласување на домашното законодавство со меѓународната регулатива**, **искуство и стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам**:

- донесување на нов Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам со цел усогласување со 32005L0060, изменетата Стразбуршка Конвенција (Варшавска Конвенција 198) и со ревидираните 40+9 препораки на ФАТФ за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и
- донесување на Закон за измени и дополнување на Кривичниот Законик во насока на инкриминација на кривичното дело финансирање на тероризам како посебно кривично дело, при тоа да се земат во предвид одредбите од Варшавската Конвенција 198 и Меѓународната Конвенција за спречување на финансирање на тероризам;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**:

**Зајакнување на механизмите на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризмот**:

- континуирана обука и едукација на вработените во финансиските институции (одделите), кои ќе практикуваат редовни интерни обуки за останатите вработени во финансиската институција и
- усовршување на системот за електронско доставување на податоци за готовински трансакции над 15.000 евра (поединечни и поврзани) заради комплетирање на базата на податоци на Дирекцијата.

**Усовршување на регулативата и надзорот над имплементацијата на законодавството** - зајакнување на капацитетите на овие институции преку обука и специјализација на постојните кадри

**Зголемување на нивото на ефикасноста на работата на органите на прогонот** - зајакнување на капацитетите на овие органи, преку континуирана обука на нивните кадри

**Создавање на ефикасен систем на меѓуинституционална соработка**;
- континуирано спроведување на склучените Меморандуми и Протоколи за соработка;
- потпишување на меморандуми и протоколи за соработка во откривањето и гонењето на сторители на кривични дела од организираниот криминал и размена на информации и
- воспоставување на електронски пристап до базите на податоци на релевантни надлежни институции.

**Зајакнување на техничките капацитети на Дирекцијата за спречување на перење пари**:
- зголемување на бројот на вработени во ДСПП и
- континуирани обуки за вработените во ДСПП.

**Зајакнување на меѓународната соработка**
- спроведување на склучените меморандуми за разбирање на ДСПП;
- склучување на меморандуми за разбирање со други земји;
- учество на пленарните собранија на меѓународните тела за борба против перење пари и финансирање на тероризам; (ЕГМОНТ, МОНЕЅВАЛ Комитетот при Советот на Европа) и
- подготовка и спроведување на Третиот круг на евалуација на системот за спречување на перење пари на РМ од страна на Комитетот МОНЅВАЛ при Советот на Европа

**Подигање на јавната свест за неопходноста од превземање на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам**.
- јавно објавување на годишниот извештај за работата и активностите на Дирекцијата, како и објавување на статистички податоци за перењето пари и финансирањето на тероризмот во Република Македонија и на меѓународно ниво.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Усогласување на домашното законодавство со меѓународната регулатива**, **искуство и стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам**:
- донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од новиот Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;
- донесување на закон за ратификување на Конвенција за перење пари, откривање, заплена, конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело и финансирање на тероризам од 2005 година, со која се изменува и дополнува Стразбуршката Конвенција од 1990 година (Варшавска конвенција 198) и
- вградување на одредби за утврдување на надлежности на субјектите во откривањето и спречувањето на перењето пари во законите кои ги регулираат активностите на институциите кои обезбедуваат финансиски или правни услуги, како и на надлежните државни органи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Зајакнување на механизмите на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризмот**:
- континуирана обука и едукација на вработените во финансиските институции (одделите), кои ќе практикуваат редовни интерни обуки за останатите вработени во финансиската институција
- одржување на системот за електронско доставување на податоци за готовински трансакции над 15.000 евра (поединечни и поврзани) заради комплетирање на базата на податоци на Дирекцијата.

**Усовршување на регулативата и надзорот над имплементацијата на законодавството**:
- континуирано зајакнување на капацитетите на овие институции преку обука и специјализација на постојните кадри

**Зголемување на нивото на ефикасноста на работата на органите на прогонот**:
- континуирано зајакнување на капацитетите на овие органи, преку континуирана обука на нивните кадри

**Создавање на ефикасен систем на меѓуинституционална соработка**:
- континуирано спроведување на склучените Меморандуми и Протоколи за соработка;
- одржување на системот за електронски пристап до базите на податоци на релевантни надлежни институции

**Зајакнување на техничките капацитети на Дирекцијата за спречување на перење пари**
- натамошно зголемување на бројот на вработени во ДСПП и
- континуирани обуки за вработените во ДСПП;

**Зајакнување на меѓународната соработка**

- спроведување на склучените меморандуми за разбирање на ДСПП;
- склучување на меморандуми за разбирање со други земји и
- учество на пленарните собранија на меѓународните тела за борба против перењепари и финансирање на тероризам (ЕГМОНТ, MOHESВАЛ Комитетот при Советот на Европа).

**Подигање на јавната свест за неопходноста од превземање на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам**

- јавно објавување на годишниот извештај за работата и активностите на Дирекцијата, како и објавување на статистички податоци за перењето пари и финансирањето на тероризмот во Република Македонија и на меѓународно ниво и
- издавање на прирачници и упатства за поедноставна примена на законот за задолжените субјекти

**СТРАНСКА ПОМОШ**

**ДСПП** -Во тек е реализација на техничка помош за набавка на софтвер и опрема за автоматска обработка на податоците со средства обезбедени од КАРДС 2003 - Проект за борба против перење пари (продолжение на КАРДС 2002). Во тек е едукација на вработените за користење на инсталираната опрема.

Во тек е реализација на твининг проект за институционална надградба на Дирекцијата за спречување на перење пари (КАРДС 2005) кој има за цел зајакнување на капацитетите на ДСПП и имплементацијата на ефикасни механизми за соработка меѓу органите вклучени во борбата против перење пари и финансирање на тероризам.

Во 2008 година продолжува реализацијата на проектот за техничка помош од страна на ГТЗ (Германско друштво за техничка соработка).

## 3.5 ЈАВНИ НАБАВКИ

### 3.5.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Законот за јавните набавки е донесен од страна на Собранието на Република Македонија на 06 ноември 2007 година („Службен Весник на Република Македонија„ број 136/07), и истиот стапи на сила на 1 јануари 2008 година. Во Законот за јавните набавки на Република Македонија транспонирани се следниве директивите на Европската унија за јавни набавки: 2004/18/ЕЗ и 2004/17/ЕЗ.

Со стапување на сила на Законот за јавни набавки надлежностите на Бирото за јавни набавки се усогласени со активностите што се предвидени за Бирото во новиот текст на Законот. Бирото за јавни набавки претставува орган на државната управа, во состав на Министерството за финансии, за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија и пред Министерот за финансии.

Согласно новиот Закон, Бирото за јавни набавки се грижи за развојот на системот за јавни набавки, преку обезбедување на законитост, рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки, а воедно се грижи и за поттикнување на конкуренцијата и рамноправноста на понудувачите во постапките за јавни набавки.
Бирото донесе акт за промена на својата систематизација и организација, така што овој момент има два сектора и тоа: Сектор за нормативни работи за унапредување на системот за јавни набавки и Сектор за регистри, статистика и анализа. Во Бирото се вработени 13 лица. Предвидено е континуирано зголемување и зајакнување на кадровската екипираност на Бирото за Јавни набавки како би можело успешно да одговори на пропишаните надлежности со Законот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел да се овозможи целосна имплементацијата на Законот за јавните набавки, како и да се обезбеди унифицирана примена на истиот, Бирото за јавни набавки е во фаза на изготвување на Подзаконски акти, како и стандардна тендерска документација за набавка на стоки, работи и услуги и модели на договори. Подзаконските акти за имплементација на новиот Закон за јавни набавки се во фаза на изработка и нивно донесување се планира во текот на 2008 година. Се планира донесување на 14 подзаконски акти. Во текот на 2008 година се планира зајакнување на капацитетот на Бирото за јавни набавки со нови вработени. Ќе се изработи софтвер за спроведување на новите законски решенија за електронски јавни набавки и електронски аукции, како и изработка на софтвер за објавување на огласите и известувањата. Обуката на кадарот претставува континуирана активност на Бирото за јавни набавки, и тоа како на постоечкиот, така и на новопримениот, преку учество на семинари работилници и присуство на странски експерти.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се продолжи со напорите за зајакнување на капацитетот на Бирото за јавни набавки со вработување на нови лица во 2009 година.

### 3.5.2 КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО – ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Законот за концесии и други видови на јавно – приватно партнерство е донесен од Собранието на Република Македонија на 4 јануари 2008 година („Службен Весник на Република Македонија„ број 7/08), и истиот стапи на сила на 23 јануари 2008 година.
Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на концесија, содржината на договорот за концесија, правата и обврските на концедентот и концесионерите,  правната заштита во постапката за доделување на концесијата,  начинот и постапката за доделување на договори за други видови на јавно приватно партнерство, содржината на договорот за јавно приватно партнерство, правата и обврските на јавниот и приватниот партнер и правната заштита во постапката за доделување на договори за јавно приватно партнерство. Како цели на овој закон се истакнуваат - промовирањето и овозможувањето на приватна иницијатива во финасирањето на јавните услуги, утврдувањето на еднаков пристап, транспарентноста во постапката за доделување на концесија и договори за други видови на јавно приватно партнерство и  квалитетното и ефикасно вршење на работите и услугите од доделената концесија и доделените договори за други видови на јавно-приватно партнерство. Како значаен чекор напред треба да се истакне фактот дека од Владата на Република Македонија веќе е формиран Советот за концесија /јавно приватно партнерство. Во однос на опстојувањето на посебна организациона единица која ќе се занимава со концесиите и други видови на јавно приватно партнерство треба да се напомене дека таква сеуште не е формирана.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел да се овозможи целосна импементација на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, како и да се обезбеди унифицирана примена на истиот, Министерството за економија во соработка со Министерствтото за финансии е во фаза на изготвување на утврдените подзаконски акти, како и на некои од моделите на концесиските договори.

**Подзаконските акти за имплементација на новиот Закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство се во фаза на изработка и нивното донесување се планира во текот на** 2008 **година**. **Се планира донесување на** 4 **подзаконски акти**, **и тоа**:

1. Методологија за пресметување на проценетата вредност на концесијата.
2. Методологија за изразување на критериумите.
3. Правилник за содржината на Извештајот за работата и активностите на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија/јавно – приватно партнерство
4. Правилник за содржина на регистарот за доделени концесии

Во текот на 2008 година се планира востановување на посебна организациона единица во органите на државната управа – Министерствотото за економија за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство. Во контекст на ова треба да се истакне дека оваа организациона единица би се востановила на ниво на одделение. Се планираат вработувања во оваа нова единица, заради востановувањето на оваа единица. Воедно како приоритет се наметнува и потребата од техничко опремување на ова одделение, неопходна обука, едукација и размена на искуства на вработените во единицата. Како краткорочен приоритет се планира да се извршат 2 обуки, да се оддржат 4 семинари и 2 работилници со органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија, како и други економски оператори, а со цел запознавање институционалната рамка на законот за концесии и други видови на јавно – приватно партнерство, како и можностите кои ги генерира истиот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како среднорочни приоритети се организацијата на повеќе семинари, работилници и обуки на членовите на комисиите за спроведување на постапките за доделување на концесии во органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија, како и други економски оператори во однос на договорите за концесии и правните лекови.

## 3.5.3 **ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во новиот Закон за јавни набавки посветено е големо внимание на тоа како се дефинираат видовите на договори за јавни набавки, од причина што со новиот текст на Законот се воведуваат различни вредносни прагови за договорите за јавни набавки на стоки и услуги од една страна и договорите за јавни набавки на работи од друга.

Она што е особено важно е фактот што се пропишуваат и нови вредносните прагови и нови рокови за прием на понудите или пријавите за учество. Се смета дека со новите вредносни прагови и соодветните рокови значително ќе се зголеми ефикасноста на постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

Исто така новина претставува и воведувањето на нови начини на доделување на договори за јавни набавки преку користење на рамковни спогодби и е-аукции, како и имплементирањето на Општиот поимник за јавни набавки (во ЕУ познат како Common Procurement Vocabulary) со одложена примена.

Во правец на подобрување на транспарентноста на постапките за јавните набавки, Бирото за јавни набавки ги презеде следниве активности: доставување на мислења за Законот за јавни набавки до Државниот завод за ревизија, објава на решенијата на второстепената Комисија за јавни набавки на веб страната на Бирото, редовно и континуирање ажурирање на Единствениот регистер за спроведени јавни набавки и изготвување на извештаи до Државната комисија за спречување на корупција. Бирото за јавни набавки спроведе 5 обуки во изминатиот период што ја зголеми свеста кај јавниот сектор и ги презентираше легислативните решенија од новиот Закон за јавни набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во заедничка организација со СИГМА Бирото организираше два семинари во врска со новиот Закон за јавни набавки. Во соработка и со подршка на Проектот за деловно окржување на УСАИД Македонија се одржаа три јавни расправи за работната верзија на новиот Закон за јавни набавки. Бирото за јавни набавки е активен учесник во Проектот ЕЛЕКТРАВЕБ, финансиран од Европската Комисија преку ФП6 Програмата за Истражување и Развој. Овој проект е регионален за

земјите од Западен Балкан и има за цел да изгради и тестира Апликација за електронски набавки и да се востановат Обрасци и правила за нејзина поддршка.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Бирото планира да продолжи со напорите за зајакнување на капацитетот кај договорните органи, економските оператори и невладиниот сектор преку организирање на обуки за лицата кои учествуваат во спроведување на постапките за јавни набавки, во врска со примената на новиот Закон. За договорните органи и економските оператори се планира организирање на најмалку 17 обуки во 2008 година и тоа 2 обуки за „Начинот на пополнување на обрасците за огласи и известувања„ 10 обуки за „ За постапките и начинот на спроведување на јавните набавки „ во соработка со други субјекти, Обука за електронските јавни набавки и е-аукции за договорните органи и 2 обуки за електронските јавни набавки и е-аукции за економските оператори. Исто така се планира и одржување на 2 обуки во соработка со невладиниот сектор, "За постапките и начинот на спроведување на јавните набавки". Се планира и изработка на нови програма за обука, изработка на водичи и прирачници, како и изготвување на електронски билтен.

Ќе се продолжи со доставување на податоци до Државната комисија за спречување на корупција.
Ќе продолжи соработката со Државниот завод за ревизија и се планира соработка со Комисијата за жалби по јавни набавки како и со новоформираната Државната комисија за жалби по јавни набавки која треба да се формира согласно новиот закон. Имено, до Државниот завод за ревизија се испраќаат сите мислења кои произлегуваат од Бирото а се однесуваат на примена на Законот за јавни набавки. Бирото ќе ги објавува решенијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Бирото за јавни набавки планира соработка со Комисија за заштита на конкуренцијата, преку размена на информации и изработка и доставување на стручни мислења.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планира изработка на нови материјали за обука во согласност со новите законски решенија, како и организирање на обуки за договорните органи и економските оператори во врска со постапките за јавните набавки. Се планираат најмалку 7 обуки за договорните органи и економските оператори "За постапките за јавни набавки" во 2009 година. Изготвувањето на електронски билтени ќе продолжи и во 2009 година.
Соработката со јавните органи како: Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, ќе продолжи и ќе се интензивира во овој период. Исто така, се планира и изработка на веб страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки со цел унапредување на транспарентноста на системот на правните лекови, како и системот на јавните набавки во целост.

## 3.5.4 **ПРАВНИ ЛЕКОВИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Во Законот за јавните набавки на Република Македонија, во однос на правната заштита и правните лекови транспонирани се директиви на Европската унија за јавни набавки: 89/665/ **ЕЕЗ** и 92/13/**ЕЕЗ**.

Во однос на правните лекови, ќе се формира нова Државна комисија за решавање на жалби по јавни набавки, која ќе има постојан професионален состав именуван од Собранието на Република Македонија и која ќе има својство на правно лице, што претставува напредок во однос на претходното решение.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Бирото за јавни набавки постигна значаен напредок во соработката со Комисијата за жалби по јавни набавки, во врска со усогласување на мисленњата и ставовите во поглед на одредбите од Законот за јавни набавки, а исто така продолжи со објавата на решенијата на второстепената Комисија за јавни набавки на веб страната на Бирото.

Во заедничка организација со СИГМА Бирото организираше семинар за решенијата од Законот за јавни набавки во врска со правната заштита и правните лекови при постапките за јавните набавки.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел да се овозможи целосна имплементацијата на Законот за јавните набавки, како и да се обезбеди унифицирана примена на истиот, Бирото за јавни набавки ќе изготви Подзаконски акти, како и стандардна тендерска документација за набавка на стоки, работи и услуги и модели на договори.

Во согласност со новите законски решенија, ќе се  формира Државна комисија за жалби по јавни набавки која ќе обезбеди ефикасна правна заштита во постапките за јавни набавки. Членовите во Комисијата ќе ги именува Собранието на Република Македонија. Државната комисија за жалби по јавните набавки ќе поседува поголем степен на независност и професионалност во однос на претходното решение. Со формирањето на оваа комисја се надминуваат проблемите на нетранспарентнсот и неефикасност.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се планираат обуки за договорните органи околу правната заштита и правните лекови при постапките за јавните набавки. Се планираат најмалку 2 обуки за договорните органи и економските оператори во 2009 година на тема „Правните лекови во постапките за јавни набавки„.

Соработката со Државната комисија за жалби по јавни набавки ќе продолжи, а се планира и изработка на веб страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки со цел унапредување на транспарентноста на системот на правните лекови.

## 3.6 **ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

### 3.6.1 **ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со донесениот **Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем**, **за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лиц**а **на почетокот на** 2007 **година**(Службен весник на Република Македонија бр. 13/07) се олесни и забрза регистрацијата на трговските друштва (на три дена) и се усогласи со Законот за прекршоците. Со **Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва**(Службен весник на РМ бр.25/2007), се имплементираа среднорочните препораки од Извештајот РОСК на Светска Банка за усогласување со принципите за корпоративно управување на ОЕЦД од јуни 2005 година, и се исполни обврската од PDPL 2 аранжманот, склучен со Светска Банка. Во Законот се допрецизираа одредбите со кои се подобри управувањето на трговските друштва(особено на акционерските друштва) и се усогласи со Законот за прекршоците (Службен весник на Република Македонија бр. 62/06). Кон крајот на 2007 година со новите измени на **Законот за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем**, **за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица** уште повеќе се олесни и забрза регистрацијата на трговските друштва, со што времето за регистрација изнесува само **четири часа** и се воведе општата клаузула за бизнис(Службен весник на РМ бр.150/2007). Беа донесени и два позаконски акти врз основа на Законот:Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на образецот за распределба на остварените приходи по дејности - СПД рекапитулар, и Правилник за посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и за формата и содржината на образецот за државна евиденција (Службен весник на РМ бр.02/2008). Донесен е **Закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва**, (Службен весник на Република Македонија бр.36/07), усогласен со Директивата 32004L0025, (за кој е надлежно Министерството за финансии).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за економија е одговорно за областа право на трговските друштва. За оваа област одговорен е Секторот за европска интеграција со еден одговорен службеник,(во Секторот работат седум лица), во соработка со Секторот за правни работи со десет вработени во Министерството за економија. Се следи имплементацијата и унапредувањето на правната рамка за трговските друштва, се остварува соработка со Централниот регистар за координација и следење на функционирањето на едношалтерскиот систем. Други институции и органи вклучени во имплементација на Законот се: Управата за јавни приходи, банките, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност и други надлежни (инспекциски) органи.

*Централниот Регистар* е надлежен за регистрација на трговските друштва преку едношалтерскиот систем. Регистрацијата и уписот на податоците во трговскиот регистар за трговските друштва се врши во електронска форма, а регистарот е дел од централната информативна база на Централниот регистар. Регистрацијата во моментов се врши во 10 десет регионални канцеларии. Во Централниот регистар работат 272 лица. За двостепеност на постапката за регистрација надлежна е посебна Комисија за жалби од страна на Владата на РМ, согласно Законот за едношалтерскиот систем, за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица. (Повеќе за Централниот регистар во делот за Економски критериуми)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Со **Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва** кој ќе се усвои на почетокот на 2008 година ќе се воведе правен основ за подзаконско уредување на електронско поднесување годишни сметки, доусогласување со принципите на корпортативното управување на ОЕЦД, усогласување со Директивата 31977L0091во поглед на правото на првенство на запишување акции од постојните акционери. Врз основа на Законот ќе се донесе Правилник за уредување на поднесувањето на годишни сметки во електронска форма.

Во 2008 година ќе се усвои нов **Законот за изменување и дополнување едношалтерскиот систем** со што ќе се обезбеди понатамошно усогласување со Директивата 32003L0058, која е измена на Директивата 31968L0151 и ќе се воспостави нова процедура за генерирање на даночен број од страна на Централниот Регистар наместо досега Управата за јавни приходи. Законот ќе понуди и правен основ за уредување на одделни процедури кои ќе бидат воведени преку едношалтерскиот систем и тоа за евидентирање на работното време, можност за пријавување на првото вработување и интерактивно поврзување на регистрите и базите на податоци (на Агенцијата за вработување, Фондовите за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување). Со примената на овој закон се очекува да се реализираат целите утврдени со

Проектот на Владата на Република Македонија за едношалтерскиот систем и интегрирање на Централниот регистар со регистрите и базите на податоци на погоренаведените институции.

Со **Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва**, кој ќе се усвои на крајот на 2008 година ќе се изврши доусогласување со Директивата 32007L0036.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот период, приоритет ќе биде проширување на мрежата регистрациони канцеларии на Централниот регистар низ останатиот дел од државата. Заради едношалтерскиот систем Централниот регистар ќе се зајакнуваат човечките ресурси согласно новите надлежности во Секторот за европска интеграција и Секторот за правни работи. Во 2008 година, ќе следи развивање на софтвер за електронско поднесување годишни сметки и воспостави почетното техничко технолошко ниво на ЦРМ за идна имплементација на XBRL стандардот во однос на годишните сметки, а ќе отпочне набавката на систем за заштита и спас на податоци.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се направат анализи за следење на новините и за таа цел Министерството за економија во 2009 год. ќе подготви Акциски план за целосно прилагодување на правото на трговски друштва со ЕУ acquis.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се ажурира и модернизира системот за електронско поднесување на годишните сметки, зајакне едукацијата на службениците кои управуваат со системот при ЦРМ, отстранат сите утврдени софтверски или правни недостатоци кои би можеле да се појават во 2007 година. Ќе се продолжи со обука особено за новите вработени кадри во Министерството за економија од областа право на трговските друштва и ќе се прошири и на службениците во рамките на Секторот за европска интеграција.

## 3.6.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на ***ревизијата*** согласно Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр.79/2005) усогласен со Директивата 32006L0043, а врз основа на Статутот на Институтот за овластени ревизори (ИОР) во април месец, беше донесен *Правилник за начинот и постапката на добивање на уверение за овластен ревизор, начин и постапка за издавање дозвола за работа на друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци* со кој се овозможи издавање на дозволи за работа во областа на ревизијата. Во годишната програма на **Советот за унапредување и надзор на ревизијата** за 2007 година, предвидено е Советот да поднесува извештаи за својата работа и за ИОР.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерството за финансии** е надлежно за правната рамка и клучните правни акти за ***сметководство и ревизијата*** во Секторот за финансиски систем, Одделение за сметководствен систем, платен промет и ревизија со вработени три лица.

***Комисијата за сметководствени стандарди*** во ИОР, е надлежна за следење, усогласување и примена на меѓународните сметководствени стандарди(МСФИ/МСС). ***Совет за унапредување и надзор на ревизијата***(“Службен весник на РМ“бр.109/05) е надлежен за унапредување на ревизијата, поттикнува придржување кон високите професионални стандарди, примената на законот, ја следи постапката за стекнување на звањето овластен ревизор, работата на членовите на ИОР, дава мислења и ја следи примената на општите акти на ИОР. **Управниот Комитет за реформи во сметководството и институционалното зајакнување(РЕПАРИС**) ги имплементира и следи реформите во сметководството и ревизијата содржани во Националната стратегија и акциониот план.**Институтот на Овластени ревизори** (професионално здружение на овластени ревизори како коморско здружение) води регистар на овластени ревизори и регистар на друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци, носи Програма за полагање на испит за стекнување со звање овластен ревизор, го спроведува испитот за стекнување на звање за овластен ревизор, ја следи примената на МРС и Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори-трговци поединци. Има седум комисии: Комисија за етика;Комисија за контрола на квалитет; Комисија за образование,обука и публикации; Комисија за спроведување на испитот за овластен ревизор и Комисија за регистрација на овластени ревизори. Во моментов едно лице е вработено во ИОР.

**ИОР** во 2007 година отвори веб страна www.iorrm.org.mk која информира за тековните и идни активности и воспостави регистер на сертифицирани ревизори и правни субјекти регистрирани за вршење ревизорски работи. Самофинансирањето

на ИОР е од членарина на овластените ревизори и ревизорски куќи. Во моментов функционираат 24 ревизорски друштва и 187 овластени ревизори. Во 2007 година врз основа на Правилникот за начинот и постапката на добивање на уверение за овластен ревизор,начинот за издавање дозвола за работа на друштво за ревизија и за овластен ревизор трговец-поединец, ИОР издаде 5 нови лиценци за работа на овластени ревизори трговец-поединец и 1 лиценца за работа на ревизорска куќа. ИОР воспостави комуникација со IFAC и CEEPAD за пристапување во регионалните и глобалните професионални организации. ИОР учествува и работи на спроведување на **Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и институционално зајакнување** (НСАПРСИЗ).

Во досегашниот период Република Македонија беше корисник на повеќе програми на техничка помош за развој на капацитетите на сметководствената и ревизорската професија, а особено од УСАИД и од Светската банка. На 11.04.2007 год., потпишан е Договорот за грант во износ од 4,55 милиони евра и тоа грант од Холандската влада во износ од 3,7 милиони евра и 850 илјади евра од Австриската агенција со кој ќе се обезбеди имплементација на (НСАПРСИЗ), а Република Македонија презеде обврска за кофинансирање во висина од 10% од вкупната вредност на активностите содржани во Националната стратегија и акциониот план (730.000 евра). ***Проектната единица*** со двајца вработени се грижи за поднесените барања за набавките за имплементирање на активностите од (НСРСР).

**КРАТКОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во делот на ***сметководството*** *Комисијата за меѓународни сметководствени стандарди* во рамките на Институтот за овластени ревизори ќе обезбеди превод на МСС(МСФИ) и толкувањата за 2006 година, до крајот на 2008 година.

Во однос на ***ревизијата*** **ИОР** ќе донесе **Програма за полагање на испит за стекнување на звањето овластен ревизор во** 2008 **год**., за добивање на дозвола за работа на друштвата за ревизија и ќе спроведува испит за стекнување на звање за овластен ревизор. ИОР ќе ја следи примената на МРС и Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори-трговци поединци и ќе извршува други надлежности. Институтот ќе спроведува контрола на квалитетот на работењето на своите членови, преку Комисијата за контрола на квалитетот која ќе донесе **Правилник за контрола на квалитетот на ревизиите** во 2008 година. За таа цел, ИОР ќе спроведе активност на запознавање на членовите со потребните процедури и стандарди и ќе спроведува дисциплински мерки кај членовите кои не работат во согласност со стандардите и ќе донесе **Правилник за дисциплински постапки** во 2008 год. Комисијата за образование, обука и публикации ќе спроведува континуирано професионално образование и обука на кандидатите кои ќе го полагаат испитот за овластен ревизор и ќе донесе **Програма за континуирана едукација на овластените ревизори** во 2008година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со оглед на фактот што во надлежност на Секторот за финансиски систем е системот на ревизија, заради поголема ефикасност, ќе има нови вработувања во Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија.

*Комисијата за сметководствени стандарди* во рамките на Институтот за овластени ревизори ќе ги следи, усогласувањата и примената на МСС/МСФИ. Комисијата за меѓународни ревизорски стандарди ќе ги подготви процедурите за да се овозможи ажурно преведување на Меѓународните стандарди за ревизија и другите објави од Меѓународниот одбор за ревизорски стандарди. За Советот за унапредување и надзор на ревизијата, обезбедени се средства за 2007 година во буџетот на РМ.

Ќе се гради капацитетот на **Институтот за овластени ревизори** со нови вработувања во 2008 година, но исто така и на најголемите регулаторни институции,,(Комисија за хартии од вредност, Народната Банка на РМ, супервизијата на осигурување, МАПАС, Централен Регистар итн.) кои ја следат примената на МСС (МСФИ) и другите стандарди на сметководство, односно се грижат за целосно и навремено обелоденување на финансиските податоци изготвени согласно МСС/МСФИ.

Комисиите на ИОР ќе се едуцираат за иницирање мерки за целосна примена на принципите на доброто корпоративно финансиско известување. Ќе продолжи постапката на Институтот на овластени ревизори (за добивање на статус придружен член) со IFAC и CEEPAD во асоцијативното пристапување во регионалните и глобалните професионални организации.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА**
**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2009 година ќе се донесе **Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија**, заради доусогласување со Директивата 32006L0043. Во периодот на 2008-2010 година активностите ќе бидат насочени кон исполнување на преземените обврски следење на работата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Институтот за овластени ревизори; следење на спроведувањето на одредбите од Законот за ревизија за да се изгради ревизорски систем во земјата компатибилен со земјите на Европската унија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Националната стратегија и акциониот план за реформи во сметководството и ревизијата* се предвидува да се спроведуваат и во наредните години. *Министерството за финансии* согласно Законот за ревизија ќе биде орган надлежен за следење на спроведувањето на одредбите од законот. Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Институтот за овластени ревизори ќе ги извршуваат работите во рамки на своите надлежности уредени во законот. За Советот за унапредување и надзор на ревизијата, во среднорочниот период предвидени се средства од Буџетот на РМ .

## 3.7 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

### 3.7.1 АВТОРСКО И СРОДНИ ПРАВА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во областа на авторското право и сродните права во октомври усвоен е **Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права** ("Службен весник на РМ" бр. 131/2007),(ЗИДЗАПСП). Со измените во Законот ќе се постигне подобра имплементацијата и спроведувањето на заштитата над авторското и сродните права. Законот е усогласен со **Законот за прекршоците** (Службен весник на РМ" бр. 62/06) и **Законот за државниот пазарен инспекторат** („Службен весник на РМ" 24/07). Со измените на Законот, прекршочните санкции се изрекуваат од надлежен суд како глоба изразена во евра во денарска противредност; зголемени се минималниот и максималниот износ на глобата за правни и сите видови физички лица; зголемени се глобите за прекршоците сторени од користољубие или со кои е предизвикана поголема имотна штета (на правното лице до 10.000 евра, а на физичките лица, до 6.000 евра). Усогласени се и одредбите за изрекување дополнителна санкција - за забрана за вршење дејност и за одземање на примероците на авторските дела, односно предметите на сродните права, како и другите средства што биле користени или наменети за извршување на прекршоци со нивно уништување по правосилноста на судската одлука. Исто така прецизиран е рокот за застарување за извршување на прекршокот (застарува по истекот на две години).

Инспекциската надлежност во авторското право и сродните права (АПСП), за промет на стоки и услуги согласно Законот е целосно лоцирана во Министерството за економија-Државниот пазарен инспекторат (МЕ-ДПИ), а за производството, репродукцијата, ускладиштувањето, објавувањето и снимањето на компјутерските програми, музички и аудиовизуелни дела на носачи на тон и на тон и слика, останува надлежно е Министерството за внатрешни работи (МВР). Надзор над здруженијата за колективно остварување на АПСП, врши Министерството за култура како надлежен орган кој постапува во прв степен за давање лиценци на здруженијата. Роковите за постапките за издавање на согласност на актите на здруженијата за колективно остварување се скратени на 30 дена.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
*Министерството за култура* (МК) е надлежен орган за областа на АПСП, вклучувајќи го и надзорот над здруженијата за колективно остварување на АПСП. Во Секторот за авторско право и сродните права, во двете одделенија (Одделение за авторското право и Одделение за сродни права) вработени се три лица .

**Комисијата за посредување во авторското право и сродните права** (Службен весник на РМ бр.88/05) и во периодот 2006-2007год., според својот Деловник, решава по постапки на акти за користење и распределба на надоместоци за сродните права-на фонограми и снимени изведби. *Советодавното тело од областа на авторското право*, составено од домашни експерти за одредени прашања од оваа област и во наведениот период повеќепати е консултирано.

Постапките за давање согласност на актите на носителите на издадените две лиценци за две нови колективни здруженија за сродни права ("Службен весник на РМ" бр. 111/06), за користење и за распределба на надоместоци за сродните права се запрени на поради покренати управни спорови и се во мирување. Со Одлуката за формирање и делокруг на Координативното тело за интелектуална сопственост (Службен весник на РМ бр. 56/2007), Координативното тело за авторското право и сродните права е укинато.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2008 година Владата на РМ ќе ја донесе Одлуката за висината на вкупниот надоместок за репродуцирање на авторско дело за приватно користење на предлог на Министерството за култура.

Во краткорочниот период ќе се изврши детална анализа во однос на Директивата 32004L0048 за спроведување на заштита на правата од интелектуалната сопственост. Министерството за правда (МП), М К и Државниот завод за индустриска сопственост во 2008 год. детално ќе го преиспитаат потребниот обем на измените во домашното законодавство на процесните и материјалните прописи од областа на правосудството, како и на посебните прописи за правата од интелектуална сопственост.

Министерството за култура ќе го преиспита начинот на донесување на административните такси, заради намалување на превисоките судски и други такси, со цел да се стимулираат носителите на индивидуалните права да иницираат и водат постапки заради заштита на своите права.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се зајакнуваат капацитетите на Секторот за АПСП во М К. Секторот, со постојните одделенија кадровски ќе се екипира и во 2008год. Затоа во 2008 год. ќе се изменуваат и дополнуваат актите: за организација и работа и за систематизација на работните места.

Ќе продолжи поддршката на постојните ***колективни здруженија***, а ќе се создаваат можности за основање нови здруженија за колективно остварување, за останатите видови на користење на авторски дела и предметите на сродните права преку обезбедување буџетски средства, склучување договори за отстапување/доделување деловен простор и опрема заради нивно целосно етаблирање и функционирање во првите години од нивната работа.

Континуираните обуки, семинари и работилници на кадрите што непосредно работат на материјата на АПСП ќе бидат и во функција на специјализирано и практично обучување за АПСП, особено на органите на спроведување, вклучувајќи ги и здруженија за колективно остварување и други носители на правата, вклучувајќи и активности и за нивно стручно оспособување и усовршување преку пишани договори - формална обука преку конкурси за обезбедување соодветни специјализации, особено за дефицитарни области и/или кадри.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
***Ќе се следат меѓународните трендови на АПСП и прописи на ниво на ЕУ и други меѓународни асоцијации и анлиза на можностите за нивно транспонирање во домашното законодавство***.

Ќе се донесе нов ЗАПСП во 2009 година. Со новиот ЗАПСП, ќе се преоцени постојниот ЗАПСП („Службен весник на РМ“ бр. 47/96, 3/98,98/02, 4/05, 131/07), заради поконзистентно и поквалитетно надминување на согледаните нејаснотии, колизии на надлежности и пропусти од честите изменувања и дополнувања. Воедно, во ЗАПСП покрај транспонирање на новата директива на ЕУ ќе се реализираат и обврските кон евентуалните други нови меѓународни договори од АПСП. Ќе се користат решенијата и искуствата од започнатите реформи во судскиот систем и во други системски закони, како и споредбените искуства во други држави, особено во сферата на колективното остварување и надзорот. Ќе се користи експертска домашна и странска помош, како и на стручната и заинтересирана јавност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Секторот за АПСП на среден рок до 2010 година треба да има целосно пополнет број на работни места со што ќе се постигне ефикасност во работата.

Ќе продолжи поддршката на постојните колективни здруженија, а ќе се свараат можности за основање нови здруженија за колективно остварување. за останатите видови на користење на авторски дела и предметите на сродните права преку обезбедување буџетски средства, вклучувајќии склучување договори за отстапување/доделување деловен простор и опрема заради нивно целосно етаблирање и функционирање во првите години од нивната работа.

Континуираните обуки, семинари и работилници на кадрите што непосредно работат на материјата на АПСП ќе бидат и во функција на специјализирано и практично обучување за АПСП, особено на органите на спроведување, вклучувајќи ги и здруженија за колективно остварување и други носители на правата, вклучувајќи и активности и за нивно стручно оспособување и усовршување преку пишани договори - формална обука преку конкурси за обезбедување соодветни специјализации, особено за дефицитарни области и/или кадри.

## 3.7.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2007 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост (Службен весник на Р.М.бр.79/07), со кој е направено усогласување со Законот за прекршоци и предвидени се поостри санкции за прекршителите на правата од индустриската сопственост (ИС).

Во втората половина на 2007 година се спроведоа активности во врска со пристапување кон Европската патентна конвенција (Convention on the Grant of European Patents - European Patent Convention). Направен е превод на Конвенцијата, на Правилникот и на Протоколите кон Конвенцијата. Доставена е иницијатива за изменување и дополнување на Кривичниот законик (Службен весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05) од страна на Државниот завод за индустриска сопственост во втората половина на 2007 година заради усогласување на инкриминираните дејствија за

повреда на правата од индустриска сопственост со Законот за индустриската сопственост (Службен весник на РМ бр.47/02, 42/03, 9/04, 39/06 и 79/07) ЗИС заради заострување на кривичните санкции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За спроведување на ЗИС и **Законот за заштита на топографијата на интегралните кола**("Службен весник на РМ" бр. 05/1998 и 33/2006.) ЗЗТИК надлежен е *Државниот завод за индустриска сопственост* (ДЗИС), самостоен орган на државната управа кој се финансира од сопствени приходи. Во ДЗИС вработени се 30 државни службеници (во 4 сектори и 8 одделенија).

ДЗИС во рамките на активностите за поддигнување на јавната свест издаде три брошури за мали и средни претпријатија на WIPO, организира регионален семинар, конференција, промотивни манифестации и оставари средби со фирми во единиците на локалната самоуправа. Заради продлабочување на билатералната соработка потпишан е Меморандум за соработка со WIPO, Меморандум и Договор за соработка со Заводот за патенти на Република Унгарија и Договор за соработка со Заводот за интелектуална сопственост на Република Словенија .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2008 година ќе заврши постапката за ратификација на Европската патентна конвенција со донесувањето на Законот за ратификација на Европската патентна конвенција. Заради усогласување на Законот за индустриската сопственост со Директивата 32004L0048 и други меѓународни договори, во 2008 година ќе се извршат детални анализи со прецизна временска рамка. Во 2008 година ќе се донесе Закон за ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на нови сорти на растенија – УПОВ Конвенцијата (International Convention for Protection of New Variety of Plants).(повеќе во делот 12 Фитосанитарна политика).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За зајакнување на капацитетот на ДЗИС во 2008 година ќе се вработат нови лица за кои ќе се одвива континуирана стручна обука. Со пристапот до базите на податоци на ДЗИС преку веб страната ќе се обезбедува континуирана соработката со другите учесници во системот на заштита на права од индустриската сопственост.

Во рамките на Програмата за соработка со ЕПО е предвидена реализација на ИПА регионален проект за интелектуална сопственост поддржан од ЕК, EPO, OHIM и WIPO, кој содржи четири компоненти и тоа: 1. Понатамошна хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ; 2. Јакнење на капацитетите на институциите вклучени во системот на заштита на интелектуална сопственост; 3. Поддршка во спроведувањето на заштитата на правата од интелектуална сопственост и 4. Зајакнување на одржливоста на институциите за интелектуална сопственост. ДЗИС ќе биде назначен за национален координатор. Вредноста на регионалниот проект е во висина од 2 милиони евра.
Обуката на вработените во ДЗИС и на останатите субјекти од системот на заштита, ќе се остварува преку национални и регионални семинари, студиски престои и други активности преку соработката со WIPO, EPO и друга билатерална соработка.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во рок од шест месеци од донесувањето на новиот Закон за индустриска сопственост кој ќе биде усогласен со Директивата 32004L0048, (во 2009 година) ќе бидат донесени подзаконските акти кои ќе произлезат од Законот. Во првиот квартал на 2009 год. ќе отпочне постапката за донесување на Закон за ратификација на Договорот од Виена за востановување на меѓународна класификација на фигуративните елементи на марките (Vienna Agreement Establishing an International Classification of the Figurative Elements of Marks), Закон за ратификација на Договорот за правото на патент (Patent Law Treaty) и Закон за ратификација на Договорот за правото на трговска марка (Trademark Law Treaty). Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и ќе се усогласува законодавството.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Заводот ќе се вработат нови лица во 2009 год. и во 2010 година со што бројот на вработени треба да биде оптимален за извршување на работните задачи. Истовремено ќе се одржува нивото на техничката опременост, ќе се обучуваат вработените на Заводот и другите субјекти вклучени во системот на заштита на правата од интелектуалната сопственост.

### 3.7.3 **СПРОВЕДУВАЊЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка беше дополнета и подобрена. За усогласување со Законот за прекршоци донесен е **Законот за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост** ("Службен весник на Република Македонија бр. 107/07). **Донесен е нов Закон за Државниот пазарен инспекторат** ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/07 и 81/07) со кој се утврдени надлежностите, овластувањата и организацијата на Државниот пазарен инспекторат. Донесен е и **Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права** ("Службен весник на Република Македонија бр.131/07), заради усогласување со Законот за прекршоци и пренесување на надлежноста за инспекцискиот надзор од Министерството за култура на Државниот пазарен инспекторат. Извршена е првична **анализа на Директивата** 32004L0048. Донесен е **Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик** ("Службен весник на Република Македонија" бр.07/2008)за попрецизна квалификација на кривичните дела од обласа на авторското и сродните права и за зајакнување на кривичните санкции.

**ИНСТИТУЦИИ**

Согласно **Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права** инспекциската надлежност за надзор на авторското и сродните права за промет на стоки и услуги е пренесена на Министерството за економија-**Државниот пазарен инспекторат**, а за производство, репродукција, ускладиштување, објавување, снимање на компјутерски програми, музички и аудиовизуелни дела на носачи на тон и на тон и слика, надлежно е Министерството за внатрешни работи (МВР). Во 2007 година инспекторите на Државниот пазарен инспекторат беа **обучувани** преку ТЕМПУС Проектот за заштита на авторското право и сродните права, а во декември 2007 година, преку Центарот за образование за интелектуална сопственост на Правниот факултет Јустинијан Први, обучени беа 25 инспектори за препознавање на легален MICROSOFT софтвер.

Во **Царинската управа** беа спроведувани обуки за препознавање на оригинали од фалсификати и пиратски стоки. (Повеќе детали во Поглавје 29. Царинска унија). (По однос на **Министерството за внатрешни работи** за Секторот за финансиски криминал, Одделение за комјутерски криминал и фалсификати повеќе во поглавје Правда, Слобода и Безбедност).

Донесен е **Судскиот деловник** ("Службен весник на Република Македонија" бр.71/07) кој ќе се заведуваат споровите и поефикасно ќе се следат предметите од интелектуалната сопственост. Обучени се 200 службеници од судската администрација за примена на Судскиот деловник во електронска форма. Донесена е **Стратегија за информатичко комуникациска технологија за правосудство**(2007-2010 год.),за сите правосудни органи и Министерството за правда. Во 2007 год. беа обучени судии и јавни обвинители во Академијата за обука на судии и јавни обвинители согласно **Програмата за обука на судии и јавни обвинители**. (Повеќе во делот 23 Правосудство и фудаметални права)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите кој ќе биде донесен во 2008 година ќе се формира Трговски суд со седиште во Скопје, и ќе се основаат одделенија во судовите во Битола, Штип и Гостивар. Во рамките на тој суд и одделенија, ќе се предвиди надлежност за предметите од обласа на интелектуалната сопственост.

Во 2008 година ќе се спроведат активности поврзани со подготвување на Национална стратегија за интелектуална сопственост и Акционен план за јакнење на капацитетите неопходни за имплементација и спроведување на acquis во сите области опфатени со ова поглавје кои ќе бидат потпомогнати од УСАИД (Проект за деловно опкружување и WIPO).

Во однос на Директивата 32004L0048 за спроведување на правото на интелектуална сопственост во текот на 2008 година ќе се подготваат предлози на законските текстови со потребните измени во ЗИС, ЗАПСП. Ќе се изврши продлабочена анализа со временска рамка за усогласување на процесните закони во 2008 година (**Законот за парничната постапка** и **Законот за кривичната постапка**) во однос на степенот на усогласеност со Директивата 32004L0048.

Ќе се донесе **Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик** со што ќе се изврши прецизирање и терминолошко усогласување на кривичните дела од обласа на индустриската сопственост и ќе се предвидат построги санкции. Во 2008 година Министерството за правда ќе подготви Анализа на ефектите од примена на Законот за парнична постапка, како и на Стратегијата за реформа на граѓанската материја. (Повеќе во делот 23 Правосудство и фудаметални права)

**ИНСТИТУЦИИ**
Градењето на системот на заштита на правата ќе продолжи да се остварува преку реализирање на **Програмата на Координативното тело за интелектуална сопственост** со што ќе се зголеми ефикасноста во остварувањето на правата. Во првата половина на 2008 година ќе се реализира проект за зајакнување на капацитетот на членовите на КТИС преку УСАИД и други вклучени субјекти преку ИПА регионален проект за интелектуална сопственост. Преку веб страната на ДЗИС, јавноста ќе има потранспарентен пристап до податоците за пријавени и признаени права од индустриската сопственост.

***Ќе се продолжи со обука на вработените во институциите вклучени во системот на спроведување на заштитата.***
Со цел подигнување на јавната свест за значењето на правата од интелектуална сопственост ќе се подготви од страна на Министерството за економија **Програма за развој на претприемништвото и иновативност на малите и средни претпријатија** во 2008 година. Активноста ќе се спроведува во соработка со Агенцијата за претприемништво.

**Царинската управа** во соработка со Министертвото за култура и Државниот завод за индустриска сопственсот во јануари 2008 година ќе започнат со кампања за подигнување на јавната свест и за значењето на правата од интелектуална сопственост. Кампањата ќе биде финансиски поддржана од Холандската Амбасада. (Повеќе детали во Поглавје 29. Царинска унија).

Со реорганизацијата на **Државниот пазарен инспекторат** ќе се постигне специјализација на ДПИ и во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост. Капацитетот на ДПИ, ќе се зголеми со нови вработувања во 2008 година. Преку Агенцијата за европска реконструкција ќе се реализира проект за набавка на компјутерска опрема и друга опрема за ДПИ. Во рамки на Проектот за надзор над пазарот поддржан од Агенцијата за европска реконструкција ќе бидат спроведени обуки на ДПИ во однос на заштита на правата од интелектуалната сопственост. ( Повеќе во дел 1 Слободно движење на стоки).

*Во рамките на* ***реформата на судството*** ќе продолжат специјализирани обуки на судии од областа на интелектуалната сопственост, согласно Програмата за обука на судите и јавните обвинители од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Ќе се обезбеди хардверска и софтверска опрема на судовите и обвинителствата и мрежно поврзување со базите на податоци. Во **Министерството за правда** во Секторот за правосудство ќе се зајакнуваат капацитетите со вработување на нови лица. (Повеќе детали во делот 23 Правосудство и фудаметални права)

***Центарот за образование за интелектуална сопственост*** на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје ќе продолжи со обуки на целните групи вклучени во спроведувањето на правата од интелектулана сопственост.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА**
***Ќе се следат меѓународните трендови во спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.*** Во 2009 година ќе се донесат Национална стратегија за интелектуална сопственост и Акционен план за јакнење на капацитетите неопходни за имплементација и спроведување на acquis во сите области опфатени со ова поглавје.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се подготви Методологија за статистичко следење и статистичка обработка на податоци за преземени мерки од спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост од страна на Државниот завод за статистика. Во функција ќе биде ставен ИРИС системот за размена на статистичка податоци помеѓу институциите вклучени во системот за спроведување на заштитата на правата од интелектулана сопственост. Во среднорочниот период ќе се реализираат нови промотивни активности и кампањи.

Континуирано ќе се зајакнуваат техничките и кадровските капацитети на институциите вклучени во системот на заштита на правата од интлектуална сопственот преку нови вработувања, набавка на неопходната техничка опрема и обуки на субјектите вклучени во спроведувањето на правата од интелектулната сопственост.

## 3.8 КОНКУРЕНЦИЈА

### 3.8.1 АНТИТРАСТОВИ ВКЛУЧУВАЈЌИ И СПОЈУВАЊА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Основен акт кој ја уредува постоечката правна рамка од областа на заштитата на конкуренцијата во Република Македонија е Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ" бр. 04/05; 70/06 и 22/07). Законот е усогласен со Договорот за основање на Европската Заедница (членовите 81, 82 и 86); и ЕУ мерките 31962R0017, 32003R0001, 31971R2821, 32004R0139, 31997Y1209(01) и 52001XC1222(03).

Во 2007 година донесен е Закон за измени и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ" бр. 22/07) со кој КЗК станува надлежна за изрекување на прекршочни санкции на претпријатија кои сториле повреда на одредбите од ЗЗК.

Во текот на 2007 година донесени се:
1. Насоки за дефинирање на релевантен пазар;
2. Насоки за оценка на хоризонтални концентрации и
3. Насоки за начинот на одмерување на глобата изречена согласно член 47 од ЗЗК.

Насоките се објавени на веб страната на КЗК.

Потпишани се два меморандуми за соработка со Совет за радиодифузија и Биро за јавни набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно Законот за заштита на конкуренцијата (ЗЗК), надлежен орган за спроведување на законот е Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК). Комисијата е независен орган, составен од претседател и четири члена. Претседателот и членовите ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија, за период од пет години, со право на повторно именување. Управните, стручните и другите административно – технички работи ги врши стручната служба на Комисијата.

Комисијата е надлежна да ја контролира примената на одредбите од законот и прописите донесени врз основа на законот; да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степен потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција; да води постапки и донесува одлуки за прашањата што ги регулира законот; да утврдува методологија за истражување на пазарот; да утврдува правила и мерки за заштита на конкуренцијата; мерки за отстранување на спречувањето, ограничувањето или нарушувањето на конкуренцијата; да дава мислења по предлози на закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои може да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот; да дава стручни мислења за прашања поврзани со политиката на конкуренција и заштитата на конкуренцијата на пазарот, по барање на Собранието, Владата на Република Македонија, други државни органи, претпријатија или по службена должност; да ги врши работите што произлегуваат од меѓународните обврски на Република Македонија во областа на заштита на конкуренцијата, како и други работи утврдени со Законот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
За 2008 година, предвидено е донесување на следните насоки за примена на Законот и подзаконските акти, кои на предлог на стручната служба ги донесува Комисијата:
- Насоки за оцена вертикалните и конгломератните концентрации;
- Насоки за обврските презмени пред Комисијата од страна на учесниците во концентрацијата согласно член 20 и член 22 од Законот и
- Насоки за примената на член 7 став (3) од Законот во врска со член 11 од Законот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во насока на зајакнување на институционалниот и кадровскиот капацитет на Комисијата за заштита на конкуренцијата, за 2008 година предвидени се нови вработувања и обуки на членовите на Комисијата и вработените во рамките на BERIS проектот за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите, финансиран од Светска банка и ГТЗ-проектот.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
На среден рок е предвидено:

- донесување на Закон за измени и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата или донесување нов Закон за заштита на конкуренцијата со кој ќе се изврши понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis (до крај на 2009 година);
- усогласување на Законот за Заштита на конкуренцијата со ЕУ регулативите 31987R3976 и 32006R1459, кои ги уредуваат групните изземања кај договорите од областа на воздушниот сообраќај (до крај на 2010 година) и
- понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis (до крај на 2010 година).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидени се нови вработувања во текот на 2009 и 2010 година. Понатамошното зајакнување на административниот капацитет на Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе се одвива преку BERIS проектот за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите, финансиран од Светска банка и ГТЗ-проектот.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- BERIS-проект за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите, финансиран од Светска банка
- ГТЗ-Отворен регионален фонд за Југоситочна Европа-Реформи во законодавството
- Помош прекуTAIEX-инструментот на Европска Унија

## 3.8.2 ДРЖАВНА ПОМОШ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за државна помош ("Службен весник на РМ" бр. 24/03, 70/06 и 55/07) како и подзаконските акти донесени врз основа на Законот:

- Уредба за начинот и постапката за поднесување на извештај до Комисијата за државна помош (Службен весник на РМ" бр. 81/03);
- Уредба за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реконструкција на претпријатија со потешкотии (Службен весник на РМ" бр.81/03);
- Уредба за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош ("Службен весник на РМ" бр. 81/03) и
- Уредба за услови и постапка за доделување на хоризонтална државна помош ("Службен весник на РМ" бр. 157/07.. )

Македонското законодавство за државна помош е усогласено со Договорот за основање на Европската Заедница, членовите 87-89 и ЕУ регулативите 32001R0069 и 31999R0659.

Во 2007 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за државна помош ("Службен весник на РМ" бр. 55/07) со кој се создаде правна основа за донесување на Уредбата за условите и постапка за доделување на хоризонтална државна помош (Службен весник на РМ" бр. 157/07).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, ("Службен весник на РМ" бр. 70/06 и 55/07), надлежноста за надзор и контрола на државната помош која се доделува во Република Македонија ја презема Комисијата за заштита на конкуренцијата. Со влегувањето во сила на Законот за измени и дополнувања на Законот за државната помош, во Комисијата за заштита на конкуренцијата формиран е Сектор за контрола на државната помош. Во Секторот за контрола на државната помош има вработено 5 (пет) лица со висока стручна спрема, од кои 3 (три) економисти и 2 (два) правници. Во тек е постапка за вработување на 1 (едно) лице во Секторот за контрола на државната помош.
Преку одредување на лица одговорни за пријавување на државната помош од страна на давателите на државната помош кај Комисијата за заштита на конкуренцијата, воспоставен е систем на мониторинг и проценка на структурата на државната помош. Секторот ги врши сите работи од областа на државната помош, пропишани со Законот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
За 2008 година не е предвидена измена на законодавството за државна помош.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Краткорочни приоритети за зајакнување на институционалниот капацитет во областа на државната помош се:
1. Вработување на нови лица со висока стручна спрема во Секторот за контрола на државната помош во КЗК до крајот на 2008 година;
2. Спроведување на обуки на вработените во КЗК за ефикасно спроведување на Законот за државна помош, посебно во делот на истражувачки техники и постапување по случаи и
3. Обука на давателите на државна помош.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Среднорочни приоритети во областа на законодавството за државна помош се:
1. Воспоставување и градење на веродостојно досие за спроведување на контролата на државната помош;
2. Донесување на методологија за определување на нивото на компензација на претпријатија на кои им е доверено вршење на услуги од општ економски интерес;
3. Усогласување на индустриските политики со прописите за државна помош и
4. Понатамошно усогласување на националното законодавство со acquis.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Среднорочни приоритети во областа на градење на институционалните капацитети во областа на државната помош се:
1. Обуки за зајакнување на кадровскиот капацитет на КЗК за спроведување на истражни постапки за доделување на државна помош и другите надлежности пропишани со Законот;
2. Подобрување на процедурите за спроведување на истраги за државна помош и
3. Подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор за државната помош преку преку организирање на семинари, обуки, кампања, конференции и други настани.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
- BERIS-проект за реформи во деловното опкружување и зајакнување на институциите, финансиран од Светска банка
- ГТЗ-Отворен регионален фонд за Југоситочна Европа-Реформи во законодавството
- Помош прекуTAIEX-инструментот на Европска Унија

### 3.8.3 **ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА**

Подрачјето е уредено во други поглавја.

## 3.9 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

### 3.9.1 БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2007 година донесен е нов **Закон за банките** ("Службен весник на РМ" бр. 67/07).

Со Законот се постигнува либерализирање на пазарот преку овозможување влез на странски банки, вклучително и банки од ЕУ, преку филијали како и унапредување на правната регулатива во повеќе области особено во доменот на корпоративното управување на банките, консолидираната супервизија, зајакнувањето на критериумите за акционер на банка, управувањето со ризици во банките, воведувањето постепеност (градација) во видот на мерките кои можат да бидат изречени, зголемувањето на ефикасноста на постапката за излез (стечај и ликвидација) на банка од банкарскиот систем.

Во согласност со Законот за банките, во периодот јуни - декември 2007 година, НБРМ донесе повеќе **подзаконски акти**. Донесен е подзаконски акт со кој, согласно одредбите од новиот Закон за платен промет ("Службен весник на РМ" бр. 113/07), подетално ќе се регулираат институциите кои издаваат електронски пари. Подзаконскиот акт во целост е усогласен со директивите 32000L0046 и 32006L0048.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во НБРМ, како надлежен супервизорски орган за банките, е поставен советник-координатор на гувернерот, кој ги координира активностите и претставува врска помеѓу гувернерот и соодветните постојни дирекции (Дирекција за супервизија и Дирекција за банкарска регулатива).

НБРМ има склучено Меморандуми за соработка и размена на информации и податоци со повеќе регулаторни и супервизорски органи од земјата (Комисијата за хартии од вредност, Министерството за внатрешни работи, Централниот депозитар на хартии од вредност, Централниот регистар) и од странство. Исто така НБРМ потпиша Меморандуми за соработка и со супервизорските органи на Италија, Франција, Србија, Босна и Херцеговина и Турција.
Формирано неформално Меѓуинституционално тело, во кое членуваат претставници на експертско ниво од регулаторните и супервизорски органи во Република Македонија чија основна цел на ова тело е разгледување на прашања и проблеми во сите сегменти на финансискиот систем.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Подзаконска регулатива која произлегува од Законот за банките, НБРМ ќе ја заокружи заклучно со првиот квартал на 2008 година, до кога ќе бидат донесени и подзаконски акти со кои подетално ќе се регулираат: управувањето со кредитниот ризик и класификација на активата; поврзаните лица;лимитите на изложеност на банка;ликвидносниот ризик; управувањето со ризиците; консолидирана супервизија.

Во 2008 година ќе се изготви нова Одлука за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар.
Се планира воспоставување на Сектор за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност.

До крајот на 2008 година ќе се заокружи регулативната рамка за минимум потребниот капитал за оперативниот ризик-Basic Indicator/ Standardized Approach преку изработка на подзаконски акт за управување со оперативниот ризик. До крајот на 2009 ќе се заокружи регулативната рамка за минимум потребниот капитал за Кредитниот ризик – Standardized Approach. Имплементацијата на оваа регулатива се очекува во 2010

До крајот на 2008 ќе се дефинира опфатот на финансиските конгломерати и нивната супервизија со што ќе се транспонира Директивата 2002/87/ЕЦ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во 2008 год. ќе отпочне со работа приватно кредитно биро
Реализацијата на Планот за развој на супервизијата, кој што предвидува транзиција кон супервизија базирана на оценка на ризиците, е во тек. Реализацијата на Планот е во насока на имплементација на вториот столб од Новата капитална спогодба (Basel II).

Активностите поврзани со имплементацијата на Планот за супервизија ориентирана кон оценка на ризиците ќе продолжат и во понатамошниот период. Во рамки на холандскиот грант кој е подршка за ПДПЛЗ аранжманот со Светска банка , до канцеларијата на Министерството за финансии се испратени ТоР за десет области.Значајна компонента е изработката на информативен систем за управување со документи . Во третиот квартал од 2008 година ќе започне да функционира нов Кредитен регистар на НБРМ. За оваа намена во тек се активности за вработување на лица од областа на ИТ.
За потребите на анализата на финансиската стабилност ќе се набави софтвер за економетриски естимации СТАТА.

До крајот на 2009 година ќе се заокружи регулативната рамка за минимум потребниот капитал за кредитниот ризик-Standardized Approach.

Имплементацијата на оваа регулатива се очекува во 2010 година.
Врз основа на одговорите на прашалникот испратен од НБРМ во врска со примената на Basel II се заклучи дека кај банките сеуште не постои подготвеност за примена на напредните интерни модели за утврдување на нивото на потребен капитал за покривање на кредитниот и оперативниот ризик: Пристап базиран на интерниот рејтинг за кредитниот ризик (Internal Ratings – based approaches) и Напредниот пристап за мерење на оперативниот ризик (Advanced Measurement Approaches).
До крајот на 2009 година ќе биде подготвена регулатива за прекугранично давање на финансиски услуги односно ќе се изврши натамошно хармонизирање на законодавството со Директивата 32006L0048. Регулативата ќе има одложена од пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.
Во првиот квартал од 2010 депозитите на правните лица ќе бидат вклучени во Фондот за осигурување на депозити со што во целост ќе биде транспонирана Директивата 31994L0019.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се заокружи имплементацијата на Планот за развој на супервизијата на НБРМ, односно премин кон супервизија ориентирана кон оценка на ризиците со кои се сретнуваат банките во својата работа и управувањето со нив во 2009 година.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Техничка помош од Централната банка на Холандија, во доменот на супервизијата и финансиската стабилност.
- Средства од Холандски Труст Фунд за обуки за супервизорите во врска со обики на супервизорите во рамки на процесот на премин на супервизијата кон супервизија ориентирана кон ризиците.
- Планиран проект
- DNB –техничка помош во доменот на банкарската регулатива (имплементација на регулативата за пазарни ризици, ликвидносен ризик, МСФИ , пруденtна регулатива и финансиска стабилност.
- Проект од потреба
- Изработка на регулативата Базел II –оперативен ризик (втора половина на 2008).

## 3.9.2 ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Осигурителниот пазар во РМ го сочинуваат 12 друштва за осигурување и 5 осигурителни брокерски друштва. Од нив 2 друштва за осигурување вршат работи на осигурување на живот а останатите вршат работи од областа на неживотно осигурување. Осигурителните брокерски друштва вршат осигурително брокерски работи во рамките на сите класи на осигурување.

Во РМ функционира реформиран пензиски систем како тростолбен пензиски систем кој е дел од социјалното осигурување. Првиот столб го претставува државниот Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија кој функционира на принципот на тековно финансирање (pay-as-you-go). Вториот столб претставува задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Во неговите рамки функционираат две друштва за управување со пензиски фондови кои управуваат со по еден пензиски фонд. Двете друштва за управување со пензиски фондови се со мешовит основачки капитал, домашен и странски, каде учеството на странскиот капитал е 51%. Третиот столб претставува доброволно капитално финансирано пензиско осигурување кој со функционирање ќе почне во 2008 година.

**ПРАВНА РАМКА**
Основни акти со кои се уредува постоечката правна рамка од областа на осигурувањето се: **Законот за супервизија на осигурување** ("Службен весник на РМ" бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04 и 79/07), **Законот за задолжително осигурување во сообраќајот** ("Службен весник на РМ" бр. 88/05 и 70/06), **Законот за облигациони односи** во делот што се однесува на договорите за осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 18/01, 4/02 и 5/03) и **Законот за трговски друштва** ("Службен весник на РМ" бр. 28/04).

**Законот за супервизија на осигурување** усвоен во април 2002 година, ги вградува принципите и стандардите за осигурување на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС), како и директивите за осигурување на ЕУ. Законот во најголем дел е насочен кон воспоставување на стриктни правила за управување со ризик. Друштво за осигурување може да се формира единствено како А.Д со седиште во РМ. За основање на друштво за осигурување потребна е дозвола од МФ која може да се однесува на една или повеќе класи на осигурување во рамки на исклучиво една од групите на осигурување и тоа неживотно осигурување или осигурување на живот. Друштво за осигурување под еднакви услови може да основаат домашни и странски физички и правни лица. Во 2007 донесен е З**акон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување** (Службен весник на РМ бр. 79/07) со основна цел за понатамошно усогласување со ЕУ легислативата во оваа област и усвојување на европските осигурителни принципи и стандарди (особено во делот на јакнење на независноста на супервизорскиот орган, јакнење на фит анд пропер барањата во однос на органите на управување и акционерите во друштвата за осигурување како и понатамошно јакнење на превентивните и корективни мерки на супервизија. Со Законот се изврши понатамошна усогласување со директивите на ЕУ кои се однесуваат на солвентност на друштвата за осигурување и директивите во областа на осигурителната интермедијација.

**Законот за задолжително осигурување во сообраќајот** (“Службен весник на РМ” бр. 88/05 и 70/06), кој предвидува поголема заштита на интересите на оштетените лица во сообраќајни незгоди преку зголемување на сумите на осигурување и нивно постепено усогласување со сумите на осигурување усвоени со ЕУ директивите, регулирање на роковите за пријавување и надомест на штети од страна на друштвата за осигурување, утврдување на правото на посредување (медијација), стриктно регулирање на надлежностите на Гарантниот фонд.

Со **Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување** (**Сл.весник** 29/2002,) се уредува основањето и работењето на друштвата за управување со пензиски фондови, членувањето во пензиските фондови, известувањето, надоместоците, инвестирањето и проценката на средствата на пензиските фондови, чувањето на средствата на пензиските фондови, основањето и функции на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, како и други теми значајни за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Во јуни и јули 2007 година Агенцијата за супервизија на капитално финансирани пензиски фондови донесе 3 нови подзаконски акти кои произлегуваат од **Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување**( **Сл.весник** 29/2007) .
Дополнително на овие активности, МАПАС и Министерството за труд и социјална политика изготвија и до Владата на Република Македонија доставија Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со кој се ограничуваат надоместоците и се зголемува конкуренцијата. Со Предлог Законот се создава можност да се основаат и нови друштва за управување со задолжителни пензиски фондови

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежен орган за донесување на законски прописи од областа на осигурувањето и спроведување супервизија над работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва во РМ е МФ, во кое надлежни за системот на осигурување се две одделенија и тоа: Одделението за систем на осигурување (3 вработени) задолжено за изготвување на законски и подзаконски акти од областа на осигурувањето и лиценцирање на друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, осигурителни брокери и актуари и Одделението за супервизија на осигурување (3 вработени) задолжено за спроведување теренска и вонтеренска супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва. Двете Одделенија функционираат во рамки на Секторот за финансиски систем.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2008 година ќе бидат донесени околу 30 подзаконски акти кои произлегуваат **од Законот за супервизија на осигурување** а кои подетално регулираат одредени прашања од работењето на друштвата за осигурување како што се начин на издвојување на технички резерви, вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви, начин на пресметка на капиталот и потребното ниво на маргина на солвентност, пресметка на коефициенти на ликвидност, детална содржина на годишниот извештај на друштвата за осигурување, детална содржина на ревизорскиот извештај, нов Контен План и билансни шеми за друштвата за осигурување итн. Со донесување на подзаконските акти ќе се изврши хармонизирање со Директивата 91/674/ЕЕЦ која се однесува на консолидирани финансиски извештаи на друштвата за осигурување, како и трите генерации Директиви за неживотно осигурување и осигурување на живот во делот на детално регулирање на потребното ниво на маргина на солвентност и капиталот на друштвата за осигурување, следење на ликвидноста и други мерки за управување со ризик.

Согласно преземените обврски од Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ најдоцна со започнување на II фаза од договорот за Стабилизација и асоцијација ќе се овозможи филијала на странско друштво за осигурување да може да врши работи на осигурување на територијата на Република Македонија под услови определени во Законот за супервизија на осигурување.

Во насока на усогласување со новиот Закон за прекршоци и овозможување за дел од прекршоците надлежен орган да биде Агенцијата за супервизија на осигурување, во септември 2007 година во Собраниска процедура е Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот кој се очекува да биде донесен во првоиот квартал на 2008 година.

**Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување** како основа за воспоставување на трет столб - доброволно капитално финансирано пензиско осигурување е во процедура во Собранието на Република Македонија и се очекува да се донесе во текот на 2008 година. Со овој Закон се создава можност работодавци да воспостават професионални пензиски шеми за своите вработени и одредбите од законот се усогласени со клучната Директива на Европскиот парламент и Совет за пензиски фондови (Directive on the activities and supervision of institutions for occupational retirement provision) 2003/41/ЕЦ. Директивата ги уредува активностите и супервизијата на институциите за обезбедување на пензии преку професионални пензиски шеми. Законот ќе се воспостави можност физички лица, без разлика дали се вработени или невработени, да уплаќаат во пензиски фонд со цел дополнително штедење за старост односно повисок степен на приходи по пензионирање, со што се зголемува материјалната сигурност во старост

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2008 година, согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување, надлежностите за спроведување супервизија врз работењето на субјектите на осигурителниот пазар целосно ќе се префрлат на ново формирана Агенција за супервизија на осигурување како независна и самостојна институција за надзор во осигурувањето со јавни овластувања доделени со закон, во согласност со принципите и стандардите на Меѓународната Асоцијација на осигурителни супервизори (ИАИС). Агенцијата се планира да отпочне да функционира во првата половина на 2008 година, ја основа Собранието на Република Македонија како посебно правно лице со свој статут и други деловни акти. Агенцијата за својата работа директно одговара пред Собранието на РМ.Во 2008 предвидени се нови вработувања во МАПАС.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

На среден рок Министерството за финансии планира понатамошно усогласување на домашната осигурителната регулатива со Директивите и останатата регулатива на Европската Унија, особено во однос на имплементирање на одредбите кои се однесуваат на соосигурување, електронска трговија, финансиски конгломерати и други прописи кои ќе бидат на сила во Европската Унија. Законската рамка од областа на осигурувањето ќе се доуреди и со целосно транспонирање на следните Директиви на Европската Унија:–Директива 78/473/ЕЕЦДиректива 84/641 ЕЕЦ ;Директива 87/343 ЕЕЦ;Директива 87/344 ЕЕЦ ; Директива 91/674 ЕЕЦ; Директива 98/78 ЕЕЦ; Директива 2001/17 ЕЕЦ; Директива 2002/13/ЕЕЦ; Директива 2002/87/ЕЕЦ; Директива 2002/92/ЕЕЦ.

Со денот на стекнување на полноправно членство на Република Македонија во Европската унија, друштво за осигурување на земја членка на Европската унија ќе може да врши работи на осигурување на територијата на Република Македонија директно, доколку надлежниот орган за супервизија на земјата членка го извести Министерството за финансии за податоците кои се бараат согласно со Законот за супервизија на осигурување, што е регулирано во преодните одредби од законот.

Предвидена е и промена на начинот на утврдување на тарифите на премии преку формирање на Комисија за осигурување од автомобилска одговорност како и олеснување на прекуграничното давање на осигурителни услуги преку воспоставување на т.н овластен претставник за штети и воспоставување на Служба за надомест на штети

Во однос на задолжителното осигурување во сообраќајот на среден рок се планира усогласување со V –та Директива на Европската Унија (V Motor Directive) за осигурување од автомобилска одговорност.

На среден рок приоритет во областа на пензиското осигурување е продолжувањето на започнатите реформи, првенствено со финализирање на правната рамка, Законот за исплаќање на пензии. Краен рок за донесување на овој Закон е 2009 година, при што, како и досега, Министерството труд и социјална политика е креатор на политиката, а МАПАС донесува подзаконски акти и спроведува супервизија. Исто така, во однос на Законот за исплаќање на пензии, од аспект на доброволното пензиско осигурување, се претпоставува програмираните повлекувања да бидат направени директно од

фондовите, а ануитетите да се плаќаат од страна на посебна институција која ќе биде овластена за таа работа. Со Законот ќе се определат односните институции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во однос на институционалниот и административен капацитет, на среден рок се планира целосно оперативно функционирање на независниот супервизорски орган – Агенцијата за супервизија на осигурувањето, кој ќе има капацитет за спроведување на адекватна, стручна и постојана супервизија врз работењето на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва.
Во 2009 и 2010 година предвидено е зголемување на бројот на вработени..

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

## 3.9.3 ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2007 година, донесен е новиот **Закон за платниот промет** ("Службен весник на РМ" бр.113/07)со кој се уредува платниот промет во земјата, односите помеѓу носителите на платниот промет и учесниците во платниот промет, односите помеѓу носителите на платниот промет и Народна Банка на Република Македонија во делот на платниот промет како и платните системи, порамнувањето на плаќањето, издавањето на електронски пари и надзорот на платните системи.

**Законот за платниот промет** содржи посебна глава 5 – **Платни системи**, во која се вградени соодветни одредби за платните системи за приближување кон Европската законска регулатива, препораки и стандарди за платните системи, со цел одржување на ефикасен и стабилен платен систем како основа на финансискиот сектор, во функција на економскиот развој во земјата.

Во овој дел од Законот е транспонирана 31998L0026 која се однесува на конечноста на порамнувањата и системите на порамнување. Според овој Закон и согласно правната регулатива на ЕУ, платен систем претставува посложена структура од платниот промет кој што во основа ги има носителите на платен промет, регулирајќи ги нивните меѓусебни односи, како и односите со учесниците во платните системи кои не се во директен контакт со плаќачите(учесниците во платниот промет).

Директивата исто така, е транспонирана и во **Правилата за работа на Централниот Депозитар за хартии од вредност** поточно во глава 5 која се однесува на Утврдување и Порамнување на трансакциите со хартии од вредност

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, односно Секторот за финансиски систем, го изготви новиот Закон за платниот промет. Надзорна институција која ги прецизира правата и обврските на учесниците во платниот промет е Народна Банка на Република Македонија

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на првата половина од 2008 година, согласно програмата на Владата на Република Македонија ќе се донесе **Законот за финансиско обезбедување**, со кој ќе се уредуваат посебните правила кои важат за финансиското обезбедувања на побарувањата, склучени помеѓу определени субјекти на финансиските пазари.

Во Законот ќе биде транспонирана 32002L0047.

Со оваа директива поблиску се регулираат правните односи меѓу субјектите на финансиските пазари, кои настануваат кога, како обезбедување на побарувањата се хартиите од вредност или готовината.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни институции за донесување на **Законот за финансиско обезбедување** се Министерството за финансии, во соработка со Министерството за правда, Министерството за економија и Народна Банка на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
На 15.10.2007 година Советот на Европската Унија ја усвои новата 32007L0064 **Директива за услуги на плаќањата**, која треба да ги намали трошоците на плаќањата и да го олесни плаќањето низ ЕУ.

Со цел понатамошна хармонизација на македонската регулатива во областа на финансиските пазари со регулативата на Европската Унија, предвидена е имплементација на горенаведената Директива во 2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежна институција која ќе ја транспонира **Директивата за услуги на плаќањата** 97/7/Е**З** во националната легислатива е Министерството за финансии, додека Народна Банка на Република Македонија ќе биде институцијата која ќе врши надзор, учесниците во платниот промет доследно да ја применуваат регулативата

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

## 3.9.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2007 година МФ подготви **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност**.. Со законот се предлага проширување на услугите со хартии од вредност што ги вршат брокерските куќи и банките со нова услуга чување на хартии од вредност што вклучува отворање и водење на сметки на хартии од вредност за клиенти во депозитар и други услуги со хартии од вредност по налог на клиенти како што се исплата на дивиденди и камати, известувања за собранија на акционери и слично. Новата услуга ќе може да ја вршат банки и брокерски куќи основани со капитал од 500.000 евра.

Исто така со законот предвидена е целосна професионализација на КХВ (претседателот и на сите комисионери) кои ќе бидат ангажирани со полно работно време со цел попрофесионално и поефикасно извршување на нивните работни задачи и зајакнување на супрвизорската функција на КХВ. Воведен е критериум за пресметка на висината на надоместоците кои ги наплатува Комисијата, односно овие надоместоци согласно Тарифникот на Комисијата ќе треба да соодветствува со трошоците утврдени со годишниот финансиски план, програмата за работа, како и развојните потреби на Комисијата за хартии од вредност.

Со овој Предлог на закон ќе се изврши усогласување на **Законот за хартии од вредност** со новиот **Закон за прекршоци** со што се дава можност за прекршоците утврдени со Законот за хартии од вредност прекршочна постапка да води и прекршочна санкција да изрекува КХВ.

Во декември 2007 година изготвен е нов предлог на **Закон за инвестициски фондови**.

Во текот на 2007 година изготвена е Стратегија за спроведување на Законот за хартии од вредност за периодот 2007-2012. Се предвидува зајакнување на улогата и функциите на Комисијата во наведениот период, и со која ќе помогне во идентификување на областите за кои постои најголема веројатност да бидат извор за прекршување на прописите за работење со хартии од вредност. Целта на Стратегијата е да се намалат шансите за ценовни манипулации и да се зајакне супервизорската функција на Комисијата.

Во текот на декември 2007 година е изготвен и донесен Акционен План за имплементирање на Стратегија за спроведување на Законот за хартии од вредност за периодот 2007-2012. Акциониот план ја утврдува динамиката за спроведување на целите предвидени во Стратегијата, роковите за нивно спроведување и индикаторите за успешноста од спроведувањето.
Во текот на 2007 година изготвена е Програма за работа на Комисијата за хартии од вредност за периодот 2008-2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во рамките на КХВ функционираат 4 Сектори кои работат на законско и ефикасно функционирање на пазарот на капитал со вкупно 15 вработени. Со новата систематизација предвидено е формирање на Сектор за корпоративни финансии, кој ќе ги обработува и ќе врши надзор над ревизорските и сметководствените извештаи на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност.Во Министерството за финансии

во одделението за пазар на капитал вработени се едно лице на неопределено работно време и едно лице со привремено вработување.

Комисијата за хартии од вредност во 2007 година доби грант од Светска Банка во износ од 50.000 евра, за ангажирање на странски консултант за изготвување на методологија за контрола на пазарните учесници заснована на ризик (risk-based approach).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Донесување на законот за **изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност**.

До крајот на март 2008 година ќе бидат донесеи сите правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност.
Во 2008 ќе се донесе **Законот за инвестициски фондови** .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на јануари 2008 година ќе бидат вработени нови лица во Секторот за одобренија и дозволи и во Секторот за контрола на пазарот на капитал. Исто така во текот на 2008 година согласно со предвидените измени на Законот за хартии од вредност Комисијата за хартии од вредност треба да биде целосно професионализирана поради што ќе бидат вработени неколку комисионери во редовен работен однос. За реализирање на активностите од усогласувањето на новиот Закон за прекршоци со Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност во својот состав ќе формира Прекршочна комисија и Комисија за посредување формирани од лицата вработени во Комисијата за хартии од вредност.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се врши континуирана хармонизација на регулативата од областа на пазарот на капитал со регулативата на европското законодавство и принципите на IOSCO.
Се планира организирање на промотивни активности и кампањи за претставување и запознавање на пошироката јавност за можностите за инвестирање во новоотворените инвестициски фондови.
Комисијата за хартии од вредност ќе ја подготви подзаконска регулатива која ќе произлезе од **Законот за инвестициски фондови** .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Заради зајакнување на капацитетите на Комисијата за хартии од вредност особено во делот на контрола на пазарот на хартии од вредност, предвидено е вработување на нови лица во Секторот на контрола на пазарот на капитал.

# 3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

## 3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**А ) ПРАВНА РАМКА**
Стратешки документи:
Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии која целосно е базирана на иницијативата за развој на информатичко општество и 2010 на ЕУ. Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии има мисија да ја вклучи економијата на Република Македонија во светската карта на вмрежени економии, создавање на услови за скок во развојот на економијата преку забрзано воведување и масовно ефикасно користење на електронските комуникации и информатички технологии.

Национална Стратегија за развој на Информатичко Општество и Акционен План, со кои се определени основните насоки за развој на информатичкото општество во РМ, се поделени во 8 стратешки столба: Инфраструктура, Е-бизнис, Е-Влада, Е-образование, Е-здравство, Е-граѓани, Легислатива, и Приоритети за одржлив развој на информатичко општество.

*Основен закон:*
Со Законот за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија " бр .13/05, 14/2007 и 55/2007) целосно е имплементиран пакетот на директиви од 2002 год на ЕУ од областа на електронските комуникации. Донесени се сите подзаконски акти од страна на Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за електронски комуникации.

*Други закони кои содржат одредби поврзани со развојот на електронските комуникации:*
1. Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија " бр .04/05, 70/06 и 22/07).
2. Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија '' бр . 38/2004 и 77/07).
3. Закон за Државен пазарен инспекторат („Службен весник на Република Македонија " бр 24/07и .81/07).
4. Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија " бр .12/94, 4/02 и 07/05)
5. Закон за стандардизација („Службен весник на Република Македонија ", бр . 54/2002).
6. Закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија " бр 38/05).
7. Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05, 131/07)
8. Закон за индустриската сопственост (Службен весник на РМ бр. 47/2002, 42/2003, 9/2004, 39/2006 и 79/2007).
9. Законите поврзани со градба (Закон за градење 51/05, Закон за градежно земјиште 53/01 )
10. Закон за просторно и урбанистичко планирање 51/05 и 137/07).
11. Закон за безбедност на производи (Службен весник на РМ бр. 33/2006 и 63/2007).

**Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации во Република Македонија се Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за електронски комуникации.

Институции кои индиректно имаат надлежност врз развој на електронските комуникации се Министер без ресор надлежен за развој на информатичко општество, Министерство за економија, Министерство за финансии, Комисија за заштита на конкуренцијата, Комисија за заштита на лични податоци, Институт за стандардизација, Комисијата за Информатичка Технологија (КИТ).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Како стратешки документ кој се планира да се донесе во Република Македонија а произлегува од обврските на НСЕКИТ е Национална стратегија за развој на широкопојасен интернет (броудбенд).

**А) УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО**
**ПРИМАРНА ЛЕГИСЛАТИВА**
(надлежност на Министерството за транспорт и врски)

Во насока на подобрување на состојбите во електронските комуникации во Република Македонија и обезбедување на поволен амбиент за конвергенција помеѓу електронските комуникации, медиуми и услугите на информатичкото општество, како и во насока на спроведување на политиката и програмата на Владата на РМ, во 2008 година се предвидува да се изврши изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации особено во делот на:

1. Усогласување на Законот за електронски комуникации со Законот за прекршоци и Законот за управни спорови, особено во делот на одредување на правото на Агенцијата за електронски комуникации за изрекување на прекршочни санкции.
2. Дополнување на казнените одредби.
3. Воведување на едностепеност во жалбената постапка (усогласување со Рамковната директива).
4. Воведување на “предупредувачко известување“ пред изрекување на одредени санкции
5. Намалување на рокот за јавна консултација со заинтересираните страни.
6. Допрецизирање на постапката за решавање на спорови (арбитража, медијација )
7. Допрецизирање на надлежностите на инспекторот за електронски комуникации .
8. Допрецизирање на одредбите од глава 10 - “Права на корисници“ .
9. Допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на надлежност на АЕК.
10. Допрецизирање на одредбите поврзани со Финансирање, сметководство и ревизија на АЕК (член 26).
11. Допрецизирање на одредбите поврзани со пристап до документацијата на АЕК (член 25).
12. Усогласување на Законот за електронски комуникации со Законот за следење на комуникациите.

**СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА – УСОГЛАСУВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**
**(надлежност на Агенцијата за електронски комуникации**)

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2008 година се предвидуваат следните активности кои се поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

1. АЕК ќе донесе сопствена стратегија за идната работа на регулаторот (полика на регулација) (мерка бр.2.2.б од НСЕКИТ).
2. Донесување на акт за дефинирање на постапка за обезбедување на транспарентност во работењето на АЕК и за објавување на видот на податоци поврзани со работењето на операторите.
3. Донесување на акт за дефинирање на постапката за решавање на спорови .
4. Донесување на акт за обезбедување на битстрим акцес (мерка бр.2.7а од НСЕКИТ и усогласување со “Commission recommendation 2000/417/EC of 25 May 2000 on unbundled access to the local loop: enabling the competitive provision of a full range of electronic communications services including broadband multimedia and high-speed Internet)“, како и за обезбедување на т.н naked-DSL);
5. Ревизија на постојните правилници поврзани со интерконекција, разврзан пристап на локална јамка и пристап до специфични мрежни средства.
6. Ревизија на правилникот за употреба на терминална опрема.
7. Донесување на акт за утврдување на процедури за начинот и постапката за вршење на анализа на релевантните пазари. (Усогласување со “Commission guidelines 2002/C 165/03 on market analysis and the assessment of significant market power under the Community regulatory framework for electronic communications networks and services“).
8. Ревизија на правилникот за минимален пакет на изнајмени линии. Покрај другото прецизно ќе се утврдат рокови за изведба како и поголема заштита на корисниците (од аспект на SLA).
9. Ревизија на прописите за Универзална услуга, со посебен осврт на утврдување од потребата за креирање на Фонд за УСО.
10. Акт за големопродажба на изнајмени линии. (Усогласување со: “Commission recommendation 2005/57/EC of 21 January, 2005 on the provision of leased lines in the European Union. Part 1- Major supply conditions for wholesale leased lines, Commission recommendation 2005/268/EC of 29 March 2005 on the provision of leased lines in the European Union. Part 2- Pricing aspects of wholesale leased line part circuits“)
11. Ревизија на правилникот за водење на посебно сметководство за интерконекција и/или пристап и утврдување на потреба од пропишување на правила за водење на посебно сметководство за други активности согласно законот. (Усогласување со “Commission recommendation C(2005) 3480 final and explanatory memorandum of September 19, 2005 on accounting separation and cost accounting systems under the regulatory framework for electronic communications“).
12. Донесување на насоки за изградба на електронски комуникациски мрежи и придружни средства.
13. Ревизија на подзаконскиот акт за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги. (Покрај другото ќе се обезбеди поголема заштита на правата на корисниците, подобар квалитет на услугите како и зголемување на лепезата на услуги кои корисниците мо`ат да ги изберат од различни даватели на услуги, како и правото на корисниците при промена на давателот на услуга да го задржат постојниот претплатнички број).
14. Донесување на акт за утврдување на постапка за заедничка употреба на објекти и средства со дефинирање на законската обврска АЕК јавно да ги објавува намерите за изградба на јавни комуникациски мрежи.

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за имплементација на секундарната легислатива во 2008 година се предвидуваат следните активности:

15. Определување на СМП оператор на релевнатен пазар 15 и утврдување на обврски на операторот. Како резултат на ова ќе се обезбеди влез на нови оператори на пазарот како на пример виртуелни мобилни оператори и регулација на постојните.
16. Анализа на релевантен пазар 17 и определување на СМП оператор.
17. Имплементација на преносливост на броеви. Како резултат на ова ќе се обезбеди можност претплатниците да го задржат постојниот телефонски број при промена на оператор како и поголема конкуренција помеѓу операторите.
18. Анализа на цените во одобрените РИО и РУО на АД Македонски Телекомуникации со примена на LIRIC методологија (ова ќе биде прва анализа по овој тип на методологија) за да се утврди дали цените се базирани на трошоци.
19. Утврдување на обврски на АД Македонски Телекомуникации како СМП на релевантните големо продажни пазари на изнајмени линии (пазар број 13 и 14)
20. Започнување на анализа на малопродажните релевантни пазари за фиксни говорни услуги (пазари број 1,2,3,4,5,6)
21. Утврдување на обврски за регулирање на малопродажните цени на СМП операторот на релевантните пазари број 1,2,3,4,5 и 6.
22. Утврдување на обврски на АД Македонски Телекомуникации за обезбедување на минимален пакет за изнајмени линии.
23. Утврдување на обврски на АД Македонски Телекомуникации како СМП на релевантниот големо продажен пазар за пристап до broadband (пазар број 12).
24. Започнување со длабинско истражување и анализи со цел за определување на давател/даватели на универзална услуга и утврдување на потреба за креирање на Фонд за универзална услуга. (Мерка 2.3 од НСЕКИТ)
25. Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (SLA).
26. Доделување на одобрение за користење на радиофреквенции од опсегот IMT/UMTS
27. Спроведување на тендерска постапка за доделување на одобрение за дистрибуција на дигитални телевизиски услуги.
28. Проверка на точноста на пресметковниот систем на трошоци на оператори со значителна пазарна моќ преку овластен ревизор.

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За целосна ефикасна и ефективна имплементација на Законот за електронски комуникации како и за имплементацијата на мерките кои произлегуваат од двата стратешки документа т.е. од Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии потребно е:

Министерство за транспорт и врски

- кадровско зајакнување на Секторот за комуникации .
- засилена стручна обука на постоечкиот кадар, зголемено учество на најразлични семинари, курсеви, конференции во земјата и странство.
- набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература.
- висок степен на користење на web базиран форум на Секторот за комуникации за обезбедување на транспарентност и недискриминација при работата.
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции.
- зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор.
- користење на техничка помош на инструментот TAIEX на ЕУ во делот на измена на законите за електронски комуникации и радиодифузна дејност како и за изработка на нови законски решенија поврзани со развојот на информатичкото општество.
- зајакнување на капацитетите за идното користење на средства од ИПА фондови.
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации и информатичкото општество.
- Партиципација во работата на идниот Национален совет за информатичко општество.
- Зајакнување на административни капацитети во полето на интелектуалната сопственост.

Агенција за електронски комуникации

- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции.
- *Донесување на нов правилник за внатрешна систематизација и организација со кои ќе се предвиди намалување на работни места од несуштинските дејности преку аутсорсинг и зголемување на бројот на стручен кадар.*
- *Стручна обука на постоечкиот кадар.*
- Користење на техничка помош на надворешни консултанти како и на инструментот TAIEX на ЕУ.
- Изградба/купување на работни простории за потребите на вработените на АЕК
- Набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература

- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Зајакнување на капацитетите на АЕК за идно користење на средства од ИПА фондови.
- Активно учество при изготвување на примарна легислатива и стратегии од областа на информатичкото општество и медиуми.
- Постојано следење на усогласеноста на националната легислатива со *aquis* на ЕУ.
- Партиципација во работата на идниот Национален совет за информатичко општество.
- Зајакнување на административни капацитети во полето на интелектуалната сопственост.

**<u>СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**
**А**) **УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО**

**ПРИМАРНА ЛЕГИСЛАТИВА**
**(надлежност на Министерството за транспорт и врски**)

Во 2009 година се предвидува да се изврши изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации заради имплементација на Директивата 2006/24/ЕС за заштита на податоци.

**СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА – УСОГЛАСУВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**
**(надлежност на Агенцијата за електронски комуникации**)

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2009 година се предвидуваат следните активности кои се поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

1. Донесување на Акт за одредување на случаи на можна појава на price squeeze.
2. АЕК ќе донесе политика и план за воведување на дигитализација на електронските медиуми. (Усогласување со "Commission communication COM(2005) 204 Final of May 24, 2005 on accelerating the transition from analogue digital broadcasting" )
3. Ревидирање на постоечките прописи кои се однесуваат на радиофреквенцискиот спектар во насока на обезбедување на развој на т.н "безжична економија" и утврдување на потребата и начинот од воведување на принципот на "тргување со радиофреквенции" (Мерки 2.4б и 2.4.в од НСЕКИТ).

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за имплементација на секундарната легислатива во 2009 година се предвидуваат следните активности:

1. Анализа на релевантен пазар број 18 за пренос на радиодифузни содржини до крајни корисници.

## 3.10.2 **УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Развојот на информатичкото општество се утврдува како национален приоритет во Република Македонија и во таа насока се планира формирање на ново Министерство за информатичко општество, за кое е неопходно да се усвојат предлог измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа кој се усвојува со 2/3 мнозинство и е во Собраниска процедура, како и одвојување на буџетски средства за финансирање на голем број проекти за развојот на информатичкото општество.

Како времено решение, Собранието на РМ избра Министер без ресор кој ќе биде надлежен за проблематиката на информатичката технологија.

**А** ) **ПРАВНА РАМКА**
*<u>Стратешки документи:</u>*
Национална Стратегија (НС) за развој на Информатичко Општество и Акционен План (НСРИОАП), со кои се определени основните насоки за развој на информатичкото општество во РМ, и истите се поделени во 8 стратешки столба: Инфраструктура, Е-бизнис, Е-Влада, Е-образование, Е-здравство, Е-граѓани, Легислатива, и Приоритети за одржлив развој на информатичко општество.

НС за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии (НСЕКИТ) која целосно е базирана на иницијативата за развој на информатичко општество 2010 на ЕУ. Оваа има мисија да ја вклучи економијата на Република Македонија во светската карта на вмрежени економии, создавање на услови за скок во развојот на економијата преку забрзано воведување и масовно ефикасно користење на електронските комуникации и информатички технологии.

*Закони кои содржат одредби поврзани со развојот услугите на информатичко општество:*

- Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија “ бр .13/05, 14/2007 и 55/2007).
- Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија “ бр 133/07 ).
- Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис (Службен весник на РМ бр . 34/2001 и бр . 06/2002).
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија “ бр .12/94, 4/02 и 07/05)
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07)
- Во Кривичниот закон на Република Македонија се предвидени одредби со кој се регулира компјутерскиот криминал.
- Закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија “ бр 38/05 ).
- Закон за индустриската сопственост (Службен весник на РМ бр. 47/2002, 42/2003, 9/2004, 39/2006 и 79/2007).
- Закон за облигациони односи (Службен весник на РМ бр. 18/01 и 4/02).
- Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија '' бр . 38/2004 и 77/07).
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ бр. 13/06).
- Закон за следење на комуникациите (Службен весник на РМ бр. 121/06).
- Закон за јавни набавки (Службен весник на РМ бр. 136/07).

**Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерот без ресор надлежен за развој на информатичко општество, идниот Секретаријат за информатичко општество и Комисијата за Информатичка Технологија (КИТ), се основни надлежни институции за координација на активностите за изградба на информатичко општество и координација на мерките кои произлегуваат од двете стратегии.

Согласно усвоената НС за развој на електронски комуникации со информатички технологии треба да се формира Национален совет за информатичко општество. Советот ќе биде тело за координација и обезбедување учество на сите чинители во развојот на информатичкото општество преку поддршка на работата на министерот надлежен за развој на информатичко општество. Оттука, НС не е тело кое носи одлуки, туку тело кои ги предлага.

Надлежно тело за развој на комуникациската инфраструктура како единствена технолошка платформа за развој на информатичкото општество, е Министерството за транспорт и врски согласно Законот за електронски комуникации

Надлежност врз развој на услугите на информатичкото општество електронските комуникации имаат Министерство за економија, Министерство за финансии, Дирекција за заштита на лични податоци, Македонската академска научно-истражувачка мрежа (МАРНЕТ), Државен завод за статистика.

Согласно НСЕКИТ планирано е креирање Фонд за развој на информатичко општество. Средствата пак од Програмата за истражување и развој на ИКТ ќе се користат за финансирање проекти кои се од стратешки интерес за Република Македонија и од витално значење за спроведување на стратегии од областа на информатичкото општество кои се изготвени или ќе се изготват во иднина. Програмата ќе поддржува проекти предложени од бизнис секторот , академски институции, независни развојни центри, консултантски групи, граѓанскиот сектор како и дофинансирање на истражувачки проекти поддржани од ЕУ и други меѓународни фондации и институции.

**В) ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

Покрај спроведените проекти во минатите години (подетално наведени во НПАА 2006 и НПАА 2007 (www.sep.gov.mk/portal/eng), долунаведените проекти се во фаза на имплементација и ќе придонесат во развојот на информатичкото општество.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ**

- **Електронско плаќање на услугите кои ги даваат владините институции** (**електронска таксена марка**). Надградба на електронскиот сервис www.uslugi.gov.mk со модул кој овозможува електронско плаќање на услуги од Владата кои побаруваат одредена наплата на такса. Проектот ќе се реализира до мај 2008.
- **Имплементација на бизнис процес менаџмент систем во Владата и министерствата**. Надградба на системот за електронско водење на седницата на владата со модул на размена на мислењата помеѓу институциите по електронски пат во фазата на припрема на елаборатот, и автоматизација на процесот на креирање на наративниот текст на документот во најраната фаза на припрема на материјалот за седница на Владата. Проектот ќе се реализира до мај 2008.
- Е-**Набавки**. Системот за електронски набавки на Владата на РМ ќе се надгради со модул за негативна лицитација. Со тоа би се овозможило по електронски пат на најтранспарентен начин да се постигне најповолната цена за јавната набавка. Надградена верзија ќе биде функционална од 1.1.2008.

- **Бесплатни интернет клубови**. Во рамките на проектот „Светот на дланка“, отворени се 15 бесплатни клубови во 15 градови низ државата, а во план е отворање и на нови со цел да се намали дигиталниот јаз во општеството преку овозможување пристап до дигиталната технологија на граѓаните кои што немаат услови за тоа.
- **Ваучери за студентите**. Во рамките на проектот „Македонија земја на информатичари“ се доделуваат вредносни бонови (ваучери) на сите редовни студенти за првпат запишани во завршна година на студии во учебната 2007/08 година, на било кој акредитиран факултет во РМ, како и на сите студенти кои се евиндентирани како лица со хендикеп. Целта на проектот е зголемување на бројот на компјутери во употреба меѓу помладата ИТ-активна генерација. Проектот е финансиран од буџетот на Владата на Република Македонија.
- **Национално тело за издавање сертификати** (National Certification Authority). Започната е изградба на податочен центар во Владата на РМ кој ќе може да се употреби за имплементација на Национално тело за издавање сертификати. Со тоа би се овозможила реализација на неопходната PKI (public key infrastructure) инфраструктура за имплементација на напредни владини електронски услуги. Проект да се имплементира до крајот на 2008 г.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ**

- **Владина мрежна структура**. Проект на изградба на рбетна електронско-комуникациска мрежа за поврзување на државните институции кој делумно ќе се финансира од буџетот на Владата на РМ и странска донација од НР Кина.
- **ИКТ во правосудството**. Изработена е ИКТ Стратегија за правосудство 2007-2010 година. Главната цел на стратегијата е да се воспостави и развие модерно и автоматизирано правосудство во Република Македонија, засновано на ИКТ решенија и системи во согласност со европските и меѓународните стандарди.
- **Компјутер за секое дете**. Секој ученик од основно и средно училиште ќе има сопствен компјутер во училницата. Опремата е набавена и во тек е нејзина инсталација, а во тек е и обука на наставниот кадар. Проектот се темели на Националната програма за развој на образованието (2005-2015 година).
- **Електронска здравствена картичка**. Проект за дигитализација на медицинските досиеја и унификација на системите кои што ги употребуваат и воедно се поедноставува процесот на работа со историјата на болести за секој пациент. Оваа картичка ќе биде компатибилна со Европската EHIC здравствена картичка.
- **Интегрирано гранично управување**. Проектот за поефикасна работа на царинската управа преку размена на информации во дигитална форма со соседните земји и меѓународни агенции за спречување на криминал преку електронско поврзување на гранични премини и царински пунктови во единствен систем кој ќе биде поврзан со системите на другите земји.
- **Електронски катастар**. Во тек е проект за дигитализација на катастарот со употреба на ГИС софтвер. Проектот се реализира во Државниот завод за геодетски работи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како стратешки документ кој се планира да се донесе во Република Македонија а произлегува од обврските на НСЕКИТ е Национална стратегија за развој на широкопојасен интернет (броудбенд).
Се планира донесување на стратегија за ИКТ во образованието.

**А) МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР**

Во 2008 година се предвидуваат следните активности во насока на развој на информатичкото општество:

- Донесување на Закон за условен пристап (транспонирање на Директивата на Европскиот парламент и на Советот - 31998L0084)
- Воведување на норми за Договор за ниво на испорачана услуга (SLA - Service Level Agreement) за ИКТ услуги во законите поврзани со развој на информатичкото општество, како и нивна имплементација.
- Анализа на тековната законска рамка која има влијание врз заштитата на приватноста на електронските комуникации и услуги и предлог мерки за подобрување на истата.
- Донесување на измени на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговски регистар и регистар на други правни лица.
- Изготвување на анализа за дефинирање на модел со законско решение за институционална трансформација на МАРНЕТ во Национална академска научно-истражувачка мрежа.

**Б) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР**

**Б.1.) КРЕИРАЊЕ НОВИ ИНСТИТУЦИИ**

- Формирање на Секретаријат за информатичко општество.
- Формирање на Национален совет за развој на информатичко општество.

**Б.1.) ЈАКНЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА ПОСТОЕЧКИ ИНСТИТУЦИИ**

- Кадровско зајакнување на институциите.
- Засилена стручна обука на постоечкиот кадар, зголемено учество на најразлични семинари, курсеви, конференции во земјата и странство.
- Набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература.
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции.
- Зголемена соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор.
- Користење на техничка помош на инструментот TAIEX на ЕУ.
- Зајакнување на капацитетите за идното користење на средства од ИПА фондови.
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на информатичкото општество.
- Државните институции надлежни за развој на информатичко општество и медиуми активно ќе партиципираат во меѓународните алијанси за „борба со информациските закани“.
- Континуирано ќе се јакнат капацитетите на судскиот систем во делот на информатичкото општество и медиуми.
- Зајакнување на административни капацитети во полето на интелектуалната сопственост.

**В) ДРУГИ МЕРКИ КОИ СЕ ПРЕДВИДУВААТ ВО НАСОКА ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО**

- Локалните самоуправи во соработка со Владата на Република Македонија да обезбедат одржлив, контролиран и безбеден начин за поврзување на основните и средните училишта на интернет како и пристап до е-услугите од областа на образованието.
- ЗЕЛС и НВО секторот во соработка со Владата на РМ, бизнис секторот и странски фондови ќе организираат серија на трибини и обуки за изградба на општински мрежи и пилот општини кои ќе го имплементираат концептот на Municipal Wireless и Municipal FTTx.
- Организирање на конференции за промоција и воспоставување на приватно-јавно партнерство за градење и развој на одржливи општинските електронски комуникациски мрежи и системи делумно поддржани од заинтересирани донатори.
- Кампања за предностите и придобивките од градење и развој на општинските електронски комуникациски мрежи како основа за информатичкото општество.
- Администрирањето на доменот .mk да биде анализирано од страна на Националниот совет за информатичко општество и да припреми препораки базирани на европските искуства.
- Иницирање на дијалог помеѓу сите заинтересирани страни за формирање на Internet Exchange во склоп на МАРНет или во склоп на друга независна институција.
- Идентификација и отстранување на пречките во однос на назначувањето на CA (Certificate Authority) и да поддржи примена на електронските документи и потписи во домашната и прекуграничната трговија како и во комуникацијата со државните институции (проектот е во тек).
- Иницирање на проект за идно дигитализирање на библиотеките.
- Дефинирање на стандарди и архитектура за е-Владини апликации и пилот проекти со цел за унапредување на е-Владините услуги за граѓаните.
- Обезбедување на потребната инфраструктурна мрежа (изградба на логичка инфраструктура врз база на поставената физичка инфраструктура), за електронска размена на податоци меѓу владините институции и создавање на предуслови за доверлива, сигурна и безбедна комуникација.
- Креирање на web портал за учество на граѓаните при градењето на информатичкото општество.
- Воспоставување на систем на индикатори и креирање на механизам за собирање анализа и следење на индикатори.

**<u>СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**

Стратешки документи кои треба да се изготват

- Во 2009 година се планира да се донесе Национална стратегија за е-Инклузија.
- На локални ниво, согласно мерките кои произлегуваат од НСЕКИТ, локалните самоуправи треба да усвојат локални ИКТ стратегии.

**А) МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР**

- Промена на постојната легислатива за остварување на информациската безбедност од аспект на ИКТ но имајќи ги предвид основните човекови права, слобода на изразувањето, слободен пристап до информациите, заштита на личните податоци.
- Ревизија на постојната законска и регулаторна рамка дали обезбедува потребна заштита на национален и индивидуален „информациски капитал“ и ИКТ инфраструктура.

- Да се донесе пакет законски и организациски измени за овозможување на е-работа (e-Work), работа и учење на далечина.

**Б) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР**

- Институционална трансформација на Националната академска научно-истражувачка мрежа (МАРНЕТ).
- Јакнење на институционални капацитети, заокружување на донесувањето на внатрешните прописи за работа и нивна имплементација.

**В) ДРУГИ МЕРКИ КОИ СЕ ПРЕДВИДУВААТ ВО НАСОКА ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

- Обука на ИКТ кадрите во државната администрација.
- Изготвување на акционен план за воведување на Ipv6 интернет протоколот.
- Изготвување на водич за е-Пристапност и е-Инклузија.
- Иницијативи за меѓуопштинската пограничната соработка на општините од Република Македонија со општините од соседните земји, особено од Евро-регионите ќе се искористи за реализација на пилот проекти од ваков вид.
- Локалната самоуправа да воспостави неопходна ИКТ инфраструктура за функционирање на е-точки во руралните средини
- Владата на РМ да го охрабри воспоставувањето на заедници на купувачи и продавачи, да се унапредува е-довербата (e-confidence) и заштита на потрошувачите преку целосна регулација на потрошувачките права на интернет.
- Изработка на студија за потреба од воведување на стандардизирани ИКТ решенија за малите и средни претпријатија и насоки за нивна поддршка од страна на Владата.
- Изработка на Национален извештај и оценка за свесноста за информациска не-безбедност и потребите за зголемување на знаењата и вештините за зголемување на информациската безбедност во сите сегменти на општеството.
- Промоција и препораки за организациите (јавна администрација,стопанство, граѓански сектор) за воведување на системи за управување со безбедност на информации и ИКТ инфраструктурите кои ги користат.
- Воведување на систем на сертификати за успешно воведени и користени системи за безбедност на информации и ИКТ системи за организациите. како и годишна обврзувачка ревизија.
- Изработка на студија за потреба од Центар за мониторинг на националните и глобалните закани и ризици од аспект на ИКТ во реално време.
- Воведување на систем на редовно следење, идентификација и предлагање на мерки за намалување на "организациска чувствителност / ранливост на информациски закани" во сите сектори на општеството.
- Изработка на анализа и препораки за интероперабилност на сервисите, во техничка, во семантичка, и во организациска смисла и отворени стандарди.
- Воведување на Систем за управување со документи за сите министерства. Со овој систем треба да се автоматизираат бизнис процесите во институциите и да се воведе тек на документацијата во процесот на одобрување.
- Кампања за подигање на јавната свест за ефикасно и ефективно користење на ИКТ опремата и услугите на информатичко општество од аспект на операторите и датацентрите.

### 3.10.3 **АУДИО ВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА**

**РАДИОДИФУЗИЈА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**А) ПРАВНА РАМКА**

*Стратешки документи*

Советот за радиодифузија (СР) на 27.11.2007 година усвои Стратегија за развој на радиодифузната дејност, во чија изработка беа вклучени надлежните институции од областа на радиодифузијата, електронските комуникации и информатичкото општество, како и невладините организации и другите субјекти во радиодифузната дејност. Стратегијата е визија за развој на радиодифузната дејност за периодот од 2007 до 2012 год. и ги идентификува проблемите во досегашниот развој, прави пресек на постојната состојба и нуди конкретни цели и насоки за идната регулација на радиодифузијата во следните нејзини сегменти: радиодифузната индустрија, плурализмот и разновидноста на програмите, дигитализацијата на терестријалната радиодифузија и развојот на регулаторната рамка. Стратегијата ги разработува и прашањата на натамошниот развој на законската регулатива, како дел од процесот на усогласување со новата Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси на ЕУ, а и како предуслов за натамошен технолошки развој на радиодифузијата.

*Основен закон*

Закон за радиодифузната дејност усвоен во ноември 2005 година (Службен весник на РМ бр.100/05).

Во Законот целосно се имплементирани одредбите од Директивата Телевизија без граници на Европската унија и од Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа.

СР ги усвои сите подзаконски акти со кои целосно се имплементираат и операционализираат одредбите од Директивата Телевизија без граници и другата европска регулатива во поглед на заштитата на малолетниците, правилата за рекламирање и спонзорство, промовирањето на европските аудиовизуелни дела, емитувањето настани од големо значење и правото на кратко известување за настани за кои се стекнати ексклузивни права за емитување.

*Други закони што содржат одредби поврзани со радиодифузната дејност*
1. Закон за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија (Службен весник на РМ бр. 6/98);
2. Закон за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 13/05, 14/07 и 55/2007);
3. Закон за авторското право и сродните права (Службен весник на РМ бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05 и 131/07);
4. Закон за ратификација на Европската конвенција за прекугранична телевизија и Протоколот за измена на Европската конвенција за прекугранична телевизија (Службен весник на РМ бр.18/2003);

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за транспорт и врски е надлежен државен орган за креирање и реализирање на политиката поврзана со електронските комуникации, информатичкото општество и радиодифузијата.

Согласно Законот за радиодифузната дејност, надзор над спроведувањето на законот во поглед на почитувањето на програмските принципи, програмските барања и ограничувања, како и условите во дозволата врши СР.

Надзор над исполнувањето на условите за работа содржани во одобрението за користење на радиофреквенции, изградбата, одржувањето и употребата на мрежите и средствата за емитување и за пренос на програмите вршат Агенцијата за електронски комуникации и Министерството за транспорт и врски.

Инспекцискиот надзор на спроведување на одредбите од Законот за авторското право и сродни права по однос на дистрибуцијата и јавното соопштување на авторското право и сродните права односно на авторските дела и предметите на сродни права, го врши Државниот пазарен инспекторат.

Инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од Законот за авторското право и сродни права по однос на производството, репродукцијата, ускладиштувањето, објавувањето и снимањето на компјутерските програми, музички и аудиовизуелни дела на носачи на тон и на тон и слика, во согласност со закон, врши Министерството за внатрешни работи.

Управен надзор над здруженијата за колективно остварување на авторското право и на сродните права врши Министерството за култура.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**А) УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО**
**ПРИМАРНА ЛЕГИСЛАТИВА**
Во насока на подобрување на состојбите во радиодифузната дејност во Република Македонија и обезбедување на поволен амбиент за конвергенција помеѓу електронските комуникации, медиуми и услугите на информатичкото општество, како и во насока на спроведување на политиката и програмата на Владата на РМ, во 2008 година се предвидува да се изврши изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност особено во делот на:
- Усогласување со Законот за прекршоците (Службен весник на РМ бр. 62/06).
- Дополнување и допрецизирање на казнените одредби.
- Усогласување со Законот за авторското и сродните права.
- Подобрување на функционирањето на регулаторното тело.
- Усогласување со Законот за електронски комуникации посебно во делот на дистрибуција на дигитални телевизиски содржини преку јавни електронски комуникациски мрежи.
- Овозможување на воведување на нови сервиси базирани на нови технологии преку понатамошна либерализација на одредбите поврзани со спречување на недозволена медиумска концентрација.
- Допрецизирање на регулацијата на Собранискиот канал.
- Усогласување со идните измени на Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.
- Зајакнување на административни капацитети во полето на интелектуалната сопственост.

Финансиска стабилност на јавниот радиодифузен сервис (ЈП МРТ) и на регулаторното тело е од елементарна важност како за обезбедување на дуален систем во радиодифузијата, така и за ефикасна и ефективна регулација што е основен предуслов за развој на радиодифузијата во една држава. Од тие причини неопходно е целосно и успешно функционирање на системот за наплата на радиодифузната такса, со што ќе се обезбеди потребна финансиска стабилност на јавниот радиодифузен сервис и Советот за радиодифузија. Измени во постојниот Закон за радиодифузна дејност ќе бидат предложени во насока на подобрување на обезбедувањето на финансиска стабилност на наведените институции.
Исто така во 2008 година се планираат да се донесат измени на Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија во насока на институционални и статусни промени на претпријатието.

***<u>СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА - УСВОЈУВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА</u>***

Согласно плановите за работа на Советот за радиодифузија во 2008 година, планирано е усвојување на следните неколку подзаконски акти што ќе помогнат за поефикасна примена на Законот:

- Правилник за начинот на изрекување и спроведување на мерките кон радиодифузерите поради непочитување на одредбите од законот за РД, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност.
- Правилник за видот и содржината на податоците што радиодифузерите треба да му ги доставуваат на Советот и за процедурата на постапување при одобрувањето на барањата за промена на сопственичката структура.

Со цел да се обезбеди континуитет во имплементацијата на Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и Стратегијата, Советот планира во 2008 година да ги реализира следниве активности:

- надзор врз спроведувањето на обврските на јавниот радиодифузен сервис утврдени со Законот и со подзаконските акти;
- надзор врз спроведувањето на обврските на комерцијалните радиодифузери утврдени со Законот, со дозволата и со подзаконските акти;
- следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање;
- следење на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност;
- надзор врз работата на радиодифузерите од аспект на исполнување на техничките барања утврдени со подзаконските акти и со дозволата за вршење радиодифузна дејност
- надзор врз обврските на јавните комуникациски мрежи утврдени со Законот во поглед на регистрацијата на програмските пакети;
- изрекување мерки и покренување прекршочни постапки поради непочитување на одредбите од Законот, дозволата и подзаконските акти против радиодифузерите односно јавните комуникациски мрежи;
- воспоставување институционална соработка со Државниот пазарен инспекторат со цел доследна примена на Законот за авторско и сродни права;
- спроведување постапка за доделување дозволи за програмски сервиси наменети за дистрибуција преку кабел и преку сателит;
- спроведување анализа на пазарот на радиодифузната дејност со цел да се утврди економското и финансиското работење на радиодифузерите во 2007 година и да се детектираат трендовите во развојот на радиодифузната и огласувачката индустрија;
- заеднички активности на СРД и АЕК во рамките на Работната група задолжена за подготовка и спроведување на постапката за доделување на мултиплекси;
- следење на имплементацијата на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност, иницирање и координирање на активности со други надлежни институции и организации за спроведување на Стратегијата.

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За 2008 година финансирањето на Советот за радиодифузија не е извесно поради тоа што во досегашниот период успешно не функционираше системот на собирање на радиодифузната такса дефиниран во Законот за радиодифузна дејност.

Во Советот за радиодифузија се планираат активности за подигање на административниот и институционален капацитет. Имено, имајќи ги предвид новите законски надлежности, а тргнувајќи од искуствата на регулаторните тела од поразвиените европски земји, Советот за радиодифузија усвои нова внатрешна организациона структура, која е помодерна и пофлексибилна, што налага интер-секторски приод во работењето и соработка со други надлежни институции и регулаторни тела. Според новата поставеност на Советот за радиодифузија, усогласена со зголемените надлежности, вкупниот број вработени во Советот би требало да се зголеми.

Се планира да се подготви апликација за Твининг програма, чија главна цел би била подигнување на вкупниот капацитет на сите сектори во Советот за радиодифузија во насока на имплементирање на Законот и на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност.

Опремата со која што Советот за радиодифузија го врши мониторингот на програмите на радиодифузерите, како и внатрешниот ИКТ систем се застарени, така што е отежната функцијата на Советот да врши надзор врз одредбите од Законот. Доколку се обезбеди донација, се планира да се обнови опремата за мониторинг на Советот и да се инсталира нова ИКТ опрема, со цел да се зголеми ефикасноста на внатрешната организација и работењето на Советот и на стручната служба. Зајакнување на административни капацитети во полето на интелектуалната сопственост.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**А) УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО**
***ПРИМАРНА ЛЕГИСЛАТИВА***
Неопходно е да започнат активности за идното усогласување на Законот за радиодифузната дејност со идната Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси, во насока на отворање на можностите за развој на нови програмски сервиси и за развој на аудиовизуелната индустрија.

***СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА - УСВОЈУВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА***
Доколку примарната легислатива се усогласи со новата Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси, треба да се донесат и соодветни подзаконски акти за операционализација на новите законски одредби, особено во поглед на новите нелинеарни сервиси.

**ФИЛМСКИ ФОНД**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**А ) ПРАВНА РАМКА**
Филмската дејност, кинотечната дејност како и областа на заштитата на авторското право и сродните права во оваа област, се уредуваат со следните акти:

- Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр.66/03-Пречистен текст);
- Законот за основање на Кинотеката на СРМ („Сужбен весник на СРМ“ бр.20/74);
- Законот за задолжителен примерок („Службен весник на РМ“ бр.11/94);
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ“ бр.47/96, 3/96,98/02, 4/05 и 131/07);
- Законот за Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ бр.20/04; 71/04 и 115/07);,
- Закон за ратификација на Европската Конвенција за копродукција во кинематографијата („Службен весник на РМ“бр.18/03)
- Закон за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.70/2006)
- Правилникот за критериумите за финансирање на проектите од филмската продукција и елементите што треба да бидат содржани во проектите од филмската продукција што се од национален интерес („Службен весник на РМ“ бр.125/07);
- Закон за аудиовизуелни добра (во Собраниска процедура) - во целост е инкорпорирана Препораката 2005/865/CE на Европскиот Парламент и Советот од 16 Ноември 2005 година за филмското наследство и конкурентвоста со сродните индустриски активности (дејности).

Република Македонија е членка на Европската Аудиовизуелна опсерваторија (European Audiovisual Observatory), и на SEECN (South East European Cinema Network) – Филмска мрежа на Југоисточна Европа чие седиште е во Солун, Р.Грција.

Во текот на 2007 година, Министерството за култура испрати писма на интерес за учеството во Програмата на Заедницата МЕДИА ПРОГРАМА (2007-2013) и со тоа официјално е инициран почетокот на преговорите со цел потпишување на Меморандум за Разбирање помеѓу Европската комисија и Република Македонија.

**Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Министерството за култура, аудиовизуелната политика е регулирана во два сектора: Сектор за правни и општи работи и Сектор за дејностите од областа на културата, уметноста и културното наследство со 13 одделенија. Одделението за филмска дејност ги врши работите што се однесуваат на филмското творештво и тоа: изработка на студии, анализи, елаборати и програми, се следат, проучуваат и истражуваат состојбите во дејностите, се програмира и се следи остварувањето на Годишната програма за финансирање на националниот интерес во филмската дејност, учество во предлагање на активности од домен на меѓународната соработка.

Кинотеката на РМ е основана 1974 година, а со работа започнува 1976 година со основна дејност:истражување, заштита чување, обработка и јавно презентирање на филмови и филмски материјали од националното филмско производство, но и од светските кинематографии. Аудиовизуелните добра се посебен вид движно културно наследство, утврдени со Законот за заштита на културното наследство.

Согласно Законот за Филмски фонд на Република Македонија, Фондот има својство на правно лице и е самостоен во својата работа. Донесен е Статут на Фондот со кој се уредува работата и организацијата на Фондот и се обезбедува јавност во неговата работа. Со Фондот раководи директор кој е именуван од Владата на РМ, а воедно на предлог на министерот за култура, Владата на РМ на 22.9.2006 именуваше претседател и 3 (три) члена на Управниот одбор, од редот на стручни и уметнички лица од областа на филмската дејност.

**<u>КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**

**А ) ПРАВНА РАМКА**

Ќе продолжат подготовките за учество во Програмата на Европска Унија – МЕДИА (2007 – 2013), Министерство за култура ќе создаде услови за учество во проекти за развој на производството, дистрибуција на филмски и аудиовизуелни програми, промоција на филмски дела и аудивизуелни програми.

Фондот до крајот на тековната година за наредната година донесува Годишна програма за финансирање на филмски проекти и унапредување на филмската дејност во Република Македонија, врз основа на распишан јавен конкурс.

**Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Кадровско екипирање на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија - реализација на оваа цел е прдвидена преку вработувања со преземање од Национална установа „Вардар филм". Зајакнување на административни капацитети во полето на интелектуалната сопственост.

**<u>СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Кадровско доекипирање на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија, согласно актот за систематизација кој треба да се донесе.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Потреба од програма за едукација на вработените во Филмскиот фонд и ИКТ опрема.

.

## 3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

### 3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Управувањето и контролата на буџетските фондови наменети за подршка на развојот на земјоделството, како и воспоставувањето на регистрите потребни за контрола, следење и оценка на активностите се регулирани со следниве правни акти:

- Закон за буџет (Службен весник на РМ бр. 64/05)
- Закон за државна ревизија (Службен весник на РМ бр. 73/04)
- Закон за ревизија (Службен весник на РМ бр. 79/05)
- Закон за финансиски операции (Службен весник на РМ бр. 42/93 и 32/97)
- Закон за инвестициски фондови (Службен весник на РМ бр. 9/2000)
- Закон за банки (Службен весник на РМ бр. 63/2000, 103/00, 37/02, 51/03 и 85/03)
- Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис (34/01)
- Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РМ бр. 07/05)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/2007),
- Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства (Службен весник на РМ бр 110/2007) и
- Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07)

Покрај законските акти, во јуни 2007 година е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007- 2013 година, во која се дефинирани идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставување на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од аспект на програмирањето на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија надлежна институција е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со сите негови сектори и управи. Покрај тоа, министерството е надлежно за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за подршка. Во овој контекст, следниве сектори имаат надлежност во оваа област:

- Сектор за земјоделство со сите свои одделенија,
- Сектор анализа на земјоделска политика со сите свои одделенија,
- Секторот за управување и регистрирање на земјоделско земјиште (СРУЗЗ)
- Сектор за координација на Подрачни Единици, и
- Државниот инспекторат за земјоделство со надлежност во инспекцискиот надзор над спроведување на програмите и мерките.

Почнувајќи од 2008 година, со донесувањето на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/2007), Агенцијата, формирана како независно тело, е надлежна за имплементација на финансиската подршка, следење и контрола на средствата наменети за земјоделството, како и за администрација и контрола на исплатите во земјоделството.

Со донесувањето на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр. 110/07) и новата систематизација на МЗШВ во 2007 година, меѓудругото беше формиран и Сектор за анализа на земјоделска политика (САЗП), во чија надлежност е воспостувањето и одржувањето на мрежата. Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамките на САЗП ја има улогата на Агенција за врски (Liaison Agency). Покрај САЗП, носители на системот се и Државниот завод за статистика, во однос на изборот на земјоделски стопанства од кои се прибираат податоците и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, во својство на тело за прибирањето на сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во врска со директните исплати и државната помош во земјоделството, во 2008 година предвидено е донесување на поголем број правни акти, меѓу кои најзначајни се Правилник за директни плаќања во земјоделството, Програмата за финансирање на земјоделството во 2008 година, Уредба за начин на остварување на право за користење на средства од

Програмата за финансиска подршка на земјоделството во 2008 година, како и донесување на Закон за државната помош во земјоделството.

Покрај тоа, во рамките на АФПЗРР предвидено е донесување на поголем број на прирачници и внатрешни акти кои ќе го регулираат начинот на прием, евиденција, обработка и одобрување на финансиска подршка, постапката за одобрување и реализација на исплати, сметководствените и процедурите на внатрешна ревизија, како и начинот на спроведување и координирање на контролите на самото место. Покрај тоа, по однос на искористување на средствата од претпристапната помош за рурален развој, ќе се потпише и Меморандум за разбирање помеѓу АФПЗРР и Националниот Фонд.

Имјаќи го предвид приоритетот за воспоставување на системите за регистрација и евиденција во земјоделството, предвидено е донесување на подзаконски акти од Законот за земјоделство и рурален развој кои ќе ја регулираат областа, и тоа подзаконски акт за: форма, содржина и методологија за водење на единствениот Регистер на земјоделски стопанства; воспоставување на Систем за идентификација на земјишни парцели во РМ, како и подготовка на организациони и прирачници за работа на двата системи. Покрај ова, врз основа на истиот закон, предвидено е и донесување на подзаконски акти за јавни услуги во земјоделството, како и подзаконски акт за воспоставување и размена на податоци во рамките на Земјоделскиот Пазарен Информативен Систем (ЗПИС). Во насока на воспоставувањето на регистрите и за потребите на подобра функционалност, поврзување и опремување на Регионалните Центри на МЗШВ, предвидена е изработка на Функционална Анализа на истите.

Во периодот до јуни 2008 година предвидено е донесување на подзаконски акти согласно Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на РМ бр. 110/07) со кои ќе се постигне потполна усогласеност со изворите на правото во ЕУ и во целост ќе се регулира прибирањето и обработката на сметководствени податоци на ниво на земјоделско стопанство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, покрај зајакнувањето на вертикалните сектори кои учествуваат во подготовката на мерките за подршка во областите за кои истите се надлежни, во 2008 година предвидено е зајакнување на Одделението за стратешко планирање, како и обука на нововработениот кадар. Покрај тоа, од аспект на инспекциски надзор над спроведувањето на мерките, предвидено е и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, како и зајакнување на САЗП, Секторот за ЕУ, Секторот за регистрирање и управување со земјоделско земјиште (СРУЗЗ), Секторот за ИТ, Секторот за нормативно-правни работи, Одделението за човечки ресурси, Регионалните Центри и Подрачните Единици на МЗШВ. Во рамките на Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој, предвидено е зајакнување на капацитетот согласно потребите за акредитација за имплементација на ИПАРД и спроведување на националната подршка, а на ниво на регионални/подрачни центри на МЗШВ, надлежни за водењето на регистрите на ниво на региони/општини, ќе се вработат дополнителни лица неопходни за управување со системите. Покрај ова, за сите нововработени лица предвидена е и набавка на опрема и канцелариски мебел, како и реализација на градежни работи во зависност од потребите.

Од аспект на регистрите и ситемите за евиденција во земјоделството, предвидено е воспоставување на единствениот Регистер на земјоделски стопанства во РМ до крајот на 2008 година, како и започнување со воспоставување на Системот за идентификација на земјишни парцели во неколку пилот општини. За таа цел, преку Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ - Компонента 1 (*Зајакнување на административниот и управувачки капацитет на МЗШВ во согласност со потребите за пристапување кон ЕУ*), предвидена е подготовка и реализација на повеќе набавки за обезбедување на техничка помош за потребите на воспоставување на системите, како и набавка на неопходната опрема и софтвер и нејзино инсталирање и тестирање. Во оваа насока ќе се започне и со воспоставување на Земјоделски пазарен информативен систем.

Од аспект на FADN предвидено е формирање на Национален Комитет за мрежата за сметководствени податоци од земјоделско стопанство - советодавно тело кое дава мисленја во однос на прибирањето, обработката и користењето на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, како последниот институционален облик неопходен за фунционирање на мрежата. Покрај тоа, предвидено е зајакнување на Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства (САЗП) во рамките на МЗШВ, како и обука на вработените во Одделението и останатите носители на мрежата.

Во текот на 2008 година ќе биде набавена и целокупната опрема и воспоставен ИКТ системот неопходен за реализација на активностите за прибирање, обработка и дистрибуција на сметководствените податоци од земјоделските стопанства.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се продолжи со подготовка и реализација на Програмата за финансирање на земјоделството и Уредби на ВРМ за нашинот на остварување на правото за користење на средства од Програмата во 2009 и 2010 година, вклучително и мерки и активности за подршка на јавните услуги и научно-истражувачката работа во областа. Предвидено е и днесување на подзаконски акти врз основа на Законот за државната помош во земјоделството.

Од аспект на ситемите за евиденција и регистрација, во истиот временски период предвидена е подготовка на упатства за начинот на поврзување на регистрите и базите на податоци со други регистри и начинот на добивање на податоци од други регистри и евиденции.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на институционалните капацитети кои имаат улога во подготовката и спроведувањето на директните исплати во земјоделството, и тоа Секторот за земјоделство, Секторот за ЕУ, Секторот за анализа на земјоделската политика, Државниот инспекторат за земјоделство, Секторот за регистрирање и управување со земјоделско земјиште, Секторот за ИТ, Регионални/Подрачни единици на МЗШВ и Одделението за сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства Одделението за стратешко планирање и Одделението за човечки ресурси.

Од аспект на регистрите ќе се воспостават евиденциите за директна подршка и државна помош и истите ќе се поврзат со единствениот Регистер на земјоделски стопанства. Системот за евиденција на земјишни парцели ќе се прошири од пилот општините и ќе се воспострави на целата територија на РМ. Единствениот Регистер на земјоделски стопанства тековно ќе се обновува, а во истиот временски период ќе бидат интегрирани и останатите регистри во рамките на МЗШВ - Системот за идентификација и регистрација на животни, Регистерот на лозови насади и Системот за идентификација и регистрација на земјишни парцели. Во овој временски период предвидена е и финализација и оперативност на земјоделскиот информативен систем.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Странска подршка е обезбедена на кус и среден рок за успешна реализација на предвидените активности преку:

- Подготовка на систем за имплементација на ИПАРД (Framework Contract CARDS 2006);
- Подготовка на систем за имплементација и финансиски менаџмент на ИПАРД (CARDS 2006);
- Проектот за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ (заем од Светска Банка)

### 3.11.2 **ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за уредување на пазарот на житарици, ориз, свежо овошје и зеленчук, живи дрва, други растенија, ризоми, корења, режено и украсно цвеќе, сушена храна за добитокот и останати растителни производи, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07) кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ. Покрај овој закон, следниве законски акти се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи:

- Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис (34/01)
- Закон за заштита на лични податоци (Службен весник на РМ бр. 07/05)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Службен весник на РМ бр 72/2007)

Правната рамка за уредување на винскиот сектор е утврдена со Законот за виното (Службен весник на РМ, бр. 69/2004). Законот за виното е докомплетиран со следниве правилници: Правилник за методите за делумна дехидратација на ширата и енолошките средства и постапки кои се применуваат во производството на вино и Правилник за методите за анализа за утврдување на хемискиот состав на вината и методот за употреба на рефрактометар (Службен весник на РМ, бр. 38/2006); Правилник за класификација на сорти на грозје за производство на вино (Службен весник на РМ, бр. 6/2007) и Правилник за условите во поглед на просториите и опремата за производство на вино, Правилник за условите кои треба да ги исполнуваат лабораториите овластени за вршење на енолошки испитувања и анализи во поглед на просториите и опремата и Правилник за формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата на виното (Службен весник на РМ, бр. 94/2007).

Правната рамка за уредување на пазарот на суров тутун во моментов ја определуваат повеќе закони – Закон за тутун и тутунски производи (Службен весник на РМ бр.24/2006) и Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр.134/2007). Врз основа на Законот за тутун и тутунски производи донесени се и повеќе подзаконски акти: Правилник за

просториите за откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун, соодветна опрема за откуп и индустриска обработка на тутун и соодветен простор за сместување на обработениот тутун, Правилник за образецот, содржината и начинот на издавање на картон за производство на тутун, Упатство за начинот на пријавувањето, формата и содржината на образецот на пријавата за договореното производство на тутун, Правилник за содржината и формата на образецот за поднесување барање за запишување во регистарот на откупувачи на тутун (Службен весник на РМ бр. 10/07); Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун, Правилник за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист и Упатство за формата, содржината и начинот на водење на регистарот за проценување на квалитетот на суровиот тутун во лист (Службен весник на РМ бр. 16/07); и Правилник за формата и содржината на лиценцата за процена на тутун и начинот и програмата за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот (Службен весник на РМ бр. 21/07).

Правната рамка за уредување на пазарот на говедско месо, млеко и млечни производи, живина и јајца, свинско месо и овчо и козјо месо, ја определуваат повеќе закони - Закон за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07), Закон за ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 113/07); Закон за јавно ветеринарно здравство (Службен весник на РМ бр. 113/07) и Закон за сточарство (Службен весник на РМ бр. 7/08) кои се делумно усогласени со законската регулатива на ЕУ.

Покрај ова, во јуни 2007 е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007- 2013 година, во која се наведени насоки, мерки и активности за идниот развој на сите гореспоменати производи, како и начинот на организираност на пазарите за истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство следниве органи и организациони единици се надлежни за подготовка на законска регулатива и спроведување на мерките од аспект на уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло:

- Сектор земјоделство, Одделение за овоштарство, лозарство и винарство; Одделение за поледелство и градинарство, Одделение за сточарство;
- Сектор за анализа на земјоделска политика; Одделение за пазарен информативен систем; Одделение за анализа и финансов менаџмент;
- Управа за ветерина; и
- Државен инспекторат за земјоделство;

Покрај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, следниве институции/органи имаат надлежности во уредувањето и/или имплементацијата на заедничкото уредување на пазарите на земјоделски производи:

- Дирекција за храна (Министерство за здравство),
- Факултет за ветеринарна медицина - Скопје,
- Институт за сточарство - Скопје,
- ЈНУ Земјоделски институт - Скопје,
- ЈНУ Институт за тутун - Прилеп.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Од аспект на производите од растително потекло и врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07), во периодот до октомври 2008 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ќе ја регулираат областа на уредувањето на пазарите, и тоа:

- житарици и ориз: 7 подзаконски акти,
- свежо овошје и зеленчук: над 30 подзаконски акти,
- живи дрва, други растенија, ризоми, корења, режено и украсно цвеќе: 3 подзаконски акти,
- сушена храна за добиток: еден подзаконски акт.

Во периодот до декември 2008 година предвидено е донесување на сите подзаконски акти кои се предвидени со Законот за виното (Службен весник на Република Македонија 69/04), а од аспект на тутунот предвидено е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи, Правилник за предупредувањата за здравјето на лугето втиснати на пакувањата на тутунските производи што се пуштаат во промет и Програмата за финансирање на активностите во примарното тутунско производство во 2008 година.

Во однос на производите од животинско потекло и врз основа на претходно наведените закони, во периодот до октомври 2008 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ќе ја регулираат областа на уредувањето на пазарите, и тоа:

- говедско месо: 8 подзаконски акти,
- млеко и млечни производи: 8 подзаконски акти,
- месо од живина и јајца : 9 подзаконски акти,
- свинско месо: 10 подзаконски акти, и
- овчо и козјо месо: 6 подзаконски акти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од аспект на уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително потекло, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот земјоделство и  Секторот за анализа на земјоделска политика со ново вработување во 2008 година. Од аспект на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, со нови вработување во 2008 година. Покрај тоа, предвидена е и набавка на компјутерска опрема и воспоставување на систем за управување со податоци во рамките на пазарниот информативен систем.

Во врска со ЗУП за вино, предвидено е зајакнување на Одделението за лозарство, винарство и овоштарство со соодветни нови вработувања во 2008 година, како и кадровско зајакнување на Подрачните Единици на МЗШВ во кои се воспоставува Регистерот во 2008 година. Покрај ова, Државниот инспекторат за земјоделство соодветно ќе се зајкане во текот на 2008 година. За сите нововработени лица предвидена е и обука за надградба на нивниот капацитет, како и специјализација во областа на лозарството и винарството на инспекторите во рамки на Државниот инспекторат за земјоделство кои веќе се вработени. Во истиот временски период ќе се реализира и набавка на дополнителна компјутерска опрема за воспоставување на Националниот регистар на лозови насади и лабораториска опрема за референтната лабораторија за вршење на енолошки испитувања и анализи.

Од аспект на тутунот, предвидено е зајакнување на на Одделението за поледелство и градинарство, Сектор за земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2008 година и кадровско зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство. Во овој временски период ќе се набави компјутерска опрема и ќе се воспостави систем за управување со податоци за потребите на контрола на производството и откупот на суров тутун.

Од аспект на уредувањето на пазарите на земјоделските производи од животинско потекло, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот земјоделство и  Секторот за анализа на земјоделска политика во 2008 година. Од аспект на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, со нови вработувања на во 2008 година. Покрај тоа, предвидена е и набавка на компјутерска опрема и воспоставување на систем за управување со податоци во рамките на пазарниот информативен систем.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Од аспект на производите од растително и животинско потекло во рамките на овој временски период ќе се донесат правни акти кои го регулираат надворешно трговското работење и евентуално дополнителни подзаконски акти усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ.

До средината на 2009 година е предвидено усвојување на Стратегија за маркетинг на македонското вино, како и изменување и дополнување на Законот за виното согласно исходот од тековната реформа на заедничката организација на пазарот на вино на ЕУ. Покрај ова, во 2010 година предвидено е и донесување на правни акти кои го регулираат надворешно трговското работење. Во периодот до крајот на 2010 година предвидено е донесување на Измени и дополни на Законот за тутун и тутунски производи заради уредување на пазарот со суров тутун, организации (групи) на производители и договори во тутунскиот сектор, како и донесување на правни акти кои ќе го регулираат работењето на организациите на производители во тутунскиот сектор и институции за контрола на тутунот. Покрај тоа, во овој временски период ќе се подготват и реализираат Програмите за финансирање на активностите во примарното тутунско производство во 2009 и 2010 година

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот земјоделство и  Секторот анализа на земјоделска политика во 2009 година. Во контекст на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на

земјоделските производи, предвидено е и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, во периодот 2009-2010 година. Покрај тоа, предвидена е и набавка на компјутерска опрема и воспоставување на систем за управување со податоци во рамките на пазарниот информативен систем.Во врска со ЗУП за вино, предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за лозарство, винарство и овоштарство со вработување во периодот 2009-2010 година, како и зајакнување на Подрачните Единици на МЗШВ во кои се воспоставува Регистерот и на Државниот инспекторат за земјоделство во истиот временски период. За сите нововработени лица предвидена е и обука за надградба на капацитетот. Територијалната база на податоци за потребите на Националниот регистар на лозови насади ќе биде комплетирана заклучно со јуни 2009 година, што ќе овозможи целосна функционалност на Националниот регистер до крајот на 2009 година.

Од аспект на ЗУП за суров тутун, предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за поледелство и градинарство, Сектор земјоделство (СЗ) во 2009 и 2010 година и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Светска Банка - Проект за зајакнување на земјоделството и пристапување кон ЕУ,
- Европска агенција за реконструкција (CARDS, 06MAC/01/08/104) - Национален систем за мониторинг и управување со лозови насади - фаза II.

## 3.11.3 **РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)*** на 30.10.2007 година потпишан е Рамковниот Договор за користење на инструментот за прет-пристапна помош на ЕУ – IPA Framework Agreement. Покрај тоа, со Одлука на Владата на РМ од 25.07.2007 година, усвоена е првичната верзија на ИПАРД Програмата и истата е доставена на консултации и усвојување во Европската Комисија, при што на 19.12.2007 година истата е усвоена од страна на Комитетот за рурален развој при ЕК.

***Националното финансирање*** на мерките за рурален развој се имплементира со реализација на мерките од Годишната Програма за рурален развој (2006, 2007). Покрај тоа, во 2007 година беа донесени и два најзначајни акти кои ја даваат рамката за идното креирање на политики и реализација на мерките од истите. Имено, на својата 64 Седница одржана на 26.06.2007, Владата на РМ ја усвои Стратегијата за развој на земјоделството и рурален развој 2007-2013, а Собранието на РМ го донесе Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07).

Процесот на градење ***партнерство*** помеѓу сите инволвирани страни во руралниот развој е започнат со Одлуката на Владата на РМ за формирање на Меѓуресорско тело за рурален развој и Решението за именување на членови на истото, објавени во Службен весник на РМ бр. 15/07.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за рурален развој во рамките на МЗШВ е надлежен за реализација на кохерентна рурална развојна политика, како и за интегрирање на различните програми и иницијативи за развој на руралните подрачја во Република Македонија. Во моментов, во секторот се вработени вкупно 8 лица.

Покрај тоа, за потребите за реализација на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, изготвени се работните задачи и формиран е (неформален) ИПАРД Мониторинг Комитет за имплементација на ИПАРД Програмата.
Во однос на ***финансирањето*** на националните и мерките од прет-пристапната помош за рурален развој, врз основа на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (објавен во Службен весник на РМ бр 74/07 од 11.06.2007), формирана е Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој (Платежна Агенција), назначен е Директор и истата во моментов има вкупно 29 вработени.

Меѓуресорското тело за рурален развој изготви и усвои Деловник за работа и редовно одржува состаноци.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, предвидено е усвојување на ИПАРД Програмата од страна на Европската Комисија на почетокот на 2008 година, како и потпишување на секторскиот и финансискиот договор за реализација на ИПАРД. Предвидено е и донесување на подзаконски акт за реализација на ИПАРД, како и подготовка на процедури и прирачници за работа на Managing Authority (Сектор за рурален развој).

Од аспект на ***националното финансирање*** на мерките за рурален развој, во 2008 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ја регулираат областа. Имено, ќе се донесат Правилника за реализација на мерките за рурален развој, како и Уредба за критериуми за утврдување на рурални подрачја и Список на рурални подрачја, како и Уредба за за критериуми за утврдување на подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност и Список на подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност. Покрај тоа, ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2008 година, како и Уредба на ВРМ за начин за остварување на средства од Програмата.

Во однос на зајакнување на јавно-приватно ***партнерство*** и вклучување на корисниците (stakeholders), не-владиниот и останатите инволвирани страни во руралниот развој, во 2008 година ќе биде изработен Акциониот План за воспоставување на рурална мрежа во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во 2008 година предвидена е измена на систематизацијата на Секторот за рурален развој, како и зајакнување на истиот со дополнителни вработувања. За сите новоработени планирана е изведба на соодветна обука и/или доусовршување, како и воспоставување на системите за следење на реализацијата и проценка на влијанието на мерките за рурален развој.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе биде официјално воспоставен на почетокот на 2008 година и истиот ќе се состанува најмалку два пати годишно. Покрај тоа, ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

За потребите за реализација на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, ќе се реализираат предвидените годишни измени и дополнувања на програмата (2009, 2010) и ќе се започне со активностите за среднорочна проценка на програмата.

Во однос на ***националното финансирање*** на руралниот развој ќе бидат усвоени Програмите за финансиска поддршка за рурален развој за 2009 и 2010 година, а од аспект на зајакнување на ***партнерството***, во 2009 година ќе се усвои Акциониот план за воспоставување на рурална мрежа во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за рурален развој (МЗШВ) со вработување и обука на дополнителни вработени лица во 2009 година и во 2010 година.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци за целите на подобрување на програмата, најмалку два пати годишно. Следствено на ова, ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој.
До крајот на 2009 година ќе се воспостави и Руралната мрежа во Република Македонија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Следнава странска подршка е обезбедена на кус и среден рок за успешна реализација на предвидените активности:

- Подготовка на систем за имплементација на ИПАРД (Framework Contract CARDS 2006);
- Подготовка на систем за имплементација и финансиски менаџмент на ИПАРД (CARDS 2006);
- Macedonian Agriculture Advisory Strengthening Programme-втора фаза (SIDA)

## 3.11.4 **ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во моментов, правната рамка е уредена со Законот за органско земјоделско производство (Службен весник на РМ бр. 16/04), кој е усогласен со Регулативата на Советот бр 2092/91. Врз основа на законот се донесени и поголем број подзаконски акти за: растително и анимално органско производство, органска преработка, регистри на производители, преработувачи и трговци, стручна контрола, етикетирање, листа на овластени сертификациони тела од трети замји. Покрај ова, во тек на 2007 година се реализираше и Програма за поттикнување на развојот на органското земјоделско производство.

Во септември 2007 е усвоена и "Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2008-2011".

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Севкупната надлежност за уредување на областа на органското земјоделско производство во Република Македонија ја има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) - Сектор земјоделство, Одделение за органско земјоделско производство.

Во реализацијата на мерките и активностите поврзани со органското земјоделско производство учествуваат и Државен инспекторат за земјоделство (МЗШВ), Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Министерство за здравство, Министерство за финансии, Институт за акредитација на РМ, Институт за стандардизација на РМ, Биро за заштита на индустриска сопственост, Национална Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Факултет за земјоделски науки и храна, ЈНУ Земјоделски Институти, Национален Сојуз на органски здруженија Биосан, Акредитирани тела за стручна контрола, Консултантски куќи и Невладини еколошки организации.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во периодот до крајот 2008 година предвидено е изработка на нов Закон за органско производство со подзаконски акти кои ќе ја регулираат областа на производство, преработка и промет со органски производи, овластувања, системите за контрола, и препознавање на еквивалентните системи при извоз-увоз на органски производи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2008 година и на Државниот инспекторат за земјоделство, како и обуки на кадарот на институционално ниво, пазарно ориентирани организации - здруженија на органски производители. Предвидена е и поддршка на активности во средното и високото образование, како и поддршка на научно-истражувачките проекти за органско земјоделство.

Ќе се изработат и софтверски програми за регистрација на производство, преработка и промет на органски производи, база на сметководствени и останати податоци за потребите на ЗИС (земјоделски информативен систем), Заводот за Статистика на РМ, Еуростат и ФАО, како и градење на ефикасни контролни системи на органското производство, мониторинг и мрежа на комуникација со сите инволвирани учесници,

Покрај тоа, обезбедена е и соодветна буџетска поддршка на годишно ниво преку "Програма за поддршка на органското земјоделство за 2008 година" за развој на домашниот, како и исполнување на пазарните услови на извозниот пазар во развиените земји.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Тековно усогласување на регулативата и правните акти кои ја регулираат областа во домашното и меѓународното законодавство за органско производство и дефинирање на политика на соработка со невладиниот сектор.

Подготовка и реализација на Програмата за поддршка на органското земјоделство за 2009 и 2010 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) во 2009 година и на Државниот инспекторат за земјоделство во периодот 2009-2010 година, како и нивна обука во текот на 2009 и 2010 година.

Во овој временски период ќе се финализира базата на податоци во МЗШВ и мрежата за комуникации во институциите.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Проект за "Органко земјоделство во Македонија 2005-2008" поддршано од Швајцарската Влада преку SECCO, и SDC-Швајцарска Агенција за развој на соработка. Планирано продолжување на проектот за 2009-2011 година.

Се планира странска поддршка за активности дефинирани во "Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2008-2011" преку проекти на заинтересирани донатори, кои својот интерес ќе можат да го истакнат на планирана донаторска конференција за органско земјоделство.

### 3.11.5 **ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за индустриска сопственост (Службен весник на РМ бр. 47/2002, 42/2003, 9/2004, 39/2006 и 79/2007), со кој се се уредува стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост. Со законот се уредува и заштитата на географските називи со ознака на потекло и географска ознака како и користењето на заштитените географски називи. Согласно законот, заштитата на негеографските, традиционални називи се уредува со одредбите кои се однесуваат на заштитата на географските називи. Врз основа на истиот, изготвен е и Правилник за заштита на географските називи (Службен весник на РМ бр. 18/04).

За целите на усогласување на македонското законодавство со истото на ЕУ во областа на политиката на квалитет, особено во однос на утврдување на стандардите за одделни земјоделски производи и продукти од растителни и животинско потекло, како и утврдувањето и заштитата на нивното потекло и/или посебност, во 2007 година беше донесен Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ бр. 134/07), кој ја дава основната рамка за донесување на евентуални подзаконски акти кои ќе ја регулираат политиката на квалитет на земјоделските производи.

Покрај ова, во рамките на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството во 2007 година (Службен весник на РМ" бр. 45 од 10.04.2007) беше предвидена и се реализираше мерка - Стандарди за квалитет и безбедност на храна, во висина од 10.000.000,00 МКД.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Држанвиот завод за индустриска сопственост е тело во чија надлежност се работите околу стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата од индустриска сопственост, вклучително и заштитата на географскиот назив и неговото користење.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во тек на 2008 година, од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе биде изготвена приоритетна листа на земјоделски производи кои имаат потенцијал за извоз и кои би биле предмет на заштита и маркетиншка промоција на надворешните пазари. Во истиот временски период, во рамките на Програмата за потикнување на развојот на земјоделството повторно ќе се реализира мерка посветена на стандардите за квалитет и безбедност на храна.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на предвидено е зајакнување на Држанвиот завод за индустриска сопственост (види Поглавје 3.7).
Во рамките на МЗШВ, предвидено е во насока на следење на земјоделските производи со заштитено потекло и зајакнување на соработката со Државниот завод за индустриска сопственост.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во тек на 2009 година ќе биде изготвен нов Закон за индустриска сопственост и Правилникот за географските називи. Во овој временски период предвидено е и проширување на Листата на приоритетни земјоделски производи за заштита на нивните географски називи и реализација на заштитата, како и подготовка на Програма за стандардите за квалитет и безбедност на храна за 2009 и 2010 година и реализација на истата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на капацитетот на Држанвиот завод за индусриска сопственост (види Поглавје 3.7). Во рамките на МЗШВ предвидено е зајакнување на капацитетот со ново вработување во 2010 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитата на географските називи и квалитетот на земјоделските производи.
Покрај ова, во рамките на МЗШВ предвидено е воспоставување на евиденција на производи кои исполнуваат извесни стандарди за квалитет и/или имаат заштита на географски или традиционален назив.

# 3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

## 3.12.1 ОПШТО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Сл. Весник на РМ 54/02) е основен правен акт кој ги уредува условите за обезбедување на безбедноста на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната во производството и прометот, правата и обврските на физичките и правните лица, кои вршат производство и промет со храна, со цел да се заштити здравјето на луѓето, да се заштитат потрошувачите од заблуда и измама и да се овозможи слободен промет на внатрешниот и надворешниот пазар. Во законот се инкорпорирани следните ЕУ правни акти: 32002R0178, 31997R0258, 32000L0013, 32001L0018.

Донесен е Законот за изменување и дополнување на законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Службен весник на РМ бр. 84/2007) и истиот е усогласен со следните регулативи 178/2002, 852/2004 и 882/2004.

ВИДИ ПОВЕЌЕ 3.12.4

## 3.12.2 ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Од страна на Владата на РМ на 2 октомври 2007 година донесен е Деловен план на Управата за ветеринарство чија што стратешка цел е да предложи мапа, односно јасни правци за планирање на идните активности и административно јакнење на Управата за ветеринарство, како и за спроведување и документирање на службените контроли во областа на здравствената заштита на животните, благосостојбата, ветеринарното јавно здравство, третманот на нус-производите од животинско потекло, добиточната храна и ветеринарните лекови, во согласност со актуелните и релевантни ЕУ *acquis* и практики.

**Во делот на ветеринарната политика во изминатиот период се донесоа повеќе закони и подзаконски акти кои се усогласени со европското законодавство**. **Донесени се Законот за ветеринарно здравство** (Сл. весник на РМ бр.113/07), повеќе национални програми кои се однесуваат на искоренување на Бруцелоза кај говеда, ТБЦ кај говеда и искоренување на ТСЕ, како и планови за итни мерки за (contingency plans) авијарната инфлуенца, болеста Син јазик, **Законот за измени и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните** (Сл. весник на РМ бр. 81/07), **Законот за благосостојба и заштита на животните** (Сл. весник на РМ бр.113/07).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Според новата систематизација од септември 2007 година Управата за ветеринарство претрпе промени во својата организациска структура. Новата структура се однесува на формирање Сектори (вкупно 4) наместо постоење исклучиво на одделенија во рамките на Управата за ветеринарство. Според тоа Управата за ветеринарство се состои од четири сектори, поделени на повеќе одделенија:

- Сектор за здравствена заштита на животните
- Сектор за јавно ветеринарно здравство
- Сектор за гранична ветеринарна инспекција
- Сектор за нормативно правни работи

Во насока на јакнење на институционалниот капацитет преземени се повеќе активности со цел зајакнување на институционалниот капацитет на ветеринарните служби.
Во тек е завршна фаза од конкурсот за вработување на 20 лица - високообразовен кадар во Управата за ветеринарство. 18 од нив на работно место-државен ветеринарен инспектор во подрачните места на МЗШВ, а 2 на работни места во централата, во Секторот за нормативно-правни работи

Во изминатиот период реализирани се поголем број на обуки и работилници од областа на безбедноста на храна од аспект на законодавството на хигиенскиот пакет на ЕУ, структура и имплементација на службени контроли во кланици, млекари, преработувачки објекти за производство на храна од животинско потекло, HACCP, GMP, GHP, постапки за регистрација и одобрување на објекти , квалитет во управувањето, со кои се опфатени поголем број на лица од Управата за

ветеринарство. Исто така одржани се обуки за лицата вработени во лабоатории во насока на акредитација и ISO стандардизација.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2008 година ќе се донесат повеќе подзаконски акти кои произлегуваат од законите и ќе бидат усогласени со европското законодавство.

Согласно Законот за ветеринарно здравство ќе се донесат: Планот за итни мерки за лигавка и шап, Правилникот за ветеринарни гранични контроли, Правиликот за квалификација и обуки на официјалните ветеринари и помошници и на овластените ветеринари, Правилникот за условите и начинот на чување на животни во фармски услови.

Ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за идентификација и регистрација на животни кои ќе се уредува идентификацијата и регистрацијата на овци и кози, централниот регистер на одгледувалиштата, компјутерска база на податоци.
Исто така ќе се донесат и подзаконски акти со кои ќе се регулираат начинот и условите за чување и одгледување на животните, заштитата на животните за време на нивниот транспорт, заштитата на животните за време на колење и убивање,. Истите ќе произлезат од Законот за заштита и благосостојба на животните.

Предвидено е донесување и на следните закони:

- **Законот за ветеринарно-медицински** препарати со кој се уредуваат условите и постапките за одобрување, ставање во промет, производство, увоз, поседување, промет, употреба и контрола на ветеринарно-медицински препарати., промет и употреба на биоцидни средства за употреба во ветеринарната медицина, медицински инструменти и помагала за употреба во ветеринарната медицина, опојни droги, психотропни супстанции и прекурзорите потребни за производство на ветеринарно-медицинските препарати. Овој закон се применува и на фармаколошки активни супстанции кои се користат како суровини и одредени супстанцииkои можат да се користат како ветеринарно-медицински препарати а кои имаат аноболички, антиинфективни, антипаразитарни, антиинфламаторни, хормонални или психотропни особини.
- **Законот за сточарство** ги уредува прашањата од политиката за одгледување, одредените зоотехнички стандарди, матични книги на животни (матично книговодство) и регистри за стадата, организации на одгледувачите и трговија на чистокрвни животни и семе од мажјак и ембриони од чистокрвни животни.
- **Законот за исхрана на животните** опфака надлежности, структира на надлежните органи, начин и постапка на извршување на службените контроли и обезбедување на висок степен на заштита на здравјето на луѓето и животните, животната средина од активностите поврзани со хигиената на добиточната храна и исхраната на животните. Тој ги опфака адитивите, недозволените супстанции во добиточната храна, медицинирана добиточна храна и др.

Ќе се продолжи со усвојување на правилници кои ќе се однесуваат на системите за контрола на внатрешен пазар, контрола и услови за увоз на животни и производи од животинско потекло, болести кои задолжително се пријавуваат контролни мерки за болести кај животните, некомерцијално движење на домашни миленици.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во 2008 година ќе се изврши дополнување на постојниот акт за систематизација на Управата за ветеринарство, со цел да се воведат работни места кои се од битно значење за обемот на работата, како, финансиски менаџмент, сметководство, внатрешна ревизија, управување со човечки ресурси, ИТ поддршка, контрола на квалитетот во работењето.
Во текот на 2008 година се очекува зголемување на бројот на вработените во Управата за ветеринарство.

Ќе се изврши обука на сите вработени во Управата за ветеринарство за процедурите и начинот на работење утврдени во новото законодавство, европската легислатива од областа на здравствена заштита на животните, благосостојбата на животните, безбедноста на храната од животинско потекло и добиточна храна, ветеринарно-медицински препарати и нуспроизводи од животинско потекло.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Ќе се продолжи со усвојување на подзаконски акти кои произлегуваат од веќедонесените закони во насока на усогласување на европското законодавство кои се однесуваат на услови за трговија на семе, јајца и ембриони, идентификација и регистрација на копитари и други животни, услови и благосостојба на експериментални животни, посебни правила за добиточна храна: адитиви за добиточна храна, несакани супстанции, мединирана добиточна храна и др.

Следењето на ветеринарното ЕУ Acqius и негова транспозиција во националното законодавство ќе продолжи и во иднина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зголемување на бројот на вработувањата во рамки на Управата за ветеринарство во текот на 2009 и 2020 година..

На среден рок планирано е анализирање на можноста од формирање на тело за ветеринарна политика и безбедност на храната, со цел воспоставување на интегриран систем за безбедност на храна, по праксата воспоставена во повеќе земји членки на ЕУ.

Исто така ќе се работи на зајакнување на капацитетите на Управта за ветеринарство што подразбира:

- Иградба на ефикасен и обучен кадар согласно барањата на ЕУ ,
- развој на ВИС-Ветеринарен Информативен Систем (ИТ опрема за ветернираните инсепктори и Управата за ветеринарство и креирање на интегриран ИТ систем),
- набавка на соодветна опрема за ветеринарните инспекциски служби за тереснко работење,
- обезбедување на услови за ефикасен систем за идентификација и регистрација на овци и кози (набавка на ушни маркици, ГИС систем и ГДП уреди, ПДА читачи)
- набавка на опрема за спроведување на плановите за итни мерки за борба со болести како лигавка и шап, свинска чума и авијарна инфлуенца
- Изготвување на Физибилити студија за можностите во поглед на собирање, транспорт, отстранување на нус-производи од животинско потекло (регионални депонии-јами во комбинација со инцинератори или други солуции), проценка на влијанието врз животната средина за опцијата која е избрана и средства за финансирање на избраната опција.
- Спроведување на кампања за подигање на свеста наменета за производителите (кланици, млекраници, прерaботувачуи на СМЕ, посебно оние кои се извозно ориентирани за ЕУ) со цел нивно информирање за дизајнот и критериумите за конструирање за фармите и преработувачките погони, услови за производство и ставање во промет на бебзедна храна (ГМП,ХАЦПП итн.) вклучувајќи извозни пазари;

По однос на Ветеринарната лабораторија и лабораторијата на Институтот за безбедност на храна во рамките на Факултетот за ветеринарна медицина, како референтни лаборатории, ќе се работи на зајакнување со опрема и ќе се спроведуваат соодветни обуки за ракување со опремата.

## 3.12.3 **СТАВАЊЕ НА ПАЗАР НА ХРАНА И ДОБИТОЧНА ХРАНА**

види повеќе 3.12.2

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Донесени се Законот за јавно ветеринарно здравство** (Сл. весник на РМ бр. 114/07) со кој се уредуваат општите и посебните услови за вршење на јавното ветеринарно здравство и здравствената заштита на животните во однос на јавното ветеринарно здравство, и тоа: обврските на операторите со храна, регистрирање и одобрување на оператори со храна и објекти, увоз и извоз на храна, службени контроли на храната и нивно финансирање, мониторинг на резидуи и недозволени супсатнции, зоонози и причинители на зоонози, антимикробна отпорност, како и други прашања од значење на ветеринарното јавно здравство, како и **Законот за нуспроизводи од животинско потекло** (Сл.весник на РМ 113/07) со кој се уредуваат категоризацијата, собирањето, превезувањето, отстранувањето, преработката, употребата и складирањето на нус производи од животинско потекло од аспект на здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за ветеринарно јавно здравство ќе се донесат правилници кои ја регулираат постапката на одобрување и регистрација на оператори со храна, како и посебните барања на храната од животинско потекло: за месо и месни производи, млеко и млечни производи, други производи, риби, мекотели, услови за колење на животните и др.

Во насока на подобра имплементација на Законот за нус-производи од животинско потекло ќе се донесат повеќе подзаконски акти кои ќе бидат во согласност со европското законодавство.

## 3.12.4 **ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со цел спроведување на политиката за безбедност на храна донесени се повеќе стратешки документи кои се усвоени од Владата на РМ:

- Стратегија за безбедност на храната на Република Македонија, за периодот 2007-2012.
- Стратешки план на Дирекцијата за храна за 2008-2010г.
- Годишен план и програма за работа на Дирекцијата за храна за 2008 година

Донесен е Законот за изменување и дополнување на законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Службен весник на РМ бр. 84/2007). Со донесувањето на измените на законот се изврши усогласување на националното законодавство со следните регулативи:. 178/2002, 852/2004, 882/2004. Согласно Законот за безбедност на храната се донесени осум правилници кои се усогласени со ЕУ законодавството.

Објавени се и 4 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за тутун, а се во согласност со европското законодавство. Истите се однесуваат на дозволени и забранети адитиви, дозволени адитиви во тутунските производи.
Доесени се 6 национални прописи-подзаконски акти кои ја доуредуваат политиката на безбедност на храна.
Донесени се други публикувани документи кои се однесуваат на работата на Дирекцијата за храна и истите се усогласени со европското законодавство и тоа:

1. Превод на водич од DG SANCO согласно регулативата 852/2004
2. Превод на водич од DG SANCO согласно регулативата 853/2004 и
3. Водич за означување на прехранбените производи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Дирекцијата за храна како орган во состав на Министерството за здравство има надлежност на вршење на стручните и управните работи во областа на безбедноста на храната и производите и материјалите кои што доаѓаат во контакт со храната. Преку државните инспектори за храна се врши контрола во сите фази на производството и прометот со храната, вклучувајќи ги и угостителските објекти и увозот и извозот на храна. Дирекцијата за храна воспоставува и систем за анализа на ризик, овозможува заштита на потрошувачите и обезбедува брзо информирање од областа на храната.
Вкупниот број на вработени во Дирекцијата за храна е 87. Согласно новата систематизација, Дирекцијата за храна е составена од три сектори кои во својот состав ги имаат повеќе одделенија:

- **Сектор за стандарди за храна**;
    - Одделение за нормативни и управно правни работи и човечки ресурси,
      Одделение за административни работи и информатичко-аналитички систем,
    - Одделение за заштита на потрошувачите,
    - Одделение за видови нутритивна храна, додатоци на храна, храна од ГМО и храна произведена со иновирани технологии,
    - Одделение за обезбедување на квалитет.

- **Сектор за инспекциски надзор кој во својот состав има** пет (5) подрачни одделенија за инспекциски надзор
- **Сектор за анализа на ризик**.
    - Одделение за проценка на ризик,
    - Одделение за комуникација и информација со ризик кое е истовремено го следи системот за брзо предупредување RASFF,
    - Одделение за научно-стручни работи и поддршка за меѓународни проекти,
      Одделение за мониторинг програма за безбедноста на храната.

Новите активности на одредени одделенија кои се предвидуваат со новата систематизација се следните:
- **Одделението за заштита на потрошувачите** ќе биде да се води сметка за заштита на потрошувачите од заблуда, при што ќе се врши детекција на означувањата на храната, ќе се изготвуваат информации за најдената состојба , ќе се врши евидентирање на претставки, систематизирање, евалуирање и подготовка на информации за истите. Истовремено ќе се врши следење на рекламирањето на храна во пишаните и електронските медиуми, ќе се учествува во изготвување на мониторинг програма за безбедност на храната во областа на заштита на потрошувачите, ќе се врши и информирање и едуцирање на потрошувачите, односно ќе се врши развивање и унапредување на политиката за заштита на потрошувачите.

Активности на ова одделение ќе бидат следење на спроведувањето на означувањето на тутунските производи согласно Законот за тутун и тутунски производи.

- **Одделението за храна за посебна нутритивна употреба**, **додатоци на храна**, **храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО** ќе врши евидентирање на производните капацитети за производство на нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО, ќе подготвува одобренија за овие производители врз основа на поднесени барања и ќе ја следи палетата на производи на овие производители. Истовремено ќе се врши и евидентирање на производите на пазарот во РМ, од увоз и од домашно производство, од категориите нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО. Дел од работата на ова одделение е и издавање на мислења на производителите и увозниците по нивно барање во однос на на храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО.

Следењето на маркетингот и на рекламирањето на храна за посебна нутритивна употреба, додатоци на храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО истотака ќе биде дел од работата на ова одделение.

- **Одделение за обезбедување на квалитет** ќе се грижи за воведување на ИСО стандард 9001-2000 во Дирекцијата за храна и ќе биде носител на оваа активност до сертифицирање на ИСО 9001, а понатаму ќе се грижи за оддржување на ИСО 9001 стандардот во Дирекција за храна.

Како следна задача за ова одделение ќе биде подготвување на инспекциско тело за акредитација односно на Секторот за инспекциски надзор за акредитација со ISO 17020 стандардот.

Следна задача на ова одделение ќе биде подготвување на Дирекцијата за храна за имплементација на CAF стандардот, односно проценка за подготвеноста за имплементација на овој стандард во Дирекцијата за храна.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната планирано е да бидат донесени следните правилници кои ќе бидат во согласност со европското законодавство:

1. Правилник за утврдување на содржината на ерука киселина во мастите и маслата ;
2. Правилник за посебните барања на храна и ингридиенти добиени со иновирани технологии
3. Правилник за микробиолошките критериуми за безбедност на храната;
4. Измени и дополнувања на Правилникот за безбедност на водата за пиење;
5. Правилник за начинот и методите на земањето на мостри.
6. Правилник за посебните барања за безбедност на генетски модифицирана храна
7. **Правилник за методите на службена контрола и сертификација за увоз и извоз и внатрешен пазар на свежо овошје и зеленчук**
8. Предлог правилник за посебните барања за алкохолни пијалоци.
9. Правилник за посебните барања на кои треба да ги исполнуваат предметите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.
10. **Правилник за одредување на максимално дозволено ниво на радиоактивност на прехранбени производи што се последица на нуклеарна катастрофа или било каква радиолошка несреќа**.

Следните прописите, кои се планираат на краток рок не се успогласени со европско законодавство но се во насока на спроведување на политиката за безбедност на храна и истите ќе бидат дел од националното законодавство.

1. Правилник за квалитетот на житата, мелничките и пекарските производи
2. Правилник за квалитетот на освежителните безалкохолни пијалоци;
3. Правилник за квалитетот на маслата за јадење и маста од растително потекло, маргаринот, мајонезот и на нив сродни производи;
4. Правилник за квалитетот на чајот, зачините, пекарскиот квасец, прашак за пециво и прашокот за пудинг;
5. Правилник за квалитетот на кексот и на производите сродни со кекс;
6. Правилник за квалитетот на оцет и разблажена оцетна киселина;
7. Правилник за квалитетот на готовите супи и концетрати за сосови;

Покрај донесувањето на правните акти, на краток рок ќе се работи и на:

- Развивање на програма за анализа и проценка на ризикот во одделни видови храна во рамките на Дирекцијата за храна.
- Вршењето на инспекцискиот надзор врз основа на анализа на ризикот.

- Евалуација на резултатите од националната мониторинг програма за безбедноста на храната и надоградување на истата.
- Јакнење на политиката за заштита на потрошувачите.
- Сертификација на ISO 9001 стандардот .
- Воведување во постапката за акредитација Секторот за инспекциски надзор за стандардот ISO 17020
- Имплементирање на Стратегијата за контрола на безбедноста на храната на РМ 2007-2012 со Акционен план

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Во однос на вработувањата на краток рок планирано е**:
- Зајакнување на контрола за безбедност и квалитет на храната со обезбедување на соодветен број на инспектори за храна
- Прибирање на податоци за оформување на базата на податоци за небезбедна храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната
- Следење, евалуација и извештај од спроведената Национална мониторинг програма за контрола на безбедноста на храната и ревизија и надградба во однос на добиените резултати
- Ажурирање  на податоците во регистерот за евиденција на производните капацитети за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО во РМ
- Воспоставување на мрежно поврзување на институциите поврзани со контролата на безбедноста на храната

**Во однос на обуки предвидено е реализирање на**:
- соодветни обуки за инспекторите за храна (за новите вработени)
- соодветни обуки за инспекторите за храна за користење на опрема
- Обуки за Државните инспектори за храна за издавање на сертификатите за безбедна храна по барање на извозниците на храна
- Обука на инспекторите за храна за вршење надзор во објекти со имплементиран HACCP систем
- Обука за инспекторите за користење на апликативниот софтвер за контрола на безбедноста на храната
- Обуки на вработените во Одделението за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО
- Обуки на вработените во Одделението за квалитет во работењето и запазување на стандардните процедури во Дирекцијата за храна

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

На среден рок предвидено е имплементација и евалуација на постоечката правна рамка, а воедно ќе се работи на донесување на подзаконски акти од Законот за безбедност на производи кои ќе бидат усогласени со европското законодавство.законодавството.

Други планирани активности се:
- Развивање на програма за анализа и проценка на ризикот во одделни видови храна во рамките на Дирекцијата за храна.
- Вршењето на инспекцискиот надзор  врз основа на анализа на ризикот.
- Евалуација на резултатите од националната мониторинг програма за безбедноста на храната и надоградување на истата.
- Јакнење на политиката за заштита на потрошувачите.
- Акредитација   на Секторот за инспекциски надзор при Дирекцијата за храна со стандардот ISO 17020
- Надоградување на Стратегијата за контрола на безбедноста на храната на РМ 2007-2012 со Акционен план

Со цел подобро спроведување на политиката за безбедност на храна на среден рок ќе се следат сите новини во законодавството на ЕУ и истите ќе се имплементираат во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Планирано е зајакнување на контрола за безбедност и квалитет на храната со обезбедување на соодветен број на инспектори за храна .

Од аспект на обуки на среден рок предвидено е реалзирање на:
- соодветни обуки за инспекторите за храна
- Обуки на вработението во Одделението за видови нутритивна храна, храна произведена со иновирани технологии и храна од ГМО.

- Обуки на вработените во Одделението за квалитет во работењето и запазување на стандардните процедури во Дирекцијата за храна.

### 3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ДОБИТОЧНА ХРАНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Одговорни институции за спроведување на аспектите за посебните правила за добиточна храна се Управата за ветеринарство, Државен земјоделски инспекторат и Фитосанитарна управа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА** – Види повеќе 3.12.2

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Ќе се донесе Законот за исхрана на животните кој** ќе се опфаќа надлежности, структира на надлежните органи, начин и постапка на извршување на службените контроли и обезбедување на висок степен на заштита на здравјето на луѓето и животните, животната средина од активностите поврзани со хигиената на добиточната храна и исхраната на животните. Исто така законот ќе се однесува и на адитивите, недозволените супстанции во добиточната храна, медицинирана добиточна храна и др.

### 3.12.6 ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**Стратешки документи** кои ја дефинираат фитосанитарната политика и насоките за развој во ова подрачје се:
- Меѓународната конвенција за заштита на растенијата, IPPC
- Стандарди на Европската организација за заштита на растенијата, EPPO
- Стратегија за прилагодување на македонскиот земјоделско-прехрамбен сектор со САП,
- Стратешки план на МЗШВ 2007-2009,
- Национална стратегија за интегрирано гранично управување со Акционен план.

**Фитосанитарната управа** во текот на 2007 година донесе повеќе закони и подзаконски акти кои се усогласени со европското законодавство. Донесени се Законот за производи за заштита на растенија (Сл.весник на РМ бр.110/07) кој е усогласен со Директивата 91/414, Закон за ѓубрива (Сл.весник на РМ бр.110/07) усогласен со Регулативата 2003/2003, а додека согласно Законот за здравје на растенијата (Сл.весник на РМ бр.29/05) донесени се четири подзаконски акти за компир кои се објавени во (Сл.весник на РМ бр. 32/2007) и се во согласност со Директивата 69/464.

**Управата за семе и саден материјал** донесе девет подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ("Сл. весник на РМ" бр 97/2006), и истите се во согласност со европското законодавство.
Исто така донесен е и Закон за заштита на нови сорти на земјоделски растенија (Сл.весник на РМ бр 64/2007) . Овој Закон е усогласен со УПОВ Конвенцијата за заштита на нови сорти земјоделски растенија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За спроведувањето на фитосанитарната политика надлежна е Фитосанитарната управа како орган во состав на МЗШВ. Тековниот број на вработени е 29 **лица**, од кои на 10 гранични премини контролата ја вршат 16 **фитосанитарни инспектори**, 2 **фитосанитарни инспектори во внатрешноста**, 3 **лица раководители на одделенија**, 2 **помлади соработници**, 3 **технички лица** и 3 **регионални известувачи** и овластени институции за мониторинг на здравствената состојба на растенијата во РМ.

Согласно Законот за здравје на растенијата воспоставена е Државна фитосанитарна лабараторија која ќе врши дијагностицирање и детерминирање на штетни организми, анализа на физичко хемиски својства на средствата за заштита

на растенијата, анализа на активна материја, како и биолошки испитувања по одредени области од фитосанитарната законодавство. Лабараторијата е во фаза на кадровско екипирање.

Инспекциски надзор и контрола во производството, прометот и употребата на средствата за заштита на растенијата вршат 26 државни земјоделски инспектори од Државниот инспекторат за земјоделство во состав на МЗШВ.

Во рамки на Фитосанитарната управа согласно новата систематизација од 2007 година, настана проширување науправата со формирање на 2 нови сектори од кои произлегуваат 6 одделенија. Организациона поставеност на **Фитосанитарната Управа се состои од**:

1. Сектор за Фитосанитарна инспекција со следните одделенија
- Одделение за гранична инспекција
- Одделение за внатрешна инспекција

2. Сектор за Агрохемија и Заштита на растенијата со следните одделенија
- Одделение за вештачки ѓубрива
- Одделение за производи за заштита на растенијата
- Одделение за заштита на растенијата
- Одделение за правна регулатива

Управата за семе и саден материјал е надлежна за спроведување на сертификација на семенски и саден материјал, испитување на нови сорти на земјоделски растенија, издавање на одобренија на увоз на семенски и саден материјал, водење на регистар на снабдувачи на семенски материјал и регистер на снабдувачи на саден материјал во моментот во оваа управа се вработени 6 вработени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Од страна на **Фитосанитарната управа** во 2008 година предвидено е да се донесат повеќе подзаконски акти кои ќе бидат усогласени со европското законодавство а ќе произлегуваат од Законот за здравје на растенијата и тоа: листа на штетни организми, регистрација на производители и увозници на растенија и растителни производи, наредби за контрола на компирот.

Во Управата за семе и саден материјал во делот на ***инспекциската контрола, контролата и следењето на болести и штетници согласно европската директива за здравје на растенијата*** *2000/29* ***потоа во делот на ,издавање на одобренија за увоз на средства за заштита на растенијата кои се во согласност со директивата за производи за заштита на растенијата*** *91/414,*. предвидено е донесување на повеќе подзаконски акти..
Во областа на ***структурните политики***, предвидено е донесување на годишна Програма за за заштита на растенијата и спроведување и имплементирање мерките од програмата.
Во наока ратификација на УПОВ КОнвенцијата предвидено е донесување на Законот за ратификација на УПОВ Конвенцијата.

**Согласно стратешкиот план на Управата за семе и саден материјал на краток рок предвидено е реализирање на следните цели и активности**:

- Апроксимација на националното законодавство со регулативите на ЕУ и имплементирање на меѓународните стандарди и методи (изготвување на подзаконски акти согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоселски растенија и Законот за заштита на нови сорти на земјоделски растенија) ;
- Водење на регистарот за снабдувачи на семенски материјал и регистарот за снабдувачи на саден материјал за земјоделски растенија; организирање на евидентирањето, одржувањето и трајно чување на семенскиот и садниот материјал во Националната Ген Банка; контрола над производството на семенски материјал во текот на вегетацијата
- Воведување на нови поквалитетни сорти со повисока генетска продуктивност и зголемување на земјоделското производство;
- Зголемување на употребата на сертифициран семенски и саден материјал од сорти признати и произведени во Република Македонија;
- Воспоставување на пред и пост контрола на партии семенски материјал произведени во Р.Македонија;
- Подобрување на сместувањето, подолготрајно чување и оддржување на квалитетните својства на семенскиот материјал;
- Испитување на квалитетните својства на семе и саден мтеријал од земени сорти;

- Компензација на трошоците на активностите на овластените производувачи на сертифициран и високоприносен семенски материјал особено кај културите со низок принос кои се под влијание на зголемен конкурентен притисок,

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е институционално зајакнување и кадровксо екипирање на Фитосанитарната управа и Управата за семе и саден материјал, зајакнување на институционалните капацитети на централно и локално ниво со цел зајакнување на контролниот систем за контрола на увозот, извозот и ре-експортот. Имплементирање на пасошкиот систем, издавање на пасоши на растенијата. Зголемување на бројот на фитосанитарни инспекциии на растенијата.

**Согласно Стратешкиот план на Управата за семе и саден материјал на краток рок предвидени се следните активности**:

- Кадровско доекипирање на Државна Фитосанитарна Лабараторија
- Спроведување на обуки согласно Стратегијата за земјоделство и рурален развој со цел навремено и компетентно имплемнтирање на новите методи за аналитика, дијагностика и контрола на квалитетот и здравствената состојба на семето и садниот материјал, (во соодветни европски лаборатории и во соработка со домашни и странски експерти).
- Обезбедување на научна и стручна литература и пристап до бази на податоци.
- Обезбедување на дополнителни простории за потребите на одредени лаборатории и доопремување на истите.
- Учество во меѓународен и домашни проекти од областа на заштитата на растенијата
- Спроведување на лабораториски испитувања согласно меѓународните протоколи и меѓународно признати и стандардни методи.
- Воспоставување, верификација и испитување на ПЗР според ЦИПАЦ методите (10 хроматографски методи (10 нови активни супстанци) согласно годишната програма на ФУ.
- Воспоставување, верификација и дијагностика на штетни организми согласно ЕППО методите и други меѓународно признати методи (нематологија, 4 методи, бактериологија – 4 методи, мол. дијагностика – 7 - методи, микологија - 7, вирологија 8 серолошки и 4 молекуларни, ентомологија – макроскопска и микроскопска идентификација.
- Воспоставување, верификација и испитување на семе и саден материјал согласно методите на ИСТА.
- Анализирани примероци (рутински анализи) согласно годишната програма на ФУ и бројот на доставени примероци од старна на релевантните инспекциски служби.
- Помош на МЗШВ при изготвување на земјоделската развојна политика во областа на заштитата и здравјето на растенијатанија и учество во следливоста и мониторинг на застапеност на штетните организми согласно со барањата од ЕУ Директивите во соработка со Управата за Заштита на растенија при МЗШВ.
- Воспоставување на систем за управување со квалитет согласно меѓународниот стандард ИСО 17025 и подготовка на лабораторијата за акредитација. (изработка на документи од прво, второ, трето и четврто ниво, калибрација на мерните уреди)
- Информирање на земјоделските производители за активностите на лабораторијата,
- Отстранување на отпадот и минимизирање на последиците по животната средина согласно законот за управување со отпад.
- Контрола за здравје на растенијата, производи за здравје на растенијата и ѓубрива на територијата на Р.М.

Предвидено е кадровско зајакнување на Управата за семе и саден материјал во 2008 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

По однос на Фитосанитарната политика предвидено е понатамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, како и реализација на повеќе активности, и тоа: донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за производи за заштита на растенија, постапки за регистрација на производители и увозници на растенија и растителни производи, издавање на пасоши за растенија и воведување на концепт на заштитни зони и обука на персоналот за барањата на заштотните зони.

По однос на делот кој се однесува на семето и саден материјал, ќе се работи на усогласување на националното законодавство со ЕУ законодавството и ќе продолжи со усвојување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и Законот за заштита на нови сорти на земјоделски растенија "

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел ефикасно вршење на надзор и контрола предвидено е вработување повеќе лица на централно и локално ниво, во Фитосанитарната управа.

Предвидено е едуцирање на стручниот кадар за вршење на стручна контрола и постконтрола над производството на семенски посеви и насади преку официјални организациони шеми на ОЕСБ, едукација на стручниот кадар за спроведување на постапка за признавање на сортата на докажување на различност, еднообразност и стабилност на

сортата (BTJS тест), учество на Меѓународни состаноци организирани од страна на 1STA, TJPOУ и OECO заради следење на европскoто законодавство,  како и зачленување во 1STA и TJPOУ.
Во Управата за семе и саден материјал во 2010 предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за Ген Банка.

## 3.13 **РИБАРСТВО**

### 3.13.1 **УПРАВУВАЊЕ, ИНСПЕКЦИЈА И КОНТРОЛА НА РЕСУРСИ И ФЛОТИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
За целите на усогласување на македонското законодавство со истото на ЕУ во областа на рибарството, особено во однос на структурните и пазарни политики и системот за информирање во рибарството и аквакултурата, во 2007 година беше изготвен и доставен во Собраниска процедура Законот за рибарство и аквакултура (Службен весник на РМ бр. 7/08). Законот претставува и правна рамка за понатамошно уредување на политиката во рибарството во согласност со принципите на Заедничката политика за рибарство на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Одделението за рибарство (Сектор за земјоделство) со два (2) вработени е надлежно за изготвување, предлагање и спроведување на законската регулатива, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството.
Покрај Одделението за рибарство, непосредно одговорен за инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура (Службен весник на РМ бр. 7/08) е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ.
Надлежностите во однос на здравствената заштита на рибите ги врши Управата за ветеринарство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2008 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ќе ја регулираат политиката во рибарството.
Во областа на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството***, предвидено е донесување на девет подзаконски акти со кои ќе се уредат утврдувањето на риболовни подрачја, зони и ревири и рекреативни зони; стопански риболов, рекреативниот и спортскиот риболов; опремата, алатот и други средства во рибраството; како и вршење на контрола во рибарството.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во областа на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството***, за целите на поефикасно вршење на инспекциски надзор во областа во Државниот инспекторат за земјоделство предвидено е ново вработување во делот на инспекцијата за рибарство. Покрај тоа, за следење на структурните и пазарните политики и дистрибуција на информации од областа на рибарството, во 2008 година ќе се воспостави единствен ИКТ систем во рибарството.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Врз основа на Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 12 години (2008-2019) годишна активност ќе претставува подготовка на програми за унапредување на рибарството. Покрај тоа, активност која континуирано ќе се реализира во овој период е изработката на риболовните основи за риболовните ревири.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во областа на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството***, за целите на поефикасно вршење на надзор и контрола во областа предвидено е новон вработување на инспектор за рибарство во Државниот инспекторат за земјоделство во 2009 година.

### 3.13.2 **СТРУКТУРНИ АКТИВНОСТИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Види повеќе во 3.13.1 Управување, инспекција и контрола на ресурси и флоти

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Види повеќе во 3.13.1 Управување, инспекција и контрола на ресурси и флоти

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2008 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ќе ја регулираат политиката во рибарството.
Во областа на ***структурните политики***, предвидено е донесување на Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 12 години (2008-2019), како и годишната Програма за унапредување на рибарството во 2009 година, со предлог мерки и начин/упатство за реализација на истите. Покрај тоа, согласно Законот за рибарство и аквакултура (Службен весник на РМ бр. 7/08) и подзаконските акти од истиот, ќе се изработат и три риболовни основи за риболовните подрачја во Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во областа на ***структурните политики***, за целите за управување со средствата од Програмите за унапредување на рибарството, предвидено е кадровско зајакнување на Одделението за рибарство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Види повеќе во 3.13.1 Управување, инспекција и контрола на ресурси и флоти

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Види повеќе во 3.13.1 Управување, инспекција и контрола на ресурси и флоти и 3.13.3 Пазарна политика

## 3.13.3 ПАЗАРНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Види повеќе во 3.13.1 Управување, инспекција и контрола на ресурси и флоти

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Види повеќе во 3.13.1 Управување, инспекција и контрола на ресурси и флоти

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2008 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ќе ја регулираат политиката во рибарството.
Во областа на ***пазарната политика***, предвидено е донесување на три подзаконски акти со кои ќе се уредат квалитетот на рибите кои се ставаат во промет, начинот и формите на организирање и здружување во рибарството, како и техничките барања кои треба да ги исполнуваат риболовните пунктови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во областа на ***пазарната политика***, за целите на поефикасно вршење на инспекциски надзор на спроведувањето на пазарните политики во областа, предвидено е ново вработување на инспекторско место за рибарство во Државниот инспекторат за земјоделство. Покрај тоа, за потребите за вршење и следливост на стопанскиот риболов согласно законот, ќе се изградат и риболовни пунктови.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Види повеќе во 3.13.1 Управување, инспекција и контрола на ресурси и флоти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во областа на ***пазарната политика***, за целите на поефикасно вршење на инспекциски надзор на спроведувањето на пазарните политики во областа, предвидено е ново вработување на инспекторско место за рибарство во Државниот инспекторат за земјоделство во 2009 година, како и зајакнување на Одделението за рибарство, за потребите за следење на пазарите и развој на пазарните политики во 2009 година. Во овој временски период, тековна активност ќе претставува и изградба на риболовни пунктови.

# 3.14 **СООБРАЌАЈНА ПОЛИТИКА**

## 3.14.1 **ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
*Пристап на пазарот*
Со Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл. весник на РМ бр. 68/04 и 127/06) се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Во Законот се имплементирани повеќе ЕУ мерки: Директива 96/26ЕЦ, Директива 84/647ЕЕЗ, Регулатива 56/83ЕЕЗ, Регулатива 684/92ЕЕЗ, Регулатива 881/92 ЕЕЗ, Регулатива 3118/93ЕЕЗ, Регулатива 792/94ЕЗ, Регулатива 3315/94ЕЗ, Регулатива 12/98ЕЗ, Регулатива 2121/98ЕЗ. Врз основа на Законот, во 2007 година донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

*Фискални прашања*
Со Законот за јавни патишта (Сл. весник на РМ бр. 26/96, 40/99, 96/00, 29/02, 68/04, 31/06, 30/07 и 137/07) се уредуваат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се имплементирани следните директиви: Директива 62/99, Директива 52/04.
Донесена е Одлука за наплата на патарина за користење на автопатиштата во Република Македонија (Сл. весник на РМ број 50/07) чија примена започна од 01 јануари 2008 година. Со оваа Одлука е предвидено, начинот на наплата на патарината наместо врз основа на висината на цената на горивото да се врши врз основа на користењето на инфраструктурата.

*Опасни материи*
Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај (Службен весник на РМ бр. 92/07) во кој се уредени условите под кои се врши превозот на опасните материи (подготвување на материјата, товарење, превоз, попатни манипулации, истовар, безбедност во превозот, опремување на возилата и обука на кадри). Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

*Безбедносни прашања*
Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ бр. 54/07) се утврдени мерките за заштита на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, условите кои мора да ги исполнуваат возилата во сообраќајот на патиштата, уредите и опремата што мора да ги имаат возилата, условите за стекнување на право за управување со возила, проверка и техничка контрола на возилата и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 2002/85ЕЗ, 1996/53ЕЗ, 1991/671ЕЗ, 1985/3820ЕЗ, 1985/3821ЕЗ, 1991/439, 1997/26ЕЗ, 2002/15ЕЗ, 2004/11ЕЗ, 1992/6ЕЗ, 2000/56ЕЗ, 1996/47ЕЗ, 1996/96, 2003/127, 1989/459ЕЗ, 1988/599ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт – орган во состав на Министерството за транспорт и врски овластен за инспекциски надзор, Министерството за финансии – Царинска управа и Единиците на локална самоуправа.

Во Министерството за транспорт и врски постојат три одделенија во рамките на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура за работата околу превозот на патници и стоки во патниот сообраќај:
- Одделение за товарен сообраќај.
- Оделение за превоз на патници.
- Одделение за превоз на опасни материи.

Министерството за внатрешни работи е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај, се: Сектор за сообраќајни работи; Полициските станици и Полициските одделенија за безбедност во патниот сообраќај, кои работат во составот на 8-те Сектори за внатрешни работи, и новоформираната Автопатска сообраќајна полиција во рамките на Централните полициски служби.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Закон за јавни патишта

Со цел воспоставување на правна рамка за реструктуирање на патниот сектор соглано најдобрите практики на Европската унија, се налага потреба од донесување на нов Закон за јавни патишта, со кој целосно ќе бидат регулирани односите во патната инфраструктура со јасно дефинирање на надлежностите и задачите на институциите задолжени за патната инфраструктура.

Со предлогот на Законот е предвидено трансформирање на постојниот Фонд за магистрални и регионални патишта во Агенција за државни патишта и преструктуирање на Јавното претпријатие Македонијапат.

Во таа смисла со решенијата предвидени во новиот закон ќе се надминат постојните негативности во патниот сектор и ќе се овозможи правилно и целосно разграничување на надлежностите на одделни институции како и воведување на конкуренција во оваа област и укинување на монополистичката положба на постојното јавно претпријатие Македонијапат.

Во првата половина на 2008 година ќе се донесе Одлука за висината, начинот на плаќање, евиденцијата и контролата на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила.

Безбедност во сообраќајот на патиштата

Во текот на 2008 година ќе биде донесен Законот за измена и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Со измените и дополнувањата ќе бидат отстранети практичните проблеми и дилеми кои се јавија при примената на постојниот Закон.

Согласно усвоениот Акционен план за усвојување на ЕУ регулативите за тахографи, предвидено е донесување на Правилниците со кои ќе се уредат прашањата поврзани со употребата на тахографите.

Предвидено е донесување на Национална програма за безбедност во сообраќајот на патиштата.

Пристап на пазарот

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Словачка
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Црна Гора

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со заокружувањето на правната рамка со која се регулираат односите во областа на патниот транспорт на патници и стоки, се отпочна со реализација на активностите околу спроведување на испитите за добивање на сертификати за професионална компетентност на управителите или од нив овластени лица за превоз, како и за возачите кои учествуваат во меѓународниот сообраќај. Овие активности ќе продолжат во текот на 2008 година.
Секоја транспортна компанија во Република Македонија која ги исполнува условите предвидени во Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, може да аплицира за добивање на лиценца за вршење на одделни видови превоз во патниот сообраќај

Предвидено е изработка на систем за електронско аплицирање и доделување на возни редови за превоз на патници.

Во текот на 2008 година ќе се имплементираат систематизираните организациони единици од областа на сообраќајот во рамите на Секторите за внатрешни работи, Министерство за внатрешни работи.
Се предвидува едуцирање на кадрите од новосистематизираните работни места од областа на сообраќајот, како што се: Комесар за безбедност во сообраќајот на патиштата, инспекторите за безбедност, работните места во Оддлението за превентива, Командирите на полициските станици и полициските одделенија за безбедност, Раководителите на увидните екипи и сообраќајните полицајци од техничката група за сообраќај. При едукацијата, персоналот ќе биде запознаен со Процедурите за постапување во разни прилики и состојби во сообраќајот.

Предвидено е зајакнување на институционалните капацитети во Државниот инспекторат за транспорт преку компонента 1 на ИПА програма.

Со цел зајакнување на капацитетот на институциите надлежни за спроведување на законските прописи од областа на патниот транспорт предвидено е вработување на нови лица во Министерството за транспорт и врски, Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во Министерството за внатрешни работи, Сектор за сообраќај и во Државниот инспекторат за транспорт. Исто така предвидено е заради зајакнување на капацитетот на Државниот инспекторат за транспорт, одржување на Обука за спроведување на инспекциските контроли при вршење на превозот на патници и стоки во патниот сообраќај.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Пристап на зедничкиот пазар на транспорт

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Чешка,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска,

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел понатамошно зајакнување на капацитетот на институциите надлежни за спроведување на законските прописи од областа на патниот транспорт предвидено е вработување на нови лица во Министерството за транспорт и врски, Сектор за патен сообраќај и инфраструктура, во Министерството за внатрешни работи, Сектор за сообраќај и во Државниот инспекторат за транспорт.

Во периодот 2009-2010 година ќе се направи институционално зајакнување на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура преку организирање на ТВИНИНГ или друга подолготрајна програма за обука и целосна хармонизација на законската регулатива.

## 3.14.2 ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**Законски акти**

Во текот на 2007 година донесени се следните закони:

1. **Закон за железниците** („Сл. весник на РМ 64/05 и 24/07) се уредува организацијата на железничкиот систем, начинот и условите за извршување на железничкиот превоз, управување, изградба, реконструкција, ремонт, одржување и заштита на железничката инфратрсуктура, како и пристпот до истата, условите за давање под концесија за изградба на нова или управување со целата или со дел од железничката инфрастуктура, финансирањето на железничката инфратсруктура, вршење на услуги од јавен интерес и надзор. Законот е услогласен со следните директиви 319991L0440, 32001L0012, 320010013, 32001L0014, 32004L0049.
2. **Закон за безбедност во железничкиот сообраќај** („Сл.весник на РМ 40/07) се уредуваат условите за безбедно, уредно и непречено одвивање на железничкиот сообраќај на цела територија на Република Македонија, преку воведување и воспоставување на зеднички безбедносни показатели, зеднички безбедносни цели и заеднички безбедносни методи. Законот е услогласен со директивата 32002L0049.
3. **Закон за договори за превоз во железничкиот сообраќај** („Сл.весник 55/07) се уредуваат правата и обврските кои произлегуваат од договорите за превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот железнички сообраќај. Законот е усогласен со Конвенцијата за меѓународен превоз на стока и патници (COTIF), која ги содржи правилата на CIV за меѓународен превоз на патници по железници и CIM за меѓународен превоз на стока по железници.

Со донесување на подзаконските акти за начинот на издавање и одземање на дозволата за вршење јавен превоз на патници и стока во железнички сообраќај и решението за безбедност, формата и содржината на образецот на дозволата и решението, формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени дозволи и решенија, како и висината на надоместокот за издавање на дозволата и решението за безбедност, од 01.01.2008 година секој заинтересиран железнички превозник може да аплицира за добивање на дозвола за вршење јавен первоз и решение за

безбедност, доколку ги исполнува условите согласно Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија број 64/05 и 24/07).

*Финансирање на жлезничката инфраструктура:* Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2007 година се обезбедија средства во висина од 150.000.000 денари за инвестиции во железничката инфраструктура. Владата на Република Македонија ја донесе Програмата за инвестиции во железничката инфраструктура за 2007 година („Службен весник на Република македонија број 22/07, 88/07 и 120/07).

Согласно Законот за железниците, Владата на Република Македонија ја донесе Националната програма за железничка инфраструктура за период од 2008-2012 година и истата е доставена до Собранието на Република Македонија за донесување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

*Процес на трансформирање на ЈП Македонски железници:*

Двете нови компании: Јавно претпријате за железничка инфраструктура Македонски Железници и Македонски Железници Транспорт А.Д. се регистрирани во Централниот регистар на РМ и започнаа да работат како два независни правни субјекта со посебни сметки. На предлог на Министерството за финании, Владата на Република Македонија го усвои концептот за преструктуирање на железничкиот долг на одржливо ниво.

Формиран е Сектор за железници во Министерството за транспорт и врски, кој покрај останатите задолженија, ќе има улога на регулаторно тело (до формирањето на Агенцијата) и орган кој ќе издава дозвола за јавен превоз и решение за безбедност на железнички превозник, како и дозвола и решение за управување со железничка инфраструктура. Во состав на Секторот се две одленија: Одделение за железнички сообраќај и Одделение за железничка инфраструктура.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги** (во Собраниска процедура) се уредува основањето, надлежностите, организацијата и начинот на вршење на работата и раководењето со Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги, се утврдуваат изворите за обезбедување на средства за финансирање на работата на Агенцијата и надзорот над работата. Согласно одредбите од законот, Агенцијата ќе започне со работа од 01.01.2009 година. Законот е во целост усогласен со членовите 30 и 31 од Директивата 32001L0014.

Во текот на 2008 година ќе следи спроведување на истите, преку донесување на подзаконските акти.

*Овозможување на пристап до железничката инфраструктура*:

Со заемот од Светската банка во тек е реализција на Студија за утврдување на надоместок за пристап на железничката инфраструктура. По спроведена постапка, согласно правилата на Банката избрана е консултантската куќа СИСТРА која ја изготвува Студијата. Првичниот извештај е веќе одобрен од страна на Комитетот на технички експерт, а во месец декември доставен е нацрт финалниот извештај за разгледување и усвојување. Студијата треба да биде изработена до крајот на првиот квартал на 2008 година и врз основа на Студијата ќе се доненсе Одлука за утврдување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура.

*Утврдување на обврски за услуги од јавен интерес:*

Со заемот од Светската банка во тек е реализција на Студија за услуги од јавен интерес во железничкиот превоз на патници. По спроведена постапка согласно правилата на Банката избрана е консултантската куќа СКОТ ВИЛСОН која ја изготвува Студијата. Првичниот извештај е веќе одобрен од страна на Комитетот на технички експерти. Консултантот го достави нацрт завршниот извештајот, кој е во фаза на разгледување од страна на Комитетот на технички експерти и менаџерскиот тим на Македонски железници Транспорт А.Д. Студијата треба да биде изработена до крајот на првиот квартал на 2008 година и врз основа на Студијата ќе се донесе Одлука за утврдување на патнички линии од интерес на државата.

Согласно Законот за железници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 24/07), со цел да се оствари јавен инерес, во железничкиот превоз на патници во Република Македонија каде што приходот остварен од транспортните услуги не може да ги покрие трошоците, како и да ја зголеми способноста на превозниците во железничкиот превоз на патници да биде конкурентен со другите видови на превоз, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за транспорт и врски, а врз основа на добиените резултати од Студијата, најдоцна до 30 јуни 2008 година ќе ги определи

таквите услуги. За остварување на оваа услуга од јавен интерес (превоз на патници по железница) на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, советите на единиците можат да ги определат таквите услуги, за што го известуваат Министерството за транспорт и врски.

Обезбедувањето на средства за оваа намена се врши во Буџетот на Република Македонија/Буџетите на ЕЛС, според слрдните критериуми:

- постоење на јавен интерес,
- достапност на друг вид на сообраќај,
- политика на државата во однос на цената на билетите за патнички железнички превоз и
- вложување во безбедноста на железничкиот сообраќај.

Министерот за транспорт и врски, преку јавен конкурс согласно Законот за јавните набавки ќе изврши избор на превозник. Избраниот превозник ќе склучува договор за период од најмалку 5 години со Владата на Република Македонија или градоначалниците на општините, односно градоначалникот на градот Скопје. Договорот ќе му обезбеди на избраниот превозник компензација на трошоците врз основа на пресметки утврдени со договорот.

*Либерализација на железничкиот пазар:*
Со заемот од Светската банка во тек е постапка за избор на консултантска куќа за изработка на Студија за приватизација на транспортната компанија. Согласно предвидената динамика се очекува договор со избраниот консултант да се склучи во првата половина на 2008 година, а ангажманот на консултантот да биде 14 месеци по склучување договорот.

Студија за приватизација на транспортното претпријатие, опфаќа и подготовка на тендерската докуметација и водење на целата постапка околу продажбата на оваа компанија.

*Намалување на бројот на вработените и на трошоците:*
Со заемот од Светската банка во тек е реализција на Студија за намалување на бројот на вработените и на трошоците. По спроведена постапка согласно правилата на Банката избрана е консултантската куќа СИСТРА која ја изготвува Студијата. Првичниот извештај е веќе одобрен од страна на Комитетот на технички експерти. Консултантот го достави нацрт финалниот извештајот, кој е во фаза на разгледување од страна на Комитетот на технички експерти и менаџерскиот тим на Македонски железници Транспорт А.Д и ЈП Македонски железници Инфраструктура. Студијата треба да биде изработена до крајот на првиот квартал на 2008 година.
По изработка на Студија за намалување на бројот на вработените и на трошоците во ЈП за железничка инфаструктура Македонски Железници-Скопје и Македонски Железници Транспорт ќе треба да започне постапката за намлување на трошоците на работа.

*Финансирање на жлезничката инфраструктура:* По донесување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година од страна на Собранието на Република Македонија, согласно член 48 став (6) од Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05 и 24/07) управителот на инфраструктурата во согласност на Министерот за транспорт и врски ќе изработи Годишен план за за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура за 2008 година.
Согласно член член 48 став (7) од Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05 и 24/07) за остварување на Годишниот план за 2007 година, Министерот за транспорт и врски врз основа на извештајот на управителот на инфраструктурата ќе поднесе извештај до Владата на Република Македонија.
Согалсно член 48 став (2) од од Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05 и 24/07) Собранието ќе донесе Национална програма за железничка инфраструктура за период 2009-2013 година на предлог на Владата на Република Македонија, по донесување на Фискалната стратегија на Република Македонија.

ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА
Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и организирање на обуки на вработените.
Во текот на 2008 година се предвидуваат нови вработувања во Секторот за железници и Државниот инспекторат за транспорт.
До крајот на 2008 година, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија треба да се изврши избор на Претседателот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги. Управниот обор на Агенцијата по пат на јавен конкурс ќе изврши именување на Директорот на Агенцијата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**Законски акти**

Во текот на 2009 и 2010 година ќе се иницираат потрбни измени на законската регулатива со цел да се подобри работењето на железничкиот систем во целина во Република Македонија во согласност со новите директиви или измени на постојните директиви на Европската унија, како и да се развие комбиниран превоз во Република Македонија, имајќи ги во предвид реализацијата на Студиите во 2008 година.

*Пристап до железничката инфраструктура*: Ќе се продлжи со усогласување и подобрување на системот за утврдување и наплата на надоместок за пристап на железничката инфраструктура, преку подобрување на веќе развиениот алгоритам и доколку е потребно измена и дополнување на законската регулатива.
*Обврски за услуги од јавен интерес:* Ќе се продолжи со утврдување кои линии ќе бидат од интерес на Државата да ги оперира, за да се обезбедуваат средства во Буџетот на Република Македонија/ Буџетите на ЕЛС за 2010 и 2011 година кои ќе ги компензираат трошоците.

*Либерализација на железничкиот пазар:* Ќе се задржи определбата за привлекување на странски железнички претпријатија да оперираат на територијата на Република Македонија преку создавање на поволни услови за либерализација на пазарот.

*Финансирање на жлезничката инфраструктура:* По донесување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, согласно Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05 и 24/07) управителот на инфраструктурата со согласност на Министерот за транспорт и врски ќе изработи Годишен план за изградба, реконструкција, модернизација, ремонт и одржување на железничката инфраструктура за 2009 година.
Согласно Законот за железниците („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05 и 24/07) за остварување на Годишниот план за 2008 година, Министерот за транспорт и врски врз основа на извештајот на управителот на инфраструктурата ќе поднесе извештај до Владата на Република Македонија.
Исто така, Собранието на РМ ќе ја донесе Национална програма за железничка инфраструктура за период 2010-2014 година на предлог на Владата на Република Македонија, по донесување на Фискалната стратегија на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки на вработените заследење на законските прописи од оваа област, како и зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за транспорт.
Исто така, потребно е да се изврши екипирање на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги, согласно актот за Систематизација на работни места.

***Странска поддршка***:

Проект од Светска Банка за Реформа на железницата бр.83499 е во фаза на имлементација. Проектот има четири компоненти. Во номври 2007 година заврши процесот на преговорите меѓу Светската Банка од една страна и Министерство за финании и двете ново формирани компании ЈП Македонски Железници Инфраструктура и Македонски Железници Транспорт А.Д.од друга страна за потпишување на двата Договори за заем и Договор за гаранција, по поделбата на компаниите.

- **Компонента** 1: Техничка помош за преструктуирање, регулирање и припремни чекори за инволвирање на приватниот сектор, како и изградба на капацитетите и поддршка за имплементацијата. Вкупната вредност изнесува 1.52 милиони Евра.
- **Компонента** 2: Социјална компонента наменета за ублажување на социјалните препреки. Вкупната вредност изнесува 0.65 милиони Евра (0.4 милиони евра од буџетот на РМ како in-kind money, а 0.25 милиони евра од заемот).
- **Компонента** 3: Зголемување на оперативниот капацитет на МЖ Транспорт АД-Скопје. Вкупната вредност изнесува 7,90 милиони Евра.
- **Компонента** 4: Механизација за одржување на колосекот и модернизација на инфраструктурата за ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје. Вкупната вредност изнесува 5,25 милиони Евра.

Проектот се планира да заврши до 2009 година.

## 3.14.3 **ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Внатрешната пловидба се одвива на природните и вештачки езера во Република Македонија. Пловидба на реки не се одвива.

Безбедноста на внатрешната пловидба е регулирана со Законот за внатрешна пловидба (Службен весник на РМ бр.55/2007). Во законот е имплементирана Резолуција бр.24 од 15 ноември 1985 година, а се однесува на примената на CEVNI Европски правила за пловидба по внатрешни пловни патишта и измените на текстот на CEVNI.

Со Законот за внатрешна пловидба се утврдува внатрешната пловидба во Република Маќедонија, условите и начинот на користењето, одржувањето, обележувањето и заштитата на пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и капалишта, условите кои треба да ги исполнуваат пловните објекти, постапката за упис и бришење на пловните објекти, постапувањето во случај на пловидбена незгода, спасувањето и вадењето потонати предмети.

Во 2007 година се донесоа следните подзаконски акти, кои произлегуваат од Законот за внатрешна пловидба:

- Правилник за начинот на истакнување и веење на знаме (Службен весник на РМ бр. 156/07)
- Правилник за бројот и составот на членовите на екипаж за безбедна пловидба на бродовите во внатрешната пловидба, во зависност од погонските машински уреди. (Службен весник на РМ бр. 156/07)
- Правилник за начинот и постапката за вршење пробно возење на брод. (Службен весник на РМ бр. 156/07)
- Правилник за формата и содржината на легитимацијата на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба и начинот на нејзиното издавање и одземање образец за инспекторска легитимација. (Службен весник на РМ бр. 156/07)
- Правилник за видот и обележувањето на капалиштето(Службен весник на РМ бр. 156/07)
- Правилник за начинот на кој се врши нуркањето. (Службен весник на РМ бр. 156/07)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период, согласно овластувањата дадени со Законот за внатрешната пловидба, ќе се донесат подзаконски акти, со кои ќе се изврши понатамошно регулирање на областа на внатрешната пловидба. Поблиску ќе се уредат правилата, сигналите и ознаките за безбедна и уредна пловидба на пловните патишта на внатрешните води, формата и содржината на бродските исправи,книги, бродската книшка и дозволата за качување, образецот и содржината на главната книга на регистарот на бродовите, ќе се утврди план и програма, како и начин за полагање на испит за стекнување на звања и овластувања потребни за извршување на работи во внатрешната пловидба, поблиску ќе се пропишат опремата, конструкцијата на пловните објекти како и начинот на водење на регистар за истите, ќе се донесе акт со кој ќе биде целосно регулиран начинот на стекнување звање управувач на чамец со кој ќе биде пропишана програмата и начинот на полагање на испитот, како и ќе се регулираат условите за доаѓање и престој на странски пловни објекти во внатрешната пловидба наменети за спорт и рекреација.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на капацитетите на Капетанијата на пристаништа преку нови вработувања во текот на 2008-2010 година.

### 3.14.4 КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија не се донесени правни акти со кои се регулира вршењето на комбиниран транспорт, односно транспорт со користење на најмалку два вида на транспортни средства. Сепак, една од стартешките насоки во транспортниот сектор е развој на комбинираниот сообраќај, што е промовиран со усвоената Национална транспортна стратегија на РМ од 2007 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во соработка со приватниот сектор, Република Македонија ќе ја промовира и олесни изградбата на мултимодални јазли во Скопје, Струмица (Ново Село), Битола и Струга врз основа на соодветни компаративни и студии за изводливост.

### 3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**Закон за воздухопловство**

Со Законот за воздухопловство (Службен весник на Република Македонија бр.14/06) се регулира одвивањето на воздушниот сообраќај во Република Македонија. Законот за воздухопловство е усогласен и обезбедува примена во пракса на меѓународните договори од јавно правен карактер на кои Република Македонија е потписник. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство (Сл.весник на РМ.24/07) се изврши трансформација на Управата за цивилна воздушна пловидба,беа допрецизирани изворите на финансирање на новата Агенција за цивилно воздухопловство, и се изврши усогласување со одредбите од Законот за прекршоци и усогласување со меѓународните регулативи и стандарди.

**Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ECAA)**
Во февруари 2007 година Собранието на РМ ја ратификува Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (ECAA). (Сл. весник на РМ.27/07). Нејзина цел е креирање унифицирани услови за слободен пазар на услуги во воздушниот транспорт и унифицирани правила во областа на сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина на целата територија на европскиот континент. Создавањето на Европската заедничка воздухопловна област и членството на РМ во неа подразбира почитување на воздухопловните прописи и стандарди на ЕЗ со цел РМ да создаде поефикасен, поадекватен и поконкурентен транспортен систем.

**Подзаконски акти на Законот за воздухопловство**
Во тек е изработка на подзаконски прописи на новиот Закон за воздухопловство, од кои дел се донесени. Во тој контекст веќе се транспонирани осум регулативи и директиви на ЕУ согласно обврските од Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област: 31989L0391, 32003L0088, 32000L0079, 31990L0314, 31992L0059, 31993L0013, 31995L0046 и 32003R2042.

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

**Национална воздухопловна политика на Република Македонија**
Во мај 2007 година Владата на РМ ја усвои Националната воздухопловна политика на Република Македонија, која е главна основа за дефинирање на стратешките цели и приоритети на Република Македонија во областа на воздухопловството.

**Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија**
Националната стратегија за развој на воздухопловството беше усвоена од Владата на РМ на 31.07.2007 година.Со Стратегијата се даваат насоки за: модернизирање и оптимизирање на идната организациона структура на националниот воздухопловен сектор, исполнување на високите меѓународни стандарди за безбедност и сигурност, подобрување на воздухопловната инфраструктура, одржливост на животната средина во услови на пораст на обемот на воздушниот сообраќај, управување со воздушниот простор согласно принципот Единствено европско небо, либерализација на услугите во воздушниот транспорт, како и мерките за заштита на постоечките и новите корисници на услугите во воздушниот транспорт во Република Македонија.
Рокот на важност на Стратегијата е 5 (пет) години со проекција за следните 5 години. Стратегијата ќе се ревидира и ажурира двапати годишно во текот на првите 5 години од имплементацијата а потоа еднаш годишно.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Министерството за транспорт и врски**
Во Министерството за транспорт и врски е формиран Сектор за воздушен сообраќај. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на МТВ, СВС се состои од 2 (две) одделенија.

**Агенцијата за цивилно воздухопловство**
Согласно Законот за воздухопловство, Агенцијата за цивилно воздухопловство е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице со регулаторни функции на воздухопловна власт.

**Комисија за испитување на несреќи и сериозни инциденти во воздухопловството**
Во септември 2006 година е формирана Комисијата за испитување на несреќи и сериозни инциденти. Оваа Комисија ги испитува несреќите и сериозните инциденти на воздухоплови или падобрани во воздушниот простор на Република Македонија и е самостојна во својата работа. Има постојан член именуван од Владата на Република Македонија и променлив состав чии членови, во случај на несреќа или сериозен инцидент на воздухоплов или падобран, ги именува министерот за транспорт и врски од листата на воздухопловни стручњаци, во зависност од типот на воздухопловот за кој се работи.

**Ангажирање на консултантски тим заради изработка на студија со концесиски модел за развој на аеродромите „Александар Велики“ – Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид**

Во декември 2007 година, консултатнтската компанија NACO B.V. од Холандија изработи студија за концесиски модел за развој на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје и аеродромот „Св. Апостол Павле“– Охрид, која треба да даде насоки за развојот на аеродромите и начинот за нивно давање под концесија (или друг модел на приватизација). Следи објавување на меѓународен тендер од страна на Министерството за транспорт и врски.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Закони**
**Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај**
Предлог Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај со Предлог на Закон ќе биде доставен до Владата на РМ во јануари 2008 година. Се предвидува Законот да биде донесен од Собранието на РМ до април 2008 година.
Со донесување на овој Закон ќе се овозможи регулирање на приватно правната материја од областа на воздухопловството поврзана со договорот за превоз, т.е авиокартата за превоз на патници, одговорностите на авиопревозниците кои произлегуваат од договорот за превоз, надоместоците за штета, осигурувањето и слично. Законот ќе биде усогласен со следниве ЕУ мерки: 31992R2409; 31997R2027; 32004R0261, 32005R2111, 32004R0785 и 31989R2299.

Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај е усогласен и обезбедува примена во пракса на меѓународните договори од приватно правен карактер на кои Република Македонија е потписник, а тоа се:

- Конвенција за меѓународно признавање права на воздухоплови, Женева, 19.06.1948 година;
- Конвенција за изедначување на одредени правила во врска со превоз по воздушен пат, Варшава, 12.10.1929 година;
- Конвенција за изедначување на одредени правила во врска со превоз по воздушен пат, Монтреал, 28.05.1999 година (Службен весник на РМ бр.25/00)

**Подзаконски акти на Законот за воздухопловството**
До крајот на 2008 година ќе се донесат останатите подзаконски прописи кои ќе произлезат од Законот за воздухопловство и ќе ги транспонираат ЕУ мерките од ECAA спогодбата.
Во последниот квартал на 2008 година се планира да се донесат и оние подзаконски акти кои регулираат одредени аспекти на воздухопловството, а се засноваат врз одредби од други закони.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Трансформација на Агенцијата за цивилно воздухопловство**
Трансформацијата на АЦВ е обврска која произлегува од член 193 од Законот за воздухопловство. Како резултат на тоа, секторот во АЦВ надлежен за контрола на летање ќе се издвои како посебно Акционерско друштво во државна сопственост, со дејност „давање услуги на воздухопловна навигација“. Наспроти тоа, пак, АЦВ ќе ги задржи регулаторните функции на воздухопловна власт во воздухопловството. Овие реформи во целост ги следат препораките на Европската Унија и основите на принципот Единствено европско небо (Single European Sky), врз кои се заснова и гради Европската заедничка воздухопловна област – ЕЗВО (European Common Aviation Area – ECAA).
Во тек се активности за проценка и утврдување на основната главнина на новото Акционерско друштво преку независен проценител, по што посебна Комисија за делбен биланс формирана од Владата на Република Македонија ќе пристапи кон изработка на делбен биланс за поделба на основните средства, имотот, правата и обврските помеѓу АЦВ и новото Акционерско друштво. Се очекува целиот процес да биде завршен до март 2008 година.

**Кадровско екипирање на Секторот за воздушен сообраќај**
Предвидено е зајакнување на Секторот за воздушен сообраќај преку нови вработувања, техничка опременост и обезбедување на обуки на вработените за следење на законските прописи од оваа област.. Согласно Правилникот за систематизација на работните места на МТВ, во СВС е потребно дополнително вработување.

**Кадровско екипирање на Агенцијата за цивилно воздухопловство**
За Агенцијата ќе биде потребно кадрово зајакнување со стручен воздухопловен кадар и тоа: сообраќаен пилот со АТПЛ дозвола, комерцијални пилоти со ЦПЛ дозвола, контролори на летање, воздухопловен техничар за контрола на летање, инженер за опасни материи и сообраќаен инженер за прифат и отпрема на патници.

**Трансформација на Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“– Скопје**
Трансформацијата на ЈПАУ „Македонија” – Скопје во Акционерско друштво во државна сопственост е обврска која произлегува од член 196 од Законот за воздухопловство, а врз основа на член 4 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 40/03, 49/06 и 22/07). Активностите за создавање на потребните предуслови се во тек. Се очекува целиот процес да биде завршен до февруари 2008 година. Новото Акционерско друштво

ќе ја врши дејноста на управување со аеродромска инфраструктура (аеродромски оператор) и ќе обезбедува аеродромски услуги.

**Концесија на аеродромот „Александар Велики“ - Скопје и аеродромот „Св. Апостол Павле“ - Охрид**
По доставувањето на Студијата, Министерството за транспорт и врски ќе објави меѓународен тендер за издавање под концесија на двата аеродорми. Тендерот ќе се состои од две фази, со преткфалификација. Објавувањето на тендерот се очекува да биде во текот на февруари 2008 година, а договорот се очекува да се потпише во јуни 2008 година.
Во последниот квартал од 2008 година се планира изградба на нов терминал за опслуга на патници на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје со модуларна структура за годишен проток до 2,5 милиони патници, изградба на административна зграда и карго терминал, и унапредувањето на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје во категорија на полетно-слетната патека ILS CAT II (по ICAO).

**Мастер планови за аеродромот „Александар Велики“ - Скопје и аеродромот „Св. Апостол Павле“ - Охрид**
Согласно стратешките приоритети на РМ, дефинирани во Националната стратегија за развој на воздухопловството во РМ, предвидено е до крајот на септември 2008 година аеродромскиот оператор да изработи мастер планови за аеродромите во Скопје и Охрид. Тие ќе го опишат и мапираат концептот за општ развој на аеродромите, вклучувајќи моментална и идна намена на земјиштето, детално урбанистичко и просторно планирање, инфраструктура, текови за проток на луѓе и стоки и обем на услуги. Мастер плановите ги донесува ВРМ, по претходно мислење од МТВ и АЦВ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Закони**
**Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство**
Со оглед на фактот што РМ ја има ратификувано ЕЗВО спогодбата нема потреба да се користи Спогодбата за асоцијација и стабилизација со цел да се хармонизира нашето законодаство со ЕУ прописите туку е доволно само упатување на ЕУ прописите во Законот за воздухопловство и тие стануваат подзаконски акти.
Со цел да се реализира горенаведеното потребно е нова измена на Законот за воздухопловство со што основите за подзаконски акти ќе се заменат со референца на ЕУ регулативите кои и онака се дел од нашиот правен поредок согласно Спогодбата за ЕЗВО.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**Национален координатор за алокацирање на слотови за полетување и слетување**
Согласно член 84 став 2 од Законот за воздухопловство е предвидено донесување на подзаконски акт на Владата на Република Македонија која треба да предвиди номинирање на независен координатор за алокација на слотови со цел усогласување со ЕУ прописите.

Независен национален координатор за алокација на слотови ќе биде назначен само ако протокот на патници на аеродромот/-ите надмине 1.000.000 на годишно ниво и доколку истовремено се појави континуиран недостаток на капацитети за опслуга. Се дотогаш, доделувањето на слотови ќе се врши преку олеснувач на распоред.

**Организација во** FAB**-ови и** FUA
До крајот на 2008 година се планира да биде завршена реорганизацијата на националниот воздушен простор во функционални блокови (FAB-ови), како и да се воспостават и одржуваат механизми за координација на трите стратешки нивоа пропишани со принципот на флексибилно користење на воздушиот простор (FUA).

**СТРАНСКА ПОМОШ**
**Реализација на преостанатите активности од Проектот „Техничка помош за транспорт и менаџмент“** (CARDS 2005)
Времетраењето на прокетот е продолжено до 15.03.2008 година, зарди целосно реализирање на нереализираните проектни активности поврзани со зајакнувањето на капацитетите на Министерството за транспорт и врски при реализација на надлежностите во областа на воздухопловството.

EASA – CARDS 2007-2008
Како продолжение на програмата од проектот CARDS, ќе се реализира проектот “EASA – CARDS 2007-2008“ за унапредување на воздухопловната безбедност и контролата на летање предводен од Европската агенција за воздухопловната безбедност. Овој проект ќе заврши во декември 2008 година.

# 3.15 ЕНЕРГИЈА

## 3.15.1 БЕЗБЕДНОСТ ПРИ СНАБДУВАЊЕ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Со безбедно, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со електрична енергија, природен гас, топлинска енергија, геотермална енергија, нафта и нафтени деривати се остварува енергетската политика на Република Македонија, согласно ***Законот за енергетика*** (Сл. Весник бр.63/2007 и 36/2007).

Едно од основните начела на ***Договорот за основање на енергетска заедница*** е подобрување на безбедноста на снабдување на потрошувачите со енергија Врз основа на потпишаниот Договор за основање на енергетска заедница, Република Македонија ги усвои изјавите за безбедно снабдување на потрошувачите со енергија.

Министерството за економија објави 2 меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на енергија од ***мали хидроелектрични централи*** при што доделени се 65 локации.

Во тек е меѓународниот јавен конкурс за изградба на ***две хидроелектрични централи на Црна Река***, ***ХЕЦ "Чебрен"*** и ***ХЕЦ "Галиште"***. Изградбата на двете хидроелектрични централи се предвидува дека ќе трае 8 години.

Министерството за економија објави меѓународен јавен конкурс за пројавување интерес за претквалификација за доделување на концесија за изградба на ***ХЕЦ ,,Бошков мост"***, чија изградба ќе биде по моделот БОТ (изградба, управување, трансфер). Во тек е изготвување на тендерската документација.

Со цел да се придонесе за обезбедување на порационално, поефикасно и поекономично работење, што е во насока на транспонирање на ЕУ Директивите во областа на резервите на нафта и нафтени деривати, се јави потреба од промена на досегашниот концепт на менаџирање со стоковните резерви и донесување на нов предлог Закон за стоковни резерви и ***нов предлог Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати***, со кои се врши издвојување на нафтата и нафтените деривати од останатите стоковните резерви по примерот на повеќето земји од ЕУ.

Моменталната залиха на стоковни резерви на нафтени деривати, обезбедува покриеност на потрошувачка за 42 дена пресметано според просечната потрошувачка во претходната година.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во Секторот за енергетика постојано се вработени 8 лица и 3 со договор на определено време.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

До крајот на 2008 година се предвидува да се изработи ***Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија***, во која се утврдува енергетската политика на Републиката. Со стратегијата ќе се утврдат долгорочните цели за развој на поедини енергетски дејности за да се обезбеди сигурност во снабдувањето со различни видови на енергија, како и извори и начин за обезбедување на потребни количества на енергија и енергенти.

Во текот на 2008 година, на предлог на Министерството за економија, Владата на Република Македонија ќе донесе Уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба, како и начинот на снабдување со одделни видови на енергија во овие услови, правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на енергетски дејности согласно со Законот за управување со кризи.

Во првата половина од 2008 година се очекува да се донесе ***Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати***. Суштинска промена на концептот на менаџирање со резервите на нафта и нафтени деривати е начинот на формирање и чување на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, односно формирањето ќе се врши со средства од надомест кој е содржан во цената на горивото и го плаќаат увозниците и производителите на нафтени деривати, за разлика од досегашниот начин на формирање на резервите со средства од буџетот на РМ.

Согласно *Предлог Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати*, за управување со задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати ќе се формира ***Дирекција за задолжителни резерви на нафтени деривати***, како самостоен орган, која за својата работа одговара пред Владата.

Со новиот концепт, како новина, се овозможува чување на нафтените деривати надвор од границите на Република Македонија, било каде во рамките на Унијата, со цел соодветно да се олесни формирањето на залихи надвор од матичната земја при што одлуките за чување на залихи надвор од територијата на националните граници да бидат донесени од Влада на Република Македонија, согласно потребите и сигурноста на државата.

Во текот на 2008 година се очекува избор на најдобри понудувачи за изградба на ***ХЕЦ "Чебрен"***, ***ХЕЦ "Галиште"*** и ***ХЕЦ "Бошков мост"***, како и објавување на два меѓународни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од 40 мали хидроелектрични централи.

Исто така се предвидува да се објави меѓународен оглас за изградба на ***Комбинирана гасна електрана „Енергетика" во Скопје***, како еден од најголемите потрошувачки центри на енергија во Република Македонија, а ќе се продолжи проектот за отварање на рудникот за јаглен Брод-Гнеотино.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2008 година се планира вработувања на нови лица во ***Секторот за енергетика*** (Министерство за економија), во Одделението за инвестициони проекти во енергетиката, во одделението за фосилни горива , во Одделението за електроенергетика и во Одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Во 2008 година потребни се нови вработувања во ***Бирото за стокови резерви*** (Министерство за финансии),

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 и 2010 година се планира отпочнување на повеќе конкретни проекти во делот на електроенергетиката и делот на гасоводниот сектор со што би се зголемла безбедноста во снабдувањето со енергија во Републиката.

Во 2009 година се предвидува да се ***објават меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи***.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2009 и 2010 година се планира вработувања на нови лица во Секторот за енергетика (Министерството за економија),со цел зајакнување на капацитетите на министерството.

Согласно предлог законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ќе се формира Дирекција за задолжителни резерви од нафта и нафтени деривати, која ќе произлезе од трансформацијата на постоечкото Бирото за стоковни резеви.

## 3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕНЕРГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со стапувањето во сила на ***Договорот за основање на енергетската заедница*** се создаде овбрска за Република Македонија во рок од една година во потполност да ги имплементира одредбите на Директивите 2003/54/ЕК и 2003/55/ЕК, со предвидена динамика на отворањето на пазарот за сите потрошувачи кои не се домаќинства да можат да го избираат својот снабдувач до 01.01.2008 година, а за сите потрошувачи до 01.01.2015 година. Владата на Република Македонија во јули 2007 година ги усвои ***Акционите планови за електрична енергија и природен гас*** со цел да се исполнат обврските на Република Македонија кои произлегуваат од спомenатиот Договор.

***Пазарот на електрична енергија***, ***природен гас***, ***топлинска-геотермална енергија и пазарот на нафта и нафтени деривати*** во Република Македонија е уреден со ***Законот за енергетика*** („Службен весник на РМ", бр.63/06 и бр.36/07).

**ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Регулаторната комисија за енергетика:

- заклучно со ноември 2007 година издаде 21 лиценца за вршење на енергетски дејности од секторот на електрична енергија, од кои 9 лиценци се за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија.
- донесе 9 решенија за прогласување на својство на квалификуван потрошувач на електрична енергија со кои потрошувачите на електрична енергија приклучени на преносната мрежа стануваат квалификувани потрошувачи на електрична енергија од 01.01.2008 година.

Согласно ***Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија*** („Службен весник на РМ", бр. 134/07), се продолжи периодот на траење на првиот регулиран период, при што истиот се утврди да биде до 31.12.2008 година.

**ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС**

Регулаторната комисија за енергетика:

- донесе Решение со кое „Топлификација АД" – Скопје, се прогласува за квалификуван потрошувач на природен гас, кое се применува од 01.01.2008 година.
- издаде 7 лиценци за вршење енергетска дејност од секторот на природен гас, од кои 4 се лиценци за трговија со природен гас.

**ТОПЛИНСКА-ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА**

Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ) издаде 6 лиценци за вршење енергетска дејност од секторот на топлинска енергија, и 3 лиценци за вршење енергетска дејност од секторот на геотермална енергија.

**ПАЗАР НА СУРОВА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

Регулаторната комисија за енергетика издаде 10 лиценци за вршење енергетска дејност од секторот на нафта и нафтени деривати.

Согласно ***Методологијата за формирање на цени на одделни нафтени деривати*** пропишана со Анекс Д од Договорот за купопродажба на акции и за концесија на рафинерија АД Окта - Скопје, Регулаторната комисија за енергетика донесува одлуки за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати за секој четиринаесетдневен период,

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има ***Владата на Република Македонија***, односно ***Министерството за економија***. Во секторот енергетика има посебно одделение за електроенергетски систем во кое е вработено 1 лице. Недостатокот на човечки ресурски директно влијае на интензитетот и квалитетот на спроведувањето на предметните политики.

***Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (РКЕ)*** е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамки на Законот. Петте членови на Регулаторната комисија за енергетика, на предлог на Владата, ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Собранието, исто така, го одобрува буџетот на Регулаторната комисија за енергетика. Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија е надлежна за следење на функционирањето на пазарот на енергија и предлагање на соодветни мерки за негово функционирање.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во собраниска процедура е ***Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за енергетика*** и истиот е во правец на поголема либерализација на пазарот на електрична енергија во Република Македонија, согласно директивите на ЕУ и Договорот за основање на енергетска заедница.Со предложените измени ќе се создадат услови за поголема конкуренција во областа на снабдувањето со електрична енергија на потрошувачите во Република Македонија. Имено, ќе се овозможи:

- потрошувачите на електрична енергија директно приклучени на дистрибутивната мрежа своите вкупни потреби од електрична енергија да ги обезбедуваат на отворен пазар, односно да бидат квалификувани потрошувачи,
- изземање на функцијата на снабдувач со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо,
- воведување на билатерални договори помеѓу учесниците на пазарот,
- операторите на преносниот и дистрибутивниот систем загубите во соодветните мрежи кои се над количините одобрени од Регулаторната комисија за енергетика, ги обезбедуваат на отворен пазар.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во текот на 2008 година ќе ги одобри следните подзаконските акти потребни за воспоставување на функционален пазар на енергија:

- ***Правилник за Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија***, (ЕВН Македонија АД Скопје како оператор на системот за дистрибуција на електрична енергија, до РКЕ достави нацрт текст на ***Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија***, кој беше предмет на усогласување во втората половина на 2007 година.
- ***Правилник за Пазарни правила на електрична енергија**, (*АД МЕПСО као оператор на пазарот со електрична енергија, го услогласува текстот на Пазарните правила на електрична енергија.)
- ***Правилник за Мрежните правила за пренос на природен гас*** (Команијата „АД ГА-МА" како носител на лиценцата оператор на системот за пренос на природен гас, до Регулаторната комисија за енергетика достави нацрт текст на ***Мрежните правила за пренос на природен гас***, кој е во процедура на усогласување.)
- ***Правилник за Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење**. (*Компанијата „Топлификација АД" – Скопје како носител на лиценцата за дистрибуција на топлинска енергија, до Регулаторната комисија за енергетика достави нацрт текст на ***Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија за греење***, кој е во процедура на усогласување.
- ***Правилник за Тарифен систем за продажба на електрична енергија****;*
- ***Правилник за Услови за снабдување со електрична енергија****;*
- ***Правилник за Услови за снабдување со природен гас****;*
- ***Правилник за Тарифни системи за продажба на топлинска енергија на потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежи****;*
- ***Правилник за Услови за снабдување со топлинска енергија****;*
- ***Правилник за Тарифен систем за продажба на геотермална енергија на потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа****;*
- ***Правилник за**, **Услови за снабдување со геотермална енергија****;*
- ***Правилник за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од соларни електрани****;*
- ***Правилник за разрешување на спорови****.*

Регулаторната комисија за енергетика во 2008 година ќе го усогласи и измени ***Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија*** („Службен весник на РМ", бр. 95/04) и ***Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање, менување и одземање на лиценци за вршење на енергетски дејности*** („Службен весник на РМ", бр.47/05), во согласност со новите измени и дополнувања на Законот за енергетика и со новиот модел на пазар на електрична енергија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2008 година се предвидуваат нови вработувања во Регулаторнта комисија за енергетика, во Правниот сектор и економскиот сектор.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со цел да се обезбеди сигурно и безбедно функционирање на пазарот на енергија во Република Македонија, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија ќе донесе регулатива за мониторинг на пазарот на енергија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на Регулаторната комисија за енергетика се предвидува јакнење на административниот капацитет потребен за извршување на мониторинг на пазарот на енергија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во периодот од септември 2007 година до ноември 2007 година беше обезбедена техничка помош од страна на УСАИД за Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во однос на изработување на „Правилник за разрешување на спорови" и „Етички кодекс на Регулаторна комисија за енергетика".

Во првата половина на 2008 година ќе биде обезбедена ***техничка помош од страна на Светска Банка*** за Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во однос на усогласување на „Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за електрична енергија" и „Тарифниот систем за продажба на електрична енергија", во согласност со новиот модел на пазар на електрична енергија.

***Твининг проект*** финансиран од страна на Делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија за Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија предвидува техничка помош во однос на изработување на

„Правилници за квалитет на снабдувањето со електрична енергија и природен гас“ и „Методологија за одредување на цени на електрична енергија и топлинска енергија произведени од когенеративни постројки“ за период од 2009 до 2010, како и техничка помош (софтвер), кој ќе се реализира во периодот од 2008 до 2010 година.

### 3.15.3 **ДРЖАВНА ПОМОШ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Составен дел на енергетската политика е и безбедно, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија. Со цел за реализација на оваа определба, Владата на Република Македонија во услови на инцидентна економска нестабилност на енергетските компании може да додели државна помош согласно постојната законска регулатива за предметната проблематика

### 3.15.4 **ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со цел поттикнување и поголемо искористување на соларната енергија, Владата на република Македонија, Министерството за економија, во целост ја реализарше стимулативната мерка ***Субвенции за првите 500 купувачи на термални соларни колекторски системи кои соодветно ги имаат инсталирано во своите домови***. За реализација на оваа мерка беа определени 9.000.000 денари од буџетот на Република Македонија од кои за субвенции за првите 500 баратели се реализирани вкупно 8.000.000 денари. Оваа стимулативна мерка на Владата придонесе за остварување енергетски заштеди и создавање на позитивни ефекти за заштита на животната средина.

Министерствито за економија, согласно легислативата на Европска унија од областа на европските стандарди за квалитет на течните горива, го донесе ***Правилникот за квалитет на течните горива*** (Службен весник на РМ бр.88/2007, 91/2007, 97/2007, 105/2007, 157/2007 и 15/2008). Со Правилникот се воведуваат новини во однос на квалитативните својства на течните горива и се пропишуваат граничните вредности на течните горива кои можат да се стават во промет на домашниот пазар. Со правилникот се регулира вклучувањето на две биогорива: биодизелот и биоетанолот, како најактуелни и најзастапени биогорива за транспорт, кои се намешуваат со фосилниот дизел и бензин. Овие горива, се предлага да се користат за намешување, од причина што за користење на чисти биогорива за транспорт е потребна и соодветна адаптација на моторните возила, за што е потребно доплнително време. Со Правилникот се транспонирани следните ЕУ Директиви: 93/12/ЕЗ, 99/32/ЕК, , 98/70/ЕК, 2000/71/ЕК, 2003/17/ЕК, и 2003/30/ЕК.

Со цел да се создадат можности да се потрошат или зановат залихите на нафтените деривати кои се со квалитет кој не е целосно усогласен со горенаведените стандарди и ЕУ директиви во Правилникот се дефинираат преодни периоди. По изминувањето на преодниот период на пазарот може да бидат присутни само нафтени деривати со квалитет согласно горенаведените стандарди и директиви на ЕУ од предметната проблематика.

Министерство за економија објави Ограничен повик за набавка на консултантски услуги за изготвување на ***Анализа за примената на новите стандарди за квалитетот на течните горива***. Од оваа Анализа треба да произлезе дефинирањето на постапката за контролата на квалитетот и следење на квалитетот на течните горива.

Регулаторната комисија за енергетика ги донесе следните подзаконски акти: ***Правилник за начин и постапка за утврдување и одобрување на користењето на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во мали хидроелектрани*** („Службен весник на РМ“ бр. 16/07) и ***Одлука за утврдување на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од мали хидроелектрани кои се стекнале со својство на повластен производител*** („Службен весник на РМ“, бр. 16/07). Согласно горенаведениот Правилник, повластените тарифи се применуваат за количините на електричната енергија испорачана од ново изградени проточни МХЕ со инсталирана моќност од 10.000 kW, кои се стекнале со својство на повластен производител.

Регулаторната комисија за енергетика, во полето на обновливите извори на енергија, ги донесе следниве подзаконски акти: ***Правилник за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена од ветерни електрани***(„Службен весник на РМ“, бр. 61/07) и ***Одлука за утврдување на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од ветерни електрани***(„Службен весник на РМ“, бр. 61/07); ***Правилник за начин и постапка за утврдување и одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во електроенергетски постројки кои како погонско гориво користат биогас добиен од биомаса***

(„Службен весник на РМ“ бр. 142/07) и ***Одлука за утврдување на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од електроенергетски постројки кои како погонско гориво користат биогас добиен од биомаса***(„Службен весник на РМ“, бр. 143/07).

Согласно ***Одлука за утврдување на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена и испорачана од ветерни електрани***(„Службен весник на РМ“, бр. 61/07), повластените тарифи за продажба на електрична енергија произведена и испорачана од ветерни електрани изнесува 8,9 евро центи за испорачан киловат час електрична енергија (€cents/kWh).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Министерство за економија, во ***Секторот за енергетика***, постојат четири одделенија и тоа одделение за инвестициони проекти во енергетиката, одделение за електроенергетски систем, одделение за фосилни горива и одделение за енергетска ефикасносот и обновливи извори. Во секторот постојано се вработени 8 лица, а 3 лица се вработени со договор на определено време.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамки на Законот. Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија е надлежна за следење на функционирањето на пазарот на енергија и предлагање на соодветни мерки за негово функционирање.

***Агенцијата за енергетика***, согласно Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 62/2005), е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, подготовување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Агенцијата за енергетика во текот на 2007 година брои 5 вработени.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

***Стратегијата за обновливи извори на енергија*** (*Базна студија за обновливи енергетски извори на Република Македонија)* е во фаза на изработка и истата треба да се донесе во првата половина на 2008 година. Предметната Стратегија ги дефинира целите за искористувањето на обновливите извори на енергија и начините на кои таквите цели се постигнуваат. особено ги нагласува: потенцијалот на обновливите извори на енергија, изводливоста на искористувањето на потенцијалот на обновливите извори на енергија, зацртаниот обем и динамиката за воведување на потрошувачка на електрична енргија од обновливите извори на енергија во енергетскиот биланс, дефинирање на преодни мерки за поддршка на искористувањето на обновливите извори на енергија преку повластени тарифи за повластени производители на електрична енергија и други мерки за поддршка.

Согласно Законот за енргетика (Службен весник на РМ бр. 63/06 и 36/2007), Министерството за економија ќе до донесе ***Правилник за искористувањето на обновливите извори на енергија***. Со овој правилник ќе се имплементира Директивата 2001/77/ЕК која се однесува на промоција на обновливите извори на енергија.

***Правилникот за издавање гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија***, ќе биде донесен во првата половина на 2008 година. Со предметниот Правилник ќе се дефинира постапката за издавање и водење на регистар на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.

Агенцијата за енергетика на Република Македонија ќе издава и води регистар на издадени гаранции за потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и од високо ефикасни комбинирани постројки во Република Македонија. Гаранцијата за потекло на производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија содржи податоци за производителот, за количините на произведената електрична енергија, изворот на енергија од кој е произведена електричната енергија, датумите и местата на производството, а во случај на хидроелектрани и инсталираната моќност, и други податоци.

Со оглед на тоа дека во овој момент се изготвува Закон за моторни возила со техничка помош од страна на Гераманското друштво за техничка соработка (ГТЗ) одредбите во Законот за енергетика кои се донесуваат на донесување на технички спецификации на моторните возила ке бидат составен дел на предметниот закон и истите нема да се третираат како обврска на секторот за енергетика.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2008 година, ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потроувачка во Републиката. Согласно постојната систематизација се планира ново вработување за 2008 година, во Одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори при Секторот за енергетика.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија, разрешување на спорови, следење и исполнувањето на обврските од дадените лиценци. За таа цел се предвидува учество на меѓународните конференции организирани од страна на ЕРРА, воспоставување на билатерални соработки со други регулаторни тела од регионот и ЕУ, продолжување на соработката која се воспостави со програмата за партнерство со регулаторот од Вермонт, САД.

***Агенцијата за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. Во 2008 година предвидено е вработување на нови лица во Агенцијата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Министерството за економија треба да изготвува двогодишен извештај за реализација на ***Планот за имплементација на Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија*** и за напредокот постигнат во искористувањето на обновливите извори на енергија, како и за употребата на биогоривата во секторот за транспорт.
Следење на новодонесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2009-2010 година, во ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. Согласно постојната систематизација во Одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори при Секторот за енергетика се планираат нови вработувања во 2009 година.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија, разрешување на спорови, следење и исполнувањето на обврските од дадените лиценци.

***Агенцијата за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрочувачка во Републиката. Агенцијата за енергетика планира нови вработувања во 2009 и 2010 година.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
***Проект „Соларни загревачи на вода“*** се реализира со грант средства обезбедени од Австриската влада, во висина од 300.000 EUR, а предвиденото времетраење за целосната реализација е три години, односно од ноември 2005 заклучно со октомври 2008 година. Основната цел на овој проект е значително подобрување на административните и техничките услови за унапредување на користењето на соларната енергија во Република Македонија. Досега одржани се повеќе работилници и семинари за македонските производители и изведувачи на соларни термални системи со цел за пренесување на австриското како и грчкото искуство за нивно квалитетно производство. Во тек се подготвителните активности за формирање на ***Соларна тест лабораторија*** во рамки на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР).

## 3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Министерството за економија, секторот енергетика е во преговори со Австриската агенција за развој (АДА) преку која ќе се обезбедат средства за реализација на ***Програмата за подобрување на енергетската ефикасност во градежни објекти***, која опфаќа:

- Надградба на институционални капацитетеи на Агенцијата за Енергетика во врска со имплментацијата на активносите за енергетската ефикасност на згради;
- Транспонирање на Директивата 2002/91/ЕЗ на ЕУ за енергетски карактеристики на згради и развој на потребни алатки за имплементација, Односно изработка на Правилник за енергетска ефикасност на нови и реконструкција
- на постојни градежни објекти;

- Реализација на Пилот проект за подобрување на енергетската ефикасност на објект од јавниот сектор и
- Вклучување на факултетите со цел за обезбедување на одржливост на програмата на долг период.

Со цел усогласување со ЕУ Директивите, Министерството за економија го донесе ***Правилникот за етикетирање на уреди за домаќинства од аспект на потрошувачка на електрична енергија*** *(Службен весник на Република Македонија бр.85/2007)*, со кој се транспонирани следниве ЕУ Директиви: 2002/31/ЕК, 96/60/ЕК, 97/17/ЕК, 98/11/ЕК, 2002/40/ЕК, 96/89/ЕК, 95/13/ЕК, 95/12/ЕК и 94/2/ЕК.

Во тек се активности за избор на Агенција за креација и спроведување на ***Кампања за подигање на јавната свест и едукација – Штедете електрична енергија***. Министерството за економија планира реализацијата на кампањата во првата половина на 2008 година.

Во овој период Агенцијата за енергетика изготви Прирачник за имплементација на ГЕФ Проект за одржлива енергија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во ***Секторот за енергетика****,* Одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори тековно работат три лица.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** е надлежна за следење на функционирањето на пазарот на енергија и предлагање на соодветни мерки за негово функционирање и независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамки на Законот за Енергетика.

***Агенција за енергетика на Република Македонија*** е одговорна за изработка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови, подготовување на долгорочни и краткорочни програми за енергетска ефикасност (ЕЕ) и користење на обновливи енергетски извори (ОЕИ), подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестициони проекти. Во Агенцијата за енергетика во текот на 2007 година вработени се 1 Директор и 4 лица.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2008 година се планира ажурирање на постојната ***Стратегија за енергетска ефикасност на Република Македонија*** од 2004 година.

Заради постигнување на енергетска ефикасност на нови и реконструкција на постојни градежни објекти, и исполнување на барањата и условите кои се однесуваат на начин за изградба на нови и реконструкција на постојни градежни објекти од аспект на енергетска ефикасност, предвидено е донесување на ***Правилник за енергетска ефикасност на нови и реконструкција на постојни градежни објекти****.* Изготвувањето на овој правилник е дел од Програмата за подобрување на енергетската ефикасност во градежни објекти, финансирана од АДА.

Оценка на исполнетоста на барањата и условите може да врши овластено правно лице. При тоа правното лице за да биде овластено треба да има вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на енергетиката и најмалку пет години работно искуство во струката како и да има простории и опрема соодветни за вршење на овие работи. Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката донесува решение за овластување на правното лице.

Овластените правни лица издаваат сертификати со кои се потврдува исполнетоста на барањата за енергетските карактеристики на градежните објекти од аспект на енергетската ефикасност.

Спроведување на ***Кампања за подигање на јавната свест и едукација – Штедете електрична енергија***, е предвидено во текот на првата половина на 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2008 година, ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрочувачка во Републиката. Согласно постојната систематизација се планираат ново вработување за 2008 година, во Одделението за енергетска ефикасност и обновливи извори при Секторот за енергетика.

***Регулаторната Комисија за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија, разрешување на спорови, следење и исполнувањето на обврските од дадените лиценци. За таа цел се

предвидува учество на меѓународните конференции организирани од страна на ЕРРА, воспоставување на билатерални соработки со други регулаторни тела од регионот и ЕУ, продолжување на соработката која се воспостави со програмата за партнерство со регулаторот од Вермонт, САД.

***Агенцијата за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на енергетската ефикансност во Републиката. Во 2008 година предвидено е вработување на нови лица во Агенцијата за енергетика.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Министерството за економија треба да изготви двогодишен извештај за реализација на ***Програма за реализација на Стратегијата за унапредување на енергетската ефиаксност*** и за напредокот постигнат во областа на енерегтската ефиаксност, како и следење на новодонесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство.

Останатаи две компоненти од *Програмата за подобрување на енергетската ефикасност во градежни објекти* се: реализација на ***Пилот проект за подобрување на енергетската ефиаксност на градежен објект*** и ***воведување на наставно образовни програми*** на Машинскиот, Градежниот и Архитектонскиот факултет, со цел за оформување на инжинерски капацитети.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2009-2010 година, во ***Министерството за економија***, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. Согласно постојната систематизација во Одделението за енергетска ефикасности и обновливи извори при Секторот за енергетика се планираат нови вработувања за 2009 година.,

***Регулаторната Комисија за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на пазарот на енергија, разрешување на спорови, следење и исполнувањето на обврските од дадените лиценци.

***Агенцијата за енергетика*** планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на енергетската ефикансност во Републиката. Агенцијата за енергетика планира нови вработувања во 2009 и 2010 година.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

На 26 февруари 2007 година склучен е Договор за добивање на грант во износ од 5.500.000 USD за реализација на ***ГЕФ Проект за одржлива енергија***, кој ќе се користи за:

1. Техничка помош за подготвување на секундарната регулатува во областа на ЕЕ и ОИЕ и за изработка на проекти за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, која ќе се имплементира преку Агенцијата за енергетика, за што ќе се користат средства од ГЕФ во износ од 1.000.000 USD;
2. Финансиска поддршка за формирање и оперативно работење на Компанија за енергетски услуги – ЕСКО (ESCO – *Energy Service Company*), односно сервисна компанија чија што задача ќе биде да им помогне на јавните институции да ја намалат потрошувачката на енергија, која ќе се имплементира преку АД МЕПСО и АД Топлификација – Скопје, за што ќе се користат средства од ГЕФ во износ од 800.000 USD и
3. Воведување на финансиски механизми за реализација на проекти за енергетска ефикасност (ЕЕ) и обновливи извори на енергија (ОИЕ), кои ќе се финансираат преку МБДП, за што ќе се користат средства од ГЕФ во износ од 3.700.000 USD;

Ефективноста на грантот стартуваше на 1 август 2007. Времетраењето на проектот е до април 2011 година, со можно продолжување во наредните четири години. На 24.10 2007 година формиран е Управен Комитет на ГЕФ Проектот и се очекува во најскоро време истиот да одржи работен состанок.

Основна цел на ***Програмата за подобрување на енергетскта ефикасност во градежните објекти*** е редукција на потрошувачката на енергија во зградите за 20% до 30%. Програмата е финансирана од Австриската Агенција за Развој (АДА) и е во фаза на подготовка, со рок на реализација во периодот од 2008 до 2011 година. Програмата се состои од следните четири компоненти:

Компонента 1: Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за енергетика на Република Македонија;

Компонента 2: Транспонирање на Директивата 2002/91/ЕЗ на ЕУ за енергетски карактеристики на згради и развој на потребни алатки за имплементација, како и за изработка на *„Правилникот за енергетска ефикасност на нови и реконструкција на постојни градежни објекти“;*
Компонента 3: Реализација на *Пилот проект за подобрување на енергетската ефикасност на објект од јавниот сектор* и
Компонента 4: Вклучување на факултетите со цел за обезбедување на одржливост на програмата на долг период.

Обуките на вработените во Агенцијата за енергетика на РМ ќе бидат целосно покриени со првата компонента на Програмата. Втората компонента е во директна релација со намерите на Владата на РМ за изработка на Правилникот за енергетска ефикасност на нови и реконструкција на постојни градежни објекти (пасош за енергетска ефикасност) кој се подготвува со техничка помош од Австриската агенција за енергетика. Третата компонента е особено значајна бидејќи ќе обезбеди идентификација, оценка и финансирање на конкретен пилот проект за зголемување на енергетската ефикасност во објектите.

## 3.15.6 НУКЛЕАРНА ЕНЕРГИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Моментално Владата нема никакви планови или декларации за користење на нуклеарната енергија освен користење на радиоизотопите во медицината и индустријата. Во Република Македонија не постојат никакви нуклеарни реактори ни истражувачки ни енергетски, па поради тоа не се користи нуклеарно гориво, што значи дека Македонија не увезува нуклеарно гориво.

Согласно постоечката законска регулатива во Република Македонија не се дадени овластувања во однос на купување, поседување и продавање на нуклеарен материјал, исто така не се дадени ни овластувања за физичко ракување со нуклеарен материјал.

Во Република Македонија не постојат истражувачки активности во областа на нуклеарната енергетика, како ни истражувачки реактори и не се планира нивна изградба, така што не се користи ни нуклеарно гориво за истражувања.
Република Македонија не е членка на Агенцијата за нуклеарна енергија на OECD и засега не постои намера за зачленување.

Согласно важечката регулатива во Република Македонија не постојат одредби за увоз, извоз и трговија со нуклеарна опрема, материјали, ново и истрошено нуклеарно гориво.Република Македонија не располага со постоечки капацитети за складирање на нуклеарен отпад, а не се планира ни складирање на ваков отпад во иднина.

Република Македонија нема потпишано меѓународни договори и конвенции за соработка на полето на нуклеарна енергија

## 3.15.7 НУКЛЕАРНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
***Дирекција за радијациона сигурност (ДРС)***, формирана согласно Закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр. 48/02), е надлежна за лиценцирање и издавање на дозволи на правни субјекти и лица за работа со извори на јонизирачко зрачење, води национален регистар на извори на јонизирачко зрачење, води евиденција и контрола на вкупниот нуклеарен материјал во Република Македонија. Исто така ДРС е одговорна за реакција во случај на радијационен вонреден настан, како и донесување на подзаконски акти предвидени со Законот и инспекциски надзор над примената на истите.

Согласно Законот заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен весник на Република Македонија бр. 48/02) во текот на 2007 година донесен е ***Правилник за утврдување на висината на трошоците за издавање на дозволата*** (Службен весник на Република Македонија бр. 19/07).

Согласно ***Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен Весник на РМ број*** *135/07)* , во текот на месец декември 2007 формирана е ***Комисија за радијациона сигурност***. Истата претставува советодавно тело за определени прашања од областа на заштита од јонизирачко зрачење и изготвува предлози и решенија од нејзината надлежност. Предметните измени ги дефинираат надлежностите на Комисијата и изборот на членови во Комисијата за радијациона сигурност.

Согласно Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Службен Весник на РМ број 135/07), а со цел да се обезбеди правилно и независно функционирање на Дирекцијата за радијациона сигурност, предвидено е носење на 21 подзаконски акт кои ќе ја регулираат областа од радијациона заштита, како и сигурна употреба на извори на јонизирачко зрачење.

Во текот на 2007 година, Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија потпиша ***Меморандум за соработка со Царинска управа – Министерство за финансии, Министерство за внатрешни работи и Дирекцијата за храна – Министерство за здравство и други органи на управата***.

Во насока на потпишување на ***Меморандум за соработка со релевантни меѓународни институции***, Дирекцијата за радијациона сигурност оствари две регионални средби во Загреб и Белград во текот на 2007 година со претставници на Република Словенија, Република Хрватска, Република Босна и Херцеговина, Република Црна Гора и Република Србија. Договорени се понатамошни активности за соработка, и истите ќе бидат прецизирани во Меморандумот за соработка.

Ажурирање на Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење се врши постојано, со воведувањето на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

Давање активна подршка за реализација на активноста ***Изградба на склад за ниско и средно активен радиоактивен отпад*** од *Проектот МАК/4/002 „Управување и складирање на ниско и средно активен радиоактивен отпад“*, финансиран од Меѓународната Агенција за Атомска Еннерегија (МААЕ). Со изградба на склад за ниско и средно активен радиоактивен отпад ќе се исполни еден од условите наведени во член 103 од Спогодбата за стабилизација и асоција на РМ. Проектот е донација во облик на опрема и едукација на кадар кој треба да работи во оваа постројка.

Надлежни за реализација на проектот е Министерството за животна средина и просторно планирање – МЖСПП. Во таа насока остварени се средби со претставници од Министерство за животна средина и просторно планирање со цел да се продолжи проектот. Барано е лично во седиштето на Меѓународната агенција за атомска енергија-МААЕ за време на 51 генерална конференција од страна на Директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност да се префрлат средствата за проектот од 2007 во 2008 година за да може да се изврши реализација на истиот. Во моментот од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност се бара локација за складот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2007 година се реализираше активноста со цел операционализација и зајакнување на капацитетите на Дирекцијата за радијациона сигурност. Дирекцијата за радијациона сигурност е сместена во нови адаптирани простории, доделени од Владата на Република Македонија.

Во текот на 2007 година беа одобрени средства за пет нови вработувања: 2 инспектори за радијациона сигурност; 1 раководител за човечки ресурси, управно-правни, финансиско и административни работи; 1 помлад соработник за информатички систем и 1 помлад соработник за стручно-техничка и оперативна подршка, но нивната реализација е во текот на јануари 2008 година.

Меѓународната Агенција за Атомска Енергија(МААЕ) додели донација во опрема, како инструменти за детекција на зрачење. Исто така од Амбасада на САД во Република Македонија добиена е донација во опрема.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Дирекцијата за радијациона сигурност, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и со Министерството за здравство, ќе предложи локација за изградба на склад. Предлогот ќе го даде на Владата на Република Македонија. Изградбата на складот е во надлежност на Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина, како носител на проектот МАК/4/002: “Управување и складирање на ниско и средно активен радиоактивен отпад“.

Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност (Сл. весник на РМ бр. 135/07), со цел потполно усогласување со европското законодавство и независно функционирање на Дирекцијата за радијациона сигурност, предвидено е донесување на подзаконски акти од областа на радијациона сигурност, во текот на 2008 година и се очекува неопходна подршка од Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за законодавство и Републичкиот завод за здравствена заштита.

Во насока на потпишување на ***Меморандум за соработка со релевантни меѓународни институции***, а со цел правилно и независно функционирање на Дирекцијата за радијациона сигурност. Дирекцијата за радијациона сигурност планира реализација на дополнителни активности и средби.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
За 2008 година предвидени се нови вработувања во Дирекцијата за радијациона сигурност на Република Македонија.

Дирекцијата за радијациона сигурност има неопходна потреба за набавка на патнички возила кои ги нема во доволен број за да биде целосно оперативна.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
По изградбата на склад за ниско и средно активен радиоактивен отпад, како приоритет, ДРС ке пристапи кон реализација на активноста за „***Симнување**, **демонтирање и безбедно складирање на радиоактивни громобрани***“ во текот на 2009 и 2010 година.

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе ги реализира активностите кои ќе произлезат од потпишувањето на Меморандуми за соработка со институции во РМ и Меморандум за соработка со релевантни меѓународни институции.

Со цел поголема заштита на населението на Република Македонија, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе изработи ***План за заштита на населението од штетно влијание од јонизирачко зрачење во Република Македонија***.

Согласно ***Законот за изменување и дополнување на законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност** (**Сл. весник на РМ бр**. 135/07)*, односно член 26-д , предвидено е донесување на подзаконски акти од областа на радијациона сигурност. Правилниците се предвидени да се донесат до крајот на 2009 година:

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Дирекцијата за радијациона сигурност на РМ предвидено е јакнење на институцијата со вработување на нови лица во 2009 и 2010 година.

## 3.16 **ДАНОЦИ**

### 3.16.1 **ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ**

**Правна рамка кај ДДВ**
Оданочувањето на потрошувачката на стоки и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност (Сл. весник на РМ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006 и 114/2007). Со овој закон како основен правен акт е уредено пресметувањето и плаќањето на данокот на додадена вредност при промет на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност, како и увозот на добра.

**Институционална рамка кај ДДВ**
Согласно Законот за ДДВ, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за Јавни приходи и Царинската Управа.

**Тековна состојба кај ДДВ**
Законот за данокот на додадена вредност во РМ е со примена од 1.04.2000 година, и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на :

1. Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388 за усогласување на законодавство на земјите членки во врска со даноците на промет – Заеднички систем на данокот на додадена вредност: единствена основа на пресметување, и
2. Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560, за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата.

Во однос на висината и бројот на применетите даночни стапки, ЗДДВ кореспондира со она што е предвидено во Директивите на ЕУ, од причина што во РМ во примена се две даночни стапки и тоа општата од 18%, и повластената од 5%.

Хармонизираност е постигната и во делот на даночниот третман на инвестиционите добра со прифатено решение според кое се постигнува целосно ослободување од платениот данок на опремата наменета за производство на стоки и услуги кои подлежат на оданочување и на недвижностите потребни за вршење на дејност.

Во ЗДДВ воглавно, согласно со ЕУ актите се регулирани и местото на прометот, времето на настанување на даночниот долг, административните обврски, пропишувањето на специјални шеми за оданочување за тур-операторите, враќањето на данокот и др.

Во текот на третиот квартал на 2007 беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со кој се изврши намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% на следниве добра и услуги: (1) лекови и медицински помагала, (2) компјутери и софтвер за истите, (3) термални сончеви системи и компоненти и (4) превоз на лица и нивниот придружен багаж. Исто така во функција на поттикнување и отварање на перспективите за развој и унапредување на земјоделството, во четвртиот квартал од 2006 година се изврши намалување на стапката од 18% на 5% за определени групи на добра, кои се основни инпути во земјоделското производство. По однос на овие измени, треба да се има во предвид дека и во Анексот 3 на Дорективата 2006/112/ЕЗ на Советот од 28 ноември 2006 година за заедничкиот систем на данокот на додадена вредност, се дава можност на земјите членки да применат повластена даночна стапка за определени групи на производи. Имајќи го во предвид ова, исклучок е воведувањето на повластената стапка од 5% за земјоделската механизација која беше воведена за да се стимулира набавката на нова и обновување на постојната стара механизација, а се во функција на заживување и зголемување на земјоделското производство за кое постојат поволни природни услови во оваа земја. Сепак по однос на оваа измена во Законот, треба да се има во предвид дека истата е со **временски рок**, односно повластената стапка од 5% за земјоделската механизација ќе се применува до 30.06.2010 година, а повластената стапка за компјутерите и софтверот за истите, како и повластената стапка за термалните сончеви системи и нивните компоненти, ќе се применува до 31.12.2012 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ДДВ**
Во текот на 2008 година ќе продолжи континуирано проучување на деловите од директивите на ЕУ кои не се усогласени со ситемот за данокот на додаден вредност.

**Во првиот квартал од** 2008 **година предвидено е изменување и дополнување на Законот за ДДВ**.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ДДВ**

Во периодот од 2009-2010 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување и усогласување на законодавството со одредбите на директивите на ЕУ имајќи ја во предвид експертската помош во оваа област што ќе резултира со измени и дополнувања на постојниот Закон за данокот на додадена вредност, кои ќе се имплментираат со влезот во ЕУ.

Процесот на хармонизација особено ќе оди во насока на:

- Примена на ДДВ при вршењето на промет на добра и услуги внатре во заедницата помеѓу даночни обврзници регистрирани за целите на ДДВ во различни земји членки и примена на даночните ослободувања при тоа, како и третманот на стекнувањето на добра и услуги од македонски ДДВ обврзници од даночни обврзници од други земји членки на Заедницатата.
- Воведување на "посебните постапки на оданочување", преку внесување на посебни шеми за оданочувањето на: "инвестицискoто злато " како и за "употребувани добра, уметнички предмети, збирки и старини".
- Вградување на одредби за промет на услуги кои се извршуваат по електронски пат.
- Хармонизација во поглед на полето на примена на одредбите на ЗДДВ во слободните зони.
- Пропишување и изработка на сите обрасци , вклучително и на даночната пријава за ДДВ , како и на периодичните извештаи во кои македонските даночни обврзници регистрирани за целите на ДДВ треба да го пријавуваат прометот што тие го извршиле кон ДДВ обврзници од други земји членки на ЕУ, со едновремено пропишување на другите административни обврски.

Во процесот на хармонизација на домашното законодавство во делот на ДДВ во предвид ќе бидат земени следните ЕУ акти:

- Директива на Советот 2006/112/ЕЗ од 28 Ноември 2006 година за заеднички систем на данокот на додадена вредност и сите нејзини измени и дополнувања;
- Директива на Советот 31969LO169 за хармонизација на одредбите кои се регулирани со закони, регулативи или административни мерки во врска со ослободување од данок на промет и акциза при меѓународни патувања и сите нејзини измени и дополнувања;
- Осма директива на Советот 31979L1072 (Осма директива на Советот 79/1072/ЕЕЗ од 06 декември 1979, со сите измени и дополнувања, за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на земјата);
- Тринаесетта директива на Советот 31986LO560 (Тринаесетта директива на Советот 86/560/ЕЕЗ од 17 ноември 1986 за усогласување на законодавството на земјите-членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата);
- Директива на Советот 31983LO181 (83/181/ЕЕЗ) со сите измени со која се утврдува опфатот на член 14 (1) (д) на Директивата 31977LO388 во врска со ослободување од данокот на додадена вредност за краен увоз на одредени стоки;
- Регулативата бр. 1777/2005 на Советот за утврдување на мерките за имплементација на Директивата 77/388/ЕЕЗ за заедничкиот систем на ДДВ.

**Правна рамка кај акцизите**

Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнени одредби.

**Институционална рамка кај акцизите**

Согласно Законот за акцизите надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за Јавни приходи и Царинската Управа.

<u>Тековна состојба кај акцизите</u>

Законот за акцизите е во голем обем хармонизиран со Системската Директива на Европската Унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи.

Промената на режимот на оданочување со акциза на тутунските производи стави крај на дискриминацијата на цигарите од домашно производство и од увоз, од 1 Јануари 2007 година. Што се однесува до акцизните стапки на тутунските добра, со

отпочнување на преговорите за влез во ЕУ, Република Македонија ќе има потреба од транзиционен период за примена на минималните стапки предвидени со ЕУ acquis. Ова заради ублажување на ценовниот удар врз населението и адаптирање на домашните претпријатија на конкурентските услови на стопанисување.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ АКЦИЗИТЕ**

Во текот на 2008 година ќе продолжи континуирано проучување на деловите од директивите на ЕУ кои не се усогласени со ситемот на акцизите

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ АКЦИЗИТЕ**

Во периодот од 2009-2010 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување и усогласување со директивите на ЕУ, кои децидно се однесуваат на системот за акцизите.
Ќе се изврши проучување, усогласување и вградување на одредбите од Директивата на Советот за општите аранжмани за производите подложни на акциза и за чување, движење и следење на тие производи (31992L0012 со сите нејзини измени и дополнувања), пред се одредбите за акцизни складови, заради спроведување на режимот на суспендирање кој важи внатре во заедницата.

Истовремено ќе се изврши проучување, усогласување и вградување на одредбите на Директивата за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија (32003L0096), како и усогласувањето на стапките на акциза на тутунските добра (31992L0079, 31992L0080 и 31995L0059) и алкохолни пијалоци (31992L0083 и 31992L0084) со минималното ниво на акцизите кое е пропишано со Директивите. Бидејќи вградувањето на одредбите од овие директиви ќе има значителни импликации врз малопродажните цени на енергетските производи и електричната енергија и на цигарите, РМ веројатно ќе има потреба од транзиционен период заради ублажување на ценовниот удар врз населението. Сите изменувања и дополнувања на Законот за акцизите ќе се имплементираат со влезот на РМ во ЕУ.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА ЗА ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ**

Во областа на индиректното оданочување и покрај тоа што во извештајот на ЕУ се вели дека е добро усогласено, работната група за оданочување доби техничка помош од Германското друштво за техничка соработка - ГТЗ како резултат на потпишаниот протокол за финансиско-техничка соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија (мај 2007 год.) за доусогласување на Законот за данокот на додадена вредност и Законот за акцизите со ЕУ директивите и уште една проверка од германските експерти на Законот за даночни постапки. Вкупното времетраење на проектот е две години и три месеци. Првата работилница се одржа на 11 декември 2007 година на која се изготви акционен план за наредните шест месеци. За успешна реализација на проектот предвидено е изготвување на акционен план на секои шест месеци и формирање на работни групи кои ќе работат на определени даночни прашања.
Планираната финансиска вредност на овој проект изнесува 300,000 евра, со можност по потреба за корекција во наредниот период.

### 3.16.2 **ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ**

**Правна рамка кај данокот на добивка**

Со Законот за данокот на добивка (Сл. весник на РМ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05 и 139/2006), се уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на Република Македонија.

**Институционална рамка кај данокот на добивка**

Согласно Законот за данок на добивка, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Управата за Јавни приходи.

**Тековна состојба кај данокот на добивка**

Со Законот за данокот на добивка се дефинира: даночен обврзник, даночна основа, трошоци кои се признаваат како расход во даночниот биланс и влијаат на висината на остварената добивка, даночен третман на приходите од капитал и на капиталните добивки и загуби, задржување на данок на приход исплатен на странски правни лица, даночни ослободувања и олеснувања, избегнување на двојното оданочување, утврдување и наплата на данокот на добивка, даночен период и казнени одредби.

Со цел да се подобри инвестиционата клима во Република Македонија, односно да се поттикнат и стимулираат странските и домашните инвеститори во државата, на крајот на 2006 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка со кој се воведе рамен данок, односно од 01. 01.2007 се применува стапка од 12%, а 10% од 01.01.2008 година.

Кај данокот по задршка на приходот платен на странски правни лица, во Законот за данокот на добивка се направија измени и дополнувања со кои се предвидува редуцирање на одредени видови на приходи кои се предмет на оданочување со овој вид на данок. Тие приходи се: приходот остварен од наем на подвижни и недвижни добра, приход во форма на награди кои се доделени на натпревари во Република Македонија, како и приходите од технички, административни и други услуги. Овие измени и дополнувања се во примена од 01.01.2008 година. Ова претставува првиот чекор на усогласување на данокот по задршка во рамки на Законот на данокот на добивка.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОБИВКА**

Во текот на 2008 година ќе продолжи континуирано проучување на директивите на ЕУ кои децидно се однесуваат на системот за данокот на добивка.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОБИВКА**

Во периодот од 2009-2010 година ќе продолжи процесот на усогласување на **законот за данокот на добивка** со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји членки (31990L0434), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји членки (31990L0435), наплата на давачка за придонеси на капитал во капиталните компании (31969L0335) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји членки (32003L0049).

Исто така, ќе се воведат и арбитрарни процедури за спречување на двојното оданочување во врска со профитите помеѓу поврзани0 претпријатија од различни земји членки.

Ќе се изврши и усогласување на новиот Закон за данок на добивка со принципите на Кодексот на постапување при оданочување на фирмите во насока на реализација на приоритетот на Партнерството за пристапување, како и транспонирање на Merger Directive во поглед на отстранување на пречките за прекугранични бизнис реорганизации.

**Правна рамка кај персоналниот данок на доход**

Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на РМ" бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/2006 и 139/2006), целосно го уредува оданочувањето на годишниот доход на физичките лица остварен како збир на нето приходи од сите извори и тоа: лични примања, приходи од земјоделска дејност, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи. Освен приходи на кои се плаќа данок, со Законот е уредено кои приходи се изземени од оданочување, кој е даночен обврзник, даночната основа, даночните стапки, начинот на пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход, жалбената постапка, обнова на постапката и казнени одредби.

**Институционална рамка кај персоналниот данок на доход**

Согласно Законот за персоналниот данок на доход, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Управата за Јавни приходи.

**Тековна состојба кај персоналниот данок на доход**

На крајот на 2006 година, во функција на создавање услови за економски напредок на земјата, порадикално намалување на невработеноста и привлекување на странски инвестиции, се донесе Закон за изменување и дополнување на законот за персоналниот данок на доход со кој се воведе рамен данок, со тоа што постојните стапки на персоналниот данок на доход од 15%,18% и 24% се заменија со единствена даночна стапка од 12% за 2007 година и стапка од 10% со примена од 01.01.2008 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД**

Во текот на 2008 година ќе продолжи континуирано проучување на директивите на ЕУ кои децидно се однесуваат на системот на персоналниот данок на доход.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ КАЈ ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД**

Во периодот 2009-2010 година ќе продолжи процесот на усогласување на **законот за персоналниот данок на доход** со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област - директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби,делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји -членки (31990L0434), во

делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето надоходот на физичките лица, како и на Препораката (93/79 EU) за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во земја-членка друга (различна) од онаа во која се жители и Препораката (94/390 EC) за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби ќе се однесуваат на физичките лица -вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход.

Реализацијата на овие мерки ќе се одвива преку посебни проекти и учество на странски консултанти од земјите членки, со цел да се создаваат услови за вградување и имплементација на новите решенија усогласени со директивата (32003L0048) за оданочување на каматните исплати.

Од особена важност за овој закон ќе биде неговото усогласување со директивата која се однесува на доходот во форма на каматни исплати. Основна намена на оваа директива е потврдување дека доходот од заштедите во облик на плаќања на камати (од денарски депозити кај банки, од должнички хартии од вредност и од други финансиски побарувања), кои се исплатени во државата членка на физичко лице кое е резидент на друга држава членка, да биде успешно оданочен во согласност со законодавството на последната држава, односно на државата во која физичкото лице е резидент. Со оглед на наведената намена за повеќе држави членки е одреден механизам на автоматска размена на информации за каматите на физичките лица меѓу членките за нивните резиденти. За таа цел, а во согласност со Директивата за заедничката помош од органи во земјите членки надлежни за директните даноци, одредени видови акцизни давачки и оданочувањето на премиите за осигурување, Република Македонија по усогласување на домашното законодавство со ЕУ директивите, треба да ги примени условите за автоматска размена на информации во делот на каматните исплати и другите приходи на физичките лица кои се предмет на оданочување согласно персоналниот данок на доход.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА КАЈ ДИРЕКТНИТЕ ДАНОЦИ**

Во правец на утврдување на отстапувањата на Законот за данокот на добивка и Законот за персоналниотданок на доход во однос на директивите на ЕУ, предвидена е техничка помош во рамките на ИПА - компонента 1 кон крајот на 2008 година.

## 3.16.3 **АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Хармонизацијата на законодавството по однос на взаемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ.

Република Македонија има склучено вкупно 29 Договори за одбегнување на двојното оданочување од кои 19 со земјите членки на ЕУ од кои договорите со Германија, Латвија и Велика Британија ќе бидат во примена од 01.01.2008 год.

Регулативата 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и взаемна соработка на државите членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата членка на примена на истата и нема потреба од нејзино претходно инкорпорирање во македонското законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Забрзување на процесот на потпишување и ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Белгија, БИХ, Ирска, Кувајт и Катар како и забрзување на процесот за реализација на завршната фаза на усогласување на Договорот со Словачка. Склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји членки на ЕУ и тоа со Луксембург, Естонија, Португалија, Грција, Кипар и Малта.

Краткорочни приоритети на Управата за јавни приходи за размена на информации, а во врска со примената на член 26 од ОЕЦД моделот за даночна конвенција приход и капитал се:

- воспоставување на регистар на овластени лица за контакт и размена на податоци, од земјите со кои Република Македонија има склучено договори за одбегнување на двојното оданочување;
- определување на овластени лица од страна на Управата за јавни приходи на Република Македонија за размена на податоци и информации;
- воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Комплетирање на мрежата на Договори за одбегнување на двојното оданочување со сите земји членки на ЕУ, како и со САД, Канада и други воневропски држави.

Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување електронска и спонтана размена на податоци со државите со кои Република Македонија има склучено договори за одбегнување на двојното оданочување.

### 3.16.4 **ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Управат за јавни приходи во насока на подобрување на услугите на даночните обврзници, зголемување на ефикасноста на контролата и зголемување на приходите по основ на сите јавни давачки, активно работи на опрационализација на стратешките цели, дефинирани во Стратешкиот план за период 2008 – 2010 година.

Подобрување на услугите на даночните обврзници се остварува преку континуирани обуки на вработените за средните, малите и големите даночни обврзници, поделени по видови на индустриски гранки. Ваквата поделба ја олеснува комуникацијата даночен службеник-даночен обврзник и помага во надминувањето на проблемите со кои се соочуваат даночните обврзници за даночни цели. Имплементација на системот за електронски даночни услуги во Дирекцијата за големи даночни обврзници овозможи 98% од примањето на даночните пријави да се врши по електонски пат. Во тек е подготовката за имплемантацијата на втората фаза од Проектот за е – даночни услги за мали и средни даночни обврзници.

Зголемувањето на ефикасноста на надворешната контрола се остварува преку долгорочни планирања врз основа на претходна анализа од даночните досиеа на даночните обврзници. Со примена на критериумите на ризик, намален е бројот на надворешните контроли, а зголемена е наплатата, споредено за ист период во претходната година. Отпочнато е спроведувањето на новата методологија за надворешна контрола кај малите и средните даночни обврзници – “контрола од биро“, како дел од втората фаза на имплементација на Пилот проектот Канцеларија за мали и средни даночни обврзници, во Регионална дирекција Штип. Едукацијата на даночните инспектори е тековна активност на Секторот за надворешна контрола.

Во процесот на утврдување и наплата на данок постепено се напушта месната надлежност на Регионалните дирекции и оваа функција се централизира преку основањето на канцеларија за Централизирана обработка на подстаоци. Обуките на вработените кои ќе бидат дел од оваа Канцеларија веќе се во тек и се остваруваат согласно годишниот план за едукација ва даночните службеници на УЈП.

Дефинираните мерки на учинок се ставени во функција и се спроведува мерењето на учинокот кај вработените во Управата за јавни приходи.

Во ниту еден момент не е заборавена основната цел на УЈП која води до модернизирање на даночната администрација, а тоа е да биде сервис на даночните обврзници (сите правни и физички лица). Задоволството на даночните обврзници се мери преку утврдени критериуми, процедури и формулари и редовно се објавува во извештаите на Управата за јавни приходи.

**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка која го одредува административниот капацитет на Управата за јавни приходи во поглед на делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на Управата за јавни приходи се претставува со Законот за управата за јавни приходи.

Со Законот за даночна постапка се создаваат единствени основи за општото даночно право и даночната управна постапка. Со него на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници и даночната казнена постапка и постапката за паричните казни. За примена на овој закон донесени се повеќе подзаконски акти и оперативни инструкции за работа на функциите.

Со оваа правна рамка се обезбедува засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање на даноците со преземање на краткорочни и среднорочни мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (шест регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (24) со вкупно 1480 вработени (состојба од: 30.11.2007 година).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Капацитетите на Управат за јавни приходи во текот на 2008 година ќе се зајакнуваат со:

- Замена на постоечкиот информационен систем во УЈП – ДАНИС, со нов Интегриран Информационен Систем - до 31 декември 2008 година;
  Преземањето на структурни мерки во процесот на модернизација на Управат за јавни приходи, подразбира имплементација на нова информациона технологија, која ќе овозможи поголема ефикасност, ефективност на даночната администрација, како и подобри услуги за даночните обврзници. Постојниот ИТ систем, развиен во 2000 година во целост не ги задоволува побарувањата на УЈП од деловна страна. Не постоењето на документиран развој, базираноста на стара технологија, неможноста за редефинирање на модулите, отсуството на елементарно ниво на безбедност, како и неможноста за интеграција со други системи говорат за неопходноста за замена на тековниот ИТ систем со нов Интегриран Информатички Систем .

- Имплементација на информациона – комуникациска технологија за основање на Канцеларија за Централизирана обработка на податоци во Управат за јавни приходи и нејзина интеграција во новиот Информационен Систем – до 31 декември 2008 година;
  Основно обележје на современите даночни администрации е централизирана обработка на даночните пријави со современа OCR и ICR технолгија. Овој начин на работа овозможува брза екстракција на податоци од даночните пријави, нивна валидација и обработка.
- Е-сервиси за мали и средни даночни обврзници и физички лица, до 31 декември 2008 година;
  Тековното решение на е-сервиси во УЈП, Е-Тах е развиено со помош на УСАИД и се однесува само на големите даночни обврзници кои ги сервисира Дирекцијата за големи даночни обврзници. Ова решение не е автоматски интегрирано со постојниот ИТ систем на УЈП и има сериозни недостатоци од аспект на ИТ сигурност. Дополнително решението не користи дигитални сертификати со што не се запазува првата пермиса од доверливи Е-сервиси. Е – услугите не третираат трети страни во доставувањето по овој канал на даночни пријави/образци, на пример книговодствените бироа, како важен партнер и на бизнисот, но и на УЈП. Вообичаена и оптимална практика е со етаблирање на централизираната обработка на пријавите да се имплементира, односно интегрира сообразен и доверлив е-сервис. Управат за јавни приходи со овој проект ќе понуди Е-сервиси врз база на доверлива технологија со користење на дигитални сертификати, но пред се сервис кој е интегриран со јадрениот систем (новиот интегриран ИТ систем на УЈП);
- Имплементација на ИКТ решение за Контакт Центар на Управат за јавни приходи - до Јуни 2008 година;
  Подобрувањето на услугите кон даночните обврзници ќе се реализира со овозможување на побрз и подобар пристап до информациите кои им се потребни од УЈП за остварување на нивните даночни цели. Во рамките на реализацијата на оваа активност, УЈП пристапи кон отварање на Контакт центар преку кој ке се зголеми ефикасноста и ефективноста на работата на носечката функција на УЈП – услуги на даночни обврзници. Односот кон даночните обврзници, односно даночни клиенти и квалитетот на услугите кои се даваат кон нив, како и отварањето на нови канали на коминикација кон нив е задолжително во делувањето на секоја модерна даночна администрација.
- Имплементација на ИКТ решение за управување со човечки ресурси – до 31 декември 2008 година.
  Воведувањето на ИТ решение во процесот на управување со човекови ресурси дирекно ќе се одрази во имплементацијата на Проектот за модернизација на УЈП и ќе овозможи поефикасен начин на менаџирање со даночните службеници.
- Рзавој на програма за услуги и едукација на даночни обврзници, која ќе се спроведува континуирано во текот на 2008 година.
  Подобрување на услугите на даночните обврзници се остварува преку континуирани обуки на вработените за средните, малите и големите даночни обврзници, поделени по видови на индустриски гранки. Ваквата поделба ја олеснува комуникацијата даночен службеник – даночен обврзник и помага во надминувањето на проблемите со кои се соочуваат даночните обврзници за даночни цели.
- Едукација на вработените во УЈП, согласно годишниот план за едукација изготвен од страна на Секторот за човечки ресурси.
  Во текот на 2008 година во УЈП ке се спроведуваат обуки за даночната администрација, со цел специјализација и усовршување во работењето по функции. Во првиот квартал од 2008 година предвидено е да се реализира обука на

инспекторите во делот на спроведување на контрола кај финансиските институции (банки, лизинг компании и осигурителни компании), обука за специјализација во извршувањето на надворешна контрола по видови на идустриски гранки, како и обуки со кои се дообјаснуваат законските измени (ЗДП, ЗПДД, ЗД, ЗДДВ), обуки за вработените во Сектор за услуги на даночни обврзници, обука за вработените во Сектор за присилна наплата, обука за комуникација (интерна и екстерна), и други обуки по потреба. Спроведување на семинари во рамките на реализацијата на годишната програма на ИОТА, како и студиски патувања предвидени во годишната програма за реализација на проектот со ММФ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Имплементација на ИТ решение за Управување со Деловните процеси во УЈП до средина на 2009;
  Успешноста, ефикасноста и ефективностса на работењето на УЈП е во тесна корелација со количината и кавалитетот на информации со кој располага УЈП. Не секогаш УЈП е сопственик на тие информации. Постојат и други институции и органи кои се сопственици на информации, а кои се од интерес во извршувањето на функциите на Управат за јавни приходи. Целта на овој проект е таквите информации да ги концентрира на едно место. Врз нив да се аплицира соодветна деловна логика и истите да бидат дистрибуирани до оперативата на УЈП.
  Овоа решение е стандарден дел од ИТ решенијата на секоја современа даночна администрација.
- Имплементација на Складиште на податоци со деловна интелегенција до 2009-2010;
  Во УЈП постојат и деловни процеси кои се од ткн „supporting" функции во рамките на УЈП. Овие деловни процеси треба истотака да се автоматизираат и интегрираат со јадрениот систем на УЈП. Сообразноста, доверливоста и интегрираноста на овие деловни процеси е од особена важност за обезбедувањето на регулирано и автоматизирано опкружување за извршување на функциите во Управата за јавни приходи.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

ММФ гранд од Холандска Амбасада – техничка поддршка за имплементација на тригодишна програма за модернизација на УЈП (анализа на ризик, пилот проект за мали и средни даночно обврзници, услуги на даночни обврзници, надворешна контрола – Desk audit, Канцеларија за централизирана обработка на податоци, Контакт центар, човечки ресурси, присилна наплата, утврдување и наплата на данок). Овој гранд изнесува 2.023.560 евра.

Гранд од Италијанската влада кој се реализира преку УНДП и изнесува 683.635 евра и се однесува на ново софтверско решение за УЈП.

Побарана поддршка од ИПА, за имплементација на VIES систем во износ од 1.200.000 евра.

## 3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА

### 3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Закон за Народна Банка на Република Македонија**

Во 2007 Законот за Народна банка на Република Македонија влезе во меѓуресорска консултација и беше испратен до Европската комисија и до Европската централна банка за мислење.

**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**

Монетарната политика во 2007 година се одвиваше во услови на структурен вишок на ликвидност. Доминантен инструмент на НБРМ е издавањето на краткорочни хартии од вредност заради стерилизација на ликвидносниот вишок. Во насока на натамошен развој и продлабочување на пазарот на државни хартии од вредност, Народна банка во февруари 2007 година ги дополни *Правилата за начин и постапка за тргување и порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер ("Сл.весник на РМ" бр.35/07),* со воведување на обврска за банките за секојдневно котирање на куповни и продажни цени на државни хартии од вредност. Во март 2007 година започна котирањето со државни записи на електронската платформа, додека од септември 2007 година согласно Правилата, банките отпочнаа секојдневно да котираат куповни и продажни цени на државни обврзници. Транспарентното објавување на котациите на банките и на интернет страницата на Народна банка придонесува за подобра информираност на инвеститорите и се очекува да влијае во насока на зголемување на интересот за купување хартии од вредност и зголемување на нивната ликвидност. За продлабочување на развојот на пазарот на депозити во април 2007 година, по иницијативата на банките, беа донесени *Правила за пресметување и објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити (SKIBOR-Skopje Interbank Offer Rate).* Во јули 2007 година, избраните референтни банки согласно Правилата, отпочнаа да котираат каматни стапки за продавање на депозити (СКИБОР) со стандардни рочности: преку ноќ, една недела, 1 месец и 3 месеци.

**Статистика**

Согласно Прирачникот за монетарна и финансиска статистика на ММФ монетарните прегледи се изготвуваат во денари на месечна основа и се објавуваат најдоцна во рок од 30 дена по истекот на извештајниот месец. Активностите за натамошно усогласување со меѓународните стандарди (соодветна секторизација и класификација на финансиските инструменти), во 2007 година беа насочени кон изготвување на нови презентации на билансот на НБРМ, банките, штедилниците и консолидираниот биланс на депозитните институции.

Во 2007 година, со цел рационализација и намалување на товарот за известување, се извршија промени во подзаконските акти кои го регулираат начинот на известување. Воведен е нов поедноставен прашалник за краткорочните трговски кредити (Упатство за начинот на непосредно известување за побарувања и обврски од комерцијално работење со нерезиденти, Сл.весник 39/07) и е поедноставен начинот на евидентирање на кредитните работи со странство (Одлука за евидентирање на кредитните работи со странство, Сл.весник 138/06 и Одлука за начинот и условите за поднесување извештаи за склучени кредитни работи, Сл.весник 138/06).

Во делот на натамошно унапредување и усогласување со меѓународните стандарди за платно-билансна статистика, во 2007 година беа изготвени податоци за бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициона позиција на Република Македонија. Исто така, подобрен е опфатот на податоците за директните инвестиции, преку вклучување на податоците од годишниот прашалник за директни инвестиции во платниот биланс (делот за реинвестирана добивка и меѓукомпаниски долг).

Во рамките на унапредување на методологијата за проценка на приватните трансфери, во 2007 година беше извршено анкетно истражување за приватни трансфери од страна на независна институција. Резултатите од ова анкетно истражување ќе бидат имплементирани во платно-билансната статистика во текот на 2008 година.

Со цел намалување на времето за изготвување на податоците за платниот биланс, во завршна фаза е проектот за електронска достава на податоци за трансакциите со странство (ITRS), чија реализација се планира во текот на 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на јакнење на институционалниот капацитет и воспоставување на базична инфраструктура за почнување со статистика за текови на финансиски средства (flow of funds statistics) се изврши реорганизација во Дирекцијата за статистика, при што беше формиран нов отсек за статистика на финансиски сметки. Изготвени се процедури и методологија за работа на отсекот за статистика на финансиски сметки. Во насока на поголема хармонизација и

конзистентност на статистиките, со извршената реорганизација на Дирекцијата за статистика, се изврши спојување на статистиката на кредитните работи со странство со платно-билансната статистика во нов отсек за статистика на платен биланс и надворешен долг, како и припојување на отсекот за краткорочна трговска статистика кон отсекот за меѓународна инвестициона позиција.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Донесување нов Закон за НБРМ**
Новиот Закон за Народна банка на Република Македонија е планиран да влезе во владина процедура до крајот на мај 2008.

**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**
Народна банка продолжува со имплементацијата на монетарната политика со примена на пазарно ориентирани инструменти за монетарно регулирање. Притоа, активностите кои треба да се остварат во краток временски период се насочени кон подобрување на ефикасноста на монетарните инструменти со цел успешно стерилизирање на вишокот на ликвидност од банкарскиот систем. Во таа смисла, Народна банка ќе продолжи со активно користење на операциите на отворен пазар (емисија на хартии од вредност, репо трансакции) заради поуспешно сигнализирање на насоките на монетарната политика.

Во насока на натамошно развивање и продлабочување на меѓубанкарскиот пазар на депозити, како почетен сегмент од трансмисиониот механизам, во текот на 2008 година се планира донесување на методологија за пресметување и објавување на MKDONIA (Macedonian Denar Overnight Index Average).
Активностите на Народната банка во текот на 2008 година ќе биде насочени кон натамошно зголемување на транспарентноста во делот на монетарните инструменти и случувањата на пазарите на пари. Во тие рамки, се планира и генерирање на синтетички дневен извештај за движењата на пазарите на пари, кој би бил достапен за банките и пошироката јавност.

**Статистика**
На полето на статистиката до крајот на 2008 година ќе се реализираат следните активности:
Платен биланс: имплементација на резултатите од анкетата за приватни трансфери во платно-билансната статистика; и отпочнување со нов електронски начин на достава на податоци од овластените банки за трансакциите со странство (ITRS ).

Монетарна и финансиска статистика: унапредување на монетарната статистика преку автоматизација на новиот начин на презентација на податоците од монетарната статистика; и натамошен развој на статистиката на финансиски сметки во насока на изготвување на упростени и агрегирани форми на матрици за тековите на паричните средства во економијата.

**Финансиско сметководство**
Во доменот на финансиско сметководство со цел воведување на интегриран сметководствен систем до крајот на 2008 година ќе се изработи Проект за изведба/ набавка на софтверско решение за интегриран сметководствен систем.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Законот за Народна банка го подготвува Министерството за финансии, односно Одделението за банкарски систем во рамки на Секторот за финансиски систем. Ова одделение има тројца вработени.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**
На среден рок, Народна банка ќе го прилагодува монетарниот инструментариум согласно поставеноста и трендовите во евро зоната, понапредните транзициони економии и економиите кои спроведуваат слична монетарна стратегија. Воведувањето на инструментот депозит кај Народна банка се планира на среден рок, имајќи предвид дека во услови на структурен вишок на ликвидност, неговото воведување може дополнително да го дестимулира меѓубанкарското тргување.

**Статистика**
Во наредниот период Народна банка на Република Макоеднoја континуирано ќе работи на прилагодувања во доменот на статистика, со цел нејзино постепено усогласување со барањата на Европската унија.

**Финансиско сметководство**

Согледувајќи ја потребата дека НБРМ како членка на ЕСЦБ и ЕЦБ ќе известува и според Guideline of European Central Bank of 10 November 2006 on the Legal Framework for Accounting, во вториот квартал од 2009 година ќе се започне со анализа за разликите кои произлегуваат од примената на ИФРС стандардите (кои НБРМ ги применува) и стандардите на ЕЦБ за сметководствено известување. Воедно ќе се подготви и План и динамика на активности за усогласување на евидентирањето и подготвувањето на финансиските извештаи на НБРМ во согласност со политиките на Европската Централна Банка.
За реализација на овој Проект е потребна техничка помош од некоја од централните банки или од ЕЦБ.

За примена на сметководствените политики од ЕЦБ е неопходно сметководствениот систем на НБРМ да биде што поинтегриран. Веќе е планирано воведување на интегриран сметководствен систем, за што и се планираат финансиски средства, но сеуште не може да се предвиди вкупниот износ, како и фазите и динамиката на имплементација на интегрираниот сметководствен систем. За навремено и успешно спроведување на проектот потребни се нови вработувања во Дирекцијата за финансиско сметководствени работи кои ќе продолжат и понатаму да работат на имплементација на новите Сметководствени политики.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во текот на изминатиот период, од страна на Министерството за финансии користена е техничка помош главно од меѓународни финансиски институции, преку техничките мисии , а во насока на усовршување и подобрување на нацрт законот за НБРМ.

## 3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА**

Унапредувањето на квалитетот на макроекономските анализи, моделирањето и прогнозирањето во националната економија преку примена на финансиското програмирање, овозможува поквалитетно советување на Владата на Република Македонија и дизајнирање на оптимални економски политики и реформи и поквалитетна подготовка на стратешките документи како што се Предпристапна Економска Програма, Макроекономска политика, Национален Развоен План и слично;

Макроекономската политика на РМ се одвива во насока на развивање на пософистицирани методи и модели за планирање на буџетските приходи за унапредување на целокупниот буџетски процес и ефикасно искористување на расположивите ресурси.

**ЈАВЕН ДОЛГ**

Законската регулатива која го регулира задолжувањето на јавниот сектор во Република Македонија е Законот за јавен долг, Закон за буџети, Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа и Стратегија за управување со јавен долг. Основни цели во управување со јавниот долг согласно Законот за јавен долг се стабилно финансирање на потребите на државата со минимални трошоци, на среден и долг рок, како и со прифатливо ниво на ризик и развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар. Задолжување во јавниот сектор може да биде во форма на заем од домашни или странски кредитори или во форма на државни хартии од вредност издадени на домашен или странски пазар.

Носители на јавниот долг согласно Законот за јавен долг се: Владата на Република Македонија, општините и градот Скопје, јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата, додека долгот на Народна Банка на Република Македонија не влегува во јавен долг. При надворешното и домашното задолжување и при издавање на државни гаранции за надворешно и домашно задолжување согласно Законот за јавен долг потребно е добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии, а потоа и одобрение од Владата на Република Македонија. Понатаму, доколку се работи за надворешно задолжување и издавање на државна гаранција при надворешно задолжување потребно е усвојување на закон од страна на Собранието на Република Македонија.

Рамката која ја одредува политиката на задолжување во Република Македонија е Стратегијата за управување со јавен долг која се однесува на период од следните 3 години, а се донесува секоја година од страна на Собранието на Република Македонија. Првата Стратегија за управување со јавен долг беше донесена на 21 март 2006 година и се однесуваше на периодот 2006-2009 година. Со неа е предвидена рамка на надворешно и домашно задожување во период од 3 години како и насоки за подобрување на карактеристиките на должничкото портфолио на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во поглед на организационата структура на Секторот за управување со јавен долг, истиот е целосно кадрово екипиран со 13 вработени лица и се состои од следните одделенија: Одделение за задолжување и инвестиции (Front Office); Одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризиците (Middle Office); и Одделение за евиденција, следење и сервисирање на обврските по основ на јавниот долг (Back Office)

Секторот за управување со јавен долг во рамките на Министерството за финансии соработува и се координира со Секторот за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Сектор Буџет и фондови, Сектор Трезор, Сектор за финансиски систем и Сектор за макроекономска политика. Додека, како институции со кои соработува Министерството за финансии при управување со јавниот долг се: Народна Банка на Република Македонија, Комисија за хартии од вредност, Централен депозитар за хартии од вредност, деловни банки и други пазарни учесници. Во Секторот за управување со јавен долг во текот на 2007 година имаше 2 нови вработувања. Тој во моментов брои 13 вработени лица и е целосно екипиран до крајот на 2008 година.

Министерството за финансии има склучено договор за фискален агент со Народна Банка на Република Македонија за спроведување на аукциите на државните хартии од вредност и договор со Централниот депозитар на хартии од вредност за запишување, водење и доставување на податоци за имателите на државните хартии од вредност.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во доменот на економската политика, на краток рок се предвидува да се преземат чекори за подобрување на правната рамка.

Измени и дополнувања на Законот за јавен долг до јуни 2008: иако измените и дополнувањата не се однесуваат на усогласување на овој закон со ЕУ законодавство, тие произлегуваат од потребата за допрецизирање на законската рамка во сферата на опфатот на јавниот долг, на негово подобро имплементирање и имаат за цел остварување на подобри перфоманси во подрачјето на јавниот долг .По донесувањето на измените на Законот за јавен долг, во краток временски период, треба да се донесе Упатство за начин и постапка на задолжување на општините и јавните претпријатија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА**
На краток рок, ќе се доекипира Секторот за макроекономска политика согласно постојната систематизација и ќе отпочнат активности за развивање на финансиското програмирање и проектирање на буџетските приходи.

**ЈАВЕН ДОЛГ**
Во текот на 2008 година се очекува набавка и импелементација на софтверска апликација во која ќе се креира интегрирана база на податоци на целокупниот јавен долг на државата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Среднорочната стратегија за управување со јавниот долг, Министерството за финансии продолжува со издавање на државните хартии од вредност (ДХВ) и во наредниот период. Намерата е пред се одржување на постојната рочност што значи редовна застапеност на државните записи (ДЗ) со сегашната рочност од 3, 6 и 12 месеци, како и зголемена застапеност и емисија на државните обврзници (ДО) од 2 и 3 години, со евентуална можност за емисија на ДХВ со подолги рокови во зависност од импулсите на пазарот. Од досегашното искуство на емитување на ДХВ се дојде до заклучок дека фрекфентноста на издавање на хартиите од вредност е соодветна на пазарните потреби и Министерството за финансии ќе продолжи со истата динамика. Нето емисијата на ДХВ и во текот на наредните години ќе се зголемува согласно планот и проекциите за емисија на ДХВ. Во однос на воведувањето на примарните дилери Министерството за финансии продолжи со мониторингот на банките учеснички на аукциите кој започна во мај 2006 година. МФ ќе донесе одлука за воведување на систем на примарни дилери, односно ќе селектира ограничен број на банки кои што ќе имаат екслузивно право да купуваат на аукциите на примарниот пазар на ДХВ, но истовремено и ригорозни обврски за пласман на ДХВ, за котација на секундарниот пазар, и сл. Министерството за финансии очекува дека примарните дилери кои ќе придонесат за зголемување на конкурентноста меѓу банките и ќе овозможат поефикасно спроведување на примарната емисија на ДХВ.

Со цел обезбедување на финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок на среден и на долг рок со истовремено одржливо ниво на ризик, согласно Законот за јавен долг се дефинирани следните цели:

- Примарни цели: Учеството на евро долгот во вкупниот надворешен долг во распон од 67-70% (со максимално дозволено отстапување од +/- 3 процентни поени); Постепено зголемување на учеството на денарот во вкупниот јавен долг и негово движење во распон од 9-18%(со максимално дозволено отстапување од +/- 2 процентни поени)
- Секундарни цели: Вкупен јавен долг во однос на БДП - Нивото на долгот на општа влада во наредните три години да не надминува 35% од бруто домашниот производ, Нивото на јавен долг во наредните три години да не надминува 40% од бруто домашниот производ; Гарантиран јавен долг во однос на БДП - Износот на гарантираниот јавен долг да не надмине ниво од 4% од бруто домашниот производ.

**ИНСТИТУЦИОНЛАНА РАМКА**
**МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА**

Доколку се обезбеди неопходната странска (експертска) помош, на среден рок значително се очекува да се зголеми капацитетот на Секторот за макроекономска политика за примена на финасиското програмирање при проектирање на макроекономските варијабли и оценка на ефектот од планираните владини политики и мерки. Зголемената точност во планирањето на буџетските приходи ќе обезбеди подобрување на целокупниот процес на буџетско планирање и ќе овозможи порационално и попредвидливо планирање на буџетските расходи, со посебен фокус на приоритетите.

**ЈАВЕН ДОЛГ**

Секторот за јавен долг има потреба од проширување на активностите во следните години, во одделението за задолжување и инвестирање и одделението за политики на управување со јавен долг и анализа на ризиците, така да се јавува потреба од административно зајакнување на овие одделенија во текот на 2009 и 2010 година.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во текот на 2007 година, Секторот за управување со јавен долг користеше техничка помош од страна на Холандската Амбасада во Република Македонија преку престој на двајца консултанти од Министерството за финансии на Република Холандија. Исто така, со помош на Светска банка во рамките на Секторот за управување со јавен долг престојуваа два експерта за креирање и имплементирање на Стратегија за управување со јавен долг. Од страна на ММФ беа финансирани консултанти на тема Cash management. Притоа, од страна на, USAID (World Learning) и FSVC како донатори, добиена е помош за Секторот за остварување на една работна посета на Република Унгарија и од GTZ се финансираше работна посета на Република Австрија и Република Германија.

Во 2008 година продолжува соработката со USAID и FSVC и постојат неискористени средства од грантот на Холандската Влада.

## 3.18 **СТАТИСТИКА**

### 3.18.1 **СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во февруари 2007 г. беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за Државната статистика (Сл. Весник на РМ бр. 21/07).
Донесена е Програмата за статистички истражувања за периодот 2008-2012 година. Во програмата за прв пат како овластен носител е вклучено и Министерсвото за финансии. Во подготовката на Програмата учествуваат овластените носители, широк круг на корисници и извештајните единици.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Усогласување на законот за државната статистика со регулатива на ЕУ во однос на користење на микроподатоци преку донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика
- Закон за попис на население и домување,2011

**АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во октомври 2007 година, Собранието на Република Македонија ги именуваше претседателот и членовите на Советот за статистика на Република Македонија. Согласно измените и дополнувањата на Законот од февруари 2007 година членови на Советот се преставници на: Собранието на Република Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Народна банка на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерство за правда, Министерство за финансии, претставници на научната заедница (три члена), невладина организација, локалната самоуправа и Социјално економскиот совет.

Согласно измените и дополнувањата на Законот од февруари 2007 година зајакната е позицијата на директорот на Заводот во однос на неговото именување и разрешување, како и неговата независност во однос на одлучувањето за стручно методолошките прашања во областа на статистиката.

Во Заводот се воспоставува систем на стратешко планирање и мониторинг на имплементацијата на Програмата за статистички истражувања, во кој треба да бидат вклучени:индикаторите за успешност, цената на чинење на статистичките активности, мониторинг на активностите и други елементи.

Во Заводот се вработени вкупно 245 вработени, од кои 79 во регионалните одделенија.

Менаџментот на ДЗС (вкупно 14 лица) имаше обука за концептот на European Foundadtion of Quality Management (EFQM). Менаџментот на ДЗС имаше обука за јакнење на капацитетите на одделението за раководење со буџет, како и за развивање на културата за комуникација (внатрешна и надворешна комуникација). Во таа насока во октомври 2007 г. е спроведена Анкетата за задоволството на вработените во ДЗС. Истотака, во тек е подготовката на системот за следење на трошоците по активности.
Подготвен е интегриран план за развој на човечките ресурси во кој се утврдени потребите на Заводот за кадар, обуките на вработените и др.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Зајакнување на административните капацитети на ДЗС:
    - Зголемување на буџетот за 20 % во однос на 2007 г.
- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање,буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси:
    - Со новата организациона структура која ќе се донесе во првиот квартал на 2008 година ќе се воспостават организациони форми за стратешко планирање и за менаџмент со човечки ресурси
    - Пилот примена на системот за буџетирање и следењето на трошоците по активности
- Намалување на товарот на извештајните единици
    - Анализа на состојбите
    - Подготовка на предлог-документ со акционен план

- Обучен кадар за релевантни методи и процедури и за информатичка поддршка
(продолжува и како среднорочна активност)
    - Обуки за релевантни методи и процедури ;
    - Учество на меѓународни состаноци организирани од Еуростат и други институции

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ АУТПУТИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**
А. **ОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
На Интранет страната на Заводот поставена е секција Квалитет во која освен Кодексот за работа се ставени и Декларацијата за Квалитет на ЕСС, како и дефиницијата за квалитетот. Извесен број од раководниот како и од стручниот кадар во ДЗС поминаа кратки курсеви за квалитет, од што како краен продукт произлегоа Нацрт извештаите за квалитет за Анкетата за работна сила и за Анкетата за користење на информатичко-комуникациски технологии кај деловните и финансиските субјекти. Од индикаторите за квалитет што се применуваат во ЕСС, во Заводот континуирано се пресметуваат варијансите и коефициентите на варијација за сите примерочни истражувања, како и стапките на (не)одговор. Се посветува и особено внимание на навременоста и запазувањето на предвидените рокови (timeliness and punctuality) .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Изготвување на извештаи за квалитет за истражувањата, преку:
    - Подготовка на методолошко упатство за подготовка на извештај за квалитет
    - Изготвување на извештаи за квалитет по завршувањето на статистичките истражувања

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци,преку:
    - Примена на препораките на ЕУ за квалитет на статистичките истражувања и на статистичките податоци
    - Развивање на Кодекс на работа ( Code of practice)
    - Развивање на систем за следење на процеси
    - Развивање на систем за самооценување

В. **ИТ ИНФРАСТРУКТУРИ И УСЛУГИ ЗА ДЗС**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Кон крајот на третиот квартал на 2007 година, во ДЗС беше добиена следнава опрема: сервери за замена на контролорите на домен во ДЗС како и во осумте регионални одделенија, сервери за замена на mail серверот, proxy серверот и database серверот како и 93 нови работни станици. Оперативни системи за серверите се Microsoft Windows2003, Linux и AIX, додека за работните станици е Microsoft Windows XP. Како дополнителен системски софтвер набавени се и McAfee антивирус и Microsoft ISA 2006 Сервер. во рамките на Twinning проектот.

Исто така, во 2007 година, од Буџетот на РМ беше финансирана набавка на опрема за потребите на Пописот на земјоделството. Набавени се еден сервер и 47 работни станици, како и софтвер за бази на податоци Microsoft SQL Server.

Во поглед на обуката, со финансирање од Twinning проектот обезбедена е посета на серија на Microsoft курсеви од областа на системска подршка, администрација, мрежи и заштита на податоци за Windows оперативни системи и мрежи, како и за Microsoft ISA сервер, кое знаење ќе се примени во процесот на миграција. Се реализира и обука за развој на десктоп апликации во Microsoft.net околина и два курса за администрирање и програмирање на Microsoft SQL Server

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Комплетна промена на информатичката инфраструктура во централниот завод и осумте регионални одделнија ( миграција од WindowsNT на Windows 2003)
- Миграција од WindowsNT на Windows 2003
- Преработка на апликациите за подршка на статистичките истражувања со современи алатки според европските стандарди, развој на апликации за прибирање на податоци преку интернет.
- Развој на стандардизирани апликации за планирање, следење на активности, правење извештаи и слично
- Воспоставување на заеднички стандарди и методи во работењето

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Одржување континуитет во осовременување на ИТ опкружувањето, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација, преку:
  - Делумна надградба на информатичката инфраструктура и софтверските алатки
  - Преработка на апликациите за подршка на статистичките истражувања со современи алатки според европските стандарди, развој на апликации за прибирање податоци преку интернет

**В. ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА Европскиот статистички систем (ЕСС)**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во ДЗС е инсталиран софтверот од Еуростат eDAMIS Web Application – eWA. Во ДЗС континуирано се зголемува број на дата сетови кои се пренесуваат до Еуростат преку единствената влезна точка (Single Entry Point - SEP) со употреба на eWa алатката.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Значително зголемување на бројот на датасетови кои се доставуваат до Еуростат преку единствената влезна точка со користење на продуктите и алатките на Еуростат за пренос на податоци
- Изработка на софтверски апликации за транскодификација на податоците кои се доставуваат до Еуростат

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Интегрирање на податоците во датабазите на Еуростат со прифаќање на стандардите за пренос на податоци и метаподатоци
- Имплементација на ЕУ стандардите за размена на податоци и метаподатоци

**Г. РЕФЕРЕНТНИ ПОДАТОЦИ И МЕТАДАТА СКЛАДИШТА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Постојната метабаза што содржи основни податоци за организациската структура, статистичките истражувања и публикуваните документи, како и релациите помеѓу нив, континуирано се ажурира и се користи во продукциски цели за подготовка на статистичките програми: годишна програма и повеќегодишна програма за статистички истражувања.

Во 2007 година е изработена апликација за подготовка на Програмата за статистички истражувања 2008-2012.

Процес на континуирано следење на развојот на метадата методологијата во меѓународни рамки и усвојување на методи и техники за дефинирање на метамоделот во ДЗС.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подготовки за развој на систем на метаподатоци во ДЗС
- Подготовка на детална временска рамка за метадата системот
- Подготовка на документ - методолошка основа за содржина на метабазата

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Дефинирање на почетна рамка, анализа на објектите и врските меѓу нив во метадата моделот
- Дефинирање на временски план со учесници за воспоставување на интегрален систем на метадата во ДЗС
- Дефинирање на почетна рамка,објектите и нивните атрибути во метадата моделот
- Анализа на објектите и врските меѓу нив во метадата моделот

**Д. ИСТРАЖУВАЊА ВО СТАТИСТИКАТА И МЕТОДОЛОГИИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во поглед на примерочните истражувања, за кои утврдувањето на рамка на избор е прв основен предизвик, во 2007 се работеше на утврдување на рамка за мастер примерок за претпријатија користејќи податоци од ДЗС, Централниот регистер и од ФПИОМ како и утврдување на мастер примерок за домаќинства Започната е примената на калибрација (постстратификација) во некои истражувања (АРС, АПД).

Во областа на истражувањето (research) и развој, како и во областа на статистичките методологии, неопходна е континуирана надградба и усовршување на методите и софтверите за дизајнирање и процесирање на примерочни истражувања.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Организација и воведување на програми за обука и техничка помош за теорија за дизајнирање примерок
- Понатамошна примена на калибрација во истражувањата за намалување на ефектот на неодговорите

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Организација и воведување на програми за обука и техничка помош за теорија за дизајнирање примерок
- Софтвер за дизајнирање и процесирање на примерочни истражувања за растително производство

**Ѓ. СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И СТАТИСТИЧКА ДОВЕРЛИВОСТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во поглед на заштитата на податоците, Законот за државната статистика е усогласен со важечките регулативи на ЕУ:

- Commission Regulation (EC) No 45/2001 of the European Parliament and of the Council on the protection of individuals with regard to the processing of personal data by the Community institutions and bodies and on the free movement of such data
- Commision Regulation (EC) No 831/2002 on implementing Coincil Regulation (EC) No 322/97 on Community statistics, concerning access to confidential data for scientific purposes

Индивидуалните податоци, вклучувајќи ги и посебните категории на лични податоци за физичките лица прибирани за статистички цели, претставуваат доверливи податоци и можат да се користат исклучиво за статистички цели и научни истражувања во согласност со Законот за државната статистика („Сл.весник на РМ“ бр.54/97 и бр.21/2007) и Законот за заштита на личните податоци („Сл.весник на РМ“ бр.07/05).

Во Државниот завод за статистика се преземени  мерки за заштита на статистичките податоци од неовластен пристап или од физичко уништување.

Микроподатоците од статистичките истражувања се сместени на централен сервер во  просторија со контролиран влез со картички и камери. Пристапот до базите на податоци е селективен, со користење на корисничко име и лозинка на Unix серверите и доделување на привилегии во DB2.

Во Државниот завод за статистика е дефинирана процедура за секојдневен бекап како и постапка за архивирање на податоците и апликациите по завршување на секое статистичко истражување. Бекапите и архивираните податоци се чуваат во заклучен огноотпорен сеф во ДЗС и во изнајмен сеф надвор од просториите на Заводот.

Дефинирана е процедура за редовен системски бекап на серверите и политика за доделување на кориснички имиња и лозинки со соодветни привилегии (администратори, оператори, корисници).

За излез на вработените на Интернет се користи MS Proxy server кој исто така служи и како заштита од надворешни упади. Во однос на заштита од вируси се користи Symantec Antivirus - Corporate Edition, инсталиран на посебен сервер, кој редовно се ажурира.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита, преку:
    - Имплементација на Active directory
    - Изградба на DMZ

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Имплементација на меѓународни стандарди за заштита на информациски системи
    - Имплементација на SDC (Statistical disclosure control) методи со изарботка/прилагодување на соодветен софтвер

**ДИСЕМИНАЦИЈА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Дисеминацијата на статистичките податоци треба да овозможи пристап и користење на статистичките податоци од страна на корисниците во земјата и во странство. Статистичките податоци се достапни до корисниците преку повеќе форми - печатени публикации со различна периодика, ВЕБ дисеминација и подготовка на податоци според потребите на корисниците.

Во текот на 2007 година, во областа на дисеминацијата на статистичките податоци се реализирани следните активности:

- технички и содржински редизајн на ИНТРАНЕТ страната,
- информирање на населението во Република Македонија за Пописот на земјоделство, 2007 год.
- подготовка на Стратегија за дисеминација за следниот три годишен период,
- тестирање на редизајнираната едиција Соопштенија од содржински и технички аспект
- анализа за користење на софтверска апликација за електронска дисеминација и набавен е PC Axis софтверот
- донесен План за дисеминација на податоците од Пописот на земјоделство, 2007 год.
- учество на Саемот Agro food во Скопје.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Дисеминација на податоците од Пописот на земјоделството
    - Со цел да се обезбеди пристап од податоците од Пописот на земјоделство, Државнот завод за статистика подготви посебна Полтика за дисеминација
    - Дисеминацијата на податоците се планира да се оствори преку повеќе форми- електронски и публикации и веќе се публикувани првите две книги со дефинитивни податоци од Пописот
- Реализација на Стратегијата за дисеминација на податоци
    - Основна цел на стратегијата за дисмеинација е да се обезбеди јавност и еднаков пристап до корисниците на производите и услугите на Државниот завод за статистика. Во неа се вклучени формите и методите на дисеминација, што ќе ги реализира Државниот завод за статистика во следниот три годишен период
    - Со оваа Стратегија се настојува да се оствари конзистентност на македонскиот систем за дисеминација со европската статистичка пракса
    - Јакнењето на соработката со средствата за јавно информирање е од посебен интерес и во таа насока во почетокот на 2008 год. се започна со примена на редизајнирани Соопштенија
    - Продолжува и како среднорочен приоритет

- Јакнење на довербата во официјалната статистика
    - За да се оствари исполнување на стратешката цел на институцијата за јакнење на довербата од приоритетно значење е да се добијат сознанија за корисниците на податоци и услуги на Државниот завод за статистика. Во таа насока се планира да се спроведе Анкета за мерење на задоволството на корисниците и врз основа на добиените резултати да се пристапи кон редефинирање на формите и содржините на дисеминационите продукти.
    - Довербата во официјалната статистика треба да се зајакне со јакнење на сигурноста кај јавноста дека нивните податоци не се злоупотребуваат, но и да се дефинираат правила за пристап до податоци за научно истражувачки цели и во таа насока треба да се дефинира Политика за пристап до микор податоци
    - Продолжува и како среднорочен приоритет

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Реализација на Стратегијата за дисеминација на податоци
- Јакнење на довербата во официјалната статистика
- Воспоставување соработка со другите учесници во статистичкиот систем во доменот на дисеминацијата
    - Конзистеноста на македонскиот статистички систем треба да се оствари и во доменот на дисмеинацијата. Во таа насока потребно е да се вопостави соработка со учесниците во статистичкиот систем и да се обезбеди примена на европските начела за дисеминација и кај другите учесници во статистичкиот систем.

## 3.18.2 **КЛАСИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2007 година донесени се следниве класификации:

- Класификација на функциите на Владата-COFOG,
- Класификација на производите според дејноста-КПД,
- Класификација на целите на непрофитните институции што им служат на домаќинствата (COPNI).

Во декември 2007 година, Владата на Република Македонија ја усвои - Одлуката за Номенклатурата на територијални единици за статистика – НТЕС.
Во тек се активностите за усогласување на Националната класификација на дејности НКД Рев.1 со Европската класификација на економски дејности НАЦЕ Рев.2.
Подготвена е и публикувана Класификацијата на енергенти.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усогласување на системот на националните стандарди со Европскиот систем на стандарди:
    - Одлука за утврдује на Национална класификација на дејностите НКД Рев.2.

Усогласување на листа на видови на отпад со статистички категории за отпад

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Усогласување на системот на националните стандарди со Европскиот систем на стандарди:
    - Одлука за утврдување на Националната номенклатура на индустриски производи ННИП од страна на Владата на РМ
    - Одлука за утврдување на Националната класификација по производи – КПД
    - Одлука за утврдување на Националната класификација на занимања - НКЗ со меѓународната класификација на занимања ISCO –08

**РЕГИСТРИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Државниот завод за статистика во тек е процесот на воспоставување и водење на статистичките регистри.

Државниот завод за статистика ја воспостави базата на Статистичкиот деловен регистар (СДР). Базата е наполнета со податоци за сите правните единици ( правни и физички лица) и правните локални единици
Дефинирана е содржината на деловниот регистар: статистичките единици (правна единица, претпријатие, и локална единица), варијабилите за секоја единица и релационите врски мегу единиците ви СДР.

**<u>Подготвени се предлог работни верзии на методолошките инструменти за спроведување на Пописот на деловни субјекти.</u>**

**Статистичкиот регистар на население** - во тек е развивање на методолошките основи и функционалноста на СРН, усогласени со европските стандарди и препораки.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Активности за ослободување на Државниот завод за статистика од административните и управните функции и целосно насочување кон основната дејност. Активностите ќе се реализираат преку:
    - Трансфер на регистарот на просторни единици во ДЗГР
    - Трансфер на регистарот на население во МВР;
    - Трансфер на методолошка-организациона и техничка обработка на податоците од Избирачкиот список во ДИК

  (**продолжува и во среднорочни приоритети**)
- Воспоставување, водење и ажурирање на Статистичкиот деловен регистар - СДР (**продолжува и во среднорочни приоритети**) **преку следните активности**:
    - Спроведување на Попис на деловните субјекти;

- Развивање на методолошките основи и функционалноста на СРН, според европските стандарди и препораки (**продолжува и во среднорочни приоритети**)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Надградба на Статистичкиот деловен регистар - СДР преку:
    - Развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на група на претпријатија)

## 3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

### 3.1. **ДЕМОГРАФСКА**, **СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во рамките на **статистиката на населението**, активностите беа насочени кон обука на вработените за изработка на краткорочни (квартални) прогнози на население, по региони, пол и возраст. Подготвени се и прогнозите претстои нивна анализа.

Во однос на проекциите на населението, 2005-2055, пресметани се индикаторите потребни за анализата на движењето на факторите на демографскиот развој, изготвени се хипотези за идните правци на движење на тоталната стапка на фертилитет.

Во тек се подготовките за идниот попис на население и домување, 2011.

Во однос на статистиката на миграции на странци, во текот на 2007 година, податоците се прибираа и по пат на прашалници и преку базата на податоци од МВР.

Во доменот на морталитетната статистика, објавени се податоците за умрени по причини за смрт според Десеттата статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми (МКБ -10, листа 65 причини).

Во рамките на **статистиката на образование**, спроведени се две нови истражувања и објавени податоци: истражување за запишани лица на последипломски студии и истражување за лица што пријавиле докторска дисертација.
Подготвена е публикација за Попис на простор во високо-образовните установи, 2006.

Во рамките на **статистиката на социјална заштита** потребно е интензивирање на соработката со институциите заради проучување и имлементација на ЕССПРОС методологијата.

Во рамките на **статистиката на криминалитет**, во 2007 година, ДЗС за прв пат го доби и пополни прашалникот на Евростат за статистика на криминалитет и правосудство (Statistics on crime and the criminal justice system). Прашалникот беше пополнет во соработка со МВР и МП-Управа за извршување на санкции.

Во рамките на **статистика на иновации**, во 2007 година, објавени се податоците за иновациската дејност во Република Македонија.

**Анкета за работната сила** (АРС) во Република Македонија – Извршено е подобрување на содржината на прашалниците како и евалуација за репрезентативноста и големината на примерокот и квалитетот на податоците на регионално ниво. Направени се експериментални пресметки на податоците на регионално ниво за годините 2004, 2005 и 2006. Направена е транскодификацијата на податоците од АРС за 2006 г.согласно ЕУ стандардите за трансмисија на податоците до Евростат

**Цената на трудот** - Пресметан е индексот на цената на труд за годините 2004, 2005 и 2006 по квартали врз база на податоците од месечното истражување за вработени и плати.

**Плати во јавен и приватен сектор** - подготвени се нацрт методологијата и инструменти .

**Повреда при работа** - - Во четвртиот квартал од 2007 во рамките на Анкетата за работната сила се спроведе **ад хоц модулот** повреда при работа согласно регулативите 384/2005; 341/2006.

**Анкета за потрошувачка на домаќинствата** - Направени се експериментални пресметки на годишно ниво по региони за годините 2004, 2005 и 2006. За подобрување на квалитетот на резултатите од Анкетата на регионално ниво и по квартали, во 2007 година е редизајниран примерокот, а при обработката на податоците за 2007 ќе биде извршена и калибрација.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Трансмисија на податоци до Евростат согласно ЕУ стандардите
  - Податоците од АРС за 2006 г.;
  - Транскодификацијата на податоците од АРС за 2007 и нивна трансмисија
  - Податоците од Анкетата за цената на трудот за 2004 г. и 2006 г.
- Спроведување на подготвителни активности за идниот Попис на населението и домувањето преку;
  - Дефинирање на содржина на белези
  - Општ план за спроведување на попис
  - Реализирање на планот за спроведување на пописот **(продолжува и како среднорочна активност**, **а и по** 2010 **г.**)
  - Подготовка на пописната картографија со користење на новата расположива технологија **(продолжува и како среднорочна активност**)
- Подготовка и објавување на Публикација за Проекции на населението на регионално ниво преку:
  - Финализирање на хипотезите
  - Објавување на публикација

- Користење на податоци од административниот регистар за странци од МВР
- Проучување на методологијата ЕССПРОС – надлежни институции МТСП; ФЗОРМ; ФПИОРМ во соработка со ДЗС, преку:
    - Интензивирање на активностите на работната група за ЕССПРОС;
    - Подготовка на план на активности
- Спроведување на истражувањето за плати во јавен и приватен сектор

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Континуирана трансмисија на податоци до Еуростат согласно ЕУ стандардите
- Спроведување на подготвителни активности за идниот Попис на населението и домувањето
- Спроведување на пилот Анкета за континуирана стручна обука (ЦВТС-Цонтинуатион Воцатионал Траининг Сурвеs), преку:
    - Проучување на методологија и подготовка на инструменти
    - Подготовка на план за организација и спроведување;
    - Спроведување на Пилот анкета
- Примена на методологијата ЕССПРОС– надлежни институции МТСП; ФЗОРМ; ФПИОРМ во соработка со ДЗС, преку;
    - Пресметка на трошоци за социјална заштита по категории корисници според ЕССПРОС - продолжува и по 2010 г
- Подготовки за спроведување на истражувањето структура и дистрибуција на заработувачката преку:
    - Проучување на ЕУ регулативите и стандарди и подготвка на методологија и инструменти
    - Спроведување на пилот истражување
- Подготовки за спроведување на анкета за приходи и животен стандард –СИЛК преку:
    - Проучување на методологија и подготвување на инструменти:
    - Спроведување на пилот Анкета за приходи и животен стандард -СИЛК

3. 2. **СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Прва Публикација од областа на животна средина изработена во соработка со МЖСПП се издаде кон крајот на 2007 година. Во втората половина на 2007 година се одржаа три работилници во рамките на регионалниот проект СИДА за унапредување на статистиките за животна средина од областа на вода, отпад и трошоци за животна средина.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со европските регулативи, преку:
    - Ревидирање на методолошките инструменти за тековното статистичко истражување за комунален отпад во секторот индустрија и спроведување на пилот истражување

Адаптација на дел од истражувањата за вода соглано ЕУ стандардите

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Обезбедување на податоци за следење на животната средина во согласност со европските регулативи, преку:
    - Спроведување на редовно истражување за отпад во секторот индустрија;
    - Спроведување на пилот истражување за трошоци во животната средина
    - Подготовка на истражувања за отпад во сите НАЦЕ сектори
    - Адаптација на дел од истражувањата за вода согласно ЕУ стандардите

3.3. **МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во текот на 2007 година се подготвени пресметките на Бруто-домашниот производ според расходниот метод по тековни цени на квартално ниво а се подготвија податоци по тековни цени според производниот метод на квартално и годишно ниво со користење на методот на двојно дефлационирање.
При пресметките се користат методолошките препораки во ЕСА 95 и СНА 93, Прирачникот на Еуростат за кварталните национални сметки, прирачникот на ММФ за кварталните национални сметки и Прирачникот на Еуростат за ценовни и волуменски мерки.

- Во тек е спроведувањето на ревизија на пресметките следејќи ги, покрај препораките од наведените прирачници, и препораките на техничката мисија од ММФ .

Со Твининг проектот за 2007 година направен е прогрес во пресметките потребни за табелите на понуда и употреба како и за симетричната инпут аутпут табела.Работени се податоците за 2005 год Тие ке бидат основа за подготвувањена на публикациите во 2008.
Во текот на 2007 ДЗС подготви експерименатлно податоци за регионално ниво.Со Твиниг проектот во 2007 година оценувани се и прибраните расположиви податоци и направена е пресметка според препораките за регионални сметки (Директива 2223/96...) Исто така подготвено е упатство за пресметка што ќе служи за работа и унапредување на пресметките во иднина.

Во тек е реализација на активностите од Европската програма за споредба 2008, при што тековно се снимаат пазарните цени на производите и услугите по претходно формирани и усогласени листи на производи и услуги во Еуростат. Сите фази се усогласени со временската табела на Еуростат и со земјата лидер.

Во текот на 2007 година се работеше на избрани поглавја што беа дефинирани со тимот на ОЕЦД за пресметка на исцрпноста во националните сметки. Пресметките се извршени од страна на ДЗС, а нивна верификација и дискусија по истите ќе биде реализирана заедно со претставниците на ОЕЦД. Се очекува со подготвените податоци да се имплементира регулативата на комисијата бр 1722/2005 во однос на пресметката на рентите за становите.

ДЗС во соработка со Министертвото за финансии и НБРМ во 2007 обезбеди податоци за осигурителните компании и финансики податоци за банките и штедилниците на квартално ниво со што се обезбеди рационализација за пресметка на додадената вредност на квартално ниво за финансискиот сектор со што не се креирани дополнителни обрасци до деловните субјекти.

Се проучува методологијата за подготвување на евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Составување на економски сметки по институционални сектори и изработка на интегрираниот сет на економски сметки;
- Совладување на техниките за процена на податоците кои недостасуваат за балансирање на податоците за табелите на понуда и употреба вклучувајки софтверски решенија
- Подготовка на методологија за БДП која ќе ги вклучува сите унапредувања направени во податоците до 2007 година
- Унапредување на квалитетот на податоците на додадената вредност на регионално ниво (NTES 3).
- Продолжување на активностите во рамките на Проектот ППП (паритет на куповната моќ), рунда 2008.
-
- Хармонизација на пресметката на макроагрегати согласно ЕСС 95

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
- Унапредување на секторските сметки
- Продолжување на активностите во рамките на Проектот ППП (паритет на куповната моќ)
- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво вклучувајки ја и сметката на домакинствата на регионално ниво
- Подобрување на номиналните индикатори за пресметка на БДП на тромесечно ниво за останатите институционални сектори -секторот Домаќинства и во економскиот сектор земјоделство
- Подобрување на квалитетот на податоците во инпут-аутпут табелите за доставување на Еуростат
- Обезбедување на евроиндикаторите и индикаторите за одржлив развој и обезбедување на податоци
- Развивање на сметките за здравство

3. 3. 1. **ЦЕНИ**
**ЦЕНИ НА МАЛО**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во функција на хармонизирање со стандардите на ЕУ, индексот на трошоци на живот се пресметува според Класификацијата COICOP и тековно се врши хармонизирање на националниот индекс во насока на HICP. Во 2007 година листата на производите и услугите е ревидирана. Вклучени се нови производи, банкарски услуги и значително е зголемен опфатот на услугите од хотели и ресторани. Направена е промена во снимањето на цените на земјоделските производи кои до 2007 се снимаа само еднаш во месецот и тоа во третата недела, а од оваа година се снимаат двапати и тоа во првата и третата недела од месецот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Развивање на националниот индекс во насока на HICP
  - промена на референтниот индексен период ( 2005=100)
  - промена на базниот период за цени ( декември =100)
  - примена на квалитативно прилагодување на одредени производи и услуги
  - пресметка на структурата на пондерите

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Воспоставување на методологијата и пресметка на HICP

3. 3. 2. **СТАТИСТИКА ЗА АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНИТЕ ЦИКЛУСИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2007 година во рамките на Твининг проектот се спроведе експериментално статистичко истражување за одобренија на градба на територијата на скопските општини и експериментално статистичко истражување за нови нарачки и приходи од продажба во индустријата согласно СТС регулативата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во градежништвото, преку:
  - Воспоставување на редовно статистичко истражување за одобренија за градење и за употребни дозволи
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци за цените на индустриските производители, преку:
  - Изработка на пондери (база 2005 година) и преработка на индексите на нова база
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата, преку:
  - Спроведување на редовно истражување за нови порачки и приходи од продажба во индустријата (формирање на база за пилот пресметка на индекс)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во градежништвото, преку:
  - Воспоставување на статистичко истражување за цени на трошоците за градење по позиции на градба (пилот и редовно)
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата, преку:
  - Пресметка на индекси на нови нарачки и приходи од продажба во индустријата и формирање на база согласно СТС регулативата (2010=100)
- Обезбедување на релевантни статистички податоци во согласност со ЕУ регулатива за ПРОДЦОМ
  - Редовно доставување на годишни податоци за индустриското производство по ПРОДЦОМ

3. 4. **ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во рамките на Твининг проектот во 2007 година реализирани се пилот истражувања од областа на индустрија, градежништво, дистрибутивна трговија, транспорт,хотели и ресторани согласно СБС регулативата.

Државниот завод за статистика подготви , во 2007 година, седум соопштенија и тоа шест соопштенија по видови на енергија и по месеци и едно соопштение за вкупниот енергетски биланс за 2005 година. Во рамките на Твининг проектот, во 2007 година, спроведени се тест истражувања за структурата на цените на електричната енергија и природниот гас во индустријата и домаќинставата.

Со петгодишното истражување за патувањата на домашното население се следат трошоците за патување на домаќинствата како целна група. Истражувањето се спроведе во 2007.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на структурни статистики во согласност со ЕУ регулатива за СБС бр.58/97,преку:
  - Спроведување на редовни истражувања за структурни статистики во индустрија, градежништво, дистрибутивна трговија, транспорт и угостителство за големи и средни претпријатија со 100% опфат;

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во енергија, преку:
  - Спроведување на редовно статистичко истражување за структурата на цени на природен гас во индустријата и структурата на цени на природен гас и електрична енергија во домаќинствата и индустријата
- Обезбедување на релевантни статистички податоци од областа на енергија од кориснички аспект, преку:

- o Подготовка на Публикација за енергетски биланси (1990-2006 година)
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во туризмот и угостителството, преку:
  - o Воведување на варијабли за нето искористеност на капацитетите во угостителството
  - o Усогласување на статистичките истражувања во угостителството според директивите и националното законодавство во врска со категоризацијата на капацитетите за сместување во соработка со Министерството за економија
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во транспорт, преку:
  - o Воведување на статистичко истражување за паркиралишта согласно Глосерот за транспорт
- Обезбедување на краткорочни и структурни статистички податоци во трговијата на големо и мало, преку:
  - o Попис на трговски капацитети и угостителски капацитети и сместувачки објекти

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на структурни статистики во согласност со ЕУ регулатива за СБС бр.58/97 (продолжуваат краткорочните активности)
  - o Спроведување на редовни истражувања за структурни статистики во индустрија, градежништво, дистрибутивна трговија, транспорт и угостителство за мали и микро претпријатија
  - o Спроведување на редовно истражување за структурни статистики во финансиските институции
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во енергија
- Континуирано усогласување на статистиките од обласа на енергијата со ЕУ регулативи
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во транспорт, преку:
  - o Оценка на квалитетот и натамошно хармонизирање на статистиката на тованиот транспорт со ЕУ регулативите за товарен транспорт:
  - o Хармонизирање со европските регулативи за патничка мобилност
- Обезбедување на краткорочни и структурни статистички податоци во трговијата на големо и мало, преку:
  - o Подготовка на Публикација од спроведениот попис на на капацитетите во трговија на мало и угостителските капацитети и сместувачки објекти
  - o Ревидирање и хармонизирање на статистиката за месечно следење на дистрибутивната трговија согласно СТС и СБС
  - o Првично публикување на серија на податоци од дистрибутивната трговија

3. 5. **СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Државниот завод за статистика спроведен е Пописот на земјоделството, 2007 со кој ќе се обезбедат податоци за земјоделското земјиште и обработливите површини, бројната состојба на добитокот, земјоделското производство, агротехничките мерки, механизацијата и опремата, објектите во стопанството, шумарството, рибарството и работната сила. Во декември, 2007 г. се публикувани првите дефинитивни резултати од спроведениот Попис за земјоделство во 2007 година.

Државниот завод за статистика за пресметка на **индексите на цените во земјоделството** ја користи Европската методологија за земјоделски цени 2000=100.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување релевантни податоци за подршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ, преку:
  - o Развиен концептуалнит модел за воспоставување на Регистер на фарми
  - o Редизајн на примерок за статистичкото истражување за бројот на добиток и добиточно производство
  - o Развивање на методолошки основи за статистичко истражување за растително производство на база на примерок
  - o Спроведување на статистичко истражување за број на добитокот и добиточно производство врз основа на примерок користејќи ги податоците од спроведениот попис на земјоделството
- Обезбедување на релевантни податоци за агро-монетарните сметки во земјоделството, преку:
  - o Ревизија на пресметките на пондери и пресматка на АПИ
  - o Експериментални пресметки на Економските сметки по постојани цени

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување релевантни податоци за подршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ
  - o Воспоставување на Фарм регистер

- o Подготовка на прво структурно истражување на фармите и спроведување на терен
  - o Спроведување на статистичко истражување за растително производство врз основа на примерок
  - o Развивање на методолошки основи за статистичко истражување за шумарство во приватниот сектор и спроведување на терен
- Обезбедување на релевантни податоци за агро-монетарните сметки во земјоделството
  - o Подготовка и објавување на економските сметки по постојани цени
  - o Подготовка на сет од податоци за регионалните сметки во земјоделството

### 3.6. **МОНЕТАРНА**, **ФИНАНСИСКА**, **ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Статистиката на надворешна трговија целосно е усогласена согласно европските регулативи за ЕКСТРАСТАТ.
Во рамките на Твининг проектот усвоена е методологијата за ребазирање на базните индекси и извршено е ребазирање на базните индекси. На крајот на 2007 година податоците ќе бидат објавени во публикација.

Министерството за финансии на Република Македонија изготвува финансиски извештаи за остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Република Македонија (Централен буџет и Буџети на фондови). Податоците се изготвуваат на месечна основа и се објавуваат 30 дена по истекот на тековниот месец. Во изготвувањето на извештаите се користи методологијата од Прирачникот за владина финансиска статистика на Меѓународниот Монетарен Фонд (GFS 1986). Министерството за финансии на РМ е во фаза на подготовка за премин кон користење на методологијата од Прирачникот за владина финансиска статистика на Меѓународниот Монетарен Фонд (GFS 2001), при изготвувањето на финансиски извештаи за остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Република Македонија. Министерството за финансии активно соработува со Државниот завод за статистика во процесот на имплементација на методологијата од Европскиот систем на сметки (ESA '95). Исто така Министерството за финансии на редовна основа разменува податоци од областа на финансиската статистика со Државниот завод за статистика.

Во 2007 година, НБРМ во рамките на статистиката на билансот на плаќања, а со цел рационализација и намалување на товарот за известување, изврши промени во подзаконските акти кои го регулираат начинот на известување. Така, воведен е нов поедноставен прашалник за краткорочните трговски кредити и е поедноставен начинот на евидентирање на кредитните работи со странство.

Во насока на поголема хармонизација и конзистентност на статистиките, се изврши реорганизација на Дирекцијата за статистика, при што се изврши спојување на статистиката на кредитните работи со странство со платно-билансната статистика во нов отсек за статистика на платен биланс и надворешен долг, како и припојување на отсекот за краткорочна трговска статистика кон отсекот за меѓународна инвестициона позиција.

Во делот на натамошно унапредување и усогласување со меѓународните стандарди за платно-билансна статистика, во 2007 година беа изготвени податоци за бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициона позиција на Република Македонија. Исто така, подобрен е опфатот на податоците за директните инвестиции, преку вклучување на податоците од годишниот прашалник за директни инвестиции во платниот биланс ( делот за реинвестирана добивка и меѓукомпаниски долг).

Во рамките на унапредување на методологијата за проценка на приватните трансфери, во 2007 година беше извршено анкетно истражување за приватни трансфери од страна на независна институција. Резултатите од ова анкетно истражување ќе бидат имплементирани во платно-билансната статистика во текот на 2008 година.

Активностите на НБРМ за натамошно усогласување на монетарната статистика со меѓународните стандарди (соодветна секторизација и класификација на финансиските инструменти), во 2007 година беа насочени кон изготвување на нови презентации на билансот на НБРМ, банките, штедилниците и консолидираниот биланс на депозитните институции.
Во насока на јакнење на институционалниот капацитет и воспоставување на базична инфраструктура за почнување со статистика за текови на финансиски средства (flow of funds statistics), се изврши реорганизација во Дирекцијата за статистика, при што беше формиран нов отсек за статистика на финансиски сметки. Изготвени се процедури и методологија за работа на отсекот за статистика на финансиски сметки.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Министерството за финансии на РМ планира премин кон користење на методологијата од Прирачникот за владина финансиска статистика на Меѓународниот Монетарен Фонд (GFS 2001) при изготвувањето на финансиски извештаи за остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Република Македонија.

- Министерството за финансии на РМ планира да започне со изготвување на финансиски извештаи за извршените расходи на Буџетот на Република Македонија по функции на Владата, користејќи ја COFOG методологијата.
- Министерството за финансии на РМ планира, во соработка со постојан консултант, да започне активности за имплементација на методологијата на ЕУРОСТАТ, односно European System of Accounts (ESA '95) во изготвувањето на финансиската статистика.
- Имплементација на резултатите од анкетата за приватни трансфери во платно-билансната статистика.
- Унапредување на монетарната статистика преку автоматизација на новиот начин на презентација на податоците од монетарната статистика.
- Натамошен развој на статистиката на финансиски сметки во насока на изготвување на поедноставени и агрегирани форми на матрици за тековите на паричните средства во економијата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Обезбедување на краткорочни статистички од областа на надворешна трговија, преку:
    - Пилот истражување за реално извозно-увозни цени согласно СТС регулативата
- Министерството за финансии на РМ планира целосна имплементација на методологијата на ЕУРОСТАТ, односно European System of Accounts (ESA '95) во изготвувањето на финансиската статистика.
- Народната банка на Република Македонија ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји, валути и по сектори, соодветна поделба на финансиските инструменти, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во периодот 2008-2010 во Заводот ќе се реализираат активности кои ќе бидат финансирани преку неколку проекти:

- Национална КАРДС 2005 програма - твининг проект за јакнење на капацитетот на ДЗС ( до мај 2008)
- Регионална КАРДС 2003 програма за статистика (до март 2008)
- Национален проект за подобрување на земјоделските статистики финансиран од Сида, 2008-2010, ги опфаќа земјоделските статистики и статистики на животна средина
- Регионална ИПА 2007 програма, подготвени се проектните задачи, имплементацијата ќе трае во периодот 2008-2010
- Национална ИПА 2007 програма, Проект за поддршка на ДЗС во имплементацијата на Acquis. Подготвено е проектното фише, имплементацијата ќе трае во периодот 2008-2010. Министерството за финансии ќе биде вклучено во проектот, како корисник на техничка помош, за целосна имплементација на методологијата на ЕУРОСТАТ, односно European System of Accounts (ESA '95) во изготвувањето на финансиската статистика.

# 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

## 3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Унапредувањето на законската рамка во областа на трудовото право се извршува со цел да се исполнат критериумите содржани во европското законодавство, како и да се постигнат целите договорени во рамките на Отворениот метод на координација.

Во јули 2007 година донесен е нов Закон за вработување и работа на странци („Службен весник на Република Македонија" бр.70/07), усогласен со Директивата 96/71/ЕС која се однесува на испраќање на работниците во рамките на давањето на услуги. Во функција на имплементација на Законот, Министерство за труд и социјална политика подготви два правилника: Правилник за постапката за регистрација и завршување на работа која ја вршат странци и Правилник за постапката за издавање на работни дозволи и формата и содржината на посебните видови на работни дозволи („Службен весник на Република Македонија" бр.108/07).

Како надлежен орган за соработка и размена на информациите за вработувањето и работата на странците, вклучувајќи ги и преместените работници, во согласност со наведената директива, утврдена е Агенцијата за вработување на РМ.

Извршени се измени на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" бр.37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06 и 29/07), согласно кои најмалку 5% од придонесот за вработување кој го плаќа работодавачот ќе се користи за финансирање на активни политики за вработување.

Со имплементацијата на Законот за агенции за привремени вработувања ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/06) успешно се регулира непријавената работа. Досега се основани 20 агенции за привремени вработувања и преку истите привремено се вработени околу 10,500 лица.

Во насока на понатамошно усогласување на трудовото национално законодавство со acquis, завршена е постапката за избор на TWINNING проект кој ќе трае во наредните 15 месеци и ќе обезбеди експертска помош на Министерството за труд и социјална политика за анализа на степенот на хармонизираноста на национално законодавство со acquis.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Според првичните резултати од анализата на степенот на хармонизираноста на националното законодавство со acquis, ќе започне постапката за измени на Законот за работни односи и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. По завршувањето на анализата ќе се изработи временска рамка за понатамошното усогласување на трудовото законодавство со acquis.

Заради одвојување на регистрацијата на невработените кои активно бараат работа од регистрацијата на лица кои се пријавуваат како невработени само заради остварување на правото на здравствено осигурување, ќе се извршат измени на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Во насока на јакнење на институционалниот капацитет на Министерството за труд и социјална политика, планирано е реализирање на повеќе обуки и семинари кои ќе придонесат кон унапредување на знаењата и вештините на службениците во поглед на европската регулатива и позитивните искуства и практики во делот на подготовка, хармонизација и имплементација на регулативата од областа на трудовото право. Ќе се реализираат обуки и работилници на кои ќе биде детално презентирано acquis-то во областа на трудовото право, ќе се одржуваат обуки за начините и техниките на апроксимација на нациоиналното законодавство и за изрaаботка на табелите за усогласеност итн.

Освен тоа, во претстојниот период, капацитетите на Министерството за труд и социјална политика за прашања од областа на трудовото право, ќе бидат дополнително зајакнати преку нови вработувања на стручни лица. Во Одделението за работни односи и вработување, во рамки на Секторот за труд, планирано е вработување на нови лица во 2008 година и 2009 година, од кои дел ќе бидат ангажирани на прашања од областа на трудовото право и неговата апроксимација.

Имајќи ја во предвид моменталната состојба во делот на организационата поставеност, надлежностите и расположивиот човечки потенцијал, а со цел понатамошно јакнење на административната структура и капацитетите на Министерството за труд и социјална политика, во претстојниот период ќе се оцени потребата од трансформирање на организационата структура на Секторот за труд со тоа што Одделението за работни односи и вработување би се поделило на две одделенија и тоа Одделение за трудово право и Одделение за пазар на трудот.

Во Државниот инспекторат за труд ќе се анализира правната и административната рамка, по што ќе се изготви план за унапредување на неговата работа, ќе се вработат нови кадри надлежни за прашања од работниот однос и ќе се реализираат обуки за спроведување на законодавството согласно acquis и европските пракси.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Заради натамошна хармонизација на трудовото законодавство во согласност со изготвениот план за апроксимација на acquis ќе се извршат измени на постоечките или, ако се создаде потреба, ќе се донесат нови закони. Усогласувањето ќе ги опфати директивите за информирање и консултирање на работниците, работните услови, антидискриминацијата и безбедноста и здравјето при работа.

Јакнењето на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд ќе продолжат преку утврдување на специфичните потреби на вработените за спроведување на трудовото право и запознавање со европската практика.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Анализа и проценка на поставеноста на државниот инспекторат за труд во однос на правната и административната рамка, во рамките на холандски грант кој отпочна во март 2007.

Во текот на септември 2007 година отпочна јавната кампања за борба против непријавената работа, финансиски поддржана од УСАИД.

Во ноември 2007 година отпочна CARDS Проектот: Политика за вработување - 3 фаза

Во февруари 2008 ќе отпочне CARDS Twinning Проектот за хармонизација на националното законодавство со трудовото законодавство на ЕУ

## 3.19.2 ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со Законот за безбедност и здравје при работа (“Службен весник на Република Македонија” бр.92/07) се воспоставени основните принципи и минималните барања за безбедноста и здравјето на вработените во согласност со Рамковната Директива 89/391/ЕЕЗ.

Со Законот е даден основ за донесување на подзаконски акти, правилници за понатамошно транспонирање на ЕУ директивите од оваа област. Донесени и во сила се следните правилници:

- Правилник за безбедност и здравје при употреба на опрема за работа (“Службен весник на Република Македонија” бр.116/07), усогласен со Директивата 89/655/ЕЕЗ на Советот од 30 ноември 1989 година за минималните барања за безбедност и здравје при употребата на работна опрема од страна на работниците на работното место;
- Правилник за личната заштитна опрема која вработените ја употребуваат при работата (“Службен весник на Република Македонија” бр.116/07), усогласен со Директива 89/656/ЕЕЗ на Советот од 30 ноември 1989 година за минималните здравствени и безбедносни барања за користење на лична заштитна опрема од страна на работниците на работно место;
- Правилник за знаци за безбедност и здравје при работа (“Службен весник на Република Македонија” бр.127/07), усогласен со Директивата 92/58/ЕЕЗ на советот од 24 јуни 1992 година за минималните барања за обезбедување на знаци за безбедност и/или здравје на работа;
- Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар (“Службен весник на Република Македонија” бр.135/07), усогласен со Директива на Советот (90/269/ЕЕЗ) од 29 Мај 1990 год. за минималните барања за безбедност и здравје за рачно пренесување товар кое претставува посебен ризик од повреди на грбот на вработените;

Во изминатиот период континуирано се работи на зајакнување на капацитетите за инспекциски надзор врз спроведувањето на регулативата во областа на безбедноста и здравјето при работа, како и на интензивирање на обемот на извршени контроли. Исто така беа реализирани и соодветни промотивни активности за запознавање на релевантните субјекти со регулативата и нејзиното спроведување.

Во таа насока, во соработка со организацијата на работодавачите, беа реализирани четири регионални семинари, кои имаа за цел запознавање на работодавачите со новините, одредбите и начинот на примена на новиот Закон за безбедност и здравје при работа. Одржување на вакви и слични семинари и работилните е планирано и за наредниот период.

Во насока на дополнително зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд, Министерството за труд и социјална политика, одржа неколку семинари наменети за инспекторите, на тема „Јакнење на капацитетите на државниот инспекторат во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција".

Во моментот во Државниот инспекторат за труд, во тек е имплементација на проект за зајакнување на капацитетите на ДИТ, финансиран од средства од Холандски грант, во рамки на кој ќе биде изготвена анализа на состојбите во Инспекторатот и идентификување на потребите од зајакнување на капацитетите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како главен приоритет и во претстојниот период ќе биде продолжување на отпочнатиот процес на усогласување на националната регулатива со Европските директиви во делот на безбедност и здравје при работа.

Во текот на 2008 година планирано е изготвување на седум правилници хармонизирани со релевантните Директиви и тоа правилник со кој ќе бидат утврдени минималните потребни барања за безбедност и здравје на работно место и на мобилни градилишта, како и правилници за безбедност и здравје при работа во услови на постоење на ризици од експлозија, изложување на азбест, бучава, вибрации, и електромагнетни зрачења.

Во првата половина од 2008 година, во согласност со одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, предвидено е основањето на Советот за безбедност и здравје при работа, како владино советодавно експертско тело за прашања од областа на безбедност и здравје при работа.

Во претстојниот период, континуирано ќе се работи на зајакнување на административните капацитети за доследно спроведување на законската регулатива во делот на безбедност и здравје при работа. Во таа насока, ќе бидат реализирани различни активности за јакнење на капацитетите, зголемување на знаењето и стручноста на инспекторите од Државниот инспекторат за труд. Дел од овие активности ќе бидат подджани преку реализацијата на проектот за јакнење на капацитетите на ДИТ, во чии рамки е планирано да се изготви детална анализа на состојбите во Инспекторатот во поглед на институционалната и правна рамка, организационата поставеност, анализа на активностите, постојната опременост и употребата на IT технологијата, а ќе се изврши и проценка на потребите од обуки и стручно усовршување, потребите од набавка на опрема итн. Врз основа на резултатите од извршената анализа ќе биде подготвена Стратегија за унапредување и модернизација на работата на ДИТ, како и соодветен Акционен план за нејзина имплементација.

Во насока на зајакнување на капацитетите на инспекторите, предвидено е реализирање на различни обуки, семинари, работилници за запознавање со законодавството и неговото спроведување, за запознавање со европските регулативи, искуства и пракси во изготвувањето и имплементацијата на регулативата итн. Предвидена е и размена на искуства со експерти од областа на здравје и безбедност при работа во рамки на билатералната соработка со земји членки на ЕУ, како и со експерти од Меѓународната организација на трудот.

За дополнително зајакнување на капацитетите, во текот на 2008 година предвидено е вработување на стручни лица во Државниот инспекторат за труд.

Исто така, ќе се работи на зајакнување на соработката со социјалните партнери во насока на промовирање на регулативата од областа на безбедност и здравје при работа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во насока на понатамошно усогласување со релевантните директиви, во текот на 2009 и 2010 година планирано е донесување на осум правилници од областа на безбедност и здравје при работа.

Ќе бидат изготвени правилници за безбедност и здравје при работа во услови на постоење на ризици од канцерогени и модифицирани супстанции, ризик од изложување на биолошки супстанции, изложување на хемиски супстанции, како и правилникот за утврдување на максимално дозволените концентрации на штетни гасови, правилниците за медицински третман на рибарски пловни објекти, за минимални безбедносни и здравствени услови за работа на рибарски бродови и правилниците за заштита во индустријата на добивање на минерали со бушење и во индустријата за површинска и подземна експлоатација на минерали.

Со цел дефинирање на стратешките правци на идниот развој во областа на безбедност и здравје при работа, предвидено е и донесувањето на Национална програма за безбедност и здравје при работа, по што ќе следува изготвување на Акционен план за практична имплементација на Програмата.

Континуирано ќе се планираат и реализираат активности во насока на понатамошно зајакнување на административниот капацитет на Државниот инспекторат за труд и подобрување и унапредување на спроведувањето на постојната регулатива во делот на безбедност и здрвaje при работа.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Во Државниот инспекторат за труд во тек е имплементација на проект финансиран од средства од Холандски грант, за јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд, во рамки на кој ќе биде изготвена Стратегија за унапредување на работата и модернизација на ДИТ и соодветен акционен план за нејзина имплементација.

## 3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во 2007 година во рамките на социјалниот дијалог на бипартитно ниво, склучени се следниве грански колективни договори:

- Колективен договор за вработените во тутунското стопанство ("Службен весник на Република Македонија" бр.65/07);
- Колективен договор за заштитни друштва на Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.119/07);
- Колективен договор за текстилна индустрија на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.137/07).

Во изминатиот период, интензивирана е работата на Економско Социјалниот Совет кој редовно одржува седници на кои се дискутираат различни прашања релевантни за социјалните партнери и за функционирањето на социјалниот дијалог.

Покрај тоа, во текот на 2007 година, паралелно беа организирани различни активности (семинари, работилници, конференции, студиски посети) кои беа насочени кон зајакнување на капацитетите на социјалните партнери и кон поттикнување на нивна активна инволвираност и придонес кон функционирањето на социјалниот дијалог. Во семинарите, обуките, работилниците и студиските посети, покрај претставници на организациите вклучени во Економско Социјалниот Совет, беа вклучени и други организации на работниците и работодавачите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Една од идентификуваните слабости која влијае врз функционирањето на социјалниот дијалог е непостоењето на јасно дефинирани критериуми за репрезентативност. За надминување на оваа состојба, планирано е ревидирање на правната рамка за функционирањето на социјалниот дијалог во насока на дефинирање на јасни, прецизни и објективни критериуми за репрезентативност на социјалните партнери, што ќе допринесе кон поефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа, а ќе го поттикне и бипартитниот социјален дијалог со цел усогласувањето на гранските колективни договори со општите колективни договори. Тоа ќе овозможи и вклучување на повеќе организации на работници и работодавачи во работата на Економско Социјалниот Совет.

Во изминатиот период се работеше на усогласување на содржината на Општиот колективен договор за јавниот сектор, со кој ќе бидат уредени правата и обврските на работниците и работодавачите во јавниот сектор на Република Македонија, условите и начинот на остварување на правата и обврските, како и постапките за разрешување на меѓусебните спорови. Потпишувањето на Општиот колективен договор за јавниот сектор е планирано за почетокот на 2008 година.

Во претстојниот период, предвидено е засилено промовирање и поттикнување на трипартитниот социјален дијалог на локално ниво, како и на унапредување на бипартитниот социјален дијалог на ниво на претпријатија.

Правната рамка за функционирање на трипартитниот социјален дијалог на национално и локално ниво ќе се заокржи со донесување на нова спогодба за Економско Социјалниот Совет.

Заради обезбедување на поефикасна поддршка и подобрено функционирање на прашањата од областа на социјалниот дијалог и колективното договарање, во претстојниот период планирано е доекипирање на Секторот за труд во рамките на Министерството за труд и социјално политика.
Во 2008 година, предвидени се нови вработувања во Одделението за социјално партнерство и во Одделението за плати.

Особено внимание ќе биде посветено на организирање на едукативни и промотивни активности со цел издигнување на свеста и зајакнување капацитетите за функционирањето на социјалниот дијалог на сите нивоа.

Ќе се организираат работилници, семинари, обуки, кампањи во функција на зајакнување на капацитетите на социјалните партнери за активна партиципација во прашањата од областа на политиките за вработување и работните односи, како и во однос на прашања од областа на функционирањето на европскиот социјален дијалог, секторскиот социјален дијалог, како и социјалниот дијалог на ниво на претпријатија.

Со цел поттикнување на социјалниот дијалог на локално ниво ќе се поттикне и промовира формирањето на трипартитни тела на социјално партнерство во кои ќе се дискутираат прашањата од локално значење.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Еден од приоритетите во поглед на социјалниот дијалог ќе биде обезбедувањето на активна партиципација на социјалните партнери во креирањето и водењето на политиките и мерките од економската и социјалната сфера, во елаборирањето, изработката и имплементацијата на законодавството, во работните групи и во Економско Социјалниот Совет.

Ќе се делува на понатамошно зајакнување на трипартитниот социјален дијалог на национално и на локално ниво, како и на бипартитниот социјалниот дијалог преку обуки и семинари на кои ќе се потенцира важноста на колективното договарање, размената на информации и водењето дијалог помеѓу социјалните партнери.

Исто така и во наредниот период е предвидено дополнително зајакнување на капацитетите во рамки на Министерството за труд и социјална политиа за прашања од доменот на социјалниот дијалог и колективното договарање со нови вработувања во Одделението за плати и во Одделението за социјално партнерство.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Со подршка на USAID, во тек е реализацијата на Проектот „Социјален дијалог и локален економски развој во Република Македонија“ кој има за цел унапредување на социјалниот дијалог на национално ниво и развој на социјалниот дијалог на локално ниво. Проектот ќе трае до средината на 2008 година

Во соработка со МОТ, социјалните партнери ќе бидат вклучени во проектот „Консолидирање на законските и институционалните основи на социјалниот дијалог во земјите од Западен Балкан и Молдавија“, кој се предивдува да започне во првиот квартал на 2008 година.

## 3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ**

Политиката на вработување која се спроведува во Република Македонија е во насока на остварувањето на започнатиот процес на реформи во оваа сфера.

Во согласност со Националната стратегија за вработување за период до 2010 година и Национален акционен план за вработување 2006-2008, во текот на 2007 година, извршени се измени на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/07), со кои е овозможено поголем дел од средствата од придонесот за вработување кои ги плаќаат работодавачите да се користи за финансирање на активните политики и мерки за вработување.

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Сојузот на синдикатите на Македонија и со поддршка на УСАИД Проектот за деловно опкружување, во периодот од септември до декември 2007 година, спроведоа јавна кампања „Стоп за непријавената работа“ која има за цел да се легализира работниот однос на работниците кои работат во сивата економија, со што би се придонело кон севкупниот економски развој, зголемување на вработеноста и намалување на нелојалната конкуренција

Во ноември 2007 отпочна имплементацијата на CARDS Проектот „Политики за вработување - трета фаза“. Овој Проект, како продолжување на предходните два проекти во оваа област, ќе се имплементира во период од 18 месеци и ќе обезбеди дополнителна помош, поддршка и зајакнување на капацитетите на релевантните институции и актери во процесот на имплементирање, мониторинг и евалуација на политиките на вработување, понатамошно модернизирање и подобрување на услугите и начинот на работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија, како и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери.

Во текот на 2007 година се имплементираше Оперативниот план за активни политики и мерки за вработување за 2007.насочени кон различни ранливи целни групи на невработени лица и тоа: подршка за самовработување на долгорочно невработени лица и млади лица, поддршка за прво вработување на млади лица до 27 годишна возраст за практиканство;

јавни работи во Единиците на локалната самоуправа; субвенции за вработување на самохрани родители, инвалидни лица и деца без родители; ангажирање на невработени лица од најнеразвиените региони во градежни работи и еколошки проекти; обуки, преквалификација или доквалификација за познат работодавач и совети за нови квалификации, контакти со работодавачи, подобрување на знаеања и вештини, обуки за компјутери, познавање на странски јазици.

**ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД**

Во согласност со членот 7 од Регулативата на Советот (ЕС) број 1085/2006 од 17 јули 2006 година за воспоставување на Инструментот за предпристапна помош (IPA) и со членовите 154 и 155 од Регулативата на Советот 718/2007 за имплементација на IPA, во текот на 2007 година беа подготвени два повеќегодишни документа за програмирање на претпристапната помош во делот на компонентата за развој на човечки ресурси: Стратешка кохерентна рамка 2007-2013 за IPA компонентите за регионален развој и развој на човечките ресурси и Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013.

Во Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 утврдени се приоритетите и видовите на проекти кои ќе бидат финансирани од IPA фондовите:

- вработување - привлекување и задржување на повеќе луѓе на пазарот на труд;
- образование и обука - инвестирање во човечки капитал преку подобро образование и обука;
- социјално вклучување - промовирање на вклучувачки пазар на труд.

Паралелно со заокружувањето на процесот на програмирање, интензивирани се подготовките за имплементација на Оперативната програма.

Одделенијата за IPA во МТСП и МОН ќе бидат одговорни за техничка имплементација на проектите, за следење на имплементацијата на проектите и за насочување на работата на Секторскиот комитет за следење преку подготовка на годишни и финални извештаи за квалитетот на имплементацијата на Оперативната програма.
Делегирањето на одговорности ќе биде формализирано до крајот на оваа година непосредно по ратификацијата на Рамковна спогодба за IPA со потпишување на Оперативна спогодба помеѓу Раководителот на Оперативната структура и вишите програмски службеници од министерствата

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ**

Како главен и основен приоритет и во претстојниот период ќе биде имплементацијата на политиките, активностите и мерките кои се дефинирани во Националната стратегија за вработување, како и во Националниот акционен план за вработување. Во таа насока е и имплементација на изготвениот Оперативен план за активни политики и мерки за вработување за 2008 година:

- самовработување на млади до 27 години, жени и долгорочно невработени
- формализирање на постојни бизниси
- обука, преквалификација и доквалификација
- субвенционирање на вработување на деца без родители, инвалидни лица, самохрани родители и постари лица (55-64 години)
- практиканство за лица до 27 години како помош за вработување.

Подобрување на законските услови за вработување ќе се изврши и преку изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување заради намалување на минималното ниво за придонесите за здравствено осигурување од 65% на 50%.

Имајќи ја во предвид, важноста на „локалната димензија“ при изготвувањето на плановите за економски развој и плановите за зголемување на вработеноста, предвидено е, во наредниот период посебно внимание да биде посветено на подготовка на локални акциони планови за вработување, согласно веќе воспоставената пракса на креирање акциони планови за вработување на национално ниво, како и Европските насоки и искуства во оваа област. Во текот на 2008 година, планирано е „пилотирање“ на овој пристап, преку изготвување на Локални акциони планови за вработување во пет селектирани општини. За успешно изготвување на овие акциони планови, во кои на соодветен начин ќе бидат земени во предвид конкретните локални состојби, потреби и можности, ќе биде воспоставено локално партнерство и соработка помеѓу релевантните субјекти на локално ниво, вклучувајќи ги тука локалната самоуправа, локалните Центри за вработување, социјалните партнери, невладини организации, провајдери на обуки и други релевантни субјекти.

Имајќи ја во предвид идентификуваната потреба од понатамошно значително зајакнување на административните капацитети, како во делот на креирање на политиките, програмите и мерките за вработување, така и во делот на нивна

практична имплементација, мониторинг и оценка на успешноста и постигнатите резултати, во наредниот период ќе се посвети големо внимание токму на реализирање на бројни активности кои пред се ќе значат јакнење на капацитетите на субјектите кои работат во оваа област. Дел од планираните активности за јакнење на капацитетите ќе бидат реализирани со поддршка обезбедена во рамките на CARDS Проектот „Политики за вработување - фаза 3“.

Земајки ја предвид моменталната состојба во поглед на организационата поставеност, надлежностите и расположивиот човечки потенцијал, а со цел понатамошно јакнење на административната структура и капацитетите на Министерството за труд и социјална политика во делот на креирањето и следењето и оценката на политиките за вработување, во претстојниот период ќе се оцени потребата од трансформирање на организационата структура на Секторот за труд со тоа што Одделението за работни односи и вработување би се поделило на две одделенија и тоа Одделение за трудово право и Одделение за пазар на трудот.

Еден од главните приоритети во наредниот период ќе биде воспоставување на функционален систем за мониторинг и евалуација на имплементацијата на Националната стратегија за вработување и Акциониот план за вработување кој ќе биде во согласнот со европските принципи и искуства и користењето на ЕУ индикаторите за вработување. Ќе биде организирана и соодветна практична обука за лицата кои ќе бидат директно вклучени во мониторингот и известувањето на имплементацијата на политиките за вработување и главните стратешки документи во оваа област.

Во областа на политиките за вработување, предвидени се повеќе обуки, семинари и други активности за подобрување на знаењата и вештините на стручните лица, во поглед на креирањето на политиките за вработување и стратешките документи, дизајнирањето на активни политики за вработување, евалуација на резултатите од нивно спроведување, како и во поглед на функционирањето и администрирањето на програмите поддржани од Европскиот социјален фонд, позитивните европски пракси и искуства итн.
Покрај организирањето на обуки, во рамките на Секторот за труд планирани се нови вработувања во 2008 година и 2009 година, од кои дел ќе бидат ангажирани и во делот на политиките за вработување.

Континуирано ќе бидат превземани и активности за јакнење на административните капацитети на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во делот на успешната имплементација на политиките за вработување, редовно истражување и анализирање на пазарот на труд и утврдување на потребите, подобрување и осовременување на работата со своите клиенти - работодавачите и невработените лица.

Планирано е да бидат реализирани и промотивни активности (брошури, флаери, web информации и сл.), во насока на поголемо доближување на Агенцијата за вработување до своите клиенти, преку промовирање на услугите, презентирање на потребните информации, како и на остварените резултати во работењето и имплементацијата на мерките на пазарот на трудот.
Исто така, планирана е набавка на нова IT опрема која ќе обезбеди техничко доекипирање и модернизација на Агенцијата и мрежата на локални Центри за вработување.

Во наредниот период ќе се оцени и потребата во рамките на АВРМ, да биде формирано посебно одделение кое ќе работи на прашањата во врска со упатување на работа на македонски државјани во странство и на вработување на странци во РМ, како и формирање на посебно одделение кое ќе биде надлежно за прашањата на вработувањето на лицата со посебни потреби (инвалидни лица).

**ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД**

Основен приоритет во ова подрачје е да се постигне ефективно искористување на претпристапната помош во рамки на компонентата 4 на IPA.
За таа цел неопходно е воспоставување на механизми за ефикасно и ефективно кооординирање и управување на ОП (програмирање, имплементација, следење и оценка на имплементацијата на Оперативната програма).
По пренесување на овластувањето за управување на Националната IPA структура и потпишување на Финансиска спогодба за компонентата 4 помеѓу Владата на РМ и Европската комисија, ќе започне имплементацијата на Оперативната програма преку подготовка и иницирање на првите IPA проекти. Во 2008 година ќе бидат превземени активности за запознавање на јавноста, а особено потенцијалните корисници за помошта која ќе биде обезбедена преку IPA.

Во насока на ефективно искористување на претпристапната помош, во претстојниот период, интензивно ќе се работи на воспоставување и развивање на неопходниот институционален и административен капацитет за управување и апсорбција на IPA.
Во 2008 година ќе бидат преземени подготвителни активности за акредитација и пренесување на овластувањето за управување на Националната IPA структура од страна на ЕК (согласно Акциониот план за подготовка за ДИС за IPA) :

- Кадровско доекипирање на одделенијата за IPA во МТСП и МОН согласно предвидените работни места во актите за систематизација и извршената анализа на обемот на работа.
- Спроведување на соодветни обуки за вработените во одделенијата согласно годишниот план за обуки и резултатите во работењето (обуки за програмирање, ЕУ јавни набавки – PRAG, следење и оценување, управување со неправилности, управување со проектен циклус)
- Развој на сите потребни интерни процедури и правила следејќи ги насоките на Секторот за централно финансирање и склучување на договори во рамки на Министерството за финансии.

Во функција на воспоставување на функционален систем на следење на програмата ќе биде формиран Секторскиот комитет за следење за компонентата 4 и истиот ќе отпочне со работа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ**

Како основни приоритети во делот на политиките за вработување на среден рок, остануваат следење на имплементацијата на активностите од политиките за вработување, евалуација на постигнатите резултати од имплементираните мерки и политики, како и искористување на овие резултати и оценки во циклусот на креирање на политики и мерки и изготвувањето на Акционите планови на национално и локално ниво и оперативни програми за вработување. На почетокот на 2009 година планирано е изготвување и усвојување на Националниот акционен план за вработување за периодот 2009/2010.

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија, ќе се продолжи со обуки и тренинзи на вработените со цел јакнење на нивните капацитети за поуспешно извршување на своите работни задачи, а ќе продолжат и активностите за промовирање на политиките за вработување, информирање за активностите и услугите кои им се достапни на невработените лица и работодавачите.

Натамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во креирањето, имплементација, мониторингот и оценувањето на успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници.

**ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД**

Среднорочно гледано приоритетна задача на Оперативната структура е да обезбеди ефикасна и ефективна имплементација на Оперативната програма за развој на човечките ресурси и следење на нејзиното спроведување.
Ќе се спроведе и првата евалуација на извршувањето на ОП и ќе се оцени потребата од нејзино ревидирање.
На среден рок потребно е да се унапреди институционалниот капацитет за управување и апсорбција на IPA. Во таа насока ќе се преземат активности за подготовка на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука за самостојно и целосно извршување на функциите на Оперативна структура за четвртата компонента на IPA. Ќе се испитува можноста за целосно извршување на функциите на Оперативната структура од страна на ресорните министерства, како и потребата и можноста работите поврзани со подготовка и имплементација на проектите од Оперативната програма од областа на вработувањето да се делегираат на Агенцијата за вработување на РМ. Ќе бидат реализирани подготвителни активности, кадровско и техничко доекипирање на IPA одделенијата/секторите во Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука со цел тие самостојно и целосно да ја превземат функцијата на Оперативна структура за четвртата компонента на IPA (се очекува тоа да се случи по 2010 година).

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
**ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ**

Во тек е имплементацијата на CARDS Проектот: Поддршка на политиката за вработување -3 фаза, кој претствува продолжување на предходните два проекти во оваа област и ќе обезбеди дополнителна помош, поддршка и зајакнување на капацитетите на релевантните институции и актери во процесот на имплементирање, мониторинг и евалуација на политиките на вработување, понатамошно модернизирање и подобрување на услугите и начинот на работа на Агенцијата за вработување на РМ, зајакнување на капацитетите на социјалните партнери.

Во Агенцијата за вработување на Република Македонија, во тек е имплементација на проект, финансиран од страна на УСАИД, во рамките на кој се изработува софтверско решение што ќе овозможи преку web портал, работодавачите од приватниот сектор да можат по електронски пат да извршат засновање или престанок на работниот однос со работниците.

**ЕВРОПСКИ СОЦИЈАЛЕН ФОНД**

- Јакнењето на административниот и институционалниот капацитет на Оперативната структура за компонентата 4 во областа на подготовката, управувањето, следењето, евалуацијата и контролата на активностите предвидени со ОП ќе

биде подржано со техничка помош во рамки на приоритетот 4 од самата ОП РЧР. За подготовка на одделни проекти, како и за унапредување на внатрешните процедури и процеси на програмирање и имплементација на ОП ќе се користи и техничка помош во рамки на првата компонента на IPA (Помош за подготовка на проекти и Градење на капацитетите за управување со ЕУ), која ќе ја надополнува техничката помош во компонента 4

- До моментот на акредитација ќе се спроведуваат краткорочни обуки на вработените во МТСП, АВРМ, МФ и другите релевантни институции во соработка со странски донатори и организации: ETF, UNDP, CARDS Проектот за ДИС, CARDS Проектот за подршка на политиките за вработување-фаза 3

### 3.19.5 **СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во делот на имплементирањето на политиките и мерките за социјална инклузија, во изминатиот период беше посветено особено внимание на зајакнување на соработката со невладиниот сектор како партнер во креирањето на регулаторни механизми, во делот на идентификување на потребите, утврдување на стандардите за квалитет на услугите, лиценцирање/акредитирање за обезбедување на услуги за вонинституционална форма на заштита, мониторинг и евалуација, како и негово учество во сите фази на имплементација на стратешките документи, како партнер во обезбедувањето на вонинституционални форми на заштита.

Социјалните услуги се подобрени преку основање на Дневни центри за деца со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој, за деца на улица-улични деца, за лица кои злопотребуваат droги, како и други форми за заштита на жртви на семејно насилство, бездомници и обезбедување на еден топол оброк за стари и возрасни лица изложени на социјален ризик.

Процесот на деинституционализација се поддржува и преку згрижување во згрижувачки семејства во кои се згрижени вкупно 190 деца без родители и без родителска грижа.

Во текот на 2007 година изготвена е Програма за ресоцијализација и реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе. Во согласност со оваа Програма, Центрите за социјална работа се должни во својата работа да изготвуваат индивидуални програми за ресоцијализација и реинтеграција на секој случај поединечно. За содржината на оваа Програма беа организирани и неколку обуки со учесници од Центрите за социјална работа, полицијата и претставници на невладиниот сектор.

Во врска со имплементацијата на активностите за инклузија на Ромите во Република Македонија Министерството за труд и социјална политика, одвои средства за два проекти и тоа:

- вклучување на Ромските деца во предучилишно образование (детските градинки), проект кој е финансиски поддржан од Ромскиот образовен фонд од Будимпешта и кој се реализира во 15 детски градинки низ Републиката во кои во текот на две години ќе бидат опфатени 450 деца Роми на возраст од 4,5-6 години. Имплементацијата на проектот е отпочната во октомври 2006 година.
- отварање на *Ромски информативни центри* чија цел е информирање, помош и подршка на припадниците на ромската етничка заедница во остварувањето на нивните практични потреби и нивна побрза интеграција, во согласност со четирите приоритетни области од Декадата и Стратегијата за Ромите. Во рамките на овој проект, во текот на 2007 година отворени се 8 Ромски Информативни центри кои претставуваат линк помеѓу ромската заедница и институциите на локално ниво. Имплементацијата на овој проект е започната во март 2007 година и претставува партнерски проект на МТСП со 8 ромски невладини организации.

Истовремено се имплементираат и неколку проекти насочени кон зајакнување на вклученоста на Ромите во образованието и тоа проекти за подобрување на успехот и стапката на задржување на Ромите во предучилишното и основното образование, проекти за зголемување на бројот на Роми со завршено средно образование, обезбедување на стипендии и менторска помош за учениците Роми итн.

Во изминатиот период беа реализирани и повеќе активности во насока на подобрување на инфраструктурата во населбите во кои живее претежно ромско население. Со финансиски средства обезбедени од Буџетот на РМ, локалната самоуправа, како и од странски донации се реализираат проекти за изградба и подобрување на водоснабдителните и канализационите системи, за изработка на урбанистички планови, реконструкција на улици.

Се реализираат програми и активности за вклучување и поголема опфатеност на ромското население во системот на здравствена заштита и подобрување на пристапот кон здравствените услуги. Се спроведуваат активности за редовна вакцинација на децата Роми, едукации за превенција од пренесувањето на ХИВ/СИДА во ромската заедница, контрола и едукација за туберкулоза, спроведување на бесплатни гинеколошки прегледи на жени Ромки итн.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во првиот квартал на 2008 година, ќе биде усвоена Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита, како и Оперативен план за имплементација на првата фаза од Стратегијата. Ќе бидат формирани работни групи од стручни лица кои ќе изготват детални анализи на состојбите и акциски планови за деинституционализација на штитетниците од установите за социјална заштита предвидени за трансформација во првата фаза. Во функција на успешна имплементација на активностите на деинституционализација, ќе се работи и на изготвување и дефинирање на потребните нормативи и стандарди за самостојно живеење на корисниците кои ќе бидат деинституционализирани од установите.

Во рамки на активностите за имплементација на Националната стратегија за заштита од семејно насилство планирани се повеќе активности и тоа формирање на координативно тело за стратегијата, изготвување на акциски планови за имплементација на стратегијата од страна на релевантните институции, воспоставување на систем за евиденција на случаевите на семејно насилство во државата.

Еден од приоритетите на кои ќе се работи во претстојниот период е подобрувањето и унапредувањето на политиките за правата и еднаквиот пристап на лицата со хендикеп. Како резултат на утврдената потреба од ревидирање на Национална Стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп во Република Македонија („Сл.весник на РМ" бр.101/00), поради нејзината застареност и несоодветност на тековните потреби, како и заради нејзино усогласување со препораките на Европската Унија, во текот на 2008 година предвидено е нејзино ревидирање. Ќе биде формирана меѓуресорска работна група која ќе изготви анализа на постојната Стратегија и ќе ги подготви потребните измени и дополнувања.

До крајот на 2008 година планирана е изработка на стратешки документи во кои ќе бидат дефинирани политиките за миграција и интеграција на бегалците и странците и кои ќе бидат усогласени со европските пракси и позитивни искуства на ова поле.

Во делот на активностите за вклучување на Ромите, ќе се продолжи со имплементацијата на Стратегијата за Ромите во РМ, како и на Акционите планови, согласно декадата за вклучување на Ромите 2005-2015. Планирано е изготвување на акциони планови за практична реализација на политиките за вклучување на Ромите во областите како што се човекови права и политичка партиципација, вклучување на жената Ромка, култура на Ромите, социјална инклузија.

Се планира отварање и на дополнителни 4 Ромски информативни центри.

Во областа на социјалната инклузија ќе се работи на понатамошно зајакнување на административните капацитети на различните субјекти вклучени во обезбедувањето на заштита на социјално исклучените лица.
Планирани се промотивни активности за издигнување на свеста, стекнување на знаење и зајакнување на соработката со локалните власти и со невладиниот сектор за нивно активно учество во имплементацијата на политиките за деинституционализација. По пат на јавен повик, ќе бидат склучени договори за соработка со невладини организации и учество во обезбедувањето на потребните финансиски средства за реализација на проекти и обезбедување на услуги од областа на социјалната заштита и социјалната инклузија.

Во однос на имплементацијата на Националната стратегија за заштита од семејно насилство планирано е формирање на едно национално координативно тело кое ќе биде задолжено за координација и следење на имплементацијата на стратегијата. Ќе бидат организирани и обуки за стручните работници од различни профили и институции за постапување во случаите на семејно насилство, како и за работа со сторителите на семејно насилство.

Предвидените активности ќе бидат и во функција на зајакнување на капацитетите на релевантните институции, локалната самоуправа и невладиниот сектор за партиципација во Отворениот метод на координација.

Ќе се работи на проширување на постоечката мрежа на вонинституционалните форми на заштита на социјално исклучените категории (деца на улица, бездомници, деца со посебни потреби).

Во текот на 2008 година, планирано е значително зајакнување на административните капацитети за координација и мониторинг на програмите и активностите за вклучување на Ромите. Во рамки на Министерството за труд и социјална политика ќе биде формирано посебно одделение кое ќе биде надлежно за координација и следење на имплементацијата на сите активности кои се реализираат согласно Стратегијата за Ромите и акционите планови од Декадата за вклучување на Ромите, ќе подготвува редовни извештаи за реализираните активности и остварените резултати, ќе обезбедува

непосредна соработка со ромските информативни центри, со ромските невладини организации итн.  Во текот на 2008 и 2009 година, во ова одделение, планирани се нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среднорочен план, ќе се работи на имплементација на стратешките документи вклучувајќи ги проектите и активностите предвидени со Стратегијата за деинституционализација и подготвениот Оперативен план за спроведување на првата фаза (2008-2010) од реализацијата на Стратегијата, како и на активностите предвидени со Стратегијата за заштита од семејно насилство и соодветните акциски планови и Стратегијата за интеграциија на бегалците во Република Македонија

На почетокот на 2009 година, планирано е, по усвојувањето на ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со хендикеп, да се подготви и Оперативен план за нејзина имплементација и да се отпочне со спроведување на предвидените мерки и активности.

Континуирано ќе се работи на зајакнување на административните капацитети, како еден од најзначајните услови за успешно и ефикасно креирање и имплементирање на политиките, програмите и мерките во областа на социјалната инклузија и социјалната заштита.
Во оваа насока, ќе се обрнува внимание и на се поголемото промовирање на потребата од активна инволвираност на останатите субјекти на национално и локално ниво (локална самоуправа, граѓанскиот сектор итн.) вклучени во обезбедувањето на заштита на социјално исклучените лица.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Канцеларија на УНИЦЕФ обезбеди поддршка во реализација на проектот Реформи во системот на детската заштита, со посебен акцент на процесот на деинституционализација на децата без родители и родителска грижа, децата со пречки во развојот и децата со воспитно социјални проблеми, преку развивање на алтернативни форми на нивно згрижување.

Институт Отворено Општество СОРОС - Македонија преку Проектот за трансформација на Специјалниот Завод во Демир Капија, преку развивање на алтернативни форми на згрижување на лица над 18 години со пречки во интелектуалниот развој.

ГТЗ - Канцеларија за германска техничка помош преку проектот Унапредување на третманот на лицата со пречки во развојот каде се нуди експертска помош при хармонизација на законската регулатива со ЕУ легислативата и воспоставување на регулаторни механизми во областа на услугите од социјалната заштита (лиценцирање, мониторинг и евалуација).

Ромски Образовен Фонд - финансирање на проекти од областа на образованието на Ромите.

## 3.19.6 **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со измените и дополнувањето на Законот за социјална заштита во март 2007 година, вградена е забрана за дискриминација во оваа област, со што е извршено транспонирање на Директивата 2000/43/ЕК на Советот на Европа за имплементирање на принципот на еднаков третман на луѓето, почитувајќи ја расната или етничката припадност при остварување на правата од социјалната заштита.   Се обезбеди остварување на правата од социјалната заштита за лицата баратели на правото на азил, лицата со статус на признаен бегалец и на лицата под хуманитарна заштита, утврдени со Законот за азил и привремена заштита.

На почетокот на 2008 година донесен е Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на РМ“ бр.7/08 од 15.01.2008 год.) со кој се заокружува реформата на пензискиот систем во Република Македонија од нормативно-правен аспект.  Со овој Закон извршено е транспонирање на Директивата 2003/41/ЕК која се однесува на професионалните пензиски шеми.  Практичното заживување на третиот пензиски столб се очекува од средината на 2008 година.

Отпочнато е зајакнување на системот на социјалната заштита, преку плурализација во областа со поднесување на барања за  основање на приватни установи за социјална заштита за стари лица. Основан е и приватен Дневен центар за деца со попреченост.

Во насока на зајакнување на административните капацитети за имплементација на политиките на социјална заштита и социјална инклузија, во текот на 2007 година беа реализирани повеќе обуки за стручните работници од центрите за

социјална работа и установите за социјална заштита со цел зајакнување на нивниот капацитет за примена на различни форми на заштита на различни категории на корисници. Со овие обуки беа опфатени теми од областа на примена на мерките надзор над вршење на родителското право, работа со родители на деца со нарушено поведение, работа со деца со аутизам, обуки за стручните лица за работа во дневните центри за деца, за работа во дневните центри за лица кои употребуваат дрога итн.

Во текот на 2007 година се спроведе постапка за основање на установа за згрижување на лица-баратели на азил.

Постојната мрежа на јавните установи за деца - детски градинки, пренесени на единиците на локалната самоуправа се зајакна со формирање на два клона, со што се подобрува достапноста на услугите во руралните средини. Вкупниот расположив капацитет во детските градинки изнесува 22,541 место, а стапката на искористеност на капацитетите изнесува околу 92%.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во областа на социјалната заштита во првата половина на 2008 година планирано е донесување на нов Закон за социјална заштита и социјална сигурност, кој ќе овозможи воведување на реформиран систем на парични надоместоци, ќе овозможи подобро нормирање на условите, начинот и постапките за остварување на паричните права од социјалната заштита. Со ваквите одредби од Законот ќе се обезбедат услови за подобро и поефикасно таргетирање на најзагрозените категории на граѓани. Администрирањето на паричните надоместоци ќе биде унифицирано и осовремено преку дизајнирање и имплементација на интегриран информационен систем, со кој ќе се создаде квалитетна и сеопфатна база на податоци на корисниците на различните права од системот на социјалната заштита, како и потребните статистички индикатори и информации за корисниците.

По донесување на законот, ќе бидат подготвени подзаконски акти со кои ќе бидат регулирани прашањата за утврдување на соодветните нормативи, стандарди, потребните стручни кадри за функционирање на установи за социјална заштита, центри за бездомници, мали групни домови, правилници за начините на водење евиденција и документација за корисниците, установите и тн.

Во текот на 2008 година, ќе се отпочне со активности за изготвување на стратешки документ во рамки на кој ќе бидат дефинирани политиките за развој на социјалната заштита, во насока на понатамошно унапредување на социјалните услуги, системски опфат на најранливите категории на корисници и продолжување на процесот на децентрализација во социјалната заштита.

Во поглед на зајакнувањето на техничките и човечките капацитети неопходни за успешно и ефикасно имплементирање на политиките и програмите во областа на социјалната заштита, во наредниот период ќе бидат превземани повеќе различни активности.

Планирано е воспоставување на современ интегриран информационен систем во Министерството за труд и социјална политика и во Центрите за социјална работа, преку кој ќе се реализира администрирањето и исплатата на социјалните бенефиции и услуги. За таа цел ќе биде извршена набавка на потребната хардверска опрема, ќе се изврши мрежно поврзување и ќе биде дизајнирана и имплементирана интегрирана база на податоци и софтверска апликација. Планирано е до крајот на годината овој систем да биде ставен во функција.
Паралелно со фазата на имплементација на интегрираниот информационен систем, ќе бидат организирани и соодветни обуки и тренинзи за стручните лица кои ќе работат со истиот.

Во претстојниот период и понатаму ќе бидат планирани и реализирани активности за зајакнување на администраттивните капацитети за имплементација на политиките и мерките од социјалната заштита. Ќе бидат организирани обуки и семинари за промовирање и запознавање со законските решенија и нивната практична имплементација, како и за мониторинг и евалуација на политиките и програмите на социјална заштита.

Планирано е капацитетите на Секторот за социјална заштита и Секторот за социјална инспекција во Министерството за труд и социјална политика да бидат дополнително зајакнати со нови вработувања во текот на 2008 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Континуирано ќе се следи и оценува имплементацијата на реформираниот систем на парични надоместоци во системот на социјалната заштита, како и успешноста во таргетирањето на најзагрозените категории на граѓани.

По донесувањето на Националната програма за развој на социјалната заштита, во текот на 2009 година ќе биде изготвен и соодветниот Акциски план за спроведување на Програмата и ќе се отпочне со негова практична имплементација.

Планирано е изготвување и донесување на нормативи и стандарди за работа на стручните работници во установите за социјална заштита.

Ќе се продолжи со континуирано јакнење на капацитетите, преку организирање на стручни обуки, семинари и работилници, пред сé за Центрите за социјална работа, за доследна практична имплементација на политиките, програмите и мерките од областа на социјалната заштита.
Особено внимание ќе биде посветено на подобрување на ресурсите и капацитетите потребни за успешно следење и евалуација на ефикасноста на програмите во областа на социјалната заштита и социјалната инклузија.
На среднорочен план, се предвидува вработување на дополнителен број стручни работници во рамки на Министерството за труд и социјална политика во Секторот за социјална инспекција и во Секторот за социјална заштита кои ќе ги зајакнат постоечките капацитети во областа на социјалната инклузија на социјално загрозените категории на граѓани и во делот на зајакнување и продлабочување на партнерството со граѓанскиот сектор во обезбедувањето на социјалните услуги.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Во тек е имплементацијата на Проектот SPIL, финансиран со заем од Светската Банка, во рамки на кој покрај другото, предвидени се и се имплементираат повеќе активности насочени кон поддршка на програмите за социјална заштита, т.е. подршка за ефикасно спроведување на реформите во системот на социјалната заштита, зајакнување на административните и техничките капацитети на Министерството за труд и социјална политка во делот на социјалните услуги, паричните надоместоци итн. Покрај поддршката во делот на подобрување и унапредување на легислативата од областа на социјалната заштита, особено е значајна поддршката во јакнењето на IT капацитетите, воспоствaувањето на ИКТ инфраструктура и подобрувањето и хармонизирањето на IT системите и базите на податоци и воспоставување на мрежна поврзаност за размена на податоците за социјалните бенефиции.

## 3.19.7 **АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Владата на Република Македонија го донесе Националниот план за акција за родова рамноправност, како стратешки документ за унапредување на родовата рамноправност. Обврска на Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика е на крајот од секоја тековна година да подготвува Оперативна годишна програма за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност, со конкретно утврдените активности за наредната година.

Од март 2007 година во рамките на Министерството за труд и социјална политика формиран е Сектор за еднакви можности како тело за еднаквост, согласно барањата од Директивата 32002L0073.

Во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите, во сите министерствата при Владата на РМ именувани се Координатори за еднакви можности кои ќе бидат одговорни и задолжени за внесувањето на концептот на родовата рамноправност во политиките и програмите од надлежност на ресорното министерство.

Во рамки на локалната самоуправа, согласно член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, отпочнат е процесот на усогласување на Статутите на Единиците на локалната самоуправа и имплементацијата на обврската од законот за формирање на Комисија за еднакви можности во рамките на Советите при Единицата на локалната самоуправа. Досега формирани се 69 Комисии за еднакви можности помеѓу жените и мажите во рамките на Советите на локалната самоуправа (од вкупно 84 Единици на локалната самоуправа), кои ќе се грижат за соодветно имплементирање на Законот на локално ниво.

Во организација на Одделението за родова рамноправност, во текот на 2007 година беа спроведени 14 семинари/обуки на тема „Род и развој“ и „Внесување на родовиот концепт во тековните политики“, наменети за субјектите вклучени во имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите и во унапредувањето на родовата рамноправност на локално и национално ниво. Со овие 14 обуки беа опфатени околу 300 слушатели.

Во текот на ноември 2007 година Министерството за труд и социјална политика отпочна кампања за превенција и заштита од трговија со жени под мотото „Едноставно е...“.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во делот на антидискриминацијата, приоритет во текот на 2008 година ќе биде изготвувањето на единствен сеопфатен Закон за антидискриминација кој ќе биде усогласен со европското законодавство и постоечките позитивни пракси во земјите членки на ЕУ. За успешно реализирање на оваа активност и активно вклучување на релевантните субјекти, ќе биде формирана меѓуминистерска работна група во која ќе учествуваат и социјалните партнери и невладиниот сектор. Работната група најпрвин ќе подготви анализа на концептите на постојните закони, со цел да го избере најдобриот концепт во однос на Република Македонија за третирање на ова прашање.

Поради фактот што дефинициите за дискриминација вградени во Законот за еднакви можности на жените и мажите се усогласени со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената, но не се усогласени со acquis, во првата половина од 2008 година ќе биде извршена измена и дополнување на Законот, со која ќе се обезбеди усогласување со Директивата 2002/73/ЕС.

Во овој период се планира реализација на активности во насока на усогласување на законската регулатива од областа на образованието со Законот за еднакви можности на жените и мажите, при што би се инкорпорирал родовиот концепт во наставните програми за образование и професионална обука и би се обезбедиле механизми за отстранување на предрасудите и стереотипите во врска со воспоставување на еднаквите можности во образовниот процес.

Ќе продолжат и активностите во насока на имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво, во Единиците на локална самоуправа.

Во првиот квартал од 2008 година, планирано е и донесувањето на Акционен план за специфичните потреби на жената Ромка.

Исто така, во претстојниот период активно ќе се работи на континуирано подигнување на јавната свест и информираност за постоењето и потребата од спречување на трговијата со луѓе, како и на имплементација на Програмата за ресоцијализација и реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе.

Во поглед на институционалните структури, донесувањето на Законот за антидискриминација ќе овозможи и создавање на законска основа за формирање и функционирање на тело за борба против секаков вид на дискриминација.

Во поглед на потребата од зајакнување на административните капацитети, во текот на 2008 година предвидени се нови вработувања во Секторот за еднакви можности. Зголемувањето на бројот на вработени во Секторот за еднакви можности ќе овозможи и поголем капацитет за спроведување на политиките од областа на еднаквите можности. Едно од лицата кои ќе бидат вработени во Секторот, согласно законските одредби, ќе биде правниот застапник надлежен за водење на постапката за правна заштита во случај на нееднаков третман на жените и мажите. Правниот застапник ќе има статус на државен службеник, во рамките на Одделението за родова рамноправност.

Покрај тоа, планирано е реализирање на поголем број активности за подобрување на информираноста и стручноста на лицата кои работат на прашања поврзани со антидискриминацијата и еднаквите можности.

Ќе бидат организирани обуки/семинари за наставниот кадар во основното образование за родовиот концепт и неговото вклучување во образовниот процес. Планирано е организирање на семинари за промовирање на еднаквите можности на жените и мажите во руралните средини, за спречување на насилството врз жената, како и семинари за јакнење на учеството и влијанието на жените во политиката.

Планирано е организирање на обуки со цел јакнење на капацитетите на стручните работници од разни профили и институции за спречување на трговијата со луѓе и за постапување со жртвите на трговија со луѓе, т.е. нивно прифаќање и упатување. Исто така, во првиот квартал од 2008 година ќе биде воспоставен единствен систем за евиденција на жртвите на трговија со луѓе, државјани на РМ и странски државјани.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

По изготвувањето и усвојувањето на Законот за антидискриминација, во периодот што следи приоритет ќе биде ставен на неговата доследна и ефикасна практична имплементација.

Континуирано ќе се врши следење на новите законски предлози во процесот на нивно донесување, од аспект на инкорпорираноста на родовиот концепт во истите.

Ќе се работи на имплементација на приоритетите од Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012.

Во согласност со одредбите од Законот за антидискриминација ќе бидат превземани потребните активности за воспоставување и јакнење на институционалните механизми за ефикасно утврдување, проследување и казнување на појавите на дискриминација по сите основи предвидени со Законот.

Континуирано ќе се реализираат активности насочени кон зајакнување на административните капацитети за имплементација на политиките и програмите од обласа на еднаквите можности и антидискриминацијата.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во текот на 2007 година беа реализирани 14 дводневни едукации (два серијала по 7 обуки) за претставниците на локалните самоуправи (координатори за еднакви можности и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советите на локалната самоуправа) за концептот на Род и развој и внесувањето на родовиот концепт и обврските на локалната самоуправа произлезени од Законот за еднакви можности на жените и мажите. Овие активности беа поддржани од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Од страна на Мисијата на ОБСЕ беше подржан процесот на подготовка на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012.

Од страна на Мисијата на ОБСЕ и во 2007 година беше подржано функционирањето на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе.

ИОМ и УНИЦЕФ во текот на 2007 година поддржаа активности во насока на обуки за социјалните работници, психолозите, педагозите од Центрите за социјална работа, трудовите инспектори, инспекторите од МВР за организиран криминал, граничната полиција и претставници на невладиниот сектор.

Обезбедена странска поддршка од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за спроведување на активности во насока на инкорпорирање на родовиот концепт во областа на образованието. Овие активности ќе се реализираат во текот на 2008 година и за нив беше изработен проект кој е одобрен од страна на Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

# 3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

## 3.20.1 ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Република Македонија има подготовено стратешки документи и програми кои ја креираат економската политика (Националната стратегија за интеграција на РМ во ЕУ, Претпристапна економска програма, Националниот развоен план) насочени кон продолжување со реформите за приближување на политиките со принципите, стандардите и препораките на ЕУ. Економската политика е насочена кон зачувување на макроекономската стабилност, промоција на раст и развој, намалување на невработеноста, зајакнување на конкурентноста, подобрување на деловната клима, поддршка на претприемништвото и МСП, поттикнување на СДИ, зајакнување на институциите, поддршка на истражување, развој и иновации за што се изработени голем број програми. Документите потпишани со ММФ (Stand-by arrangements) и Светска Банка (PDPL2) имаат исто така влијание врз економската политика во поддршка на процесите и успешно спроведување на реформите. ПДПЛ аранжманот кој успешно се реализира претставува инструмент за поддршка на економската политика и структурните реформи кои Република Македонија ќе ги преземе во насока на зајакнување на економскиот развој и соодветна подготовка на земјата за членство во Европската Унија. Една од причините за имплементација на овој аранжман е примена на најефективниот инструмент за поддршка на Програма на Владата на Република Македонија, која ги поддржува клучните структурни и институционални реформи во низа сектори од домашната економија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Главни институции во креирањето и имплементирањето на политиките за претпријатија се: Владата на РМ, Министерство за економја, Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата за економски прашања – Сектор за економски политики и регулаторна реформа, други министерства, специјализирани агенции и други институции и организации.
Во однос на институционалната поддршка на МСП основна институција која ги реализира програмите на Владата за МСП е Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ. Оваа институција е основана со Закон (Сл. весник бр. 60/2003).
Покрај Агенцијата постои и широка мрежа на институции за поддршка на претприемништвото и МСП

- 10 регионални фондации за развој на МСП,
- 4 центри за трансфер на технологија (3 во Скопје и 1 во Битола)
- Европски иновативен релеен ценар,
- 9 деловни инкубатори
- 6 кластери

Отворени се и повеќе (17) локални центри за економски развој и се очекува истите да имаат голема улога во развојот на претприемничката култура и дух, а што е особено значајно во процесот на преструктуирање на македонската економија. Исто така, се поголема е улогата на Агенција за странски инвестиции која административно и финансиски е зајакната.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Главен приоритет е дефинирање на Стратегијата за индустриска политика како интегративна проактивна политика која јасно ќе ги дефинира приоритетите, целите и мерките и инструментите во создавање на конкурентна економија. Во целиот процес ќе бидат интегрирани принципите на индустриската политика во ЕУ. Политиката ќе има главно хоризонтален пристап, со посебен секторски пристап преку стратегии и програми за преструктуирање каде што е неминовно. Сите мерки и инструменти ќе бидат усогласени со државна помош.
Во рамките на БЕРИС проектот договорен со Светска банка (Проект за реформа на бизнис окружувањето и јакнење на институциите) се обезбедени средства за процесот на изготвување на Стратегија за индустриска политика, што покрива: изработка на бенчмаркинг студија, средства за експертска помош за изработка на Студија за индикатори за конкурентност на македонската индустрија, изработка на Стратегијата за индустриска политика, зајакнување на капацитетите на секторот за креирање и имплементирање на стратегија за индустриска политика со обуки и посета на семинари, посета на Европската комисија во Брисел, подобрување на техничката опременост на одделението и секторот, подигање на свеста за потребата од индустриска политика, посебен софтвер за постојано следење на индикатори на конкурентност и др.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е зајакнување на функцијата и капацитетите на Меѓуминитерската работна група за индустриска политика преку конференции и семинари за координација на политиките, како и на капацитетот на Одделението за индустриска политика во Министерството за економија за следење на системот за мерење на индикатори за конкурентност.

Зајакнување на улогата на НСПК како форум за дијалог и дејствување за подобрување на деловното опкружување и меѓународна конкурентност на Македонија. НСПК го сочинуваат претставници од јавниот сектор, приватниот сектор и граѓанското општество, кои заедно работат на подобрувањето на конкурентноста на земјата.
Со цел да се подобри промоцијата на земјата како атрактивно место за инвестирање, се планира зајакнување на административните капацитетите на Агенцијата за странски инвестиции со вработување на нови економски промотори за различни земји.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
До крајот на 2010 година, согласно Програмата за поттикнување инвестиции во Р Македонија (2007-2010) е предвидено донесување или измена и дополнување на повеќе законски акта од различнини органи на управата и институциите, ратификување на договори и донесување нови програми, што ќе значи усогласување со законодавството на ЕУ и најдобрите меѓународни практики. До декември 2010, планирано е донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ.
Имплементација на стратегиите и акционите планови кои се донесени за зголемување на конкурентноста на македонската економија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Се планира зајакнување на капацитетите на институциите кои ја креираат и имплементираат индустриската политика и другите Владини програми.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Активностите на изготвување кои се однесуваат на стратегијата за индустриска политика ке бидат подржани од проектот на Светска банка БЕРИС (Проект за реформа на бизнис окружувањето и јакнење на институциите).

## 3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во процесот на подобрување на деловната клима постигнати се значајни резултати особено со реализација на мерките од Програмата за поттикнување на инвестиции во Република Македонија и бројните активности на Агенцијата за странски инвестиции на РМ
Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги на странски пазари во 2007 година, усвоена од Владата на Република Македонија, содржи активности со кои се поддржуваат домашните компании за сертификација на системи за квалитет и производи, подигање на јавната свест за значењето на примената на меѓународните стандарди во производството, поддршка на компаниите за печатење промотивни материјали, за идејни решенија на дизајнот на производите со цел зголемување на конкурентноста и имиџот на македонските производи, за интернет конекцијата на компаниите и учество на бизнис-форуми, меѓународни саеми и семинари.
Република Македонија на 18 октомври 2007 го потпиша Меморандумот за соработка за учество во Програмата за конкурентност и иновативност (CIP).

Од аспект на политиката за мали и средни претпријатија (МСП), клучни правни акти со кои се регулира работењето на малите и средни претпријатија се: Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 60/2003), Закон за вршење на занаетчиска дејност (Службен весник на РМ бр. 62/04) и Закон за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/04, 84/05). Покрај овие Закони идентификувани се и околу 60 закони кои во дел ги третираат и малите и средните претпријатија во Република Македонија.

Во насока на реализација на Европската повелба за мали претпријатија, определбите на ревидираната Лисабонска стратегија и Програмата за Конкурентност и иновативност на ЕУ, Владата на РМ усвои Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија 2007-2010, на која се основа едногодишната Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во која се дадени намените на средствата за поддршка на претприемништвото обезбедени од буџетот на РМ за 2007 година.

Директивата на Советот 2000/35/ЕС во Република Македонија е делумно треанспонирана во Законот за облигациони односи кој е во фаза на меѓуресорска консултација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во однос на институционалната поддршка на МСП основна институција која ги реализира програмите на Владата за МСП е Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ (АППРМ) . Оваа институција е основана со Закон (Сл. весник бр. 60/2003).

Покрај Агенцијата постои и широка мрежа на институции за поддршка на претприемништвото и МСП (10 регионални фондации за развој на МСП, 4 центри за трансфер на технологија - 3 во Скопје и 1 во Битола, Европски иновативен релеен ценар, 9 деловни инкубатори, 6 кластери)

Отворени се и локални центри за економски развој во повеќе општини и се очекува истите да имаат голема улога во развојот на претприемничката култура и дух, а што е особено значајно во процесот на преструктуирање на македонската економија.

Со цел да се подобри промоцијата на земјата како атрактивно место за инвестирање, Агенцијата за странски инвестиции-Инвест Македонија вработи тројца економски промотори за различни земји кои до крајот на 2007 се обучуваа за оваа работа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со донесувањето на новиот Закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој се утврдува обврска за програмирање на дејноста (Програма на Владата на РМ за технолошки развој за период од 4 години, едногодишни програми, и др.) и се дефинира технолошката инфраструктура, која треба да придонесе кон позабрзан развој.

Инструментите за индустриска политика ќе бидат опфатени со интегрираниот документ за индустриска политика на Република Македонија и Акциониот план за инструменти и мерки кој ќе произлезе од истиот, чија изработка е во тек и се очекува да се заврши до септември 2008.

Програмата за подобрување на конкурентноста на македонските производи и услуги на странски пазари во 2008 година ќе содржи активности со кои се поддржуваат домашните компании во промоција на нивните производи и услуги со цел зголемување на конкурентноста и имиџот на македонските производи.

Се планира измена на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот во делот на Гарантниот фонд, посебно на член 8 – б (во делот со кој се гарантира до 1/3 од кредитот) како и во делот на подзаконските акти со кои се уредуваат намените, за да се усогласи со програмата на Владата 2006-2010 во насока на поттикнување на извозот (обврска и надлежност на Министерството за финансии).

Исто така, во собраниска процедура се измените и дополнувањата на Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции, со кои се предвидува финансиска независност и институционално јакнење.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За 2008 година во Агенцијата за странски инвестиции се планира да се вклучат уште 20 економски промотори во различни земји во давање на високо професионални услуги на инвеститорите во процесот на прединвестирање, инвестирање и реинвестирање, мониторинг и евалуација на инвестицискиот развој.

Во однос на институционалната поддршка на МСП:

- јакнење на административниот капацитет на АППРМ;
- ширење на мрежата на бизнис центри по општините;
- продолжување на Програмата за советување преку ваучери;
- јакнење на активностите на Фондот за човечки ресурси;
- јакнење на административниот капацитет на постојните и новите институциите за поддршка на МСП;
- поддршка на активностите на Иновативниот релеен центар.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Измена на Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ (Службен весник 60/03) во делот на дефиницијата за МСП со цел потполно усогласување со дефиницијата на ЕУ за МСП.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

До крајот на 2010 година, согласно Програмата за поттикнување инвестиции во Р Македонија (2007-2010) е предвидено донесување или измена и дополнување на повеќе законски акта од различни органи на управата и институциите, ратификување на договори и донесување нови програми, што подразбира усогласување со законодавството на ЕУ и најдобрите меѓународни практики.

Ќе продолжи ширењето на постојната и создавањето на нова институционална инфраструктура (бизнис центри, инкубатори, кластери) како и јакнење на нивниот административниот капацитет со цел јакнење на конкурентноста и иновативноста на МСП.

Фондот за развој на човечки ресурси (ФРЧР) ќе делува на подигање на нивото на обука и стандардите помеѓу обучувачите консултантите и МСП.
Преку Националниот совет за претприемништво и конкурентност и Форумот за МСП ќе се развива дијалог помеѓу приватниот и јавниот сектор.

Се зајакнува капацитетот на Опсерваторијата за МСП за да се користи како алатка за мониторинг и евалуација.
Иновативниот релен центар преставува инфраструктура за трансфер на технологија, иновации, информации за мозностите за користење на ЦИП Програмата на ЕУ итн.
Гарантниот фонд и издавањето на гаранции, јакне и се преобразува со цел поголема поддршка на извозните МСП и јакнење на алтернативните финансиски инструменти (лизинг, факторинг, франшизирање).

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Со поддршка на УНДП, УСАИД и InWent, согласно  Акциониот план од Програмата за поттикнување на инвестициите, конституирано е Координативното тело за општествената одговорност на претпријатијата во Македонија, во рамките на Економско-социјалниот совет.
Агенцијата за странски инвестиции во 2008 година користи странска помош од проектот од ЕАР **„Техничка помош на Агенцијата за странски инвестиции на РМ за подобрување на инвестиционата клима во Република Македонија** “. **Проектот трае** 6 **месеци** (**од октомври** 2007) **во износ од** 200.000 **Евра**. Оваа агенција е поддржана исто така од проект на амбасадата на Велика Британија. **Проектот трае** 6 **месеци** (**од ноември** 2007) **во износ од** 55.000 **фунти со можност да се продолжи уште две години за** 300.000 **фунти**.

Во тек е реализацијата на КАРДС проектот „Техничка помош за развој на мали и средни претпријатија" во кој се опфатени следниве компоненти: спроведување на Програмата за МСП, јакнење на јавно-приватното партнерство и дијалог и поддршка на инфраструктурата на МСП (износот на проектот е околу 0,8 милиони евра);

Во јануари 2007 година започна со реализација КАРДС проектот ХРДФ 3. и ке трае до септември 2008 година. Целата на овој проект е поддршка на институцијата Фонд за развој на човекови ресурси. Основни компоненти на проектот се: обука на менаџерските тимови во претпријатијата; обука на обучувачите и вмрежување на претпријатијата – тренерите и Универзитетите.

Во април 2007 година започна реализацијата на проектот финансиран од  Британска амбасада  "Јакнење на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста". Проектот опфаќа: градење на капацитет на вработените во АППРМ и регионалните центри, обука на консултанти за ваучер системот на советување, организирање на кампањи за подигање на свеста за претприемништво и конкурентност и иновативност и обука на студенти за изработка на бизнис план (износот на проектот е 0.3 мил. евра).

## 3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ

Во Република Македонија досега има изработено посебни стратегии и програми за преструктуирање и поддршка на:
- челичната индустрија "Националната програма за реструктуирање и преобразба на челичната индустрија на РМ".
- текстилна индустрија "Стратегија за развој на текстилната индустрија" е усвоена на Влада во јули 2007 која ќе биде основа за изработка на Акционен план.
- Туризмот "Национална Стратегија за развој на туризмот 2008-2012"

**ЧЕЛИК**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Протокол 2 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, во 2004 година, од страна на Владата на Р. Македонија, усвоена е Национална програма за реструктурирање и конверзија на челичната индустрија на Република Македонија, со петгодишен план за споведување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Еден од условите за исполнување на институционалното зајакнување, предвидено во Националната Програма за реструктурирање на челичната индустрија на Р. Македонија е формирање на Одделение за челик. Истото беше

етаблирано во 2006 година во рамките на Секторот за индустрија и инвестициона политика, при Министерството за економија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

За 2008 година е предвидено спроведување на Годишниот акционен план на работа во рамките на Националната програма за реструкурирање.

Сите задачи и активности предвидени со Годишниот акционен план од Националната програма се обрска на Одделението за челик, кое за остварување на поодделни активности регуларно соработува и со компаниите за челик.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Имплементацијата на Националната програма за реструктурирање на челичната индустрија се одвива до крајот на 2009 година, преку спроведување на Годишните акциони планови, предвидени со истата.

Одделението за челик во Министерството за економија ќе ја спроведува пет годишната имплементација на Националната Програма за реструктурирање на челичната индустрија на Р. Македонија, преку спроведување на Годишните акциони планови, предвидени со истата.

**ТЕКСТИЛ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со Стратегијата за развој на текстилната индустрија, усвоена од ВРМ во јули 2007 година се дефинирани приоритетите во секторот на макро, мезо и микро ниво. Овие приоритети се дадени на краток, среден и долг рок.

Во Стратегијата за развој на текстилната индустрија направена е анализа на постојната состојба на секторот, лоциран се проблемите и предложени се идните правци за развој на текстилната индустрија во РМ. Вооедно предложени се неколку предлог проекти за развој на текстилната индустрија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2008 година ќе се изготви Акционен план и Програма за ревитализација на текстилната индустрија во РМ кој ќе опфати:

1. Изготвување на Програмска матрица за идентификуваните пречки за развој на текстилната индустрија во Република Македонија на макро, мезо и микро ниво, со конкретни цели, мерки, извршители и рокови.
2. Изготвување на Програма за ревитализација на текстилната индустрија во Република Македонија.

Цели на Програмата се:

- Зголемување на конкурентскиот капацитет на компаниите во клучните области (маркетинг, технолошка модернизација, развој на човечки ресурси);
- Развој на комерцијална инфраструктура;
- Воведување на пилот-проекти за нови форми на организација на работа во селектираните компании.

Структура на Програмата
Под-програма I – Развој на Пазар
Под-програма II – Комерцијална инфраструктура
Под-програма III – Технолошки развој
Под- програма IV- Развој на човечки ресурси

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Изготвување на Акционен план и Програма за ревитализација на текстилната индустрија во 2008 година

Акциониот план ќе го спроведува Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за екологија и просторно планирање, Царинската управа, Државниот пазарен инспекторат, Институтот за стандардизација, Технолошки-металуршки факултет.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Имплементација на мерките содржани во Акциониот план и Програмата за ревитализација на текстилната индустрија ќе се реализираат во период од три години.

Акциониот план ќе го спроведува Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за екологија и просторно планирање, Царинската управа, Државниот пазарен инспекторат, Институтот за стандардизација.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Стратегијата за развој на текстилната индустрија во РМ, како и двата документа – Акционен план и Програма за ревитализација на текстилната индустрија во РМ се изготвуваат со финансиска поддршка на Компензационен фонд - Швајцарија, во висина од 8.000.000,00 денари.

**ТУРИЗАМ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

**Правната рамка на секторот туризам се состои од две законски мерки**:

- Закон за угостителската дејност (Сл.весник на РМ" бр. 62/2004) Со овој Закон се уредуваат условите и начинот на вршење на угостителската дејност
- Закон за туристичката дејност ("Сл.весник на РМ" бр. 62/2004г.) Со овој Закон се уредуваат условите и начинот за вршење на туристичката дејност.
  Двата закона се на сила и се применуваат од 01.07.2008, согласно со Законот за локалните избори ( "Сл.весник на РМ" бр. 46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004

Развојот на туризмот во РМ се темели на Макроекономската политика донесена од страна на Владата на РМ ; Стратегијата за развој на туризмот (до крајот на месец декември 2007година од страна на ВРМ), Законот за трговски друштва; Законската регулатива во дејноста; Просторниот план на РМ, Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија; Националната стратегија за странски инвестиции; Програмата за развој на туризмот за 2008.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Државен пазарен инспекторат, Министерство за здравство, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за животна средина и просторно планирање, Организација на потрошувачите на Македонија, Стопанска комора на РМ , Факултетите за туризам и угостителство и други здруженија и институции.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Министерство за економија, Сектор за туризам и угостителство има доставено измени и дополнувања на Законот за туризам и Законот за угостителство кои се во собраниска процедура.
Исто така, на краток рок ќе биде реализирана краткорочната Програма за развој на туризмот за 2008. Со оваа програма се предвидени следниве активности: изготвување и печатење на промотивен материјал во одделни сегменти на туристичката понуда, репринт на постојан промотивен материјал; презентација на меѓународни туристички берзи; субвенции на бизнис форуми и други манифестации; соработка со странски туроператори, новинари и разни федерации во функција на промоција на македонскиот туризам со странски туристички медиуми; кампања за подигање на јавната свест со логото "Ја сакам Македонија"; кампања за избор на најдобро туристичко место, општина, најквалитетен рецепционер, менаџер и др ; имплементација на "Стратегија за развој на туризмот во Република Македонија"; подршка на проекти како што се: "Поттикнување на развојот на руралниот туризам", "Аква парк", "Кокино и Цоцев камен" "Вински Туризам"; и обука на кадри во туризмот.
Во тек је постапката за усвојување на предлог законот за формирање на Агенција за промоција и подршка на туризмот. Донесувањето на акти за нејзино делување како што се статут, систематизација, избор на управен одбор , директор на агенцијата и вработување се очекува да се реализира до крајот на 2008 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Министерство за економија ,Сектор туризам и угостителство, во 2008 година ке отпочне со имплементацијата на Стратегијата за развој на туризмот.
Во Секторот за туризам и угостителство во 2009 година се планира да се формира Одделение за мегународни односи во туризмот, односно во 2009 година и во 2010 година да се вработи уште по едно лице .Врз основа на ова се планира финансиските средства за 2009 и 2010 година по овој основ да се зголемат за 500000,оо денари по лице.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Министерство за економија доби техничка помош од УНДП за изработка на Стратегијата за развој на туризмот во РМ во висина од 100.000 ЕУР.

## 3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ

### 3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Низ територијата на Република Македонија, минуваат пан-европските коридори 10 и 8 кои се мултимодални правци, како дел од Југоисточната оска која се надополнува на Трансевропските мрежи.

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која се однесува на транспортните мрежи е дел од правната рамка која ја регулира транспортната политика. **Види Поглавје** 3.14

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

- Повеќе-годишен план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа-СЕЕТО (2008-2012) и Додаток на Меморандумот за разбирање за развој на главната регионална мрежа на ЈИЕ кој се однесува на формирање на заедничка област на железнички транспорт на Југоисточна Европа.

Потпишана е Резолуцијата со која се усвојува Повеќегодишниот акционен план за реализација на проекти од областа на транспортот, како и Додатокот на Меморандумот за разбирање заради формирање на железничка транспортна област во Југоисточна Европа. Причините за потпишување на овој додаток е потребата од зголемување на инвестициите во регионот, придружени со процес на реформи во железничкиот сектор.

- Програма за јавни инвестиции (2008-2010)

Програмата за јавни инвестиции е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од три години. Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок се базира на динамична инвестициона активност која се очекува да резултира со оптимализација на користење на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност.

- Национален развоен план (2008-2013)

Националниот развоен план е документ кој е дел од макроекономската политика на Република Македонија. Министерството за транспорт и врски ја координира подготовката на инвестициските приоритети во областа на транспортната инфраструктура, дефинирајќи приоритетни проекти од областа на патната, железничката и авио инфраструктурата за период од 2008-2013. Повеќе за НРП види во Поглавје 3.22.5

Усвоена е **Националната транспортна стратегија** од страна на Владата на Република Македонија во јули 2007 година. Националната транспортна стратегија (2007-2017) ги одреди основните насоки за развој на транспортната политика во Република Македонија преку идентификување на цели со акционен план за развој на патниот, железничкиот и воздухопловниот сектор. Стратегијата ќе се ревидира 2 пати годишно во првите 5 години од имплементацијата. Потоа истата ќе се надополнува еднаш годишно. Надополнувањето ќе се врши со интензивна институционална експертска и научна консултација.

Целта на **Инвестицкиот план за патишта** е подготовка на план за развој на патиштата со цел подобрување на инвестициската клима во транспортниот сектор како и анализа за рехабилитација во патната мрежа. Фаза 1 од задачата идентификува кратка листа на предлог проекти за рехабилитација, додека фазата 2 е за концептуалниот дизајн на предлог проектите. Финален извештај за планот е доставен во мај 2007 година.

Подготовката на **Студијата за преструктуирање на патниот сектор** започна во март 2007 година, а ќе заврши во 2008 година (времетраење 18 месеци). Целта на проектот е подготовка на Студија за преструктуирање на Фондот за магистрални и регионални патишта и ЈП Македонијапат со цел унапредување на економскиот развој во земјата преку преструктуирање на патниот сектор, институционални реформи во согласност со стандардите на ЕУ и подобрување на инвестиционата клима. Изготвен е предлог на Закон за јавни патишта кој е дел од реформата во патниот сектор кој што треба да се спроведе во текот на 2008 година. Истиот е доставен до Владата на РМ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерство за транспорт и врски**

Во рамките на Министерството за транспорт и врски Секторот за меѓународни инвестиции и евроинтеграции со новата систематизација се преименува во Сектор за Европска унија во чиј состав влегуваат: Одделение за преговори и

интеграција, Одделение за имплементација на ИПА, Одделение за координација мониторинг и евалуација и Одделение за програми на Заедницата.
Врз основа на Студијата за преструктуирање на патниот сектор ќе се превземат мерки и активности за трансформација на ФМРП и на Јавното претпријатие ЈПМакедонијапат т.е, формирање на нова Агенција за патишта, отворање на пзарот за тековно одржување на патиштата и институционално преструктуирање на надлежностите во патен сектор.

**ЈП за аеродромски услуги Македонија-Скопје**
ЈПАУ Македонија-Скопје е претпријатие формирано од Владата на Република Македонија кое своето работење го врши во согласност со Законот за јавни претпријатија, Законот за воздухопловство и другите позитивни законски прописи.
Финансикото работење е организирано на ниво на ЈП при што аеродромите не се посебни правни субјекти.
Во тек е процесот на трансформација на ЈП во акционерско друштво во сопственост на државата, после кој, претпријатиeто ќе функционира согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**Се предвидува понатамошно спроведување на** Меморандумот за разбирање за развој на главната транспортна регионална мрежа на ЈИЕ и Повеќегодишниот план, преку понатамошно континурано учество во работата на СЕЕТО и другите работни тела, како и преку поддршка и следење на проектот за реализација на меките мерки кои се однесуваат на железницата и ревиизјата на безбедноста на патишта.

- Комплетирање на изградбата на "Обиколницата на Скопје", како дел од коридорот VIII

Во тек е финализирање на градежните работи и експропријацијата на двете делници од Обиколницата Скопје: **Хиподром** – **Оризари** (со должина од 14,7 км) и **Оризари** – **Сарај** (со должина од 11,8 км).

- Изградба на делницата **Табановце-Куманово**, како дел од Коридорот X

Потпишан е договорот со Светска Банка за заем во износ од 7.5мил Евра за изградба на делницата Табановце-Куманово во должина од 7.5 км. Во тек е процедура за објава на тендер за изведување на градежни работи на истата.Со проектот се предвидува делницата Табановце-Куманово да биде автопат со изградба на нова еднонасочна коловозна лента со широчина од 11 метри, паралелно со постоечкиот пат. Проектот предвидува и нов пристап за управување со сообраќајот кон граничниот премин Табановце.

- Изградба на делницата **Демир Капија-Смоквица**.

Одржан е 3-тиот Координативен состанок во Скопје, на кој се ревидираше акциониот план за имплементација.ЕК во декември 2007 година ја одобри Оперативната програма за Компонента III (2007-2009) т.е. алоцирани се средства за финансирање на Проектот. ЕИБ достави пред-одобрување на заемот.Во тек е одобрување на грантот од ГПЕОБ. Следи подготовка на детален дизајн на проектот и се очекува реализацијата на истиот да започне кон крајот на 2008. Финансиски извори:

- Европска Комисија – (EUR 27.4 mil.)/алоцирани средства
- ЕИБ (EUR 55 – 58 mil.)
- ГПЕОБ 50 мил.ЕУР
- Национално ко-финансирање – (EUR 19 mil.) планирани средства во Фискална стратегија на РМ

- Имплементација на проекти од втора оска на Оперативната програма ИПА-Компонентата 3 за регионален развој за период 2007-2009 :
    - подготовка на физибилити студиија за делница од Пан-Европски Коридор 8-патна инфраструктура (Романовце-Крива Паланка -Деве Баир) во вкупен износ 1.218.240 евра од кои 913.680 евра преку ИПА и 396.560 евра национално учество
    - подготовка на инвестиционо техничка документација за подобрување на железничката инфраструктура долж главната мрежа во Југоисточна Европа во вкупен износ од 2.842.561 евра од кои 2.131.920 преку ИПА и 710.641 национално учество за следните делници:

а) **главен проект** за изградба на нова пруга за делницата Велес-Ногаевци во должина од 19 км..
б) проект за **реконструкција** на делница Ногаевци-Неготино во должина од 31 км.
г) **главен проект** за изградба на нова пруга за делницата Куманово-Дељадровци во должина од 10 км.
д) проект **за ремонт со реконструкција** на делница Битола Кременица (Коридор Xd) во должина од 16 км..

За овие делници е потребно да се изработи инвестиционо техничка документација со следни карактеристики: брзина од 120 км/час, радиус 800 м.:

- Изработка на Cost-Benefit анализа за Коридор X и Коридор VIII,

- o Изработка на **Студија за проценка на животната средина** (EIA) за Коридор X и Коридор VIII

- Давање под концесија на дел од патната инфраструктура во РМ.

Во однос на патната инфраструктура долж коридорот 8 и кракот 10d и патните правци Велес-Делчево –граница со Република Бугарија, Битола-Ресен-Охрид, Стенковец-Блаце завршена е постапката за избор на консултанска куќа. Избрана е фирмата Louis Berger S.A. која ќе подготви техничка, финансиска и правна анализа за издавање под концесија на патиштата со наплата на патарина. Првиот предлог на студија за давање под концесија на дел од патната инфраструктура во РМ се очекува да биде готов до април 2008 г.

- Утврдување на концесиски модел за развој на аеродромите во РМ.

За унапредување на воздушниот сообраќај, во тек е изработка на студија за концесиски модел за развој на аеродромот „Александар Велики“ – Скопје и аеродромот „Св. Апостол Павле“– Охрид, од страна на холандската фирма NACO, B.V. која ќе ја подготви тендерската окументација и ќе предложи институционален модел за управување со двата аеродрома, како и стратегија за подобрување на нивната конкурентност во регионот за реализација на потребната финансиска поддршка и планираните инвестиции. Се планира воздухопловната инфраструктура да биде надградена преку унапредувањето на аеродром Скопје во категорија на полетно-слетната патека ILS CAT II (по ICAO) и изградба на нов терминал за опслуга на патници на аеродром Скопје со модуларна структура за годишен проток до 2,5 милиони патници. Тендерот ќе се состои од две фази, со преткфалификација. Објавувањето на тендерот се очекува да биде во јануари 2008 година, а договорот со избраниот понудувач се очекува да се потпише во мај 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2008 година е потребно зајакнување со дополнително вработување во Секторот за Европска унија. Техничка помош преку Оперативната програма ИПА-Компонентата 3 за регионален развој преку мерките, управување со имплеметацијата на оперативната програма и подготовка на проекти и програми.

Врз основа на Студијата за преструктуирање на патниот сектор ќе се превземат мерки и активности во институционално зајакнување на Фондот за магистрални и рагионални патишта од една страна и преструктуирање на Јавното претпријатие Македонијапат.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Рехабилитација на железничка линија Табановце-Гевгелија, фаза 1. зголемување на брзината на делницата до 130км/h по должината на Кордиор X, делница Скопје-Табановце, Велес-Згрополци, Згрополци-Демир Капија во должина од 64км
- Рехабилитација на железничката линија Табановце-Гевгелија 2
- Изградба на автопатот граничен премин со Република Албанија-Скопје-граница со Република Бугарија
- Изградба на железничката линија Куманово-Бељаковце-граница со Република Бугарија
- Изградба на железничка линија Кичево-Струга-граница со Република Албанија во должина од 66.0 км
- Изградба на мултимодален терминал лоциран во Струга
- Изградба на делницата Велес-Прилеп како дел од коридорот 10д
- Во рамки на програмирањето на СЕЕТО предложени рути кои влегуваат во среднорочни приоритети се и рутите:
    - o Надградба на делницата на ниво на автопат Битола-Ресен-Охрид-Подмоље
    - o Изградба на автопатот Отовица-Штип-Делчево
    - o Стенковец – Блаце

Истите се предмет на студија за давање под коцесија на дел од патната инфраструктура во Република Макеоднија, која е во тек на подготовка од страна на консултантската куќа Louis Berger SAS.

- Спроведување на СЕЕЦП-**Договорот за воспоставување на железничка мрежа со високи перфоманси во Југоисточна Европа**. Подготвен е Акциониот план за спроведување на Договорот.
- Имплементација на **Протоколот за прекугранична соработка долж земјите на Пан-Европскиот Коридор** 10, кој беше потпишан во јуни 2006 на Крф и кој има главна цел олесување на протокот на лица и стоки долж Коридорот 10. Потписниците за краток или среден рок потребно е да реализираат усогласување на законодавството и процедурите за граничните премини со ЕУ acquis, постојана размена на информации помеѓу релевантните администрации и агенции особено со електронски средства, како би се постигнала поблиска соработка и зголемена ефикасност.

## 3.21.2 **ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која се однесува на Транс-Европските Енергетски Мрежи е дел од правната рамка која ја регулира енергетската политика види поглавје 3.15.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Пазарот за електрична енергија и природен гас се трансформира во согласност со ***Договорот за основање на Енергетска заедница***, кој Република Македонија го потпиша со останатите земји од Југоисточна Европа и Европската комисија на 25 октомври 2005 година во Атина. Република Македонија го ратификува овој Договор во мај 2006 година а истиот стапи на сила на 01.07.2006 година.

За постигање на целите на Договорот, активностите на земјите потписнички вклучуваат, меѓу останатото, и создавањето единствен механизам за прекуграничен u1087 пренос или транспорт на овој вид енергија и создавање пазар на електрична енергија и природен гас без внатрешни граници за сите земји-пристапници кон Договорот, вклучително и координација на заемната помош во случај на сериозно нарушување на функционирањето на енергетските мрежи.

Во рамки на ***Програмата** SECI* (Southeast European Cooperation Initiatve) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа 222 (Transmission System Planning - TSP),започнат во 2001 година со техничка помош од USAID и USEA (United States Energy Association). Основната идеја на проектот е запознавањето со регионалниот пристап во праксата на планирање на преносните мрежи и создавање на заедничка база на податоци за ЕЕС-и во регионот која постојано би се надградувала и користела од страна на електроенергетските компании од земјите од Југоисточна Европа. SECI работната група ги презема следните задачи согласно барањата на Атинскиот Форум:

- Изработка на Студија за методологија на регионалното планирање на преносната мрежа и критериум за рангирање на проектите на преносните далеководи во пазарни услови -завршена е во март 2007год.
- Надградба на SECI Студијата со имплементација на утврдената методологија за регионално планирање и критериуми за рангирање на проектите на преносните ДВ-и во пазарни услови, а врз основа на сценаријата за снабдување/потрошувачка на електрична енергија од Студијата за инвестирање во производство (GIS). Студијата е завршена ноември 2007 година.

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Македонскиот електропреносен систем интерконективно е поврзан со Грција, Бугарија и Србија. Високонапонската преносна мрежа работи на четири напонски нивоа: 110 kV, 150 kV (кое ќе згасне со надградба на 400 kV), 220 kV и 400 kV. Вкупната должина на надземните далеководи е околу 2000 km. Основата на електропреносниот систем е 400 kV напонско ниво. Прстенот составен од три 400 kV далековод го поврзува најголемиот потрошувач во северниот дел од земјата (Скопје) со најголемите производствени капацитети во јужниот дел (Битола и Неготино).

Во насока на *Транспортниот коридор 10*, електроенергетскиот систем (ЕЕС) на Република Македонија интерконективно е поврзан на 400 kV напонско ниво на Север со еден ДВ со ЕЕС на Србија (Косово) и на Југ со два ДВ-и со ЕЕС на Грција. ***Интерконективната** 400 к*V ***далекуводна врска ТС Битола** 2 (**Република Македонија**) -**ТС Флорина** (**Република Грција**),* како дел од „Проектот за Развој на ЕЕС на РМ“, претставува втора 400 кV врска помеѓу Македонија и Грција. Истата го замени 150 кV далекувод Битола-Аминдео, при што се овозможи зајакнување на постојната преносна мрежа и ја подобри размената на електрична енергија помеѓу Македонија и Грција и останатите земји во регионот. Овој далекувод успешно е пуштен во работа во месец јуни 2007 година.

Во насока на *Транспортниот коридор 8* не постои интерконективна електроенергетска врска според сегашните стандарди на UCTE. На 110 kV напонско ниво ЕЕС на РМ е поврзан на Исток со два ДВ-и со ЕЕС на Бугарија.

До сега е завршена активноста изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза и набавена е високонапонска опрема за ТС Драчево и ТС Петровец, како компнента 1 од ***Проектот „Изградба на објекти од електрична мрежа“** (Power Substation Project).*

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Гасоводниот систем на Република Македонија е изграден како дел од *Коридорот 8.*

Гасоводот е со капацитет од 800 милиони m3 годишно. Должината на магистралниот гасовод е околу 98 km, и се протега од границата со Бугарија до Скопје.

**В) НАФТОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**
Нафтоводот Скопје - Солун ја поврзува рафинеријата "ОКТА" со Солунското пристаниште во должина од 212,6 км и е наменет за транспорт на суровата нафта и снабдување на рафинеријата. Нафтоводот е изграден во 2002 година, во насока на Коридорот 10, со капацитетот од 360 m3/h односно 2,5 милиони тони годишно.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
***Минниството за економија***, сектор за енергетика во име на Владата на Република Македонија ја има улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор. Во рамките на Министерството за економија воспоставена е Агенција за енергетика, за подршка и спроведувањето на енергетската политика во Република Македонија.

***Регулаторната Комисија за Енергетика*** ги регулира прашањата во вршењето на енергетските дејности односно го следи функционирањето на пазарот на енергија, донесува прописи за формирање на цени на одделни видови на енергија и пропишува тарифни системи и учествува во разрешување на спорови кои настанале помеѓу учесниците на пазарот на енергија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Изготвување на ***Студија за доверливост на електроенергетскиот систем и Инвестициона програма*** ќе започне во март 2008 а се очекува да биде завршена до декември 2008. Заради остварување на законски утврдената надлежност за одржување и развивање на преносната мрежа, како и извршување на обврските за обезбедување на јавна услуга на сигурен начин, што подразбира сигурно, навремено и квалитетно напојување со електрична енергија по разумна цена на испорака и грижа за заштита на животната средина, МЕПСО ќе ја развива преносната мрежа на начин предвиден во Студија за доверливост на електроенергетскиот систем, која што треба да се изготви врз основа на оценка на доверливоста на електроенергетскиот систем, согласно Мрежните правила за пренос на електрична енергија. Краткорочното – годишно, среднорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на МЕПСО се заснова на инвестиционата програма изготвена согласно Студијата за доверливост на електроенергетскиот систем и анализи на ЕЕС за нови објекти во тековната година и плановите за реконструкција и ревитализација на постојните објекти од електропреносниот систем.

Се предвидува продолжување на реализацијата на ***Акциониот план*** за спроведување на насоките и обврските од Договорот за енергетска заедница.

**А)ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**
Предвидена е реконструкција и ревитализација на постојните преносни трафостаници и далекуводи со Проектот „Изградба на објекти од електрична мрежа" што се подобруваат перформансите на електропреносниот систем на РМ и се обезбедува доверливо снабдување со електричната енергија на потрошувачите. Проектот ***„Изградба на објекти од електрична мрежа"*** *(Power Substation Project),* во кој влегува изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза, ТС Петровец, ТС Драчево и 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово, е започнат во 2004 година и е финансиран од Европската Банка за Инвестиции (EIB). До сега е завршена изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза и набавена е високонапонска опрема за ТС Драчево и ТС Петровец. Продолжуваат активностите за изведба на ТС Петровец и ТС Драчево, како и за 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово, и истите се предвидува дека ке бидат реализирани до крајот на 2008 година.

***Интерконективни поврзувања со соседните електроенергетски системи:***
Кон Исток - како дел од *Транспортниот коридор 8*: *400 kV* ***интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Червена Могила (Бугарија)***. Изградбата на 400 кV ДВ со Република Бугарија претставува прва интерконективна врска на ова напонско ниво помеѓу двете земји и е дел од Коридорот 8. Со истата ќе се овозможи сигурен транзит на електрична енергија помеѓу двата електроенергетски системи на Р. Македонија и Република Бугарија. Интензивно се гради далекoводот кој се очекува во јули 2008 да биде изграден, продолжуваат прелиминарните работи за градба на ТС Штип и се очекува до 2009 да биде завршена. Овој проект е вклучен во приоритетите на Транс-европските енергетски мрежи (TEN-E – Decision No 1229/2003/EC од 26.06.2003).

Во рамките на Стратешкиот план на Светска Банка за инвестирање во Енергетската заедница на Југоисточна Европа за Развој на Регионалниот Енергетски Пазар влезен е ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија"***. Преостанати активности од проектот се:

***Компонента*** *2:* Реконструкција и градба на интерконективен и надземни далекуводи.
Во рамките на оваа компонента планирани се и изградба на нов 2x110 kV ДВ од ТС Битола 3 до ТС Битола 4 и реконструкција на постоен 110 kV ДВ ТС Скопје 1 – ТС Тетово 1 - планирани да се градат во период 2008 - 2011год..

***Компонента** 3:* Надградба на постојниот EMS систем и планирачки софтвер е тековна активност и е предвидено да се заврши во 2008 година
***Компонента** 4:* Надградба и реконструкција на постојните 110/x kV трафостаници е тековна и ќе заврши 2011 година.
***Компонента** 5:* Поддршка на институционалниот развој, е тековна и се планира да заврши 2011 година.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

***Затворање на првиот гасоводен прстен во Скопје*** со вкупна должина 12,5 км, работен притисок 12 бари, номинален дијаметар DN 400, инвестициона вредност околу 6,3 мил. УСД, период на изградба 12 месеци влезени во предлог просторен план за период 2008-2010год.
***Изградба на вториот гасоводен прстен во Скопје*** со вкупна должина 13 км, работен притисок 12 бари, номинален дијаметар DN 300, инвестициона вредност околу 5,3 мил. УСД, период на изградба 12 месеци месеци влезени во предлог просторен план за период 2008-2010год.
***Изградба на магистрален гасовод Клечовце-Велес и Штип и дистрибуција на гас во градовите Велес и Штип*** со вкупна должина на магистралниот гасовод 82 км, работен притисок 54 бари, номинален дијаметар DN 500 и DN 200, должина на градска гасоводна мрежа 10 км, инвестициона вредност 37 мил. УСД, период на изградба 18 месеци влезени во предлог просторен план за период 2008-2010год.
***Изградба на магистрален гасовод Скопје – Тетово и дистрибуција на гас во градот Тетово*** со вкупна должина на магистралниот гасовод 48 км, работен притисок 54 бари, номинален дијаметар DN 400 и DN 200, должина на градска гасоводна мрежа 5 км, инвестициона вредност 20 мил. УСД и период на изградба 18 месеци влезени во предлог просторен план за период 2008-2010год.
***Изградба на магистрален гасовод Штип – Неготино*** со вкупна должина 32 км, работен притисок 54 бари, номинален дијаметар DN 500, инвестициона вредност 12 мил. УСД, период на изградба 18 месеци влезени во предлог просторен план за период 2008-2010год.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Институционалната рамка која се однесува на Транс-Европските Енергетски Мрежи е детално дадена во поглавје 3.15 Енергетика.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

***Нови интерконективни поврзувања со соседните електроенергетски системи***

Кон Север – како дел од *Транспортниот коридор 10*:

*400 kV **интерконеконективна врска Штип (Македонија) – Ниш (-Лесковац-Врање) (Србија)**.*

Предвидениот трошок за македонскиот дел од проектот е 8.880 мил. Евра. За овој проект електропреносните оператори на Македонија (МЕПСО) и Србија (ЕМС) потпишаа Меморандум за разбирање (Memorandum of understanding) во кој е назначено дека двете страни треба да превземат активности за обезбедување на финансиски средства за изградба на оваа интерконекција, односно секој за својот дел од интерконекцијата. Продолжува припремата на техничката документација и истовремено треба да се обезбеди и финансиска институција која ќе го финансира проектот.

Кон Запад – како дел од *Транспортниот коридор 8*:

*400 kV **интерконеконективна врска**: 400 kV **далековод Битола (Македонија) – Елбасан (Албанија) –Тирана (Албанија) – Драч (Албанија) и** 400 kV **подморски кабел Драч (Албанија) - Фоџиа (Италија)**.*

Предвидениот трошок за македонскиот дел од проектот е 16,7 мил. Евра. Имено, на 13 Април 2005, во Софија , министрите од Албанија, Бугарија, Италија и Македонија потпишаа “Joint Statement for energy infrastructure cooperation” за поддршка на имплементацијата на енергетските инфраструктурните проекти, вклучувајќи ги проектите од Транс Европските Мрежи (TEN-E) во Европско – Медитеранскиот Енергетски Ринг, и воспоставување на работна група од земјите членки за имплементација на специфичните проекти за изградба на енергетската инфраструктура во европскиот коридор 8. Изработена е фисибилити студијата (Feasibility Study of the 400 kV OHTL and 400 kV Submarine Cable Interconnections from Macedonia to Albania and to Italy) – изработена од SEETEC со учество на KESH – Albania, MEPSO - Macedonia, и TERNA –Italy.

Се предвидува продолжување на горенаведените компоненти од ***Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија***, кои започнуваат во 2008 и траат до 2011 година.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Продолжуваат активностите за изградба на гасоводна инфраструктура, т.е на погоре споменатите проекти.

**В) НАФТОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**
Значаен проект во *Коридорот 8* е ***Транс - балканскиот нафтовод АМБО***. Намената на овој нафтовод е да го премости Балканскиот полуостров и со тоа да го олесни транспортот на суровата нафта наменета за европската нафтена индустрија, на потегот помеѓу Црноморскиот брег и Јадранското море, избегнувајќи го теснецот Босфор. Нафтоводот е со вкупна должина од 894,5 km од која низ територијата на Република Македонија ќе минуваат 273 km. Предвидени се 4 пумпни станици (2 во Република Бугарија и по 1 во Република Македонија и Република Албанија). Капацитетот е 750.000 барели дневно што значи транспорт од околу 30 – 40 милиони тони сурова нафта годишно. Времетраењето на изградбата се цени на 2,5 години.

Потпишани се билатералните Протоколи за влезно излезни точки помеѓу Република Албанија и Република Македонија и помеѓу Република Бугарија и Република Македонија. Исто така, усвоен е Законот за ратификација на Тристраната Конвенција во врска со Трансбалканскиот нафтоводен систем меѓу Р.Албанија, Р.Бугарија и Р.Македонија, склучена во Скопје на 31 јануари 2007 година. (Службен Весник на Р.М бр 74/2007)

**СТРАНСКА ПОМОШ**
- Проект: ***Изградба на објекти од електрична мрежа*** (Power Substation Project) (ТС Петровец и 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово )- средствата за 2007 година се 1,1 мил.евра (МЕПСО) и 2,02 мил.евра (кредит од ЕИБ), за 2008 година 2,81 мил.евра (МЕПСО) и 4,10 мил.евра (кредит од ЕИБ).
- ***Проект за развој на ЕЕС на РМ*** - средствата за 2007 година 0,0019 мил.евра (МЕПСО) и 4,01 мил.евра (кредит од Светска Банка), за 2008 година 4,38 мил.евра (МЕПСО) и 2,33 мил.евра (кредит од Светска Банка), за 2009 година 3,37 мил.евра (МЕПСО) и 4,65 мил.евра (кредит од Светска Банка), 2010 година 2,97 мил.евра (МЕПСО) и 4,65 мил.евра (кредит од Светска Банка).
- ***Интерконективен далекувод*** *400 кV* ***Штип (Македонија)*** *-* ***Червена Могила (Бугарија)*** и ***нова трафостаница*** *400/110 кV* ***Штип*** - средствата за 2007 година се 1,43 мил.евра (МЕПСО) и 9,54 мил.евра (кредит од ЕБОР), за 2008 година 0,37 мил.евра (МЕПСО) и 15,68 мил.евра (кредит од ЕБОР).

# 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

## 3.22.1 ПРАВНА РАМКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Владата на Република Македонија, на предлог на Државниот завод за статистика, по претходна согласност на државните институции, научната јавност и Еуростат, ја усвои **Одлуката за Номенклатура на територијалните единици за статистика** (**НТЕС**) која е целосно усогласена со Регулативата 1059/2003. НТЕС класификацијата има 5 нивоа и тоа: на ниво 1 и на НТЕС ниво 2 целата држава е една единица, на НТЕС ниво 3 се статистички региони (8 единици), при што сите осум статистички региони на ниво 3 го исполнуваат критериумот од 150.000 жители, на НТЕС ниво 4 се општините (84 единици) и на НТЕС ниво 5 се населените места (1776 единици).

Во мај 2007 година донесен е **Законот за рамномерен регионален развој** (**Службен весник на Република Македонија бр**. 63/07) со кој се уредуваат: целите, начелата и носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој; планирањето на регионалниот развој; финансирањето и распределбата на средствата за поттикнување на рамномерниот регионален развој; следење и оценување на спроведувањето на планските документи и проекти и други прашања поврзани со регионалниот развој.

За планирање на регионалниот развој се воспоставуваат плански региони кои се поклопуваат со територијалните единиците за статистика НТЕС 3 ниво(8 плански региони): Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски.

Планирањето на регионалниот развој се врши со следните плански документи: Стратегија за регионален развој на Република Македонија и Програми за развој на планските региони.

Република Македонија ја заокружува правната рамка релевантна за регионалната политика и координација на европските фондови, а која се однесува на јавните набавки, државната помош и конкуренцијата, животната средина и еднаквите можности на мажите и жените. Подетално во Поглавјата 3.05, 3.08, 3.27, 3.19 и 3.23.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- **Обезбедување соодветна статистичка база на податоци**, т.е. собирање на статистички податоци на НТЕС 3 ниво како основа за водење на политика на рамномерен регионален развој
- **Донесување на Стратегијата за регионален развој и акционен план**

Стратегијата за регионален развој на Република Македонија е долгорочен плански документ за период од 10 години со кој што се утврдуваат принципите, целите и приоритетите на регионалниот развој во Република Македонија и се дефинираат мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација. Таа се усогласува со Просторниот план на Република Македонија, стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Македонија со Европската Унија.

Стратегијата е подготвена во работна верзија, која ќе се достави до Советот за рамномерен регионален развој а потоа ќе се стави на расправа на стручната и научна јавност, бизнис и граѓанскиот сектор. Се очекува до крајот на вториот квартал на 2008 година да биде усвоена од Владата и Собранието на РМ.

За спроведување на Стратегијата, Владата донесува тригодишен акционен план.

- **Изработка и донесување на Програмите за развој на планските региони и акциони планови**

**Програмата за развој на планскиот регион** е среднорочен плански документ за период од 5 години во кој се утврдуваат развојните цели на планскиот регион и мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација. Програмите ги донесуваат Советите за развој на планските региони. За спроведување на Програмите, се донесуваат годишни акциони планови.

- **Подзаконски акти**

Во текот на првата половина на 2008 година, Владата на Република Македонија ќе донесе одлуки за: критериуми и индикатори за определување на степенот развиеноста на планските региони, класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2008-2012 година, поблиски критериуми и индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби и одлука за определување на подрачја со специфични развојни потреби за периодот 2008-2012 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Согласно член** 27. **став** 4. **од Законот за рамномерен регионален развој** користењето на средствата од фондовите на Европската унија треба да се уреди со акт на Владата на Република Македонија - **Уредба за координација на структурните инструменти** со која би требало да се дефинира институционалната поставеност и одговорноста на релевантните институции (акредитирани) за користење на идните структурни и кохезиони фондови, изготвувањето на оперативните програми, имплементацијата и мониторингот на користење на програмите.

### 3.22.2 **ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Со Одлука на Владата на РМ формиран е Советот за рамномерен регионален развој (Службен весник на Република Македонија бр. 110/07). Со Советот претседава Заменик претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, а членови се министрите кои раководат со ресорните министерства, претседателите на Советите на планските региони и претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

Негови надлежности, меѓу другите се:

- ја усогласува политиката за поттикнување на рамномерниот регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Македонија;
- ја утврдува Предлог Стратегијата за регионален развој;
- дава претходна согласност за програмите за развој на планските региони;

Согласно законот, Министерството за локална самоуправа:

- ја организира и координира подготовката на националните стратешко-плански документи за регионален развој;
- обезбедува усогласеност на Стратегијата со програмските документи за интеграција на Република Македонија во Европската унија;

Советите за развој на планските региони се конституирани во сите 8 плански региони и нивни членови се градоначалниците на единиците на локална самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион. Советите ги вршат следните работи:

- донесуваат Програма за развој на планскиот регион, со годишен акционен план за спроведување и го следат и оценуваат спроведувањето на планските документи за регионален развој
- утврдува годишна листа на предлог-проекти за развој на планскиот регион
- обезбедува координација на активностите на единиците на локалната самоуправа, здруженијата на граѓани, државните агенции и институции во рамките на регионот, кои дејствуваат во областа на регионалниот развој;

Во планирањето на регионалниот развој и спроведувањето на планските документи за регионален развој учествуваат и Бирото за регионален развој (орган во состав на Министерството за локална самоуправа), кој ја подготвува аналитичко-документациската основа за изготвување на стратешките и оперативни плански документи за регионален развој, како и годишните извештаи за имплементација на Акциониот план на Стратегијата и осумте Центри за развој на планските региони кои се формираат од страна на Советите на планските региони како стручно-административни тела.

**Децентрализиран систем за имплементација на ЕУ фондовите (ДИС)**

Врз основа на Регулативата на Советот за воведување на новиот претпристапен инструмент ИПА (ЕС бр.1085/2006) и Регулативата на Комисијата за нејзина имплементација (ЕК бр.718/2007), Владата на РМ ја дефинираше институционалната рамка со цел користење на претпристапната помош на ЕУ. За таа цел Владата на Република Македонија на седницата одржана на 11.02.2007 година ги именува за: Национален ИПА координатор - Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за евро-интеграции, Стратешки координатор - Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, Надлежен координатор за акредитација[6] - Министерот за финансии и Национален координатор за авторизација[7] -државен советник за финансиски

[6] Надлежниот координатор за акредитација е одговорен за издавање на национална акредитација на Национален координатор за авторизација и Националниот фонд, поднесување на барање до ЕК за доделување на акредитација на ДИС системот во Република Македонија, следење на континуираното исполнување на акредитационите критериуми и во одредени случаи отповикување на акредитација.

[7] Националниот координатор за авторизација е одговорен за акредитирање на Оперативната структура за првите четири компоненти од ИПА, односно Секторот за централно финансирање и склучување на договори во Министерството за финансии, и за акредитирање на оперативната структура за петтата компонента (рурален развој), односно Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој и Органот за управување во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Национален координатор

системи и меѓународни финансии. Исто така, Владата ги именува и Раководителот на Националниот фонд[8] и Раководителот на Оперативната Структура за првите четири компоненти[9].

Оперативна структура за првите четири компоненти е Секторот за централно финансирање и склучување на договори, а опфаќа и дел од ресорните министерства и СЕП.
Владата на Република Македонија на 31 јули 2007 година именува функционално независно Ревизорското тело во системот на децентрализирано управување со пред-пристапната помош од ЕУ-ИПА , како и негов раководител, а со Законот за измени и дополнувања на Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/2007) е дефинирана неговата организационата поставеност, надлежностите и начинот на негово финансирање.

На 5 октомври 2007 година, НАО го испрати Извештајот за проценка на недостатоците на ДИС структурата согласно со барањата на новиот пред пристапен инструмент ИПА до Европската Комисија. Извештајот претставува основа за отстранување на недостатоците на ДИС структурите

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Дооформување на структурите за рамномерен регионален развој
Во наредниот период, се планира целосно оформување и зајакнување на Бирото за регионален развој, кое ги презема новите надлежности од 1.01.2008 година од претходното Биро за стопански недоволно развиените подрачја, како и формирање на Центрите за развој во 8 плански региони.

Акредитација на ДИС
Владата на РМ во следниот период ќе продолжи со воспоставувањето на институционалните структури и зајакнувањето на административниот капацитет во подрачјата на програмирање, подготовка на проекти, следење, оценување и финансиско управување и контрола, особено на ниво на ресорните министерства, за спроведување на прет-пристапните програми на ЕУ.

СЦФСД и НФ во соработка со ресорните министерства изготвија детален акциски план по компонента со предвидени рокови за реализирање на активностите кои се подолу наведени. Акциските планови се усвоени од страна на Владата на Република Макединија.

- Собранието на Република Македонија ја ратификуваше Рамковната спогодба потпишана помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија на 30.01.2008 година.
- Подготовка и потпишување на оперативни договори по компоненти помеѓу ЦФЦД и ресорните министерства. За третата компонента, (регионален развој) ќе бидат потпишани два Оперативни договори, еден помеѓу ЦФЦД и Министерство за транспорт и врски, а другиот помеѓу ЦФЦД и Министерство за животна средина и просторно планирање. Нацрт Оперативните договори за трета компонента се подготвени и се испратени на мислење до Европската комисија. Исто така, ќе биде потпишан и договор за делегирање на задачите помеѓу Минстерството за транспорт и врски и Фондот за магистрални и регионални патишта.
- Потпишување на Договорот за имплементација помеѓу Националниот координатор за авторизација како раководител на Националниот фонд и Секторот за централно финансирање и склучување на договори. Нацрт-текстот на договорот е подготвен, се очекува негово потпишувње до крајот на февруари 2008 година.
- Националниот координатор за авторизација до крајот на март 2008 година ќе ги одобри Процедурите за внатрешните постапки за работа на НАО, НФ, ЦФЦД, , како и сите договори помеѓу соодветните структури (НАО, НФ, ЦФЦД,) во ДИС системот кои ги регулираат нивните меѓусебни права и обврски. По одобрувањето на Процедурите за внатрешните постапки за работа на ДИС структурите ќе биде ангажирана независна ревизорска куќа која ќе изврши ревизија на целокупното функционирање на ДИС системот и на ДИС системот без ex ante контрола10.

---

за авторизација е задолжен за сигурно финансиско управување со средствата од ЕУ, обезбедување на национално ко-финансирање како и обезбедување на ефикасен и ефективен систем на управување и контрола.

8 Националниот фонд како одделение во рамките на Сектор за трезор е надлежно за финансиско управување со средствата од прет-пристапната помош на ЕУ преку управување со соодветните сметки за одделните ИПА компоненти/програми, доставување на барање за средства до ЕК, овластување на транферот на средства од ЕУ до крајните корисници преку соодветните оперативни структури, управување со ликвидноста на средствата од ЕУ и националното ко-финансирање. Националниот фонд е единствено тело преку кое ќе се известува Европската Комисија за финансиското управување со средствата.

9 Оперативна структура за првите четири компоненти од ИПА е надлежна за тендерирање, склучување на договори и следење на нивната реализација и спроведување на плаќањата до крајните корисници.

10 ДИС системот без ex ante контрола се однесува за петтата компонента од ИПА – рурален развој

- По добивање на позитивно мислење од ревизијата, Надлежниот координатор за акредитација најдоцна до мај 2008 година ќе издаде национална акредитација на Национален координатор за авторизација и Националниот фонд, а Националниот координатор за авторизација ќе издаде акредитација на оперативните структури.
- Надлежниот координатор за акредитација по издавање на националната акредитациа ќе поднесе барање до ЕК за доделување на акредитација на ДИС системот во Република Македонија и на ДИС системот без ex ante контрола.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Владата на РМ и на среден рок ќе продолжи да ја гради институционалната рамка и ќе ги јакне административните капацитети на централно, регионално и локално ниво, како подготовка за спроведување на кохезионата политика на Европската унија. Исто така, Владата треба да овозможи јасна распределба на одговорностите и јакнење на капацитетите за координација меѓу назначените тела/структури за спроведување, вклучувајќи ги и локалните органи.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

На 18 јули 2007 година потпишан е договор за долгорочен проект за техничка помош Градење на капацитетите за поддршка на децентрализираното управување со помошта» Проектот официјално започна на 20ти август.

Следењето на овој проект ќе се извршува преку Комитетот за управување, месечните состаноци за управување и неделните состаноци со НАО.

### 3.22.3 **АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во јуни 2007 година со измена и дополна на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Министерството за финансии е основан Сектор за централно финансирање и склучување на договори кој претставува централна оперативна структура за првите четири компоненти од ИПА со следниве четири одделенија:

- Одделение за општи работи и контрола
- Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори
- Одделение за следење на програми
- Одделение за финансиски работи

ИПА Одделенија како специфични тела на оперативната структура се воспоставени во ресорните министерства согласно со Актот за систематизација и организација на работни места. Исто така назначени се и Виши програмски службеници/ ИПА Координатори.

Во 2007 година во Секторот за централно финансирање и склучување на договори беа планирани 17 лица од кои се пополнети 14.

- Во 2007 година Националниот фонд како Одделение во Секторот трезор беа планирани и пополнети 7 работни места (раководител, два финансиски контролори, два финансиски менаџери, сметководител и еден службеник за нерегуларности, управување со човечки ресурси и внатрешна контрола).

Вработените во СЦФСД и НФ заедно со консултантите од долгорочниот проект за техничка помош "Градење на капацитетите за подршка на децентрализираното управување со помошта во Република Македонија", ги ревидираат внатрешните процедури за работа во согласност со ИПА барањата и ги хармонизираат овие процедури помеѓу СЦФСД и НФ. Исто така, во рамките на проектот за техничка помош подготвени се и процедури за втората функција на НАО.

Исто така, реализирани се бројни обуки поврзани со ситемот на децентрализирано управување со фондовите на ЕУ и воопшто за управување со проекти.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

До крајот на февруари 2008, предвидено е финализирање на **Прирачниците за внатрешните постапки за работа на ДИС структурите** и изработка на упатства за спроведување на програмите во ресорните министерства и изготвување на ревизорска трага за процедурите.

Исто така во текот на 2008 година ќе се воведе **менаџмент информативен систем** (**МИС**) кој ќе ги покрие ЕУ јавните набавки, склучување на договори, управување со проектот, финансиско управување, сметководство, мониторинг и евалуација. Проектните задачи за набавка на менаџмент информативен систем/сметководствен систем ќе бидат

изработени во периодот од февруари до март 2008, а набавката ќе се спроведе во периодот од август 2008 година до февруари 2009 година.

Во текот на 2008 година во Секретаријатот за европски прашања како секретаријат на НИПАК ќе се формира Одделение за мониторинг и евалуација. Процедурите за ова одделение ќе бидат изработени во рамките на Проектот за Градење на капацитетите за поддршка на децентрализираното управување со помошта од ЕУ.

**Доекипирање и обуки на ДИС структурите**:
Во СЦФСД се планираат нови вработувања и тоа во Одделението за следење на програми и во Одделението за ЕУ јавни набавки.

Предвидени се нови вработувања и обуки во сите ресорни министерства, во соодветните одделенија за ИПА. Во текот на 2008 година од долгорочната техничка помош за поддршка при градење на капацитетите на ДИС предвидени се обуки за програмирање, ЕУ јавни набавки PRAG и FIDIK, за финансиско управување и управување со ризик, за неправилности, додека од страна на СЕП и УНДП ќе бидат организизрани обуки за управување со проектен циклус и подготовка на проектни фишеа и проектни задачи.

**Доекипирање на структурите за рамномерен регионален развој**:
Предвидени се нови вработувања во Секторот за регионален развој и меѓуопштинска соработка во рамките на Министерството за локална самоуправа, како и во Бирото за регионален развој. Исто така, се планира вработувања на нови лица во осумте Центри за развој на планските региони во текот на 2008.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Владата на РМ континуирано ќе продолжи со зајакнување на административните капацитети преку интензивни обуки и нови вработувања во сите горенаведени тела/структури.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Во рамките на проектот ТА за градење на капацитетите ќе се финализираат сите процедури за работа на НИПАК, НАО/НФ и СЦФСД и сите договори помеѓу соодветните структури.Исто така, во рамки на овој проект ќе биде спроведена обука на работно место за имплементација на работните процедури. (Види и подрачје 3.22.2)

## 3.22.4 **ПРОГРАМИРАЊЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Стратешката кохерентна рамка и Оперативната програма за третата компонента од ИПА (Регионален развој), подготвена од националните тимови за програмирање, со поддршка од консултантите ангажирани преку КАРДС, како и во широка консултација и соработка со релевантните служби на ЕК, официјално се доставени до Европската Комисија преку Националниот ИПА координатор и Заменик претседател на Владата на РМ. Истите беа формално усвоени од Европската Комисија.
Во април 2007 година усвоен е Националниот развоен план 2007-2009. Во тек е негова ревизија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Донесување на Национален развоен план 2008-2013
Нацрт верзијата на НРП е подготвена, ќе бидат организирани јавни трибини на кои ќе биде вклучен јавниот сектор. Националниот развоен план се очекува да биде усвоен од Владата на РМ до крајот на првиот кваратл на 2008. Национален развоен план за периодот 2008-2013 ги има следните цели:
- Да направи детална проценка на постојната економска, социјална состојба и состојбата со животната средина во Република Македонија;
- Да идентификува клучни развојни приоритети на национално ниво до 2013 година
- Да формулира стратегиски и оперативни развојни цели до 2013 година;

Основни приоритети за Република Македонија до 2013 година, во кои ќе ги вложи вкупните потенцијали се:
Зголемена конкурентност на корпоративниот сектор
- Развој на економска инфраструктура
- Развој на човечки капитал
- Заштита на животната средина
- Рурален развој и развој на земјоделството

- Промоција на државата како партнер во економскиот раст

Принципот на партнерство, кој е неопходен при подготовка на клучните програмски и оперативни документи, како што се НРП, Оперативните програми за ИПА, како и Стратегијата за регионален развој и програмите за развој на планските региони ќе биде засилен и ќе се остварува преку соработка, поврзување и активно учество при подготвување на актите и проектите кои се во функција на регионалниот развој на национално, регионално и локално ниво. Оваа соработка ќе се остварува на вертикално и на хоризонтално ниво, преку вклучување на бизнис партнерите, социјалните партнери, невладините организации, како и преку телата кои се формираа согласно Законот за рамномерен регионален развој:
Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија (тело за усогласување и координирање на генералната политика).

Совет за развој на планскиот регион (тело за спроведување на регионалната политика на ниво на планскиот регион, кое соодветствува на единиците на НУТС-3 нивото)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Предвидена е изработка на втората Оперативна програми за компонентата 3 од ИПА за периодот 2009-2013.

## 3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
НИПАК по препорака на Европската Комисија кон крајот на 2007 година воспостави Комитет за мониторинг на ИПА со цел обезбедување на кохерентност и координација при имплементација на поделните компоненти на ИПА. Овој Комитет за мониторинг е поддржан од Секторските мониторинг комитети за секоја ИПА компонента кои имаат за цел согледување и подобрување на ефективноста и квалитетот на имплементација на програмите и активностите во нивни рамки.
Секторските Мониторинг Комитети по компоненти се раководени од Оперативните Структури за поделните компоненти. На 10 декември 2007 година, беше одржан првиот состанок на неформалниот Секторски Мониторинг Комитет за III компонента на ИПА.

Во рамки на СЦФСД е формирано Одделение за Следење на програми.
Со цел зајакнување на капацитетите за следење во ресорните министерства, Владата на Република Македонија донесе одлука за спојување на ИПА одделенијата и одделенијата за следење.
Извршена е ex ante евалуација на Оперативната програма за трета компонента.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во текот на 2008 година во Секретаријатот за европски прашања како секретаријат на НИПАК ќе се формира Одделение за мониторинг и евалуација. Процедурите за ова одделение ќе бидат изработени во рамките на Проектот за Градење на капацитетите за поддршка на децентрализираното управување со помошта од ЕУ.
Планирано е зајакнување на Одделението за следење на програми во СЦФСД со нови вработувања (Види подрачје 3.22.3)
Финализлирање на прирачниците за внатрешните постапки за мониторинг и евалуација на Одделение за Следење на програми во СЦФСД е предвидено да се реализира до крајот на февруари 2008. Исто така, предвидено е финализирање на прирачниците за внатрешните постапки за мониторинг и евалуација и кадровско доекипирање на ИПА структурите, како и спроведување на обуки за мониторинг и евалуација во ИПА структурите. (Види подрачје 3.22.3)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Извршување на среднорочна евалуација на Оперативните програми од кога ќе почне нивната реализација.

## 3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Националниот фонд е одговорен за финансиско управување на средствата од предпристапната помош на ЕУ-ИПА, како и за националното кофинансирање, а е под директна одговорност на НАО. Во надлежност на Националниот фонд е отварањето и организирањето на банкарските сметки, поднесување на барање за средства од Европската комисија, обезбедување на националното кофинансирање, трансфер на средства до Оперативните структури, овластување за трансфер на средства до крајните корисници како и поднесување на финансиски извештаи до ЕК.

Во рамките на Секторот за централно финансирање и склучување на договори формирано е Одделение за финансиски работи, кое ќе биде одговорно за изготвување на внатрешни процедури за финансиското работење на централното финансирање, ажурирање на формуларите за прегледите за контролирање на исплатите и на фактурите, според

финансиските правила и процедури на PRAG/DIS , следење на извршување на плаќањата кон контракторите, проверување на фактурите и пропратната документација и подготвување на документите за исплата на контракторите, внесување на податоци во ПЕРСЕУС системот на дневна основа и редовно известување преку ПЕРСЕУС системот до надлежните институции, подготвување на извештаи за реализација на проектите, подготвување на налози за наплата од контракторитево случај на надплатување или откриени недоследности, водење на евиденција на податоците за националното ко-финансирање што се планира и се исплатува, разрешување на споровите со изведувачите во поглед на исплатите, вршење на проверка на расположливите средства и правењето на извештаите за сите предвидени промени и неусогласености во извршувањето на исплатите, подготвување на барањата за авансни исплати, подготвување на финансиска документација за назначените ревизори и за Европскиот суд на ревизори.

Во изминатиот период подготвен е нацрт Банкарски протокол за првите четри ИПА компоненти од страна на вработените во СЦФСД и НФ и истиот е испратен на мислење во НБРМ. Нф подготви уште еден нацрт Банкарски протокол за петтата компонента.

Во НБРМ отворени се ИПА девизни сметки по компоненти на Националниот фонд.

Дисконтната стапка што ќе се употребува во финансиските проекции за ИПА проектите (посебно за проектите за трета компонента) е определена и официјално одобрена од страна на Министерот за финансии.

Во повеќето ИПА одделенија воспоставена е внатрешна ревизија.
Проектните задачи за потпишување на договор со независна ревизорска куќа за проценка на усогласеност, се испратени до Европската комисија во октомври 2007 година.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- Потпишување на финансиските спогодби по Оперативни програми.
- Со овие спогодби ќе се определат правилата за финансиско управување со ИПА средствата.
- Потпишувањето на Финансиската спогодба за Оперативната програма за компонентата три- регионален развој за периодот 2007-2009 помеѓу Владата на Република Македонија и Европската комисија е предвидено во септември 2008.
- Потпишување на Банкарскиот протокол помеѓу ЦФЦД, НФ и НБРМ е предвидено во февруари 2008 година.
- Подготвување на ревизорска трага од страна на ЦФЦД, НФ, МТВ и МЖСПП.

# 3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

## 3.23.1. СУДСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со новиот **Закон за јавно обвинителство** се зајакна позицијата на јавниот обвинител во системот на кривичната правда преку редефинирање на улогата на јавното обвинителство во предистражната постапка и контролата врз полицијата. Формирано е и посебно Основно Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Законот е усогласен со Препораката (2000) 19 на Комитетот на министри на Советот на Европа и Препораките на ГРЕКО за јавно-обвинителската функција.

**Законот за Совет на јавни обвинители** ја зајакнува самостојноста и независноста на јавното обвинителство преку редефинирање на системот за избор и разрешување на јавните обвинители и редефинирање на поставеноста, постапката, составот и надлежностите на телото кое ќе го врши изборот и разрешувањето.

Во текот на 2007 донесени се сите подзаконските акти предвидени со **Законот за Судски совет** и **Законот за судови** како и Правилникот за критериуми за оценување на работата на судиите.

Во новиот **Судски Деловник** воведени се новини за подобрено управување со предметите во судовите преку задолжително електронско заведување на предметите и нивна електронска распределба по случаен избор на судиите. Со цел ефикасна примена на новиот судски деловник кој стапи на сила од 01.01.2008 година, реализирана е Програмата за обука на судската администрација и обучени се 250 службеници за водење на уписниците во електронска форма.

За ефикасна имплементација на **Законот за Академија за обука на судии и обвинители** донесени се подзаконските акти, наставните програми за почетната обука, програмите за постојано стручно усворшување и усвоен е Календарот за обука на судиите и јавните обвинители за сите апелациони подрачја за 2008 година.

Со цел подобрување на статусот на судиите усвоен е **Закон за плати на судии** со кој се дефинираат критериумите за определување на платите зависно од видот на судот, функцијата што се извршува во одреден суд и статусот на судијата во тој суд.

Донесен е нов **Закон за обезбедување на побарувања** со кој се определени правните средства за обезбедување на побарувањата на доверителот спрема должникот, како и начинот и правилата според кои судот, нотарот и извршителот постапуваат во рамки на оваа постапка. Се обезбедува и правна сигурност на должникот да може да бара надоместок на штета од доверителот кој во оваа постапка го обезбедил своето побарување, но со противправно дејствие му причинил штета на должникот.

За ефективна примена на **Законот за управните спорови** донесено е Упатство за начинот на преземањето на предметите од Врховниот суд на Република Македонија согласно кое се преземени 6664 управни предмети. Донесени се Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на Управниот суд.

Во **Законот за нотаријат** се инкорпорирани нови нормативни решенија со цел да се подобри и зголеми квалитетот на работата на нотарите и услугите на граѓаните и другите корисници, да се зајакне правната сигурност во правниот промет, да се подигне одговорноста на нотарот при вршење на нотарската служба и се предвидува обврска на нотарот за пријавување на случаи на корупција. Посебено се зајакнува надзорот над работата на нотарите од страна на Министерство за правда и Нотарската комора на Република Македонија.

Со новиот **Закон за државно правобранителство** се редефинира правната положба на правобранителство како самостоен државен орган кој ги застапува и штити имотните права и интереси на Република Македонија. Донесена е Одлуката за определување на бројот на државни правобранители и Одлука за утврдување на седиштето на државните правобранители и подрачја на судови каде што се врши државноправобранителската функција.

Со цел ефикасна примена на Законот за прекршоци, во текот на 2007 година усогласени се 110 закони кои предвидуваат прекршочни одредби.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Судскиот совет на Република Македонија е комплетиран и функционира во полн состав. Согласно надлежноста за избор на судиите досега се избрани 73 судии. Заради нестручно и несовесно вршење на судската функција поведени се 20 постапки и разрешени се 4 судии. Завршено е реновирање и адаптација на просториите на Судскиот совет. Од вкупниот број на судии кој изнесува 655, пополнети се 635 места за судии во Република Македонија.

Формирани се новиот Апелационен суд во Гостивар и Управниот суд и истите започнаа со работа. Во текот на ноември 2007 година управните судии поминаа интензивна обука за областа од управното право организрана од АОСО.

Согласно новиот Закон за Совет на јавни обвинители, завршена е постапката за избор на членови на советот од редот на јавни обвинители и на 22.02.2008 избрани се 6 члена на Советот на јавни обвинители. Во тек е постапка за избор на останатите 3 члена кои се бираат од страна на Собранието на РМ.

Во септември 2007, во АОСО, започна почетната обука за првата генерација составена од 27 кандидати за судии и јавни обвинители. Во Академијата, покрај директорот и извршниот директор, вработени се 13 лица (8 во редовен работен однос и 6 преку привремено вработување).

Во однос на подобрувањето на судската инфраструктура изготвена е физибилити студијата за изградба на нова судска зграда во Скопје, како и проектна документација (идејни изведбени проекти) за реновирање и опремување на 11 судови со проширена надлежност.

Комората на извршители во декември 2007 година пристапи во Меѓународната Асоцијација на Комори на извршители. Моментално избрани се и ефективно работат 56 извршители кои покриваат 11 подрачја на територијата на РМ. Во текот на 2007 година пред извршителите поднесени се вкупно 44.885 барања за извршување, од кои се спроведени 12.102 или реализација од 27%.

За ефикасна примена на решенијата од Законот за нотаријта кои се однесуваат на зајакнување на надзорот и контролата при водењето на дисциплинската постапка против нотарите, формиран е Дисциплински совет и избрани се пет членови и нивни заменици. . Во 2007 изречени се дисциплински мерки против 3 нотари, а во 2008 изречени се против 2 нотари, кои дисциплински мерки не се правосилни. Во 2007 година осудени се 3 нотари за кривични дела сторени во врска со вршење на службени дејствија (кои пресуди не се правосилни), а нотарите се привремено оддалечени од вршење на нотарската служба.

Во август 2007 година започна официјално да функционира Комората на медијатори. Избрани се 98 медијатори. Во 2007 прифатени се 20 иницијативи за решавање на спорови преку медијација од кои 15 предмети (6 стопански спорови, 3 семејни, 2 работни спорови и 4 др.)се завршени со спогодба.

За успешно имплементирање на Законот за прекршоци формирани се Комисии за водење на прекршочните постапки во органите на државната управа (МВР, Царинска управа, Комисија за заштита на конкуренциајта, транспорт, Пазарен инспекторат), и одржани се стручни советувања со судии за прекршоци и преставници на органите на државната управа з практична примена на Законот.

Во Министерството за правда воспоставени се два нови организациони облици: Сектор за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите и Сектор за информатичко комуникациска технологија (ИТ центар). ИТ центарот функционира во најсовремено опремени простории и вработени се 12 информатичари. Воспоставена е WAN конекција помеѓу Министерството за правда и ИТ Центарот, а преку Врховниот суд и со сите судови во РМ. Инсталирана е Display WAN-IP/VPN мрежа како дел од владиниот проект за транспарентно работење на судството и инфоромирање на граѓаните.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
- Стратешки план на Министерство за правда за 2008-2010 година.
- Стратегија за Информациско комуникациска технологија 2007-2010 година
- Стратегија за реформа на казненото право од 2007 година .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2008)
**ПРАВНА РАМКА**
Со цел да се обезбеди континуитет на судската реформа, а во насока на натамошно зајакнување на востановените принципи за независно и професионално правосудство ќе се продолжи со имплементација на Законот за судови и Законот за судски совет.

Во тек е донесување на **Законот за судска служба** во кој се регулира материјата за правата, обврските и статусот на судската администрација, како и прашањата поврзани со посебниот статус и платите на судските служби. Законот ќе овозможи утврдување на критериумите на ефикасност, подобрување на судскиот менаџмент, целосно искористување на информатичките технологии, како и воведување механизми за заштита на граѓаните од предолгите судски постапки. Главната новина што се предвидува со овој закон е воведување на функцијата судски администратор, Административен совет и Комисија за управување со движењето на предметите.

Во насока на унапредување на функционирањето на **Академијата за обука на судии и јавни обвинители** ќе се продолжи со спроведување на Законот и примена на стандардите за професионално и стручно правосудство, и реализација на планот за иницијална обука на кандидатите за судии и обвинители и Календарот за 2008 година за контиунирана обука на судиите и обвинителите.

Предвидено е натамошно спроведување на **Законот за извршување** со цел да се изврши целосно пренесување на извршните предмети од судовите во надлежност на извршителите.

Согласно новиот, реформски **Закон за прекршоци** ќе се заокружи усогласувањето на правната рамка за прекршоци, со цел се намали бројот на нерешени прекршочни предмети и да се зголеми ефикасноста на судовите . Во тек е постапка за обука на комисиите за прекршоци во органите на државната управа, организации и други органи кои вршат јавни овластувања..

За утврдување на ефектите од примената на Законот за медијација ќе се изготви анализа врз основа на која ќе се предложат натамошни активности за зголемување на свеста на граѓаните за медијацијата како начин за **алтернативното решавање на споровите**.

Заради спроведување на реформите во обвинителството, согласно новиот **Закон за Совет на јавни обвинители** во тек се активности за конституирање на Советот на јавни обвинители. По негово конституирање, Советот на јавни обвинители ќе донесе Деловник за работа и Одлука за определување на бројот на јавните обвинители по што ќе се започне постапка за избор на јавни обвинители на кои им истекол мандатот. Согласно Законот за јавно обвинителство ќе се донесат следните подзаконски акти: Правилник за надзор над работата и постапувањето по конкретни предмети на пониските јавни обвинителства, Правилник за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител и Правилник за систематизација на работните места.

Со цел да се оствари ефикасна судска заштита против управните акти ќе се направи **анализа на примената на Законот за управни спорови**.

Заради подобро управување со судскиот буџет, во тек е донесување на **измени на Законот за судски буџет** со кои се предлага менаџирањето на финансиските средства да премине во надлежност на Судскиот совет на Република Македонија.

За ефикасна имплементација на Стратегијата за реформа на казненото право донесена јуни 2007 година, а со цел да се унапреди нормативната рамка во казненото процесно и материјално право, се предвидува донесување на **нов Закон за кривична постапка**, како и **измени и дополнувања на Кривичниот законик**. Во соработка со Здружението за кривично право и криминологија со цел да се придонесе во подготовката на овие закони ќе се спроведат повеќе компаративни истражувања, анализи, тркалезни маси, работилници, Исто така, се планира донесување на **Закон за управување со конфискуван имот**, **имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка** со цел да се избегнат злоупотребите и недомаќинското однесување во постапувањето со конфискуваниот имот.

За имплементација на **Стратегијата на правосудниот ИКТ** систем ќе се донесе Акциски план за спроведување на следниве активности:

- Воспоставување на централизирани номенклатури,
- Воспоставување на централизирана статистика,
- Набавка на хардверска опрема, системски софтвер и надградба на софтверски апликации и нивно одржување.
- Надградба на Судскиот информациски систем (JIS) и негово воведување во работа во сите судови во Република Македонија, и изградба на апликацијата за менаџирање со номенклатурите во правосудниот систем
- Перманентна обука на корисниците на Судскиот информациски систем (JIS) во сите судови во Република Македонија
- Набавка на соодветни софтверски апликации за менаџирање, мониторирање на мрежата и мрежните сервиси
- E-mail систем и воведување на Интернет во сите правосудни институции во РМ

- Надградба на Проектот „Правната база на податоци"(LDBIS)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на натамошен развој на **Академијата за обука на судии и јавни обвинители** ќе се продожи со кадровско екипирање, а за остварување на дејноста на Академијата на регионално ниво се планира да се обезбеди превозно средства и ИКТ опрема.

Според календарот на Академијата, во 2008 година планира да спроведе околу 250 обуки за судии и јавни обвинители, претседатели на судови и шефови на јавни обвинителства, стручни соработници, раководни службеници и стручно административни службеници во судовите и обвинителствата, административни судски и обвинителски службеници, на следните теми:

- Управување со предмети (case management)
- Зголемување на квалитетот на пресудите, судење во разумен рок
- Заштита на човекови права
- постапување по тужбите пред нашите судови за повреда на Европската конвенција за човекови права
- Борба против организиран криминал (корупција, перење пари, тероризам)
- Трговија со луѓе, азил и миграција
- Малолетничка правда
- Корпоративно управување
- Право на Европската унија
- Пристап до правдата и бесплатна правна помош
- ИТ технологија
- Странски јазици
- Пребарување на бази на податоци

Во исто време ќе се спроведат: обуки за претседатели на судови и јавни обвинители (ефикасно судство, time management, менаџирање со буџетот и човечките ресурси), обуки за судските и обвинителски службеници (распределба на предмети, управување со време и предметите, за судската администрација и раководните структури во судот, етика) и обуки за вработените во Академијата (стратешко планирање, менаџирање со буџетот, човечки ресурси).

Во насока на ефективна имплементација на Законот за судови, ќе се зајакнат административните и институционалните капацитети на новите судски структури за да се обезбеди нивна целосна функционалност и да се зголеми нивната ефективност. Со цел да се проектираат идните потреби за кадровско доекипирање во секој суд, ќе се изготви Анализа за точниот број на судии.

Со цел да се обезбеди ефикасно користење на информациониот систем во судовите, до крајот на 2008 година ќе се спроведе обука на уште 800 стручни соработнци и советници во судовите за користење на СИС апликацијата. За одржување на ИТ системот во судството предвидено е вработување на 7 информатичари во судовите со проширена надлежност, а за потребите за полнење на ЛДБИС базата ќе се реализираат 10 времени врабоутвања

За натамошно подобрување на судската инфраструктура согласно проектната документација планирана е изведба на градежните активности за реновирање и опремување на 7 основни судови со проширена надлежност. Предвидено е продолжување на изработка на проектната доукментација за изградба на нова судска зграда во Скопје.

По донесување на измените на Законот за судскиот буџет ќе се зајакнат **капацитетите на стручната служба на Судскиот буџетски совет** на Република Македонија за управување со судскиот буџет.

Заради ефикасно спроведување на новите реформски решенија **на јавното обвинитетлство**, треба да се обезбедат соодветни просторни услови за Советот на јавни обвинители, Вишото јавно обвинителство Гостивар и новото Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција , како и комплетирање на нивните кардовски капацитети.

Во насока на натамошно зајакнување на капцитетите на **Државното правобранителство** ќе се пополнат слободните места, ќе се дизајнира веб страна, и ќе обезбеди ИТ опрема.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** 2009-2010
**ПРАВНА РАМКА**
Во поглед на натамошното спроведување на реформите на јавното обвинтиелство ќе се продолжи со имплементација на ЗЈО ЗСЈО, а се предвидува и да се донесе **Закон за плати на членовите на Советот на јавни обвинители** и **Закон за плати на јавни обвинители**. Исто така, се планира донесување на **Закон за плати на членовите на Судскиот совет**.

Со цел да се обезбеди еднаков и подобар пристап до правдата на граѓаните кои имаат слаба материјална состојба ќе се донесе **Закон за бесплатна правна помош**. Законот ќе ги инкорпорира одредбите од Резолуцијата (76) 5 за правна помош во граѓанска, трговска и административна материја усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа 1976 година, Резолуцијата (78) 8 за правна помош и правен совет усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа 1978 година како и Препораката П(93) 1 на Комитетот на министри до државите членки за ефикасен пристап кон правдата и судството на лицата во состојба на голема беда усвоена 1993 која предвидува да се олесни ефективниот пристап кон правдата на лицата во состојба на голема беда и да се формираат служби за правен совет.

Во текот на 2009 година предвидено е да се изготви Анализа за ефектите од примена на Законот за судовите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**АОСО** ќе продолжи со кадровско доекипирање, воведување на електронски деловодник, како и надградба на постоечката библиотека. Со цел да се подобрат условите за реализирање на обуките , ќе се разгледа потребата за проширување на просторните капацитети на Академијата.

Во текот на 2009-2010 година ќе се продожи со реализација на градежните активности за реновирање и опремување на преостанатите 4 основни судови со проширена надлежност.

Ќе се изврши анализа на капацитетите на целата обвинителска структура со цел да се зајакнат административните и институционалните капацитети соодветно за да се обезбеди ефикасно функционирање на јавното обвинителство согласно реформските нормативни решенија.

**Имплементација на Стратегијата на правосудниот ИКТ систем**
- Развој и имплементација на Document Management System (DMS) – во правосудните институции;
- Развој и имплементација на софтверска апликација за Државниот управен инспекторат;
- Развој на софтверска апликација за Министерството за правда;
- Развој на веб портали за правосудните институции за публикување на информациите од јавен карактер;
- Развој и имплементацијата на нов Case Management System (CMS) во правосудни институции;
- Надградба на софтверска апликација за УИС/КПУ и нејзиното воведување во работа во сите УИС/КПУ во РМ
- Надградба на софтверската апликација за јавните обвинителства и нејзиното воведување во работа во сите обвинителства во Република Македонија
- ИКТ опремување на Тренинг-центарот за обука на вработените во УИС/КПУ во РМ.
- Проширување и одржување на WAN широкопојасната виртуелна приватна мрежа за правосудните институции на РМ

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
**ЕУ фондови**
- **Инструмент за предпристапна помош** (**ИПА**)- Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно работење и функционирање на Управниот суд. ( 1.100.000,00 ЕУР, Септември 2008-Септември 2009). Проектот има за цел да ја поддржи имплементацијата на Стратегијата за реформа на судскиот систем на оперативно ниво преку воспоставување на управна правда имплементирајќи го Законот за управни спорови со кој се пренесуваат надлежностите за решавање на управни спорови во прв степен од Врховниот суд на Република Македонија на ново воспоставениот Управен суд.
- **Проект КАРДС** 2004 – **Техничка помош за поддршка на развојот на Институцијата за обука на судии и обвинители** – II **фаза** (1.099.000 ЕУР, септември 2006 - септември2008) – овој проект претставува продолжение на КАРДС 2001 проектот помош за поддршка на формирањето на Институцијата за обука на судии и обвинители и негова општа цел е да обезбеди техничка помош и поддршка за Академијата за обука и градење на нејзините капацитети за обезбедување на бараните услуги како и обезбедување на неговата одржливост.
- **Проект КАРДС** 2005 **Твининг** – ***Поддршка на ЈО: Организиран криминал*** (2007-2009, 1.400.000 ЕУР) – ориентиран кон јакнење на капацитетот на Одделението на ЈО за борба против организираниот криминал и корупција
- **Проект КАРДС** 2006 – ***Понатамошна имплементација на Стратегијата и Акциониот план за реформа на правосудниот систем*** ( предвидени се 2.200.000 ЕУР) – ориентиран е кон поддршка на развојот на

пенитенцијарниот систем при што вклучува дел за техничка помош или твининг и дел за набавки и изградба (реконструкција на затвори).

**Светска банка**

- **Проект** - **Правна и правосудна имплементација и институционална поддршка** 2006-2011 година во вредност од 12.000.000 Евра (заем со 16% владино учество). Целта на проектот е да придонесе во подобрување на судската ефикасност и ефективност на бизнис климата во Република Македонија. Проектот ќе го подржи етаблирањето на новиот Судски совет, управните инспекции и решавањето на управните спорови, подобрување на стечајната управа, подобрувањето на судската инфраструктура, зајакнување на судските информатичко-технолошки системи.

**УСАИД**

- **Проект ДПК/УСАИД** - **Имплементација на судската реформа** (5.998.309 УСД, јуни 2002 – декември 2005, продолжен до септември 2007).
- **Меморандум за соработка и разбирање помеѓу програмата на УСАИД за човеков и институционален развој**, World Learning **и Министерството за правда** - Спроведување на пакет препорачани интервенции што произлегуваат од извршената анализа на работењето на Министерството во јуни 2006 година и Завршна евалуација на работењето на Министерството што ќе биде извршена по спроведувањето во насока на подобрување на работењето и менаџментот во Министерството и со цел остварување на основната функција на Министерството за правда – придонес кон општеството преку транспарентно, ефикасно и ефективно работење во сервис на граѓаните и исполнување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија

**ОБСЕ**

- Понатамошно развивање на Стратегијата за реформи во правосудниот систем
- Малолетничка правда – Од хартија до пракса
- IHL/ Програма за обука за спорови за воени злосторства
- Работилници и конференции за кривично право 2007
- Обуки и работилници за адвокати-бранители
- Внатрешна контрола на квалитетот и ревизија на работата на судиите
- Континуирана правна едукација за македонските млади правници
- Улогата на јавните обвинители во истрагата
- Планирање работилници за имплементирачките партнери на реформата на правосудството

(**ОПДАТ**)
**Програма за развој**, **помош и обука на обвинителства** - фокусирана на усовршување на вештините на професионалците од системот на кривичната правда во областите на сузбивањето на кривични дела на трговија со луѓе, трговија со наркотици, перење пари и конфискација, корупција, организиран криминал, финансиски криминал, кривична одговорност на правни лица, кривични дела против меѓународното право, обвинителско-судски менаџмент, договарање за вината и предлагање законодавни измени.

**Меѓународна финансиска корпорација** (**ИФЦ**)

- **Проект** Alternative Dispute Resolution – The Private Enterprise Partnership for Southeast Europe, IFC (ADR PEP-SE) 2005-2008 – техничка помош за подобрување на пристапот до правдата, преку воведување на медијацијата како алтернативно решавање на спорови.

## 3.23.2. **АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА
### ПРАВНА РАМКА

Собранието на Република Македонија ја ратификуваше ***Конвенцијата на ОН против корупција*** во март 2007 година.

Со **Законот за измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција**, се регулира постапката за испитување на имотната состојба на избраните и именуваните функционери, утврдување на вредноста на основицата за оданочување и се допрецизираат одредбите за активностите на Управата за јавни приходи во постапката за оданочување на лицата кои имаат обврска да пријават промена на имотна состојба.

*Со **Законот за нотаријат*** (донесен во април 2007) се воведува обврска на нотарите да го пријават секое сомневање за делата перење на пари и корупција кај странките. Законот е усогласен со Директивата 2001/97/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 4 декември 2001 со која се изменува Директивата на Советот 91/308/ЕЕЗ за спречување на злоупотреба на финансискиот систем со цел перење на пари.

Новиот ***Закон за финансиска полиција*** донесен во мај 2007 година, има за цел зајакнување на координација и размена на информации меѓу Финансиската полиција, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи (имајќи во предвид дека сите овие органи со измените на Законот за кривична постапка се стекнаа со исти овластувања во предистражната постапка).

***Законот за спречување на судир на интереси*** донесен јуни 2007 година има за цел постигнување на поголема транспарентност во напорите за сузбивање и надминување на состојбите кои водат кон судир на интереси кај носителите на јавни функции и воопшто кај службените лица кои работат во државни органи, органи на општините, како и други институции кои во своето работење користат средства од буџетот на РМ, односно од буџетот на општината.

***Законот за измени и дополнувања на Законот за државна ревизија*** донесен во ноември 2007 година е усогласен со Регулативата на Европската комисија број 718/2007 од 12 јуни 2007 година за имплементирање на Регулативата на Советот за воспоставување на инструмент за претпристапна помош – ИПА, и согласно законот се воспоставува Ревизорско тело за претпристапни фондови на Европската унија во Република Македонија.

***Законот за јавните набавки*** е донесен во ноември 2007 ( и истиот стапува на сила на 1 јануари 2008 година,) кој има за цел да се постигне поголема транспарентност во постапките со јавни набавки.

Државната комисијата за спречување на корупцијата, во мај 2007 година, донесе нова ***Државна програма за превенција и репресија на корупцијата со Акционен план****.*

Во насока на обезбедување сеопфатен пристап во борбата против корупцијата Владата на Република Македонија во јуни 2007 година усвои ***Акциски план за борба против корупција*** *2007 – 2011* ***година***..

Царинската управа на Република Македонија во септември 2007 година го донесе ***Кодексот на однесување****,* а во октомври 2007 година, ***Стратегијата за борба против корупција****.*

Во октомври 2007 година, на 34-тата пленарна седница, ГРЕКО го усвои ***Извештајот за имплементација*** на препораките од вториот круг на евалуација за Република Македонија со заклучок дека ***успешно се имплементирани две третини од препораките*** кои се однесуваат на: новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата, антикорупциските мерки во однос на локалните власти, "е-влада", воведување на специјализиран Управен суд, зајакнување и интензивирање на соработката на органите за спроведување на законот и обвинителството со органите кои имаат надлежност да пријавуваат сомневања за корупција, засилување на контролните функции на судовите надлежни за регистрација на правните лица во однос на идентитетот на основачите и воспоставување на централизиран регистар на правни лица.

Во јануари 2008 година се формираше Совет на Владата за спроведувањето на Акцискиот план за борба против корупцијата кој ќе биде надлежен за: координација, следење и обезбедување имплементација на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план на Владата за борба против корупцијата 2007-2011; следење на спроведувањето на анти-корупциското законодавство од страна на органите и институциите кои се во надлежност на Владата; следење на спроведувањето на обврски од ратификуваните меѓународни договори во областа на анти-корупциската политика; координација на Владините анти-корупциски политики; усвојување на одлуки неопходни за спроведување на анти-корупциските мерки, особено за оние за кои се потребни финансиски алокации;оценка и предлагање ревизија на постоечкиот Акциски план на Владата за борба против корупцијата.

Во тек изработката на буџетски импликации на Акцискиот план на Владата за борба против корупцијата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнати се кадровските капацитети на Секретаријатот на ДКСК и обезбедени се просторни услови на **Државната комисија за спречување на корупцијата**. Во 2007 година, ДКСК има поднесено 7 иницијативи за поведување на постапка за кривично гонење поради основано сомневање за сторени кривични дела на корупција.

Во текот на 2007 година, ДКСК поведени се 22 постапки за утврдување на судир на интереси, од кои 12 се завршени, а 10 се во постапка.

За зајакнување на капацитетите на јавното обвинителство за постапување по кривични дела од обласа на организиран криминал и корупција, согласно новиот Закон за јавно обвинителство, се основа **ново посебно Осново јавно обвинителство за организиран криминал и корупција**.

Со цел ефикасно реализирање на активностите на **Управата за јавни приходи** во поглед на постапката за утврдување на имотната состојба, формирано е **Одделение за спречување на корупцијата**, кое врши проверка и споредба на податоците во анкетните листови, и врз основа на кои во 2007 година има поведено 10 постапки.

Воспоставен е системски пристап за зајакнување на капацитети на **Царинската управа** за борба против корупцијата, и спроведени се обуки за интегритет и борба против корупцијата за царинските службеници и раководните лица.

***Меѓуресорско тело за координирање на активностите за борба против корупција*** континуирано одржува состаноци со цел за координација на активностите на надлежните органи за борба против корупцијата, јакнење на меѓусебната соработка и заемно известување, размена на информации и податоци како и реализирање на препораките содржани во извештаите на ГРЕКО и на други меѓународни организации.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Со цел да се реализира обврската за воведување на институтот „проширена конфискација„ уредена со Рамковната Одлука на Советот на Европа 2005/212/ЈХА од 24 февруари 2005 за конфискација на приходи, инструменти и сопственост од криминал, изготвени се измени на ***Кривичниот законик*** и ***Законот за кривична постапка***.

Со цел да се избегнат злоупотребите и недомаќинското однесување во постапувањето со конфискуваниот имот, изготвен е ***Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка***. За негова имплементација ќе се формира Агенција за постапување со конфискуван имот.

Ќе се ревидира законодавството за употреба на специјалните истражни мерки во делот на кривичните дела поврзани со корупцијата при што ќе се интервенира во Законот за кривична постапка..

Во насока на зајакнување на оперативните капацитети на Државниот завод за ревизија како и натамошно јакнење на соработката со надлежните органи ќе се донесе ***нов Закон за државна ревизија*** .

За имплементација на ***новиот Закон за јавни набавки***, предвидено е донесување на околу 14 подзаконски акти.

Со цел за натамошно сузбивање на корупцијата, ќе продолжи **импементацијата на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата** на Државната комисија за спречување на корупцијата.

За имплементација на **Акцискиот план на Владата на РМ за борба против корупција** во тек е изработка на буџетските импликации.

***Во насока на спроведување на препораките на ГРЕКО (прв и втор круг на евалуација) ќе се спроведат следните активности:***
1. Воспоставување на критериуми за за постапување и одлучување по барања за одземање на имунитет на пратениците во Собранието преку измена на Деловникот за работа на Собранието;
2. Обуки наменети за судии и јавни обвинители и органи за спроведување на законот за практична примена на одредбите за конфискација и заплена на приносите од криминал со цел имплементација на законската регулатива за конфискација и заплена на приносите од криминал;
3. Усвојување на Етичкиот кодекс на члeновите на Владата и носители на јавни функции и обуки за практична примена на Етичкиот кодекс за државните службеници во однос на обврската за пријавување на сомневање за корупција, како и воведување кодекси на однесување за сите јавни службеници, во кои ќе бидат вклучени и јасни правила за пријавување на сомневања за корупција.
4. Со цел доусогласување со член 18 од Кривичната конвенција за корупција на Совет на Европа законски ќе се доуреди прашањето за одговорност на правните лица за кривичното дело противзаконско посредување.
5. Усвојување на Закон за статусот и условите за вработување на јавни службеници – во насока на **воспоставувањето на регулативна рамка на модерни административни принципи за голем број јавни службеници кои не се државни службеници, а која ќе соодветствува, до степен кој е возможен, на прописите кои се применуваат во однос на државните службеници**

6. Обуки за полицијата, обвинителите и судиите за корпоративна одговорност на правните лица и спроведување кривични истраги против правни лица.

Во насока на реализација на препораките на Државната комисија за спречување на корупција и Државниот завод за ревизија ќе се продолжи со понатамошно **зајакнување на целокупната соработка и координација меѓу надлежните органи за борбата против корупција** (ДКСК, ЈО, МВР, ЈП, БзЈН, ФП, ДЗР, ДСПП, Судови) како и спроведување на Меморандумите за соработка и континуирана размена на податоци и доставување на одделни закони на мислење до ДКСК

Заради имплементација на Законот за спречување на судир на интереси ќе се донесе **Програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси**.

Во насока на ограничување на **дискреционите овластувања на носителите на јавни функции** ќе се изготви Анализа врз основа на која ќе се преземат соодветни интервенции во релевантните закони со идентификување на дискреционите права кои треба да се укинат.

За зголемување на транспарентноста на **финансирањето на политичките партии** ќе се доуреди прашањето за финансирањето на политичките кампањи со усвојување на измени и дополнувања на Изборниот Законик. Исто така, ДЗР ќе спроведе надзор над материјално-финансиското работење на политичките партии и ревизија на добиените донации на политичките партии.

Во насока на успешна примена на новите измени на Законот за спречување на корупцијата во врска со имотната и материјалната состојба со измените на Законот за Управата за јавни приходи ќе им се дадат посебни овластувања на државните службеници. Со законската интервенција се овозможува ДКСК во соработка со УЈП да вршат проверка на имотно-материјалната состојба.

Во правец на подигнување на свеста на граѓаните, посебно на младите генерации, за законските механизмите за превенција и репресија на корупцијата ќе се изготви **проект за истражување на перцепцијата на граѓаните за нивото на корупцијата** и виктимолошка анализа. Исто така, со цел превентивно да се влијае врз младите генерации во рамките на **наставните програми на образовниот систем ќе се воведат содржини од областа на антикорупцијата**.

Со цел целосна **примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** ќе се изготви Анализа во која ќе бидат содржани натамошни мерки и активности по однос на ова прашање и обуки за давателите на информации од јавен карактер.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради континуитет на ефикасното справување со корупцијата како резултат на обемот на работа, ќе се зајакнат институционалните и кадровските капацитетите ДКСК, МВР и ЈОРМ и ќе се обезбедат соодветни просторни услови и техничка опрема за примена на специјални истражни мерки. Со цел натамошна ефикасна борба против корупција ќе се продолжи со регионалната и меѓународната соработка со релевантите институции.

Заради, зајакнување на улогата на УЈП и ДКСК за евиденција на имотот и проверка на анкетните листови за имотната состојба предвидено **е креирање и ажурирање на база на податоци во ДКСК** за евиденција на имотот и мрежно поврзување со базата на податоци на УЈП. За користење на новиот систем за собирање и размена на податоци ќе се спроведат **обуки за вработените во Секретаријатот на ДКСК и во УЈП**.

Во насока на подобрување на системот на електронско собирање и размена на податоци помеѓу надлежните институции за борба против корупцијата, ќе се воспостави **мрежно поврзување на базите на податоци на овие институции**.

Во насока на зајакнување на капцитетите на ДКСК, МВР, ЈО, ФП и БзЈН за поефикасно спречување на корупцијата ќе се спроведуваат обуки и ќе се набави потребната техничка опрема.

На среден рок ќе бидат мрежно поврзани базите на податоци помеѓу надлежните институции за борба против корупцијата

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Успешна имплементација на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата** на Државната комисија за спречување на корупцијата и **Акцискиот план на Владата на РМ за борба против корупција и целосно спроведување на** Програмата за превенција и намалување на појавата на судир на интереси.

3.23.3. **ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА**

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци донесена во рамките на Советот на Европа на 28 јануари 1981 година. Што се однесува до Дополнителниот протокол на Конвенцијата 108/81 за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на личните податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци на Советот на Европа, Република Македонија, преку Министерството за надворешни работи испрати инструмент за негово потпишување како замена за потпис со што ја изрази својата политичка волја за прифаќање на овој правен документ. Понатаму, ќе следува и ратификација на Дополнителниот Протокол.

Република Македонија има донесено Законот за заштита на личните податоци кој стапи на сила во февруари 2005 година. Законот е усогласен со Директивата 95/46/ЕС од 1995 година, Одлуката на Комисијата 2001/479/ЕС и 2004/915/ЕС и Конвенцијата бр. 108 на Советот на Европа од 28.01.1981 година. Во декември 2007 година заврши транзицискиот период за целосно усогласување на работата на контролорите со Законот за заштита на личните податоци.

Поздаконските акти (правилници) кои се во функција на непосредната имплементација на Законот за заштита на личните податоци се донесени во декември 2005 година и објавени во Службен весник на Република Македонија бр.111/05.

Заштитата на личните податоци во одделни специфични сектори:
- Полициски сектор – Со Законот за полиција што е донесен во 2006 година, а стапи во сила во ноември 2007 година, насправено е усогласување со ЕУ регулативите што се однесуваат на заштитата на личните податоци во полицискиот сектор,
- Во секторот на статистика направено е усогласување со Актот за статистиката на Унијата, со измените и дополнувањата на Законот за државната статистика што е донесен и стапи во сила во 2007 година;
- Во постапка е усогласување во соодветните прописи во другите сектори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Дирекција за заштита на лични податоци како независен државен орган со својство на правно лице за вршење назор над законитоста на преземените активности при обработувањето на личните податоци и нивната заштита е основана во јуни 2005 година согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци

Директорот на Дирекцијата го именува Собранието на Република Македонија со мандат од 5 години со право повторно да биде именуван, но не повеќе од два пати. Директорот поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Македонија.

Вработените во Дирекцијата имаат статус на државни службеници. Вкупниот број на вработени во Дирекцијата вклучувајќи ги и именуваните лица (директорот и заменикот на директорот) на крајот на 2007 година е 17 (бележи зголемување за 24% во однос на претходната година).

По обезбедувањето на работни простории за сместување и опрема за информатичка поддршка, во 2007 година посебно внимание е посветено на градењето на административните капацитети за извршување на основните функции на Дирекцијата утврдени со Законот за заштита на личните податоци.

Дирекцијата во 2007 година веќе целосно е оперативна во поглед на :
- вршење на управен надзор според претходно утврдена програма за управен надзор како и вршење на инцидентни надзори по дадени пријави и претставки. По однос на надзорите нагласуваме дека покрај контролната компонента тие беа насочено и во едукативна насока, преку констатирање на недоследностите во примената на Законот и утврдување на рокови за нивно отстранување. Особено позитивен е фактот што најголем дел од контролорите каде беше извршена контрола и констатирани недоследности ја информираа Дирекцијата дека во рамките на транзицискиот период ги отстраниле недоследностите и го усогласиле своето работење со одредбите на Законот. Воедно, се извршени и определени надзори по анонимни укажувања и претставки на граѓани.
- водење на постапка по поднесени барања и претставки од граѓани за повреда на правото за заштита на личните податоци загарантирано со Законот. Во прв степен постапува Комисија на Дирекцијата составена од три члена, а по поднесени жалби, во втор степен одлучува директорот. Обезбедена е и судска заштита со поведување на управен

спор против конечните решенија на Дирекцијата. Комисијата во прв степен во текот на 2007 година постапи по сите поднесени барања. По однос на дел од нив се утврдени повреди и донесени решенија кои по завршување на жалбената постапка станаа конечни. Во најголем дел повредите се однесуваат на несоодветна заштита на ЕМБГ, крадење на идентитет, неосновано објавување на лични податоци на интернет и сл.

- Вклучување во креирањето и усогласувањето на секторската легислатива со регулативите на ЕУ, со давање на мислења по однос на делот што се однесува на заштитата на личните податоци, кои во изминатите две години во целост беа респектирани од надлежните органи и тела (учество во подготовката на Законот за полиција, како и предлог текстови на закони и подзаконски акти за доуредување на заштитата на личните податоци во областа на здравство, статистика, пензиски фондови, социјална сигурност, телекомуникации, банкарство итн);
- Давање на стручни мислења на барање на контролорите по однос на примената на Законот за заштита на личните податоци, а посебно околу склучување на меморандуми/протоколи за размена на личните податоци на државни органи од Република Македонија со соодветни институции од други земји (во области на царината, внатрешни работи итн), беа дадени мислења по однос на поголем број барања на контролорите околу пренос на личните податоци надвор од границите на Република Македонија, околу видеонадзорот, објавување на личните податоци на интернет како и за пристап до збирки на личните податоци во земјата.
- Давање мислења за содржината на општите акти на контролорите во поглед на заштитата на личните податоци;
- Воспоставена е практика да реагира со Укажувања упатни до контролорите во случаи на незаконско објавување на лични податоци од нивна страна на било кој начин.

Во текот на 2007 година Дирекцијата :

- Отворена е WEB страната на Дирекцијата,
- Изработена и објавена на Web страанаата на Дирекцијата е апликацијата за Централен регистар на збирките со личните податоци како Пилот верзија;
- Изработен е ТВ спот што се емитува на една ТВ станица во Скопје и на поголем број локални станици низ Македонија. Спотот е објавен и на Web страната на Дирекцијата;
- организиран е отворен ден за заштита на личните податоци;
- организирани се поголем број семинари за различни целни групи;
- во електронските и печатените медиуми објавени се прилози и интервјуа за заштитата на личните податоци

Дирекцијата отпочна со остварувањето на меѓународната соработка (стана членка на Конференцијата на Европските институции за заштита на личните податоци, како и на Конференцијара на институциите за заштита на личните податоци во југоисточна Европа. Во 2006 година Дирекцијата потпиша договор за соработка со Канцеларијата за заштита на личните податоци на Република Чешка, а во 2007 година со Италија. Во рамките на Советот на Европа, Дирекцијата стана член на Консултативниот Комитет T-PD. Исто така, во својство на земја посматрач учествува на состаноците на Работната група 29 во рамките на Директортот за правда, слобода и безбедност на Европската Комисија. Дирекцијата вклучена во работни групи чија работа е насочена кон формирање на интегриран систем за криминалистичко разузнавање, активности за создавање на потребните претпоставки за склучување оперативен договор со ЕВРОПОЛ, работна група за преземање на сите активности во насока на донесување на Конвенцијата СЕЛЕК, Дирекцијата е активно вклучена во активностите насочени кон отпочнување на преговори за склучување на Договор со Евроџаст, работни групи кои работат на формирање на приватно кредитно биро, работни групи во областа на телекомуникациите, и др.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2008 година ќе се реализираат следниве активности:

- Ратификација на дополнителниот протокол на Конвенцијата 108/81 за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на личните податоци
- Целосно ќе се отпочне со имплементација на Дополнителниот протокол на Конвенцијата 108 на Советот на Европа, кој се однесува на органите на супервизија и прекуграничен проток на податоци;
- Ќе се донесат Измените и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци што се во функција на негова целосна усогласеност со ЕУ Директивата 46/95 и Конвенцијата 108/81 вклучително и Дополнителниот протокол на оваа Конвенција;
- Ќе се направат измени и дополнувања на дел од подзаконските акти што ќе произлезе од измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци;
- Дирекцијата ќе земе активно учество во проследувањето на предлозите за измена на законската регулатива по однос на заштитата на личните податоци што се планира за донесување во 2008 година;
- Дирекцијата ќе продолжи да го следи усогласувањето на актите и работењето на контролорите со Законот за заштита на личните податоци и со донесените подзаконски акти.

ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА
До крајот на 2008 година ќе се реализираат следниве активности:

- Ќе се зајакне соработката со Министерството за внатрешни работи заради имплементација на новиот Закон за полиција и остварување на оперативна соработка на Република Македонија со ЕВРОПОЛ, како и активностите околу Шенгенскиот систем;
- Ќе се ажурира Стратешкиот план за периодот 2007-2010 со имплементирачки годишни програми;
- Ќе се воспостави оператибилен Централен регистар со податоци за збирки за личните податоци што ги водат контролорите;
- Ќе се направи анализа на предлозите внесени во Измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци за имплементација на инспекциски надзор и контрола и постапување по барањата на граѓаните заради усогласување на работата, посебно за воспоставување и работа на Прекршочната комисија;
- Ќе се подготви План за надзор и контрола и истиот ќе се имплементира, како и вршење надзор и контрола во инцидентни случаи;
- Континуирано ќе се врши обновување и збогатување на содржините на WEB страната на Дирекцијата.

## 3.23.4. **ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ НА ЕУ**

Оваа област ќе биде предмет на усогласување на среднорочен план. Меѓу другото, мерките на заедницата поставуваат детални правила околу правото на граѓаните на ЕУ да се движат и престојуваат на територијата на земјите членки. Во овој поглед, се планира прецизирање на институцијата одговорна за имплементацијата на Директивата (32004L0038) за правата на граѓаните на Унијата и нивните членови на фамилијата да се движат и престојуваат слободно на територијата на земјите членки. Покрај правата на движење, исто така постои потреба за понатамошно усогласување во обласата на избирачките права. На среднорочен план ќе се направат измени на Изборниот законик за конституирање на правото на глас за граѓаните на другите држави членки на заедницата. Европската Унија има утврдена правна рамка за организирање на изборите за Европскиот парламент која гарантира дека граѓаните на Унијата кои престојуваат во земја членка на која не се државјани можат да учествуваат во локални и парламентарни избори под истите услови како државјаните на таа држава. За таа цел ќе треба да се прифати актот за избор на претставници во Европскиот Парламент. Исто така, според членот 13 од Директивата (31993L0109) ќе треба да се воспостави национална контакт канцеларија.

## 3.24 **ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ**

### 3.24.1 **МИГРАЦИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Законот за странци (Сл.весник на Р.М. бр.35/2006 и 66/2007) со кој се уредуваат условите за влез,напуштање и престој на странци во Р.М., ќе отпочне со својата примена од 01.01.2008 година. Врз основа на Законот за странци донесени се следниве подзаконски акти:Правилник за начинот на издавање на визи за странци, продолжување, скратување на нивната важност, отповикување и поништување на визи, како и за образецот на визи и за водење на евиденција (Сл.весник на Р.М. бр.71/2007)и Правилник за куќниот ред на Прифатниот центар за странци (Сл. Весник на Р.М. бр.6/2007).
Законот за вработување и работа на странци (Сл.весник на Р.М. бр.70/2007), ги уредува условите и постапките под кои странец може да се вработи или да работи во Р.Македонија, освен ако со меѓународен договор не е утврдено поинаку. Врз основа на наведениот закон донесени се следните подзаконски акти:Правилник за постапката на регистрација и завршување на работата која ја вршат странци(Сл.весник на Р.М. бр.108/07 ) и Правилник за постапката за издавање на работни дозволи,како и формата и содржината на посебните видови на работни дозволи(Сл.весник на Р.М. бр.108/07).
Република Македонија го ратификува Договорот за превземање на лица со незаконит престој помеѓу Р.Македонија и Европската Заедница.
**Стратешки план**: Во рамките на програмата Јавна безбедност, подпрограма А.2. Гранични работи и миграција покрај другите ќе се реализираат активности на спречување на нелегалната миграција, контрола на движење и престој на странци, како и имплементација на Законот за странци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за внатрешни работи ги врши работите во врска со контролата на движењето и престојот на странците во Република Македонија. Одделението за странци и реадмисија согласно новата систематизација е во рамките на Секторот за гранични работи и миграции. Наведеното одделение ги следи состојбите, ги координира и насочува работите, дава стручни упатства, води и решава во управна постапка и врши непосредни оперативни работи кои се однесуваат на визниот режим на Република Македонија со странските држави, издавање одобренија за привремен и постојан престој на странци на територијата на Република Македонија, како и водење на евиденции за странци во република Македонија. Во рамките на регионалните центри “Исток”, “Запад”, “Север” и “Југ” формирани се организациони единици во чија надлежност се работите во врска со престојот на странците во Република Македонија.
Министерството за Надворешни работи е надлежен орган за одлучување за издавање и издавањето на визите како и за спроведување на постапките при издавање на визи за влез во Р.Македонија.Во МНР спроведувањето на визната политика е во делокруг на активностите на Директоратот за конзуларни работи. Согласно новата систематизација Директоратот за конзуларни работи се реструктуира на два организациони облици:Сектор за конзуларни работи и граници и Сектор за визен центар,дипломатски и службени пасоши и визи.
Државниот завод за статистика спроведува редовно статистичко истражување на миграциите во Р.Македонија. Одделението за демографија во Секторот за социјални статистики е организациона единица која го спроведува статистичкото истражување кое овозможува следење на внатрешните миграции( во рамките на Р.Македонија) и надворешните миграции.
Одделението за азил,миграција,бегалци, внатрешно раселени лица, лица со хуманитарна помош и лица повратници од реадмисија е организациона единица во рамките на Министерството за труд и социјална политика која учествува во креирање на политиката за вработување и работа на странци, реинтеграција на повратници од реадмисиони договори и интеграција на бегалците во Р.М.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:
**ПРАВНА РАМКА**

Собранието на Р.М. по предлог на Владата на Р.М., ќе донесе Резолуција за миграциона политика која ќе ја утврдува политиката на миграција и основите на политиката за вработување и работа на странци. Предлог резолуцијата до Владата на Р.М. ја подготвуваат Министерството за Внатрешни работи во соработка со Министерството за Надворешни работи и Министерство за труд и социјална политика. За реализација на наведените активности во текот на 2008 година ќе се формира меѓуминистерска група која ќе ги утврди аспектите поврзани со миграционата политика.
Предвидено е донесување на останатите подзаконски акти од Законот за странци: Правилник за начинот на издавање на патни и други исправи за странци, начинот на водење на евиденција за издадените патни и други исправи и обрасците на тие исправи и Правилник за начинот на одобрување и одбивање на влез, издавање на дозвола за привремен и постојан престој,враќање и протерување на странец и за нивните обрасци, кои се правна основа за издавање на патните и другите документи за странци( пасош за странец, патен лист за странец, дозвола за привремен престој и дозвола за постојан

престој. Издавањето на наведените документи кои се карактеризираат со високо заштитни елементи се реализира во рамките на проектот “Нови лични документи”.

Врз основа на утврдената политика за вработување и работа на странци Владата годишно ќе утврдува квота на работни дозволи која ќе биде утврдена со одлука, донесена најдоцна до четвртиот квартал од тековната година за наредната година.
Меѓуминистерското тело за зајакнување на системот за интеграција на бегалците и странците во Р.Македонија ќе изготви стратешки документ за интеграција на бегалците и странците. Овој документ би ги интегрирал миграционата политика, политиката на азилот, политиката на интеграција и политиката на враќање и реадмисија;

Република Македонија има започнато постапка за склучување на договори за реадмисија со Босна и Херцеговина, Молдова и Украина.Усогласени се текстовите на договорите и се превземаат активности за нивно склучување.
Иницирана е постапка за склучување на договор за реадмисија со Црна Гора и Р.Србија.До крајот на 2008 година се предвидува склучување на наведените договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Заради поефикасна имплементација на Законот за странци и јакнење на административните капацитети ќе бидат реализирани следните обуки:

- Обука на инспекторите по странци во врска со примената на Законот за странци е предвидена да се изведува во текот на 2008 година во рамките на проектот АЕНЕАС –цврсти институции и заеднички пристап во управувањето со азилот, миграциите и визите во Западен Балкан;
- Обука за користење на националниот визен информациски систем на Визниот центар во МНР која ќе биде спроведена од страна на фирмата “СРЦ СИ“ од Словенија во текот на 2008 година.
- Обука за начинот на издавање на патните и други документи за странец која ќе биде спроведена во текот на 2008 година.
- Ќе се спореведе обука на инспекторите за странци од страна на Одделението за странци и реадмисија во врска со примена на Законот за странци и подзаконски акти.

За јакнење на административниот капацитет во Министерството за труд и социјална политика во Одделението за азил,миграција,бегалци, внатрешно раселени лица, лица со хуманитарна помош и лица повратници предвидено е кадровско екипирање за кое веќе има предвидено средства во буџет на Р.М. во тековната 2008 година.

Од страна на Министерството за труд и социјална политика,Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Министерство за здравство ќе се изготват програми кои ќе обезбедуваат помош за реинтеграција на лица кои се враќаат во Македонија врз основа на спогодби за реадмисија. По изготвувањето на програмите во текот на 2008 година ќе се предвиди колку средствата е неопходно да се обезбедат од буџет на Р.М. како и можноста за обезбедување на странска помош.;

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:
**ПРАВНА РАМКА**
Во насока на целосно усогласување на националното законодавство со Директива на Совет (бр.32003L0109) која го одредува статусот на лица од трети земји кои имаат постојан престој, се наметнува потребата од измени во Законот за странци. Измените во наведениот закон би се однесувале на предвидувањето на одредби за исклучување на можноста за добивање на постојан престој на лица кои се под супсидијарна форма на зашита. Воедно, во насока на целосно усогласување со Директива на Совет (бр.32004L0114) која се однесува на условите кои треба да ги исполнат трети земји членки за студирање, размена, волонтери и тренинг без надокнада, потребни се измени на Законот за странци, кои би се однесувале на предвидувањето на одредби за издавање на дозвола за привремен престој за волонтери и лица кои посетуваат тренинг без надокнада.

Законот за странци го определува периодот на одлучување, условите за издавање, обновување и повлекување на дозволата за престој кои се жртви на трговија со луѓе во согласност со Директива на Совет 2004/81/ЕС од 29.04.2004 (бр.32004L0081) која се однесува за дозвола за престој на лица трети земји членки кои биле жртви на трговија со луѓе или лица кои биле предмет на акција на илегалната имиграција, кои соработувале со компетентните органи. Во насока на целосно усогласување со наведената директива потребна е измена на постоечкото законодавство, во насока на предвидување на пристапот до пазарот на трудот, образование и професионално оспособување на оваа категорија на странци.Сите горенаведени усогласувања со релевантното aquis во областа на миграциите ќе се реализираат во текот на 2009 година.

Во насока на давање на предност на политиката на доброволно враќање во матичната земја, транзит или во трета држава, од страна на Министерството за внатрешни работи во текот на 2009 година ќе се изготват програми за згрижено доброволно враќање на лица.

Во поглед на статистичко следење на миграциите ќе се обезбеди усогласување на националните и меѓународни стандарди и класификации(ISCED-97,ISCO-88,NUTS) како и имплементација на Регулативата бр.862/2007/ЕС од Европскиот Парламент и Советот на Европа од 11.07.2007 година за статистики на заедницата за миграции и меѓународна заштита и укинување на Регулативата на Советот (ЕЕЦ) бр.311/76 за компилација и статистика за странските работници.

По пристапување на Република Македонија во ЕУ, ќе се создадат предуслови за транспонирање на следниве директиви:

- Препорака на Совет од 27 септември 1996 година (бр.31996H1014) која се однесува за справување со илегални вработувања на лица од трети земји
- Директива на Совет (бр.32003L0110) која се однесува за помагање во случаи на транзит за отстранување со авион
- Одлука на Совет(бр32001L0040). за взаемно препознавање на одлуката за протерување на лица од трета земја.Причините за протерување наведени во чл.3 од наведената директива се предвидени во Законот за странци.Но, целосна примена на наведената директива ќе биде возможно со добивање на статус на земја членка.
- Одлука на Советот 2004/573/ЕС од 29 април 2004 година (бр. 32004Д0573) за организирање на заеднички летови за отстранување од територијата на две и повеќе земји членки на лица од трети земји кои што се предмет на индивидуални наредби за отстранување.
- Одлука на Совет (бр.31996Y0919 (15) ) која се однесува за воспоставување соработка со CIREFI (Центар за информирање, дискусија, и размена на информации за преминување на граници и имиграција). По пристапувањето кон ЕУ, Република Македонија ќе може да определи свои преставници во CIREFI, чија основна цел е асистенција на земјите членки во проучување на легалната миграција, спречување на илегалната миграција и незаконскиот престој, борба против имиграциониот криминал, подобро откривање на фалсификуваните документи и подобрување на праксата во однос на протерувањето.
- Регулативата на Советот ЕС 377/2004 од 19.12.2004 (32004R0377) за создавање на имиграциона мрежа на офицери за врски.Согласно постоечката регулатива во Р.М.(Закон за надзор на државната граница, Закон за полиција) постои правен основ за упатување на офицери за врски во други земји по основ на ратификувани меѓународни договори. Меѓутоа непостоењето на договор за соработка со земјите членки на ЕУ, ја оневозможува примената на оваа директива.
- Одлука на Совет (бр.32005D0687) за формата на извештајот на имиграционите офицери за врска за активностите поврзани со илегалната имиграција
- Одлука на Совет 2005/267/ЕС од 16.03.2005 (бр.32005D0267) која се однесува за етаблирање на безбедна веб база на информации и координативна мрежа за миграциониот менаџерски сервис на земјите членки
- Одлуката на Комисијата од 15 декември 2005 за определување на деталните правила за имплементација на Одлуката на Советот 2005/267/ ЕС.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на административните капацитети потребно е техничко опремување на подрачните организациони единици на Одделението за странци кои го регулираат движењето, престојот и контролата на странците во Р.М. со 20 комјутери во текот на 2009 година. Воспоставување на електронско следење на сите миграциони настани.

**СТРАНСКА ПОДРШКА**:

- Проектот АЕНЕАС–цврсти институции и заеднички пристап во управувањето со азилот, миграциите и визите во Западен Балкан;
- Проект “Нови лични документи“ кој го спроведува фирмата “Giesecke & Devrient“, во чии рамки ќе се издаваат пасош за странец, патен лист за странец, дозвола за привремен престој и дозвола за постојан престој. Вредноста на анексот на договорот според кој ќе се издаваат патни и други документи за странци изнесува 3,4 милиони евра, од кои во текот на 2007 година се исплатени 1990 000 евра, а разликата во висина од 1 410000 евра наменета за одржување треба да се исплати во наредните девет години. Потребно е во Буџетот на МВР да се предвидат дополнителни средства до 9 600000 денари наменети за оджрување на системот на издавање на патни и други документи на странци.

### 3.24.2 **АЗИЛ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Со Законот за азил и привремена заштита се уредуваат условите и постапката за добивање и престанок на право на азил на странец или лице без државјанство кое бара признавање право на азил во Република Македонија, како и правата и должностите на барателите и лицата на кои им е признаено право на азил во Република Македонија. Законот е усогласен со повеќе ЕУ мерки[11], како и со низа меѓународни инструменти кои се ратификувани од страна на Република Македонија[12].Со измените на Законот за азил и привремена заштита се изврши делумно усогласување со Директивата на Советот 2004/83/ЕС од 29.04.2004 година[13] за минималните стандарди за квалификувањето и статусот на државјаните на трети земји или лица без државјанство, како бегалци или лица на кои им е потребен поинаков облик на меѓународна заштита и за содржината на одобрената заштита, при што се воведе нова категорија на лица кои Република Македонија ќе им признае право на азил, а тоа е категоријата на лица под супсидијарна заштита. Имено супсидијарната заштита согласно директивата е дополнителна и ја надополнува заштитата на признаени бегалци, која е утврдена со Конвенцијата за статусот на бегалците.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита ("Сл. весник на РМ" бр.40/07) во кој експлицитно е утврдено правото на социјална заштита на лице барател на право на азил, лице со статус признаен бегалец и лице под хуманитарна заштита.

Со Законот за вработување и работа на странци ("Сл. весник на РМ" бр.70/07) во член 12 е определено дека лична работна дозвола со важност за период до 1 година се издава и на:странец барател на право на азил на кој барањето за признавање на правото на азил не му е решено во период од една година, по истекот на периодот од една година (дозволата за работа се издава на три месеци со можност за продолжување); странец со признат статус на бегалец,; странец под хуманитарна заштита и странец под привремена заштита.Личната работна дозвола, согласно одредбите на Законот за вработување и работа на странци, е обновлив или постојан облик на работна дозвола, која во текот на својата важност му овозможува на странецот слободен пристап до пазарот на трудот.

Со наведените измени на Законот за социјална заштита, како и со Законот за вработување и работа на странци инкорпорирани се препораките содржани во Директивата на Советот 2003/9/ЕС.

Од страна на Одделението за азил при Министерство за внатрешни работи изготвен е „Прирачникот за постапките за спроведување на Законот за азил и привремена заштита„ и истиот е дистрибуиран до полициските станици од општа надлежност, граничната полиција и невладиниот сектор. Од страна на Меѓуминистерско тело за зајакнување на системот за интеграција на бегалци и странци во текот на 2007 година изготвени се следниве нормативни документи: План за евентуален масовен прилив на бегалци, План за работа за 2007 година и Деловник за работа врз основа на кои е утврдена работата и статутот на Меѓуминистерско тело за зајакнување на системот за интеграција на бегалци и странци.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

- Национален акционен план на Република Македонија за миграција и азил

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Изграден е Прифатен центар за баратели на право на азил (со средства од CARDS програмата 2002 година). Од страна на ЕАР се одобрени средства за опремување на истиот, при што во тек е постапка за тендер и набавка на опрема. Со Прифатниот центар ќе раководи Министерство за труд и социјална политика.

Со средства од Владата на РМ, изработено, инсталирано и оперативно е софтверско решение "База на податоци за баратели на право на азил и признанени бегалци" во Одделението за азил при Министерство за внатрешни работи. Со цел зајакнување на административните капацитети на Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи

[11] *32003L0086 (*Council Directive 2003/86/EC of 22 September 2003 on the right to family reunification*); 32003L0009* (Council Directive 2003/9/EC of 27 January 2003 laying down minimum standards for the reception of asylum seekers); *32001L0055 (*Council Directive 2001/55/EC of 20 July 2001 on minimum standards for giving temporary protection in the event of a mass influx of displaced persons and on measures promoting a balance of efforts between Member States in receiving such persons and bearing the consequences thereof*); 31995Y1007* (Council Resolution of 25 September 1995 on burden - sharing with regard to the admission and residence of displaced persons on a temporary basis) и *1996Y0919 (05)(*Council Resolution of 20 June 1995 on minimum guarantees for asylum procedures*).*

[12] Конвенцијата за статустот на бегалците од 1951 година и нејзиниот Протокол од 1967 година;Конвенцијата на Обединетите Нации против мачење и други облици на сурово, нехумано и понижувачко постапување или казнување; Меѓународната спогодба за граѓански и политички права; Меѓународната спогодба за економски, социјални и културни права; Конвенцијата на Обединетите Нации за елиминација на дискриминација против жените; Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на децата и нејзините два Опционални протоколи; Женевската Конвенција од 1949 година, вклучувајќи ги и Протоколите I и II; Еропската Конвенција за човекови права и основни слободи и нејзините протоколи под број 1, 4, 6, 7, 11, 12, 13 и 14; Европската Конвенција за спречување на мачење и нехумано или понижувачко постапување или казнување; Европската социјална повелба од 1961 година и Протоколот од 1991 година со кој се изменува и дополнува Европската социјална повелба; Република Македонија исто така е потписник на Опционалниот протокол кон Конвенцијата на Обединетите Нации за елиминација на дискриминацијата против жените; Европската Конвенција за државјанство од 1997 година.

[13] (Council Directive 2004/83/EC of 29 April 2004 on minimum standards for the qualification and status of third country nationals or stateless persons as refugees or as persons who otherwise need international protection and the content of the protection granted)

реализирани се обуки за вработените за примена на нормативите утврдени во „Прирачникот за постапките за спроведување на Законот за азил и привремена заштита„.

Република Македонија е членка на GDISC (General Director`s Immigration Services Conference), каде се состануваат Генералните директори за службите за азил и миграција, чија цел е промовирање на оперативната соработка меѓу службите надлежни за имплементација на политиките на азил и миграција преку размена на искуства и најдобри пракси и преку создавање на мрежи од експерти.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Со цел да се обезбедат административни и оперативни услови за имплементација на супсидијарната заштита предвидена во изменувањето и дополнувањето на Законот за азил и привремена заштита, примената на предметниот Закон ќе отпочне од 01.07.2008 година.

Кон крајот на 2008 година предвидена е измена на Законот за азил и привремена заштита, со што ќе се овозможи на странката во II степен да поведе управен спор пред управен суд. На тој начин ќе се обезбеди независност на жалбената постапка. Понатаму, со измените на Законот ќе се врши усогласување со Законот за вработување на странци, а преку тоа и со Директивата за минимум стандарди за прием на баратели на азил 2003/9/ЕС, ќе се изврши формално-правно прочистување на текстот на Законот преку бришење на институтот (лица под хуманитарна заштита).

Со цел да се зајакне процесот на воведување на правни инструменти за гарантирање на правата на лицата со потреба од субсидијарна заштита во 2008 година предвидено е донесување на Законот за социјална заштита и социјална сигурност,, Законот за средно образование и Законот за здравствена заштита.

Во февруари 2008 година ќе се изврши изменување и дополнување на Правилникот за образецот на барање за признавање на право на азил и начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и постапката за издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција со цел да се создадат нормативни услови за примената на супсидијарната заштита предвидена во Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита. Истовремено со наведениот правилник, ќе се врши усогласување со Директивата 2004/83/ЕС.

Во рамки на AENEAS Проектот до крајот на месец октомври 2008 година, во соработка со претставник на Данскиот сервис за имиграции ќе се изготви полициска Инструкција за начинот на постапување во случај на барател на право на азил и ревизија на текстот од Прирачникот за постапките за спроведување на Законот за азил и привремена заштита, насловен како "Чекор по чекор во постапките за признавање на право на азил", со кој ќе се постигне усогласување на постапките за азил согласно европските стандарди за соодветна примена на законот.

Од јануари 2008 година планирано е издавањето на исправите за баратели на право на азил, признаен бегалец и лице под хуманитарна заштита, предвидени со Законот за азил и привремена заштита.
Личните документи за лица под супсидијарна заштита ќе почнат да се издаваат кон средината на 2008 година за кои се потребни средства во износ од 150 000 денари, кои е предвидено да бидат обезбедени од страна на UNHCR.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно реформскиот процес во МВР, а со цел позиционирање на Одделението за азил во стратешкото ниво на Министерството е предвидена промена на организацијата и систематизацијата на Одделението за азил. Со тоа Одделението за азил ќе премине во организационите облици што вршат определени стручни работи за потребите на Министерството на стратешко ниво. Новата поставеност предвидува зголемување на бројот на извршители и поделба на нивните работни надлежности во согласност со новите политики за азил во ЕУ.
За Одделението за азил во текот на 2008 година потребни се нови вработувања, односно: Самостоен инспектор за меѓународна соработка; Главен инспектор за меѓународна соработка, враќање, EURODAC и Даблин II и 1 Главен инспектор за водење на постапки со ранлива категорија на лица и издавање на лични документи.
Со цел кадровското зајакнувањето на административните капацитети во Одделението за азил да ја оствари својата функција, потребно е во наведениот период Одделението и технички да се зајакне, со набавка на 4 нови компјутери со печатачи, опрема за аудио снимање на интервју со барател на право на азил, дигитална фото опрема, опрема за проекција на презентации, видео и DVD материјали, 4 метални ормари, факс апарат, 2 двострани работни бироа со 2 ротирачки столици, за што ќе бидат потребни средства во висина од 112 000 денари. Наведените средства се предвидени во Буџетот на Министерство за внатрешни работи за 2008 година.

Предвидено е ново вработување во Одделението за азил при МТСП за 2008 година за кое се обезбедени буџетски средства.

Прифатниот центар за баратели на право на азил ќе биде кадровски докипиран со нови вработувања до август 2008 година, за кои се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија.
Министерство за труд и социјална политика врз основа на склучени Меморандуми за соработка со невладиниот сектор ќе обезбеди едукатори, кои ќе извршат обука на лица кои ќе работат во Прифатниот центар. Обуката е предвидена за март 2008 година. Исто така во овој дел се започнати активности за планирање и организирање на обука со Холандија и Данска.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
Во насока на јакнење на системот за интеграција на бегалци и странци предвидено е во 2008 година Меѓуминистерско тело да изготви стратешки документ, кој ќе биде рамка на процесот за интеграцијата на горенаведените категории на лица.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2009 година ќе се врши усогласување на Законот за азил и привремена заштита со Директивата на Советот за минимум стандарди за постапки на државите членки за доделување и одземање на статус на бегалец, усвоена на 1 декември 2005 (Директива за процедури за азил).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во насока на дооформување и кадровско зајакнување на институциите задолжени за спроведување на политиката на азил и миграција предвидено е систематизирање на нови работни места за зајакнување на процедуралните гаранции во постапката за признавање право на азил. За таа цел се планира досегашното работно место Главен инспектор во Одделението за азил при МВР да се преименува во Главен инспектор за водење постапки по поднесени барања за признавање право на азил како и, да се воспостави и работно место Главен инспектор за информации за земји на потекло.
Досегашните систематизирани работни места-Виш инспектор, да се преименуваат и прошират на извршители со звање Самостоен инспектор за водење постапки по поднесени барања за признавање право на азил и самостоен инспектор за водење на постапки со ранлива категорија на лица и издавање на лични документи.

Исто така, со цел унапредување на меѓународната соработка и имплеметација на новите ЕУ мерки ќе се изврши систематизирање на нови работни места за зајакнување на Одделението за азил при МВР со Главен инспектор и самостоен инспектор за меѓународна соработка, враќање, EURODAC и Даблин II и 1 коресподент по англиски јазик.
Од предвидените кадровски решенија предвидено е ново вработување-коресподент, а додека пак останантите ќе бидат пополнети со прераспоредување.
Наведените активности предвидено е да биде реализирани заклучно со септември 2009 година.
Потребно е и зајакнување на Одделението за азил при МТСП. и Прифатниот центар за баратели на азил.

До крајот на 2009 година предвидено е зајакнување на системот на собирање на податоци за од обласга на азилот и миграциите, за што ќе се подготови студија за изводливост во текот на 2008 година, а потоа ќе се пристапи кон развој на централна база на податоци за странци, која ќе ги покрива азилот, миграцијата и визите, активност која ќе биде реализирана најдоцна до крајот на 2009 година.

## 3.24.3 **ВИЗНА ПОЛИТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Република Македонија ја ратификува Спогодбата за олеснување на издавањето на визи (Службен весник на Република Македонија, бр.141/07). Во согласност со Планот за усогласување со визниот режим на ЕУ, од април 2007 година со одлука на Владата на РМ се укинаа визите за државјаните на Романија Во текот на ноември оваа година, од страна на Република Македонија донесена е еднострана одлука за укинување на визите за државјаните на Канада.
Во согласност со новата пракста за издавање визи за странци, од 01.02.2008год ке се укине досегашната пракса на издавање на визи за државјаните на РА на ГП меѓу РМ и РА, за што во декември 2007 година беше известена албанската страна, кога истовремено од македонска страна беше предложено отпочнување на постапка за склучување на нова, Спогодба меѓу Владата на РМ и Советот на министри на РА за заемни патувања на граѓаните. Истовремено, во месец декември 2007 година, по дипломатски пат беше известена и Канцеларијата на УНМИК во Скопје за укинувањето на досегашната пракса на издавање визи, за членовите на семејствата на припадниците на УНМИК, на ГП меѓу РМ и Косово.

Во согласност со членот 147 од Законот за странци министерот за надворешни работи во согласност со министерот за внатрешни работи донесе „Правилник за начинот на издавање на визи за странци, продолжување, скратување на нивната важност, отповикување и поништување на визи како и образецот на визи и водење на евиденција". Составен дел од Правилникот е образецот на новиот стикер за визи кој ги содржи вградени заштитни обележја и истиот ги задоволува европските и ИЦАО стандардите. Беше донесен и Правилник за издавање и употреба на дипломатски и службени пасоши и визи (Службен весник на Република Македонија, бр. 24/07) согласно кој бројот на ваквите пасоши во текот на 2007 драстично се намали.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Востановувањето на Визниот центар во Министерството за надворешни работи и Националниот визен информациски систем, е фундиранио врз основа на Стратегијата за интегрирано гранично управување од декември 2003 година, и националниот Визен модул кој е заеднички документ на Република Македонија и на Европската унија од декември 2005 година. Врз основа на Елаборатот за воспоставување на Визниот центар а заради задоволување на пропишаните стандарди, до 31 јули 2007 година беа завршени градежните работи за адаптација односно реконструкција на 8-от кат во зградата на МНР, каде е лоциран Визниот центар.
Во насока на кадровско дооекипирање на Визниот центар, во октомври оваа година во Визниот центар се вработени двајца информатичари задолжени за одржување на системот и еден советник за визи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на имплементација на Спогодбата за визно олеснување помеѓу РМ и ЕУ, подготвено е Упатството за издавање на визи кое ќе го користат конзулите на ЕУ акредитирани во Скопје.

Со делегацијата на ЕК договорено е на првиот состанок на Заедничкиот комитет (во април 2008 година), во Скопје да се разгледа спроведувањето на Спогодбата , а во меѓувреме ЕК да изготви Road map за РМ за отпочнување преговори за целосна либерализација на ВР. На наше барање од страна на ЕК е прифатено ваквата иницијатива да се покрене по Оддржувањето на Првиот ЗК.

Отпочнување на активности за хармонизација на визните одредби со „црната листа" на Европската Унија, кои се очекува да бидат завршени со завршувањето на актвностите за потполна либерализација на бизниот режим со Европската Унија.

МНР ќе преземе активности за подготовка на Правилник за работата на Визниот центар.
Од македонска страна побарано од Р. Бугарија склучување на Спогодба за малограничен промет на лица.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

До крајот на февруари 2008 година ќе биде доставен првиот контингент на стикери за визи, од страна на швајцарската компанија надлежна за изработка на новите македонски стикери. Новите стикери за виза се една од претпоставките за операционализација на новиот Визен центар и Н- ВИС во МНР, како и еден од условите за отпочнување на процесот за целосна либерализација на ВР на РМ со ЕУ.

По одобрување на подговителниот Извештај од страна на Европската агенција за реконструкција се отпочна со конкретни активности во поглед на проектирање односно програмирање на софтверското решение на информатичкиот систем. Согласно пропишаната динамика, предвидено е финализирање на софтверот до крајот на август 2008 година.

Кон крајот на февруари 2008 година,се очекува пилот проект на информатичко поврзување на Визниот центар со едно дипломатско конзуларно претставништво на Република Македонија во странство (Амбасадата во Љубљана). Од крајот на септември 2008 година, ќе се отпочне со поврзување со дипломатско конзуларни претставништва, како и со 8 најфрекфентни гранични премини на Република Македонија. За оваа цел во тек се активности за изработка на софтверско апликативно решение.

Во текот на 2008 година ќе се направи кадровско зајакнување на Визниот центар. На почетокот на март 2008 год. ќе се изврши обука на вработените кои ќе бидат ангажирани во Визниот центар и дипломатско конзуларните претставништва на РМ во странство.

Реализацијата на проектот ќе се врши во фази, а како една од нив е и обуката на вработените во МНР, вклучувајќи и претставници од МВР, од причина што, по исклучок визите ќе се издаваат и на граничните премини, која се планира да отпочне кон крајот на јануари наредната година.Иститe ќе бидат идните обучувачи на виза- агентите во ДКП-а на Република Македонија и на останатите субјекти во процесот на издавање на македонски визи за странци.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно декларациите од Спогодбата, иницирани се мерки и активности за потпишување на билатерални спогодби за олеснување на визниот режим со Велика Британија, Република Ирска, Данска, Норвешка и Исланд.

**Институционална рамка**
Јакнење на кадровските капацитети на Визен Центар и Сектор за конзуларни работи.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Визниот центар е финансиран со средства од Програмата КАРДС 2006 во износ од 1,2 милиони евра обезбедени преку Европската Агенција за реконструкција. Исто така, за адаптацијата на просториите на Визниот центар е обезбедена и донација од страна на Владата на Луксембург во износ од 250.000 евра.

Реализацијата на проектот ќе се врши во фази, при што завршена е првата фаза односно изработката на подготвителниот Извештај за техничка поддршка за востановување на Националниот систем за издавање визи.

Со посредство на Швајцарската Амбасада во Скопје обезбедена е швајцарска техничка и финансиска асистенција со што за потребите на Визниот центар ќе се испечатат 120.000 стикери за визи, со што ќе се задоволат потребите за визи до крајот на 2008 година. Воедно, до крајот на февруари 2008 година од страна на швајцарската компанија Orell Fussli ќе биде доставен првиот контингент на новите стикери за визи, изработени во согласност со ICAO и ЕУ стандардите.

## 3.24.4 **НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН – ЗОНАТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Закон за надзор на државната граница (Службен весник на РМ број 71/2006 и 66/2007) отпочна со примена на 01.04.2007. Наведениот Закон е делумно усогласен со Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот Договор и Шенгенскиот граничен кодекс (562/2006). Истовремено, во текот на 2007.година донесени се подазаконските прописи предвидени со наведениот Закон.[14]). Потпишана е Конвенцијата за полициска соработка во југоисточна Европа, која што е ратификувана од страна на Собранието на РМ. Во насока на зајакнување на регионаланата соработка, на 04.09.2007. потпишан е Привремен договор за стандардни оперативни процедури помеѓу МВР на РМ и КФОР-Косово.
Во рамките на донесениот Стратешки план на МВР за 2008-2010 предвидена е Потпрограма-Гранични работи и миграција, кој има за цел прифаќање и планирање на најдобрите пракси и заеднички стандарди од областа на ИГУ, според шенгенските регулативи, директиви и заедничкиот прирачник.
Спроведувајќи ги активностите од НАП за ИГУ, од страна на Националната Комисија за Интегрирано Гранично Управување, усвоен е План за заштита и спасување при несреќа со опасна материја на граничен премин. Усвоена е "Програма за сузбивање и искоренување особено опасни заразни болести кај животните" ("Сл.Весник на Р.Македонија бр. 82/2007"). Согласно обврската за изработка на планови за постапување во итни случаи и утврдување на процедури и контрола на производи, продукти и добра од животинско и растително потекло при нивно пренесување преку граничните премини, изготвени се повеќе програми.[15] Постапувајќи по обврската за изработка на планови за постапување во итни случаи и утврдување на процедури за контрола на радиоактивни материјали, изготвен е Оперативен план во случаи на

[14] Правилник за начинот на извршување на обезбедување на државната граница и на контрола на преминување на државната граница; ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/2007); Правилник за начинот за издавање на беџ за вработените кои на подрачјето на граничниот премин извршуваат стопанска дејност, како и формата и содржината на образецот на барањето за издавање на беџот и на образецот на беџот; ("Службен весник на Република Македонија" бр.3/2007); Правилник за начинот на утврдување и решавање на граничните инциденти ("Службен весник на Република Македонија" бр.6/2007);Правилник за обликот, содржината и начинот за поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2007);Правилник за начинот на поставување и користење на техничките уреди и вршење на фотографирање, снимање и видео надзор на граничните премини и долж граничната линија; ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/07);Уредба за стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите што ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини ("Службен весник на Република Македонија", бр.112 /2007).

[15] Програма за сузбивање и искоренување на Авијарната инфлуенца" ("Сл.Весник на Р.Македонија бр. 82/2007");
Програма за за сузбивање и искоренување на Плав јазик ("Сл.Весник на Р.Македонија бр. 104/2007");
Програма за за сузбивање и искоренување на Туберкулоза" ("Сл.Весник на Р.Македонија бр 22/2007");
Програма за за сузбивање и искоренување на Бруцелоза" ("Сл.Весник на Р.Македонија бр. 22/2007");
Програма за за сузбивање и искоренување на Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (ТСЕ)" ("Сл.Весник на Р.Македонија бр. 22/2007");
Прирачник за трајни инструкции кои ќе се изведуваат во склоп на ветеринарната гранична контрола".
Изготвена е "Програма за превземање на итни мерки за искоренување на лигавка и шап".
Изготвен е " Правилник за начинот и постапката за увоз и транзит на животни, производи и нус производи, начинот и постапката на вршење на проверката и прегледот на увозот и транзитот на животни, производи и нуспроизводи, формата и содржината на известувањето за времето во кое се очекува да пристигне пратка со животни, производи и нуспроизводи на граничен премин и формата и содржината на решението за резултат од извршена контрола.

радијационен настан во погранична зона. Националната комисија за интегрирано гранично управување го усвои “Планот за заштита и спасување при несреќи со опасна материја на граничен премин”.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно донесената Наставна програма за напредни и специјални обуки за гранична полиција за 2007.година, спроведени се обуки со кои беа опфатени: персонал од прво ниво (персонал распореден на должност од командир на полициска станица и повисоко), второ ниво (персонал распореден на должност водич на тим, раководител на смена и помошник на командирот на полициската станица) трето ниво (персонал опфатен на должност полицаец).Изготвена е Наставна програма за напредни и специјални обуки за гранична полиција за 2008.година. Во рамките на ТВИНИНГ проектот “Развој на полициски образовен систем.“ изготвена е наставна програма и започната е основна обука на полицаец, вклучувајќи и обука за гранично работење.

Во однос на воспоставување на ИТ поврзување на граничните премини со централната база на податоци, новиот централен систем за контрола на патници и возила, кој е поврзан меѓусебно и за кој постои таканаречен централен корисник кој внесува податоци во стоп-листите и има напреден систем на пребарување, целосно е имплементиран на 5 гранични премини (Аеродром Скопје, Аеродром Охрид, Табановце-патен, Долно Блаце и Богородица)..Граничните премини телекомуникациски се поврзани со централна база на податоци во МВР, со што е овозможен трансфер на податоци од граничните премини до Централната база на податоци и обратно. Со цел надградување на техничката опрема на граничните премини за анализа на документација, во почетокот на декември 2007. добиена е донација од страна на ОБСЕ на три ВИСПЕК 2 апарати за откривање на фалсификувани документи, кои се инсталирани на три најфреквентни гранични премини: Табановце, Аеродром Скопје и Богородица.
Формиран е Националниот координативен центар за гранично управување, согласно одлука на Владата на РМ (Службен весник на РМ 35/2007). На 06.11.2007 година именуван е координатор на Центарот.

Заради зајакнување на меѓу-институционалната соработка на институциите вклучени во ИГУ, потпишани се неколку меморандуми за соработка.[16]
Усвоени се Концептот за воведување на едношалтерски систем за увоз и извоз (Single window) и контрола при единствено застанување (One stop shop), и Елаборатот за имплементација на едношалтерски систем за увоз и извоз (Single window) и контрола при единствено застанување (One stop shop) и насоките за имплементација на Елаборатот.
Од страна на Владата на РМ, на 06.02.2007. усвоена е Студијата за информатички систем за интегрирано гранично управување.
Завршена е постапка за евалуација и е избран најповолен понудувач за набавка на опрема за дигитален радио систем Тетра.
Согласно активностите предвидени со НАП за ИГУ во рамките на Дирекција за радијациона сигурност, во текот на 2007.година реализирани се 5 нови вработувања..Во насока на имплементација на Планот за распоредување на ветеринарни и фитосанитарни инспектори кај сите категории на гранични премини, во Управата за ветеринарство вработени се 20 ветеринарни инспектори додека во Фитосанитарна управа отпочната реализирани се вработувања на 10 фитосанитарни инспектори.
Во текот на 2007. од страна на ЈПССДП континуирано се превземаа активности во однос на изградбата, реконструкција и одржување на граничните премини согласно Програма за гранични премини за 2007 и Акционен план за имплементација на Програмата за изградба и одржување на граничните премини за 2007 година. Истовремено од страна на ЈПССДП донесена е Програма за гранични премини за 2008.година.

**Нови лични документи**

МВР започна со имплементација на Проектот “Нови лични документи“ на 02.04.2007. со издавање на новите патни исправи на државјаните на Р Македонија со биометриски податоци. Наведениот проект, опфаќа издавање на 8 вида на документи

[16] Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство, Министерство за финансии-Царинска управа, МВР и Дирекција за радијациона сигурност – потпишан во јуни 2007;
Меморандум за измена на Меморандумот за разбирање меѓу Министерство за здравство, Министерство за финансии-Царинска управа, МВР и Дирекција за радијациона сигурност – потпишан во декември 2007;
Меморандум за измена на Меморандумот за разбирање помеѓу МЗ-Државен санитарен и здравствен инспекторат и МВР-Гранична полиција – потпишан 08.01.2008 година
Меморандум за измена на Меморандумот за разбирање меѓу Министерство за здравство (Државен санитарен и здравствен инспекторат) и МВР (Гранична полиција) – потпишан во декември 2007
Меморандум за разбирање помеѓу МФ-Царинската управа и Мин.за животна средина и просторно планирање – потпишан во јуни 2007;

за идентификација, за државјаните на Р Македонија и за странци. За државјаните на Р Македонија, во текот на 2007.година отпочнато е со издавање на следните лични документи со високи заштитни обележја[17]:

- **Патни исправи (вклучувајќи ги службените и дипломатските пасоши)** -
- **Лична карта** -
- **Возачка дозвола**

Имплементација на одредбите на Законот за странци (Сл.весник број 35/2006 и 66/2007) кој отпочна со примена на 01.01.2008. ја наметна потребата во Проектот „Нови лични документи" да биде опфатено и издавање и на лични документи за странци и тоа: Патни исправи за странци (пасош и патен лист), дозвола за постојан престој и дозвола за привремен престој. Во период непосредно пред издавањето на секој од наведените документи е спроведена обука на вработените за земање на податоци од граѓаните,која континуирано се спроведува и е во надлежност на Секторот за Управно надзорни работи и подрачните организациони единици на МВР. Во текот на февруари- март 2007 година. Извршена е обука на кадарот во Центарот за персонализација на документите, кој функционира во рамките на Секторот за информатичка технологија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, во текот на 2008.година ќе се преземат следните активности:

- Донесување на Закон за изменување на Законот за надзор на државната граница. Со наведените измени и дополнувања ќе се извршат определени измени во однос на евиденциите односно роковите за чување на податоци кои се однесуваат на определени категории на лица, со што ќе се изврши и усогласување со Шенгенскиот граничен код.
- Донесување и отпочнувањење со примената на Прирачникот Стандардни оперативни процедури и постапки за вршење гранична контрола и обезбедување на државната граница, со што ќе се изврши усогласување so стандардите na Commision recommandation of 06/XI/2006 establishing a common "Practical Handbook for Border Guards (Schengen Handbook) to be used by Member States" competet authorities when carrying out the border control of persobns.

Со цел зајакнување на регионалната прекугранична соработка, во текот на 2008.година ќе се склучат имплементациони договори со Србија и Албанија со кои ќе се овозможи спроведување на Виенската Конвенција за полициска соработка во југоисточна Европа.

До јули 2008 година НКЦ за ГУ ќе донесе процедурални правила, со кои ќе се уреди вршење мониторинг на границата, координација на сите активности на границата, обезбедување на оценката на релевантниот ризик ,координирање на активностите од првата фаза во меѓународната соработка и мониторинг на границата.
Прирачникот за постапување на државни органи и институции кои имаат надлежности и активности на граничните премини, треба да биде усвоен од страна Националната комисија за ИГУ во текот на јануари 2008 година.
Во текот на 2008 година, по влегувањето во сила на Законот за ветеринарство, ќе се донесе Прирачник за трајни инструкции кои ќе се изведуваат во склоп на ветеринарната гранична контрола, како и Програма за превземање на итни мерки за искоренување на лигавка и шап.
МВР до март 2008 година ќе донесе измени и дополнување на Елаборатот за потребите од објекти и материјално-технички средства и техничка опрема за потребите на Секторот за гранични работи и миграција во кој заради унапредување на системот за анализа на документи ќе биде опфатена и потребната опрема за анализа и откривање на фалсификувани документи.
Во насока на воспоставување на соработка со Европска Агенција за управување со оперативната соработка на надворшените граници на државите членки на ЕУ - FRONTEX, заради искористување на нинвите најдобри пракси за основна обука за гранична полиција, изготвување на анализа на ризик и во другите области од делокругот на работата на

[17] Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за ПИ на државјаните на РМ (Сл.весник на РМ број 19/2007), со кој е предвидено патните исправи издадени пред влегувањето во сила на овој Закон, да продолжат да важат до истекот на рокот наведен во патната исправа, но најдолго пет години од денот на влегување во сила на овој Закон.
Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта (Сл.весник на РМ број 19/2007), со кој е предвидено личните карти издадени пред влегувањето во сила на овој Закон, да продолжат да важат до истекот на рокот наведен во личните карти, но најдолго три години од денот на влегување во сила на овој Закон.
Донесен е Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата (Сл.весник на РМ број 19/2007) со кој е предвидено возачките дозволи издадени пред влегувањето во сила на овој Закон, да продолжат да важат до истекот на рокот наведен во истите, но најдолго пет години од денот на влегување во сила на прописите со кои се регулираат обрасците на возачките документи.

граничната полиција, во текот на 2008 ќе се иницира на постапка за склучување на Договор со FRONTEX, можност дадена со Регулативата на Советот (ЕК) 2007/2004.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на остварување на целта – зајакнување на меѓу-институционалната соработка на органите кои имаат надлежности во ИГУ, во текот на 2008 ќе се извршат следните активности:

- донесување на Меморандумот за разбирање помеѓу МФ-Царинска управа и МЗШВ,
- донесување на Меморандум за измена на Меморандумот за разбирање помеѓу МЗ-Државен санитарен и здравствен инспекторат и МВР-Гранична полиција.
- воспоставување на веб-порталот за ИГУ,(се очекува да биде воспоставен до крај на април 2008)

Со цел воспоставување на информатичко-технолошка структура на ИГУ, во текот на 2008.година од страна на НК за ИГУ ќе се донесе Меморандум за соработка за искористување на ИТ системот за ИГУ и ќе се спроведе нова постапка за изработка на физибилити студија за ИГУ Согласно Концептот за реализацијата на Проектот за воспоставување на Информатичкиот систем за интегрирано гранично управување усвоен од страна на Владата на Република Македонија на седницата одржана на 02.10.2007 година, пилот проектот за воспоставувањето на системот треба да биде завршен на 30 јуни 2008 година, а системот во целост да биде оперативен до крајот на 2008 година.

На почетокот на 2008 година согласно НАП за ИГУ, ќе се изврши кадровско доекипирање на лицата кои ќе извршуваат работи и задачи во Националниот координативен центар за гранично управување (со упатување на лица од МВР) и назначување на офицери за врска во НКЦ за гранично управување од другите надлежни институции. (Царинска Управа, МЗШВ, МО, МНР, МЗ, МТВ, МЖСПП, Дирекција за радијациона сигурност). Воедно, ќе се завршат активностите за материјално техничко опремување на Националниот координативен центар за гранично управување со финаниска подршка на Европската агенција за реконструкција (ЕАР).

Од страна на Националната комисија за ИГу изготвен е Нацрт-Меморандум за соработка за искористување на ИТ системот за ИГУ. Во постапка е негово усогласување со институциите кои имаат надлежности во ИГУ. Се очекува истиот од страна на Комисијата да биде усвоен до крајот на месец февруари.

Во текот на 2008., се планира целосно завршување на ИТ поврзување на граничните премини меѓусебно и поврзување со централната база на податоци.

Согласно годишната програма на ЈПССДП за 2008. за граничните премини, ќе се продлжи со активностите за изградба, реконструкција и оддржување на граничните премини, со сопствени средства од приходи на ЈПССДП и со кредит од Светска банка.

Во рамките на планираната сорабока со ФРОНТЕКС ќе се изврши анализа и усогласување на плановите и програмите за обука на граничната полиција, со стандардите на ЕУ во оваа област . Понатамошната обука ќе се спроведува согласно ревидираните и усогласените наставни програми.

Во почетокот на 2008. со донација од страна на ОБСЕ планирано е инсталирање на уште три ВИСПЕК 2 апарати за откривање на фалсификувани документи. Истовремено, ќе се спроведе и обука за користењето на апаратите за откривање на фалсификувани документи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Донесување на подзаконскиот акт од Законот за надзор на државната граница за начинот на преминување на внатрешната граница кој ке се донесе по влегување на РМ во Европската унија.

Изготвување на Шенгенскиот акционен план со кој ќе бидат разработени активностите за приближување кон шенгенското законодавство (42000A0922(01), 31999D0435, 31999D0436, 32001R2424, 32001D0886, 32004R0871, 32005D0211 и 32005R1160).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Целосна оперативност на дигитален радио-систем ТЕТРА, со што ќе се заокружи информатичко-технолошка структура на ИГУ.

Техничко опремување на граничните премини и полициските станици-согласно Елаборатот за за потребите од објекти и материјално-технички средства и техничка опрема за потребите на Секторот за гранични работи и миграција кој ќе биде донесен во 2008.

Продолжување на активности со цел изградба и одржување на граничните премини и одржување на полициските станици од областа на гранични работи.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Со твининг проектот „Развој на полициски образовен систем" ( 04 IB JLS 01) изготвена е наставна програма за основна обука за полицаец во која е предвидена обука во областа на гранично работење Проектот се спроведува од ноември 2006. до март 2008. Планирано е оваа обука да ја завршат 90 кандидати за полицаец. Вредноста на наведениот проект е 59.928.360,00 денари (998.906,00 евра).
- Донација од ОБСЕ на три апарати ВИСПЕК 2 за откривање на фалсификувани документи за работа на гранични премини. Во почетокот на 2008. се очекува да бидат донирани уште три апарати од овој вид. Вкупната вредност на донацијата изнесува 1.668.840,00 денари (27.814,00 евра).
- Кредит од Светска банка доделен на ЈПССДП наменети за Граничен премин Долно Блаце Висина на кредитот изнесува 120.000.000,00 денари.
- Проект на КАРДС 2004 „Развој на оперативните капацитети на гранична полиција" во траење од 01.05.2007. до 31.12.2008. во вредност од 1.429.500,00 евра.
- Планирани проекти:
    - Реконструкција на ПС за обезбедување на државната граница кон Србија, Косово и Албанија, со почеток од 15.10.2008. до 01.09.2010. со вкупна вредност од 1.600.000,00 евра од кои 1.200.000,00 евра странска помош и 400.000 евра кофинансирање.
    - Надгадба на дигитален радио-комуникациски систем ТЕТРА, со почеток од 15.10.2008. до 30.04.2011. со вкупна вредност од 9.330.000,00 евра од кои 7.000.000,00 евра странска помош и 2,330.000,00 евра кофинансирање.

## 3.24.5 **СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ**

Постапката за давање на правна помош во Република Македонија е уредена со домашното законодавство, доколку не е поинаку утврдено со меѓународни договори. Судската соработка во **кривичната материја** е уредена со Законот за кривичната постапка (Сл.весник на РМ бр. 15/97, 18/99, 44/02, 74/04, 15/05). Меѓународната правна помош во кривичните предмети е регулирана во глава 30 и 31 и се врши согласно одредбите на овој закон, доколку поинаку не е уредено со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Законот е целосно усогласен со конвенциите кои ги ратификувала Република Македонија[18] и делумно усогласен со повеќе предложени ЕУ мерки[19]. Република Македонија склучи низа билатерални договори од областа на кривичната и граѓанската материја. (со Република Хрватска, Република Словенија, Република Албанија, Република Бугарија, Република Турција, Украина, Романија, Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина и Привремен протокол за трансфер на осудени лица меѓу Привремената администрација на ОН во Косово УНМИК и Министерството за правда на Република Македонија.

Судската соработка во **граѓанската материја** е уредена со Законот за парничната постапка (Сл.весник на РМ бр. 79/05). Во делот за меѓународна правна помош што не е опфатен со Законот за парничната постапка , Министерството за правда ја применува Хашката конвенција за граѓанска постапка од 1 март 1954 и билатералните договори што Република Македонија ги има склучено со други земји. Законот е целосно усогласен со конвенциите кои ги ратификувала Република Македонија[20] и делумно усогласен со повеќе предложени ЕУ мерки.[21] Во Јули 2007 година донесен е Закон за меѓународно приватно право ("Службен весник на РМ" бр. 87/07) кој регулира.две подрачја кои се составни делови на

[18] Европска конвенција за заштита на човековите права и слободи (Рим,4 ноември 1950 и протоколите), 92000JHA10003 Конвенција на ОН за транснационален организиран криминал (Палермо), 91999JHA10302 Казнена конвенција за корупција (CETS 173), 920001JHA10001 Конвенција на Советот на Европа за компјутерски криминал (CETS 185) , 91999JHA10096 Конвенцијата за перење пари, заплена и конфискација на имотната корист прибавена со кривично дело (CETS 141),91999JHA10173 Конвенцијата за трансфер на осудени лица (CETS 112), Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за трансфер на осудени лица (CETS 167), 91999JHA10161 Европската конвенција за заемна правна помош во кривичната материја (CETS 030), 91999JHA10172 Дополнителниот протокол кон Европската конвенција за заемна правна помош во кривичната материја (CETS 099), 92001JHA10002 Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за заемна помош во кривични предмети (Стразбур, 8 ноември 2001), 91999JHA10160 - Европската конвенција за екстрадиција (CETS 024) , 91999JHA10170 Дополнителниот Протокол кон Европската конвенција за екстрадиција (CTES 086),91999JHA10171 Вториот дополнителен протокол кон Европската конвенција за екстрадиција (CETS 098) , 91999JHA10169 Европска конвенција за пренос на казнените постапки (CETS 073), 91999JHA10171 Вториот дополнителен протокол кон Европската конвенција за екстрадиција (CETS 098)

[19] 41995A0330(01), 41996Y1023(02), 41996Y1104(01) , 41996Y1212(03) , 91999JHA10085 , 91999JHA10087 , 91999JHA10174 , 91999JHA10175 , 92001JHA10002

[20] Европска конвенција за заштита на човековите права и слободи (Рим,4 ноември 1950 и протоколите), 91999JHA10146 Хашка Конвенција за граѓанска постапка од 01 март 1954 година,1999JHA10151 Конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното киднапирање на деца од 25 Октомври 1980 година, 91999JHA10150 Хашка Конвенција за меѓународен пристап до правдата од 25 октомври 1980 година, Конвенцијата за укинување на потребата од легализација на странски јазвни исправи.

[21] 32000P1348, 32001Д0470 , 32001P0044, 32001P1206 , 32001S0115(01), 32002P0743, 41980A0934, 41988A0592, 41998S0126(03), 91999JXA10147, 91999JXA10148

меѓународното приватно право: прво, судирот на законите - чии правила го одредуваат меродавното право за регулирање на граѓанскоправните односи со странски елемент и второ, меѓународната граѓанска постапка - со чиишто норми се регулираат правилата на постапувањето во ситуациите кога пред судовите и другите државни органи треба да се расправа и одлучува во врска со граѓанскоправни односи со странски елемент. Законот целосно е усогласен со Конвенција 80/934/ЕЕЗ за правото што се применува на обврските кои произлегуваат од договори потпишана во Рим на 19 јуни 1980 година[22] , а делумно усогласен е со Еу мерките[23]. Со овој закон не се предвидува донесување на подзаконски акти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда постапува по предметите кои се однесуваaат на целокупната правна помош во кривичната и граѓанската материја. Во Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда според новата систематизација од јуни 2007 година предвидени се две одделенија и тоа 1. Одделение за екстрадиција и трансфер и 2.Одделение за постапување по замолници во граѓанската и кривичната и граѓанската материја. Предвидени се 15 работни места од кои пополнети се 9.

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

Стратегија за реформа на казнено право 2007. Усвоената Стратегија опфаќа два сегмента: реформа на казненото процесно право и реформа на казненото материјално право.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Усогласување на законската рамка во областа на судска соработка во кривична и граѓанска материја.

- Ратификација на на Конвенцијата од 29 мај 1993 година за заштита на децата и соработка во областа на меѓународното посвојување
- Ратификација на Хашката Конвенцијата од 18 март 1970 година во врска со собирањето докази во странство при граѓански и трговски предмети .
- Ратификација на Хашката Конвенција од 19 октомври 1996 година во врска со надлежноста, важечкото право, признавањето, спроведувањето и соработката во однос на родителската одговорност и мерките за заштита на децата
- **Ратификација на Хашка Конвенција од** 15 **ноември** 1965 **година за доставување во странство на судски и вон-судски документи во граѓански и стопански предмети**
- Предвидена е и анализа на Европската Конвенција од Стразбур 15 мај 2003 за контакт со деца (CETS 192) и потребите од нејзино усогласување со националното законодавство.

Се предвидува да се донесе Закон за меѓународна правна помош во кривичната материја, со кој ќе се овозможи поефикасно имплементирање на Европската конвенција за правна помош во кривичната материја со двата Дополнителни протоколи, Европската конвенција за екстрадиција со двата Дополнителни протоколи, Европската конвенција за трансфер на осудени лица со дополнителниот протокол и Европската конвенција за пренос на казнените постапки. Во Министерството за правда е формирана работна група за подготвување на законот.

Унапредување на правната рамка за билатерална соработка

- Иницијатива за потпишување на Меморандум за правна и судска соработка помеѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правосудство на Босна и Херцеговина.
- Иницијатива за потпишување на Меморандум за правна и судска соработка помеѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правосудство на Република Словенија.
- Иницијатива за потпишување на Меморандум за правна и судска соработка помеѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правда на Република Црна Гора.
- Иницијатива за заедничка Декларација помеѓу Министерството за Правда на Република Македонија и Сојузната служба за Правда на Швајцарија за интензивирање на соработката во насока на унапредување на кривично правната соработка помеѓу двете држави.

---

[22] 41980A0934 -Конвенција 80/934/ЕЕЗ за правото што се применува на обврските кои произлегуваат од договори потпишана во Рим на 19 јуни 1980 година (OJ: OJ Л 266 09.10.1980 П.0001-0019) 80/934/ЕЕЦ;

[23] 32001R0044-Регулатива на Советот (ЕЗ) бр. 44/ 2001 од 22 декември 2000 година за јурисдикција, признавање и примена на судски пресуди за граѓански и комерцијални предмети; Брисел II. Регулатива на Советот (ЕС) бр. 1347/2000 од 29 мај 2000 година, за јурисдикција и признавањето и извршувањето на пресудите во брачните спорови и во спорови за родителска одговорност.

- Со нота број 1040/07 од 03.08.2007 година, преку Амбасадата на Република Италија во Скопје, од страна на Министерството за правда на Република Италија е доставена иницијатива за Билатерален договор за судска соработка помеѓу Република Македонија и Република Италија, кој во потполност го заменува претходно понудениот текст за правна помош во кривични предмети помеѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правда на Република Италија.

Во јули 2007 година во Хаг беше одржана прелиминарна средба меѓу претставници на Колегиумот на EUROJUST и претставници од Министерството за правда за потпишување на Договор за соработка меѓу Република Македонија и EUROJUST.

Покрај донесувањето на Законот за јавно обвинителство, услови за отпочнување на преговори и потпишување на Договор за соработка меѓу Република Македонија и EUROJUST се:

- Ратификување на Дополнителниот протокол на Конвенцијата за заштита на поединците во поглед на автоматската обработка на лични податоци во врска со надзорните тела и прекуграничен пренос на податоци податоци од ноември 1981 година, - испратен е инструмент за потпишување
- Измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци,
- Донесување на Законот за меѓународна правна помош во кривичната материја,

Потпишување на Договор за соработка меѓу Република Македонија и EUROJUST се планира да се реализира до декември 2008

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидени се нови вработувања во Секторот ( Одделението за постапување по замолници во граѓанската и кривичната и граѓанската материја и во Одделение за екстрадиција и трансфер).- види Поглавје 23

Од областа на граѓанската материја во насока на континуирана едукација на вработените во Секторот за меѓународна правна помош и судиите кои го применуваат Законот за меѓународно приватно право, во октомври 2008 се предвидува работилница за признавање и извршување на странски судски одлуки, како и работилница за меѓународна правна помош во декември 2008 година. На овие работилници се предвидува присуство и на претставници од Министерството за труд и социјална политика, Адвокатска комора , извршителите и други.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Унапредување на правната рамка

- Иницирање на постапки за склучување на билатерални договори за соработка од правосудната област со држави со кои Република Македонија нема склучено вакви договори. јуни 2009
- Анализа на Одлуката на Советот 2005/876/JHA од 21 ноември 2005 на размената на информации од криминалните досиеа.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на кадровските капацитети во Секторот за меѓународна правна помош предвидено е ново вработување за 2009 година. ( види поглавје 23 подетално за вработување)

.

Министерството за правда, судовите и јавните обвинителства имаат потреба од организирање на работилници и семинари за примена на конвенции од кривичната и граѓанската материја, особено за за примена на Конвенцијата од 10 март 1995 за поедноставена постапка за екстрадиција меѓу земјите членки на ЕУ, примена на Европскиот налог за апсење и Европска судска мрежа )

## 3.24.6 **ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**КОВНА СОСТОЈБА**
**Полициска соработка и борба против организиран криминал**

Законот за полиција[24] започна со примена на 11 ноември 2007 година. Во согласност со Акциониот план, од предвидените 64[25], донесени се 57 подзаконски акти кои се неопходни за практична реализација на Законот за полиција.Во рамките на процесот на реформа, а во согласност со насоките за развој на Полицијата, со цел нејзино организациско преструктуирање донесени се Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за внатрешни работи[26] и Правилникот за изменување на Правилникот за организација и работа на Министерство за внатрешни работи[27]. Во Министерството за внатрешни работи донесени се подзаконски акти чие донесување претставува дел од процесот на усогласување на законодавството со стандардите и принципите на Европската унија[28], при што како дел од процесот донесен е Правилникот за утврдување на посебен режим на zaštita на податоците собрани со овластено следење на комуникациите и регистрите во врска со нив[29]. Во рамките на процесот за заокружување на реформите во Полицијата[30], во делот на заштитата на сведоците донесени се следните подзаконски акти: Упатство за начинот на чување на оригиналните исправи за идентитетот на заштитените лица[31]; Упатство за начинот на водење евиденција на податоци на заштитените лица[32] и Правилник за формата и содржината на Прашалникот што го пополнува лицето со кое се склучува спогодба[33]. Донесен е Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2008-2010 година[34].

Со цел да се регулираат методите, средствата, надлежносите и обврските на полициските службеници во криминалистичко разузнавачкиот процес, изготвен е Правилник за регрутирање, користење и раководење со информатори (Септември 2007 година) и Правилник за изработка на анализа на ризик и криминалистичко-истражна и криминалистичко-разузнавачка анализа во Одделот за организиран криминал во централни полициски служби во Биро за јавна безбедност.(30.07.2007 година).

На 16.01.2007 година Република Македонија и канцеларијата на Европската полиција – **ЕВРОПОЛ** потпишаа Стратегиски договор за соработка.Изработен е Предлог Акционен план за имплементација на Стратешкиот договор склучен меѓу Европол и Република Македонија Македонија и започнување на преговори за оперативен договор кој ќе биде доставен до Владата на Република Македонија за одобрување.

Направена е промена и во дефиниција на поимот Жртва на трговија со луѓе согласно Конвенцијата за трговија со луѓе на Советот на Европа, како појаснување на дефиницијата од Протоколот на Палермо.

МВР на РМ и Националната комисија во Септември 2007година со МВР на Република Албанија склучија Протокол за проширување на соработката во областа на трговија со луѓе. Исто така министерството за внатрешни работи во областа на меѓусебната соработка со НВО во делот на трговијата со луѓе, помош на жртви на трговија, нивна идентификација склучи Меморандум за меѓусебна соработка со НВО „Срекно Детство“ и „Отворена Порта “

Донесен е новиот Закон за јавно обвинителство со кој се формира Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција раководи и го преставува основниот јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција, и со кој се зајакнува улогата на јавниот обвинител во истражната постапка.

Управата за финансиска полиција функционира согласно Законот за финансиска полиција кој е донесен на 23.04.2007 година и објавен во Службен весник бр.55/07. Со Законот за финаниска полиција, Управата добива својство на правно лице-орган во состав на Министерството за финансии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Секторот за организација, стратешко планирање и развој на полицијата е етаблиран во Јануари 2007 година. Од вкупно систематизирани 11 работни места, 9 се пополнети со превземање од останатите сектори во Министерството. Со реорганизацијата на Подрачните полициски служби се воспоставија осум сектори за внатрешни работи ( СВР), се укинаа 4 сектори и 23 одделенија за внатрешни работи. Новоформираните сектори се во согласност со усвоената Стратегија за реформи во полицијата, посебно организацијата и структурата на советодавниот персонал, одделението за превенција,

[24] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06
[25] За седум предвидени подзаконски акти во Акциониот план е утврдено дека нема потреба да се донесат нови, изменат или усогласат постојните.
[26] СД бр.13.1-3483/1 од 27.06.2007 година и СД бр.13.1-3482/1 од 27.06.2007 година
[27] СД бр.13.1-3484/1 од 27.06.2007 година и СД бр.13.1-3482/1 од 27.06.2007 година
[28] (Поглавје II. дел 2. од Акциониот план)
[29] Бr. 13.1-24896/1 od 10.04.2007 година
[30] (Поглавје III од Акциониот план)
[31] СД бр.13.1-1066/1 од 22.02.2007 година
[32] СД бр.13.1-1067/1 од 12.02.2007 година
[33] СД. бр.13.1-957/1 од 12.02.2007 година
[34] Бр. 07-63990/1 од 08.10.2007 година

полициските станици (ПС) и полициските одделенија (ПО), ПС за безбедност на патниот сообраќај, оделение за криминалистички работи и нивни надворешни канцеларии на ниво на полициска станица. Назначени се началниците на осумте Сектори за внатрешни работи. Во меѓувреме назначени се и шест помошници началници на Секторите за внатрешни работи. Што се однесува на обуките, беа изготвени следните документи:

- Програма за основна обука на полицаец во рамките на која се опфатени областите на јавен ред и мир, безбедност на патниот сообраќај и граничната полиција,т.е. гранични проверки и обезбедување на државната граница. Истата е изготвена во рамките на Твининг проектот за развој на полициски образовни системи со значителен допринос на полициски службеници од Полициската академија и МВР и
- Годишен план за обука на министерството за внатрешни работи за 2008 година (освен УБК)

Формиран е Сектор за управување со човечки ресурси во БЈБ кој е составен од три одделенија, одделение за обука, одделение за развој на персонал и одделение за персонални работи, со вкупно 25 вработени, додека во рамки на Секторот за правни и кадровски работи постои Одделение за управување со човечки ресурси за службите што се под директна надлежност на министерот. Во Бирото за јавна безбедност се систематизирани нови организациони единици кои се централизирани криминалистичко разузнавачки единици. Определени се овластени лица (офицери за врски), од органите за спроведување на законот кои ќе ја вршат размената на информации и податоци согласно Протоколите за соработка во спречувањето и борбата против организираниот криминал. Спроведени се повеќе обуки за процесот на работа во надлежноста на Секторот за криминалистичко разузнавачка анализа. [35]:

Во рамките на **Секторот за финансиски криминал** , воспоставени се три Одделенија и тоа: Одделение за економски криминал, Одделение за перење пари и корупција и Одделение за компјутерски криминал и фалсификати. Вкупниот број на предвидени извршители во рамките на Секторот се 21+7(деташирани).

Со цел зголемување на ефикасноста во **борбата против трговија со луѓе и криумчарење на мигранти** и зголемување на капацитетите во таа борба, во Јули 2007 година, од поранешното Одделение за трговија со луѓе кое припаѓаше во рамките на Секторот за Насилен криминал формиран е Сектор за трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Согласно Нациналниот Акционен План во Мај 2007 год.НК формира меѓуресорска работна група за изготвување на Стандартни Оперативни Процедури за идентификација на жртви на трговија со луѓе. Изготвени две посебни бази на податоци за трговија со луѓе:база на податоци за сторители ( во РМ депозитар ке биде МВР-СТЛ) и база на податози за жртви на трговија ( во РМ депозитар ке бвиде НМУ при Министерство за труд). Во декември беше обучен операторот на националната база за сторители.

Во насока на спроведувањето на одредбите од Меморандумот за соработка во борбата против организираниот криминал и останатите форми на криминал помеѓу Министерство за финансии и министерството за внатрешни работи потпишани се оперативни Протоколи помеѓу, Министерство за внатрешни работи- Биро за јавна безбедност и Министерство за финансии – Царинската управа, Дирекцијата за спречување перење пари, Финансиската полиција и Управата за јавни приходи(11.06.2007 година) како и Договори за давање на лични податоци за користење помеѓу истите институции(11.06.2007 година), Меморандум за соработка помеѓу институциите и Јавното обвинителство (јуни 2005 година).

Во насока на имплеменатција на Стратешкиот договор на Европол, во МВР на РМ, назначен е Офицер за врска со Европол во Секторот за меѓународна полициска соработка[36]. Во рамки на МВР формирана е Работна група која континуирано одржува состаноци од значење за реализација на идните активности со Европол. Назначени се контакт лица од другите надлежни власти во Македонија односно од МФ, Царинска управа и МФ, Финансова полиција. [37]

[35] Обука на 4 припадници на ООК-СКРА за користење на донираниот софтвер И-Басе и Аналсст,с Нотебоок;
Обука на 2 припадници на ООК за дизајнирање на база на податоци со коритење на донираниот софтвер И-Басе;
Обука на еден припадник на ООК-СКРА за администрација на СЉЛ сервер 2005 и СЉЛ бази на податоци(Мај 2007 година);
Обука на 7 аналитичари за спроведување на процесот на криминалистичко разузнавачка анализа(февруари 2006 година);
Обука на 21 припадник на ООК за разузнавачкиот процес преку запознавање со Ирскиот национален разунавачки модел со подтема раководење и користење на информатори(19-23.02.2007 година);
Во рамките на проектот за подршка на развојозт на Секторот за криминалистичко разузнавачка анализа од страна на Обединетото кралство во периодот од Ноември 2006 г. заклучно со септември 2007 година континуирано се одржани 7 работни сесии во кои се презентирани принципите и стандардите на Националниот разузнавачки модел на Северна Ирска;

[36] Согласно член 4 од Стратешкиот договор, Република Македонија го назначи Секторот за меѓународна полициска соработка во Министерството за внатрешни работи да дејствува како Nационална контакт точка меѓу Европол и другите надлежни власти на Република Македонија.

[37] Soglasno člen 5 odnosno Aneks 2 od Strategiskiot dogovor, nadležnite vlasti vo Republika Makedonija koi spored nacionalniot zakon se odgovorni za prevencija i borba protiv krivičnite dela na koi će se primenuva Dogovorot među Republika Makedonija i Kancelarijata na Evropskata Policija se: Ministerstvoto za vnatrešni raboti -Sektor za međunarodna policiska sorabotka, Ministerstvo za Finansii - Carinska Uprava i Ministerstvo za finansii -Finansova policija.

Во текот на 2007 година во рамки на Твининг проектот, на јавното обвинителство реализирани се повеќе конференции, семинари, работилници и обуки од областа на организираниот криминал, со учество на околу 50 експерти, која соработка продолжува и во 2008 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**Полициска соработка и борба против организиран криминал**
За почетокот на 2008 година предвидено е комплетирање на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за полиција.
Изготвување на стратегија за управување со човечки ресурси и развој во кариерата на полицијата и другите работници во МВР.

Во согласност со обврските кои произлегуваат од Конвенцијата за полициска соработка а со цел нејзина практична имплементација,во февруари 2008 година., се очекува потпишување на имплементационите договори со останатите потписници на Конвенција.

Правилникот за вршење на работите во Одделот за организиран криминал ќе биде донесен на почетокот на 2008 година
Во 2008 година ќе се потпише и ратификува Договорот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Сојузниот министер за внатрешни работи на Република Австрија за полициска соработка.
во првиот квартал од 2008 година предвидено е утврдувањето на финалната верзија на Конвенцијата на СЕЛЕК, со која се предвидува формирање на СЕЛЕК Центар, кој ќе биде правен наследник на СЕКИ Регионалниот центар за борба против прекуграничен криминал.
.
Имајќи ја предвид надлежноста на Одделението за комјутерски криминал која ги покрива и законските битија на кривичните дела за „заштита од повреда на авторските и сродни права“, како и на „интелектуалната соспственост“, предвидени се измени и дополнувањата на Кривичниот законик во член 157, 157-а „Повреда на правото на дистрибутерот на инкриптираниот кодиран сателитски канал“, 157-б „Повреда на право на филмскиот продуцент дистрибутерот на аудио визуелно дело“ и 157- в „Повреда на пртавото на произбводителот на фонограмот“. Во делот на борбата против компјутерскиот криминал изготвено е ново кривичното дело - член 193-а „Производство и дистрибуција на детска порнографија преку комјутерски систем“.
До крајот на 2008 предвидено е усогласување на „Рамковната Одлука на советот во врска со напади против информационите системи 2005/222 ЈНА“ со одредбите на Кривичниот законик
Дефинирани се генеричките поими „.комјутерски систем" и „комјутерски податок“. Во ова насока се предлага нов член *274-б „фалсификување или злоупотреба на платежна картичка“.*
Заради поефективна примена на специјалните истражни мерки за повеќе кривични дела, предвидени се и измени на Законот за кривична постапка.
Предвидена е и ратификација на Конвенцијата за борба против трговија со луѓе на Советот на Европа.
Предвидено е и донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Закон за финансиска полиција.
Врз основа на Стратегијата за развој на Одделот за организиран криминал и Планот на натамошни активности за имплементација на криминалистичко разузнавање како и Конкретни мерки-активности за спречување на организиран криминал (ФАОЦ), во тек на 2008 година планирани се активности за:

- Транспонирање на Резолуцијата на Советот од 21 декември 1998 година за спречување на организиран криминал во однос на воспоставување детална стратегија за борба со него (98/C 408/01)
- Изготвување на Правилник за користење на криминалистичко-разузнавање како метод на полициско работење во Бирото за јавна безбедност
- Изготвување на Упатство за користење на разузнавачка база на податоци
- Изготвување на Упатство за ракување со документи и опрема во единиците за криминалистичко раузнавање
- Изготвување на подзаконски акт Правилник за водење на криминалистички истраги
- Изготвување на Прирачник за начинот и постапката за користење на разузнавачка база на податоци
- Формирање на работна група од претставници на органите за спроведување на законот за изготввување на план на активности за воспоставување на интегриран меѓуинституционален систем на криминалистичко разузнување,

Предвидено е и усвојување на Предлог Акциониот план за имплементација на Стратегискиот договор и започнување на преговори за оперативен договор со ЕВРОПОЛ. Во наведениот предлог акционен план предвидени се мерки за реализирање низа активности и тоа: Преговори за склучување на договор, Ратификација на истиот, Имплементација, Взаемна свесност за потребите од реализуирање на соработката, Анализа на евентуални проблеми или пропусти; Изработка на стратегија и насоки на развој, Извршување и евалуација на активностите, Имплементација на договорот. Во делот од Предлог акциониот план кој се однесува на Поставување, формирање на Национална контакт точка за Европол

во Македонија, која ќе прерасне во Национална канцеларија или одделение за предвидени се активности во насока на дефинирање на: Правниот статус, Односот на националното одделение за Европол со компетентните национални органи,Начинот на размена на информации во меѓународните релации,Одговорности за координација,национална стратегија и политика на исполнување на работни задачіі,Односи со Европол, Пристап до националните податоци, Внатрешни работни процедури, Безбедносни правила,класифицирани информации и доверливост и информатичка поврзаност.

Потребно е изготвување на формални акти за одредување на Правниот статус, Односот на националното одделение за Европол со компетентните национални органи, Начинот на размена на информации во меѓународните релации ,Одговорности за координација,национална стратегија и политика на исполнување на работни задачи, Односи со Европол, Пристап до националните податоци, Внатрешни работни процедури, Безбедносни правила, класифицирани информации и доверливост и информатичка поврзаност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Понатамошна имплементација на процесот на реформи во полицијата.

- Набавка на информатичка и телекомуникациска опрема за подрачните полициски служби (СВР)
- Набавка на приоритетен вид и број на возила за подрачните полициски служби (СВР)
- Изградба и реконструкција на објекти на подрачните полициски служби (СВР)

- Реализација на обуки за:
    - стратешко планирање
    - изготвување на проекти и
    - изготвување на стандардни процедури и концепти на превенција и полициска соработка и борба против организиран криминал
- Донесување на Стратегија и Акциски план за управување со човечки ресурси и обука на полицијата заедно со финансиски импликации
- воведување на системот на кариера,
- изработка на комплетни персонални досиеја
- и развој на WEB порталот како информациона поддршка за информирање на вработените во Министерството.
- Обезбедување на систематски приод во координацијата, планирањето и спроведувањето на обуката и стручното усовршување на полициските службеници во рамките на Министерството за внатрешни работи, врз основа на приоритетите за обука, утврдени од компетентните организациони единици на МВР

- Согласно планираните активности, по назначувањето на командирите и нивните помошници во полициските станици од општа надлежност, од страна на ОБСЕ Мисијата во Скопје ќе се реализира обука за лидерство и менаџмент за новоназначените командири и нивните помошници за што од нивна страна е изготвена програма која е одобрена од Директорот на Бирото за јавна безбедност

- Кадровско екипирање на Секторот за криминалистичко разузнавање и доекипирање на Секторот за криминалистичка анализа.,. Пополнувањето ќе се врши со превземање од постоечките кадри на министерството за внатрешни работи.
- Воспоставување на информатичка заштита
- Постигнување на целосна функционалност на криминалистичко- разузнавачката база за податоци, (прва половина на 2008 година) и база на податоци за криминалистички истраги кои се водат во Оддел за организиран криминал (2008 година). Со постигнувањето на функционалност на базите на податоци во институциите преку офицерите за врска ќе бидат постигнати целите во размената на информации помеѓу институциите
- Во текот на 2008 година предвидено е и воспоставување на оперативна информатичка поврзаност на базите на податоци помеѓу институциите носители на активностите во спречувањето и борбата против организиран криминал., со што ќе се реализира Шестиот приоритет од ФАОК
- Концепирање на соодветни обуки и тренинзи во однос на методите, содржините и едукаторите со цел обезбедување на високо едуциран и обучен кадар.
- Реализирање на обука на полициски службеници за хендлери во однос на криминалистичко разузнавачкиот процес и процесот на регрутирање, раководење и користење на информатори
- Реализација на обука за разузнавачки аналитичари во однос на криминалистичко разузнавачкиот процес и користење на аналитички техники во изготвување на аналитички и разузнавачки продукти
- Реализирање на информатички обуки за разузнавачка база на податоци во рамките на единицата за криминалистичко разузнавање.

- Формирање на Национално одделение за Европол и обука на кадарот во ова одделение;
- Изнаоѓање инструменти за учество во твиниг проекти или подрšка од ТАИЕЦ со цел преземање на активности околу согледување на компаративните искуства за потпишување на Оперативен договор со ЕВРОПОЛ.

- Во насока на пополнување на празните систематизирани места, во **Секторот за финансиски криминал**, а со цел избор на стручен кадар и врз основа на предходно изготвени критериуми на предлог на ООК,,распишан е интерен оглас, при што во фаза на реализација е изборот на кандидати.
- Кадровско екипирање на Секторот за трговија со луѓе и криумчарење со мигранти (Одделение за трговија со луѓе и проституција и Одделение за криумчарење мигранти и фалсификувани патни исправи, )- На почетокот од 2008 година ќе се пополнат празните систематизирани места.
- едукација на тренери за обука за трговија со луѓе на академијата ТАДОЦ во Турција.

- Обука на оперативните работници во делот на примената на посебните истражни мерки во Одделението за електронското набљудување
- Набавка на оперативни средства, односно средства и опрема за електронско набљудување

- Заради зајакнување на техничката опременост на Одделението за Компјутерски криминал и фалсификати неопходно е да се изврши набавка на моќни компјутерски конфигурации со лиценциран оперативен систем со неограничен интернет пристап - инсталирање на АДСЛ линија во службените простории на Одделението, со 1Р адреси кои нема да бидат на име на МВР-РМ со цел на неограничен тресинг на веб страници со форуми за украдени броеви од кредитни картички и други производи, со што ќе можеме да учествуваме во конкретните инкриминарани договори на купопродажба. Потребна е набавка и на специјализирани лиценцирани софтвери за анализа на компјутери за следење на 1Р адресите со цел откривање на 1Р адресата на сторителот на кривичното дело на интернет.
- Потребно е и кадровско зајакнување на Одделение за компјутерски криминал и фалсификати, заштита на интелектуална сопственост. Потребно е и доекипирање на осумте регионални центнри на овој организационен облик . Во насока на зајакнување на капацитетот , потребни се информатички обуки за: истражување и начин на фалсификување на пари и кредитични картички, обука за специјализирани лиценцирани софтвери за анализа на комјутерски системи, обука за спречување детска порнографија преку интернет.

Неопходна е потребата од нови вработувања во Одделението за гонење на сторители на кривични дела од обласата на организираниот криминал и корупција во јавното обвинителство и во таа насока предвидено е кадровско доекипирање, и тоа:носител на јавнообвинителска функција, советник и во логистичките служби. Во мај-јуни 2008 година, во рамки на Твининг проектот при Јавното обвинителство ќе се реализираат стажирања на 10 обвинители во Националната дирекција за Антимафија во Рим

Се предвидува просторно, техничко и кадровско зајакнување на финансиската полиција, односно нови вработување на финаниски полицајци и технички персонал (администрација).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Заради стаандардизирање на процедурите на ДНК ке се изврши хармонизација на Резолуцијата на Советот од 9 јуни 1997 година за размена на резултати од анализи на ДНК (97/С 193/02) и Резолуцијата на Советот од 25 јуни 2001 година за размена на резултати од анализи на ДНК (2001/С 187/01) со изготвување на законска и подзаконска регулативаво со која ке бидат инкорпорирани решенијата од предметните ЕУ мерки.

Исто така ќе се изврши доусогласување на Кривичниот закон со Рамковната одлука на Советот 2001/413 JHA од 28.05.2001 за „Борба против измена и фалсификување на безготовински платежни средства“, OJ L 149 од 02.06.200, p.1. како и на Конвенцијата за компјутерски криминал и доплнителниот Протокол на Конвенцијата за компјутерски криминал, за инкриминација на дела од расистички и ксенофобистички вид, по пат на информатички системи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

- Реализација на квалитетни обуки и тренинзи на извршителите со цел постигнување на поголема ефикасност, професионалност и стручност во извршувањето на задачите.
- Обезбедување на натамошен развој на интегрираниот систем на криминалистичко разузнавање и анализа во согласност со ефектите и потребите кои ќе произлезат од практичната примена на криминалистичко разузнавачкиот метод во полицисјкото работење.

- Обука за претставници на Секторот за трговија со луѓе за:
- -Техники за идентификација на жртви на трговија
- -Современи методи за водење на криминалистички истраги за ТЛ со примена на проактивен метод
- -Водење на заеднички-меѓународни истраги
- Обуки на извршителите од СФК, по обкласти кои се поврзани со финансискиот криминал.
- кадровско зајакнување на финансиската полиција, односно нови вработување на финаниски полицајци и технички персонал (администрација).
- континуирана едукација на вработените на финансиската полиција во насока за поефикасна борба против организираниот криминал за кој е овластена да гони Управата, следење на трагата на парите како и соработка со меѓународните полициски организации

**СТРАНСКА ПОМОШ**
**ИНТЕГРАЛЕН ПРЕГЛЕД НА СТРАНСКА ПОМОШ**
**Полициска соработка и борба против организиран криминал**

Во рамки на Проектот за развој на криминалистичко разузнавање и анализа согласно Меморандум помеѓу Обединетото кралство и Министерство внатрешни работи за билатерална техничка соработка (техничка помош и едукација на кадри) ќе се продолжи со предвидените активностите со експерти од полициските служби на република Северна Ирска.Едукативна и техничка помош во зајакнување на персоналните и материјално техничките капацитети на единиците за криминалистичко разузнавање и анализа во рамки на ИЦИТАП програмата,

Констатирање на потреба за алокација на средства преку вклучување со проекти во ИПА 2008 фондови со цел подршка на натамошниот развој на криминалистичкото разузнавање и анализа и оперативното информатичко поврзување на базите на податоци;

Од страна на Генералниот Секретаријат на ИНТЕРПОЛ во Лион, под финансиско покровителство на Пактот за стабилност се очекува донирање комјутерска опрема за поврзување на полициски органи во МВР од највисок приоритет со информацискиот систем на Интерпол и овозможување на директен пристап до централните бази на барани лица, крадени возила и изгубени/украдени патни исправи.

Во првиот квартал на 2008 година предвидено е отпочнување на „Проект за помош во Развојот на Полицијата“ финансиран од ИПА фондовите (вкупен износ 9,4 милиони евра), чија водечка задача е целосно заокружување на реформскиот процес во полицијата

Во рамки на првата компонента на ИПА фондовите (која изнесува 7,7 милиони евра) ќе се реализира проектот ,,**Подршка на имплементација на Стратегијата за реформи во полицијата**,, со активности на советодавна и материјална подршка на процесот на реформи во полицијата заради обезбедување на конзистентност и континуираност на пристапот, консолидирање на напредокот веќе остварен и подржување на импулсот.
Во рамки на втората компонента (која изнесува 0,3 милиони евра) ќе се обезбедат советодавни услуги за подобрување на капацитетите на релевантните страни во борбата против организираниот криминал, со фокус на трговијата со луѓе.
Во рамки на третата компонента (која изнесува 1,6 милиони евра) ќе се обезбеди соодветна инфраструктура. Приоритетите за инвестиции ќе се определат во рамки на првата компонента.

Постои потреба од преземање на активности за отпочнување на твининг проект, за финансиската полиција, односно реактивирање на Предлог- твининг проектот со Италијанската финансиска полиција.
Со цел поуспешна борба против Трговијата со луѓе како организирана форма на криминалитет, СТЛ на краткорочен план 2007-2008год.влезе во заеднички регионален проект на УНДОЦ- канцеларија Белград.Целта на овој проект е заедничка обука и тренинг на истражни тимови и аналитички тимови од 7 земји за водење на заеднички операции-истраги за трговија со луѓе.

## 3.24.7 **БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во февруари 2007 година Министерството за внатрешни работи на Република Македонија донесе Упатство за постапките и мерките што ги презема Министерството за внатрешни работи по добиени сознанија за терористички операции.

Стратешки документи
Тргнувајќи од утврдените стратешки приоритети на Република Македонија за интегрирање во НАТО и Европската унија, а во тој правец и изградба на безбедносен систем компатибилен и соодветен со безбедносниот систем на НАТО како неопходен предуслов за рамноправно учество и членство на Република Македонија во меѓународните институции, Министерството за внатрешни работи, односно Управата за безбедност и контраразузнавање во идниот период ќе преземе низа мерки и активности, за чија цел изготвена е програмата „Национална безбедност и борба против тероризам„. Наведената програма е дел составен дел од Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2008-2010.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежни институции за преземање на мерки за борба против тероризмот се: Министерството за внатрешни работи (Управа за безбедност и контраразузнавање и Специјални сили – Единица за специјални задачи и Единицата за брзо распоредување), Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана (Воена служба за безбедност и разузнавање), Министерството за правда, Министерството за финансии (Финансиска полиција, Царинска управа, Дирекција за спречување на перење пари, Народна банка на Република Македонија), Агенцијата за разузнавање и во Јавното обвинителство на Република Македонија - Одделението за гонење сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, како и Меѓуресорско координативно тело за координирање на активностите во борбата против меѓународниот тероризам.

Согласно Законот за внатрешни работи и Законот за Агенцијата за разузнавање, Собранието на Република Македонија врши надзор над работата, ги надгледува активностите и развојните промени во оваа област преку „Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање„. Комисијата еднаш годишно доставува извештај за работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, до Собранието на Република Македонија.

Истовремено Претседателот на Владата на Република Македонија и Претседателот на Република Македонија преку заеднички разузнавачки информации на безбедносните служби се информираат за безбедносните состојби во државата и регионот.

Соработката меѓу Министерството за внатрешни работи (Управа за безбедност и контраразузнавање) и Министерството за финансии (Дирекција за спречување на перење пари) се одвива согласно Меморандумот за разбирање меѓу ресорните Министерства (декември 2006 година) и Протоколот за соработка во спречувањето и борбата против тероризмот и организираниот криминал помеѓу Управата за безбедност и контраразузнавање и Дирекцијата за спречување на перење на пари (јули 2007) .

Безбедноснитетите служби на Република Македонија остваруваат континуирана добра соработка со НОС (НАТО Канцеларија за безбедност), ИЛУ (Разузнавачка единица за врски) и ТТИУ (Разузнавачка Единица за терористички закани). Во текот на 2007 година во повеќе наврати беше остварена директна комуникација и одржани заеднички средби.
Со разузнавачките служби од земјите членки на НАТО, и земјите членки на Јадранската Повелба, безбедносните служби на Република Македонија, го кренаа и унапредија нивото на соработка и го зголемија интензитетот на меѓусебната комуникација. На мултилатерално ниво Управата за безбедност и контраразузнавање е постојана членка на Конференцијата на разузнавачки служби на Југоисточна европа како форма на усогласување на интересите и формирање на заедичка стратегија на земјите од Југоисточна Европа за превенција и сузбивање на заканите кои произлегуваат од меѓународниот тероризам (СЕЕИЦ).

Одделот за антитероризам и деминирање при Управата за безбедност и контраразузнавање врши континуирана обука на припадниците на останатите служби во Министерството за внатрешни работи и на Владата на Републике Македонија, во делот на справување со конкретни случаи на тероризам.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
На почетокот на јануари , предвидено е донесување на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик. Наведените измени се на линија на усогласување со: Конвенцијата за превенција на тероризмот на Советот на Европа и Меѓународната Конвенција за спречување на финансирање тероризам.

Во насока на усоголасување со Рамковната одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризам (32002F0475), потребно е да се предвиди измена во Кривичниот законик, во однос на казните предвидени за правни лица (согласно член 8 од Рамковна одлука) и во однос на кривичните дела поврзани со терористички активности (согласно член 3 од Рамковна одлука)

Исто така на почетокот на јануари 2008 година , предивдено е и усвојување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам, кој е во согласност со: Конвенцијата за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист пробавена од кривично дело и финансирање на тероризам (2005), со која се изменува и дополнува Стразбуршката конвенција (1990); Третата Директива на Европската Унија за спречување на користењето на финансискиот систем со цел за перење пари и финансирање на тероризам (2005); Препораките на ФАФТ за спречување на финансирање на тероризам.

Во тек се измени во Законот за кривична постапка, во насока на обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, односно заради обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка кои на друг начин не можат да се соберат или нивното собирање би било сврзано со поголеми тешкотии може да се нареди преземање на посебните истражни мерки за повеќе кривични дела, меѓу кои и за кривичното дело „тероризам„.

Во текот на 2008 година ќе биде ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа за спречување на тероризам.
По потпишувањето на Оперативен договор со EUROPOL, ќе се регулира начинот на соработка и размена на податоци во врска со истраги за терористички дела, согласно Одлуката на Советот за размена на информации и соработка за кривичните дела тероризам (32005D0671), од 20 септември 2005 година.

Потпишувањето на договорот за соработка со EUROJUST (декември 2008) ќе овозможи имплементирање на одлуката на Советот (32005D0671) од 20 септември 2005 година, во врска со размена на податоци за гонење и осудување во однос на кривичните дела на тероризам.

На почетокот на 2008 година Министерството за внатрешни работи ќе го усвои Упатството за антитерористичка заштита на објекти.

Ќе биде усвоен Елаборат за формирање на Центар за антитерористичка обука во Одделот за антитероризам и деминирање при Управата за безбедност и контраразузнавање.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се формира Центар за антитерористичка обука во рамките на Одделот за антитероризам и деминирање во Управата за безбедност и контраразузнавање.

Во текот на 2008 година ќе отпочне постапката за определување Национален координатор за антитероризам. Националниот координатор за антитероризам треба на национално ниво да ги координира активностите меѓу воените и цивилните разузнавачки и контраразузнавачки служби и агенции кои се однесуваат на подготовката и размената на разузнавачките податоци и информации меѓу НАТО и Република Македонија особено во борбата против тероризмот како приоритетна цел на меѓународната заедница.

Истовремено, ќе се зајакнат активностите што ги има Управата за безбедност и контраразузнавање во рамките на Конференцијата на разузнавачки служби на Југоисточна Европа, а ќе продолжи и со постапката за прифаќање на апликацијата за постојано членство во Средноевропската конференција (МЕЦ).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2009 година ќе биде ратификувана Конвенцијата за присилно исчезнати лица.
Ќе биде ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа против перење пари, претрага, заплена и конфискација на приходи од кривични дела и финансирање на тероризмот.

## 3.24.8 **БОРБА ПРОТИВ ДРОГА**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА
### ПРАВНА РАМКА

Донесен е Закон за прекурсори (Сл.весник на РМ 40/2007) заедно со подзаконските акти, кои се потпишани и се очекува да бидат објавени во Службен весник на РМ. Истите се делумно усогласени со релевантните ЕУ мерки. [38]. Донесен е Акционен план за контрола на droги кој е поделен во два дела: предимплементационен ( го покрива периодот од една година-2007.) и имплементационен (за период од 2008-20012);Согласно предвидената активност од Акциониот план, донесена е Стaратегија за комуникација за опојни дроги, прекурсори и психотропни супстанци;

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Согласно националната стратегија за борба против дроги, основана е Државна меѓуминистерска комисија за борба против дроги. Донесена е одлука на Владата на РМ за основање на Национален центар за дроги и зависности од дроги (СЛ.весник на РМ 62/2007) и во тек е негово техничко и кадровско опремување. Македонската царина воведе неколку нови техники како надгледување на транзитните транспортни возила , со помош на ГПС техника и поставени се камери на граничните премини.

Формирани се заеднички тимови на МВР и Министерство за здравство, кои работат на полето на контрола на прекурсори. Одржани се повеќе обуки работилници и семинари од областа на намалување на побарувачката на дрога (превенција, третман, социјална заштита, намалување на штети), како и повеќе едукативни и практични тренинзи за борба против диверзија на прекурсори од легални во нелегални канали. Одржани се повеќе обуки за вработените во Секторот за НТ со дрога- примена на посебни истражни мерки во борбата против НТ со дрога, како и повеќе семинари во повеќе градови во РМ за вработените на униформираната полиција на тема „Идентификации на наркотични дроги и техники на испитување на лица„ и др.). За одговорните лица на лабораториите на МЗ, МВР и судска медицина спроведена е практична и теоретска обука во партнерските земји Унгарија и Холандија (во рамки на КАРДС проектот) и истите се здобија со сертификати за идентификација и профилирање на опојни дроги, психотропни супстанци и прекурсори. Преку ова, се воспоставија врски со партнерските лаборатории за понатамошна соработка и размена на податоци.
На полето на зголемување на свесноста за опојни дроги, изготвени се информативни материјали за најчесто присутните нелегални дроги во РМ, кои се изработени на македонски и албански јазик во тираж од 50.000 примероци.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
### ПРАВНА РАМКА

Изготвен е Закон за опојни дроги, кој моментално се наоѓа во собраниска процедура и се очекува неговото донесување. Законот е изработен во соработка со експертите од Холандија и Унгарија во рамките на КАРДС Проектот Борба против криминал поврзан со дрога. Законот е целосно усогласен со Конвенциите на ООН за наркотични дроги, за психотропни супстанци, и за незаконитиот промет на опојни дроги и психотропни супстанци (1961/1972/1988) и Регулативата на Советот 1673/2000.

Кон крајот на 2008 година предвидено е донесување на Закон за евиденција во здравство, со кој ќе се овозможи реална статистика (имајќи ги во предвид квантитативните и квалитативните индикатори) бидејќи согласно постоечкото законодавство болестите на зависности се евидентираат во иста група.
Согласно Акциониот план за контрола на дроги, во текот на 2008 година предвидено е донесување на Програмите за превенција од дрога

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Се очекува Центарот следење на дроги и зависности од дрога да отпочне со работата во првиот квартал од 2008. Во тек е постапката за вработување на 1 лице.
Согласно Регулативата на Советот 302/93 од 8 февруари 1993 на почетокот на годината ќе се поврзе Центарот за следење на дроги и зависности на дрога со Европскиот центар за следење на дроги и зависности од дроги EMCDDA, со цел размена на информации и искуства во оваа област.
Со основањето на Центарот за следење на дроги и зависности од дрога ќе се поврзат трите институции кои ќе ги обезбедат податоците за дрога : Министерство за здравство- Републички завод за здравствена заштита, Министерство за внатрешни работи и Министерство за финансии- Царинска Управа. Центарот ќе ги обработува покрај податоците од 5-те

---

[38] .[38]Правилник за формата, соддржината и начинот на издавање на образецот за предизвозно информирање, Правилник за податоците кои треба да ги соддржи годишниот извештај на операторите кои вршат промет со прекурсори, Правилник за соддржината на барањата за дозвола за увоз, извоз, транспорт и транзит на прекурсори и образецот на дозволите за увоз, извоз, транспорт и транзит на прекурсори, Правилник за содржината на барањето, одобрението и начинот на издавање на одобрението за вршење на дејност- промет со прекурсори (точен наслов во база), Листа на земји кои бараат да бидат известени за планираниот извоз на прекурсори од РМ на нивна територија (точен наслов) и Правилник за формата содржината на изјавата за конкретната намена на прекурсорот

епидемиолошки индикатори за дрога и податоците поврзани со заплената на дрога. Покрај квантитативни, ќе се овозможи податоците да бидат и квалитативно и според меѓународни прифатливи стандарди.
По донесувањето на Законот за опојни дроги, ќе се воспостави Координативен Центарот за третман и намалување на штети кој ќе ја координира работата на сите центри на територија на РМ.
Во постапка е основање на регионални единици на локалната самоуправа, согласно Законот за рамноправен регионален развој и Законот за локална самоуправа. Дел од активностите на овие единици ќе бидат насочени и кон превенција од дрога. Предвидено е поврзување на Државната меѓуминистерска комисија за борба против дрога и регионалните единици, по нивното формирање. Целта е да се постигне заедничка корпоративна стратегија за преземање активности во оваа област.
Заради подобрување на меѓуресорската соработка предвидено е донесување на меморандуми за соработка од МЗ и други министерства,

- Меморандум помеѓу МВР, МЗ, ЦУ, МП и Министерство за земјоделие,
- Меморандум помеѓу МВР и МЗ
- Меморандум помеѓу МЗ и индустријата,
- Меморандуми помеѓу ДМКД и регионалните центри за дрога (9)

Ќе се спроведуваат и програмските активности на Годишна програма за државна меѓуресорска комисија за борба против дрога, кои опфаќаат:

- Развивање на корпоративна стратегија на национално и регионално ниво за контрола на дрогата (ДМКД и регионалните единици)
- Воспоставување на систем за проценка на магнитудите и трендовите за нелегалната злоупотреба на дрогите во земјата, регионот и на глобално ниво , во повеќето програмски активности. Со оваа активност ќе се добијат веродостојни информации за трендовите во нелегалната употреба на дрогите што ќе придонесе за подобрување на превентивните програми на сите нивоа.
- Програмата има за цел воспоставување на систем за известување на три нивоа- *на децентрализирано ниво* (регионалните единици до ДМКД), *национално ниво* – (надлежните институции до ДМКД) и меѓународно изветување – кое произлегува од Меѓународните конвенции, резолуции.
- Градење на капацитетите за подобрување на системот на пробирање и евалуација на податоците за дрога и зависности од дрога – оперативен центар за дроги и зависности од дрога кој ќе се поврзе со Европскиот Центар за дрога и зависности од дрога во Лисабон.
- Зголемување на свесноста и информираноста за дрогите на регионално и национално ниво, преку семинари, работилници, кампањи

Од страна на Секторот за НТ со дрога има потреба од одржување на обуки кој се состојат во размена на искуство во примена на посебните истражни мерки во борбата против недозволената трговија со наркотични дроги.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Целосното усогласувањето со ЕУ мерките кои се однесуваат на прекурсорите е предвидено за периодот по пристапување на Република Македонија во ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Предвидено е кадровско зајакнување на националниот Центар за Третман, намалување на штетите и социјална реинтеграција и ресоцијализација.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- КАРДС твининг проектот „Борба против криминал поврзан со дроги“.
- остварена е значајна соработка и поддршка од Амбасадата на Р Франција, при што се организирани повеќе едукативни и практични тренинзи за борба против диверзија на прекурсори од легални во нелегални канали. Тренинзите беа спроведени од експерти на Париската полициска бригада
- оддржани се повеќе обуки организирани од – ДЕА, ИЦИТАП, ОБСЕ

## 3.24.9 **ЦАРИНСКА СОРАБОТКА** (**види и Поглавје** 29)

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со измените на Законот за прекршоци,(Сл.В.бр. 62 Мај 2006 год) и измените на Законот за Царинска управа,(Сл.В.бр.107 Септември 2007 г.) исклучива надлежност за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција и посебна прекршочна мерка за сторен царински прекршок има царинскиот прекршочен орган односно Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Македонија.

Во делот на меѓународната соработка потпишана е Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на Министри на Украина за взаемна соработка во царинските работи на 21 септември 2007 година во Киев.Потпишани се Меморандуми за соработка со Кроација Еуролајн како и со Јапан Тобако Интернационал. Во Октомври 2007 донесен е Кодексот на однесување на цариниците .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Потпишан е новиот протокол (2007г.) помеѓу МВР, Биро за јавна безбедност и Министерството за финасии-,Царинска управа за соработка во спречување и борбата против организираниот криминал. Исто така потпишани се Меморандумите за разбирање меѓу МВР,Гранична полиција и Министерството за финасии- Царинска управа(29.12.2006г.) помеѓу Министерство за здравство и Министерство за финасии- Царинска управа и МВР,Дирекцијата за радијациона сигурност(20.06.2007г.,како и помеѓу Министерството за финасии- Царинска управа и Министерството за животна средина и просторно планирање (20.06.2007)

Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за финасии Царинска управа и МАТ.

Во текот на Ноември 2007 година во Охрид се одржа третата регионална конференција на царинските сектори. Основна цел на конференцијата е поврзувањето на оперативните центри,соработка и координација во борбата против криумчарењето на цигари, како и електронската размена на податоци и соработка помеѓу царинските разузнавачки служби.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

По ратификувањето на Конвенцијата за привремен увоз,Истанбулска Конвенција (СЛ.В.бр. 29 Март 2006 г) се очекува до крајот на 2007 година да биде ратификувана и Конвенцијата за олеснување и хармонизирање на царинските постапки(Ревидираната Кјото Конвенција).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Вработени се 45 лица во Царинската управа кои се ангажирани во Центарот за автоматска обработка на податоци како и при Царинарниците во Република Македонија. До крајот на 2008 година се планира кадровско зајакнување на Секторот за контрола и истраги како и во Царинарниците во РМ.

Во однос на развој и усовршување на методите за анализа на ризик и селективност во откривање на недозволена трговија и криминал, во текот на 2008 година ќе се постави систем за прибирање и обработка на податоци, како и автоматизација на процесот на извлекување на ризични профили

По однос на интерконекциите со ЕУ системите, во 2008 година предвидена е подготовка на NCTS и ITMS проектите, како и изготвување на ИКТ стратешките документи и пред се IIS стратегијата (имплементација на интероперабилноста). Притоа се предвидени и обуки по однос на ТЕМРО методологијата, реализација на соодветни организациони промени во рамките на секторот (HelpDesk и управување со проекти).

(види подетално Поглавје 29 Царинска соработка)

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Нехармонизираните области ќе бидат конечно усогласени во рамки на втората ревизија на царинското законодавство, што значи дека Република Македонија ќе почне да ги применува нив како дел од *Acquis* на денот на влегување во Европската унија. Овие области, посебно се однесуваат на: правилата за потекло на стоките - усвојување на правилата за непреференцијално потекло на стоките и на правилата што ги применува Европската унија во поглед на окупираните територии и правилата за примена на GSP; специјални правила и документи кои се применуваат на царинските стоки кои се движат помеѓу земјите членки; специјални правила за размена на различни видови на информации за спроведување на царинските прописи помеѓу земјите членки, или помеѓу земјите членки и Комисијата. Истовремено ќе отпочне имплементацијата на Заедничката Комуникациска Мрежа (Common Communication Network (CCN) и ќе се пристапи кон развивање на предлог за воведување на Нов Компјутеризиран Транзитен Систем (NCTS). Ќе започнат и подготовки за ратификација и имплементација на Конвенцијата за взаемна помош и соработка помеѓу земјите членки на ЕУ од 1997 год.

(Naples II) и Конвенција за користење на информатичка технологија за цирински цели (CIS), а нивно конечно ратификување и имплементација ќе следи по влезот во ЕУ. (види подетално Поглавје 29 Царинска соработка)

**ИНСТОТУЦИОНАЛНА РАМКА**
РМ работи на креирање интегрален систем на разузнавање и заедничка база на податоци што ќе ја користат сите државни органи вклучени во борбата против организираниот криминал. Зголемувањето на капацитетот на царината за борба против прекуграничниот криминал е приоритет на овој план. За поефикасната царинска соработка ќе се обезбеди соодветно ниво на инфраструктура и опрема, вклучувајќи компјутеризација и соодветни капацитети за истраги, како и востановување на ефикасна царинска организација со доволен број квалификувани и мотивирани кадри со висок степен на интегрите

## 3.24.10 **ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Инкриминацијата на кривичното дело-фалсификување на евра и други странски валути е содржана во чл.268 во Кривичниот законик (Службен весник на Р.М. бр37/96, 80/99,4/02 и 19/04).[39] Постапката за евиденција на фалсификуваните евра и други странски валути во МВР е уредена со “Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата“(Сл.весник бр.78/07).[40]

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Народна Банка е надлежна институција во однос на фалсификувањето на националната валута- денар во чии рамки функционира Дирекција за трезорско работење-каде се врши експертиза на фалсификуваните односно сомнителни домашни пари.

Согласно организациската поставеност во Министерство за внатрешни работи во рамките на Одделот за организиран криминал е формирано Одделение за комјутерски криминал и фалсификати на пари. Наведеното одделение е надлежно за спроведување, превенција, откривање-докажување и документирање и кривично-правно процесуирање пред надлежните судови за докажување на кривичното дело и кривичната одговорност на организирани криминални групи, кои се занимаваат со производство и дистрибуција на фалсификувани пари.

Во Одделението за компјутерски криминал се води регистар за откриени фалсификувани пари, фалсификувани парични единици-евра и други фалсификувани странски валути. Во насока на обезбедување, превенција и документирање во Одделението за компјутерски криминал и фалсификати на пари се води евиденција за кривични дела поврзани со фалсификување на пари и др.хартии од вредност.[41] Надлежност во однос на форензичкото вештачење на фалсификувани банкноти-евра и други странски валути има Одделението за испитување на спорни документи во Одделот на Криминалистичка техника при МВР на Република Македонија.Наведеното одделение врши анализа на странски банкноти во поглед на нивната оргиналност, изработка на наод и мислење за (не)оргиналноста на банкнотите, изработка на фото документација за банкнотите кои биле предмет на анализа како и евиденција за видот на банкнотите кои биле предмет на анализа (ЕУР, УСД и др.). Одделението за испитување на спорни документи во Одделот на Криминалистичка техника при Министерството за внатрешни работи води евиденциии за номинална вредност на банкнотите, нивниот сериски број и бројот на плоча на која се банкнотите.Еднаш годишно се прави извештај за бројот на фалсификуваните банкноти кои во текот на годината биле предмет на анализа преку НЦБ-Интерпол-Скопје и наведениот извештај се доставува до Интерпол-Лион.

Во случаи кога се работи за фалсификувани банкноти со повисок квалитет од страна на организирана група постапува Одделот за организиран криминал и Одделението за борба против сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата при Јавното обвинителство на РМ.

[39] Според чл.268 фалсификувањето на пари е кривично дело за кое се гони по службена должност и за стореното на извршителот на делото,може да му се изрече казна затвор од една до десет години, а за квалифициран облик на делото од најмалку пет години.
[40] Во наведениот правилник уредени се процедурите за водење регистар за откриени фалсификувани пари, фалсификувани парични единици-евра и други фалсификувани странски валути.

[41] Во наведената евиденција се евидентираат досегашните откриени и расветлени случаи по градови и места на употреба, видот на фалсификуваната валута, употребената техника за изработка на фалсификатот, утврдување на неговото потекло, видот на хартијата, лица кои учествувале во набавка и дистрибуција, како и други учесници кои ги пуштиле во промет фалсификуваните банкноти и др. податоци

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:
**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на усогласување и хармонизацијата на македонското законодавство со Рамковната Одлука на Совет( целекс бр.32000Ф0383 од 29 мај 2000 година), за заштита на еврото од фалсификување, потребно е да се извршат измени и дополнувања на Кривичниот Законик на Република Македонија, со кои ке се заостри казнената политика за минимум затворска казна од 8 години предвидена во горенаведената одлука.

Во 2008 година ќе биде донесен нов Закон за Народна Банка со кој согласно европската регулатива за заштита на еврото, надлежноста во однос на вештачењето на фалсификуваните евра и други странски валути ќе ја превземе Народна Банка на Република Македонија. По донесувањето на наведениот закон во насока на усогласување со Одлука на Советот од 06.12.2001 година за заштита на еврото против фалсификување (целекс бр.32001Д0887), во Народна Банка на Република Македонија ќе се воспостави Национален аналитички центар за фалсификувани евра и други странски валути). Врз основа на Новиот Закон за Народна Банка ќе биде донесено упатството за начинот на пријавување на фалсификати на евра и начинот на постапување при откривањето на фалсификатите до сите банки и други надлежни банкарски организациони единици како и до Министерството за Внатрешни работи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**:

- Формирање на Национален аналитички центар во рамки на Народна Банка кој ќе биде надлежен за екпертиза и евиденција за сомнителните или фалсификувани евра и други странски валути во текот на 2008 година .
- Техничко опремување на Одделението за комјутерски криминал со 8 комјутери во период од Јануари 2008-Декември 2008 година.Паричните средства во вредност од 915.000 денари за набавка на комјутерите веќе се предвидени во буџет на Министерството за Внатрешни работи за 2008 година;
- Кадровско доекипирање на Одделението за комјутерски криминал кое е задолжено за фалсификување на еврото.Во текот на 2008 година согласно постоечката систематизација планирано е вработување со превземање од другите организациони единици на Министерството за внатрешни работи на еден самостоен и еден главен инспектор.
- Министерството за Внатрешни Работи во период од 01.01.2008 до 31.03.2008 година ќе изготви програма "Нови методи и мерки за откривање на фалсификување на пари" за специјализирана обука на вработените за заштита на еврото од фалсификување
- Обука на 2 вработени од Одделението за комјутерски криминал, 2 вработени од Одделение за испитување на спорни документи и двајца преставници од Народна Банка.Обуката ќе се одвива по изготвената програма "Нови методи и мерки за откривање на фалсификување на пари" во период од Јуни-Декември 2008 година. Паричните средствата кои се неопходни за спроведување на обуката, планирано е да се обезбедат од странска помош во рамките на проектот "Перикле".

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**:
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**:

- Обука на 16 овластени службени лица од 8 подрачни организациони единици на Надворешните канцеларии кои работат на фалсификување на еврото.Обуката ќе се одвива во периодот од Февруари –Декември 2009 година. . Паричните средствата кои се неопходни за спроведување на обуката, планирано е да се обезбедат од странска помош во рамките на проектот "Перикле".
- Континуирано следење и обука со цел успешно справување со нови криминални дејствија што се извршуваат преку современи начини за електронско плаќање воспоставен од страна на Европската Агенција за Реконструкција преку проектот "Перикле"

**СТРАНСКА ПОМОШ**
**Странска подршка**:

- проект "Перикле" кој е воспоставен од страна на Европската Агенција за Реконструкција кој овозможува континуирано следење и обука со цел успешно справување со нови криминални дејствија што се извршуваат преку современи начини за електронско плаќање;

## 3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

### 3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во изминатиот период Владата на Република Македонија, работеше на доусогласување на новиот Закон за научно-истражувачка дејност со Законот за високо образование. Новиот Закон за научно-истражувачка дејност се очекува да биде усвоен од страна на Собраните на Република Македонија до крајот на првото тромесечие на 2008 година . Донесувањето на новиот закон беше условено од воочувањето на одредени слабости во законодавството во ова подрачје како и потребата од креирање на нова правна рамка која ќе кореспондира со политиките на истражување на ЕУ. Во овој закон вметнати се насоките од Преораките на Советот на ЕУ бр. 2005/601/ЕЕЗ.

Со цел исполнување на насоките на Лисабонската Агенда, во Буџетот за 2008 година е предвидено зголемување на средствата за наука и технолошки развој.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2007 година беше формиран нов состав на Советот за научно истражувачка дејност кое е експертско и советодавно тело на министерот надлежен за работите од областа на науката.

Советот изврши евалуација на научно истражувачките проекти за 2006 година, кои беа финансирани од страна на Министерството за образование и наука.На овој конкурс беа пријавени вкупно 166 проекти од кои 149 ги исполнуваа конкурсните услови.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

1. Донесување на “Закон за научно истражувачка дејност” со кој ќе се уредуваат начелата, целите и облиците на организирањето и управувањето на научно истражувачката дејност. Во овој закон ќе се утврдуваат обврските кои ќе се финансираат од државниот буџет и од други извори, а кои ќе бидат насочени кон постигнување на целите на општествениот и стопански развој на Република Македонија.

2. Во рок од три месеци по донесувањето на Законот за научно истражувачка дејност, Министерот ќе ги донесе следните подзаконски акти:

- Правилник за постапка и поблиски критериуми за финансирање и надзор на годишните програми за научноистражувачка дејност на субјектите на научноистражувачката дејност;
- Правилник за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти односно програми;
- Правилник за постапката и поблиските критериуми за софинансирање на издавачката дејност;
- Правилник за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научноистражувачки кадри;
- овој правилник ќе се усогласи со ЕУ мерката : Commission Recommendation of 11 March 2005 on the European Charter for Researchers and on a Code of Conduct for the Recruitment of Researchers (Text with EEA relevance)*Official Journal L 075, 22/03/2005 P. 0067 – 0077* celex no. 32005H0251
- Правилник за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање;
- Правилник за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни и соработнички звања;
- Правилник за начинот и постапката на водење бази на податоци.

Во овој правилник ќе биде вградена регулативата на ЕК за имплементација на одлуката на Парламентот на ЕУ и Советот на ЕУ , која се однесува на статистиката во науката и технологијата. Celex no.32004R0753

3. Донесување на Националната програма за научноистражувачка дејност на Република Македонија. Националната програма за научноистражувачка дејност на Република Македонија произлегува од националните развојни стратешки документи на Република Македонија. Со оваа Национална програма се утврдуваат развојните правци и приоритетите за финансирање во научноистражувачката дејност.Во Националната програма се утврдуваат појдовните основи, целите, содржината и обемот на задачите во областа на науката, начинот на нејзиното координирање и спроведување, потребната истражувачка инфраструктура, начинот на финансирање на научноистражувачката дејност, проекции за потребите од кадри за науката и показателите за следење на ефикасноста на остварувањето на научноистражувачката дејност. Во оваа програма ќе се следат насоките од Communication from the Commission to the Council, the European Parliament, the Economic and Social Committee and the Committee of the Regions - Towards a European research area/* COM/2000/0006 final */ Celex no. 52000DC0006

4.Донесување на “Закон за поттикнување и помагање на технолошки развој”.
Целта на “Закон за поттикнување и помагање на технолошки развој”, е понагласена улога на технолошкиот развој во остварувањето на целите на континуираниот економски развој во државата преку директно поврзување на науката со економијата. Преку овој закон се прецизираат носителите на технолошата инфраструктура и се утврдува начинот на финансирање на дејноста.

5. Донесување на Правилник за начинот на користење на средствата за поттикнување и помагање на технолошки развој кој произлегува од Законот за поттикнување и помагање на технолошки развој

6. Донесување на Програма за технолошки развој(четиригодишна)

7.Подготвителни активности за креирање на интегрирана истражувачка политика:
- Обука за „Креирање на интегрирана политика во истражувањето“-TAIEX вкупно 30 лица;
- Информација до Владата на Република Македонија во врска со подготовката на програмата за интегрирана истражувачка политика;

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
1. Формирање на Одбор за етичност
2. Формирање на Национален Комитет за развој на научноистражувачката дејност и технолошки развој во Република Македонија;
3. Прогласување на Центри за извонредност
4. Формирање на Центар за трансфер на технологија (технолошки центар/технолошко јадро);
5. Формирање на Научно-технолошки парк
6. Кадровско доекипирање во Сектор за наука и технолошки развој,- соодветно во Одделението за меѓународна соработка и 7-ма Рамковна програма; Одделението за проекти во науката и Одделението за технолошки равој и техничка култура во 2008 година

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
1.Формирање на работна група за подготовка на Програма за интегрирана политика во истражувањето.
2. Подготовка и усвојување на Програмата за интегрирана политика во истражувањето од страна на Владата на Република Македонија
3. Имплементација на интегрирана истражувачка политика

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
1.Во 2009 и 2010 година предвидено зголемување на бројот на Центрите за извонредност, технолошките паркови и технолошките јадра, доколку претходно се обезбеди успешно функционирање на истите.
2.Кадровско доекипирање во Сектор за наука и технолошки развој – соодветно во Одделението за меѓународна соработка лице, и 7-ма Рамковна програма; Одделението за проекти во науката ; Одделението за технолошки равој и техничка култура во 2009 година и во текот на 2010 година.

## 3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во рамки на Шестата рамковна програма во Република Македонија се финансирани 45 проекти со 6.2 милиони евра.
Меморандумот за соработка за 7-ма Рамковна Програма беше потпишан на 13ти Јуни 2007, а истиот започна да важи од 1ви јануари 2008 година.
Во моментот се формирани 12 NCP-а(Национални Контакт точки) за оваа програма, кои ги покриваат сите релевантни приоритети.
На повиците во 2007 година, беа поднесени 129 апликации од Република Македонија, од кои успешни се 15 проекти, со буџет од 2.023.980 евра.
Базата на научни работници од Република Македонија регистрирани во ERA WEST RESEARCH NET е значително зголемена, и треба да се работи на уште поголемо учество на овие работници во оваа база.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

1. Подигање на свеста за можностите од 7- мата рамковна програма и на степенот на подготвеност и обученост на научната јавност кои ќе аплицираат за проекти од 7- мата рамковна програма од страна на Министерството за образование и наука. Оваа цел ќе се реализира преку семинари,инфо денови, обуки и презентации со кои ќе бидат опфатени државните и приватните универзитети, јавните и приватните научни установи и самостајните истражувачи .
2. Зголемено учество во 7- ма Рамковна програма преку апликативни проекти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за образование и наука, беше формирано Одделение за меѓународна соработка во науката и 7- ма Рамковна Програма. Со оглед на обврските кои се планираат за оваа програма, предвидено е ова одделение да се издигне на повисоко ниво.

1. Формирање посебна Канцеларија или посебно Одделение за 7ма Рамковна Програма во рамките на Министерството за обарзование и наука, во чија работа активно ќе бидат вклучени и NCP - ата за 7- ма рамковна програма.

Предвидено зајакнување на капацитетот на одделението.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

1.Континуирана дисеминирнација на информации за 7- ма Рамковна програма со цел обезбедување транспарентност на повиците од програмата

2.Квантитативно и квалитативно зголемување на учеството во проектите на оваа програма, до крајот на 7-ма Рамковна Програма.

## 3.25.3 **ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Република Македонија учествуваше во 32 акции од програмата COST, за периодот од 2006 година и 2007 година од кои што една акција беше предложена од Република Македонија.
Во 2007 година беше лансиран Пилот заедничкиот конкурс, во рамките на програмата SEE ERA NET при што беа 15 проекти се одобрени за Република Македонија, со што Република Македонија се рангира на трето место веднаш по Грција и Србија по успешност на одобрени проекти.
Во 2007 година Република Македонија стана партнер во во имплементацијата на програмата INCO-NET, преку која ќе се обезбедат можности за поголемо учество на научната јавност од земјите од Западен балкан во истражувачките активности и проекти во Европскиот Истражувачки Простор (ЕРА). Имплементацијата на оваа програма ќе трае 2 години.
Истражувачката работа на локално ниво во сите програми освен во COST е финансирана од Европската Комисија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

1. Активности за одржување на инфо денови за COST и за SEE ERA NET+ и презентирање на програмата SEE ERA NET+ во научноистражувачките институции

2 Имплементација на INCO-NET со цел зголемено учество на научната јавност од Република Македонија во Европскиот Истражувачки Простор, преку одржување на соодветни обуки, инфо денови и креирање стратегии

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

1. Организирање „Обука за администрирање и менаџирање со програмите на Европската Унија" на 30 лица

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

1. Зголемено учество во програмите на SEE ERA NET+,COST,

## 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**Основно образование**
Во текот на 2007 беа донесени подзаконски акти кои произлегуваат од "Законот изменување и дополнување на Законот за основно образование" ("Службен весник на РМ бр.63.04") , предвидени во НПАА 2007.

До декември 2007 година успешно се завршени неколку реформски процеси во основното образование:
- донесена е Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (направена е квалитативна и квантитативна анализа);

Донесен е "Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование" (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 51/07 ). со што се овозможи законска рамка за отпочнување на деветгодишното основно образование во учебната 2007/08 година.

Од страна на Бирото за развој на образованието донесени се:
- нови наставни програми за прво, второ и трето одделение за деветгодишно основно училиште;
- иновирани наставни програми за прво одделение за осумгодишно основно училиште;
- иновирани наставни програми за децата со посебни образовни потреби во основните училишта.

За успешно имплементирање на новите наставни програми од страна на БРО се организирани обуки на наставниците по принцип на регионални семинари во кои беа вклучени повеќе од 3.000 наставници. Изработени се прирачници за наставниците за реализација на наставата по новите наставни програми во прво одделение, како и прирачник за наставата по англиски јазик за прво одделение подготвен од страна на експерти од Британскиот Совет во Република Македонија, советници и наставници од практиката. Во тек е реализација на семинарите за описно оценување на учениците за сите наставници кои ја реализираат наставата во прво одделение (3.000 наставници) во осумгодишното и деветгодишното основно училиште.

**Средно образование**
Донесен е Правилник за начинот за верификација на средното училиште, формата и содржината на регистарот (Службен весник на РМ бр.81/07) кој произлегува "Законот за изменување и дополнување на законот за средното образование образование" ("Службен весник на РМ бр.67.04")

Донесен е нов Правилник за начинот полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското и во средното стручно образование (објавен е во службен весник на РМ бр.140/07) кој произлегува од Законот за изменување и дополнување на законот за средното образование образование ("Службен весник на РМ бр.67.04")
Се донесе " Законот за дополнување на Законот за средното образование" со кој се воведува задолжително средно образование од учебната 2008/2009 година.
Во овој период се врши набавка на дополнителна опрема (клупи, столчиња и др.) во сите средни училишта (заедно со основните училишта вредноста на набавката е 2.700.000,00 евра). Средствата ги обезбеди Владата на Република Македонија.

Во Република Македонија за прв пат оваа година во рамките на Бирото за развој на образованието (според Законот за Бирото за развој на образованието) се формира посебен сектор за професионален развој на воспитно-образованиот кадар (наставници, стручни служби, директори). Овој сектор на БРО ја врши акредитацијата на програми, а тие во следните две години ке бидат финансирани од страна на Проектот ,,Модернизација на образованието. Се прави стратегија како државата, локалната власт и училиштата во иднина да го преземат на себе финансирањето на обуките.

**Сртучно образование и обука**
Согласно Законот за стручно образование и обука од страна на Владата на Република Македонија формиран е Совет за стручно образование и обука, како највисоко советодавно тело во кое ќе се креираат стратешките политики во стручното образование и обука. Во Советот со свое учество партиципираат претставници на државните органи, социјалните партнери (од работодавачите и од синдикатот на работниците), на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и на Агенцијата за вработување.

**Образование на возрасни**
Во 2007 беше изготвен и доставен во собраниска постапка ‘Законот за образование на возрасните” (Службен весник на Република Македонија бр. 7/08, ). Во одредбите на Законот за образование на возрасните е вградена следната ЕУ мерка: Одлука на Советот од 27 јуни 2002 за доживотно учење, 2002G0709(01).
Со “Законот за образование на возрасните” се создава правна рамка со која се регулира образованието на возрасните, кои установи и институции можат да го реализираат тој вид на образование, видовите и формите на образованието на возрасните, формирање на посебна установа која ќе биде задолжена за развивање на политиките за развој на образованието на возрасните, како и формирање на посебно стручно тело во кое ќе партиципираат претставници од сите заинтересирани субјекти за образованието на возрасните, кои ќе ги дефинираат и предлагаат стратешките приоритети во ова образование.

**Децентрализација во образование**
Во месец септември започна втората фаза од фискалната децентрализација во основното и средното образование. Од вкупно 84 општини и градот Скопје, 51 општина ги исполнија критериумите за да започнат со втората фаза. Од септември 2007 година овие 51 општини започнаа да ги исплаќат и платите на вработените во училиштата (преку блок дотации). Општините ги усвоија постапките за распределба на средствата на општините и на градот Скопје кои се исплаќаат на два начина со наменски, односно блок дотации преку зајакнување на своите кадровски капацитети и во соработка со централната власт.

**Високо образование**
Во 2007 година, се основаа две државни високо образовни институции, Универзитет “Гоце Делчев” во Штип со закон за основање („Службен весник на Република Македонија” број 40/07), и Факултетот за администрација и менаџмент на информациони системи во состав на Универзитетот “Св.Климент Охридски” во Битола со закон за основање („Службен весник на Република Македонија” број 51/07 ) и истите отпочнаа со работа.
Во делот на признавањето на странските високообразовни квалификации, во април 2007 година е донесен “Законот за изменување на Законот за високото образование” (“Службен весник на Република Македонија” број 51/2007), со кој се изврши поедноставување на постапката и скратување на роковите за признавање на странските високообразовни квалификации.
За конкретна примена на одредбите од Законот, се донесе Правилник за начинот и постапката за еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации и потребната документација („Службен весник на Република Македонија број 65/07).

Во текот на 2007 година се изработи Предлог на Закон за високото образование како втора фаза од донесување на овој закон. Законот се наоѓа во собраниска постапка.

**Програми на заедницата**
За програмите “Млади во акција” и “Доживотно учење”, основана е Национална Агенција за европски образовани програми и мобилност. Националната Агенција претставува административен предуслов за користење на овие два програми на заедницата. Истата е основана со посебен закон (Службен весник на РМ бр.113/ 07).
Избран е Управниот одбор на Националната Агенција и назначен е директор.

**Млади**
Донесен е “Законот за волонтерство” кој е усогласен со член 11 од Директивата 32004L0114, и донесени се подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за волонтерство.

Национална стратегија за млади – Акционен план - Беше завршена „Кампањата за поттикнување на имплементацијата на Националната Стратегија за млади“ со цел да се засегнат надлежните институции на локално и национално ниво да ги приоретизираат потребите на младите и да се вклучат во имплементацијата на Националната Стратегија за млади на РМ. Се изготви програма за изработка на Акционен План за Имплементација на Националната Стратегија за млади.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
( **основно** , **средно** , **стручно образование и обука и образование на возрасни**)
**ПРАВНА РАМКА**
Стратешката определба за реформа во образованието ќе резултира со донесување на Законот за основно и Законот за средно образование со кои ќе се заокружи концептот на воведување на деветолетка , односно задолжително средно образование.

1. Одржување на испитите за екстерно оценување на учениците во средното образование: државна матура, училишна матура и завршен испит.
2. Имплементација на реформите во областа на стручно образование и обука (поврзан со состојбата на пазарот на труд)
Во наредниот период следните активности ќе бидат реализирани од страна на ЦСОО:

- изработка на концепција за стручно оспособување
- изработка на .концепција за стручно образование за занимања
- изработка на концепција за постсредно образование и доживотно учење (во соработка со социјалните партнери)
- изработка на нови и иновирани наставни програми за четврта година од техничкото образование за образовните профили
- изработка на модуларни пакети
- изготвување методологија за изработка на стандарди за стручни квалификации за занимања
- изготвување стандарди за стручни квалификации за занимања
- изготвување на наставно програми за образовните профили за стручно оспособување и за стручно образование за занимање
- обуки на советниците од ЦСОО од страна на странски и домашни експерти од област на : изготвување на стандарди за стручни квалификации, обука за примена на доживотно учење. Врз основа на ова , понатака ќе се изврши дисеминација на стекнатите знаења од страна на советниците од ЦСОО на наставниците во стручните училишта преку организирање обуки
- изработка на документ за стручно усовршување на наставниците

Ќе се донесат подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за стручно образование и обука:

- Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот за стандарди на занимања
- Одлука за основање на Национален совет за стручно образование и обука
- Правилник за норматив за стандарди за опременост и простор за остварување на практична обука на учениците
- Правилник за норматив за стандардот за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука на учениците
- Правилник за содржината, формата и процедурата на потпишувањето на договорот за практична обука на учениците
- Испитните програми за мајсторскиот испит
- Испитните програми за стручна оспособеност за занаетчиски дејности
- Концепција и правилник за структурата, организацијата и реализацијата на испитите на крајот од секој вид на стручно образование и обука
- Правилник за содржината, формата и начинот на издавањето на дипломите и уверенијата за стручно образование и обука
- Правилник за нормативот за кадарот во постсредното образование и обука

5. Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за образование н возрасните:

- Одлука за основање на Центар за образование на возрасните
- Правилник за содржината, формата и постапката на потпишувањето на договорот за вклучување во образованието на возрасни
- Правилник за норматив за стандардите за опремата и просторните услови за понудувачите на образованието на возрасните
- Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на централниот регистар и на општинскиот регистар за установите и институциите кои реализираат јавно признати програми
- Правилник за називот, содржината и формата на сертификатите
- Правилник за содржината и формата на документацијата и евиденцијата од образованието на возрасните

**ИНСТИТУЦИОНАЛНО РАМКА**

1. Дистрибуирање на компјутерите како понатамошноа фаза во имплементација на Проектот ,,Компјутер за секој ученик" во средните училишта до април 2008 година и во основните училишта до крајот на 2008 година. Компјутерите нема да бидат користени само за предметот информатика, туку во сите наставни предмети.

2.Подобрување на условите за работа во основните и средните училишта преку проектот "Санирање на санитарните јазли" со кој ќе се подобрат здравствено – хигиенските услови во училиштата во Република Македонија.

3.Основање на одделение за EURYDICE кое што ќе биде во состав на Министерството за образование и наука. Одделението ќе почне со работа во средината на 2008 година подразбира и вработување на нови кадри. Оделението ќе биде задолжено за соработка со Европската канцеларија на EURYDICE.

4.Основање на Центар за образование на возрасните, како установа во која ќе се интегрираат интересите на сите инволвирани во образованието на возрасните - работодавачите, корисниците на овие услуги, државните органи, установи, приватниот сектор и други, како и кадровски зајакнувања на Центарот

5. Организирање на обуки, кампањи во рамките на образованието на возрасни со цел подигање на образовното ниво на населението

6.Зајакнување на капацитетите на Државниот просветен инспекторат со вработување на нови кадри

7. За подобрување на условите и квалитетот во образованието во Република Македонија во моментот се реализира проект за изградба на училишни сали чија вкупна вредност од е околу 53 милиони евра и тоа буџетски средства и средства од заем од ЦЕБ. Опфаќа изградба на 145 училишни фискултурни сали во основните и средните училишта.
Проектот се состои од два потпроекта:
Изградба на училишни фискултурни сали во основните училишта и опфаќа изградба на 115 училишни фискултурни сали. Средствата ќе бидат во целост обезбедени од Буџетот на Република Македонија и изградба на училишни фискултурни сали во средните училишта кој опфаќа изградба на 30 училишни фискултурни сали. Средствата за реализација на овој проект ќе бидат обезбедени со заем од ЦЕБ(90%) и буџетски средства(10%). Како дел од проектот е и обезбедувањето на потребната опрема за училишните сали
8. Министерството за образование и наука по завршувањето на обврската на USAID за двегодишно обезбедување на интернет, во јануари ќе распише тендер за понудувач на интернет конекција за основните и средните училишта.
9. Кадровско зајакнување на сектор за ЕУ во МОН

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
1. Донесување на подзаконски акти кои ќе произлезат од новиот Закон за основно образование

2.Донесување на подзаконски акти кои ке произлезат од новиот Закон за средно образование
3... Продолжување на активностите на Комисијата која работи на изготвување на Националната рамка на квалификации со активностите со цел воспоставување на кохерентен систем на квалификации

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
1.Кадровско зајакнување на Сектор за ЕУ во МОН
2.Кадровско зајакнување на Центарот за образование на возрасни
3.Формирање и екипирање на Државен испитен центар во чија надлежност ќе биде подготовка и реализација на испитите од државната матура како и спроведувањето на екстерните оценувања на знаењата на учениците во основните и средните училишта
4. Кадровско зајакнување на Центарот за стручно образование и обука

**ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ**
**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
1.Донесување на " Закон за високото образование" како втора фаза од донесување на овој закон. Законот се наоѓа во собраниска постапка.
Со предложениот "Закон за високото образование", се врши конкретно нормативно имплементирање на принципите на Болоњската декларација, особено по однос на: усвојување на систем на лесно препознатливи и споредливи степени на образование, воведување на студиските програми во три циклуси; вреднување на студиските програми со кредитни поени, како што е ЕКТС; воведување модули, курсеви и студиски програми со европска содржина и ориентација и студиските програми за заеднички степени; обезбедување на механизми за зајакнувањето на вработливоста на дипломираните студенти на европскиот пазар на работна сила како што е доживотното учење;доградување на воспоставениот систем за обезбедување квалитет со вклучување на претставници на студентите, работодавците и социјалните партнери, вградување на меѓународна димензија во евалуационите процеси преку учество на странски експерти и асоцијации во евалуацијата, вклучуање во Европската мрежа на за обезбедување на квалитет - ENQA, како и усогласување со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во европскиот простор за високо образование; создавањето на

нормативно-правни претпоставки за нова организациска структура на државните универзитети и нивна трансформација во интегрирани универзитети, со функционално и организационо поврзување на факултетите во нивен состав.

2. Донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за високо образование

3. Универзитетите ќе започнат со издавање на бесплатна Додаток на диплома. За оваа цел се планирани средства во Буџетот за 2007 година во износ од 2 милиони денари

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
1. Понатамошна иплементација на Болоњскиот процес
2.Континуирано привлекување на странски инвестиции во насока на отварање на високообразовни установи од реномирани странски универзитети.

### 3.26.1 ПРОГРАМИ НА ЗАЕДНИЦАТА

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**Завршување на подготовките за** Life long Learning
1. Донесување на посебните акти за работа на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност
- Статут на НА
- Акт за систематизација на НА
- Работна програма на НА која ќе вклучува две попдпрограми:
-Доживотно учење-
-Млади во акција-

2.Потпишување на Меморандумот за разбирање за програмите "Млади во Акција" и "Доживотно учење". Со потпишувањето на Меморандумот за разбирање и плаќањето на влезен влог (entry ticket) од страна на Владата на Република Македонија ќе се овозможи полноправно учество и користење на овие два програми .
3. Потпишување на Меморандум за разбирање учество во програмата Европа за Граѓаните и плаќање на влезен влог (entry ticket)
4. Кадровско зајакнување на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност
5. Обука на вработените
6. Техничко опремување на НА и обезбедување простор

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
1.Кадровско зајакнување на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност
2.Преминување на CEEPUS (ЦЕПУС)од Министерството за образование и наука, во координација на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност.
3. Преминување на ERASMUS(ЕРАЗМУС) и ERASMUS MUNDUS (ЕРАЗМУС МУНДУС) од Министерството за образование и наука во координација на Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност.

### 3.26.2 МЛАДИ

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
1. Креирање на ЛМС - Креирање на Локални Младински Стратегии во пет поголеми општини во РМ.
2.Креирање на Акционен план за имплементација на Националната стратегија за млади., усвојување и публикување на АП 2009 и негова презентација во јавноста
3. Формирање на посебна Комисија за млади во рамките на Собранието на Република Македонија

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
1.Имплементацијата на Националната стратегија за млади
- имплементација на Националната стратегија за млади според утврдените предлози од Акциониот План 2009 за секоја младинска проблематика поединечно
- Вклучување на АП 2009 во локалните планови на општините
- Изработка на годишна програма за имплементација на предвидените мерки на локално ниво.

2. Креирање на ЛМС - Креирање на Локални Младински Стратегии во уште пет поголеми општини во Република Македонија.

3. Изработка на Стратегија за младинско вработување која ќе ги вклучи следниве активности:

- развој на работна програма за имплементација со детални проектни компоненти.
- изработка на буџет за изработката и имплементацијата на стратегијата.
- изработка на системи за евалуација и мониторинг.
- дефиниција на нормативни документи во сферата на младинската политика, Младинските невладини организации и локалните младински политики.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

"Проект за доживотно учење" - проект од програмата КАРДС, фокусиран на имплементирање на препораките од Програмата за образование на возрасните во Република Македонија во контекст на доживотното учење.

Проектот е среднорочен и е во средствата кои се наменети за негова иплементација се во висина од 1.300.000 евра

## 3.26.3 **КУЛТУРА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ" бр.115/07), донесен на 17 септември 2007 година постигната е целосна усогласеност со Регулативата (ЕЕЗ) бр.3911/92 што се однесува на извоз на културни добра (31192 R 3911), Директивата 93/7/ЕЕЦ за враќање на културните добра незаконски изнесени од територијата на земја-членка (31993L007). Директивата 96/100/ЕЦ на Европскиот парламент и на Советот од 17.02.1997 за дополнување на Анексот на Директивата 93/7/ЕЕЦ (31996L0100),

Делумна усогласеност е постигната со Регулативата на Комисијата од 30.03.1993 година (ЕЕЗ) на Советот за извоз на културни добра за утврдување на одредбите за спроведување на Регулативата број 3911/2 ( 31992R752), Директивата на Европскиот парламент и на Советот 2001/38/ЕЗ од 05.06.2001 година за измена на Директивата ( 3200L0038)

Целосна усогласеност ќе се постигне со донесување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на дозволите и уверенијата и начинот на издавање на дозволите и уверенијата.

Со донесувањето на "Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита и унапредување на разновидноста на културните изразувања" (Службен весник на Република Македонија бр. 47/07 ) Република Македонија ја потенцира својата јасна определба за современ пристап во заштитата и унапредувањето на културните изразувања, како и во создавањето за услови за поттикнување на меѓународната соработка во сферата на културата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Националната установа Тетовски театар – Тетово од предвидените 30 работни места реализирани се сите вработувања вкличително уште едно директорско место, точно 31.

Од 26 до 28 октомври 2007 година во Охрид, успешно се одржа Светската конференција за Меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог на тема: "Придонесот на верата и културата кон взаемна почит и соживот". Конференцијата се реализира во рамките на Декадите на ООН и УНЕСКО „Декада за дијалог помеѓу цивилизациите" и „Декада за култура на мирот".Конференцијата беше организирана од страна на Министерството за култура во соработка со Комисијата за односи со верските заедници на РМ. Конференцијата беше финансиски поддржана од Владата на Република Македонија како и од УНЕСКО и невладината организација од Скопје Македонскиот центар за меѓународна соработка - МЦМС. Од сите присутни религиски претставници и интелектуалци на конференцијата, беше усвоена Декларација и се основа Меѓународен комитет за организирање на следната конференција која ќе се одржи во 2010 година исто така во Охрид.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

1.Правилник за чување, обработка и начин на документирање на културното наследство.

2. Национална стратегија за развој на Креативните индустрии

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

1.Создавање на соодветен информативен систем за културното наследство со кој ќе се воспостави база на релевантни податоци, централно информатичко поврзување на јавните субјекти за заштита на културното наследство и јавно достапни и точни информации за културното наследство.

2.Министерството за култура во текот на 2008 година предвидува спроведување обука на кадарот во културниот сектор во Република Македонија за подигање на фондови од Европски и светски фондации. Обуката е предвидена да се реализира во соработка со високо реномирани Европски институции специјализирани за подигање на фондови, а со тим на експерти од нашата земја и од странство.Предвидено е обуката да опфати околу 150 лица од културниот сектор

3.Министерството за култура во соработка со граѓанскиот сектор на 5 и 6 Април 2008 година ќе организира “Форум Скопје - 2008”, Проект дебата на највисоко државно ниво со претставници од Европскиот парламент, Пактот за стабилност на Европа, Меѓународно Европското движење и највисоки државни структури од Република Македонија со цел зајакнување на културното влијание на нашата земја во регионот и Европа.

## 3.26.4 **ПРОГРАМИ НА ЗАЕДНИЦАТА**

**КУЛТУРА** (2007 – 2013 )
Во насока на операционализирање на учеството на Република Македонија во Програмите на заедниците во оваа област, по испраќањето на писмото за интерес за учество во Програмата -Култура (2007-2013) на Европската Комисија од страна на Министерството за култура и назначувањето на лице за контакт (културно контактна точка) одоговорно за водење на процесот на преговорите околу потпишувањето на Меморандумот за разбирање и имплементирање на Програмата во РМ, во септември 2007 Европската Комисија го достави до Министерството за култура, нацрт Меморандумот за разбирање, во кој се предивдува Програмата да стапи во сила од 1 јануари 2008 година со неговото потпишување од страна Владата на РМ и Европската Комисија. На 17 септември Министерството за култура организираше Инфо – ден за презентација на Програмата и работни сесии за аплицирање на проекти во рамки на Програмата Култура 2007 – 2013 заедно со Културната контакт - точка на Програмата од Република Унгарија.

Од 28 ноември до 4 декември беше реализирана обука на Културно контактната точка од РМ во во Канцелариите на Културните точки во Унгарија ( Будимпешта ) и Хрватска ( Загреб) со цел организирање на Канцеларија на културно контактната точка во РМ како услов за имплементацијата на Програмата Култура 2007 -2013 година од 2008 година.
На 12 декември 2007 година Европската Комисја го усвои финалниот текст на Меморандумот за разбирање, кој по дипломатски пат е доставен до Министерството за култура на 17 декември 2007 година. Министерството за култура во соработка со релевантните институции ги направи сите подготовки за усвојување на Меморандумот за разбирање од страна на Владата на РМ кое треба да се случи во најкус временски рок, по што следи само чинот на негово потпишување од страна на Владата на РМ и Европската Комисија и неговото влегување во сила.

Уште на самиот почеток на 2008 година Министерството за култура како носител на Програмата се обврзува да ги превземе сите обврски предвидени од страна на Европската Комисија согласно нејзната динамика со цел успешна презентација и имплементација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
1. Потпишување на Меморандум за разбирање за учество во Култура ( 2007 – 2013)
2. Формирање на Канцеларија на Културно контактна точка за програмата Култура (2007 – 2013) во Република Македонија
3. Реализирање на работната програма на Канцеларијата предвидена од Европската Комисија
   Работната програма ги опфаќа следниве активности:

- изработка на web страна за Канцеларијата на културната контакт точка и одржување на истата
- подготовка и одржување на база на податоци на културните оператори во РМ и нивно вмрежување со европските оператори
- обука на вработените во Канцеларијата на Културната контакт точка кои ќе опфатат семинари во РМ на кои ќе се презентира програмата и начинот на пополнување на формулари за аплицирање за проектите.
- промоција на програмата преку публикување флаери, информатори и слично
- медиумска кампања за програмата
- учество на редовните состаноци на Културните контакт точки кои ќе се одржуваат во Љубљана и Авињон
- учество на Инфо ден на културни оператори од РМ во Брисел

**МЕДИА** (2007- 2013)
**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
1. Активности за учество на РМ во Медиа (2007-2013) - Министерството за култура ја продолжува комуникацијата со Генералниот Директорат за Информатичко општество и медиуми во врска со учеството на Република Македонија во Програмата МЕДИА 2007 на Европската Заедница.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
**Проект ,,Мапирање на креативните индустрии**,“
Во рамки на проектот ,,Мапирање на креативните индустрии,“ што Министерството за култура го работи во партнерство со Британскиот Совет, а за чија реализација е формирано координативно тело, изработена е Предлог - национална стратегија за развој на Креативните индустрии која е веќе во интересорска консултација. Истражувачкиот дел како и објавување на публикации со резултати од истражувањето ќе продолжи и во текот на 2008 година.

**Пилот- Проектот за култура и образование**
Пилот проектот за култура и образование на Италијанската влада во соработка со Меѓународната менаџмент група со канцеларија во Скопје е во тек и континуирано тече реализација на активностите: санација на ентериерот и екстериерот на Музејот на современа уметност во Скопје (овој дел од проектот заврши на крајот на октомври 2007 година), помош за заштита, валоризација и обука за археолошките локалитети Скупи, Хераклеа и Стоби, кој ќе трае до мај 2008 година , поддршка на процесот на децентрализација кој кој исто така ќе трае до мај 2008 година.

Во рамките на Проектот финансиран од Владата на Република Италија, а реализиран преку ИМГ, "Пилот активности за образование и култура", на крајот на ноември 2007 година се отпочна реализацијата на обезбедување на најдобро архитектонско решение за дефинирање на културната рута (патека) за поврзување на музеите во Скопје која всушност почнува од Музејот на град Скопје, преку плоштадот "Македонија", Камениот мост, Старата чаршија и областа на Тврдината Кале каде се наоѓаат и Музејот на Македонија (комплекс на Историски, Археолошки и Етнолошки музеи) и Музејот на современа уметност. Проектот ќе го унапреди развојот на културниот туризам, промоцијата и едукацијата на културното наследство. Проектот треба да се реализира во текот на 2008 година.

**Проект -„Културното наследство на Македонија"**
Во текот на 2007 година УНЕСКО додели донација во износ од 50.000 ЕУР за издавање на 4 публикации во рамките на проектот „Културното наследство на Македонија" и тоа за: Македонските цркви, Отоманските споменици, Културното наследство на Охрид и Археолошки локалитети. Носител на проектот е Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура, а проектот е во рамките на регионалниот проект на Регионалното биро на УНЕСКО - БРЕСЦЕ за унапредување и промовирање на културниот туризам. Средствата се издвоени од новосоздадениот Траст фонд целосно финансиски поддржан од Италијанската влада. Проектот е отпочнат со реализација и се очекува во првата половина на 2008 година да биде завршен.

**Проект - Основање Регионален центар за дигитализација на културното наследство за земјите од Југоисточна Европа**
Во почетокот на мај 2007 година се отпочна со реализацијата на иницијативата на нашата земја во Македонија да се основа *УНЕСКО-ов* Регионален центар за дигитализација на културното наследство за земјите од Југоисточна Европа, за која претходеа неколку значајни активности и лобирања од наша страна во рамките на УНЕСКО. Завршена е првата фаза односно просторно средување на идниот Регионален центар кој ќе биде сместен во Музејот на современа уметност Просторното уредување го реализира ИМГ – Меѓународна менаџмент група - мисија на Италијанската Влада во Скопје. Просторот е завршен на 31 октомври 2007 година. Во текот на јули 2007 година се отпочна со втората фаза на реализација, односно обезбедување на потребната опрема во износ од 330.000 ЕУР кој ги обезбедува УНЕСКО. Се планира опремата да се обезбеди во Италија од страна на Регионалното биро и да се донесе во Скопје во февруари 2008 година. Истата ќе биде инсталирана од експерти на УНЕСКО кои ќе работат 8 месеци во почетокот на работењето на Центарот. По инсталирањето на опремата, експерти на УНЕСКО и италијанската специјализирана компанија "Минерва" ќе одржат обука на нашите институции и лица кои ќе бидат вклучени во работата на идниот центар.

**Проект - Имплементацијата на Регионалната Програма за природното и културното наследство на ЈИЕ**
Во текот на 2007 година продолжи имплементацијата на Регионалната Програма за природното и културното наследство на ЈИЕ која започна во 2003 година како зедничка активност на Советот на Европа и Европската Комисија во чии рамки изминатите години се реализираа бројни активности согласно предвидената динамика. Носител на проектот е Министерството за култура на РМ а се спроведува во соработка со Управата за заштита на културното наследство како координатор на компонетите Б (Заеднички рехабилитационен план за архитектонското и археолошкото наследство на ЈИЕ) и Ц ( Локален развој ) и соработка на останатитие инстиуции одговорни за заштита на културното наследство.

Во рамки на имплементацијата на компонетата Б во септември 2007 година се завршени 3 физибилити студии на спменици на културата од Прелиминарнтата листа на споменици на Советот на Европа ( ПИЛ ), а крајот на ноември 2007 година беше завршена и 4 тата физибилити студија. Подготвен е проект за Кулурен коридор, Патот на црковната дрворезба кој е доставен и до Советот на Европа. Преведени и отпечатени се 3 публикации на Советот на Европа. Спроведени се активностите ПЛАГ, одбележани се сите 17 те споменици предложени во ПИЛ на Советот на Европа со знакот на проектот и Советот на Европа.
На почетокот на 2008 година предвидена е презентација и промоција на проектите во РМ пред претставници на дипломатските претставништва во РМ во координација со канцеларијата на Советот на Европа во Скопје. Во текот на 2008 година предвидена е медиумска промоција на Програмата – проектот, публикување на сите материјали на македонски и англиски јазик, тренинг курсеви за одредени вештини и работилници со учество на странски експерти.

Во текот на 2007 година започнаа подготовките за имплементација на компонентата Ц ( Локален развој ) во понатамошна соработка на Министерството за култура со Управата за заштита на културното наследство, Националниот конзерваторски центар и останатите институции одговорни за заштита на културното наследство, локалната самоуправа ( општините Дебар, Маврово и Ростуша), невладиниот сектор. Изготвен е и промовиран пилот проектот Дебар и Река. Направена е брошура за пилот проектот на македонски и англиски јазик. Договорени се активности за имплементација на пилот проектот во 2008 година.

Во 2008 година отпочнува проектот, се формираат неколку тимови со стучни лица од различни профили ( културно наследство, природно наследство, животна средина, бизнис сектор, НГО и сл.) кои ќе работат на одредени активности со учество на странски експерти.

**Македонско- француски проект** : Валоризација на културното наследство на РМ
На 17 декември 2007 година по трет пат беше обновен Административниот договор меѓу Министерството за култура на Република Македонија и Министерството за култура и комуникација на Република Франција во рамки на повеќегодишниот проект кој започна во 1999 година Валоризација на културното наследство на РМ. Проектот како и досега ќе се реализира во соработка со други партнери како: Градовите Скопје, Битола, Велес и др. Архитектонскиот факултет, Институциите за заштита на културното наследство во РМ како Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје и од Франција (Амбасадата на Франција во Република Македонија, Фрацускиот културен центар, Министерството за култура-ДАПА, Националната асоцијација на градови и региони на уметност и историја и градовите од заштитената зона, Асоцијацијата Виа Патримоан за валоризација на културното наследство на градот Ангулем и областа Ангумуа и други).
Во рамки на Договорот од 2008 – 2010 година предвидено е да се реализираат следниве активности:

- учество во размислувањата за ревитализација на Старата скопска чаршија
- учество во подготовка на урбанистички план за културното наследство
- обуки (со акцент на оние кои се однесуваат на занаетите поврзани со реставрација и валоризација на културното наследство)
- знаење/размислувања за занаетите и вештините и нивна ревитализација
- студии
- подготовка и презентација на публикации и изложби
- сигналитика
- размена на експерти од државните и јавни установи или со приватни лица кои што соработуваат со собранијата на градовите
- учество на семинари и на регионални средби организирани во соработка со Националната асоцијација на градови и региони на уметност и историја во заштитени зони
- соработка помеѓу Архитектонскиот факултет во Скопје и француските архитектонски школи/факултети
- Размена помеѓу двете асоцијации на градови: ANVPAH & VSSP и македонската асоцијација на градови на историјата.

**Проект- Европска дигитална мрежа на културното наследство**, **ХЕРЕИН проект на Советот на Европа во кој Министерството за култура и Н.У. Музеј на Македонија како координатор на проектот**
Европската мрежа на културно наследство, како проект за културна соработка претставува перменентен инфромативен систем кој во Советот на Европа ги обединува органите кои се занимаваат со заштита на културно наследство.
Предвидено е реализирање на следниве активности:

- Ажурирање на Националниот извештај за културно наследство на ХЕРЕИН
- Одржување работилница за подготовка со цел изработка на Тезаурусот
- Подготовка на мултијазичен Тезаурус и Толковник на поими

## 3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА

### 3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
На 01 март 2007 година усвоен е Законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.24/07) со што се овозможи подобрување и проширување на правните основи за донесување на подзаконските акти. Со измените и дополнувањето на законот се пропишани и казни за службени лица. Воедно, со измените на законот се утврдува начинот, видот и постапката за изрекување на директни казни од страна на Државниот инспекторат за животна средина, кои се усогласени со Законот за прекршоци („Службен весник на Република Македонија" бр.62/06). Новина во законот, во согласност со препораките за реформи во судскиот систем, е воспоставување на Комисија за прекршоци и Комисија за посредување, како и пропишување на постапката за порамнување и посредување со кои се овозможува спогодбено постигнување на согласност. Оваа новина ќе овозможи избегнување на водење на прекршочните постапки и побрзо и поефикасно отстранување на последиците. Исто така, извршено е зголемување на висината на казните со што се влијае позитивно кон подигање на јавната свест за почитување на законите.

Согласно, Законот за животна средина во кој е уредена постапката за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина (СЕА), усвоени се следните подзаконски акти со кои се изврши целосно транспонирање на Директивата 2001/42/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 27 јуни 2001 година за оцена на влијанието врз животната средина од одредени планови и програми: Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр.153/07); Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија" бр.144/07) и Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.153/07).

Исто така, донесени се Правилникот за начинот и постапката за обезбедување пристап на информации во врска со животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 93/07) и Правилникот за содржината, формата и начинот на донесување на Планот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 128/07) со кој е пропишано задолжително годишно планирање на инспекцискиот надзор од страна на државните и овластените инспектори за животна средина.

Во месец ноември 2007 година, во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) започна по втор пат да се спроведува Прогрес мониторинг во областа на животната средина 2007/2008 година за следење на напредокот во процесот на апроксимација на националното законодавство со правото на ЕУ.

**ЦИВИЛНА ЗАШТИТА**
Во текот на 2007 година се работеше на измени и дополнувања на Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04 и 49/04). Водено, се донесе Законот за изменување и дополнување на законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/07) и Републичка проценка за загрозеност од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија" бр. 117/07) како стратешки документ на чија основа се прават плановите за заштита и спасување во зависност од ризикот и опасноста што го следи секое дадено подрачје во државата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
МЖСПП е надлежен државен орган за креирање и спроведување на политиките во областа на заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина. Во моментот МЖСПП, вкучувајќи ги и органите во состав - Управата за животна средина (МЖСПП_УЖС) и Државниот инспекторат за животна средина (МЖСПП_ДИЖС) има вкупно 111 државни службеници и 33 лица ангажирани на определено време. Во почетокот на 2008 година се очекува завршување на постапката за вработување на 26 нови државни службеници, и преземање на 20 од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, со цел пропорционална застапеност на заедниците.

Во 2007 година формирана е Управа за животна средина како орган во состав на МЖСПП, во рамките на која е формиран Сектор за животна средина со посебно одделение за оцена на влијанието врз животната средина надлежно за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Во МЖСПП се формираше посебен Сектор за комуникација со јавноста. Секторот за одржлив развој и инвестиции е надлежен за спроведување на постапката за

стратешка оценка на влијанието врз животната средина, со што се обезбедува вградување на политиката за животна средина во останатите секторски политики и континуирана соработка со останатите органи на државната управа и партнери во процесот. Зголемен е бројот на државни службеници во МЖСПП_ДИЖС кој во моментот изнесува 16. Со решение на министерот, пет државни инспектори за животна средина ги вршат и работите на државни инспектори за заштита на природата.

Согласно Законот за животна средина, МЖСПП преку Секторот македонски информативен центар е надлежно за собирање и дисиминација на официјалните податоци за животната средина во Република Македонија. Во однос на доставувањето на податоци до Европската Агенција за животна средина, МЖСПП е рангирано на 15 место од 38 земји и има забележано прогрес во доставувањето на податоците од 9 % во 2007 година, односно МЖСПП доставува податоци за 78 % од вкупно бараните податоци на Европската Агенција за животна средина. Воедно, МЖСПП активно учествува во работните групи на Европската агенција за животна средина.

Во насока на утврдување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), МЖСПП утврди дека во ЕЛС се вработени вкупно 111 државни службеници кои ги спроведуваат законите од областа на животната средина и има потреба од нови 143 државни службеници, додека овластени инспектори за животна средина се назначени во 24 општини и има потреба од дополнителни 56 инспектори. Воедно од проценката произлезе дека значителен број на комунални инспектори ги вршат активностите насочени кон спроведување на Законот за управување со отпадот, со што бројот на државни службеници кои работат во областа животната средина е поголем. Може да се констатира дека во 90 % од општините во Република Македонија постои назначено еден или повеќе државни службеници кои работат на управување со животната средина, пред се како надлежни за спроведување на Б – интегрираните еколошки дозволи, управувањето со отпадот и заштита од бучавата.

Во МЖСПП во април 2007 година се формираа Комисијата за прекршоци и Комисијата за посредување, кои се надлежни за водење на прекршочната постапка и постапката за посредување.

**ЦИВИЛНА ЗАШТИТА**

Надлежен орган во областа на заштита и спасување е Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) која е самостоен орган на државната управа оперативен од 16.05.2005 година и која во моментов има 242 вработени лица. За својата работа ДЗС одговара пред Владата на Република Македонија. Согласно новиот Правилник за систематизација и организација на работните места во ДЗС од 29.11.2007 година, постојните два сектори се трансформираа во 4 со 12 одделенија и тоа: Сектор за заеднички работи, Сектор за аналитика и истражување, Сектор за оператива и логистика и Сектор за планирање, организирање и спроведување на мерките за заштита и спасување и обука. Исто така се формираа 3 посебни одделенија: за инспекција, за внатрешна ревизија и за човечки ресурси, а постоечките 35 подрачни организациони единици кои ја покриваат територијата на целата држава се трансформираа во подрачни одделенија и се под надлежност на Секторот за оператива и логистика. Оваа реорганизација беше направена за подобрување на организацијата и функционирањето на ДЗС со цел подобрување на оперативноста на системот за заштита и спасување во државата. Инспекцискиот надзор го врши ДЗС преку Одделението за инспекција во кое има вработено 42 инспектори за заштита и спасување.

Република Македонија го има потпишано Договорот за Совет за цивилно-воена соработка во случај на катастрофи за земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ) и е полноправна членка на Советот и Привремениот секретријат на СМЕР - Цивилно – воено планирање во итни ситуации (Civil Military Emegrency Planning) и Меморандумот за разбирање за институционална рамка за Иницијативата за приправност и превенција во катастрофи за земјите од ЈИЕ (DPPI - Disaster Preparedness and Prevention Initiative), која произлегува од Третата работна маса на Пактот за стабилност.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2008 година се планира подготовка и донесување на подзаконски акти во делот на учество на јавноста во донесувањето на плански документи од областа на животната средина, врз основа на Законот за животна средина во кој е транспонирана Директивата 2003/35/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 26 мај 2003 година за учество на јавноста во однос на донесување на нацрт одредени планови и програми кои се однесуваат на животната средина и која ги менува и дополнува, во однос на учеството на јавноста и пристап до правдата, Директивите на Советот 85/337/ЕЕЗ и 96/61/ЕЗ.

Исто така во 2008 година е предвидено започнување со изработката на подзаконските акти со кои ќе се уреди одговорноста за штета во животната средина кои произлегуваат од Законот за животна средина.

Воедно ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се утврди формата и содржината на елаборат за заштита на животната средина, ќе се определат дејностите и активностите за кои се изработува елаборат и начинот и постапката за нивно одобрување, како и ќе се уреди начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати. Исто така, ќе се определат дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежно МЖСПП, односно градоначалникот на општината, на градот Скопје и на општината во градот Скопје. Воедно, ќе се уредат видовите и висината на трошоците за спроведување на постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина кои ги надоместува инвеститорот, како и ќе се утврди начинот и постапката на известување на јавноста во врска со податоците за проектите за кои не се врши оцена на влијанието врз животната средина.

Во месец јули 2008 година се очекува да заврши спроведувањето на Прогрес мониторингот во областа на животната средина 2007/2008 година за следење на напредокот во процесот на апроксимација на националното законодавство со правото на ЕУ во кој се опфатени 64 директиви и за кои се пополнуваат табели за усогласеност и прашалници за имплементација.

Донесувањето на Национална Стратегија за одржлив развој и на Националната Стратегија за инвестиции во животната средина е предвидено во 2008 година.

Националната стратегија за апроксимација во животната средина, со секторски студии за одделни области, во рамките на која се прикажани потребните средства за правно транспонирање на правото на ЕУ, имплементација на истите, како и средства за надзор и мониторинг е во финална фаза на изработка и истата ќе биде донесена во текот на 2008 година. Во секторските студии е направен детален план за преостанатите потребни активности во насока на апроксимација на националното законодавство кон правото на ЕУ. Во рамките на оваа стратегија, беа направени проценки на трошоците за имплементација на директивите и финансиски планови. Сегментот на инвестициите во животната средина, согласно направените проценки во горенаведената стратегија, бара најголем дел од финансиските средства, било од национални или донаторски средства, како и од средства на меѓународните финансиски институции. Воедно, во стратегијата за одделните подрачја е направена проценка за потребните обуки за спроведување на закодавството кои треба да се реализираат во текот на наредниот период.

Донесувањето на Годишната програма за инвестирање во животната средина за 2008 година и распишување на конкурс за доделување на средствата со кои ќе се финансираат одредени активности во насока на заштита на животната средина ќе се изврши на почетокот на 2008 година. Висината на средствата определени за Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година изнесува 152.000.000 денари и истите се зголемени за 60% во однос на Програмата за 2007 година (90.000.000 денари).

Во овој период ќе се изработи Студија за проценка на состојбите со азбест во јавните установи за предучилишна возраст во Република Македонија. Ќе заврши изработката на локалните акциони планови за заштита на животна средина за 7 општини (Сарај, Ранковце, Кратово, Кисела вода и Василево, Македонски Брод и Аеродром) што се финансирани од Програмата за инвестирање во животната средина за 2007 година, како и ќе се подржи изработка на нови планови за други општини.

**ЦИВИЛНА ЗАШТИТА**

Во овој период ќе се направат измени и дополнувања на Законот за заштита и спасување со кои ќе се изврши усогласување на неговите одредби со Законот за управување со кризи и Законот за прекршоци, како и подобрување на веќе постоечките одредби со цел подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот за заштита и спасување.

Националната стратегија за заштита и спасување ќе се донесе во 2008 година. Истата е во фаза на изработка и со неа ќе се обезбеди проекција, усовршување и развој на системот за заштита и спасување. Исто така ќе се усвои Републичкиот план за заштита и спасување со кој ќе се заокружи потребната рамка, заедно со веќе донесената Републичка проценка за загрозеност за преземање на оперативни и превентивни мерки во заштитата и спасувањето.

Во овој период ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита и спасување, меѓу кои и Деловник за работа на прекршочната комисија. Во делот на регионалната соработка и примање и давање помош во случај на катастрофи и други несреќи со други земји, ќе се потпишат билатерални договори за соработка со Босна и Херцеговина, Република Црна Гора, Република Хрватска и Република Словенија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Како краткорочен приоритет се јавува потребата од зајакнување на Управата за животна средина и Државниот Инспекторат за животна средина, органи во состав на МЖСПП, преку нови вработувања, набавка опрема на

МЖСПП_ДИЖС, обезбедување на просторија за серверите на МЖСПП, како и понатамошно усовршување на постојниот и новиот кадар за спроведување на постоечките активности.

Во почетокот на 2008 година се очекува завршување на постапката за превземање на 20 нови државни службеници во МЖСПП од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во насока на спроведување на активностите од Охридскиот рамковен договор. Превземањето на државни службеници од еден орган во МЖСПП се врши врз основа на проценка на соодветното образование и искуство на државниот службеник што се потребни за да може истиот да извршува работни обврски во МЖСПП. Врз основа на позитивната проценка се склучува договор за превземање помеѓу другиот орган и МЖСПП со кој се врши фактичко превземање на државниот службеник во МЖСПП.

Покрај зајакнување на капацитетите на централно ниво ќе се зајакнат и капацитетите на локално ниво за реализирање на обврските во надлежност на единиците на локална самоуправа согласно прописите од областа на животната средина. Ова ќе се направи преку обезбедување нови вработувања и реализирање обуки за спроведување на обврските од прописите од областа на животната средина, вклучувајќи ги и инспекторите за животна средина на локално ниво. Обуките ќе се однесуваат за спроведување на стратешка оценка на влијанието врз животната средина, за барањата на директивата за одговорност на штета врз животната средина, како и обука за спроведување на соодветните прописи за одговорност за штета наменета за инспекторите за животна средина. Ќе се продолжи со спроведување на обуки на инспекторите за животна средина за спроведувањето на прописите од областа на животната средина, а ќе се спроведат и обуки кои ќе го опфатат управувањето со индустриски хаварии, воведувањето на ISO стандарди и водењето на регистарот на загадувачи на животната средина.

Во 2008 година ќе се формираат Комисијата за полагање на испит за оцена на влијание врз животната средина и Комисијата за полагање на испит за стратешка оцена на влијанието врз животната средина, како предуслов за формирање на Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оцена на влијанието врз животната средина, исто така предвидени за реализација во 2008 година.

Во овој период ќе се продолжи со подржување на реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година и преку буџетот на МЖСПП и Министерството за транспорт и врски (МТВ).

Имајќи го во предвид фактот дека е извршено целосно уредување на спроведувањето на постапката за изрекување на директни казни од страна на инспекторите за животна средина, како и спроведувањето на прекршочната постапка и постапката за посредување, во овој период се очекува зголемување на бројот на покренати прекршочни постапки кои ќе резултираат со изрекување на прекршочни санкции и постапки за посредување.

Ќе се изврши вклучување на нови училишта во спроведувањето на програмата ГЛОБЕ, каде воедно ќе се одржат обуки за обучувачи на тренери за спроведуање на програмата и ќе се изврши набавка на опрема – кемиски китови за постојните и новите училишта за спроведување на програмата ГЛОБЕ.

Од 2008 година зајакнување на капацитетите на МЖСПП ќе се врши и преку Проектот за подршка на националните подготовки на Република Македонија за членство на ЕУ во областа на животната средина кој е обезбеден со Кралството Шведска преку SIDA/SEPA.

Во овој период и понатаму ќе се продолжи со спроведување на кампањи за подигнување на јавната свест за животната средина и одбележување на деновите од еколошкиот календар согласно програмата за работа на МЖСПП. Воедно, ќе се подржат активности на невладините организации поврзани со подигнување на јавната свест, а ќе се подржат и образовни, истражувачки и развојни активности за заштита и унапредување на животната средина.

Во првата половина на 2008 година ќе се донесе Националниот сет на индикатори за животна средина на Република Македонија за поглавјата на: воздух, биолошка разновидност, климатски промени, почва, отпад, вода, земјоделие, енергија, рибарство, транспорт, здравство и туризам.

**ЦИВИЛНА ЗАШТИТА**

Во овој период, согласно новата систематизација, ќе се зајакнуваат административните капацитети на ДЗС со нови вработувања и континуирана обука на вработените преку нивно учество на меѓународни вежби, семинари и обуки.

Со цел соодветна екипираност на Републичките сили за заштита и спасување и на тимовите за брз одговор ќе се набави опрема (униформи, противпожарна опрема - 12 противпожарни возила, воздухоплови, ИКТ опрема – компјутери, софтвер и др) која ќе биде во сопственост на ДЗС, како и теренски возила за 35 подрачни одделенија.

Во рамките на регионалната соработка и во насока на јакнење на административните капацитети на ДЗС, ќе се потпишат билатерални договори со земјите во регионот за примање и давање помош во случај на катастрофи и други несреќи и ќе се земе учество во колективните системи за заштита и спасување.

Во овој период ќе се изготват стандардни оперативни процедури со цел јакнење на меѓуинституционалната соработка, ќе се спроведува инспекцискиот надзор над субјектите кои имаат обврска да изготвуваат проценки за загрозеност и планови за заштита и спасување и ќе се јакне јавната свеста за проблематиката на заштитата и спасувањето. Исто така ќе се спроведува Акционата програма за чистење на канали и речни корита и справување со и отстранување на неексплодираните убојни средства во државата.

До крајот на 2008 година ќе се формираат преостанатите 32 тима за брз одговор од предвидените 64.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2010 година предвидено е донесување на подзаконските акти за одговорност на штета во животната средина во кои ќе се транспонира Директивата 2004/35/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 21 април 2004 за одговорност во животната средина во однос на превенцијата и мерките за надомест на штета врз животната средина, како и донесување на подзаконските акти кои се однесуваат на воспоставување на информативниот систем за животна средина.

Имено, ќе се утврдат професионалните активности со чие вршење може да настапи одговорност за еколошка штета, ќе се утврдат критериумите за определување на постоење еколошка штета, како и случаите во кои, по исклучок, нема да настапи одговорност за еколошка штета, вклучувајќи ги и мерките за ремедијација на сторената еколошка штета. Со подзаконски акти ќе се утврди начинот на доставување на податоците од мониторингот од правни и физички лица, вклучувајќи ги и јавните и државните органи кои имаат извор на емисија и со своите активности влијаат врз еден или повеќе медиуми и области на животната средина и /или користат природни богатства. Ќе се определи начинот, постапката и образецот на кој се доставуваат податоците од државната мрежа за мониторинг, начинот и постапката за собирање, обработка, систематизирање, чување, искористување, дистрибуција и презентирање на податоците и информациите добиени од државната и локалните мрежи за мониторинг, како и формата, содржината, методологијата и начинот на водење на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики. Истотака, ќе се утврди содржината, формата, методологијата и начинот на изработка на индикаторски извештај и на Програмата за мониторинг на животната средина и содржината на Стратегијата за мониторинг на животната средина. Ќе се изработи и Преглед на состојбите со животната средина.

Во овој период, ќе се ратификува Протоколот за регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи кон Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина (Архус).

**ЦИВИЛНА ЗАШТИТА**

Во овој период ќе се докомплетира правната рамка со подзаконски акти кои ќе го уредат следното: мерката заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и спасување од сообраќајни нереќи, начинот на водење на евиденција за изградените засолништа и други заштити, техничките нормативи за изградба на јавни засолништа, образецот, формата и содржината на легитимацијата на инспекторите за заштита и спасување, како и начинот на нејзино издавање, содржината и формата на жигот и начинот на запечатување/отпечатување на објекти од страна на инспекторите за заштита и спасување, начинот на вршење на инспекциски надзор и начинот на водење евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки од страна на прекршочниот орган.

Во овој период се планира потпишување на Меморандум за разбирање за пристапување на Република Македонија кон Механизмот на Заедницата за цивилна заштита. Во делот на билатералната соработка за примање и давање помош во случај на катастрофи и други несреќи, ќе се потпишат билатерални договори за соработка со Унгарија и Република Бугарија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период планирано е зајакнување на капацитетите на МЖСПП, преку нови вработувања, техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции за спроведување на законските обврски и прописите за одговорност за штета во животна средина.

Истовремено планирано е да се продолжи со зајакнувањето на капацитетите на ЕЛС за управување со животната средина на локално ниво, преку обезбедување на нови вработувања, техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции на локално ниво за спроведување на законските обврски.

Реализирањето на кампањи за подигнување на јавната свест во животната средина ќе продолжи континуирано во овој период, како и поттикнувањето на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти и сл. за заштита и унапредување на животната средина и природата. Ќе продолжат активностите за изработка на Локални акциони планови за заштита на животна средина, како и активностите за подготовка за акредитиција на Централната лабораторија за животна средина, чие завршување е предвидено за крајот на 2009 година.

Ќе се продолжи со одржување на Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина.

Со цел проценка на проектите од механизмот за чист развој од аспект на нивна усогласеност со одржливиот развој, во овој период ќе се донесат Национални критериуми за одржлив развој.

Во овој период ќе продолжи доставувањето податоци и соработката со Европската Агенција за животна средина, со цел да се обезбеди што е е можно поголем процент на доставување на податоци за животната средина.

Во овој период ќе се продолжи со поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишните програми за инвестирање во животната средина и преку буџетот на МЖСПП и МТВ.

Спроведување на прекршочните постапки и постапките за посредување и понатаму ќе бидат редовни активности на Комисијата за прекршоци и Комисијата за посредување. Воедно, ќе продолжи спроведувањето на процедурите согласно законите од областа на животната средина и постапките на инспекциски надзор.

**ЦИВИЛНА ЗАШТИТА**

Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со набавка на опрема и спроведување обуки за потребите на тимовите за брз одговор, Републичките сили за заштита и спасување и центарот за обука за заштита и спасување, а ќе се обезбеди и учество на претставници на ДЗС на меѓународни вежби, семинари и обуки. Ќе продолжи набавката на теренски возила за 35 подрачни одделенија, а ќе се набават и специјални возила за тимовите за брз одговор. Исто така ќе се работи на формирање декларирани тимови за меѓународни интервенции од различни области.

Во овој период ќе продолжи изготвувањето на стандардни оперативни процедури со цел јакнење на меѓуинституционалната соработка, спроведувањето на инспекцискиот надзор над субјектите кои имаат обврска да изготвуваат проценки за загрозеност и планови за заштита и спасување и јакнењето на јавната свеста за проблематиката на заштитата и спасувањето. Исто така ќе продолжи спроведувањето на Акционата програма за чистење на канали и речни корита и справувањето со и отстранувањето на неексплодираните убојни средства во државата.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во 2008 година предвидено е да започне Проектот за подршка на националните подготовки на Република Македонија за членство во Европската унија во областа на животната средина, кој е обезбеден со финансиски средства од Кралството Шведска преку SIDA/SEPA. Целта на проектот е подобрување на капацитетот на МЖСПП во однос на престојниот процес на преговарање, подобрување на способноста за вклучување во процесот на донесување одлуки на ниво на ЕУ, како и совет во подготовката на прописите во областа на природата. Проектот треба да заврши во 2009 година.

**ЦИВИЛНА ЗАШТИТА**

- Проектот „Хармонизација на мапи за сеизмички ризик со земјите од ЈИЕ“ е тековен проект (рок 01.10.2007 – 31.10.2010) чија цел е воедначување на методологиите со кои се дефинираат ризиците од сеизмички потреси. Ќе се изработат карти за сеизмички ризик и обуки на научните лица. Вклучени институции се ДЗС и Институт за земјотресно инженерство Скопје (ИЗИС).

- Проект за формирање на заеднички тимови за брза интервенција за случај на поплави со земјите од ЈИЕ е тековен проект (рок: 01.01.2006 - 31.12.2010) со кој ќе се обезбеди хармонизација на стандардите за опрема и процедурите за справување со поплави во ЈИЕ.

Планиран проект во претстојниот период е Проектот за чистење на Охридско Езеро од неексплодирани убојни средства – фаза II, со кој ќе се отстранат неексплодираните убојни средства. Локациите на кои се наоѓаат овие неексплодирани убојни средства веќе се утврдени во првата фаза на овој проект и изработени се потребните мапи.

### 3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
**КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ**

Во 2007 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07), со што се обезбеди целосно транспонирање на Директивата 96/62/ЕЗ на Советот од 27 септември 1996 за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и управување (Рамковна директива за квалитет на воздух). Во овој период се донесе Правилникот за инвентаризација и утврдување на нивото на емисии на загадувачки супстанции со амбиентниот воздух во тони годишно за сите видови дејности, како и за други податоци потребни за доставување во програмата за мониторинг на воздухот на Европа (ЕМЕР) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/07).

**КЛИМА И ЗАШТИТА НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА**

Прашањата за климатските промени се уредени во посебна глава во Законот за животна средина, каде е вградена обврската за изработка на Национални извештаи за намалување на климатските промени со инвентар на стакленичките гасови по извори и понори. Со измените и дополнувањата на Законот за животна средина, воведен е член за механизмот за чист развој според Протоколот од Кјото, согласно кој МЖСПП е определен како национален орган за проценка на проектите од овој механизам од аспект на нивната соодветност со критериумите за одржлив развој. Во февруари 2007 година, Владата на Република Македонија ја донесе Националната стратегија за механизмот за чист развој за првиот период на обврски според Протоколот од Кјото 2008-2012, а во тек е реализација на проектот за изработка на Втора Национална комуникација кон Конвенцијата за климатски промени (2005-2008).

На маргините на светската конференција за климатски промени, одржана во Бали во декември 2007 година, Министерствата за животна средина на Република Македонија и на Република Италија, потпишаа Спогодба за финансиска поддршка за 2008 година кон Меморандумот за соработка на полето на животната средина и одржливиот развој. Со овој документ, за првата фаза од неговата имплементација, италијанското министерство во износ од 300.000,00 евра за 2008 година, ќе ги поддржи активностите на МЖСПП на Република Македонија за спроведување на проекти согласно механизмот за чист развој од Протоколот од Кјото.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со новата организација на МЖСПП во 2007 година, се реорганизира Секторот-Македонски информативен центар за животна средина кој има носечка улога во заштитата на воздухот во делот на обезбедување податоци од мониторинг, како и инвентаризација на емисиите од стационарни извори. Секторот управува и со мониторинг станиците за квалитет на амбиентниот воздух на МЖСПП. Воедно, Секторот соработува со Управата за животна средина (МЖСПП_УЖС) во која се формираше одделение за мониторинг во Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, како и со Државниот инспекторат за животна средина кој преку државните инспектори за животна средина врши контрола над емисиите од стационарни извори. Надлежноста за управувањето со воздухот е дадено на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик (ИСКЗ) во Управата за животна средина, во кој се формирани две одделенија и тоа одделение за ИСКЗ и одделение за управување со ризик и хемикалии. Ваквата организациона поставеност произлегува од фактот што најголемите загадувања на воздухот произлегуваат од инсталациите со А-интегрирани еколошки дозволи. Согласно Законот за животна средина во тек е постапката за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план за овие инсталации, за кои е надлежно одделението за ИСКЗ. Токму преку овие дозволи, а согледувајќи ја состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух што произлегува од мониторингот и земајќи ги предвид обврските што произлегуваат за Република Македонија од Конвенцијата за климатски промени и Протоколот од Кјото, се смета дека ќе се обезбеди ефективна алатка за намалување на загадувањето, подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и соодветно евидентирање на емисиите што произлегуваат од овие инсталации.

Во заштита на квалитетот на воздухот покрај МЖСПП се вклучени и Републичкиот завод за здравствена заштита (МЗ_РЗЗЗ) и Управата за хидрометеоролошки работи (МЗШВ_УХМР), како и Министерството за економија (МЕ) во однос на утврдување на стандардите за квалитет на горивата и емисиите од подвижни извори на емисии (возилата).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
**КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ**

Во наредниот период ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за квалитет на амбиентниот воздух со кои ќе се воспостават зони и агломерации за квалитет на амбиентниот воздух; ќе се утврдат граничните вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадни гасови и пареи кои ги имитираат стационарните извори во воздухот; ќе се утврдат начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежи и ќе се утврди методологија за мониторинг, условите и начинот и постапката на доставување на информациите и податоци од мониторингот и критериуми за избор на мерни места за сите извори на загадување. Истотака, ќе се донесат и подзаконските акти со кои ќе се определат количините на горните граници-плафони на емисии на загадувачи со цел утврдување на проекции за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво, како и ќе се утврди деталната содржина и начинот на подготовка на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух, на Програмата за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и на Акционите планови за заштита на амбиентниот воздух .

**КЛИМА И ЗАШТИТА НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА**

Во овој период ќе се донесе Втората Национална комуникација за климатски промени.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
**КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ**

Во период за 2008 година не се планирани промени во институции и секторите кои имаат надлежности во управувањето со воздухот и климата. Во наредниот период, како приоритет е потребно обезбедување на вработувања со нов кадар заради пополнување на предвидените работни места во организациони единици во МЖСПП кои имаат надлежности во управувањето со воздухот и климата, како и обезбедување на обуки за постојниот и новиот кадар.

Редовното одржување на мониторинг системот за воздух, како и спроведување на обуки за истиот, како континуирана активност на МЖСПП ќе продолжи и во претстојниот период. Во 2008 година ќе се набави една автоматска мониторинг станица во насока на продолжување на дооформувањето на државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух со рурални автоматски мониторинг станици и ќе се набави софтвер за автоматска валидација на податоците.

Воедно, како континуирана активност се врши редовно надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, а особено ќе се подобри електронската база на податоци преку набавка и воведување на подобар систем за пребарување на податоци и ќе се извршат дополнителни мерења на квалитетот на амбиентниот воздух и на поединечните извори на емисија. Како редовни активности ќе се спроведуваат мерки за подигнување на јавната свест за подобрувањето на квалитетот на воздухот.

**КЛИМА И ЗАШТИТА НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА**

Во овој период ќе се спроведат обуки за зајакнување на капацитетите на инсталациите со А интегрирани еколошки дозволи за изработка на потребна документација според механизмот за чист развој од Протоколот од Кјото.

Воедно ќе се продолжи со идентификацијата на нови потенцијални CDM проекти соодветни за спроведување на Протоколот од Кјото.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во предвидениот период ќе се продолжи со изработката на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за квалитет на амбиентниот воздух, со кои ќе се утврди методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори; ќе се утврди содржината и начинот на пренос на податоците и информациите за состојбите во управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух, формата, методологијата и начинот на водење и одржување на Катастарот на загадувачите на воздухот. Исто така ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уредат начинот и мерките за превенција и спречување на загадувањето на амбиентниот воздух од објектите и инсталациите за кои не е предвидено издавање на интегрирани еколошки дозволи и ќе се определат согорувачки капацитети кои треба да ги превземат мерките за заштита на амбиентниот воздух од загадување, преку намалување на емисиите на одделните

загадувачки супстанции во воздухот. Ќе се утврдат граничните вредности на емисија, горните граници и цели на намалување на одделни видови на загадувачки супстанции, методите на мерење на емисиите, како и роковите за постигнување на граничните вредности на емисиите на загадувачките супстанции, како и построги гранични и целни вредности за квалитет за одредени подрачја кои се донесуваат на предлог на Советот на општината или на Советот на градот Скопје, како и ќе се утврдат граничните вредности за емисија и видовите на загадувачки супстанции во отпадни гасови од подвижни извори на загадување. Со цел обезбедување на податоци за квалитетот на амбиентниот воздух ќе се уредат формата и содржината на образецот за доставување на податоците и формата, содржината и начинот на водење на дневникот, како и ќе се утврдат поблиските услови кои треба да ги исполнуваат субјектите кои вршат мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и определени видови стручни работи, во поглед на опрема, уреди, инструменти и соодветни деловни простории, согласно пропишаните ISO и CEN стандарди. Воедно, ќе се изработат упатства за имплементациони планови и програми согласно директивите за емисии во воздухот.

Во овој период ќе се ратификуваат 8 протоколи кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот и тоа: за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и евалуација на далекусежното пренесување на загадувачите на воздухот во Европа (ЕМЕР) од 1984 година, за намалување на емисиите на сулфур или нивните прекугранични флуксеви за најмалку 30% од 1985 година, за емисиите од нитроген оксиди или нивните прекугранични флуксеви од 1988 година, за контрола на емисиите од испарливи органски соединенија (VOC) или нивните прекугранични флуксеви од 1991 година, за понатамошно намалување на емисиите од сулфур од 1994 година, за тешки метали од 1998 година, за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година и за борба против киселењето, еутрофикацијата и понискиот слој озон од 1999 година.

Ќе се донесе Националниот план за заштита на амбиентниот воздух со кој ќе се дефинираат идните мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и за минимизирање или целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух согласно определите  зони и агломерации во Република Македонија..

**КЛИМА И ЗАШТИТА НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА**

Во овој период ќе се определи начинот за управување со супстанците кои ја осиромашуваат озонската обвивка, а ќе се дефинираат и условите, начинот и постапката за изготвување на Националниот инвентар на антропогени емисии по извори и понори на стакленички гасови..

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ**

Во наредниот период треба да се продолжи со зајакнување на капацитетите на МЖСПП преку нови вработувања и обезбедување на обуки за извршување на активностите за новиот и постојниот кадар. Потребно е техничко подобрување на Секторот Македонски информативен центар за животна средина и на одделението за мониторинг заради обезбедување на мониторингот на воздухот.

Ќе се продолжи со зајакнување на автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух преку редовно одржување на постојните мониторинг станици и со воспоставување на нови автоматски мониторинг станици.

Воедно, како континуирана активност ќе продолжи редовното надополнување и подобрување на Катастарот на загадувачки супстанции во воздухот, со цел зголемување на податоците за емисиите во воздухот.

**КЛИМА И ЗАШТИТА НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА**

Во овој период ќе се спроведат обуки за зајакнување на капацитетите на инсталациите со Б интегрирани еколошки дозволи и на вработените во ЕЛС за изработка на потребната документација според механизмот за чист развој од Протоколот од Кјото.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ**

Во областа на управувањето со воздухот во тек е реализацијата на следните проекти:

- Твининг проектот – Подобрување на квалитетот на воздухот во рамките на CARDS 2005 кој се спроведува во соработка со надлежните институции од Финска. Со проектот се поддржува донесувањето на подзаконски акти, подобрување на инвентаризацијата на емисиите во воздухот, прелиминарна проценка на квалитетот на амбиентниот воздух, подобрување на работата на лабораторијата и моделирањето на квалитетот на амбиентниот воздух.
- ЦИМ - Проект со кој е обезбедено учество на германски експерт како техничка помош при одржување на мониторинг станиците, како и имплементирање на барањата на директивите за квалитет на амбиентниот воздух во техничка смисла.

**КЛИМА И ЗАШТИТА НА ОЗОНСКАТА ОБВИВКА**
Во областа на климатските промени, во тек е спроведување е проектот за изработка на Втората Национална комуникација за климатски промени (планирано е завршување во април 2008 година). Исто така, во тек е билатералната соработка со италијанското Министерство за животна средина, тероторија и море (согласно Меморандумот за соработка на полето на животната средина и одржливиот развој, со акцент на соработката во делот на имплементирање на Протоколот од Кјото), преку правна и техничка подршка на работењето на МЖСПП за спроведување на обврските кои произлегуваат од Протоколот од Кјото.

За реализирање на Националната програма за редукција и елиминација на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка се обезбедени финансиски средства од мултилатералниот фонд на Монтреалскиот Протокол.

## 3.27.3 **УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2007 година се извршија измени и дополнувања на Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04) преку Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/07). Измените произлегоа од потребата за усогласување на казнените одредби на овој закон со новиот Законот за прекршоци, како и од потребата за подобрување и проширување на текстот на законот за обезбедување соодветна правна основа за понатамошно транспонирање на одредбите на: Директивата 2006/12/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 5 април 2006 година за отпад, Директивата 91/689/ЕЕЗ на Советот од 12 декември 1991 година за опасен отпад која ги уредува посебните правила за постапување со опасен отпад, Директивите 75/439/ЕЕЗ на Советот од 16 јуни 1975 година и 87/101/ЕЕЗ на Советот од 22 декември 1986 година за отпадни масла, Директивата 96/59/ЕЗ на Советот од 16 септември 1996 година за отстранување полихлорирани бифенили и полихлорирани терфенили, Директивата 91/157/ЕЕЗ на Советот од 18 март 1991 година за батерии и акумулатори кои содржат одредени опасни супстанции, Директивата 2000/53/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 18 септември 2000 година за искористени возила, Директивата 2002/96/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 27 јануари 2003 година за електрична и електронска опрема, Директивата 2002/95/ЕЗ на Европскиот Праламент и Советот од 27 јануари 2003 година за рестрикции за употреба на одредени опасни супстанции во електричната и електронската опрема (RoHS).

Директивата 86/278/ЕЕЗ на Советот од 12 јуни 1986 година за заштита на животната средина, а посебно на почвата кога милта се користи во земјоделството е транспонирана во Предлог Законот за водите.

Се донесоа повеќе подзаконски акти кои правната основа ја имаат во Законот за управување со отпад: 1.Правилник за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола за преработка, третман и/или складирање на отпад, формата и содржината на дозволата како и минималните технички услови за вршење на дејноста преработка, третман и/или складирање на отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/07); 2. Правилник за начинот и условите за складирање на отпадот, како и за условите што треба да ги исполнуваат локациите на коишто се врши складирање на отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/07); 3. Правилник за минималните технички услови и условите во поглед на заштитата на животната средина кои треба да ги исполнуваат претоварните станици, условите што треба да ги исполнуваат локациите на кои се градат односно се поставуваат претоварните станици, како и роковите за чување на отпадот во претоварната станица според видовите на отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/07); 4. Правилник за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ („Службен весник на Република Македонија” бр.48/07); 5. Правилник за формата и содржината на дозволата, барањето и регистарот за издадени дозволи за трговија со неопасен отпад, начинот и постапката за издавање на дозволата, начинот на водење на евиденцијата како и условите за начинот за вршење на дејноста трговија со неопасен отпад („Службен весник на Република Македонија” бр 115/07); 6. Правилник за формата и содржината на барањето за основање на депонија за неопасен и инертен отпад („Службен весник на Република Македонија” бр.133/07); 7. Правилник за формата и содржината на барањето за добивање дозвола, како и формата и содржината на дозволата за оператор на депонија („Службен весник на Република Македонија” бр.140/07); 8. Правилник за начинот на постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад („Службен весник на Република Македонија” бр.146/07); 9. Правилник за општите правила за постапување со комуналниот и со другите видови неопасен отпад („Службен весник на Република Македонија” бр.147/07); 10. Правилник за начинот и постапката за работа, следење и контрола на депонијата за време на работењето, следење и контрола на депонијата во фазата на затворање и натамошна грижа за депонијата по затворањето, како и начинот и условите за грижа за депониите откако тие ќе престанат да работат („Службен весник на Република Македонија” бр.156/07); 11. Правилник за постапките и начинот на собирање,

транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците („Службен весник на Република Македонија” бр.156/07).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со новата организација на МЖСПП во Управата за животна средина се формираше Сектор за животна средина во кој функционира одделение за отпад и почва, надлежно издавање на дозволи за постапување со отпад, водење на регистарот за отпад, вршење надзор над активностите за кои е издадена дозвола, како и предлагање на мерки за превземање на активности во врска со управувањето со отпадот. Воедно, Управата за животна средина оваа година процесираше голем број на барања (175) поврзани со добивање на дозволи за управување со отпад, пред се на дозволи за складирање и третман на отпад, за трговија со отпад и транспорт на комунален отпад.

Со Програмата за инвестирање во животната средина за 2007 година е обезбедена подршка на неколку општини за изработка на Планови и програми за управување со отпад во вкупен износ од 6.000.000,00 денари. Воедно согласно истата програма во износ од 53.000.000,00 денари е обезбедена подршка на ЕЛС и правни лица за изработка на проектна документација и реализација на проекти поврзани со воспоставување на системи за интегрирано управување со отпадот и санирање и расчитување на депонии. Проектите заклучно со декември 2007 година се во финална фаза на реализација.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

И во понатамошниот период потребно е понатамошно усогласување со барањата на правото на ЕУ со донесување на подзаконски акти за транспонирање на релевантните директиви од оваа област.

Со донесувањето на новите подзаконски акти ќе се уреди прометот употребата, означувањето, содржината на опасните супстанции, собирањето и повратниот прием на потрошените батерии и акумулатори, како и ќе се уреди потврдата за прием, евиденцијата, системот за прием или за откуп и висината и начинот на плаќање на кауцијата. Исто така ќе се утврдат мерки за заштита на животната средина, нивни цели и рокови за постигнување, кои мораат да ги превземат производителите, сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористените возила, ќе се уреди начинот на нивното складирање, како и ќе се уреди потврдата за превземање на возилото за уништување, образецот за известување и начинот на водење на евиденцијата. Исто така ќе се уредат поблиските услови за постапување со опасниот отпад, начинот на негово пакување и означување, како и критериумите и постапките за прифаќање на отпадот во депониите од секоја класа, подготвителните постапки за прифаќање на отпадот, општите постапки за тестирање и земање на мостри.

Со цел регулирање на условите за постапување со отпадот во депониите ќе се донесе правилник кој ќе ги утврди условите што треба да ги исполнуваат депониите, како и правилник со кој ќе се утврди количеството на биоразградлив отпад што смее да се депонира.

Исто така ќе се донесат:

- Националната стратегија за управување со отпад со која ќе се дефинира идната политика на Република Македонија во управувањето со отпад за период од 12 години;
- Националниот план за управување со отпад по донесување на Стратегијата, со кој ќе се дефинираат превземањето на конкретни мерки за спроведување на Стратегијата за управувањето со отпадот и Законот за управување со отпад и
- План за управување со медицински отпад со физибилити студија кој ги утврдува мерките што треба да се превземат за управување со медицинскиот отпад.

Во овој период ќе се донесат и неколку планови за управување со отпадот од страна на ЕЛС, како и програми за нивно спроведување. За оваа цел МЖСПП ќе обезбеди финансиска подршка на ЕЛС преку Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година со што директно се подржуваат ЕЛС во спроведувањето на нивните надлежности во управувањето со отпадот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се изврши зајакнување на капацитетите на одделението за отпад и почва и на Секторот за Европска унија со нови вработувања и обуки за управувањето со отпадот на локално ниво.

Воедно, со цел обезбедување на подобро управување со отпадот од страна на јавните претпријатија кои постапуваат со отпад на локално ниво, ќе се спроведат и обуки на нивните вработени.

Во овој период ќе се спроведат обуки за управување со отпад од пакувања за потребите на јавните претпријатија и други постапувачи со отпад од пакувања.

Ќе се изработат проектни документации за интегрирано управување со цврст отпад за Полошкиот регион и Скопскиот регион.

Во почетокот на 2008 година ќе се формира Комисија за полагање на испит за стекнување на овластување на управител со отпад, со цел спроведување на Законот за управување со отпад.

И понатаму ќе се продолжи со издавање на дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период ќе се изврши понтамошно усогласување на националното законодавството со ЕУ *acquis* во делот на посебните текови на отпад и транспонирање на директивите: Директивата 94/62/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 20 декември 1994 година за пакување и отпад од пакување, Директивата 2002/96/ЕЗ Европскиот Парламент и Советот од 27 јануари 2003 година за отпадна електрична и електронска опрема, Директивата 2002/95/ЕЗ на Европскиот Пралament и Советот од 27 јануари 2003 година за рестрикции за употреба на одредени опасни супстанции во електричната и електронската опрема (RoHS), Директивата 78/176/ЕЕЗ на Советот од 20 февруари 1978 за отпад од индустријата за титаниум диоксид, Директивата 2000/76/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 4 декември 2000 година за согорување на отпад, Директивата 91/157/ЕЕЗ на Советот од 18 март 1991 година за батерии и акумулатори кои содржат одредени опасни супстанции, Регулативата 259/93/ЕЕЗ на Советот од 1 февруари 1993 за надзор и контрола на пратките на отпад внатре, во и од Европската заедница и Директивата 86/278/ЕЕЗ на Советот од 12 јуни 1986 година за заштита на животната средина, а посебно на почвата кога милта се користи во земјоделството.

Со донесувањето на подзаконските акти ќе се определат класите на видовите на електрична и електронска опрема, списокот на производи кои се распоредуваат во класите на електична и електронска опрема за која ќе се врши селективно собирање, условите за собирање, повратен прием, третман и преработка, начинот на водење на евиденција на електичната и електронската опрема, како и ќе се уредат максималните вредности за концентрации за присуство на одредени видови на опасни супстанции во електричната и електронската опрема, нејзините компоненти и материјали. Ќе се уреди начинот на постапување на отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење на мониторинг, содржината и начинот на доставување на податоците поврзани со отпадот од титаниум диоксид. Исто така ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уредат условите во поглед на техничките средства и опремата за вршење на дејноста горење или согорување на отпад, како и минималните технички услови кои треба да ги исполнуваат инсталациите за горење и согорување на отпад, формата и содржина на барањето за добивање на дозвола, како и формата и содржината на дозволата за оператор на инсталацијата за горење или согорување. Во постапката за трговија со отпад ќе се утврдат видовите на отпад чиј режим на трговија ќе биде посебно регулиран, условите за извоз, увоз и транзит на отпад, методите на надзор, како и формата и содржината на образецот на дозволата за извоз, увоз и транзит на отпад.

Во овој период ќе се донесе Законот за пакување.

Транспонирањето на Директивата 2006/21/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 15 март 2006 година за управување со отпадот од рудници ќе биде завршена во овој период како резултат на соработката на МЖСПП и Министерството за економија, со што ќе се извршат промени на Законот на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/07).

Ќе се донесе Програма за управување со илегалните депонии и Упатство за имплементација на процесот на управување со отпад на локално ниво.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период е потребно понатамошно зајакнување на капацитетите на Управата за животна средина и на ЕЛС со нови вработувања за потребите на управување со отпад, како и реализирање обуки за спроведување на законските обврски.

Воедно, во овој период ќе започе да се спроведува постапката за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план на постојните депонии во Република Македонија, како и изработка на планови за затворање на дел од постојните депонии што ќе бидат утврдени во Програмата за управување со илегалните депонии.

Во делот на зголемување на нивото на инвестиции и воспоставувањето систем за интегрирано управување со отпадот, се предвидува изработка на физибилити студии и останата техничка документација за регионални депонии, изградба на регионални и санација на комуналните депонии.

Во овој период ќе се врши редовно надополнување и одржување на Катастарот на создавачи на цврст отпад. Ќе се продолжи со подршката на ЕЛС во изработката на планови и програми за управување со отпад.

Ќе се спроведат обуки за управување со отпадот од пакувања за повеќето чинители во Република Македонија, вклучувајќи го и бизнис секторот и администрацијата на централно и локално ниво.

И понатаму ќе се продолжи со издавање дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

- Како дел од билатералната соработка со Република Словенија во тек е проект за изработка на Национална стратегија за управување со отпад на Република Македонија.
- Во делот за отпад предвиден е проект за подршка на процесот за управување со отпад на локално ниво во соработка со Кралството Шведска преку SIDA/SEPA од кој ќе произлезе Упатство за имплементација на процесот на управување со отпад на локално ниво. Проектот ќе заврши до 2009 година.

## 3.27.4 **КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со цел надминување на недостатоците на постоечкиот Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" бр.4/98, 19/00 и 42/05) кој не е усогласен со acquis communautaire, како и воведување на интегрален пристап во управувањето со водите согласно барањата на acquis, се изработи нов Закон за водите. Во Предлог законот за водите се транспонирани основните барања на Директивата 2000/60/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 23 октомври 2000 година за воспоставување на рамка за акција на Заедницата во политиката на води (Рамковната директива за води), како и другите релевантни директиви од облата на водите: Директивата 2006/7/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 15 февруари 2006 година за управувањето со квалитетот на водата за капење и која ја укинува директивата 76/160/ЕЕЗ, Директивата 91/676/ЕЕЗ на Советот од 12 декември 1991 година за заштита на водите од загадување од нитрати од земјоделството; Директивата 98/83/ЕЗ на Советот од 3 ноември 1998 година за квалитетот на водата наменета за пиење; Директивата 91/271/ЕЕЗ на Советот од 21 мај 1991 година за третман на урбани отпадни води; Директивата 2006/11/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 15 февруари 2006 година за загадување од одредени опасни супстанции испуштени во водите во Заедницата и Директивата 75/440/ЕЕЗ на Советот од 16 јуни 1975 година за квалитетот на површинската вода наменета за апстракција на вода за пиење во земјите членки.

Во однос на проблематиката за третман на отпадни води во октомври 2007 година беше донесена Стратешката кохерентна рамка и Оперативна програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009, како подготвителен чекор во процесот на користење на предпристапната помош  на ЕУ.

Во рамките на проектот CARDS 2003 "Подобрено управување со прекогранични водни ресурси" беа донесени следниве извештаи и анализи, во кои се дадени препораки и натамошни чекори за креирање на план за управување со сливот на реката Вардар: 1. Извештај за водниот биланс на Дојранското Езеро како и преглед на заедничкиот извештај на работните групи од Република Македонија и Република Грција; 2 Извештај во кој се дадени барањата за размена на информации помеѓу Република Македонија и Република Грција за да се овозможи заеднички мониторинг и постојана анализа на билансот на водите во Дојранското Езеро; 3. Извештај за најсериозните индустриски извори на загадување во речниот слив на реката Вардар на територијата на Република Македонија и препораки за најефективниот начин за подобрување на квалитетот на нивните емисии; 4..Ажурирана оценка на водните ресурси во речниот слив на реката Вардар/Аксиос заедно со анализата на веројатните трендови во количините на водните ресурси и нивните веројатни варијации во ресурсите и честота на нивно појавување.; 5. Извештај: Прелиминарна оценка на ефектите од загадувањето и управувањето со водите врз квалитетот на водите во реката Вардар; 6.Извештај: Преглед на рибниците во реката Вардар и влијанието на управувањето со реката и загадувањето врз рибниците; 7.Извештај: Системи за мониторинг на подземните води во седиментите на реката Вардар кај Гевгелија; 8 Извештај: Опции за подобро управување со реката Вардар, со збирен извештај кој може да се дискутира со одговорните лица.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно новата организациска поставеност на МЖСПП од 2007 година, стручните работи во областа на животната средина се спроведуваат од страна на Управата за животна средина и Службата за просторен информативен систем, органи во состав на МЖСПП. Во составот на Управата за животна средина е формиран Сектор за води, составен од три одделенија. Секторот за води до 01.01.2010 година ќе има надлежност во имплементирање на одредбите од глава 3 и 11 (Планирање и организациска поставеност) од новиот Закон за води по неговото усвојување.

Во 2007 година започнаа со работа две нови пречистителни станици - во Куманово и Кривогаштани. Пречистителната станица во Куманово беше обезбедена со помош на Швајцарската Владата (во рамките на МЕАР проектот) и од 01.01. 2008 година е дадена во употреба на Јавното претпријатие на Куманово чии капацитети беа истото така зајакнати во рамките на овој проект.

Во 2007 година, Министерството за транспорт и врски ја објави Програмата за водоснабдување и третман на отпадни води за 2007 година во висина од 90.000.000,00 денари, со која финансиски ги подржува општините во изградба на инфраструктурни објекти од наведените области.

Во рамки на Програмата за инвестирање во животната средина за 2007 година на МЖСПП, се реализираа проекти/активности за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите во износ од 3.000.000,00 денари. Воедно во рамките на Програмата за води, согласно Годишната програма за работа на МЖСПП за 2007 година, во подпрограмата Изградба и реконструкција на пречистителни станици беа определени средства во износ од 25.000.000,00 денари, а во подпрограмата Заштита на води - 15.000.000,00. Во текот на 2007 година беа распишани јавни набавки за реализирање нз активностите кои се идентификувани во рамките на подпрограмите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Предлог законот за водите е во собраниска процедура и се очекува да се донесе во првиот квартал на 2008 година. Во овој период ќе се работи на изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за води, а во правец на спроведување на барањата од ЕУ мерките - Директивата 2000/60/ЕЗ (Рамковната директива за води), Директивата 76/160/ЕЕЗ за квалитетот на водата за капење и Директивата 98/83/ЕЗ за квалитетот на водата наменета за консумирање од страна на човекот.

Како приоритет ќе биде земена изработката на подзаконските акти со кои ќе се утврди содржината на планските документи кои треба да се донесат согласно глава 3 од Законот за водите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период ќе се зајакне Секторот за води во Управата за животна средина, особено со зголемување на бројот на вработувања и обезбедување на обуки за подготовка на планските документи и за имплементација на рамковната директива за води и директивата за заштита од поплави.

Се предвидува формирање на Национален Совет за води како советодавен орган во утврдувањето на политиката за води, како и Советите за управување со речен слив.

Во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанство, како обврска што произлегува од Законот за водите, МЖСПП ќе изработи план за постепено пренесување на надлежностите во управувањето со водите од МЗШВ на МЖСПП, со кој ќе се утврди идната организација на Секторот за води во Управата за животна средина, како и ќе се утврди програмата за потребните обуки на вработените со цел превземање на целосното управување со водите од 01.01.2010 година.

Во 2008 година се планира отпочнување на изградба на пречистителна станица во Берово, како и реализација на проекти за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите. Со Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година е предвидено обезбедување на подршка за реализација на проекти за подобрување со управувањето со водите во износ од 60.000.000,00 денари, како и дополнителна подршка од буџетот на МЖСПП.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Закон за водите создава правна основа за донесување голем број подзаконски акти, кои треба да се донесат во 2010 година, со кои ќе се обезбеди целосно транспонирање на релевантното ЕУ acquis од ова подрачје. Имено, врз основа на Законот за води ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уредат формата и содржината на образецот на барањето за добивање дозвола за испуштање, потребната документација која се приложува кон барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата за испуштање. Ќе се донесат подзаконски акти кои ќе ги уредат условите кога е дозволено отстапување од целите за квалитет на водната животна средина, посебните услови за индиректно и директно испуштање на отпадни води, како и ќе се определат водните тела за вода наменета за консумирање од страна на човекот. Ќе се определат заштитните зони за вода наменета за консумирање од страна на човекот и зоните за капење, кои ќе бидат прикажани на картографскиот приказ, како и ќе се утврди формата и содржината на регистарот на заштините зони на

водни тела наменети за консумирање од страна на човекот и вклучувајќи ги и заштитните зони на вода за капење и начинот на нивното управување. Ќе се регулира изготвувањето на елаборат на границите на заштитените зони за води наменети за консумирање од страна на човекот и заштитните мерки, ажурирањето на листата на зони за капење, заштитните зони за водни тела означени како води за рекреација, вклучувајќи ги и водите за капење, начинот на означување и користење на зоните за капење, како и квалитетот на водата за капење. Со правилници ќе се регулираат критериумите, методологијата и референтните методи, условите, начинот и постапката на мониторинг на водите, начинот на информирање на јавноста за квалитетот на вода за капење, начинот и постапката за пренос на податоците од мониторингот за квалитетот на водата за капење и водата за консумирање од страна на човекот. Ќе се определи содржината и начинот на подготвување информации и картографски прикази за активностите за мониторинг на водите, подеталните програми и планови за управување со водите на речните сливови и подливови,описот на актвностите и резултатите од учеството на јавноста при подготвување на планот за управување со речен слив. Истовремено, ќе се определат критериумите за избор на мерни места за мониторинг на водите, условите, начинот и постапката за воспоставување и работење на државната и локалната мрежа за мониторинг на водите, како и методологијата за проценката на речните сливови. Ќе се утврди содржината и начинот на подготвување на плановите за управување со речни сливови и ќе се донесат програми за управување со речните сливови. За уредување на речните сливови ќе се пропише методологијата за проценката на речните сливови, содржината и начинот на подготвување на програмата на мерки, во која ќе бидат опфатени одделно мерките за површинските и подземните води, заштитните подрачја, содржината на основните и дополнителнните мерки, нивната примена и мерките кои треба да се преземат доколку целите на животната средина за конкретно водно тело не се постигнале. Ќе се уреди начинот на обработката на земјиштето и вршење на други работни активности во заштитните зони што можат неповолно да влијаат врз состојбата на водното тело. Со правилник ќе се утврди методологијата и начинот на определување на рефернтните мерни методи и параметри за мерење и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела прогласени за чувствителни зони во однос на испуштените урбани отпадни води. Ќе се утврди начинот на мониторинг и параметрите на мониторинг на отпадни води и милот од прочистување на урбаните отпадни води. Ќе се пропише методологијата и параметрите за мерење и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела во зоните чувствителни на нитрати, начинот и постапката за користење на милот и максималните концентрации на тешки метали во почвата во која се користи милот, како и дозволата за користење на милот што се добива од прочистувањето на урбаните отпадни води. Со подзаконски акти ќе се уреди начинот на извршување на мониторинг и доставување на податоци од мониторингот на водите, како и референтните мерни методи и параметри за мерење и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела во подрачјата заштитени како природно наследство. Ќе се дефинираат условите кои треба да ги исполнуваат правните и физичките лица односно акредитираните научни и стручни организации и институции во однос на стручен кадар, опрема, уреди, инструменти и просторни услови за да инсталираат инструменти за мерење на испуштените количества на води и анализа на нивниот квалитет, да ги одржуваат инструментите во исправна состојба и водат записи за извршените мерења. Ќе се определат поблиските услови за собирање, одведување и прочистување, проектирање, изградба и експлоатација на системите и станиците за прочистување на урбани отпадни води, техничките стандарди и параметри на емисија, нормите за квалитет за предтретман, отстранување и прочистување на отпадни води, имајќи го предвид оптоварувањето и методот за прочистување на урбаните отпадни води кои се испуштаат во зоните чувствителни на испуштање на урбани отпадни води, како и максимално дозволените вредности и концентрации на параметрите на прочистените отпадни води за нивно повторно користење.

Ќе се донесат и подзаконски акти со кои ќе се утврдат карактеристиките и критериумите за определување на добрата состојба на водата, хемиската состојба, еколошкиот потенцијал на водата на површинските води, условите за определување на вештачките и силно изменетите површински водни тела, како и рокот за постигнување на добрата состојба на површинската вода. Ќе се утврдат критериумите и карактеристиките на добрата квантитативна и хемиска состојба на подземните води, како и потребните мерки за спречување и ограничување со цел да се постигне добрата состојба на подземните води. Ќе се дефинира класификацијата и категоризацијата на водите, како и рокот за постигнување на целите на квалитетот на водите и минимум стандардите за квалитетот на води; граничните вредности на испуштање на опасни супстанци и ќе се определат границите на подрачјата на речните сливови. Ќе се направи и листа на загадувачките материи и супстанции, условите за инсталирање и работа на постројките кои работат со опасни материи и супстанции и начинот на нивно тестирање пред нивно пуштање во работа.

Ќе се донесаат и одлуки врз основа на Законот за води, со кои ќе се определи листата на водните тела наменети за рекреација односно капење и забраната или ограничувањето на вршењето активности кои влијаат врз квалитетот на водите во зоните за капење.

Исто така се планира донесување на соодветни упатства за имплементирање на барањата од транспонираните ЕУ директиви, како и Препорака за добра земјоделска пракса со цел давање практични упатства на земјоделците и другите

лица вклучени во земјоделството, во врска со активности што може да влијаат врз површинските и подземните водни тела и промоција на соодветни практики за намалување на загадувањето на водите.

Во овој период е планирано да се изработуваат Националната Стратегија за води и Водостопанска Основа на Република Македонија, како и Правилник за методологијата на поблиската содржина, начинот и постапката за изработка, ревидирање и ажурирање на Водостопанската основа и да се започне со изработка на Плановите за управување со речените сливови во Република Македонија (за реката Вардар, Црн Дрим и Струмица) и Програмата на мерки за постигнување на целите за животната средина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во областа на водите ќе се превземат активности насочени кон зајакнување на капацитетите на телата кои ќе бидат надлежни за управување со водите. Со Законот за води предвидено е формирање на тела за управување со водите по речни сливови како организациони единици во МСЖПП со цел постигнување на интегриран пристап во користењето на водите. Имено, по 01.01.2010 година потребно е Секторот за води во Управата за животна средина да се организира со посебни одделенија за секој речен слив во Република Македонија.

За потребите на интегрирано управување со водите, ќе се надградува и одржува мрежата за мониторинг на реките, а ќе се изврши и надградба на Катастарот на загадувачи на отпадни води.

Со цел изградба на системи за третман на отпадни води, ќе се изработат физибилити студии за третман на отпадни води и ќе продолжи изградбата на колекторски системи и пречистителни станици во земјата, како и реализација на проекти за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во областа на управувањето со водите во тек е реализацијата на следните проекти:

- Во рамките на CARDS 2006 во февруари 2007 година започна изработка на техничка документација и апликација за третман на отпадни води за општина Прилеп, кој ќе трае до мај 2008 година со вкупни средства во износ од EUR 500.00,00.
- Програмата за води, финансиски поддржана од Швајцарија. Вкупен износ на проектот е EUR 4.914.000,00 и времетрање од 01.01.2006-31.12.2008.
- Проектот Мониторинг на реките во Република Македонија - II фаза исто така е финансиски подржан од Швајцарија со вкупен износ од 1.061.475,00 EUR и времетрање од 01.01.2006-31.12.2008.
- Во соработка со Јапонската Агенција за Меѓународна соработка започна изработката на физибилити студија за третман на отпадни води за Град Скопје (2007-2009), во вкупна вредност од EUR 1.528.455,00 и времетрање од 01.09.2007-31.12.2008.
- Проектот за Изградба на ХС Злетовица - 1 фаза Брана Кнежево и наводнување, финансиран од Јапонската Агенција за Меѓународна соработка со времетраење од 01.11.2003-01.01.2010 и вкупна вредност од EUR 73.148.429,00.
- Проектот за Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција е финансиран од УНДП (ОН Програма за развој). Вкупниот износ на овој проект е EUR 2.602.512,00, а времетрањето е од 17.04.2006-17.04.2011.
- Проектот за Интегрирано управување со екосистемот во басенот на Преспанските Езера е во тек. Истиот е финансиран од ГЕФ/УНДП, со вкупен износ од EUR 1.731.400,00 и времетраење од 01.01.2006-31.12.2010.
- Проектот Станица за пречистување на отпадна вода во Гевгелија планира изградба на станица за пречистување на отпадните води на реката Вардар, а финансиски е поддржан во рамки на Грчкиот план за реконструкција на Балканот. Вкупен износ на овој проект е EUR 2.000.000,00.
- Проектот Еколошка санација и енергетска рационализација на геотермалниот систем Геотерма во Кочани е во вкупен износ од EUR 1.440.000,00 и времетраење од 01.10.2006 до 30.06.2010 година.

**ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ**

- Во рамките на Швајцарскиот Компензационен фонд во текот на 2007 година се склучи договор за реализирање на проектот за заштита на земјата, површинските и подземните води од загадување со хром во областа на Јегуновце. Истиот треба да се реализира во текот на 2008 година.

## 3.27.5 **ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Основен закон во подрачјето за заштита на природата е Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06 и 84/07) во кој се транспонирани Директивата 79/409/ЕЗ на Советот од 2 април 1979 година за заштита на дивите птици; Директивата 92/43/ЕЗ на Советот од 21 мај 1992 година за заштита на дивата флора, фауна и природните живеалишта и Регулативата 338/97/ЕЗ на Советот од 9 декември 1996 година за заштита на дивата фауна и флора преку регулирање на трговијата со нив (спроведување на конвенцијата CITES). Во 2007 година овој закон беше изменет и дополнет и со измените и дополнувањата се изврши усогласување на неговите казнени одредби со Законот за прекршоци. Воедно се изврши подобрување и проширување на правната основа во Законот за транспонирање на горенаведените директиви и Регулатива со цел да се овозможи целосно усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis од оваа област.

Процесот на прогласувањето и ре-прогласувањето на заштитени подрачја во Република Македонија продолжи и во 2007 година со усвојување на Законот за повторно прогласување на дел од планината Пелистер за национален парк („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/07)

Исто така, изготвен е Нацрт-текст на Просторниот план за Охридско-преспански регион (секторска студија за заштита на природата и биодиверзитетот). Отпочна процедура за изработка на Национална стратегија за природа и во тек е постапка за избор на консултанти за нејзино изготвување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со формирањето на Управата за животна средина, орган во состав на МЖСПП, се формира Сектор за природа во кој постојат три одделенија: одделение за заштита на природно наследство (ОЗПН) кое работи на заштитата на локалитетите и објектите кои се прогласени како заштитено природно наследство, одделение за уредување на просторот во заштитени подрачја и заштита на геодиверзитет (ОУПЗГД) кое работи на уредување на просторот во заштитените подрачја, како и за заштита на гео-диверзитетот и геоморфолошкото наследство и одделение за биодиверзитет (ОБД) надлежно за зачувување на основните компоненти на биодиверзитетот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за заштита на природата ја дава правната основа за донесување на подзаконски акти со кои ќе се изврши целосно транспонирање на ЕУ acquis од оваа област. Во 2007 година започна изготвување на неколку подзаконски акти и вршење на анализа на состојбата и консултација за нивно донесување. Во овој период се планира донесување на неколку подзаконски акти со кои ќе се уреди постапката за трговија со заштитени видови, како и за подобрување на базата на податоци за природата. Имено, ќе се уреди формата, содржината, начинот и постапката на издавање на дозволата за собирање на засегнати диви видови растенија, габи и животни и нивни делови, како и формата и содржината на барањето за издавање на дозвола за спроведување на научно истражување во природата. Ќе се уредат начинот и постапката за издавање на дозволата за промет за засегнати диви видови, растенија, габи, животни и нивни делови, ќе се определат граничните премини преку кои може да се врши прометот, како и ќе се уреди и постапувањето при промет со такви видови растенија од страна на царинските органи. Исто така ќе се утврдат условите кои треба да ги исполнуваат овластените депозитари на конфискуваните примероци при недозволен промет. Исто така ќе се донесат и подзаконски акти со кои ќе се уредат мерките и активностите за заштита на спомениците на природата, како и мерките и активностите за заштита на паркот на природата.

Во насока на воспоставување на интегрален систем за заштита на природата и зачувување на биодиверзитетот, ќе се донесе Националната Стратегија за заштита на природата со Акционен план и ќе продолжи постапката на ревалоризација на заштитени подрачја со изготвување на акти за повторно прогласување.

Воедно, ќе се работи континуирано на развојот на национална еколошка мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (идна Натура 2000), на изготвувањето на програма за мониторинг и донесување на национални индикатори за биодиверзитет, како и на воспоставувањето и одржувањето на Катастар и карта на заштитени подрачја.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во наредниот период ќе се зајакне Секторот за природа во Управата за животна средина, преку нови вработувања, како и обуки на кадарот. Во овој период започнува проект обезбеден од Кралството Шведска преку SIDA кој се спроведува од страна на Шведската Агенција за животна средина. Проектот има за цел зајакнување на капацитетите на Секторот за природа во однос на барањата кои произлегуваат од имплементирањето на ЕУ acquis за природа.

Истовремено ќе се работи на зајакнување на капацитетите на телата кои управуваат со заштитените подрачја преку одржување на обуки и тренинзи за имплементација на Плановите за управување со заштитените подрачја. Ќе се спроведат обуки на вработените за водење на катастар на заштитени подрачја и регистар на природно наследносво, како и обука за вработените во МЖСПП и царинските службеници за постапување при имплементацијата на CITES Конвенцијата.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период е планирано дооформување на правната рамка за природа преку донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита на природата.

Имено, ќе се донесат подзаконски акти  со кои ќе се утврдат мерките на заштита, начините на градење и одржување на граничните премини. Ќе се утврди Листата на меѓународно засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови усогласена со меѓународни договори ратификувани од Република Македонија чиј промет се регулира со сертификат за промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, габи, животни и нивни делови. Ќе се утврди Листата на дивите видови растенија, габи, животни и нивните делови кои се прогласени за засегнати и/или заштитени на ниво на Европската унија или други европски земји чиј промет се регулира со дозволата за промет со засегнати и зашштитени  диви видови растенија, габи,  животни и нивни делови.

Со подзаконски акти ќе се уреди прогласувањето на засегнати видови, ќе се определат строго заштитени диви видови и заштитени диви видови, ќе се утврдат условите за чување на диви животински видови во заробеништво, како и ќе се утврдат начинот и постапката под кои може да се врши ограничено и на селективна основа земање, чување и на друг начин користење на одредени строго заштитени диви видови во мали популации, во услови на строг надзор. Исто така, ќе се утврдат мерките и активностите за заштита, начинот и обемот на користење на заштитени диви видови.

Со цел заштита на природните живеалишта, ќе се утврдат типовите живеалишта, вклучувајќи го видот и степенот на нивната загрозеност и значајност која ќе биде утврдена согласно прописите на Република Македонија, меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија, прописите на Европска унија и одлуките на Советот на Европа, како и начинот на нивното означување. Исто така, ќе се утврди начинот на изготвувањето, одржувањето и означувањето на картата на живеалишта, начинот на определување на степенот на загрозеност и на вршење на проценка на состојбата и загрозеноста на типовите живеалишта, како и типови живеалишта за чие што зачувување е неопходно одредување на посебни подрачја за зачувување. Ќе се утврдат мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност. Со подзаконските акти ќе се утврдат меѓународно еколошки значајни подрачја и начинот на нивното управување на територијата на Република Македонија, во согласност  со меѓународните договори за заштита на природата ратификувани од Република Македонија. Ќе се утврди еколошката мрежа на територијата на Република Македонија и ќе се уреди начинот на управувањето со истата. Со подзаконските акти ќе се определат пределските типови, нивното вреднување, земајќи ги предвид посебните вредности кои им ги припишува населението, како и други заинтересирани физички и правни лица, ќе се определат особено вредните предели, како и мерките за заштита на пределските типови. Исто така ќе се утврдат условите во поглед на опремата и деловните простории, кои треба да ги исполнуваат акредитираните правни лица за вршењето на научните и стручните работи за заштита на природата и мониторинг на состојбата на природата, како и ќе се утврдат условите, начинот и постапката за земањето и користењето на генетски и биолошки материјал од природата. Ќе се дефинираат критериумите за следење и оценување на спроведувањето на Националниот план против опустинување, како и содржината и постапката за доставување на извештајот за реализација на мерките и активностите утврдени со овој национален план.

Континуирано ќе се работи на развојот на национална еколошка мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (идна Натура 2000), изготвувањето на програма за мониторинг, методологија за мониторинг на состојбата на природата и Црвена книга и црвени листи на диви видови, донесување на национални индикатори за биодиверзитет и нивна примена, како и на воспоставувањето и одржувањето на Катастар и карта на заштитени подрачја.

Приоритет е даден на изготвување и донесување Планови за управување со заштитени подрачја, односно нивно спроведување по усвојувањето од страна на телата кои управуваат со истите; ревалоризација и повторно прогласување на заштитени подрачјата и изготвување елаборати-студии за прогласување на нови локалитети за заштитени подрачја.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за природа во Управата за животна средина преку нови вработувања. Истовремено ќе се дооформат телата кои треба да управуваат со заштитените подрачја, како и ќе се

обезбеди зајакнување на нивните капацитети. Особено зајакнувањето ќе се врши на Јавните установи - Националните паркови и на другите тела кои ќе управуваат со заштитените подрачја.

Воедно ќе се работи на воспоставување на електронски бази на податоци, катастар на заштитени подрачја, регистри на природно наследство, евиденција на промет со заштитени видови, како и воспоставување континуиран мониторинг врз основа на соодветна програма и организирање на мрежа на институции за мониторинг и начин на прибирање/доставување на податоци.

Ќе се работи на понатамошно зајакнување на капацитетите за воспоставување и управување со Емералд мрежа (идната Натура 2000) и Национална еколошка мрежа по примерот на ПЕЕН.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Тековни проекти кои се спроведуваат со странска поддршка се следните:

1. Развој на Емералд мрежата во Република Македонија која претставува мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (АСЦИ) и е компатибилна со мрежата НАТУРА 2000 која се развива на територијата на земјите членки на ЕУ. На тој начин се транспонираат меѓународните и европските договори (Конвенција за биолошка разновидност, Бернска конвенција и други) и ЕУ директивите за живеалишта и диви птици. Досега се идентификувани и обработени околу 80% од Емералд подрачја во Република Македонија. Последната фаза за целосна идентификација на Емералд мрежата се очекува да започне на почеток на 2008 година. Проектот е финансиран од Европската агенција за животна средина (ЕЕА) преку Совет на Европа.
2. Развојот на Пан-европска еколошка мрежа (ПЕЕН) во Република Македонија започна со реализација на проектот „Индикативна карта на ПЕЕН во Југоисточна Европа“ (2004-2006 година). Согласно препораките од проектот за изработка на подетална карта на национално и регионално ниво, во јуни 2007 година во Кочани беше одржана Регионална работилница за промоција и развој на ПЕЕН со учесници од соседните држави на која беа дадени конкретни предлози за идните активности. Работилницата беше организирана со финансиска поддршка од страна на Европскиот центар за заштита на природата (ECNC) од Холандија, во висина од околу EUR 8.850,00. Врз основа на резултатите од работилницата ќе се изготват нови предлог проекти.
3. Проектот „Комуникација за заштита на природата: изградба на капацитети и пилот-проекти во Хрватска и Македонија“ (2006-2008 година) е координиран и финансиран од Европскиот центар за заштита на природата (ECNC) од Холандија. Во тек е реализација на II фаза за изградба на капацитети за партнерство во пилот подрачјето НП Маврово. До сега се обезбедени финансиски средства за првиот и вториот дел од проектот во висина од околу EUR 30.000,00. Буџетот за третиот дел од проектот, кој ќе се реализира во текот на 2008 година, сеуште не е дефиниран.
4. Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени области на Македонија (ГЕФ/УНДП). Проектот ќе ги развие капацитетите на институциите кои управуваат со заштитените подрачја со цел зајакнување на националните системи од аспект на сеопфатно познавање на проблематиката и примената на соодветни технологии; подршка и развој на порепрезентативна мрежа на заштитени подрачја; зајакнување на алатките за подршка на процесот на одлучување неопходни за обезбедување на законскиот стаус на заштитените подрачја во рамките на мрежата и нивно проширување и локално тестирање на алатките за носење одлуки во процесот на повторно прогласување на две пилот заштитени подрачја.
5. Проектот за Реконструкција на информативен центар – Пелистер (2007-2008 година) го финансира и координира Швајцарската Амбасада. Во тек се активности за реконструкција на објектот. Следните активности ќе бидат насочено кон внатрешно уредување на информативниот центар.

## 3.27.6 **КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2007 година, врз основа на Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05 и 24/07) донесени се два подзаконски акти со кои се регулира висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите за кои се издаваат интегрирани еколошки дозволи и тоа: Уредба за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/07) и Уредба за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/07).

Согласно временскиот распоред за поднесување на барање за усогласување со оперативен план, до МЖСПП се доставени вкупно 72 барања за добивање дозвола за усогласување со оперативен план за А интегрирана еколошка дозвола. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со

цел добивање на интегрирана еколошка дозвола. Досега изготвени се 3 нацрт дозволи и тоа за: Фени Индустри, ОКТА и ФЗЦ 11 Октомври. За една од нив (Фени Индустри) веќе е започната постапката за преговарање и постигнување согласност за содржината и рокот за реализација на оперативниот план. Согласно Законот за животна средина, на барање на засегнатата јавност досега, беше организирана една јавна расправа во врска со барањето за добивање дозвола за усогласување со оперативен план доставено од страна на Макстил АД Скопје.

Во рамки на Проектот CARDS 2004 „Зајакнување на управувањето со животната средина" изготвени беа Секторски упатства за најдобри достапни техники (НДТ) кои се однесуваат на различни индустриски гранки и тоа: третман на отпадни води и гасови; производство на челик; преработка на феро-метали; производство на обоени метали; мониторинг; производство на цементен клинкер; производство на керамика и интензивно одгледување на живина.

Во делот на санација на индустриски жешки точки, се изработени плановите (физибилити студии) за ремедијација со финансиски барања за елиминација на 4 најприоритетни индустриски жешки точки во Република Македонија кои се изработуваат во рамки на проектот CARDS 2006 „Развој на санациони планови со финансиски барања за елиминација на индустриски жешки точки". Тоа се плановите за следните индустриски жешки точки: АД Охис (органско хемиска индустрија) – Скопје, МХК Злетово (топилница за олово и цинк) – Велес, Силмак (поранешна ХЕК Југохром) – Јегуновце, Тетово и Макстил (фабрика за железо и челик) – Скопје. Воедно, изработена е физибилити студија, подржана од УНДП, за санација на рудникот Лојане како еколошко жариште.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно новата систематизација на МЖСПП, во рамките на Управата за животна средина формиран е Сектор за индустриско загадување и управување со ризик. Во рамки на секторот работат 4 одделенија и тоа: одделение за индустриско спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ), одделение за хемикалии и индустриски несреќи, одделение за мониторинг и одделение за управување со ризик и атмосфера. Секторот за индустриско загадување и управување со ризик се зајакна со 6 вработувања во текот на 2007 година од кои едно со превземање во одделението за хемикалии и индустриски несреќи и останатите во одделението за ИСКЗ чија процедура за вработување е во завршна фаза.

Одделението за мониторинг врши следење на податоците добиени од следење на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух и нивна валидација и верификација и при тоа се врши редовно одржување и сервисирање на станиците и семплерите, промена на филтри и делови, мануелна калибрација на инструментите во станиците и референтните анализатори од калибрационата лабораторија со помош на статичен инјекционен систем за калибрација како и се врши доставување на податоците од мониторингот до лицата релевантни за нивна понатамошна обработка.
Одделението за управување со ризик и атмосфера е надлежно за управување со идентификуваните жешки точки во Република Македонија, како и за превземање на мерки за имплементацијата на обврските кои произлегуваат од Ковненцијата за климатски промени и Протоколот од Кјото. Ова одделение исто така е надлежно за евиденција на испуштањата на гасови во атмосферата кои се следат согласно Конвенцијата за климатски промени.

Еколошкото означување на производи и услуги е значаен инструмент во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина и има за цел да го охрабри бизнис секторот да произведува или да го снабдува пазарот со производи и услуги со намалено влијание врз животната средина за време на нивниот целосен животен циклус.

Во последниот квартал од 2007 година, МЖСПП објави конкурс за изготвување на критериуми за поедини групи на производи и услуги актуелни за Република Македонија, односно за детергенти за рачно миење на садови и туристичко сместување. Во соработка со TAIEX во ноември 2007 година се одржа национална работилница за EMAS во Република Македонија, каде бизнс секторот и администрацијата се запознаа со значењето од воведувањето на EMAS.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за животна средина, а во врска со заштита од индустриски несреќи, во наредниот период се планира заокружување на правната рамка од оваа област со донесување на подзаконски акти кои се однесуваат на спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции. Имено во оваа област ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се утврдат содржината на внатрешните и надворешните планови за вонредни состојби, начинот на нивно одобрување, како и опасните супстанции, гранични вредности (прагови) за присуство на опасни супстанции и критериумите или својствата според кои супстанцијата се класифицира како опасна .

Во овој период е планирано објавување на конкурс за изготвување на три нови критериуми за текстил, мебел и бои и лакови и донесување правилници со кои ќе се воведат пет еколошки критериуми (детергенти за рачно миење садови,

туристичко сместување, текстил, мебел и бои и лакови). Воедно, ќе се ревидира постојниот состав на Комисија за еко-етикетирање и формално ќе се воспостави.

Националната стратегија за апроксимација во животната средина, која беше изработена во 2007 година во рамки на проектот CARDS 2005 „Зајакнување на управувањето со животната средина во Република Македонија – Подготовка на Национална стратегија за апроксимација во животната средина “, ќе се донесе во овој период. Таа истовремено ги опфаќа и инвестициони планови за спроведување на директивите од областа на индустриското загадување и управување со ризик за чие спроведување се потребни значителни финансиски средства.

Во овој период ќе продолжи разгледувањето на добиените барања за усогласување со оперативен план и изработка на предлог дозволи за истите. Воедно, согласно распоредот за поднесување на барања, во овој период ќе се поднесуваат барања за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план за останатите активности како живинарски фарми, кожарска индустрија, текстил, боење, млекари, за индустрискиот сектор и отпад кој е последен согласно распоредот. Истовремено ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат преговорите согласно постапката за добивање на дозволи за усогласување со оператвен план.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период се планира зајакнување на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик со нови вработувања и обуки во делот на изготвување на интегрирани еколошки дозволи и управување со индустриски несреќи. Воедно ќе се зајакнуваат и капацитетите на ЕЛС во делот на интегрираното спречување и контрола на загадувањето, односно во издавањето на Б интегрираните еколошки дозволи. Воедно, планирано е и зајакнување на одделението за стандарди во Секторот за Европска унија со нови вработувања.

Ќе започне реализирањето обуки за индустрискиот сектор за примена на механизмот за чист развој и изработка на физибилити студии за донесување на еко-критериуми за производи и услуги.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период се планира донесување на Правилник за шемите за управување со животната средина и за ревизија како и посебни правилници за определување на еколошки критериумите за еко етикетирање.

Ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се утврдат шемите за управување со животната средина и за ревизија (EMAS), ќе се определат критериумите за еко етикетирање и ќе се утврди начинот на спроведување на прекуграничните консултации.

Во претстојниот период ќе се работи на избор на најсоодветното решение и обезбедување на потребните финансиски средства за санација на 4 најприоритетни индустриските жешки точки согласно изработените планови за ремедијација со финансиски барања за нивна елиминација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период ќе се продолжи со зајакнување на капацитетите на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик со нови вработувања, како и зајакнување на капацитетите на единиците на локална самоуправа. Воедно ќе се зајакнува Одделението за стандарди во МЖСПП со цел спроведување на EMAS и еколошкото етикетирање. Истовремено ќе се спроведат обуки за издавање на интегрирани еколошки дозволи и за управување со индустриски несреќи.

Во овој период ќе се продолжи и со изработката на еколошки критериуми за поедини групи на производи и услуги актуелни за Република Македонија и ќе се формира Комисија за еко-етикетирање. Истовремено ќе се спроведува и јавна кампања за подигнување на свеста за воведувањето на EMAS и прифаќањето на еколошките критериуми.

Континуирано ќе се реализира постапката за издавање дозволи за усогласување со оперативни планови која ќе треба да се заокружи во овој период

Во овој период се очекува да се започне со конкретна реализација на изработените планови за санација со цел елиминација на жешките точки.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во тек е реализација на следните проекти:

- МАК/4/002 “Управување и складирање на ниско и средно активен радиоактивен отпад“ кофинансиран од Меѓународната Агенција за Атомска Енергија, во вредност од $ 120.000,00. Главна цел на овој проект е да се обезбеди

безбедно управување и одлагање на ниско и средно активниот радиоактивен отпад, создаден при индустриски и научно-истражувачки активности во Република Македонија. Решение за овој проблем е изградба на Централен склад за радиоактивен отпад кој ќе обезбеди заштита на населението и животната средина од оштетите кои ги предизвикува јонизирачкото зрачење.

- CARDS 2006 „Развој на санациони планови со финансиски барања за елиминација на индустриски жешки точки." Целта на овој проект е обезбедување на донаторска подршка за изнаоѓање на можности за елиминирање на индустриските жешки точки на начини кои се финансиски и еколошки одржливи. Изработени се планови за ремедијација со финансиски барања за елиминација на индустриските жешки точки на 4 места. Проектните активности ќе придонесат кон обезбедување на здрава животна средина за населението кое живее во овие четири области, а во исто време ќе придонесат за зајакнување на капацитетот на институциите одговорни за управување со индустрискиот отпад.

## 3.27.7 **ХЕМИКАЛИИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Во 2007 година беше донесен Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија" бр.113/07). Овој закон ги транспонираше одредбите на следните ЕУ мерки од областа на хемикалиите: Директивата 67/548/ЕЕЗ на Советот од 27 јуни 1967 година за усогласување на законите, прописите и административните одредби за класификација, пакување и обележување на опасните супстанции, Директивата 98/8/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 16 февруари 1998 година за ставање биоциди на пазарот и Регулативата 648/2004/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 31 март 2004 за детергенти.

Исто така беше донесен и Законот за превоз на опасните материи во железничкиот и сувоземен сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07), во кој беа транспонирани следните ЕУ мерки: 94/55/ЕЗ, 2000/61/ЕЗ, 2001/7/ЕЗ, 95/50/ЕЗ, 2001/26/ЕЗ, 2004/112/ЕЗ, 1996/35/ЕЗ, 2000/18/ЕЗ, 98/91/ЕЗ, 96/49/ЕЗ, 2006/90/ЕЗ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежна институција во ова подрачје е Бирото за лекови, орган во состав на Министерството за здравство кој ги следи позитивните искуства во регулативата од областа на производството и прометот со хемикалиите, ја следи состојбата во областа на производството, прометот, сместувањето и чувањето на хемикалите и презема мерки за подобрување на состојбата; го следи ставањето на хемикалиите во промет и ја спроведува постапката за распоредување на хемикалиите во група на опасност според степенот на токсичност; ги следи податоците за хемикалиите и учествува во изготвување на потребната правна регулатива од областа на хемикалиите. Бирото за лекови исто така е надлежно за постапката за издавање на дозволи за увоз и извоз на хемикалиите, како и одобрението за вршење на дејноста промет со опасни хемикалии.

Во 2007 година се основа Центарот за информирање за труење од хемикалии (Јавна здравствена установа) при Клиниката за токсикологија. МЖСПП, Управата за заштита на растенијата (МЗШВ_УЗР), Државниот инспекторат за труд (МТСП_ДИТ), Републичкиот завод за здравствена заштита (МЗ_РЗЗЗ), Државниот санитарен и здравствен инспекторат (МЗ_ДСЗИ и Меѓуресорската Комисија за имплементација на Конвенцијата за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја (Закон за ратификација на Конвенцијата за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја, „Службен весник на Република Македонија" бр. 137/06) исто така имаат надлежности во ова подрачје.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се работи на подготовка за донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Се предвидува зајакнување на институционалните капацитети на Бирото за лекови со формирање на нов Сектор за управување со хемикалиите..

Во овој период ќе се спроведе обука на вработените за новите постапки врзани со изработка на подзаконските акти, како и обука на инспекторите за хемикалии за спроведување на новото законодавство.

Во Управата за животна средина, Сектор за индустриско загадување и управување со ризик, формирано е одделение за хемикалии и индустриски несреќи кое ќе треба да се зајакне во делот на проценката на еко-токсикологијата на одредени хемикалии.

Согласно Законот за хемикалии ќе се формира Комисијата за хемикалии која ќе има носечка улога во однос проценката на ризикот за опасност и класификацијата на хемикалиите.

Во насока на подобрување на интерсекторската соработка за спроведување на Законот за хемикалии предвидено е формирање на интерсекторско тело за хемикалии од страна на Владата на Република Македонија кое ќе биде составено од претставници на Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финанасии-Царинска управа, Министерството за транспорт и врски и претставник на Здружението за хемиската индустрија.

Ќе започнат активности за подготовка на Програмата за здраво управување со хемикалии што се спроведува во рамките на соработката со шведскиот инспекторат за хемикалии.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се работи на изработка на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хемикалии. Воедно ќе се изврши анализа заради приспособување на националното законодавство во однос на имплементирањето на REACH регулативата.
Имено ќе се донесе Националната листа на нови и веќе класифицирани супстанции кои се во промет на територија на Република Македонија, како и ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се изврши понатамошно транспонирање на Директивата 67/548/ЕЕЗ со кои ќе се уреди проценувањето на ризикот за опасност, класификацијата на хемикалиите и нивната безбедна употреба, ќе се утврдат начинот на тестирањето на физичко-хемиските, токсичните и екотоксичните својства на хемикалиите и методите за класификација на опасните супстанции, како и ќе се утврди начинот за класификација и означување на опасните хемикалии.

Исто така ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уреди постапката за утврдување на опасните својства на хемикалите, ќе се утврди содржината и начинот на водење на регистерот за акутни труења и други несакани ефекти од хемикалиите, како и ќе се утври проценката на ризикот од хемикалиите врз здравјето на луѓето и врз животната средина. Истотака ќе се утврди содржината на пријавата за нотификација на нови супстанции. Со подзаконските акти, ќе се утврат податоците кои треба да се содржани во техничкото досие, како и податоците потребни за техничкото досие за полимери. Во делот на биоцидите, ќе се востанови Листа на активните супстанции за вклучување на биоцидните производи, листа за вклучување во ниско-ризични биоцидни производи, листа на базични супстанции, типот на биоцидни производи и нивниот опис .Истотака, ќе се утврди начинот на ставање на биоцидите во промет преку постапка на одобрување или регистрација, ќе се утврди содржината на барањето и начинот на издавањето на одобрението за ставање во промет на биоциди, како и начинот на евалуација на досиејата, заради евалуација на ризикот за биоцидни производи. Ќе се пропише постапката за вклучување на активните супстанции во листата на активни и базични супстанции за вклучување во биоцидни производи и ниско-ризични биоцидни производи, како и ќе се утврди начинот за класификација, пакување и означување на биоцидните производи. Во однос на детергентите, ќе се утврдат методите на биоразградливост на ПАС (површински активни супстанции) во детергентите, како и референтните методи за испитување и анализа на детергентите и ќе се пропише содржината на дополнителната проценка на ризикот од детергентите.

Со подзаконските акти ќе се утврди начинот на означување и начинот на пакување на опасните хемикалии, ќе се утврди содржината на упатството за мерките на безбедност неопходни за заштита на здравјето на луѓето и безбедноста на работното место, како и заштита на животната средина. Ќе се уреди начинот и содржината на предупредувањата од опасните својства на хемикалиите за корисниците на хемикалиите, како и поблиските услови по однос на простор, опрема и кадар што треба да ги исполнуваат правните лица што вршат производство на опасни хемикалии. Истотака ќе се утврди содржината, програмата и начинот на оспособување, знаењата на работникот, како и просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои го спроведуваат оспособувањето на работниците кои ракуваат и работат со опасните хемикалии во производството, како и оние кои го спроведуваат оспособувањето на правните лица што вршат промет на опасни хемикалии. Ќе се утврдат начинот за спроведување на обуката и содржината на програмата за полагање на испитот за познавање на хемикалиите, како и ќе се утврдат начелата на Добрата лабораториска пракса.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

И во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања и обуки. Во Државниот санитарен и здравствен инспекторат се предвидува вработување на инспектори за хемикалии кои ќе вршат инспекцискиот надзор на спроведувањето на Законот за хемикалии.

Во овој период ќе се изврши и анализа за формирање на посебно тело кое ќе биде надлежно за управување со хемикалиите во Република Македонија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Планирано е:

- започнување на имплементацијата на Програмата за здраво управување со хемикалии во 2008 година, која се предвидува да трае во текот на наредните 5 години. Програмата ќе се спроведува со поддршка на Шведската влада преку Шведската агенција за развој и Шведскиот инспекторат за хемикалии.
- Воедно преку Фондот за брз старт на SAICM ќе започне спроведување на проект за Подготовка на Национален план за имплементација на стратешкиот пристап во управувањето со хемикалиите на меѓународно ниво (SAICM).

### 3.27.8 **ГМО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Предлог Законот за Генетски модифицирани организми (ГМО) е во втора фаза за донесување во Собранието на Република Македонија. Се очекува истиот да биде донесен во првиот квартал на 2008 година. Законот ги транспонира следните ЕУ директиви: Директивата 2001/18/ ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот од 12 март 2001 година за намерно пуштање на генетски модифицирани организми во животната средина, дополнета со Регулативите 1829/2003/ЕЗ и 1830/2003/ЕЗ, како и Одлуките 2002/623/ЕЗ и 2002/811/ЕЗ и Директивата 90/219/ЕЗ на Советот од 23 април 1990 година за ограничено користење на генетски модифицирани микроорганизми, дополнета со Директивата 98/81/ЕЕЗ, дополнета со Регулативата 1882/2003/ЕЗ и Одлуките 2001/204/ЕЗ и 2005/174/ЕЗ. Воедно, истиот создава правна основа за донесување на подзаконски акти со кои ќе се обезбеди целосно транспонирање на гореспоменатите директиви.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во МЖСПП, Управата за животна средина - Сектор за природа се определени лица кои ќе бидат надлежни за спроведување на Законот за ГМО. Научниот комитет за ГМО, кој треба да се основа со донесувањето на Законот за ГМО, ќе има значајна улога во спроведување на постапката за одобрување на користење на ГМО.

Воедно, Предлог Законот за ГМО воспоставува и обврска на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) да учествува во постапката за одобрување на пуштањето на производи што содржат ГМО на пазар, поради што е неопходно определување на лица кои ќе учествуваат во оваа постапка во соодветните органи во состав на МЗШВ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Донесувањето на Законот за ГМО ќе воспостави правна основа за уредување на управувањето со ГМО во Република Македонија. Воедно врз основа на истиот во овој период ќе се изработат и донесат дел од планираните подзаконски акти со кои ќе се уреди намерното ослободување на ГМО во животната средина. Имено, ќе се утврдат основните принципи, содржината, обемот и методологијата за процена соодветна за карактерот на внесениот ГМО и животната средина, согласно кои ќе се врши проценката на ризикот врз животната средина и ќе се определат ГМО што се забранети намерно да се ослободуваат во животната средина и/или да се пуштат како ГМО производи на пазар. Исто така, ќе се утврдат подрачјата со површини на кои не може да се ослободува генетски модифициран репродуктивен материјал во животната средина во Република Македонија, како и ќе се утврди содржината на информациите што се доставуваат во прилог на нотификацијата за намерно ослободување на ГМО во животна средина и содржината на планот за итни мерки. Со цел да се уреди процедурата за нотификација за ограничено користење на ГМО со подзаконски акти ќе се утврди формата и содржината на нотификацијата за ограничено користење на ГМО, како и информациите што се потребни да ги достави корисникот при поднесувањето на нотификацијата до МЖСПП кога нотификацијата се поднесува за простор во кој ќе се користат ГМО за првпат оделно за секоја класа на ограничено користење на ГМО.

Исто така ќе се донесат одлуки со кои ќе се формираат Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО.

Во овој период ќе започне спроведувањето на анализа со цел да се определат подрачјата на кои не може да се ослободува ГМО.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се зголеми бројот на вработените во Управата за животна средина во Секторот природа кои ќе работат на областа ГМО. Ќе се формираат Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО. Двете тела имаат клучна одлука како во креирањето на политиката на Република Македонија во управувањето со ГМО, така и во донесувањето на одлуки поврзани со користењето на ГМО.

Воедно, ќе се започне со анализа за постоечките услови и опрема, како и потребните средства за набавка на дополнителна опрема за отварање на државна лабораторија за испитување на ГМО.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во наредниот период ќе се донесат останатите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за ГМО, а кои се поврзани со регулирањето на ограниченото користење на ГМО и пуштањето на пазар на производи кои содржат ГМО. Врз основа на претходната анализа, ќе се определат подрачјата на кои не може да се ослободува ГМО.

Со подзконски акти ќе се уреди содржината на објавата за податоците за местото каде може да се изврши увид во податоците од нотификацијата, како и ќе се пропише формата и содржината на нотификацијата за ограничено користење на ГМО. Ќе се уреди методологијата на елементите на проценката, параметрите, минимум критериумите и барањата коишто треба да бидат земени предвид при вршење на процената, постапката за вршење на проценката, како и ограничувањата и мерките за безбедност, вклучително и други технички услови за секоја класа одделно доколку е неопходно за обезбедување на заштита на здравјето на луѓето и животна средина во согласност со видот на организмот, средината и просториите во кои се има намера да се користи ГМО. Ќе се донесе и правилник за начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ГМО и ГМО производ. Со правилник ќе се уреди начинот и постапката за размена на информции веднаш по настанатата несреќа, како и идентитетот и количината на ГМО и препораки за ограничување на ефектите и избегнување на слични несреќи во иднина. Ќе се донесе правилник за содржината на информациите и информациите кои можат да изостанат од нотификацијата и висината на трошоците за издавање на дозволата за пуштање на ГМО производ на пазар и намерно ослободување на ГМО во животна средина. Со правилник ќе се уреди содржината и начинот на изготвување на извештајот за процена од ГМО производ, како и формата и содржината на дозволата за извоз на ГМО и/или ГМО производи, а ќе се утврди формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистар на ГМО. Со уредби ќе се определи големината на заштитните зони што ги опфаќат околните простори кои го спречуват ширењето на ГМО и на кои не е допуштено намерно ослободување на ГМО, како и ќе се утврдат информациите и податоците што се доставуват во прилог на нотификацијата за извоз на ГМО и ГМО производ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се изврши зајакнување на капацитетите на МЖСПП во делот на управувањето со ГМО, преку обезбедување на нови вработувања. Согласно искуството во процесирањето на нотификации поврзани со ГМО, ќе се изврши анализа за потребите од институционално надградување преку формирање на посебно одделение за ГМО. Воедно ќе се зајакнат и капацитетите на МЗШВ, особено на Управата за ветеринарство и Управата за семе и саден материјал.

Во овој период ќе се спроведат и обуки за вработените во МЖСПП, МЗШВ, како и на членовите на Научниот комитет за ГМО за процесирање на нотификациите поврзани со ГМО.

Во овој период ќе се превземат активности за воспоставување на Регистарот за ГМО и воспоставување на механизмот на Клириншката куќа за биосигурност воспоставен со Протоколот за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност.

Во овој период ќе се заврши процесот на формирањето на државната лабораторија за испитување на ГМО.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во моментот не се спроведуваат проекти поврзани со ГМО кои се подржани со странска помош.

### 3.27.9 **БУЧАВА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за заштита од бучава во животната средина се донесе во 2007 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/07) и ја воспостави правната рамка за управување со бучавата во животната средина во Република Македонија. Во законот е транспонирана Директивата 2002/49/ЕЗ на Европскиот Парламент и Советот од 25 јуни 2002 за оценување на и управување со бучавата во животната средина, при што се исполнети основните препораки и барања на Европската унија во областа на бучава во животната средина и истиот ја дава правната основа за донесување на подзаконските акти со кои ќе се транспонира останатото ЕУ *acquis* од областа на бучавата.

Со овој закон се обезбеди основа за подготвување и спроведување на група мерки за заштита од бучавата емитувана од поголемите извори, особено патните и железничките превозни средства и инфраструктура, авионите, опрема што се користи на отворен простор и во индустријата и мобилна машинерија, како и основа за подготвување на дополнителни мерки за краткорочен, среднорочен и долгорочен период. Законот воедно ги дефинира изворите на бучава во животната средина, граничните вредности на ниво на бучава, индикаторите за бучава во животната средина, како и создава основа за донесување на плански документи за управување со бучавата. Воедно законот ја регулира и бучавата во соседството, вклучувајќи ја и бучавата од угостителски и туристички објекти.

Во текот на месец септември 2007 година беше донесен Правилникот за формата и содржината на жигот на Државниот инспекторат за животна средина, овластениот инспектор за животна средина на општината и општината во градот Скопје и овластениот инспектор на градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/07), со кој на инспекторите за животна средина им се дава можност со решение да извршат запечатување на уредот, опремата и просторијата, доколку со мерењето се утврди имисија на бучава со повисоко ниво од пропишаните гранични вредности.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежен орган за подрачјето бучава, особено за спороведување на Законот за заштита од бучава во животната средина, примената на законот и прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП. Во Управата за животната средина, Сектор за животна средина се предвидени работни места со работни задачи поврзани со заштита од бучава. Инспекцискиот надзор на примената на законот и прописите донесени врз основа на законот го врши Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на МЖСПП, како и инспекторите за животна средина на ЕЛС. Одделни надлежности во управувањето со бучавата имаат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат (МЗ_ДСЗИ), Министерството за економија (МЕ) и ЕЛС.

Во однос на мониторингот на бучава, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерењата на комуналната бучава кои ги вршат здравствените домови, како и мерењата направени од страна на Централната лабораторија при МЖСПП, а кои се однесуваат на различните типови на бучава создадена од различни категории на предизвикувачи на бучава (индустрија, аеродроми, угостителско-туристички капацитети и други активности).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2008 година се предвидува донесување на подзаконски акти кои се однесуваат на утврдување на граничните вредности на нивото на бучава и за уредување на мониторингот за бучава.

Во финална фаза на изработка се подзаконските акти кои ќе се донесат во првиот квартал на 2008 година со кои ќе се уреди примената на индикаторите за бучава, дополнителните индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикатори за бучава во животната средина, како и ќе се утврдат локациите на мерните станици и мерните места .

Исто така, ќе се утврдат поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат субјектите кои вршат мониторинг на бучава во животната средина, а ќе се утврди и начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежите, методологијата и начинот за мониторинг, како и условите, начинот и постапката на доставување на информациите и податоците од мониторингот на состојбата во областа на бучавата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на идната година целите ќе бидат насочени кон зајакнување на Управата за животна средина – Секторот за животна средина и Секторот – Македонски информативен центар за животна средина со нови вработувања со цел спроведување на законот и подзаконските акти. Во исто време е потребно и зајакнување на капацитетите за спроведување на законот на локално ниво.

Воедно, во втората половина на 2008 година се планира започнување на воспоставувањето на мониторинг мрежата за следење и мерење на нивоата на бучава, како и започнување на активности за определување на агломерациите за кои ќе се изработат Стратешките карти за бучава.

Истовремено ќе започнат активности за изработка на Оперативната програма за мерење и следење на нивоата на бучава.

Се планира спроведување обуки на ново вработените за мониторинг мрежата за следење на бучавата во животната средина во кои ќе бидат вклучени и Едниниците за локална самоуправа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период се очекува да бидат донесени подзаконските акти со кои ќе се заокружи правната рамка во подрачјето бучава и ќе се обезбеди целосно усогласување со ЕУ acquis.

Имено, со подзаконски акти ќе се утврди поблиската содржина на стратешките карти на бучава, начинот на изработката и на собирање на податоци за изработка на стратешки карти за бучава, начинот на нивното собирање, чување и евидентирање, како и начинот на соработката на органите надлежни за изработка на стратешки карти за бучава со органите надлежни за изработка на стратешки карти за бучава од соседната држава. Исто така, ќе се определат агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготвуваат стратешките карти за бучава.

Со подзаконските акти ќе се утврди и поблиската содржина на акционите планови за бучава, начинот на изработка и собирање податоци за изработка на акциони планови за бучава, начинот на нивното собирање, чување и евидентирање, како и начинот на соработката на органите надлежни за изработка на акционите планови за бучава со органите надлежни за изработка на акциони планови за бучава од соседната држава.

Во овој период ќе започнат и активности за изработка на стратешки карти и акционите планови за бучава.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период, се планира да се воспостави системот за мониторинг на бучавата на територијата на Република Македонија преку воспоставување и одржување катастар и карта на создавачи на бучава и воспоставување на информативен систем за состојбата со бучавата во животната средина, како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија, кој ќе ги опфаќа податоците добиени од мониторингот на бучавата, податоците од стратешките карти и акционите планови и други релевантни податоци добиени со поединечни мерења на бучава. За спроведувањето на мониторингот ќе се воспостави државна мрежа за мониторинг на бучавата во животната средина и ќе се донесе Програма за работа на државната мрежа за мониторинг на бучавата. До воспоставувањето на државната мрежа за монигоринг на бучавата во животната средина ќе се донесе Оперативната програма за мерење и следење на нивоата на бучава, како и ќе се изврши нејзино спроведување и дополнување. Истовремено ќе се работи и на определување на агломерациите за кои ќе се изработат Стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава. Во овој период ќе се настојува да се воспостави ГИС на податоците од бучавата во животната средина се со цел целосно спроведување на барањата од INSPIRE Директивата која обезбедува законска рамка за имплементација на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина (SEEIS).

Воедно, се планира набавка на инструмент за мерење на бучавата и вибрации и спроведување обуки за негово користење.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Во моментот не се спроведуваат проекти поврзани со управувањето со бучава кои се подржани со странска помош.

## 3.27.10 **ШУМАРСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2007 година беше донесен Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/07) кој е усогласен со Директивата 1999/105/ЕЗ на Советот од 22 декември 1999 година за маркетинг на шумски репродуктивен материјал.

Беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр.54/07) со кој се допрецизира начинот на одгледување на шумите, односно се дополни обврската за субјектите што стопанисуваат со шумите за едно исечено стебло да засадат две или повеќе садници, со што ќе се создадат услови за зголемување на површината на шумскиот фонд, а со тоа истовремено ќе се обезбеди и одржлив начин на стопанисување со шумите. Исто така, со овој закон се усогласија одредбите на Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97, 7/00,89/04) со Законот за прекршоци во делот на инспекцискиот надзор и казнените одредби.

Во овој период се продолжи со имплементацијата на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, со Акционен план 2007-2009.

Донесена е Програма за проширена репродукција на шумите за 2007 година („Службен весник на Република Македонија" бр.18/07). Со Програмата се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија, со кои ќе се финансираат повеќе активности, како што се: пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, мелиорација на деградирани дабови шуми, санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова и спречување на ширењето на масовното сушење на шумите и шумските култури, обезбедување на шумски садници за приватно пошумување и за Еколошка акција и заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти.

Воедно, Владата на Република Македонија усвои и Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2006 година и Информација за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2006 година, со предлог мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни институции во ова подрачје се: 1. МЗШВ_Секторот за шумарство и ловство, МЗШВ_Државен инспекторат за шумарство и ловство и 3. МЗШВ_Секторот за шумска полиција.

Во Секторот за шумарството и ловство со новата систематизација која беше донесена во јули 2007 година е предвидено зголемување на бројот на работните места за 8 нови работни места, како и извршени се следните вработувања: едно лице - шумарски инженер е вработен со преземање од Владата на Република Македонија, а за две лица - шумарски инженери, во тек е постапка за превземање од Владата на Република Македонија. Во Секторот за шумска полиција остварени се нови вработувања на 13 шумски полицајци.

Подготвена е Предлог систематизација во МЗШВ со која се предвидува бројот на работни места да се зголеми на 12 во Секторот за шумарство и ловство.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се работи на донесување на подзаконските акти кои произлегуваат Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја со цел понатамошно транспонирање на Директивата 1999/105/ЕЗ.

До крајот на 2008 година ќе бидат финализирани следните студии чија изработка е во тек:

- Студија за превентивна и пресупресивна заштита на шумите од пожари со која ќе биде направена анализа на актуелната состојба во заштитата на шумите од пожари и ќе се предвидат најважните превентивни и пресупресивни мерки за заштита. Како превентивни мерки се разгледуваат законските, информативно-пропагандните и воспитно-образовните мерки, а како пресупресивни (подготвителни) мерки се разгледуваат: раното откривање на пожарите, навременото јавување, организирање транспорт на лицата кои учествуваат во гаснењето на пожарите, нивна обука, избор и набавка на соодветна опрема и механизација за локализирање и гаснење на пожарите, процена на степенот на опасност за појава и развој на пожарите и изработка на оперативни планови за заштита од пожари.
- Студија за шумски подрачја ризични од ерозија со која ќе се идентификуваат ризичните подрачја и ќе се дефинира степенот на ризикот од ерозија, како и предлози за соодветно санирање на тие подрачја.
- Студија за развој на шумска патна мрежа во Република Македонија - Густината и квалитетот на постојните шумски патишта е далеку под стандардите кои значат оптимум за шумарството. Поголем дел од шумите не се отворени и се тешко пристапни за извршување на работи кои се итни и зависат од брзината на интервенцијата, особено за одгледување и заштита на шумите. Нивната изградба, најчесто е без стручно-техничка документација и не се проодни во текот на целата година. Од овие причини, потребно е да се изврши прекатегоризација на постојната патна мрежа во планинскиот регион и да се издвојат шумските од локалните патишта. Едновремено би се утврдило влијанието на шумската патна мрежа врз животната средина. Оваа студија ќе содржи комплетна анализа на состојбата во шумската патна мрежа и план и динамика за оптимална отвореност на шумите.

- Студија за капацитети и технологии за користење на биомасата во Република Македонија - Заради големото учество на огревното дрво како енергенс, особено за добивање топлотна енергија, а со цел зголемување на ефективноста при добивањето на енергија, потребна е изработка на Студија со која ќе се провери можноста и економската оправданост од воведување нови технологии при користењето на дрвото како енергенс, со што ќе се добие проценка за примена на технологии за користење на биомасата од шумските ресурси.

Ќе се усвои Извештајот за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2007 и донесе Програмата за проширена репродукција на шумите за 2008 година.

Исто така ќе се усвои Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2007 година со предлог мерки во месец март 2008 година.

Владата на Република Македонија во првиот квартал на 2008 година ќе го усвои Извештајот за работа на Државниот инспекторат за шумарство и ловство за 2007 година. Изработката на ваков вид извештаи со податоци за спроведениот инспекциски надзор од страна на МЗШВ_ДИШЛ е редовна активност на овој орган, која ја врши континуирано секоја година.

Државниот инспекторат за шумарство и ловство (МЗШВ_ДИШЛ), орган во состав на МЗШВ, во изминатиот период изработи Предлог Закон за шумарска и ловна инспекција, со кој се уредуваат начелата на инспекцискиот надзор, надлежностите, организацијата на инспекцијата, положбата, правата и должностите на инспекторите, постапките на инспекцискиот надзор и други прашања поврзани со инспекцискиот надзор.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период е предвидено формирање на тело како Агенција за шумарство и ловство што е предвидено во Акциониот план од Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, со цел поголем степен на организација на шумарството и ловството во рамките на институциите на државата. Агенцијата за шумарство и ловство ќе се формира со трансформација на Секторот за шумарство и ловство, поради што вработувањата што ќе настанат во Секторот за шумарство и ловство во текот на 2008 година ќе бидат превземени во истата. Воедно, Секторот шумарство и ловство во рамките на Агенцијата ќе се трансформира во два одвоени сектора Сектор шумарство и Сектор ловство.

Истотака се предвидува зајакнување на административниот капацитет преку нови вработувања за МЗШВ_Сектор за шумарство и ловство, спроведување обуки за работа со ГИС програма, проект менаџмент и изработка на стратегии и студии и набавка на опрема.

За потребите на МЗШВ_ДИШЛ е предвидено јакнење во насока на нови вработувања и обуки за усовршување на инспекцискиот кадар во насока на подобрување на надзорот и контролата, како и набавка на потребната опрема, а исто така се предвидува јакнење на административните капацитети на Секторот за шумска полиција со нови вработувања.

Ќе се работи на изготвување на методологија за инвентаризација на шумите во Република Македонија и нејзино спроведување, формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија како и пошумување на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на деградирани дабови шуми.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период се предвидува донесување на нов Закон за шумите и нов Закон за ловството.

Истовремено ќе се донесат сите подзаконски акти на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја со кои ќе се утврдат листата на стопански важни шумски видови дрвја и на количини за специјална намена, ќе се пропишат условите за признавање на типовите на основен материјал за производство на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, како и формата, содржината и начинот на водење на регистрите на признат основен материјал и на провениенциски подрачја. Исто така ќе се утврди формата, содржината и начинот на водење на регистарот на производители и трговци на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, како и содржината и начинот на водење на деловни книги, како и ќе се утврди начинот на вршење на стручна контрола над производството на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, како и формата и содржината на уверенијата за истите.

Донесувањето на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија, со Акционен план 2007-2009 и приближувањето кон ЕУ acquis, наметнува потреба од преструктуирање на постојните и формирање на нови институции. Исто така постојната законска регулатива од одредени области не е усогласена со Законот за шумите и Законот за

ловството што создава потешкотии при нивното спроведување. Оттука се наметнува потребата за изработка на нови закони за шумарството и ловството со соодветни подзаконски акти.

Исто така ќе се изработи Студијата за влијанието на активностите на шумарството врз шумските екосистеми, со која ќе се добијат резултати за тоа какво е нивното влијание врз шумските екосистеми. Активностите кои ги изведува шумарството во шумите, главно се во функција на стопанисување што подразбира одгледување, заштита и користење што е во позитивна насока. Меѓутоа, резултатите од тие активности треба реално да се оценат и правилно да се насочат за да се избегнат евентуалните негативности (изградба на патишта, пошумување, третирање со разни пестициди, заштита на одредени видови од растителниот и животинскиот свет и друго).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во овој период се планира зголемување на бројот на човечките ресурси во Секторот за шумарство и ловство, Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Секторот за шумска полиција, надградување на институционалната рамка со нови сектори и проширување на постоечките за потребите на Агенција за шумарство и ловство.

Во овој период ќе се спроведат повеќе обуки насочени кон обука за работа со ГИС програмата, пректниот менаџмент, изработка на студии и стратегии и усовршување на инспекцискиот надзор.

Ќе продолжи изготвувањето на методологија за инвентаризација на шумите во Република Македонија и нејзиното спроведување, формирањето на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија, како и пошумувањето на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на деградирани дабови шуми.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

1. Проект: „Изработка на методологија за инвентаризација на шумите во Република Македонија и спроведување на инвентаризацијата" - во тек (октомври 2007/декември 2009 година);
2. Формирање на информатичка мрежа и воведување на ГИС технологија – за остварување на оваа цел, во тек се напори на МЗШВ за добивање средства преку Министерството за надворешни работи на Норвешка (Norvegian Forestry Group) (ноември 2007/декември 2009);

# 3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО

## 3.28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во областа на **заштита на потрошувачите**, со донесувањето на Програмата за заштита на потрошувачите 2007-2008 г., истакнати се *хоризонталните аспекти*. Со измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите се допрецизираа одредени одредби од законот во насока на неговата подобра примена во пракса, како и усогласување со Законот за прекршоците. Новина е **можноста за директна финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите** од страна на Министерството за економија врз основа на претходно распишан оглас и изготвени програми (проекти) од здруженијата на потрошувачите.

*Во однос на прашања што не се поврзани со безбедноста,* донесен е Донесен е **Законот за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити** (“Сл. весник на РМ” бр. 63/2007). Со донесувањето на Законот за прв пат во Република Македонија интегрално се регулираа правата и заштитата на корисниците на потрошувачки кредити. Законот е целосно хармонизиран со Директивата 87/102/ЕЗ. Ефективната примена на Законот отпочна на 01.01.2008 година. За подобра имплементација на законот донесени се подзаконски акти кои се однесуваат на пресметување на годишна стапка на вкупни трошоци, вршење надзор над банките и штедилниците од аспект на заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити, добивање дозвола за одобрување на потрошувачки кредити, Регистар на даватели на потрошувачки кредити и Регистар на кредитни посредници, налепницата за издадена дозвола за одобрување на потрошувачки кредити, начинот на доставување на извештајот од давателите на потрошувачки кредити, како и технички услови што треба да ги исполнува давателот на потрошувачки кредити.

Донесен е **Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација** (Сл.весник на РМ бр.22/2007) – **види поглавје** 23, а основана е и Комора на медијатори која донесе свој Кодекс на однесување и Центар за медијација.

Што се однесува до *прашањата за безбедност на производите*, донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите (Сл.весник на РМ бр. 63/07), а за подобра имплементација на законот донесени се повеќе подзаконски акти. – **види поглавје** 01.

По однос на усогласување на законодавството на инспекциските служби, надлежни за спроведување на потрошувачката политика донесени се **седум** правилници кои произлегуваат од Законот за Државен пазарен инспекторат, донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната (Сл. Весник на РМ бр.84/07), кој е потполно усогласен со Регулативата (ЕС) на Европскиот парламент и Советот на ЕУ бр. 178/2002, како и **три** подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за санитарна и здравствена инспекција. (види поглавје 01 и 12)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во насока на кадровската екипираност на институциите надлежни за спроведување на потрошувачката политика забележан е одреден напредок. **Одделението за заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки** во рамки на Министерството за економија е зајакнато со едно лице.
Во рамки на **Државниот пазарен инспекторат** распишани се огласи за вработувања и тоа за раководители, инспектори и стручни работници,. Дел од вработувањата се реализирани.

Посебна новина во рамките на Дирекцијата за храна претставува формирањето на **Одделение за заштита на потрошувачите** - Секторот за стандарди за храна. Во рамките на одделението работат три лица. Одделението за заштита на потрошувачите ги има следните активности: учествува во градење и имплементација на политиката за заштита на потрошувачите; евидентирање на поднесените претставки од потрошувачите и постапување по поднесени претставки од поширок интерес; детекција на небезбедна храна; информирање за постоење на опасност во врска со хигиенските услови во објектите во кои се врши производство и промет со храна; изготвување на стручни мислења во врска со заштита на потрошувачите; учество во имплементација на проекти од областа на заштита на потрошувачите и др.

Реализирани се активности во насока на аминистративното и кадровското зајакнување на **Државниот санитарен и здравствен инспекторат**. Во тек е реализација на врабтување на две нови лица по добиената согласност од страна на Министерството за финансии, и опремување со техничка опрема (20 компјутери ), мебел и 15 возила.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
По однос на **хоризонталните прашања** во 2008 година ќе се работи во насока на реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2007 – 2008 година, а воедно на крајот на годината ќе се донесе Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година.
Во рамки на програмата предвидени се повеќе активности:

- Од аспект на имплементацијата на Законот за заштита на потрошувачите, имајќи ги предвид правата на потрошувачите и економските интереси на трговците (обезбедување гаранција, декларација,сервисирање, право на враќање на производите, нивна замена, рок на замена на производот, и др.) ќе се одржат работни средби со преставници од институциите надлежни за спроведување на потрошувачката политика;
- Подобра примената на прописите за квалитетот на производите што се пуштаат во промет, а со цел остварување високо ниво на заштита на здравјето и безбедноста на потрошувачите, со преставници од: Државниот пазарен инспекторат, Институтот за стандардизација, Институтот за акредитација, стопанските комори и Организацијата на потрошувачите на Македонија;
- Оддржување на работни средби со надлежните инспекциски органи за согледување на состојбите на пазарот со прехранбените производи и лековите согласно спроведените инспекцискиски надзори и годишните планови за работа на инспекциските органи;
- Примената и промовирање на медијацијата како начин на решавање на потрошувачките спорови согласно Законот за медијација;
- Согледување и анализа на состојбите во сверата на заштитата на потрошувачите во дејностите од јавен интерес со претставници од: АД Македонски телекомуникации, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за електронски комуникации, Државниот пазарен инспекторат, Регулаторна комисија за енергетика, ЕВН-ЕСМ, АД Топлификација, Комисија за заштита на конкуренцијата, Организацијата на потрошувачите на Македонија и Народниот правобранител;
- Едукација на децата и младата популација од обласа на заштитата на потрошувачите преку организирање на работни средби со воспитувачи од предучилишните установи и наставници од основното образование.
- Во областа на туризмот и угостителството за согледување на состојбите во областа на услугите што ги даваат туристичките агенции од аспект на квалитетна понуда на туристичките услуги и правата на потрошувачите како корисници на овие услуги;
- Оддржување на повеќе работилници во насока имплементација на финансиските услуги, односно Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити и донесените подзакнски акти; і
- Поголема соработка и обезбедување на финансиска подршка на НВО за заштита на потрошувачите за програми (проекти) изготвени од нивна страна со цел подигање на потрошувачката свест и култура.

По однос на **прашањата што не се поврзани со безбедноста** на краток рок предвидено е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за медијација со цел негово усогласување со Препораката II (99) 19 на Советот на Европа од Комитетот на министри до државите членки за медијација во кривичната материја. Voедно интензивно ќе се работи на спроведување на законот во насока на поттикнување на потрошувачите за корстење на медијацијата како начин на решањање на потрошувачките спорови.

Во врска со директивата за продажбата на финасиските услуги на далечина ќе се работи на анализа за можноста на незино транспонирање и примена во пракса.

Што се однесува до правилното постапување и извршување на инспекциските служби, надлежни за спроведување на потрошувачката политика, на краток рок ќе се работи во насока на зајакнување и подобро функционирање на координативното тело за инспекциски надзор.- **види поглавје** 01.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
По однос на спроведувањето односно меѓуинституционалната соработка во врска со спроведување на потрошувачката политика, на краток рок ќе се работи на кадровско и административно зајакнување на надлежните институции.
Ќе се зајкне капацитетот на **Одделението за заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки-МЕ** со вработување на лица. Со цел спроведување на потрошувачката политика и имлементација на законската регулатива од оваа област ќе се реализираат обуки на државните пазарни испектори.

Во рамки на **Државниот пазарен инспекторат** предвидени се поголем број на нови вработувања.

Ќе се зајкне **Одделението за банкарски систем**, **во рамки на Секторот за финансиски систем-МФ**, надлежно за спроведување на легислативата за давање на финасиски услуги, со нови вработени.
Предвидено е зајакнување на капацитетот на **Одделение за заштита на потрошувачите во рамки на Дирекцијата за храна** со нови вработени.

Во рамките **Државниот санитарен и здравствен инспекторат-МЗ** ќе се изврши електронско поврзување на сите подрачни одделенија, воспоставување на интернет мрежа и изготвување единствен софтвер со цел обезбедување на единствен регистар на објекти кои подлежат на санитарно-хигиенски и здравствен надзор и брз проток на информации .
Во **Државниот санитарен и здравствени инспекторат** ќе се реализираат поголем број на обуки од областа на надзорот над остварувањето на правата на пациентите согласно постоечката законска регулатива, ќе се спроведува континуирана обука од областите: епидемиологија, хигиена и правни постапки и импликации.
Во **Државенниот санитарен и здравствен инспекторат** предвидени се поголем број на вработувања.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

По однос на **хоризонталните прашања** на среден рок предвидено е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите во насока на неговото усогласување со **Директивата** 32005L0029, која се однесува на забрана за измамничко рекламирање. **Се планира законот да се донесе на крајот на** 2009 **година**.
Исто така предвидена е реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009 – 2010 година.

По однос на прашањата што не се поврзани со безбедноста, во делот на финасиските услуги предвидено е усогласување со Директивата 32002L0065 која се однесува на продажба на финансиските услуги на далечина. Врз основа на директивата ќе се донесе правен акт за давање финансиски услуги на далечина, чии одредби би влегле во сила со пристапувањето во ЕУ или пак сукцесивно, зависно од либерализацијата на капиталните трансфери и финансиските услуги и создавањето технички услови (пред се сигурносни системи) за реализација на ваков вид продажба. Се планира актот да биде донесен во текот на 2009 година.
Исто така, ќе се работи на унапредување и подобрување на законската рамка од областа на медијацијата.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

По однос на спроведувањето, односно меѓуинституционалната соработка во врска со спроведување на потрошувачката политика, на среден рок ќе се работи на кадровско и административно зајакнување на надлежните институции.
Ќе се зајкне административниот капацитет на **Одделението за заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки-МЕ** со нови вработени. Во **Државниот пазарен инспекторат** предвидени се повеќе вработувања.
Ќе се зајкне административниот капацитет на **Одделението за банкарски систем**, **во рамки на Секторот за финансиски систем-МФ**, надлежно за спроведување на легислативата за давање на финасиски услуги,..
Предвидено е зајакнување на **Одделение за заштита на потрошувачите во рамки на Дирекцијата за храна** со нови вработени.
Во **Државниот санитарен и здравствен инспекторат** во 2009 и 2010 година предвидени поголем број на вработувања.

## 3.28.2 **ЈАВНО ЗДРАВСТВО**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во областа на јавното здравство Министерството за здравство, следејќи го европскиот модел на стратешки програми отпочна со спроведување на стратешки приоритети во полза на развој на јавното здравство, пружањето на здравствени услуги, подобрување на здравствената заштита, нови начини на лечење на новите болести – "болести на 21 век" и следење на современата техника и технологија во здравството, преку инвестиции во обновување на медицинската опрема,капитални инвестиции,компјутерска технологија и унапредување на здравството во делот на зависностите.
За спроведување на овие приоритети Владата на РМ донесе одлука за обезбедување на 10 милони евра од Буџетот на РМ и 30 милиони од Буџетот на ФЗО за набавка на медицинска опрема, како и 40 милиони евра за реконструкција на здравствени установи.

Заради подобрување на достапноста на здравствените организации до корисниците на здравствена заштита се подготвува и проект за изградба на 18 здравствени објекти - амбуланти во оддалечени селски подрачја каде досега не постоеле здравствени објекти.

Финансиската поддршка на годишните програми за здравствена заштита е зголемена што овозможи зајакнување на сегментот јавно здравје.

Во почетна фаза е проектот за воведување на електронско медицинско досие за секој граѓанин, нова здравствена легитимација - електронска здравствена картичка која ќе биде средство за идентификација, воведување на централизиран веб портал кој ќе ги содржи сите неопходни информации за сите субјекти вклучени во здравствениот систем и ќе биде во насока на побрзо и поквалитетно информирање на граѓаните.

Во рамки на Проектот Проценка на јавно здравствените сервиси во земјите од ЈИЕ, во 2007 година подготвен е и Национален извештај за јавно здравствени сервиси.

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на правната рамка во изминатиот период детално се работеше на заокружување на правната рамка во насока на усогласување на законодавството, во делот на јавното здравство. Донесени се повеќе закони и подзаконски акти од областа на тутунот, заразните болести, безбедност на крв, човечки ткива и клетки, зависности, незаразни заболувања, а исто така донесени се и 15 превентивни програми за 2008 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Јавно здравство**

Клучни институции во областа на јавното здравство се :

- Министерство за здравство – донесување и имплементација на Законите и подзаконските акти, Програми,итн.
- Државниот санитарен и здравствен инспекторат - надзор над спроведување на мерките за спречување и сузбивање на заразните болести; евиденциите во областа на здравството; итн.
- Републичкиот завод за здравствена заштита-Скопје и 10 Регионални заводи за здравствена заштита;
- Републичкиот завод за трансфузиологија – надлежност во безбедноста на крвта и стандардите за квалитет и сигурност на собирањето, тестирањето, обработката, чувањето и дистрибуирањето на човечка крв
- Психијатриските болници, Општите болници; Служби за превенција и третман за злоупотреби на droги; Центрите за ментално здравје; Клиники и Институти – Скопје, итн.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

**ЈАВНО ЗДРАВСТВО**

Подготвен е Закон за заштита на правата на пациентите со кој се врши усогласување на законодавството со релевантните меѓународни документи.

Се планира подготовка на Нов закон за здравствена заштита во кој посебна глава ќе се однесува на јавното здравје, како и донесување на Закон за евиденции во здравството кој ќе претставува правна основа за реформи на системот за обезбедување на здравствени податоци.Се планира финализирање и усвојување на Здравствената стратегија на РМ за периодот до 2020 година која ќе се базира на Стратегијата на СЗО “Здравје за сите во 21-от век.“’

**ТУТУН**

Се планира донесување на нов Закон за заштита од пушењето во кој се предвидува воведување на парични казани за одвраќање.

***Заразни заболувања***

Се планира заокружување на законодавството за заразни болести преку донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за заштита на населението од заразни болести, како и негова измена заради дополнување на листата на заразни заболувања кои подлежат на задолжително пријавување и заради воспоставување на законска рамка за обврската за задолжиетлно синдормско пријавување согласно EWRN (АЛЕРТ) проектот. Измените на законот ќе овозможат имплементирање на ЕУ мерките 31998D2119 , 32000D0057,32000D0096 и 32004R0851.

Се планира усвојување на Национална Стратегија за контрола на туберкулозата во Република Македонија за периодот 2007 – 2011 година, како и на Акциски план за намалување на стигма од туберкулоза.

Се планира и имплементација на превентивните годишни програми кои произлегуваат од Законот за здравствена заштита, а во Програмата за имнуизација за 2008 година се планира воведување на нова вакцина Hib ( Haemophylus influenca type B) во редовниот календар за имунизација на деца до 18 години.

Заради усогласување со барањата поставени со Меѓународниот здравствен правилник, се планира отпочнување на процесот на проценка на лабораториските капацитети и кадровските ресурси.

***Незаразни заболувања***

Во областа на незаразните заболувања за планира донесување на Стратегија за незаразни заболувања.

Континуирано ќе се врши имплементација на годишната Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; Годишната Програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената и Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства, како и на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2008 година во рамки на која се врши и тироиден скрининг на новородени деца, Програмата за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената во Република Македонија за 2008 година, Програмата за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во Република Македонија за 2008 година.
Активностите од Кампањата "Здравје за сите" спроведена во 2007 година се трансформираат во редовни годишни превентивни програми.

Се планира и донесување на Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје и Стратегија за адолесцентно здравје.

***Безбедност на крв, човечки ткива и клетки***
Се планира донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за безбедност во снабдувањето со крв, како и трансформација на здравствениот систем во сегментот на службите за трансфузиологија согласно Законот за безбедност во снабдувањето со крв..
Се предвидува донесување на Закон за медицински потпомогнато оплодување со кој ќе биде транспонирана ЕУ мерката 32004L0023

***Болести на зависност***
Се предвидува имплементација на Нацонална стратегија за намалување на штетните последици од злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението во РМ (2008-2012), Националната стратегија за ХИВ/СИДА 2007-201, како и континуирано спроведување на активностите од годишната Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависност во РМ

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
***Отпочнатите реформски процеси и обемноста на превземените обврски налагаат зајакнување на капацитетите на Секторот за европски интеграции и на Секторот за нормативно правни работи со по две лица.***
***Заразни Болести***
Со измените на Систематизацијата во МЗ Секторот за примарна и превентивна здравствена е трансформиран во Сектор за превентивна здравствена заштита со две одделенија: за заразни болести и контрола на епидемии и Одделение за незаразни болести, животна средина и здравствена промоција.Се планира кадровско екипирање на двете одделенија .
Се планира зајакнување на капацитетите на РЗЗЗ во Секторот за епидемиологија и микробиологија со преку вработување на нови лица.

***Болести на зависност***
Во 7 центри за лекување и третман на болести на зависности неопходно е да се обезбедат кадри за успешно функционирање.

***Незаразни болести***
Се предвидува од постоечката Психијатриска болница – Скопје, Скопје, да се формира нова институција -Центар за ментално здравје. Со формирањето на овој Центар ќе се постигне деинституционализација и ресоцијализација на лицата со проблеми во менталното здравје. Центарот за ментално здравје ќе се формира како Јавна здравствена установа која ќе ги згрижува пациентите на регионален принцип. За формирање на овој Центар ќе се користат постојните човечки ресурси. Потребна е дополнителна обука за работа со лица со проблеми во менталното здравје со акцент на вклучување во локалната заедница.

Предвидено е отварање на 3 нови Центри за ментално здравје- со регионален пристап во други региони во Републиката кои ќе произлезат од останатите Психијатриски болници во Републиката и психијатриските одделенија во Општите болници. Со формирањето на овие Центри ќе се постигне деинституционализација и ресоцијализација на лицата со проблеми во менталното здравје. Потребно е и доекипирање на центрите со психолог и работен терапевт.
Заради имплементација и управување со отпочнатите реформи во болничкиот сектор неопходно е кадровско зајакнување на Секторот за секундарна и болничка здравствена заштита во МЗ, како и на Републичкиот завод за здравствена заштита (специјалисти по социјална медицина или магистри по јавно здравје).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

На среден рок континуирано ќе се работи на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ преку донесување на подзаконски акти од Законот за евиденции и Законот за медицински потпомогнато оплодување.
Исто така континуирано ќе се спроведуваат годишните Програми кои произлегуваат од Законот за здравствена заштита, Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија за 2005-2012 год.,Националната стратегија за ХИВ/СИДА и Националната стратегија за намалување на штетите како последица, Стратегија за намалување на штетните последицици од злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението во РМ (2008-2012)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

***Заразни болести***

Се планира кадровско зајакнување на Секторот за превентивна здравствена заштита во 2009 и 2010 година , како и на Републичкиот завод за здравствена заштита со вработување на нови лица во 2009 и во 2010 година.

***Болести на зависност***

Заради предвидената потреба од зголемување на бројот на центри за лекување и третман на болести на зависности, како и заради обезбедување на соодветно функционирање на центрите во две смени, потребно е нивно кадровско зајакнување со поголем број лица во 2009 и 2010 година.

***Незаразни болести***

Како дел од активностите за имплементација на Стратегијата за ментално здравје предвидено е отварање на 7 нови институции - Центри за ментално здравје- кои ќе произлезат од останатите Психијатриски болници во Републиката и психијатриските одделенија во Општите болници. За доекипирање потребно е да се обезбедат нови вработувања во секој од новоотворените центри..
Заради имплементација и управување со реформите во болничкиот сектор неопходно е кадровско зајакнување на Секторот за секундарна и болничка здравствена заштита во МЗ со нови вработени во текот на 2009 и 2010 година..

## 3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА

### 3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија во 2005 година воспостави царински систем кој е сличен на царинскиот систем на Европската унија. Со донесувањето на Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон кои почнаа да се применуваат од 1 јануари 2006 година се постигна висок степен на усогласеност на нашето законодавство со законодавството на Европската унија. Со цел хармонизација со последните измени на Царинскиот закон на Европската унија (32005R648) посебно во делот на воведување на концептот на овластен економски оператор, донесени се измени и дополнувања на Царинскиот закон и на Уредбата за спроведување на царинскиот закон. Покрај претходното, измените содржат одредби со кои се прецизира и поедноставува начинот и критериумите на донесување, измена и укинување на одобренија од страна на Царинската управа и се воведува дефиниција за лице со поголем (финансиски) ризик.

Во 2007 година донесени се Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинска управа и Законот за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, со кои е извршено целосно нивно усогласување со одредбите од Законот за прекршоци, на тој начин што Царинската управа на Република Македонија стана исклучително надлежна за водење на прекршочна постапка по сторени царински прекршоци.

Со цел натамошно намалување на административните бариери и трошоци на приватниот сектор, донесени се измени и дополнувања на Законот за административни такси со кои се укинуваат поголем број на такси кои се наплаќаат при издавање на одобренија.

Заради овозможување примена на одредбите од Царинскиот закон кои предвидуваат можност за намалување на износот на гаранциите кои имателите на одобренија мора да ги достават до Царинската управа на име обезбедување на потенцијален долг, изменета е и дополнета Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

Владата на Република Македонија донесе Уредба за применување на регулативите на Европската Комисија за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, со што се овозможи транспонирање на европските регулативи и понатамошно усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската унија.

Со цел понатамошно усогласување со acquis communautaire, донесени се измени на Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка со кои е укинат надоместокот од 40 евра за задолжителна тарифна информација и надоместокот од 15 евра за ТИР карнет, а покрај тоа беа укинати и намалени и голем број други давачки.

Во насока на усогласување на царинското законодавство со законодавството на ЕУ, Владата ја усвои Одлуката за начинот и постапката при распределбата на стоки во рамките на тарифните квоти, со што се исполни обврската за напуштање на методот на аукција како начин за рапределба на квотите.

Владата на Република Македонија донесе Одлука за предвремена примена на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија, од една страна и Европските заедници и нивните земји членки, од друга страна, која овозможува предвремена примена на Протоколот 4, во одредбите за кумулација покрај материјалите со потекло од Заедницата и Република Македонија се вклучени и материјали со потекло од земјите вклучени во процесот за стабилизација и асоцијација на Европската унија и материјали со потекло од Турција.

Со цел приближување на царинскиот систем на Република Македонија кон системот на Европската унија, Република Македонија достави писмо за намера за пристапување кон Конвенцијата помеѓу Европската економска заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за заеднички транзитни процедури и Конвенцијата помеѓу Европската економска заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за поедноставување на формалностите во трговија со стока.

Со цел забрзување на економскиот развој преку привлекување странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста на Република Македонија на надворешно трговскиот пазар, зголемување на извозот и зголемување на вработувањето, во февруари 2007 година донесен е Закон за технолошки индустриски развојни зони (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ, број 14, на 07.02.2007). Во октомври 2007 година

доставено е во собраниска процедура предлог за донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Во јули 2007 беше потпишана Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словачка за соработка и взаемна помош по царински прашања, а во септември 2007 година се потпиша и Спогодбата за соработка во царинските работи помеѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министрите на Украина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Институција одговорна за спроведување на царинското законодавство е Царинската управа на Република Македонија, како орган во состав на Министерството за финансии. Царинската служба е одговорна за контрола на стоките кои поминуваат преку граничната линија на законските гранични премини, а истовремено и за многу други надлежности, како резултат на новите закони и прописи. По добивањето на независноста на Република Македонија, беа формирани голем број на нови царински испоставии, како во внатрешноста така и на границата, особено онаа во делот со Србија и Косово.

Од особена важност е да се напомене и Протоколот 4 за дефиниција на поимот Производи со потекло и методите на управна соработка и Протоколот 5 за заемна помош во царинските работи кои се составен дел на Спогодбата за Стабилизација и Асоцијација. Протоколот 4 го дефинира концептот на "производи со потекло" во трговијата помеѓу Република Македонија и Европската унија, врз основа на Царинскиот закон на Заедницата, додека пак Протоколот 5 ги поставува условите за заедничка соработка во царинските работи.

Во 2007 година, Царинската управа донесе оперативно упатство за транзит и реализираше обуки за транзитна постапка за царински службеници, превозници и шпедитери.

Во 2007 година Царинската управа донесе Стратегија за обуки и за стручно оспособување на царинските работници, како и Програма за обуки за 2007 година.

За поефикасно спроведување на стратешките цели за превенција и спречување на корупцијата, Царинската управа донесе Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа (усогласена со духот и целта на Аруша декларацијата) со Акционен план со рокови за имплементација на целите на Стратегијата.

Во октомври 2007 година директорот на Царинската управа и претседателот на Синдикалната организација на Царинската управа потпишаа Кодекс на однесување во Царинската управа како составен дел на Колективниот договор за работни односи во Царинската управа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2008 година, активностите на Царинската управа на Република Македонија ќе бидат концентрирани на понатамошна хармонизација на законодавството и зајакнување на административниот капацитет за имплементација на царинското законодавство и борба против прекуграничниот криминал.

Со новините кои ги предвидува Царинскиот закон ќе се обезбеди градење на царински систем кој ќе обезбеди навремено и ефикасно прибирање на царинските и другите давачки и спречување на внесување на нелегална стока, кој при тоа ќе придонесе кон олеснување на меѓународната трговија и одржлив економски развој. Создавањето на услови за ефективна примена на прописите, изградба на соодветни контролни механизми и истовремено развивање на поедноставените постапки и олеснувањата при спроведувањето на царинските постапки е можно само доколку постои јасно и стандардизирано дефинирање на правата и обврските на сите учесници во царинската постапка, што всушност и ќе се постигне со овој закон.

Како понатамошни цели за хармонизација на правната рамка се поставуваат: воведување и имплементација на концептот на овластен економски оператор, воведување на поедноставени постапки и склучување на спогодби за соработка со овластените економски оператори, ратификација и примена на меѓународните конвенции релевантни за царинското работење.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2008 година ќе се превземат активности за промовирање на концептот на овластен економски оператор за што ќе организира обуки, семинари и презентации, ќе развива модули за електронско и далечинско учење. Ќе се превземат

активности за поинтензивна промоција на можноста за користење на поедноставените постапки и склучување на спогодби за взаемна соработка помеѓу Царинската управа и бизнис заедницата.

Царинската управа ќе продолжи со имплементацијата на едношалтерски систем за увоз и извоз и контрола при единствено застанување (ЕС/КЕЗ) врз основа на подготвен ио усвоен Концепт и Елаборат за негова имплементација.

Царинската управа ќе продолжи со активностите за унапредување на соработката и размената на податоци со домашни и странски институции за борба против недозволена трговија и организиран криминал. Ќе се продолжи со активностите за воспоставување на електронска размена на податоци со домашни институции и соседни царински служби и ќе се воспостави правна рамка преку потпишување на меморандуми/ протоколи.

Во акцискиот план на Царинската управа за 2008 година, предвидени се активности по однос на избор, набавка и имплементација на Софтвер за процесирање на царинските декларации и поставување на нов ИКТ систем (пред се подготовка на националниот домен). Подготвката на  потребната документација со опис на потребната корисничка и техничка поставеност на Системот за процесирање на царински декларации ќе биде реализирана преку ангажман на консултанти преку Европската Комисија.

По однос на интерконекциите со ЕУ системите, во 2008 година предвидена е подготовка на NCTS и ITMS проектите, како и изготвување на ИКТ стратешките документи и пред се IIS стратегијата (имплементација на интероперабилноста). Притоа се предвидени и обуки по однос на TEMPO методологијата, реализација на соодветни организациони промени во рамките на секторот (HelpDesk и управување со проекти).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
.Царинската управа ќе спроведе голем број на анализи на одредбите на европското законодавство кое е директно применливо за земјите членки во областа на царините, но кое остава можност земјите членки да одлучат врз основа на поединечни случаи кои се важни при спроведувањето и супервизијата на системот.

Оние области на царинското законодавство кои ќе останат нехармонизирани, после првата ревизија ќе бидат конечно хармонизирани за време на втората ревизија на царинското законодавство, што значи дека Република Македонија ќе почне да ги применува нив како дел од Acquis на денот на влегување во Европската унија. Овие области, посебно се однесуваат на: правилата за потекло на стоките - усвојување на правилата за непреференцијално потекло на стоките и на правилата што ги применува Европската унија во поглед на окупираните територии и правилата за примена на GSP; специјални правила и документи кои се применуваат на царинските стоки кои се движат помеѓу земјите членки; специјални правила за размена на различни видови на информации за спроведување на царинските прописи помеѓу земјите членки, или помеѓу земјите членки и Комисијата; специјални правила кои се дел на спроведувањето на Заедничката Земјоделска Политика.

Пред влезот во Европската унија, неопходно е да се направи проверка на мрежа на билатерални договори за меѓусебна помош и соработка, кои се однесуваат пред се на трансферот на надлежностите од националните на европските институции. Во исто време, Република Македонија, со денот на пристапување во Европската унија ќе ги превземе сите меѓународни договори кои што Европската унија ги има склучено со трети земји.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со оглед на важноста на акцизните давачки за финансиската стабилност на државата, прилагодувањето со европското законодавство, начинот на наплата и сличноста на наплатата и контролата на акцизните давачки со царинските давачки, во сите земји на ЕУ наплатата на акцизните давачки на целата територија на државите ја вршат царинските служби. Заради правилно и ефикасно водење на целокупниот систем на наплата на акцизните давачки од страна на Царинската управа на целата територија на Република Македонија и преземање на наплатата на акцизните давачки, ќе се развијат стратешки цели и акционен план на пренесување на надлежностите за наплата на акцизните давачки на Царинската управа на целата територија на Република Македонија.

Со реорганизацијата на царинската служба ќе се овозможи: усвојување на споредливо законодавство кое се однесува на организацијата и надлежноста на царинската служба; ќе се осигури висок степен на соработка помеѓу царинската, даночната и другите државни служби; ќе се воспостави ефикасна царинска контрола, особено во делот на шверцот и прибирањето на јавните давачки; високо квалификувани и мотивирани вработени со висок степен на одговорност и регулиран статус, плати, обуки и можности за унапредување, поддршка на информационен систем кој е споредлив со структурата на Информациониот Систем на Заедницата.

## 3.29.2 **АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Со цел модернизација и зголемување на капацитетот на Царинската управа, олеснување на законската трговија и креирање на позитивна средина за домашни и странски инвестиции, значително намалување на корупцијата во царината, подобрување на севкупната ефективност на Царинската управа во согласност со барањата за пристапување кон Европската унија, како и со цел значително зголемување на царинските приходи во текот на траењето на договорот (2 години) преку подобрување на почитувањето на регулативата и намалување на раширеноста и последиците од сивата економија, Министерството за финансии потпиша Договор за ангажирање на консултантска компанија во Царинската управа.

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети, обезбедување на безбедност на границите, како и постојаните активности насочени кон сузбивање на криминалот во државата и регионот, во август 2007 година се потпиша Договорот за набавка на 4 (четирите) рентген системи за контрола на возила со големи димензии и контејнери, со што се очекува да се постигне: зголемена наплата на увозните давачки, заштита од увоз на недозволена стока, забрзување на протокот на стоки и поефикасна царинска постапка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2007 година, согласно законските измени, а со цел зајакнување на капацитетот за спроведување на царинското законодавство, во Царинската управа формирано е и делумно екипирано Одделение за прекршоци – Комисија за одлучување по прекршок и донесени се интерни акти за начинот и постапката на царинските органи.

Царинската управа формираше експертска група за поедноставени постапки со цел за унапредување и развој на овие постапки, односно олеснување на трговијата, смалување на трошоците во работењето, воспоставување на тесна соработка, партнерски однос и однос на доверба помеѓу царинските органи и бизнис заедницата.

Царинската управа инициираше итни активности по однос на избор, набавка и имплементација на Софтвер за процесирање на царинските декларации и поставување на нов ИКТ систем. Логиката поставува приоритети и норми кои што пред сè се насочени кон ЕУ системите и стандардите. Тоа значи:

- (Национална поставеност) - квалитетни софтверски решенија кои ќе ги подржуваат основите на национално поставеното царинско работење со целосно прифаќање на ЕУ легислативата како и ЕУ стандардите во ИКТ работењето, како и компатибилно е-влада решение.
- (Поставеност према ЕУ системите) - така поставената национална конфигурација и систем треба целосно и директно да бидат насочени кон ЕУ системите.

По однос на Националниот систем, предвиден е ангажман на консултанти за подготовка на потребната документација со опис на потребната корисничка и техничка поставеност на Системот за процесирање на царински декларации..
По однос на интерконекциите со ЕУ системите, преку IPA 2007, подготвена е ИКТ компонентата и тоа преку подготовка на NCTS и ITMS проектите, како и изготвување на ИКТ стратешките документи и пред се IIS стратегијата (имплементација на интероперабилноста). Притоа се предвидени и обуки по однос на TEMPO методологијата, реализација на соодветни организациони промени во рамките на секторот (HelpDesk и управување со проекти).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Со цел на македонската економија да и се создадат подобри услови за натпревар во глобалните пазари, особено важно е да се воспостави нов царински ИКТ систем кој ќе биде способен електронски да разменува информации и да обезбеди поврзување со трговијата, преку употреба на модерна технологија. Согласно стратегискиот план во периодот 2008-2010 ќе се зајакнат активностите во поглед на зголемување на административниот капацитет за примена на царинското законодавство и подготовка на земјата за членство во ЕУ. Во таа насока ќе се превземаат активности на усвојување на *Acquis communautaire*, приближување на националното законодавство кон законодавството на ЕУ и градење на капацитети за ефикасна контрола на надворешните граници.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Царинската управа ќе продолжи со активностите за подобрување на системот за управување со ризик и ќе работи на воведување на критериуми и стандарди за работа и ефикасна размена на податоци. Се очекува процесот на извлекување

на ризични профили да биде автоматизиран со воведување на Систем за Централизирано-електронско администрирање на сите оперативни активности во Царинската управа заради анализа на ризик, статистика и разузнавање.

Ќе се развијат планови за унапредување на капацитетот за спроведување на контроли после царинење (post clearance audit) со што ќе се намалат контролите при царинење.

Царинската управа ќе изврши рефори на системот на обуки и ќе го прилагоди кон новите барања и потреби преку применување на современи методи и техники кои ќе обезбедат поголема ефикасност и подобри образовни резултати, како и економичност на процесот (електронско и далечинско учење).

Особен акцент во текот на 2008 година ќе биде ставен на преземањето на управувањето и одржувањето на граничните премини и развој и модернизација на постојните места определени од Царинската управа како работни простории каде се спроведува царинската постапка.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Современите методи на царинење на стоката, со воведување на поедноставувања и премин кон безхартиено работење, бараат дополнителни напори и активности од страна на царинската служба за ефикасна наплата на давачките и спроведување на мерките на трговска политика. За таа цел предвидено е воведување на интегрираната царинска и статистичка номенклатура на Европската унија (TARIC), засилување на механизмите на надзор преку воведување на видео мониторинг на граничните премини, воведување на систем за прибирање на акцизите на целата територија на Република Македонија, унапредување на системите за управување со ризик, модернизација на граничните премини со цел подобра имплементација на интегрирано гранично управување и унапредување на соработката со другите државни институции и инспекциски служби.

Од ИКТ аспект, на среднорочен план предвидена е целосна интерконекција со ЕУ системите, (CCN/CSI и NCTS) и продолжување на процедурите за интерконекција со другите ЕУ системи. Притоа заложба на ЦУРМ, преку постојано прилагодување на Стратегијата за ИКТ, ќе биде и прифаќање на приоритетите по однос на новите европски системи (AES, AIS), како и обезбедување на правни и технички предуслови по однос на сигурноста на ИКТ системот, поддршка на безхартиените решенија, имплементација на електронската размена на податоци, поставување на систем за управување со ризик, пред се дефинирани со Регулативата 32005R0648.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Еден од стратешките приоритети на Царинската управа на Република Македонија за 2008-2010 е воведување на интегрираната тарифа на Европската унија (TARIC), со која преку систем на кодирање се идентификуваат сите тарифни и нетарифни мерки кои се применуваат на одредени производи. Во текот на 2008 година ќе се отпочне со активностите за воведување на интегрираната тарифа на Европската унија -TARIC. Во текот на овој период се планира воведување на компјутерски софтвер за добивање, ажурирање и преглед на TARIC базата на податоци која ќе ги содржи сите информации за сите мерки кои треба да ги превземе царинската служба при увозот на определени стоки од определени земји.

Со оглед на улогата на царинската лабораторија во однос на контролата на одредени супстанци кои се штетни за озонската обвивка, човековата средина, отровите, дрогите и други психотропни супстанци, како и во однос на квалитетот на стоката при извоз и увоз, предвидено е создавање на современа, опремена лабораторија која ќе работи по стандардизирани методи согласно правилата на добра лабораториска пракса и стандардите ISO 9001. Се планира да се изработи елаборат за истото во првиот квартал на 2008 година.

Царинската управа ќе воспостави систем за предвремено електронско известување за пристигање на стоката во царинското подрачје, како и ефикасен систем за електронска комуникација помеѓу граничните испостави и помеѓу граничните и внатрешните испостави.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Царинската управа на Република Македонија учествува во неколку активности за оперативна техничка помош, како во областа на обуките на вработените, така и во областа на подобрувањето на техничката опременост на службата.

Техничката помош се реализира преку билатералниот твининг со Царината на Кралството Холандија за периодот 2005-2008, во износ од 500.000 евра. Преку овој вид на твининг со Царината на Кралството Холандија се реализира и

предвидена е техничка помош во следните области: увоз за облагородување, заштита на правата од интелектуална сопственост, потекло на стоката и царинска вредност.

Царинската управа користеше определени форми на техничка помош во рамките на CARDS програмата од Европската унија (CAFAO-MAK), преку КАФАО МАК Проектот во Република Македонија. Имајќи предвид дека до крајот на 2007 година заврши работата и техничката помош на КАФАО - МАК, Царинската управа до Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија достави проектно фише (кое е одобрено) за користење на средства од програмата IPA за 2007 година. Активностите треба да се реализираат во текот на 2008 година. Во проектното фише е потенцирана потребата за поддршка од страна на ЕУ (преку идните IPA фондови) во рамки на „Проект за подршка на имплементацијата на Стратегијата за цармински реформи" во траење од 18 месеци со износ од околу 3.000.000 евра. Предлог проектното фише содржи предлози за поддршка преку 3 под-проекти и тоа: (1) хармонизација на царинското законодавство во Република Македонија со законодавството на ЕУ, (2) зајакнување на граничните контроли - зајакнување на капацитетите во борбата против измамите, корупцијата и шверцот со дрога и (3) унапредување на ИТ системите.

Во рамките на процесот на приближување кон законодавството на ЕУ, Владата на Република Македонија достави Писма за намера за пристапување кон: Конвенцијата меѓу Европската Економска Заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за заедничка транзитна постапка, од 20 мај 1987 и нејзините амандмани, и Конвенцијата меѓу Европската Економска Заедница, Република Австрија, Република Финска, Република Исланд, Кралството Норвешка, Кралството Шведска и Швајцарската Конфедерација за поедноставување на формалностите при трговијата со стока од 20 мај 1987 и нејзините амандмани. За таа цел, Царинската управа изготви Предлог проект за Поддршка на Царинската управа на Република Македонија за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзит и имплементација на Нов Компјутеризиран транзитен систем (NCTS), преку користење на средства од фондовите на Програмта IPA за 2008 година. Проектот се состои од две под-компоненти: (1) Твининг проект "Имплементација на Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS) - Поддршка во управувањето" во износ од 1.000.000 евра и (2) Прилагодување и имплементација на Новиот комјутеризиран транзитен систем (NCTS) во износ од 2.000.000 евра.

# 3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

## 3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Република Македонија го ратификува Договорот за изменување и пристапување кон Централно Европскиот Договор за слободна трговија - ЦЕФТА 2006 (Сл. весник на РМ бр.69/07) и од 26.07.2007 година отпочна со примена со четри земји потписничи на Договорот. ЦЕФТА 2006 за сите земји потписнички стапи на сила на 22.11.2007 година.

Во 2007 година Република Македонија беше прв претседавач на ЦЕФТА 2006 и во рамките на ова беа одржани четири состаноци. Со цел запознавање на можностите што ги нуди овој Договор, во рамките на економската соработка во регионот, беа одржани повеќе презентации за бизнис заедницата во земјата.

Во 2007 година ратификуван е Протоколот 2 - Дефиниција на поимот производи со потекло и методите на управна постапка по Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција, со што е извршено хармонизирање со последните измени на европските правила за потекло. Протоколот 2 стапи на сила на 1.08.2007 година (Сл. весник на РМ бр.68/07).

Во 2007 година, извршена е измена и дополнување на Законот за трговија (Сл. весник на РМ бр 63/07) во кој се инкорпорирани одредби за антидампинг мерки и донесен е подзаконски акт - Одлука за постапката и начинот на утврдување на антидампинг давачка (Сл. весник на РМ бр.109/07).

Извршена е измена на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба (Сл. весник на РМ бр. 82/05 и 84/07) со која е укината Листата на држави за кои не се бара „сертификат за краен корисник“. Со пристапување на РМ во ЕУ ќе се имплементира и оваа Листа.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во Министерството за економија: Секторот за надворешно трговска политика и Светска трговска организација и Секторот за меѓународна трговска соработка,, Министерството за финансии, Македонска Банка за поддршка на развојот и Царинската управа на РМ се надлежни за спроведување на трговската политика.

**КРАТКОРОЧНИ ПРОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе ги следи преговорите во Светската трговска организација и ќе учествува во областите кои се од нејзин интерес. Во овој контекст, ќе ги поддржува и ќе се залага за ставовите со кои се признава поповолен статус за Членки кои неодамна пристапија во СТО (Resently Acceeded Members). Исто така, како земја кандидат за членство во ЕУ, за одделни области за кои се водат преговори, Република Македонија ќе продолжи да ги усогласува ставовите со Европската унија.

Република Македонија ќе продолжи со имплементација на ЦЕФТА 2006 и со имплементација на Договорите за слободна трговија со: ЕФТА, Турција и Украина.

Ќе се пристапи кон анализирање на трговската размена на Република Македонија со медитеранските земји, во рамките на можностите што ги нуди пан-евро-медитеранската кумулација, со цел да се отпочнат преговори за склучување на договор за слободна трговија со медитеранска земја.

Во 2008 година ќе се изврши измена и дополнување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба, со цел да се усогласи со новата Регулатива на Советот на ЕЗ бр. 1183/2007.

Во овој период, ќе се подготви анализа на Европската регулатива за осигурување на извозот.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел зајакнување на капацитетот на институциите, се планира зголемување на бројот на вработените, во Министерството за економија во Секторот за меѓународна трговска соработка и во Министерството за финансии, во Секторот за финансиски систем, во 2008 и 2009 година, со по еден вработен, како и организирање на обуки на државните службеници.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе продолжи со активностите за усогласување на своето национално законодавство со законодавството на ЕУ, во оние делови каде тоа е потребно, бидејќи законодавството на Европската унија во областа на Надворешните односи во најголем дел се состои од директно обврзувачко законодавство.

Република Македонија ќе продолжи со имплементација на ЦЕФТА 2006 и со имплементација на Договорите за слободна трговија со: ЕФТА, Турција и Украина.

Во рамките на среднорочните приоритети Република Македонија ќе склучи договор за слободна трговија со медитеранска земја.

До 2010 година ќе се измени Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот во насока на усогласување на нејзиниот статус и функции како државна развојна и извозна банка, во согласност со правото на Европската Унија. Исто така, до 2010 година во домашното законодавство целосно ќе се транспонира Директивата 31998L0029 и Директивата 31984L0568, како и одлуките 32001D0076 и 32001D0077 кои се однесуваат на заедничките принципи и критериуми на земјите членки на ЕУ, во сферата на осигурувањето на извозот.
МБПР на среден рок планира да отпочне да врши откуп на побарувања, факторинг и фофетинг, како и да врши финансирање и осигурување на среднорочни и долгорочни извозни проекти во соработка со странски осигурителни агенции.
Ќе се зајакнуваат постојните административни капацитети за спроведување на трговската политика.

## 3.30.2 **БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Република Македонија досега има на сила 27 билатерални договори за потикнување и заемна заштита на инвестиции со трети земји (ДЗИ), од кои вкупно 13 договори се склучени со земји членки на Европската Унија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Министерството за економија, Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем во главно се надлежни за билатералните договори со трети земји.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Ке се започне со активности за анализирање на договорите за трговска и економска соработка, со цел за нивно усогласување со законодавството на ЕУ.
Во текот на 2008 година, Министерството за финансии ќе преземе активности за парафирање на ДЗИ со Норвешка, Португалија, Словачка, Луксембург, Исланд, Малта, Кипар, Латвија и Естонија, со што ќе се заокружи европската регионална мрежа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Република Македонија ќе продолжи со активностите за анализирање на договорите за трговска и економска соработка, со цел за нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Врз основа на анализата ќе се подготви и табела во која ќе се определи предвидениот начин на усогласување на договорите во четири групи и тоа: договорот е веќе откажан, договорот ќе биде откажан, договорот нема да биде откажан туку изменет и договорот нема да биде ниту изменет ниту откажан (што значи е во согласност со ЕУ).
Ќе се продолжи со активности за потпишување и ратификација на усогласените ДЗИ со Грција, Велика Британија, и Северна Ирска, Узбекистан, Данска, и Индија, како и Протоколите за измена на ДЗИ со Романија, Бугарија и Чешка.
Ке продолжат активностите за јакнење на административниот капацитет.

## 3.30.3 **РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Во 2007 година РМ, со новата систематизација на Министерството за надворешни работи, се воспостави одделение во Директоратот за економска мулилатерала кое треба, покрај другите задачи, да ги следи насоките на ЕУ во рамките на политиката на развојната помош за да може РМ да се подготви за следните активности.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во текот на 2008 и 2009 година се предивува анализа на ЕУ-легислативата за развојна помош, како и запознавање со искуствата на земјите членки за да се поготви соодветна законска рамка за водење на политика за развојна помош.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Согласно потребата за зајакнување на активностите во останатите области од надворешните односи, активностите за развојната политика главно се предвидени во рамките на среднорочните приоритети (2010-2012).
Во рамки на активностите за развојна политика се предвидува да се формира меѓуресорско тело кое треба да пронајде институционален модел кој ќе биде најсоодветен за РМ, па согласно на тоа да предложи вклучување на истиот во правната регулатива. Потоа ќе се предложи донесување на Закон за спроведување на развојната полититика, усогласен со регулативите на ЕУ од оваа област.

Покрај донесувањето на Закон, потребно е и дефинирање на критериуми за определување на потесен круг на земји со кои РМ би воспоставила долгорочна соработка, методологија за пресметување на дадената помош и воведување механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош, како и воспоставување на соработка со НВО кои се занимаваат со развојна помош. Воедно ќе треба да се воспостави соработка и потпишување на МзС со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални проекти.

## 3.30.4 ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Доделувањето на хуманитарната помош на трети земји е во надлежност на одделението во МНР, во рамките на Директоратот за економска мултилатерала. Во Секретаријатот на ВРМ постои одделение за соработка со НВО меѓу кои и оние кои се занимаваат со хуманитарна помош.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

За хуманитарната помош формирана е меѓуминистерска работна група за подготовка на нов Закон за здруженија на граѓани и фондации. Дел од измените на Законот одат во правец на овозможување на регистрирање на организации од јавен интерес, како нова форма на здруженија на граѓани. Оганизација од јавен интерес е онаа која преку своите активности го поддржува или промовира јавниот интерес во една или повеќе области меѓу кои и хуманитарна помош и цели, помош на бегалци. Статус на организација од јавен интерес утврдува  независна меѓуресорака комисија, согласно утвдени критериуми. Во предлог Законот, организациите од јавен интерес се нормирани во посебна глава, а се предвидува истите да се регистрираат во посебен Регистар на Основниот Суд Скопје.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Согласно потребата за зајакнување на активностите во останатите области од надворешните односи, активностите за хуманитарната помош главно се предвидени во рамките на среднорочните приоритети (2010-2012).

Законска рамка со која се опфатени НВО и организации од јавен интерс кои се занимаваат со хуманитерна помош ќе се доплни во соглсност со правото на ЕУ за оваа област.  Доколку се согледа потреба од посебен закон за хуманитарна помош ќе се изготви текст за да се помине процедурата за негово донесување во текот на периодот до 2010 година. Со ова ќе се дефинира хуманитарната помош, начините и условите согласно на кои РМ обезбедува соодветни капацитети за учество во хуманитарната политика на ЕУ, согласно Уредбата на Советот на ЕЗ бр.1257/96.

Постојните интитуционални капацитети ќе се зајакнат и ќе се прилагодат заради постигнување на наведената цел, за учество на РМ во хуманитарната политика на ЕУ.

## 3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

### 3.31.1 ЕБОП

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија редовно учествува на неформалните состаноци на министрите за одбрана на земјите-членки на ЕУ во Тројка формат, како и на состаноците на Воениот комитет на ЕУ.

Република Македонија го продолжува својот придонес кон воената операција на ЕУ во БиХ, Алтеа преку деклариран хеликоптерски и медицински капацитети, како и дополнителен персонал од кој дел во Командата на ЕУФОР. Согласно промените во четвртата ротација на хеликоптерскиот деташман (јануари 2008), моменталниот придонес на Република Македонија во Алтеа се состои од 24 лица и еден транспортен хеликоптер Ми-8/17, (12 лица во хеликоптерскиот деташман, 10 лица медицински персонал, 1 лице помошник правен советник и 1 лице подофицер за превентивна медицина). Во тек е четвртата ротација на хеликоптерскиот деташман, третата ротација на медицинскиот тим, втор мандат на правниот советник, а од февруари 2008 за прв пат е упатено едно лице подофицер за превентивна медицина.

Законот за упатување на лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, со кој се уредува постапката за избор и упатување на лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, платите, нивниот правен и социјален статус итн, стапи на сила на 20 декември 2007год. (усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 3 декември 2007год.)

За следење на развојот на ЕБОП и координирање на активностите на Република Македонија на овој план задолжен е еден извршител во Одделението за ЗНБП во Министерството за надворешни работи.

Во Министерството за одбрана е формирано одделние за ЕБОП и е поставен Раководител.

Во Центарот за управување со кризи, изготвен е Регистар на субјекти на системот за управување со кризи и лица за контакт. Во однос на проектот за изработка на единствен комуникациско информативен систем, донесена е Одлука за начинот и временскиот рок на воспоставување на Е-112 во Република Македонија ( "Сл.весник на РМ" бр.19/07) и формиран е меѓуресорски тим за концептуален дизајн.

Република Македонија со свои претставници од повеќе институции (Собрание на Република Македонија, Министерство за надворешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Секретаријат за европски прашања, Центар за управување со кризи, Институт за одбранбени мировни студии) учествува во Програмата за обука за ЕБОП, наменета за земјите од Процесот за стабилизација и асоцијација. Програмата е иницирана од Австрија, Германија, Словенија и Унгарија и го опфаќа периодот 2006/2007-2008/2009. Во февруари 2007 год. Р. Македонија беше домаќин и ко-организатор на еден од модулите на Програмата посветен на запознавање со воените и цивилните капацитети на ЕУ за управување со кризи, цивилно- воената координација, борбата против тероризам и реформите во безбедносниот сектор.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** 2008

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно одредбите од Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, МНР до 30 јуни 2008 год. ќе ги донесе неопходните подзаконски акти: Деловник за работа на меѓуресорската комисија и Правилник за упатување лица во краткорочни меѓународни мисии. Заради спроведувањеа на политиката за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, МНР иницира формирање Меѓуресорска комисија.

Ќе се донесат и преостанатите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за управување со кризи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2008 год. се предвидува кадровско екипирање на Одделението за ЕБОП во Министерството за одбрана.

Р. Македонија, со свои претставници ќе продолжи да учествува во вториот и третиот цикпус на Програмата за обука за ЕБОП наменета за земјите од Процесот за стабилизација и асоцијација.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** 2009-2010

До 2010 год. предвидено е да се изврши кадровско доекипирање на Одделението за ЕБОП во Министерството за одбрана.

Имплементацијата на проектот за воведување на единствениот Европски број за итни повици Е112 во Република Македонија претставува среднорочен приоритет..

### 3.31.2 ЗНБП

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија одржува редовен политички дијалог со ЕУ на билатерална основа и во мултилатерални рамки. Република Македонија продложи да се придружува кон заедничките позиции, декларации и изјави на ЕУ, при што од

особена важност е примената на Законот за меѓународни рестриктивни мерки од 1 јуни 2007 год. (усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 19 март 2007год.).

Во јануари 2007 год. ДБКИ се пресели во нови простории, кои одговараат на ЕУ и НАТО стандардите за ракување со класифицирани информации до ниво "државна тајна". Отворени се нови регистри за пренос на странски класифицирани информации во Кабинетот на Претседателот на Р. Македонија и во Мисијата на Р. Македонија при Европските заедници во Брисел. Во септември 2007 година стапија во сила измените на Законот за класифицирани информации со кој Дирекцијата доби зголемени ингеренции и ја прошири својата дејност и врз националните класифицирани информации. Во завршна фаза е инсталирањето на Асоцијативната комуникациска мрежа за размена на класифицирани информации по електронски пат (АЦН) во МНР.

Во рамките на активностите во меѓународните организации, на 24 мај 2007 година за Претседател на 62-то Генерално собрание на ОН е избран амбасадорот Др. Срѓан Керим, поранешен министер за надворешни работи на Република Македонија и поранешен постојан претставник на Република Македонија при ОН во Њујорк. Постојаниот претставник на Република Македонија во ОН во Женева е избран за претседател со состаноците на државите членки на Конвенцијата против биолошко оружје во 2008 година.
Република Македонија поднесе кандидатура за членка на Советот за човекови права за периодот 2009-2012 година.

- Во текот на 2007 год. Р. Македонија ратификуваше неколку значајни меѓународни инструменти кои се однесуваат на непролиферацијата на разни видови оружја:
- Амандманот на Конвенцијата за забрана или ограничување на користењето на некои видови конвенционални оружја за кои се смета дека предизвикуваат прекумерни повреди или дека имаат индискриминирачки ефекти - CCW
- Протоколот за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал;
- Ревидираниот Протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната Агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје;
- Дополнителниот Протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната Агенција за Атомска Енергија за примена на гаранциите во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје.
- Конвенцијата за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на морската пловидба и
- Протоколот за сузбивање на незаконски акти против безбедноста на фиксните платформи лоцирани на континенталниот гребен

Во јуни 2007 беа донесени измените на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, со кој се прецизираше составот на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба. Согласно Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, Министерството за економија во 2007 год. издаде десет дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба. Согласно меѓународно преземените обврски Р. Македонија ги подготви следните извештаи:
- Вториот национален извештај во однос на Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје;
- Извештајот за спроведување на Акциониот план на ОН за спречување, борба и искоренување на недозволената трговија на мало и лесно оружје во сите негови аспекти, за 2007 година;
- Извештајот по Хашкиот кодекс на однесување за непролиферација на балистички проектили;
- Извештаите согласно Виенскиот документ на ОБСЕ и
- Извештајот за регистарот на конвенционално оружје на ОН.

Сите извештаи беа доставени до релевантните меѓународни организации (ОН, ОБСЕ, ЕК, Совет на ЕУ) во предвидените рокови.

На 19 март 2007 година Република Македонија, со писмо од МНР Милошоски, ја прифати Изјавата за принципите на Глобалната иницијатива за борба против нуклеарниот тероризам. Во април 2007 година до Ген Сек на ОН доставени се ставовите на Р. Македонија по резолуцијата на ГС на ОН за договор за трговија со оружје, според која Генералниот секретар на ОН ќе формира група владини експерти со цел да се утврдат изводливоста, опфатот и параметрите на предвидениот инструмент.
Во март 2007 година беа донесени измените и дополнувањата на Законот за оружје ("Службен весник на РМ", бр. 42/07). Направени се допрецизирања во делот на категоризацијата и типизацијата на оружјето заради усогласување со Директивата 31991LO477 на Советот на ЕУ, Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје и Заедничката позиција на Советот од 23 јуни 2003 година за посредување во трговијата со оружје. Со цел на планирање, следење и анализирање на

состојбата со контрола на мало и лесно оружје и координирање на активностите на надлежните институции, согласно Националната стратегија за мало и лесно оружје и Акциониот план, формирана е Национална комисија за мало и лесно оружје, која отпочна со своите редовни активности.

Во текот на 2007 год. извршено е кадровско зајакнување на Одделението за ЗНБП во рамките на Директоратот за ЕУ во Министерството за надворешни работи, кое располага со Раководител и 3 извршители. Во МНР формирано е Одделение за правото на ЕУ, во рамките на Директоратот за меѓународно право кое располага со 1извршител. Во тек е постапка за ново вработување на 1 извршител во Одделението за правото на ЕУ и 1 извршител во Одделението за контрола на оружјето во рамките на Директоратот за мултилатерала во МНР.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ, во рамките на Политичкиот форум ЕУ-Западен Балкан. Таа ќе продолжи со придружување/прифаќање на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП. Со цел ефикасна имплементација на Законот за меѓународни рестриктивни мерки, до крајот на јуни 2008 год. се планира да се изработи анализа за потребата од зајакнување на административните капацитети на надлежните министерства за спроведување на мерките.
Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во мегународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др.), како најефикасен начин за заштита на светскиот мир и безбедност од глобалните закани на денешнината - тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, организираниот криминал, загадувањето на човековата околина, како и справувањето со економските и социјални проблеми и непочитување на човековите права.
Заради усогласување со новата Регулатива на ЕУ 1183/2007, до 30 септември 2008 год. се планира да биде донесена Одлука за изменување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба.

Во рамките на надлежностите на ДБКИ, се планира изработка на проценка за безбедносни ризици и упатства кои ќе произлезат од истата,. Согласно Законот за измени и дополнување на Законот за класифицирани информации, се предвидува формирање на комисија за одлучување по прекршок, како и инспекторски тим во ДБКИ со нивно кадровско екипирање. ДБКИ ќе продолжи со обука на лицата во сите институции кои работат со класифицирани информации.
До крајот на јуни 2008 год. МНР ќе направи анализа на одредбите од Реформскиот договор на ЕУ кои се однесуваат на ЗНБП/ЕБОП.

Со цел натамошно зајакнување на административните капацитети на МНР во областа на НБОП се предвидува до крајот на 2008 год. кадровско и техничко доопремување:

- на Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика, од кои едно лице би бил исклучиво задолжен за следење на имплементацијата на рестриктивните мерки.;
- на Одделението за контрола на оружјето;
- на Одделението за правото на ЕУ.
- на Мисијата на РМ при ЕЗ-Брисел со дипломат кој ќе биде искпучиво ангажиран за следење на ЗНБП/ЕБОП

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во втората половина на 2010 Р. Македонија ќе претседава со Советот на Европа, за што МНР ќе ги спроведе потребните подготовки.

Врз основа на анализата на одредбите од Реформскиот договор на ЕУ кои се однесуваат на ЗНБП/ЕБОП, до крајот на февруари 2009 год. МНР ќе изврши согледување на евентуалните обврски кои би можеле да произлезат за Р. Македонија во оваа област по стапувањето на сила на Договорот.

По пристапување ќе се донесе и Правилникот за образецот на одобрението за внесување оружје и европскиот документ за оружје, кој произлегува од Законот за оружје.
До крајот на 2010 година се предвидува кадровско и техничко зајакнување на Министерството за надворешни работи, и тоа:

- на Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика.;
- на Одделението за контрола на оружјето.

Во рамките на активностите на ДБКИ до крајот на 2010 г. се планира:

- континуирана едукацијата на корисниците на класифицирани информации во државните институции и други правни субјекти;
- отпочнување на издавање безбедносни сертификати на правни лица, како и подигнување на нивото на комуникација на ДБКИ со мисиите на РМ при ЕУ и НАТО на ниво строгодоверливо.

Република Македонија ќе продолжи со усилбите за изнаоѓање решение во врска со укажувањата на ЕУ за потребата од усогласување на билатералниот договор со Сад за условите за предавање лица на Меѓународниот кривичен суд со водечките принципи на ЕУ.

## 3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

### 3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која го уредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола и надворешната ревизија во Република Македонија во 2007 година беше дополнета со следните правни акти:

- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на РМ",бр. 22/07);
- Закон за внатрешна ревизија во јавниот сектор („Службен весникнаРМ",бр. 69/04и 22/07),
- Правилник за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Спужбен весник на РМ",бр. 130/07);
- Правилник за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли („Службен весник на РМ " бр.8/08);
- Правилник за организација и работа на Министерството за финансии бр . 01-8440/1 од 09.04 2004 година до бр . 01-8440/6-2004 од 30 04 2007 година;
- Прирачник за внатрешна ревизија објавен на ВЕБ страната на Министерството за финансии;
- Закон за државната ревизија („Службен весник на РМ"бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06и 133/07)
- Програма за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор објавена на ВЕБ страната на Државниот завод за ревизија;
- Кодекс на етика на ИНТОСАИ -објавен на ВЕБ страната на Државниот завод за ревизија;
- Кодекс за деловна етика и однесување на вработените во ДЗР;
- Меморандум за соработка помеѓу ДЗР и ИПА Ревизорското тело, август 2007;

**ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ И КОНТРОЛА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и Правилник за формата, содржината и начинот за доставување на изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли кои се изготвени врз основа на овој закон претставуваат правна рамка за системот на финансиски менаџмент и контрола. Функционирањето на овој систем е регулирано и со други закони и подзаконски акти, меѓу кои позначајни се: Законот за буџети, Законот за извршување на буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, регулативата за трезорското работење и друго.

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола раководителот на субјектот е одговорен за воспоставување, имплементација и развој на сигурен финансиски менаџмент и контрола во институцијата заради ефикасно, ефективно и економично користење на расположивите средства. Раководителот на субјектот од јавниот сектор има обврска да делегира овластувања и задачи на останатите раководни и други лица во институцијата, но при тоа тој неможе да ја делегира општата одговорност за организацијата. Исто така, согласно законот, тој има обврска да воспостави соодветна организациона структура, да изврши поделба на должностите и да ги даде неопходните овластувања на раководните лица.

Раководителите на субјектите од јавниот сектор се одговорни и за транспарентно и регуларно извршување на буџетот на институцијата со која раководат.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Министерството за финансии во соработка со Твининг проектот „Зајакнување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола" во 2008 година ќе изготви Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за 2008 и 2009 година.

До крајот на 2008 ќе биде донесен нов Закон за јавна внатрешна финансиска контрола со што ќе се реализира препораката на Европската комисија за интегрирање на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и ќе се обезбеди правна рамка за зајакнување на капацитетите за финансиски менаџмент и контрола во Министерството за финансии и останатите субјекти од јавниот сектор.

Со новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола ќе биде регулирано: работењето на секторите/одделенијата за финансиски и економски прашања надлежни за финансиски менаџмент и контрола, на Комитетот за финансиски, економски и ревизорски прашања во Министерството за финансии и на Меѓуминистерско консултативно тело (комитет) за финансиски и економски прашања, како и преземањето на мерки против неправилности и измами, надлежноста на финансиската инспекција во Министерството за финансии и трансформацијата на Одделението за централна внатрешна ревизија во Одделение за внатрешна ревизија на ЕУ фондовите.
Од 2008 година ќе започне применувањето на Правилникот за формата, содржината и начинот на доставување на извештајот (изјавата) за квалитетот и состојбата на внатрешните финансиски контроли во јавниот сектор, со кој е пропишан и образец за изготвување на годишен извештај за квалитетот и состојбата на системот за финансиски менаџмент и контрола.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии
Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии ќе биде спроведено со основање на тело за финансиска инспекција и Комитетот за финансиски, економски и ревизорски прашања и преку зголемување на капацитетите на централната единица за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола. Бројот на вработени во оваа единица во 2008 година ќе се зголеми за 1 извршител.

Административните капацитети на Одделението за хармонизација на финансискиот менаџмент и контрола во 2008 година ќе бидат зголемени и со спроведување обука за подобрување на вештините за известување и градење на капацитети за спроведување на обуки за финансиски менаџмент и контрола во јавниот сектор. Дел од обуките ќе бидат реализирани во една од новите земји членки на ЕУ.

Зајакнување на институционалните капацитети за финансиски менаџмент и контрола во субјектите од јавниот сектор
Во 2008 година зајакнувањето на институционалните капацитети за финансиски менаџмент и контрола во органите на државната управа ќе започне преку основање на сектори/одделенија за финансиски и економски прашања и вработување на 56 извршители во 25 институции на централно ниво. Институционалните капацитети за финансиски менаџмент и контрола во 10-те пилот институции на централно ниво ќе бидат зајакнати со спроведување обука и изготвување на интерни акти (пишани процедури) за главните работни процеси, како и нивна имплементација и ревизија.

**СТРАНСКА ПОМОШ**
Зајакнувањето на капацитетите за имплементацијата на системот за финансиски менаџмент и контрола на централно ниво ќе се реализира и преку Твининг проектот „Зајакнување на системот на јавната внатрешна финансиска контрола“ со Министерството за финансии на Кралството Холандија , финансиран од ЕК кој започна во април 2007 година и ќе се реализира до крајот на 2008 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ** (2009-2011)
До крајот на јуни 2009 година ќе бидат донесени подзаконски акти на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола.
До крај на 2009 година ќе бидат спроведени обуки за нововработените во секторите/одделенијата за финансиски и економски прашања за изготвување на интерни акти (пишани процедури ) за главните работни процеси. Во тек на IV квартал 2009 ќе се организира обука за имплементација на интерните акти за финансиски менаџмент и контрола за раководителите на сектори/одделенија во органите на државната управа.
Во текот на II квартал 2009 во 40 пилот општини ќе се организира обука за изготвување на интерните акти за финансиски менаџмент и контрола за раководителите на сектори/одделенија, а во текот на IV квартал 2010 ќе се организира обука за имплементација на интерните акти.

**ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**
Функцијата на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија ја извршуваат единици за внатрешна ревизија основани во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво. Министерството за финансии -Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола е надлежно за регулирање, развој и усогласување на системот за внатрешна ревизија во јавниот сектор. Досега во институциите од централно ниво основани се 36 единици за внатрешна ревизија (во 14 министерства, 4 фондови и 18 институции на централната власт) и назначени се 69 внатрешни ревизори, додека на локално ново во 26 единици на локална самоуправа назначени се 28 внатрешни ревизори.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
До крајот на 2008 година ќе биде донесен нов Закон за јавна внатрешна финансиска контрола со што ќе се реализира препораката на Европската комисија за интегрирање на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и ќе се обезбеди правна рамка за сертифицирање на внатрешните ревизори од јавниот сектор.

Од 2008 година ќе започне применувањето на Правилникот за формата, содржината и начинот на доставување на извештајот (изјавата) за квалитетот и состојбата на внатрешните финансиски контроли во јавниот сектор, со кој е пропишан и образец за изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во насока на зајакнување на институционалната рамка и административните капацитети за внатрешна ревизија во јавниот сектор, во 2008 година ќе се реализира во целост Акциониот план за доекипирање на единиците за внатрешна ревизија усвоен од Владата на Република Македонија во февруари 2007 година, односно ќе бидат вработени 28 нови внатрешни ревизори во 16 институции од централно ниво.

Процесот на основање на единици за внатрешна ревизија или формирање на заеднички единици во општините ќе продолжи и во 2008 година.

Субјектите од јавниот сектор во кој се основани единици за внатрешна ревизија до крајот на 2008 година ќе донесат повелби за внатрешна ревизија во согласност со препораките на Европската комисија.

Во текот на 2008 година, во рамките на Твининг проектот „Зајакнување на системот за јавната внатрешна финансиска контрола", во соработка со твининг партнерот Министерството за финансии на Кралството Холандија, ќе се реализираат повеќе обуки за внатрешните ревизори на централно ниво и тоа: почетна обука за 40 нови внатрешни ревизори, специјализирана обука за раководителите на единиците за внатрешна ревизија и обука за обучувачи за внатрешна ревизија. Исто така, во 2008 година внатрешните ревизори од 10-те пилот институции со помош на холандски експерти ќе спроведат ревизии на новите процедури за финансиски менаџмент и контрола, а ќе биде спроведена и една ревизија на користењето на ЕУ фондовите.

Со цел зајакнување на капацитетите за внатрешна ревизија во единиците на локалната самоуправа, Министерството за финансии -Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола во 2008 година ќе изготви План за обука на внатрешните ревизори од единиците на локална самоуправа.

Во рамките на Твининг проектот „Зајакнување на системот за јавната внатрешна финансиска контрола", во 2008 година ќе се реализира студиска посета во земја членка на ЕУ заради изготвување на Правилник и Програма за полагање испит и стекнување на звање овластен внатрешен ревизор.

Заради обезбедување на услови за навремено и ефикасно извршување на зголемениот обем на активности на регулирање, развој и унапредување на внатрешната ревизија во јавниот сектор, бројот на вработени во Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во 2008 година ќе се зголеми за 1 извршител со високо образование и познавање на англискиот јазик.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
До крајот на 2008 година ќе биде реализиран Твининг проектот „Зајакнување на системот за јавната внатрешна финансиска контрола", во рамките на КАРДС 2006.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРАВНА РАМКА**
Во 2009 година ќе бидат донесени Правилникот и Програмата за полагање испит и стекнување на звање овластен внатрешен ревизор.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Планот за обука на внатрешните ревизори од единиците на локална самоуправа ќе се реализира во 2009 година, со спроведување на почетна и напредна обука.

**ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА**
Државниот завод за ревизија (ДЗР) е врховна ревизорска институција (ВРИ), основана со Законот за државната ревизија донесен во 1997 година, со цел да се обезбеди законско и наменско користење на јавните средства. ДЗР спроведува

ревизии и изготвува извештаи кои ги објавува на ВЕБ страната, а до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за работењето и извршените ревизии.
Законот за државната ревизија е усогласен со директивата 31984LO253, во делот кој се однесува на условите кои треба да ги исполнуваат овластените ревизори, а со измените на законот во 2006 година ("Службен весник на РМ"бр. 70/06) извршено е усогласување на овој закон со принципите на ЛИМА Декларацијата и зголемена е ефикасноста на државната ревизија.

Врз основа на активностите на твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија и направената оценка (peer review) за работењето од страна на Германската ВРИ, во Државниот завод за ревизија продолжија активностите за подобрување на оперативната и финансиска независност и обезбедување квалитет во работењето.

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во 2005 година започна реализацијата на Твининг проектот за развој на ДЗР со Холандскот суд за ревизија кој ќе трае до септември 2008 година. Во рамки на проектот се спроведува: теоретска подготовка и обука, обука на работно место и консулатации за финансиска ревизија, ревизија на успешност и управување со процесите во ДЗР.

Заради користење на добрите практики на ЕУ, Државниот завод за ревизија во 2006/07 година спроведе паралелна ревизија на успешност на проект финансиран со средствата на ЕУ заедно со Врховните ревизорски институции (ВРИ) од земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ со помош на експерти од СИГМА, Европскиот суд на ревизори и работната група за заеднички ревизорски активности со која раководи ВРИ на Обединетото Кралство. Со цел подобрување во спроведувањето на препораките во извештаите на ДЗР, во септември 2007 година со измени и дополнувања на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 116/2007) формиран е Ревизорски комитет како постојано стручно тело кое ќе ги разгледува ревизорските извештаи и извештаите на другите органи на државната управа за преземените мерки за надминување на утврдените неправилности во ревизорските извештаи на ДЗР. Ревизорскиот комитет поднесува писмени извештаи до Владата, со мислења и предлози за преземените мерки во врска со наодите во ревизорските извештаи, а Генералниот секретар на Владата на Република Македонија го известува ДЗР за заклучоците на Владата за преземените мерки од страна на субјектите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРАВНА РАМКА**

Во 2008 година ќе биде донесен нов Закон за државната ревизија со кој ќе се обезбеди јакнење на оперативните капацитети и функционалната и финансиската независност на ДЗР согласно препораките на Прашката декларација и добрите практики на земјите членки на ЕУ и Европската комисија. Со овој закон ќе се обезбеди соодветен професионален развој на државните ревизори и поефикасно следење на спроведувањето на препораките во ревизорските извештаи.
По донесување на новиот Закон за државната ревизија во 2008 година ќе бидат извршени измени и дополнувања на Правилникот за издавање и одземање на службената легитимација и актите за организација и систематизација на работните места на ДЗР.

Заради успешно следење на реализацијата на препораките од ревизорските извештаи на ДЗР во 2008 година ќе бидат дефинирани инструменти за комуникација и унапредување на соработката со Ревизорскиот комитет при Владата на РМ и со надлежните комисии во Собранието на Република Македонија. Успешното спроведување на препораките на ДЗР ќе биде проверено со спроведување на последователни ревизии (follow up audit) кај шест субјекти од јавниот сектор.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2008 година ќе се обезбеди со 27 нови вработувања од кои 10 за потребите на Ревизорското тело, со што бројот на извршители во ДЗР ќе ја достигне бројката од 117, од кои 17 во Ревизорското тело.
За јакнење на капацитетите на ДЗР во 2008 година ќе бидат изготвени:

- План за развој на Документ Менаџмент информационен систем во ДЗР;
- Стратегијата за развој на ДЗР за периодот 2008 – 2012;
- Годишен план за професионална едукација на државните ревизори.

Исто така, во 2008 година ќе бидат спроведени:

- почетни и напредни обуки за вработените во ДЗР за ИТ ревизија, пишување ревизорски извештај, ревизија на системите за внатрешна контрола, ревизорски техники и ревизија на претпристапни фондови на ЕУ;
- паралелни ревизии фокусирани на теми поврзани со системите за внатрешна контрола.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија ќе се реализира до крајот на 2008 година , а ќе биде побарано негово продолжување до септември 2009 година.

Во 2008 година ќе биде спроведена обука за полагање испит за стекнување звање овластен државен ревизор за што ДЗР ќе побара соодветна странска помош.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРАВНА РАМКА**

Во периодот 2009-2011 година, ќе бидат изготвени ажуриран Прирачник за финансиска ревизија и Прирачник за ревизија на успешност како и детални методолошки и други упатства за вршење државна ревизија.

**ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ**

Во насока на јакнење на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2009-2011, бројот на извршители ќе достигне 145 (вкпучувајќи ги и 32 вработени во Ревизорското тело), како и преку:

- имплементацијата на Документ менаџмент системот (ЦМС);
- унапредување на соработката со корисниците на извештаите на ДЗР;
- следење на исполнувањето на препораките и развивање на систем за вреднување и унапредување на вработените во ДЗР;
- спроведување обуки за ревизорската трага, ревизија на успешност, ревизија на ИТ системите и ревизија на фондовите на ЕУ; и
- продолжување на паралелната ревизија на функционирањето на системите за внатрешна контрола.

### 3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Заштитата на финансиските интереси на ЕУ е регулирана со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр 22/07) согласно кој сите корисници на фондовите на Европската унија се должни да им овозможат на овластените лица од Министерството за финансии, инспекторите од Европската комисија и Европскиот суд на ревизори слободен пристап до целата документација, канцелариите, средствата и персоналот.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРАВНА РАМКА**

Со новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, ќе биде регулирана:

- обврската за раководителите на субјектите од јавниот сектор да го спречуваат ризикот од неправилности и измами, да преземаат активности против неправилностите и измамите и да именуваат лице задолжено за неправилностите кое ќе ги прима извештаите за неправилностите и измамите и самостојно ќе презема дејствија за спречување на истите;
- обврска на внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола, како и другите вработени за сомневањата за измами или за соодветните наоди за неправилностите да го известуваат истовремено раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности и
- обврска на раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности по приемот на извештај за неправилност или сомневање за измама да го известат Јавното обвинителство на Република Македонија и Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција, а во рок од 15 дена во пишана форма да го известат лицето кое ја пријавило неправилноста или измамата, освен во случај на анонимна пријава.

По донесување на новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, Владата на Република Македонија ќе донесе Уредба за спречување на неправилностите и измамите во јавниот сектор со која ќе бидат регулирани начинот на мегусебната соработка, обрасците, роковите и начиот за известување.за неправилностите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во функција на заштита на финансиските интереси на Европските заедници, Управата за финансиска полиција во Министерството за финансии ќе ги координира активностите за потребите на OLAF и ќе обезбеди упатства за институциите за известување за нерегуларностите со тоа што сите информации за нерегуларности откриени од субјектите при користењето на средства од фондовите на Европската унија или средства добиени од европските фондови со кофинансирање на државата ќе бидат доставени до Управата за финансиска полиција -Одделение за координација на спречување на измами.

Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција (AFCOS) е национална контакт точка во Република Македонија чија улога ќе биде помагање и поддршка за OLAF[42] во државите членки во спречување на измамите. Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе делува како координативно тело кое разменува информации со службениците на OLAF во областа на спречување на измами, корупција и било какви други нелегални активности (неправилности).
Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција ќе биде основано најдоцна до јуни 2008 година со измена и дополна на Правилникот за систематизација на работните места на Управата за финансиска полиција.
Одделението за координација на спречување на измами во Управата за финансиска полиција ќе биде систематизирано со тројца вработени со високо образование од кои еден раководител и двајца инспектори со искуство во државната управа во спречувањето на неправилности/измами, познавање на институциите и политиката на ЕУ и добро познавање на англискиот јазик. До крајот на 2008 година Одделението ќе биде екипирано со прераспоредување на 3 лица од Управата за финансиска полиција.

Одделението за координација на спречување на измами ќе има оперативна независност, но истовремено ќе развива координациски активности со развој на мултидисциплинарен карактер во работењето (способност за одржување на меѓуинституционална соработка).
Во 2008 година Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе соработува со институциите кои директно или индиректно се вклучени во заштитата на финансиските интереси на ЕУ, а едновремено ќе предлага и мерки за зајакнување на законодавното и административното опкружување во оваа област.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Заради обезбедување на дополнителна едукација на вработените ќе бидат спроведени соодветни обуки, за што ќе биде побарана помош преку програмите на ЕУ (HERCULES II).
Исто така, ќе бидат обезбедени потребните услови за работа (просторија,телефон,телефакс,компјутер,е-маил, и wеб страница) кои ќе овозможат независна и непречена работа и потполна сигурност на сите информации со кои располага одделението.
Раководителот на Одделението за координација на спречување на неправилности и измами во Управата за финансиска полиција ќе раководи со експертска група надлежна за координација и подготовка на предлог законите и другите прописи чија цел е спречување на измами и ќе биде надлежен за користење на AFIS43.
Раководителот на Одделението за координација на спречување на неправилности и измами во Управата за финансиска полиција ќе биде член и ќе се вклучи во работата на сите владини работни групи кои ќе се основаат или веќе се основани (работни групи надлежни за: антикорупциски активности, финансиска контрола, комуникација и за надзор на финансиската помош од ЕУ).

**КОНТРОЛА НА ЕУ ФОНДОВИТЕ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за контрола на ЕУ фондовите во Република Македонија е регулирана со:

- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија ”,бр. 22/07);
- Законот за измена и дополна на Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија “број 133/07)
- Рамковната Спогодба со Европската Комисија со која се дефинираат општите услови на соработка помеѓу земјата и ЕУ при управувањето со средствата од ЕУ потпишана на 30 октомври 2007 година.
- Законот за основање на Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој („Спужбен весник на Република Македонија“бр 72/2007)

Во месец ноември 2007 донесени се измени и дополнувања на Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија “ број 133/07) со кои во ДЗР е формирано Ревизорско тело за пред-пристапни фондови на Европската унија во Република Македонија (во понатамошниот текст: Ревизорско тело).Ревизорското тело е независно од организационите облици на Државниот завод за ревизија, а соработката со Државниот завод за ревизија се остварува согласно Меморандумот за разбирање и соработка потпишан во август 2007 година.

[42] OLAF е специјализирана управа на Европската Комисија задолжена за спречување на измами. Мисијата на OLAF е за заштита на интервенте на ЕУ во смисла на спречување на измами, корупција и било какви други нелегални активности (неправилности), вклучувајќи и неправилности и измами внатре во Европската Комисија. Делувањето на OLAF има правна основа во членот 280 од Договорот за основање на Европската Заедница
[43] AFIS е организација кој овозможува сигурност при електронското допишување преку заедничката комуникациска мрежа (Common Communication Network - CCN)

Ревизорското тело е функционално независно во системот на управување со пред-пристапните фондови на ЕУ во Република Македонија. Тоа врши верификација на ефикасноста на функционирањето на системите за раководење и контрола на пред-пристапните фондови и на веродостојноста на сметководствените информации доставени до ЕК, согласно стандардите на ИНТОСАИ.

Ревизорското тело секоја година, донесува Годишен план за работа, кој е независен и самостоен од Годишната програма за работа на ДЗР. Годишниот план се поднесува до Националниот координатор за авторизација и до Европската Комисија до крајот на тековната година за наредната година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Со цел да се остварат принципите на јавност и транспарентност во работата и подобрувањето на системот на комуникација и размена на информации, во 2008 година Ревизорското тело ќе склучи меморандуми за соработка со структурите на децентрализираниот систем за управување и контрола со ИПА фондовите.
Ревизорското тело во 2008 година:

- ќе изготви Стратегија за развој на Ревизорското тело за 2008-2010,
- ќе изврши проценка на институционалната структура на децентрализираниот систем за управување и контрола со ИПА фондовите и
- ќе изготви процедури за спроведување на ревизијата на ИПА компонентите.

Ревизорското тело во соработка со Европската агенција за реконструкција подготви предлог проект за техничка помош кој се очекува да биде одобрен од Европската комисија во почетокот на 2008 година. Проектот ќе биде подготовка на капацитетите на Ревизорското тело за користење на голем проект за техничка помош кој се планира да се одобри од страна на Европската комисија во текот на 2008 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во периодот 2009-2011 година, ќе бидат изготвени детални методолошки и други упатства за вршење на ревизија во надлежност на Ревизорското тело.

**ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ**
**ПРАВНА РАМКА**
Правната рамка за заштитата од фалсификување во Република Македонија е утврдена со следните правни акти:

- Кривичен законик на Република Македонија[44] („Службен весник на Република Македонија"бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03,19/04 и 85/05);
- Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.15/97, 44/02, 74/04 и 15/05);
- Закон за Полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/06);
- Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденции во Полицијата („Службен весник на Република Македонија".бр.78/07) во кој е регулирано начинот на водење на регистарот за откриени фалсификувани пари (евро и други странски валути);
- Меѓународна конвенција за сузбивање на фалсификувањето од 1929 ратификувана во РМ во март 2005 година.
- Закон за Народна Банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија"бр.03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06).

Заштитата на еврото од фалсификување во Република Македонија се спроведува во Министерството за внатрешни работи во рамки на Одделот за организиран криминал[45] и Одделот за криминалистичка техника.
Во Одделот за организиран криминал надлежен за заштита на еврото од фалсификување е Секторот за финансиски криминал во чиј состав се: Одделението за економски криминал, Одделение за перење пари и корупција и Одделение за

---

[44] Фалсификувањето на пари е регулирано и казниво според глава 25 од Кривичниот законик како кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Во членот 268 е регулирано дека: „тој кој што ќе направи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински или тој кој што ќе преиначи вистински пари со намера да ги пушти во оптек или тој кој што такви лажни пари ќе пушти во оптек ќе се казни со затвор од една до десет години". Со истата казна ќе се казни и „тој кој што прибавува лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински". Доколку поради ваквите дела дошло до растројство во стопанството на земјата сторителот ќе се казни со најмалку пет години затвор, а со парична казна или со затвор до три години ќе се казни „тој кој што лажни пари ќе ги прими како вистински, ќе ги пушти во оптек или тој кој што знаел дека се направени лажни пари кои се пуштени во оптек и тоа нема да го пријави". Во сите случаи лажните пари се одземаат.

[45] Одделот за организиран криминал е надлежен за спречување на вршење кривични дела, откривање и фаќање на организирани групи сторители на кривични дела и нивно предавање на надлежните органи

компјутерски криминал и фалсификувани пари. Одделението за компјутерски криминал и фалсификувани пари спроведува откривање, докажување, документирање и кривично - правно процесирање пред надлежните судови за докажување на кривичното дело и кривичната одговорност на организираните криминални групи.
Одделението за испитување на спорни документи во Одделот за криминалистичка техника при Министерството за внатрешни работи спроведува форензичко вештачење на фалсификувани евра .Тоа спроведува:

- контрола на оригиналноста на банкнотите,
- изготвува наоди и мислење за неоригиналните банкноти,
- изработува фото документација на фалсификуваните банкнотите и
- води регистер на фалсификувани банкноти по номинална вредност, сериски број и бројот на плочата на која се фалсификувани.

Имајќи предвид дека техничка анализа и централното собирање и обработка на информации за фалсификувани денари ја спроведува Народната Банка на Република Македонија, а за фалсификувани евра и останати странски валути Министерството за внатрешни работи, може да се закпучи дека во Република Македонија не постои единствена национална централна канцеларија одговорна за фалсификувани пари согласно член 12 од Женевската Конвенција од 1929 година и Регулативата 1338/2001.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Со цел подобрување на заштитата на еврото, денарот и останатите странски валути во Република Македонија како и усогласување со Одлуката на Советот од 06.122001 година за заштита на еврото од фалсификување (целекс бр.32001Д0887) ќе бидат преземни следните активности:

- Со измена и дополна на Законот за полиција во рамките на полицијата ќе биде основана организациона единица како Централна канцеларија за фалсификувани пари како единствена институција во земјата одговорна за откривање, докажување и документирање на кривичното дело фалсификување на пари и регистрација и форензичко вештачење на сите видови фалсификувани пари (вклучувајќи ги и еврата).
- Со цел зајакнување на кадровските капацитети на Централната канцеларија за фалсификувани пари во Министерството за внатрешни работи соодветно ќе биде изменет актот за систематизацијата и вработени 5 нови лица во 2008 година.
- Со измена и дополна на Кривичниот законок во 2008 година ќе биде извршено усогласување и хармонизација на овој закон со Рамковната одлука на Советот (целекс бр 32000Ф0383 од 29.052000 година )односно ќе биде извршено заострување на казнената политика за овој вид кривично дело.

## 3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

### 3.33.1 ТРАДИЦИОНАЛНИ СОПСТВЕНИ РЕСУРСИ

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Системот на јавни финансии ги опфаќа ***Законот за буџети*** и Измените на законот со кои се утврдува целите, начелата, планирањето и извршувањето, како и структурата на Буџетот, пропишани со предложените измени и дополнувања на Законот за буџети целосно се усогласени со начелата и правилата на Европската заедница и меѓународните стандарди. Со измените и дополнувањата на законот, се утврдува:

- современа постапка за менаџирање со буџетските средства со која за првпат се дава можност на буџетските корисници доколку не ги искористат одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на буџетот во тековната година, да ги пренесуваат во висина од 50% како одобрени средства за наредната фискална година.
- Во одредбите со кои се регулирани функциите на Трезорот, направени се дополнувања со кои се проширува опфатноста на надлежностите на Трезорот и тоа во насока на создавање на законски основ за: задолжување на сметки во рамки на трезорска главна книга врз основа на договорни овластувања и во случај на исправка на грешка од страна на трезорот, за управување со ликвидноста на сметките во рамки на трезорската главна книга како и запирање со извршување на одредени плаќања на буџетските корисници и единки корисници на централната власт во случај на констатирани нарушувања на финансиската дисциплина и во услови на нарушување на проектираната ликвидност на Трезорската сметка. Овие дополнувања се извршени како резултат на согледувањата во досегашната пракса од основањето на Трезорот (2002 година) и истите се со цел да овозможат поголема ефикасност на истиот.

Во делот на националните сметки базична е Регулативата на Советот на ЕУ 2223/96. За потребите од пресметување на бруто националниот доход, Државниот завод за статистика ги користи податоците за бруто домашниот производ по пазарни цени и податоците за нето примарниот доход од странство, кои се опфатени од Народна Банка на Република Македонија. Пресметувањето на бруто домашниот производ по пазарни цени е направено според Регулатива на Советот бр. 2223/96 ЕЗ. Пресметувањето на БНД не е во целосно хармонизирано со ЕСА 95 стандардите. Имплементирањето на методологијата е во тек.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерот за финансии е одговорен за подготвување на Буџетот на Република Македонија и за неговото доставување до Владата на Република Македонија.
Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините се однесуваат за период од една фискална година која изнесува 12 месеци и започнува од 1 јануари, а завршува на 31 декември.
Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, Фискалната стратегија, предлог стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика, како и приоритетите на општините.

Планираните приходи и другите приливи се приходите и другите приливи на основниот буџет, приходите на буџетот на самофинансирачките активности, приходите на буџетот на донации, приходите на буџетот на заеми и приходите и другите приливи на буџетот на фондовите и општините.
Согласно Законот за буџетите, буџетски корисници се корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, корисниците на буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им е доверено вршење на јавни овластувања.

Буџетите ги содржат одобрените средства по буџетски корисници и утврдени намени кои се однесуваат на финансирање на тековните, капиталните и другите расходи на буџетските корисници и нивните единки корисници за извршување на активностите претставени преку програми и потпрограми.

Буџетските корисници не смеат да преземаат обврски кои доспеваат во тековната година или да направат расходи над одобрените средства со Буџетот на Република Македонија и буџетот на општината.
Неискористените одобрени средства со буџетот престануваат да важат на 31 декември во тековната фискална година освен ако поинаку не е уредено со Законот за буџетите ( ,,Службен весник на РМ" , бр. 64/2005, 4/2008).
Одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на основниот буџет кои нема да се искористат во текот на фискалната година, во износ од 50% се пренесуваат како одобрени средства за првото полугодие од наредната фискална година.
Буџетските корисници од извршната власт и фондовите, како и градоначалникот на општината подготвуваат Предлог - план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и истиот го доставуваат на одобрување до Владата на

Република Македонија најдоцна до 15 јули во тековната година, односно до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година.

Владата на Република Македонија Предлог плановите на програмите за развој ги одобрува најдоцна до 15 август во тековната година.

Советот на општината го одобрува Предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година.
Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлог-буџетот на општината.
Критериумите, начинот, условите, ограничувањата и постапката за задолжување се утврдуваат согласно со Законот за јавен долг.

Трезорот е организациона единица при Министерството за финансии задолжена за ефикасно и ефективно управување со јавните финансиски средства, како особено значаен сегмент од вкупното функционирање на државата.
Министерството за финансии е надлежно за управување со средствата добиени од Буџетот на Европската унија, согласно одредбите и правилата на Европската унија за финансирање и склучување на договори.
Средствата од фондовите на Европската унија како и националното кофинансирање се прикажуваат во буџетот во соодветни програми, односно потпрограми.

Програмите преку кои се прикажани средствата од фондовите на Европската унија и националното кофинансирање се составен дел од планот на програмите за развој на буџетските корисници.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Министерството за финансии во процесот на унапредувањето на планирањето и извршувањето на финансиските и буџетските одредби ќе се насочи кон следење на следните приоритети:
1.Унапредување на процесот на буџетско планирање преку унапредување и доизградба на информативниот систем за подготовка на буџетот;
2. Унапредување на процесот на извршување на буџетот преку имплементација на ново софтверско решение, односно нов трезорски информативниот систем;
3. Подготвување на измени и дополнувања на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници во насока на унапредување на сметководствениот систем и негово усогласување со меѓународните стандарди;
4.Подготовка на **Правилник за организациска класификација**, со кој ќе се уреди содржината, структурата и начинот на водење на пропишаните буџетски класификации (организациона, економска, функционална и програмска);

5. Утврдување на нови и унапредување на постојните индикатори со цел зголемување на успешноста при реализацијата на буџетските програми;
6. Листа на буџетски корисници
7. **Интерни процедури за начинот на подготовка на буџетот**, со кој ќе се уреди и временската рамка на буџетскиот процес;

Во рамките на надлежните институции Царинска Управа, Управа за јавни финансии и Државен завод за статистика во наредниот период ќе се спроведуваат реформи во насока на унифицирање на системот на прибирање на "Traditional own resources", кои воглавно се однесуваат на царините, даночните обврски во земјоделието, обврски од ДДВ и од обврските од бруто националниот доход кои секоја земја членка на ЕУ., ќе треба да ги уплаќа во ЕУ буџетот:

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со измена на постоечката систематизација на Министерството за финансии се планира формирање на две нови одделенија: контрола на плати и вработувања и следење на развојниот дел на буџетот.
Соодветно, административниот капацитет ќе се зајакне со 8(4+4) нови вработувања во одделенијата, како што е предвидено во измените на систематизацијата на Секторот буџет и фондови.

Во Секторот трезор се планираат 1 вработувања во одделението за фискална статистика и анализа , 1 во регионалната трезорска канцеларија и 2 во ооделението за странска помош.

Спроведување на потребни обуки на вработените во овие организациони единици, (поврзани со примената на новите сметководствени стандарди, примена на методологијата ЕСА-95, стратешко планирање, обуки сврзани со новите софтверски решенија и обуки сврзани со менаџирањето на претпристапните фондови од ЕУ ).

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во наредниот среднорочен период Министерството за финансии како надлежен орган за управување со јавните финансии, своите активности ќе ги насочи кон доизградба на административниот капацитет на надлежните институции за соодветна контрола, прибирање и обезбедување на финансиски извори неопходни за финансирање на Буџетот на Европската унија.

Во наредниот среднорочен период Државниот завод за статистика ќе изврши целосна хармонизација на методологијата за пресметувањето на Бруто Националниот Доход со ЕСА 95 стандардите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Изработка на анализа за одредување на институциите и секторите кои ќе го сочинуваат системот за следење и пресметување на сопствени ресурси.

Понатаму, планирано е доделување на функцијата за следење и пресметување на контрубуцијата на Р.М. во Буџетот на ЕУ со што ќе се обезбеди координациска единица со надлежност на системот на сопствени средства.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

За реализација на активностите на се предвидени средства од странски извори.

# 4 АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

## 4.1 Хоризонтални прашања – Реформа на јавната администрација

Со цел унапредување на организациската структура во органите на државната управа и поефикасно спроведување на надлежноста на Агенцијата за државни службеници за давање на согласност на актите за внатрешна организација на органите донесена е Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 105/07). Ова е особено значајно бидејќи досегашната рамка не даваше доволно прецизни критериуми за оценување на овие акти, што доведуваше до ситуација на различно толкување и различно организирање на исти функции во различни органи. Новата уредба донесува и квалитативно нови елементи кои го следат развојот на останатите области од работењето на администрацијата, пред се во сегментот на внатрешна ревизија, стратешкото планирање и координирање на политиките и управувањето со човечките ресурси.

Во интерес на квалитативно подобрување на системот на државната служба, низ креирање на детален опис на одговорностите, целите и работните задачи неопходни за секое звање одделно, со што ќа се постигне поголема воедначеност на актите за систематизација на работните места се донесе и Уредба за описот на звањата на државните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 106/07). Истовремено претставува уште еден чекор кон постигнувањето на принципот за еднаков пристап до работни места, но и за подеднакво наградување за еднаков тип на работи.
АДС во септември 2007 година изготви документ Насоки за подготовување на правилник за систематизација на работните места со кој дополнително ќе се олесни примената на горespоменатите Уредби, но пред се работењето на државните службеници задолжени за подготвување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Едно од фундаменталните прашања во комплексот на политиките за капацитетот на човечките ресурси е политиката за привлекување и задржување на нови, млади и високообразовани кадри. Документот Политики за привлекување и задржување на млади кадри, усвоен во септември 2007, претставува инструмент со помош на кој ќе се работи на понатамошно подигнување на квалитетот на државната служба.

Агенцијата за државни службеници на 21.12.2007 година, ја донесе Годишната програма за обука на државните службеници за 2008 со цел операционализација на Националниот систем за координација на обуката и стручното усовршување на државните службеници во Република Македонија, во делот на генеричките обуки

Понатамошните активности ќе бидат насочени кон исполнување на националните стратешки цели; реализација на годишните програми за обука на поодделните органи/општини; планирање/програмирање на финансиските средства за обука; и унапредување на човечките ресурси во јавната администрација.

Еден од приоритетите на Владата на Република Македонија е креирање поволна инвестициска клима и поттикнување на развојот на приватниот сектор преку реформи во деловното окружување и зајакнување на капацитетите на институциите. За таа цел, Владата ја спроведува Регулаторната реформа, при што во завршна фаза е имплементацијата на првата компонента од Регулаторната реформа – Регулаторна гилотина преку која се прочистуваат стотици важечки прописи.

Со цел создавање институционални и материјални услови за остварување на реформата на јавната администрација Генералниот секретаријат на Владата врз основа на одговорите на министерствата на структуриран прашалник, спроведе Анализа на капацитетите за стратешко планирање и креирање политики во министерствата и подготви Извештај со препораки за подобрување на состојбата, што Владата го усвои во август оваа година.

Министерствата и другите органи на државната управа успешно го приврšија третиот циклус на стратешко планирање и подготвија тригодишни стратешки планови според нова матрица, во кои ги идентификуваат своите стратешки приоритети и цели, како и планираните мерки и активности во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата и приоритетите на министерствата. Новата матрица овозможува директно поврзување на предвидените програми со стратешките приоритети на Владата, НПАА и приоритетите и целите на самиот орган. Во функција на градењето на капацитетите за стратешкото планирање Генералниот секретаријат на Владата спроведе и низа обуки за стратешко планирање за централната и локалната администрација.

Во насока на јакнењето на капацитетите на министерствата за подготовка на високо-квалитетни предлози, консултација и оценка на влијанијата на политиките во јануари 2007 година, Генералниот секретаријат издаде Прирачник за креирање политики, а во текот на 2007 година организираше обуки за подобрување на подготовката на законите и развојот на политики наменети за вработени во министерствата и обуки за креирање политики наменети за вработените во единиците за локалната самоуправа, со цел јакнење на административните капацитети за креирање политики и на локално ниво.

Со цел да се обезбеди повисок степен на конзистентност на правниот систем, Секретаријатот за законодавство во декември 2007 година го промовираше Прирачникот за номотехнички правила, со кој се олеснува и унифицира изготвувањето на прописите согласно принципот на единството на номотехниката која го опфаќа јазичното, логичното и политичкото изразување, структурата на прописите и доследно изразување на правната логика во прописите.

Воспоставен е систем на меѓуинституционална соработка на Одделението за соработка со невладини организации и државните службеници во министерствата одговорни за соработка со невладини организации, подготвен е и спроведен планот за нивна обука за комуникација со граѓанскиот сектор и јавноста; стратешка анализа, следење и оценка; динамиката и димензиите на граѓанскиот сектор и финансиски менаџмент. Беа промовирани Мерки на видливост на Одделението (веб страница www.nvosorabotka.gov.mk и промотивен материјал) и споделени искуствата пред градоначалниците и локалната администрација.

Во однос на развојот на информатички систем, во изминатиот период изработени се Стратегијата за „Информациска комуникациска технологија", во координација на министерството за транспорт и врски, а во насока на модернизирање во правосудниот систем изработена е „Стратегија за информатичко-комуникациска технологија за правосудство 2007-2010 година". Исто така, подготвени се Препораки за стандарди за ИКТ во државната управа за 13 области, во согласност со насоките на Европската рамка за интероперабилност за пан-европски владини сервиси/услуги; Анализа на 5-те најкористени е-услуги на порталот www.uslugi.gov.mk со препораки за подобрување на порталот, услугите и комуникацијата со граѓаните и Анализа на потребите за ИТ обуки на државната администрација (врз основа на спроведена анкета на 7.729 државни службеници и 3042 пополнети анкетни прашалници) со цел да се утврдат потребите за ИТ обуки на државните службеници што ќе им послужат на Генералниот секретаријат и Агенцијата за државни службеници да ги утврдат главните приоритети за ИТ обука, воедно претставувајќи и клучна помош во дизајнирањето модули за идната обука на државните службеници.

Трилатералниот комитет кој се востанови преку Меморандумот за соработка потпишан од страна на Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за државни службеници и ЗЕЛС континуирано развива и имплементира мерки за создавање на одржлив систем за обука за општинската администрација. Комитетот и неговото помошно тело – Единицата за поддршка на обуки (ЕПО), одиграа клучни улоги во планирањето и спроведувањето на обуките за општинските државни службеници особено во последните две години. Со цел да се обезбеди единствен пристап во обуките на државните службеници во општините испорачани од меѓународната заедница и домашните организации, Владата усвои Програма за обука за 2008 година. Во делот на националните приоритети за обука покрај фискалната децентрализација и менаџирањето со предпристапните фондови, на предлог на ЗЕЛС усвоен е дополнителен трет национален приоритет: обука за Б-интегрирани еколошки дозволи.

Преку имплементацијата на Стратегијата за обука за општините за 2006 – 2010 и сродните Годишни програми за обука се успеа во следното: идентификација на потребите од обука на општините во врска со надлежностите што се пренесуваат; развивање методологија за регрутација, селекција и евалуација на обучувачите; идентификување на процесот на акредитација на обуката за општините; развивање годишни програми за обука поврзани со годишните планови за обука изготвени од страна на надлежните министерства и општините; подобрување на квалитетот на општинската администрација преку подигање на капацитетот на кадарот за обезбедување квалитетни услуги и подигнување на свеста на избраните локални функционери за етичките стандарди на јавната служба и нивниот однос со централната власт и со граѓаните.

Во насока на обезбедување систем за континуирана обука на сите државни службеници МФ и АДС да ја разгледаат можноста за зголемување на буџетот на АДС и поеделните буџети на буџетските корисници кој се однесува на програмата за обуките, ќе се ревидира на Националниот систем за координација на обуката и стручното усовршување на државните службеници во Република Македонија, ќе се усвои Стратегија за обука на државните службеници 2009-2011и Годишна програма за обука за државните службеници за 2009 година, ќе се воспостави единица за поддршка на обуките во Скопје и ќе се спроведуваат низа специјализирани обуки за државните службеници од централната и локалната власт. Доследно ќе се применуваат обврските за доставување на податоците за државните службеници (кои вклучуваат и обуки) пропишани од АДС, неопходни за обезбедување ажурирани податоци во единствениот Регистер на државни службеници.

И понатаму ќе се унапредува системот на ЕУ обуки преку градење систем на мониторинг на институционалната компонента на НПАА, подготовка на проценка на потреби од обуки и обука на членовите на РГ за подготовка на НПАА.

Приоритет ќе претставува формирањето и зајакнувањето на единиците за развој на човечки ресурси, чие формирање е задолжително согласно Уредбата за внатрешна организација на органите на државната управа, а ќе се развијат

активностите на веќе формираната мрежа на одделнијата за човечки ресурси. Ќе се реализира посебна програма за обука на овие одделенија.

Во насока на спроведување на регулаторната реформа во 2008 година ќе биде воведен и системот на проценка на влијанието на регулативата, како и единствениот регистер на прописи.
Ќе продолжи јакнењето на капацитетите за стратешко планирање, креирање политики и следење во министерствата и другите органи на државната управа. По успешно спроведениот процес на стратешко планирање за 2007 година, кога сите министерства донесоа стратешки планови, според единствена методологија, се планира натамошно унапредување на процесот преку подобрување на методологијата на планирање, како и унапредување на обуките. Натамошната хармонизација на процесите на стратешко и буџетско планирање и Националната програма за усвојување на правото на ЕУ ќе се реализира преку воспоставениот механизам на координација, со подобрување на алатките на планирање и мониторинг.

Во насока на унапредување на информатички систем ќе се преземе следното: изградба на рбетна електронско-комуникациска мрежа за поврзување на државните институции, Надградба на електронскиот сервис www.uslugi.gov.mk, со модул кој овозможува електронско плаќање на услуги од Владата кои побаруваат одредена наплата на такса, надградба на системот за електронско водење на седницата на владата со модул на размена на мислењата помеѓу институциите по електронски пат во фазата на припрема на елаборатот, и автоматизација на процесот на креирање на наративниот текст на документот во најраната фаза на припрема на материјалот за седница на Владата., како и надградба на порталот www.uslugi.gov.mk со нови институции и обука на одговорните државни службеници.

Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија ќе ја зајакне својата централна и насочувачка улога во координација на политиките во насока на интеграција во ЕУ, за имплементација на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, за подготовки за преговори за членство во ЕУ (согласно утврдената Институционална платформа и принципи за преговори за членство на Република Македонија во ЕУ), спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како и за координација за претпристапната помош на ЕУ и другата странска помош. Формираните сектори за ЕУ во министерствата и натаму ќе се зајакнуваат – преку нови вработувања, континуирани обуки и унапредување на работата на мрежата на секторите за ЕУ.

# 5 ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА ACQUIS

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Целите и функцијата на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire се опфатени со:

- Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, 2004 година
- Нацрт-стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања 2008-2010
- Стратешкиот план за подготовка на македонската верзија на acquis communautaire и превод на македонското законодавство, донесен во мај 2006 година.

Процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire детално е утврден и со:

- Техничко упатство за процесот на преведување на правните акти на Европската унија
- Прирачник за преведување на правните акти на Европската унија
- Одлука за образување на техничките комитети вклучени во процесот на подготовка на националната верзија на acquis communautiare
- Нацрт-деловник за работа на техничките комитети за стручна и правна ревизија
- Нацрт-деловник за работа на Техничкиот комитет за верификација на терминологијата и на националната верзија на правото на Европската унија.

Во постапка на изработка се и други упатства кои детално ги определуваат улогите и функциите на сите учесници во процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire.
До крајот на 2007 година преведени се вкупно 2.745 **мерки** или 32.897 **страници** од Службениот весник на Европската унија, стручно и правно ревидирани се 1.070 мерки или 12.569 **страници** од Службениот весник на Европската унија

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) се заснова на моделот на мрежа надворешни соработници со едно централно тело, Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire во рамките на Секретаријатот за европски прашања, задолжено за координација и следење на процесот.
Согласно Правилникот за внатрешна организација на Секретаријатот за европски прашања, донесен во ноември 2005 година, Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire е надлежен за спроведување на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire. Во рамките на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има две одделенија: Одделение за ревизија и терминологија задолжено за утврдување на критериумите за конзистентност при преведување на правните акти на Европската унија, градење на терминологија, спроведување на контрола врз процесот на преведување како на правните акти на Европската унија, така и на македонското законодавство.

Одделението за координација на процесот на преведување задолжено е за изработка на план за преведување, следење и координирање на процесот на преведување преку централизирани бази на податоци.
Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има вкупно 7 вработени државни службеници и 2 лица ангажирани на определен период.

Учесници во процесот на подготовката на националната верзија на acquis communautaire и преводот на македонското законодавство покрај вработените во Секторот се: агенциите за преведување, техничките комитети задолжени за стручна и правна ревизија на преводите.

Моментно, Секторот соработува со 12 агенции за преведување со кои има склучено три годишни договори (2006-2008). Тие располагаат со 40-65 преведувачи. Агенциите за преведување вршат превод и лекторирање на правните акти, технички го уредуваат текстот на актот, како и доставуваат преводна меморија (користејќи ги машинските алатки за преведување Традос или Вордфаст).

Техничките комитети се задолжени за стручна и правна ревизија на преводите на правните акти на Европската унија. До 01.01.2008 година беа формирани 23 Технички комитети од различни области. Во составот на техничките комитети вклучени се претставници од министерствата кои се директно задолжени за транспонирање на правните акти од соодветната област во македонското законодавство, како и правник од соодветното министерство или од Секретаријатот за законодавство. Со цел да се обезбеди повеќестрана ревизија на преводот, во составот на Техничкиот комитет влегуваат и професори и претставници од јавниот сектор.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2008 година, планирано е да се реализираат активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полетот на исполнување на барањата во доменот на јазикот.
Една од главните цели за тековната година е и отпочнување со реализација на проектот за преведување на примарното законодавство на Европската унија, што подразбира спроведување на посебна постапка за избор на агенции за преведување или преведувачи за превод на 1600 страници од Службениот весник на Европската унија. Имајќи ја предвид исклучителната важност на преводот на примарното законодавство, најголем акцент треба да се стави на квалитетот не само на преводот, туку и на јазичната, стручната и правната ревизија која треба да се спроведува со поголема контрола во сите фази на подготовката на националната верзија на примарното законодавство.

Клучна фаза во целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија е стручната и правна ревизија на правните акти на Европската унија. Оттука, неопходно е воспоставување и спроведување на подобрен систем за стручна и правна ревизија на правните акти на Европската унија. За таа цел, се изработи предлог-модел за подобрување на структурата на техничките комитети, вклучени во стручната и правна ревизија која треба да биде пофлексибилна и повеќе да одговара во насока на зголемување на нивната ефикасност, како и да се воведе посебен Технички комитет за верификација на терминологијата и на националната верзија на правото на Европската унија. Со цел да се зголеми индивидуалната одговорност на секој член на техничкиот комитет, изработени се и Одлука за формирање на техничките комитети вклучени во процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија, како и Деловник за нивната работа. Истите се во постапка на разгледување од страна на владините комисии, а постапката се очекува да заврши кон крајот на јануари 2008 година.

Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Изработката на македонска верзија на Евровок е една од обврските кои Секторот за подготовка на националната верзија на правото на Европската унија треба да ја реализира во тесна соработка со службата за преведување на Собранието на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел успешна реализација на поставените краткорочни приоритети, неопходно е до крајот на 2008 година да се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis со најмалку 5 извршители.

Во текот на 2008 година предвидена е и обука која Секторот за подготовка на националната верзија на acquis треба да ја спроведе за членовите на техничките комитети согласно предложената структура.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во периодот 2009 – 2010 година планирано е да се продолжи со реализацијата на активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полетот на исполнување на барањата во доменот на јазикот.

За наведениот период планирано е да се продолжи со процесот на преведување, стручно и правно ревидирање на дополнителни 1600 страници од Службениот весник на Европската унија соодветно за секоја година.
По преземените чекори за подобрување на работата на техничките комитети се очекува засилување на динамиката на стручна и правна ревизија, односно квантитативно и квалитативно зголемување на резултатите на техничките комитети. Во тој контекст, се очекува и зголемување на бројот на верифицирани национални верзии на правото на Европската унија.
Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Во наведениот период, се планира да се завршат активностите поврзани со изработката на македонска верзија на Евровок.

Со засилување на динамиката на процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија, се наметнува и потребата од подигнување на нивото на информираност за значењето на квалитетна македонска верзија на правото на Европската унија и нејзиното влијание врз граѓаните. Оттука, неопходно е, во наведениот период да се пристапи кон осмислување и отпочнување на информативна кампања за процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел успешна реализација на поставените среднорочни приоритети, неопходно е во текот на 2009 и 2010 година да се вработат дополнително уште 4, односно 2 извршители, соодветно, во Секторот за подготовка на националната верзија на acquis.

Во текот на 2009 и 2010 година предвидени се редовни обука кои Секторот за подготовка на националната верзија на acquis ги спроведува, како за мрежата на преведувачи, така и за сите членови на техничките комитети, а кои имаат за цел размена на информации и искуство помеѓу сите учесници во процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Утврдена е потреба од странска помош во врска со активностите за преведување, стручно и правно ревидирање на примарното законодавство. Оттука, се водеа преговори со ГТЗ – Германско друштво за техничка соработка, во рамките на проект: Советодавни услуги за процесот на приближување кон Европската унија, да се обезбедат дел од потребните средства за подготовка на националната верзија на примарното законодавство на Европската унија. Крајната одлука за висината на помошта се очекува да се донесе во првото тримесечје на 2008 година.

Потреба од обезбедување на дополнителни средства преку странска помош се јавува и за активностите поврзани со кампањата за информирање за процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија.

# 6 ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

Владата на Република Македонија има широка поддршка за зачленување во Европската унија во сите општествени слоеви и меѓу сите општествени групи. Сите политички партии во Македонија членството во ЕУ го имаат зацртано во своите програми. Бизнис секторот, најголемиот дел од невладините организации и граѓанските асоцијации го поддржуваат зачленувањето во ЕУ. Поддршката од населението во континуитет изнесува над 87 отсто од популацијата.

Последното истражување на јавното мислење од јануари 2007 година, спроведено од Секретаријатот за европски прашања, покажува поддршка од 87.8 отсто. Во ова истражување видливо е зголемување на знаењата кај населението за прашања поврзани со ЕУ како резултат на зголемената комуникација со специфичните целни групи и како резултат на проектите за информирање кои се во тек.

Свесни дека процесот за членство во ЕУ ќе се оствари преку долг и сложен процес и водени од политиката на реален оптимизам, зацртана во „Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ 2007-2010", Владата на Република
Македонија започна серија кампањи и проекти за подигнување на јавната свест, насочена кон информирање на граѓаните за придобивките и обврските кои произлегуваат од членството во ЕУ како и за условите - политичките, економските, законските и институционалните - кои земјата треба да ги исполни со цел да стане членка на ЕУ.

Во насока на заложбите на Република Македонија за интензивирање на процесот на пристапување на земјата кон Европската унија, од исклучителна важност е да се задржи јавната поддршка за политиката на Владата за зачленување во Унијата. Со цел да се подобри свеста во јавноста за процесот за пристапување во ЕУ во Стратегијата за информирање и комуникација со јавноста во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ 2007-2010 зацртани се следниве општи цели:

- Да се продолжи со процесот на приближување на граѓаните на Република Македонија до секојдневните димензии на функционирањето на ЕУ преку зголемување на свеста и разбирање на политиката и процесот на интеграција
- Да се зголеми свеста кај локалните заедници;
- Да се изгради доверба и увереност во капацитетите на македонските институции вклучени во процесот на европска интеграција;
- Да се изгради верба во институциите на ЕУ;
- Да се осигури дека специфичните сектори како што се бизнис, земјоделскиот или правосудниот сектор го разбираат процесот и целосно се вклучени и подготвени;
- Да се осигури дека земјите-членки на ЕУ се свесни за подготвеноста на Република Македонија за интеграција и да се добие нивната поддршка.

За да се остварат овие цели Владата на РМ подготви проекти чија реализација ќе помогне не само во информирање туку и во соодветна едукација на населението и на повеќе општествени групи за темите поврзани со процесот на интеграција како и со обврските кои произлегуваат од членството. Следниве проекти се рефлектираат во годишните оперативни планови:

- ***„Учиме за Европската унија"*** – проект кој придонесува за подобрување на знаењето за процесот на пристапување во ЕУ кај учениците и студентите од сите образовни институции во Република Македонија, како главен услов во спроведувањето на стратешките определби на Република Македонија за влез во Унијата;
- ***„Социјалната вклученост (инклузија) во Македонија и потребите за нејзино синхронизирање со Отворениот метод на координација на социјалната инклузија на Европската Унија"*** – проект кој ќе придонесе за усогласување на владината политика за синхронизирање на напорите на сите релевантни фактори во земјата во социјалната сфера. Преку развој на ваквиот пристап, Владата на Република Македонија, има за цел да ги дефинира основните проблеми во областите на социјалното вклучување – социјалната заштита, пензиите, здравствената и долгорочната нега, како и транспортот, образованието, домувањето, пристапот и употребата на новите информатички технологии, во соработка со сите релевантни актери во ова важно поле на развој;
- ***„Македонска про – европска лоби група"*** – проект чија цел е да придонесе за поактивно ангажирање на Република Македонија кон елиминирање на евентуалните последици од заморот на проширувањето на Европската Унија, што е резултат на различните геополитички, геостратешки, но и социјално – економски причини кои ги загрижуваат граѓаните на одделни членки на Унијата. Оттука, произлегува потребата за формирање на една македонска про – европска лоби група, која би се ангажирала во спроведување на јавна кампања по примерот на она што се нарекува „јавна дипломатија";

- ***„Одиме локално“*** – проект кој придонесува за зајакнување на свеста кај клучните субјекти на локално ниво – градоначалниците и советниците, дека работејќи локално придонесуваат за напредокот на национално ниво, но истовремено да се мобилизира и зајакне учеството на граѓаните, граѓанскиот и бизнис секторот во креирањето на одлуките поврзани со европската иднина на Македонија на локално ниво;
- ***„МК-ЕУ инфо центар“*** – проект кој придонесува за зголемување на информираноста на граѓаните за процесите во ЕУ и за процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ. Центарот претставува простор каде секој ќе може да добие релевантни податоци за Унијата и за реформскиот процес на патот на Македонија кон ЕУ. Граѓаните имаат на располагање интернет пристап до страниците на ЕУ и на Владата на РМ, пристап до странски весници и директен пренос од настаните во телата и институциите на ЕУ преку сателитскиот канал Europe by Satellite. Покрај тоа Центарот располага со богат фонд на стручна литература со околу 600 наслови од ЕУ областа. Земјите членки на ЕУ како и телата и институциите на ЕУ ќе бидат претставени преку брошури, флаери или туристички материјали;
- ***„Дебатираме за ЕУ“*** - серија дебати на теми поврзани со процесот на пристапување на РМ во ЕУ и со политиките на ЕУ. Повод за темите се европските трендови и политики или настани организирани од телата и институциите на ЕУ на исти, слични или сродни теми, а се прилагодени на состојбите во Македонија. Паралелноста на датумите и сличноста на темите на дебатите се симболичен доказ дека Македонија ги следи европските трендови. Дебатите се емитуваат на Македонската телевизија, а снимките ќе се поставаат и во базата на аудио-визуелни материјали која ќе биде поврзана со веб страницата на СЕП;
- ***„Европски во Европската унија“*** – медиумска кампања која треба да придонесе за подигање на свеста кај граѓаните за важноста на прифаќање на европските стандарди и норми, почитување на институциите, еднаквоста во правата и обврските пред институциите на државата, заштитата на животната околина, почитувањето на приватноста, почитувањето на правото на избор, јакнење на чувството на одговорност на поединците за нивните постапки и однесувања, неопходноста од толерантна коегзистенција меѓу граѓаните, начинот на постапување кон туѓите добра и добрата од јавен интерес, подигнување на степенот на општата култура, подигнување на свеста за улогата на граѓаните во општеството и во процесот на пристапување во ЕУ;
- ***„Медиумска кампања за ИПА„*** – која ќе придонесе за зголемување на свесноста кај општата популација за можностите кои ги нуди Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (ИПА) посебно во однос на реформите во јавната администрација и подобрување на целокупното функционирање на судството, реформите во полицијата, промовирањето на добрososедските односи помеѓу земјите и заедниците, подобрувањето на транспортот и инфраструктурата, намалувањето на невработеноста, развој на земјоделството и руралниот развој.

Владата користи и други алатки за информирање и комуникација со јавноста, како што се редовни прес-конференции, брифинзи, брошури на теми поврзани со процесот на пристапување во ЕУ, веб – сајт, дебати и конферененции. Централен веб-сајт на кој може подетално да се видат активностите за информирање и комуникација со јавноста за прашања поврзани со ЕУ е www.sep.gov.mk